ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

I

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

ТОМ ПРВИ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
БРАТЬЯ КАРАМАЗОВЫ

Превел од руски
ДИМЧЕ БИЛЈАНОВСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА ЃЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

ТОМ ПРВИ

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

ТОМ ПРВИ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

ОД АВТОРОТ

Почнувајќи го животописот на мојот херој, Алексеј Фјодорович Карамазов, се наоѓам во некакво недоумение. Имено, иако Алексеј Фјодорович го викам мој херој, сепак знам дека тој не е некој голем човек, и поради тоа предвидувам неизбежни прашања како што се овие: со што е толку важен вашиот Алексеј Фјодорович што сте го избрале за свој херој? Што ли направил тој? Кому и поради што му е познат? Зошто јас, читателот, морам да трошам време за запознавање на фактите од неговиот живот?

Последното прашање е најсудбоносно, зашто на него можам да одговорам само: „Можеби сами ќе го видите тоа од романот". Но ако го прочитаат романот и не видат, не се согласат со важноста на мојот Алексеј Фјодорович? Велам така зашто, за жал, тоа го претчувствувам. За мене тој е важен, но секако многу се сомневам дали ќе успеам да му го докажам тоа на читателот. Работата е во тоа што тој, ако сакате, е и деец, но неопределен, неизјаснет деец. Впрочем, би било необично да се бара во вакво време, какво што е нашето, луѓето да бидат јасни. Едно е, значи, речиси без сомневање: тој е необичен човек, дури и чудак. Но необичноста и чудаштвото побргу штетат отколку што даваат право за внимание, особено кога сите се стремат да ги поврзат подробностите и да најдат некаква општа смисла во сеопштата бесмисла. Чудакот во повеќето случаи е посебност и обособеност. Нели?

А ако не се согласите со последнава теза и одговорите: „Не е така" или „Не е секогаш така", тогаш пра-

во да кажам, ќе се охрабрам во поглед на значењето на мојот херој Алексеј Фјодорович. Зашто чудакот не само што „не е секогаш" посебност и обособеност, туку напротив, се случува речиси токму тој да ја носи во себе срцевината на целоста а сите други луѓе од неговото време — поради нешто, привремено, да се одвоени од него, од некаков силен ветар . . .

Впрочем, јас немаше да се впуштам во овие многу неинтересни и нејасни објаснувања и ќе започнев сосем просто, без предговор: ако им се допадне, и така ќе го прочитаат; но неволата е во тоа што имам еден живописец, а два романа. Главен роман е вториот, — тоа е дејноста на мојот херој веќе во нашево време, всушност, во нашиов денешен момент. А првиот роман се случи уште пред триесет години, и речиси дури и не е роман, туку само еден момент од првата младост на мојот херој. Не можам да го одминам првиот роман, зашто многу нешта во вториот роман би биле неразбирливи. Но на тој начин уште повеќе се усложнува мојата прва незгода: штом јас, тоест биографот, сметам дека за толку скромниот и неопределен херој можеби бил излишен и еден роман, тогаш зошто да излезам со два и со што да ја објаснам толкавата надменост од моја страна?

Бидејќи не можам да најдам одговор на овие прашања, решавам да ги оставам отворени. Се разбира, проникливиот читател веќе одамна се сетил дека од почетокот одев кон тоа, па ми се лути што напразно трошам јалови зборови и скапоцено време. На ова веќе ќе одговорам точно: трошев празни зборови и скапоцено време, првин од учтивост, а второ од итрост: „сепак, значи, однапред на нешто укажав". Впрочем, јас дури и се радувам што мојот роман сам по себе се подели на два расказа „со вистинско единство на целоста"; кога ќе се запознае со првиот расказ, читателот веќе самиот ќе определи дали вреди да се зафаќа со вториот. Најпосле, никој со ништо не е врзан, секој може да ја фрли книгата по втората страница на првиот расказ, и повеќе да не ја отвори. Но, ете, има и такви деликатни читатели што ќе сакаат бездруго да прочитаат докрај за да не се излажат во својата непристрасност; такви

ОД АВТОРОТ

Почнувајќи го животописот на мојот херој, Алексеј Фјодорович Карамазов, се наоѓам во некакво недоумение. Имено, иако Алексеј Фјодорович го викам мој херој, сепак знам дека тој не е некој голем човек, и поради тоа предвидувам неизбежни прашања како што се овие: со што е толку важен вашиот Алексеј Фјодорович што сте го избрале за свој херој? Што ли направил тој? Кому и поради што му е познат? Зошто јас, читателот, морам да трошам време за запознавање на фактите од неговиот живот?

Последното прашање е најсудбоносно, зашто на него можам да одговорам само: „Можеби сами ќе го видите тоа од романот". Но ако го прочитаат романот и не видат, не се согласат со важноста на мојот Алексеј Фјодорович? Велам така зашто, за жал, тоа го претчувствувам. За мене тој е важен, но секако многу се сомневам дали ќе успеам да му го докажам тоа на читателот. Работата е во тоа што тој, ако сакате, е и деец, но неопределен, неизјаснет деец. Впрочем, би било необично да се бара во вакво време, какво што е нашето, луѓето да бидат јасни. Едно е, значи, речиси без сомневање: тој е необичен човек, дури и чудак. Но необичноста и чудаштвото побргу штетат отколку што даваат право за внимание, особено кога сите се стремат да ги поврзат подробностите и да најдат некаква општа смисла во сеопштата бесмисла. Чудакот во повеќето случаи е посебност и обособеност. Нели?

А ако не се согласите со последнава теза и одговорите: „Не е така" или „Не е секогаш така", тогаш пра-

се, на пример, сите руски критичари. Ете, пред таквите сепак е полесно: без обѕир на сета нивна уредност и совесност, им го давам најзаконскиот предлог да го остават романот при првата епизода. Па, ете, тоа е предговорот. Наполно се согласувам дека тој е излишен, но бидејќи веќе е напишан, нека остане.

А сега на работа.

ПРВ ДЕЛ

Прва книга

ИСТОРИЈА НА ЕДНО СЕМЕЈСТВО

I

Фјодор Павлович Карамазов

Алексеј Фјодорович Карамазов беше трет син на спахијата на нашата околија Фјодор Павлович Карамазов, многу познат во своето време (па и сега кај нас уште го споменуваат) поради својата трагична и загадочна смрт, што се случи токму пред тринаесет години, а за која ќе раскажам кога ќе ѝ дојде редот. А сега за „спахијата“ (како што некогаш го наречуваа кај нас, иако тој никогаш не живеел на својот имот) ќе кажам само толку дека тој беше чуден тип, кој, меѓутоа, доста често се среќава, всушност, тип на човек не само лош и развратен ами заедно со тоа и неразумен, — но сепак од оние неразумни што многу добро умеат да си ги уредат имотните работички, и изгледа, само нив. Фјодор Павлович, на пример, почна речиси без ништо, беше многу ситен спахија, трчаше на ручеци по туѓи куќи, гледаше така да му се погоди влегувањето во некаква куќа за таму да се нахрани; меѓутоа, во моментот на неговата смрт кај него се најдоа до сто илјади рубли сува пара. Во исто време тој во целиот живот остана еден од најнеразумните будали во сета наша околија. Ќе повторам уште: тука не станува збор за глупост, повеќето од тие будали се доста умни и итри, —

туку токму за неразумност, и тоа уште некаква посебна, национална.

Тој беше оженет двапати и имаше три сина: најголемиот Дмитриј Фјодорович, од првата жена, и другите два, Иван и Алексеј, од втората. Првата жена на Фјодор Павлович беше од доста богатиот и угледен род на благородниците Миусови, исто така спахии во нашата околија. Всушност, како се случи таа девојка со мираз, па уште и убава, а згора на тоа снаодлива и умна какви што не се ретки во нашето денешно поколение, а веќе ги имало и во минатото, да се мажи за толку ништожен „бедник", како што тогаш сите го викаа — нема многу да објаснувам: познавав една девојка уште од поранешното „романтично" поколение, која по неколку години загадочна љубов спрема еден господин, за кого, всушност, секогаш можеше да се омажи на наједноставен начин, сепак сврши со тоа што самата си испоизмисли несовладливи пречки, па во една бурна ноќ се фрли од високиот брег, што прилегаше на латица, во доста длабоката и брза река, и се удави во неа просто само поради сопствениот каприц, само затоа што сакаше да личи на Шекспировата Офелија; но ако латицата, што таа одамна ја имаше забележено и засакано, не беше толку живописна, ами ако на нејзиното место имаше само некаков прозаичен рамен брег, до самоубиство можеби никако немаше да дојде. Тој факт е вистинит, и треба да се мисли, дека во нашиот руски живот, во овие две или три последни поколенија, се случија доста такви или слични факти. Слично на тоа, и постапката на Аделаида Ивановна Миусова, без сомневање, беше одглас на туѓите влијанија и, во исто време, израз на нејзината заробена мисла. Таа можеби повте да ја покаже женската самостојност, да стане против општествените услови, против деспотизмот на своите роднини и на семејството, а услужната фантазија ја убеди, да речеме, само за еден момент дека Фјодор Павлович, и покрај своето арамолепско звање, сепак е еден од најсмелите и најподбивните луѓе на епохата, која беше премин кон подобро, додека тој беше само лош шут и ништо повеќе. Пикантноста се состоеше уште и во тоа што работата заврши со грабење, а тоа

необично ја намами Аделаида Ивановна. Фјодор Павлович веќе и по својата социјална положба тогаш беше готов на сите такви авантури, зашто страстно сакаше да направи кариера, без обзир на кој начин; а да се прилепиш до богати роднини и да земеш мираз, беше многу примамливо. Што се однесува до заемната љубов, неа, изгледа, никако ја немаше — ни од страна од невестата, ни од негова страна, и покрај убавината на Аделаида Ивановна. Така што тој случај беше, можеби, единствен од својот вид во животот на Фјодор Павлович, човек кој целиот свој живот беше најголем сладострасник, и кој вчас беше готов да се прилепи за секој фустан штом ќе почувствуваше поттик. Меѓутоа, само оваа жена, што се однесува до страста, не предизвика во него, никаков посебен впечаток.

Аделаида Ивановна веднаш по грабнувањето виде дека својот маж само го презира, и ништо повеќе. На тој начин, последиците на бракот се покажаа необично брзо. И макар што семејството на невестата доста брзо се помири со настанот, и ѝ даде на бегалката мираз, помеѓу сопрузите започна најлош живот и вечна караница. Се раскажуваше дека младата сопруга, притоа, покажувала извонредно повеќе благодарност и возвишеност отколку Фјодор Павлович, кој, како што е сега познато, ги дигнал од неа, наеднаш, сите нејзини пари, околу дваесет и пет илјади, уште тогаш, само што ги добила, така што тие илјадарчиња од тоа време за неа просто како да потонале во вода. А селото и доста добрата куќа во градот, што ѝ ги дадоа нејзе, исто така, како мираз, тој долго време и со сите сили запнуваше да ги преведе на свое име, со каков било погоден акт, и сигурно ќе го постигнеше и тоа само поради, така да се каже, презирот и одвратноста, што ги предизвикуваше кај својата сопруга со постојаното уценување и коленичење, поради нејзината душевна замореност, колку да се ослободи од него. За среќа, во тоа се замеша семејството на Аделаида Ивановна, па го спречи грабежот. Со сигурност се знае дека меѓу сопрузите не ретко избивале тепаници, но, како што се раскажува, не тепал Фјодор Павлович, туку Аделаида Ивановна, дама жестока, смела, црномурна, жива и надарена со

необична физичка сила. Најпосле, таа ја остави куќата и побегна од Фјодор Павлович со еден богословец-учител, гол сиромав, оставајќи му го на мажа си в раце тригодишниот Митја. Фјодор Павлович во истиот момент направи во куќата цел харем, започна разуздани пијанки, а во меѓувреме одеше речиси по сета губернија и плачејќи се жалеше пред сите и пред секого на Аделаида Ивановна, што го напушти, раскажувајќи такви подробности што на секој маж би му било срам да ги соопштува за својот брачен живот. А што е главно, нему како да му беше пријатно, па дури и му ласкаше да ја игра пред сите смешната улога на навреден сопруг и дури со разубавување да расправа подробности за својата навреда. „Човек ќе помисли дека вие, Фјодор Павлович сте унапреден во службата, толку сте задоволен, и покрај сета ваша жалост", му велеа подбивно. Мнозина дури додаваа дека нему уште му е мило да се појави во обновениот облик на шут и дека намерно, само за да има повеќе смеење, се прави како да не ја забележува својата смешна положба. Туку, којзнае, можеби тоа кај него беше и наивно. Најпосле му појде по рака да ја пронајде трагата на својата бегалка. Кутрата се најде во Петербург, каде што се имаше преселено со својот богословец, и каде што безобѕирно ѝ се беше предала на најцелосната еманципација. Фјодор Павлович веднаш забрзано почна да се подготвува за заминување во Петербург — зошто? — тој, всушност ни самиот не знаеше. Навистина, тој тогаш можеби и ќе отидеше; но кога го донесе решението, веднаш почувствува дека има право пред да замине, заради охрабрување, повторно да се оддаде на безгранично пијанчење. И токму во тоа време, семејството на неговата жена доби глас за нејзиното умирање во Петербург. Умре некако ненадејно, некаде во мансарда, според некои гласови од тифус, а според други наводно од глад. Фјодор Павлович дозна за смртта на својата сопруга пијан; велат дека истрчал на улица и почнал да вика од радост дигајќи ги рацете кон небото: „Нињe отпушчаеши", а според кажувањето на други, плачел горчливо како мало дете, така што, велат, жално било да се гледа, и покрај сета одвратност спрема него. Многу е

можно да било и едното и другото, тоест и да се радувал поради своето ослободување, и да плачел по ослободителката — и едното и другото воедно. Во повеќето случаи, луѓето, дури и злосторниците, се многу понаивни и попростодушни отколку што ние мислиме за нив. А и самите ние, исто така.

II

Првиот син го отстрани

Се разбира, може да се замисли каков воспитувач и татко можеше да биде таков човек. Со него, како со татко, се случи она што мораше да се случи, тоест, тој сосем и наполно го напушти детето, што му го роди Аделаида Ивановна; не од некоја омраза спрема неа, ниту поради некакви навредени сопружнички чувства, туку просто затоа што сосем го заборави. Додека тој на сите им додеваше со своите солзи и поплаки, а својата куќа ја претвори во дувло на разврат — малиот тригодишен Митја го зеде кај себе верниот слуга на куќата, Григориј, и ако тој тогаш не се погрижеше за него, можеби, не ќе имаше ни кој да му го преслече кошулчето. Покрај тоа, излезе така што и роднините на мајката отпрвин како да го заборавија детето. Неговиот дедо, тоест господин Миусов, татко ѝ на Аделаида Ивановна, тогаш веќе не беше меѓу живите; неговата вдовица, баба му на Митја, која се пресели во Москва, многу боледуваше, а сестрите се испомажија, така што Митја речиси една година мораше да остане кај слугата Григориј и живееше кај него во куќата во двор от[1]). Впрочем, татко му дури и да се сетеше за него (зашто не можеше да не знае дека тој постои), и тој ќе го испратеше во куќата кај слугите, зашто детето ќе му пречеше во неговите оргии. Тогаш се случи од Париз да се врати братучедот на покојната Аделаида Ивановна, Петар Александрович Миусов, кој подоцна многу години непрекинато живееше во странство, то-

[1]) Посебна куќа за слугите

гаш уште многу млад човек, но необичен во семејството Миусови, просветен, од престолнината, научен на странство, покрај тоа, целиот свој живот Европеец, а пред крајот на животот либерал на четириесеттите и педесеттите години. Во текот на својата кариера тој одржуваше врски со голем број најнапредни луѓе на својата епоха, и во Русија, и во странство; лично ги познаваше и Прудона и Бакунина, и особено сакаше да се сеќава и да раскажува, веќе пред крајот на своите патувања, за трите дена на Февруарската париска револуција, во четириесет и осмата година, навестувајќи дека за малку и самиот тој ќе бил учесник на барикадите. Тоа беше еден од најпријатните спомени од неговата младост. Имаше добар имот, според поранешната пропорција околу илјада души. Неговиот извонреден имот се наоѓаше веднаш на излезот од нашето гратче и се граничеше со земјата на нашиот прочуен манастир со кој Петар Александрович, уште во најмладите години, само што го доби наследството, веднаш почна бескрајна парница поради правото на некаков риболов во реката, или на некакво сечење во шумата — не знам точно; но, парницата со „клерикалците“ ја сметаше дури за своја граѓанска должност на просветен човек. Откога слушна сè за Аделаида Ивановна, за која тој, се разбира, се сеќаваше и која некогаш дури и ја забележа, и кога дозна дека по неа останал Митја, тој се замеша во таа работа, и покрај сето свое младешко негодување и презир спрема Фјодор Павлович. И дури тогаш се запозна со Фјодор Павлович. Отворено му изјави дека би сакал да го земе на себе воспитувањето на детето. Долго време потоа раскажуваше, како карактеристична црта, дека, кога првпат започнал разговор со Фјодор Павлович за Митја, овој некое време изгледал како воопшто да не разбира за какво дете станува збор, и како уште и да се зачудил оти некаде во куќата има мал син. Ако во раскажувањето на Петар Александрович можеше да има и некакво претерување, сепак нешто мораше да прилега и на вистината. Фјодор Павлович навистина во целиот свој живот љубеше да глуми, наеднаш да одигра пред вас некаква неочекувана улога и, што е главно, некојпат без никак-

ва потреба, дури и на своја очигледна штета, како, на пример, во овој случај. Таа црта, впрочем, во голема мера им е својствена на многу луѓе, дури и на многу паметни, а камоли на Фјодор Павлович. Петар Александрович од срце се зафати со работата, дури беше определен (заедно со Фјодор Павлович) за тутор на детето, зашто по мајка му сепак остана некаков имот, куќа и земјиште. Митја навистина мина кај вујко си (од второ колено); но овој немаше свое семејство; а бидејќи, штом го уреди и го обезбеди паричниот приход од своите имоти, веднаш побрза пак да замине за подолго време за Париз, детето го остави кај една од своите подалечни тетки, една московска госпоѓа. Излезе така што и тој, кога се одомаќи во Париз, го заборави детето, особено кога настапи Февруарската револуција која многу ја окупира неговата фантазија, и која веќе не можеше да ја заборави целиот живот. Московската госпоѓа, меѓутоа, умре, и Митја мина кај една од нејзините мажени ќерки. Изгледа, после и по четврт пат го менил гнездото. За тоа јас сега нема да зборувам опширно, дотолку повеќе што ќе имам многу да раскажам за првенецот на Фјодор Павлович, а сега се ограничувам само на најпотребните податоци за него, без кои не можам ни да го почнам романов.

Пред сè, тој Дмитриј Фјодорович беше единствен помеѓу синовите на Фјодор Павлович, што растеше со убедувањето дека тој сепак има некаков имот, и дека штом ќе стане полнолетен ќе биде независен. Неговото момчештво и младоста минаа неуредно: гемназијата не ја доврши; после стапи во некоја војна школа; потоа се најде на Кавказ, доби чин; се тепаше во двобој, беше деградиран, пак го доби чинот, многу лумпуваше и потроши сразмерно многу пари. Од татка си почна да добива пари дури како полнолетен, а дотогаш направи многу долгови. Фјодор Павлович татка си го запозна и го виде првпат дури по полнолетството, кога дојде во нашиот крај нарочно за со татка си да се објасни поради имотот. Татко му тогаш, изгледа, не му се допадна; тој остана кај него кратко време, и си отиде некако брзо, при кое му појде по рака, да добие од него само некаква сума, а направи со него некаков договор во

поглед на натамошното добивање приходи од имотот, за кој (важен факт) Фјодор Павлович тој пат никако не сакаше да му каже ни колку вреди, ни колку приход носи. Фјодор Павлович, тогаш забележа, на прв поглед, (и тоа треба да се запамети), дека Митја за својот имот има претеран и неточен поим. Фјодор Павлович со тоа беше многу задоволен, имајќи ги во вид своите посебни планови. Тој заклучи дека момчето е лесномислено, брзоплето, подложно на страсти, избувливо, бекрија, кој, штом ќе дофати нешто веднаш се смирува иако, се разбира, за кратко време. Токму тоа почна да го искористува Фјодор Павлович, тоест, да се ослободува од сина си со мали суми, со повремени парични пратки, и, на крајот на краиштата, излезе така што, по едно четири години, кога Митја, загубувајќи ја стрпливоста, дојде во нашиот град по вторпат за конечно да ги заврши работите со родителот, наеднаш, за големо негово чудење, се покажа дека тој нема ништо, дека е тешко и да се пресмета, дека тој веќе добил пари од Фјодор Павлович колку што изнесувала вредноста на имотот и дека, можеби, тој на татка си дури му е и должен; дека според тие и тие спогодби, во кои тој самиот тогаш и тогаш сакаше да стапи, веќе нема право да бара ништо, и така натаму. Момчето беше вчудовидено се посомнева дека тоа е невистина и измама, речиси беше избезумен и сосем го беше загубил умот. И, ете, таа околност доведе до катастрофа чие излагање ќе биде предмет на мојот прв, уводен роман, или, подобро речено неговата надворешна страна. Но пред да минам на тој роман треба да раскажам уште по нешто и за другите два сина на Фјодор Павлович, за браќата на Митја, и да објаснам како дојдоа тие.

III

Втор брак и други деца

Штом се ослободи од четиригодишниот Митја, Фјодор Павлович многу бргу потоа се ожени по вторпат. Тој втор брак траеше околу осум години. А втората

своја сопруга, исто така, многу млада жена, Софија Ивановна, тој ја зеде од друга губернија каде што беше наминал поради некаква поситна претприемачка работа, во друштво со некаков Евреин. Фјодор Павлович, иако лумпуваше, пиеше и пијанчеше, никогаш не заборавање да го пласира својот капитал, и секогаш своите работи ги уредуваше среќно, иако, се разбира, речиси секогаш нечесно. Софија Ивановна беше „сираче", од детството без никој свој, ќерка на некаков непознат ѓакон, порасната во богатата куќа на својата добротворка, воспитувачка и мачителка, една угледна стара генералица, вдовицата на генерал Ворохов. Подробностите не ги знам, но сум го слушал само тоа, дека оваа воспитаница, кротка, незлобна и покорна, еднаш ја симнале од јаже, што го имала врзано на клин во визбата — толку тешко ѝ било да ја поднесува бесноста и вечните прекори на таа, навидум, не лоша старица, но неподносливо своеглава само од безделничење. Фјодор Павлович ѝ ја подаде својата рака; се распрашаа кој е и што е, и го истераа. А потоа тој пак, како и во првиот брак, ѝ предложи на сиротицата кришум да ја одведе. Многу, многу е можно ни таа никако да не тргнела за него ако можела навреме да дознае за него повеќе подробности. Но, работата се случуваше во друга губернија, а и што можело да разбере шеснаесетгодишното девојче, освен дека е подобро да скокне во вода, отколку да остане кај својата добротворка. Па така кутрата ја замени добротворката со добротвор. Фјодор Павлович овојпат не зеде ни скршена пара, зашто генералицата се разлути; ништо не му даде на девојчето; а згора на тоа и двајцата ги проколна; но тој овој пат и не сметаше да земе нешто, туку само го соблазни необичната убавина на невиното девојче, и, главно, нејзиниот невин поглед, што го возбуди него, сладострасник, досегашен порочен љубител само на грубата женска убавина. „Мене тие невини очиња тогаш како со брич да ме пресекоа во душата" — кажуваше подоцна одвратно чепатејќи се на свој начин. Впрочем, кај развратниот човек тоа и можеше да биде само сладострастен инстинкт. Не добивајќи никакво надоместување, Фјодор Павлович не се

срамеше многу со својата сопруга, и користејќи се со тоа што таа, така да се каже, пред него е „виновна“, и што тој, така да се каже, „ја симна од јаже“, користејќи се освен тоа, со нејзината феноменална смиреност и покорност, тој ја фрли под нозе дури и најобичната брачна пристојност. Во куќата, тука, пред жена му, доаѓаа лоши женски и се приредуваа оргии. Соопштувам, како карактеристична црта, дека слугата Григориј, намуртен, глупав, и тврдоглав дрдорко, кој ја мразеше поранешната госпоѓа, Аделаида Ивановна, овој пат застана на страната на новата госпоѓа, ја бранеше и се караше поради неа со Фјодор Павлович, на начин речиси недозволен за еден слуга, а еднаш просто сосила ја растера оргијата и сите насобрани бесрамници. Подоцна кај несреќната, од самото детство застрашена млада жена, се појави некаква нервна женска болест, која најмногу се јавува кај простите луѓе, кај селските жени, кои поради таа болест се викаат икачки. Од таа болест, со страшни хистерични напади, болната понекогаш ја губеше дури и свеста. Но сепак, на Фјодор Павлович му роди два сина Ивана и Алексеја, првиот во првата година на бракот а вториот по три години. Кога мајката умре, малиот Алексеј, беше во четвртата година и макар што е тоа чудно, но јас знам, дека мајка си тој ја запамети за цел живот, се разбира како во сон. По нејзината смрт со обете деца се случи речиси сосем исто што и со првото — Митја: татко им сосем ги заборави и ги остави, така што дојдоа кај истиот Григориј, и пак во куќата за слугите. Тука ги најде старата своеглава генералица, добротворка и воспитувачка на нивната мајка. Таа уште беше жива, но за сето време, во сите осум години не можеше да ја заборави навредата што ѝ беше направена. За тоа како живеела нејзината „Софија“, во сите осум години под рака добиваше најточни известувања; и кога слушна дека е болна и во какво чудо и покорност живее, два-трипати гласно викна меѓу своите готвачки: „Така ѝ треба, тоа ѝ го даде бог за нејзината неблагодарност спрема мене“.

Токму три месеци по смртта на Софија Ивановна генералицата наеднаш дојде во нашиот град и — право

во станот на Фјодор Павлович; мина само околу половина час во градот, но сврши многу работа. Беше ноќ. Фјодор Павлович, кого таа во сите осум години не го имаше видено, излезе пред неа поднапиен. Велат дека таа веднаш, без никакви објаснувања, само што го видела, му врзала две добри, гласни шлаканици, и трипати го истргала за косите одозгора надолу, потоа не додавајќи ни збор се упатила право во куќата за слугите, кон децата. Кога забележала уште на прв поглед дека не се измиени, и дека се во нечисти облеки, таа веднаш му удрила шлаканица и на Григориј и му соопштила дека обете деца ги зема кај себе, потоа ги извела така како што се затекнале, ги завиткала во голем шал, ги ставила во кочијата и ги одвезла во својот град. Григориј шлаканицата ја издржал како верен роб, не рекол ни еден груб збор, а кога ја придружувал старата госпоѓа до кочијата, длабоко се поклонил и важно ѝ рекол дека „за сирачињата господ ќе им плати". „А ти сепак си неранимајко!" — му викнала генералицата на заминување. Фјодор Павлович, кога размисли за сè, откри дека е добро направено и во формалната согласност во поглед на воспитувањето на децата кај генералицата, не одби ни една точка, а за добиените шлаканици самиот одеше и раскажуваше по целиот град!

Излезе така што и генералицата наскоро потоа умре, но им остави на децата по илјада рубли, „за нивно школување и сите тие пари бездруго да се потрошат на нив, но така што да стигнат до полнолетството, зашто таквиот подарок е повеќе отколку доволен за таквите деца; а ако некој сака, самиот нека си го одврзе кесето и така натаму, и така натаму". Јас тестаментот не го читав, но слушнав дека токму нешто такво чудно и премногу необично било речено во него. Но главниот наследник на старицата беше некој чесен човек, претседател на благородничката на таа губернија, Ефим Петрович Поленов. Откако преку писма се разбра со Фјодор Павлович и веднаш сфати дека од него не ќе може да извлече пари за воспитување на неговите родени деца (иако тој никогаш отворено не одбиваше, туку само во такви случаи, секогаш одолжу-

ваше, понекогаш дури изразувајќи голема чувствителност), тој самиот се зафати за сирачињата, и особено го засака помладиот од нив, Алексеј, така што овој долго време дури и живееше во неговото семејство. Го молам читателот да го има на ум тоа веднаш во почетокот. Ако овие млади луѓе некому му должат за своето воспитување и образование, за целиот свој живот, му должат токму на Ефим Петрович, најблагородниот и најхуман човек какви што ги има малку. Тој на малите им ги зачува негибнати нивните две илјади рубли, што им ги остави генералицата, така што тие до полнолетството пораснаа, со лихва, на по две илјади; а ги воспита на свој трошок, и, се разбира, секако, потроши по повеќе од илјада на секој. Во подробно раскажување за нивното детство јас засега нема да се впуштам, туку ќе ги раскажам само најглавните околности. За постариот, Иван, ќе го соопштам само тоа дека растеше како некое тегобно и само во себе затворено момче. Не би можело да се каже дека беше страшливо, но некако како уште од десетте години да беше насетило дека тие сепак растат во туѓо семејство, и од туѓа милост, и дека имаат таков татко, што за него е срамотно и да се зборува и така натаму. Тоа момче многу брзо, речиси уште како мало дете (барем така се раскажуваше) почнало да покажува некакви необични и извонредни способности за учење. Точно не знам, но излезе така некако што тој од семејството на Ефим Петрович се раздели речиси во тринаесеттата година и мина во една од московските гимназии, а на стан и храна беше кај некаков искусен и тогаш познат педагог, што му беше пријател на Ефим Петрович од детството. Самиот Иван после раскажуваше дека сè се случило, така да се каже, поради „одушевувањето за добри дела“ на Ефим Петрович, кој се одушевуваше со идејата дека момчето со генијални способности треба и да учи кај генијален воспитувач. Впрочем, ни Ефим Петрович, ни генијалниот воспитувач веќе не беа живи кога младиот човек, штом ја сврши гимназијата стапи на универзитетот. Бидејќи наследството на Ефим Петрович не беше средено, и примањето на парите што на децата им ги остави свое-

главата генералица, кои со лихва пораснаа од една на две илјади, се одолжуваше поради разни неизбежни формалности и влечкања, така што момчето во првите две години на универзитетот убаво се намачи, зашто мораше за сето тоа време самиот да се храни и издржува, и притоа да учи. Треба да се забележи дека тој дури не сакаше ни да се обиде со писмо да се спогоди со татка си — можеби од гордост, од презир спрема него, а можеби и поради студеното, здраво размислување, што му зборуваше дека од татенцето нема да добие никаква посериозна потпора. Туку, како и да е, момчето ни најмалку не се збуни, и си најде работа. Најпрвин даваше часови за по дваесет копејки, а потоа трчаше по редакциите на весниците, давајќи статијки од по десетина редови за уличните настани, со потпис „Очевидец". Тие статијки, велат, секогаш биле толку интересно и пикантно поставени, што набрзо доживеале успех, а тој со тоа ја покажа својата умствена и практична надмоќност над оној многуброен, вечно сиромашен и несреќен дел на нашата школска младина од обата пола, која во престолнините обично од утро до мрак ги минува праговите на разни весници и списанија, не знаејќи да измисли ништо подобро освен вечно да ја повторува истата молба: да преведува од француски, или да препишува. Кога се запозна со редакциите, Иван Фјодорович ни подоцна не ги прекинуваше врските со нив, и во своите последни години на универзитетот почна да печати многу духовити прикази на книги од разни специјални области, така што дури стана познат во литературните кругови. Впрочем, дури во последно време му појде по рака да го привлече на себе вниманието и на многу поголем круг читатели, така што мнозина од нив одеднаш го забележаа и го запаметија.

Тоа беше доста интересен случај. Кога веќе излезе од универзитетот, и се готвеше со своите две илјади да замине во странство, Иван Фјодорович објави во еден од поголемите весници чудна статија, што им го привлеч вниманието дури и на нестручњаците; и, што е главно, во таа статија се зборуваше за работа што нему очигледно му беше сосем непозната, зашто тој

заврши природни науки. Статијата го третираше прашањето за црковниот суд, кое тогаш се расправаше на сите страни. Претресувајќи некои веќе искажани мислења за тоа, тој го изнесе и својот личен поглед. Главно интересирање предизвика тонот и сосем неочекуваниот заклучок. Мнозина од црковните луѓе мислеа дека авторот е нивни човек. И наеднаш покрај нив почнаа на авторот да му аплаудираат не само светските луѓе, туку и самите атеисти. На крајот на краиштата некои досетливи луѓе заклучија дека целата статија е само дрска шега и подбив. Тој случај го споменувам нарочно затоа што статијата во свое време допре и во нашиот прочуен манастир во близината, каде што, се разбира, се интересираа за прашањето на црковниот суд — допре и предизвика општа збрка. А кога се дозна за името на авторот, тогаш се заинтересираа и за тоа дека тој е од нашиот град и дека е син „токму на Фјодор Павлович". Па наеднаш, во тоа време, кај нас се појави и самиот автор на статијата.

Зошто тогаш кај нас дојде Иван Фјодорович, јас, се сеќавам, уште тогаш си го поставував тоа прашање, речиси со некаков немир. Тоа толку судбоносно доаѓање, што беше причина на толку последици, за мене долго време потоа, речиси засекогаш остана нејасно. Општо земено, чудно беше што младиот човек толку учен, толку горд, и, навидум, претпазлив, наеднаш дојде во толку одвратна куќа, кај таквиот татко, кој целиот живот го пренебрегнуваше, кој не сакаше да знае за него, ниту се сеќаваше на него, и кој, макар што не би дал пари за ништо и во никој случај, ако син му побараше, сепак целиот живот се плашеше дека синовите Иван и Алексеј, некогаш ќе дојдат и ќе побараат пари. И, ете, младиот човек доаѓа во куќата на таквиот татко, живее со него еден месец, па и два, и се согласуваат — дотука бидува. Последното особено ме зачуди не само мене, туку и многу други. Петар Александрович Миусов, за кого веќе зборував пред малку, далечен роднина на Фјодор Павлович по првата жена, тогаш пак се погоди кај нас, на својот имот близу до градот, доаѓајќи од Париз, каде што веќе сосем се имаше преселено. Се сеќавам дека токму тој најмногу се

чудеше, откога се запозна со младиот човек, што многу го заинтересира, и со кого не без внатрешна болка, понекогаш се натпреваруваше во знаењето. „Горд е“ — ми велеше тогаш за него — „секогаш ќе заработи пара, а и сега има пари за да отпатува во странство; тогаш што бара овде? На сите им е јасно дека кај татка си не дошол поради пари, зашто тој, татко му, секако, не би му ги ни дал. Да пие и да живее развратен живот — не љуби; меѓутоа, старецот никако не може без него — толку се беа зближиле!“ Тоа беше вистина; младиот човек дури очигледно влијаеше врз старецот; старецот како да почна понекогаш и да го послушува; иако беше необично, а понекојпат пакосно тврдоглав, почна дури и попристојно да се однесува.

Дури подоцна се покажа дека Иван Фјодорович дошол донекаде, по молба и поради работите на својот постар брат, Дмитриј Фјодорович, кого првпат во животот го запозна и го виде, исто така, во тоа време, и токму при тоа доаѓање, но со кого, поради една важна работа, што се однесуваше повеќе на Дмитриј Фјодорович, стапи во преписка уште пред своето доаѓање од Москва. Што беше таа работа, читателот ќе дознае подробно кога ќе му дојде редот. Но и покрај сето тоа, и кога дознав за таа посебна околност, мене и понатаму Иван Фјодорович ми се чинеше загадочен, а неговото доаѓање кај нас сепак без објаснување.

Ќе го додадам уште тоа дека Иван Фјодорович тогаш имаше изглед на посредник и помирувач помеѓу таткото и својот постар брат Дмитриј, кој тогаш заврза голема караница, па дури и покрена формална парница против татка си.

Тоа семејство, повторувам, тогаш сето заеднички се состана првпат во животот, и некои негови членови тогаш првпат во животот се видоа.едни со други. Само најмладиот син, Алексеј Фјодорович, веќе речиси една година пред тоа живееше кај нас, и на тој начин се затекна кај нас порано од сите браќа. А за Алексеј најтешко ми е да зборувам во ова мое уводно раскажување, пред да го изведам на сцена во романов. Но ќе морам да напишам предговор и за него, за барем

донекаде однапред да разјаснам една многу чудна точка, имено: својот иден херој морам да им го претставам на читателите, од првата негова појава во романов, во искушеничка мантија. Да, тогаш тој веќе речиси една година живееше во нашиот манастир, и се чинеше дека се готви за цел живот да се повлече во него.

IV

Третиот син, Аљоша

Имаше само дваесет години (брат му Иван тогаш беше во дваесет и четвртата, а нивниот најстар брат, Дмитриј, во дваесет и осмата година). Пред сè, морам да кажам дека тоа момче, Аљоша, ни најмалку не беше некој фанатик, и, барем според мене, никако не беше мистик. Јас однапред наполно ќе го изнесам своето мислење. Тој просто беше ран човекољубец, а тргна по манастирски пат, затоа што во тоа време го одушеви само тој пат и, така да се каже, беше идеален излез за неговата душа, која бегаше од мракот на светската злоба кон светлината на љубовта. А тој пат го одушеви само затоа што тогаш на него, според моето мислење, сретна необично суштество — нашиот познат манастирски старец Зосима, на кого му се предаде со сета пламена прва љубов на своето незаситливо срце. Впрочем, не порекнувам дека тој веќе беше многу чуден, дури уште од лулката. Кога станува збор за тоа, јас веќе спомнав за него дека останувајќи без мајка си во четвртата година, тој после ја паметеше целиот живот, нејзините мисли, нејзиното милување, „токму како да стои жива пред мене“. Такви спомени можат да се паметат (и тоа им е познато на сите) дури и од раното детство, уште од двете години, но само така што тие во текот на целиот живот ќе се истакнуваат како некакви светли точки од мрак, како откинато делче од цела огромна слика, која сета се угаснала и исчезнала, освен тоа делче. Исто така, беше и со него: тој запамети една ноќ — летна, тивка; прозорецот отворен, косите зраци на зајдисонцето (тие коси

зраци ги запамети најдобро), во аголот на собата, икона, пред неа запалено кандило, а пред иконата на коленици мајка му липа како во хистерија со потписнување и подвикнување, држејќи го на пазувите, гушкајќи го силно до болка, молејќи ѝ се за него на Богородица и подавајќи го од своите пазуви со обете раце кон иконата како под покривот на Богородица . . . и, наеднаш, трча дадијарката и во страв го зема од под неа. Ете ја сликата! Аљоша во тој момент го запамети и лицето на мајка си; велеше дека тоа било избезумено, но прекрасно, судејќи по она колку што можеше тој да се сети. Но, тој ретко на некого љубеше да му го доверува тој спомен. Во детството и во младоста не беше експанзивен, беше дури и слабо разговорен, но не од страв или од некаква мрачна повлеченост; туку напротив, поради нешто друго, поради некаква речиси внатрешна грижа, сосем лична, која не се однесуваше на никој друг, но која за него беше толку важна што тој поради неа сосем забораваше на другите луѓе. Но тој ги сакаше луѓето: се чини дека во целиот живот наполно им веруваше на луѓето, меѓутоа, никој никогаш не го сметаше ни за премногу простодушен, ни за наивен човек. Имаше нешто во него што зборуваше и што ве убедуваше (и подоцна во целиот живот) дека тој нема да им биде судија на луѓето, дека нема врз себе да презема осуда и дека по никоја цена не ќе осуди. Изгледаше дека допушта сè, ни малку не осудувајќи, иако често многу горчливо тагувајќи поради тоа. Нешто повеќе, во тој поглед стигна дотаму што никој не можеше да го зачуди, ниту да го уплаши, и тоа ни во најраната негова младост. Кога во дваесеттата година дојде кај татка си, право во тоа дувло на гнасниот разврат, тој така девствен и чист, само молчејќи се оддалечуваше, кога веќе не ќе можеше да гледа, но без ни најмал знак на презир или на осуда спрема некого. А татко му, кој порано живееше по туѓи куќи, така што беше човек чувствителен на навреди, и кој отпрвин го прими недоверливо и намуртено (вели, „нешто многу ми молчи, и многу размислува во себеси"), наскоро сепак заврши со тоа што почна постојано да го гушка и да го бацува, и тоа веќе по две

недели — вистина, со пијани солзи, во напиена радосна возбуденост, но се гледаше дека го засакал искрено и длабоко, како што никогаш никого не сакаше . . .

А тоа момче го сакаа сите, каде и да се појавеше, и тоа уште од најраното негово детство. Кога се најде во куќата на својот добротвор и воспитувач Ефим Петрович Поленов, тој толку ги придоби кон себе сите во семјството, што таму го сметаа како сосем свое дете. А во таа куќа тој стапи во толку рани години, во кои човек не може да очекува од детето некоја пресметана итрост, досетливост, или вештина да се умилкува, или да се допадне, вештина да предизвика љубов спрема себеси. Така што имаше во себе, така да се каже, во својата нарав, дарба природно и непосредно да предизвикува кон себе посебна љубов. Истото се случи со него и во училиштето; меѓутоа, би се рекло дека тој беше токму од оние деца што предизвикуваат кон себе недоверба кај другарите, понекогаш подбив, па дури и омраза. Тој, на пример, често ќе се замислеше, и како да се издвојуваше. Од најраното детство сакаше да се засолни некаде в агол и да чита книги; меѓутоа, другарите го засакаа, така што без поговор би можеле да го наречете општ љубимец за сето време додека беше во училиштето. Ретко се палавеше, дури ретко беше и весел, но штом ќе го погледнеа, сите веднаш ќе сфатеа дека тоа никако не е од некаква омраза во него; напротив, тој беше мирен и сталожен. Меѓу врсниците никогаш нѐ сакаше да се истакнува. Можеби токму поради тоа, никогаш и од никого не се плашеше; Меѓутоа, децата веднаш разбраа дека тој ни најмалку не се гордее со својата бестрашност, туку се држи како да не сфаќа оти е смел и бестрашен. Навредите никогаш не ги паметеше. Се случуваше веќе еден час по навредата да му одговара на прашањето на навредувачот, или пак самиот со него да започне разговор толку доверливо и ведро, како меѓу нив да немало ништо. А притоа не изгледаше како случајно да заборавил или намерно да ја простил навредата, туку просто не ја сметаше работа за навреда; и со тоа наполно ги придобиваше и ги покоруваше децата. Имаше само една црта, која во сите класови на гимнази-

јата, почнувајќи од најдолниот, па до највишите, предизвикуваше кај неговите другари постојана желба да го закачаат, но не заради некакво злобно подбивање, туку затоа што тоа ги развеселуваше. Таа црта во него беше незаузданата, луда срамежливост и девственост. Не можеше да слуша одделни зборови и одделни разговори за жената. Тие „одделни" зборови и разговори, за несреќа, не можат да се искоренат во училиштата. Инаку, чисти во душата и во срцето, момчињата, речиси уште дечиња, многу често сакаа да зборуваат во училниците меѓу себе, па дури и гласно, за такви работи, сцени и ликови за кои нема секогаш да зборуваат дури ни војниците; нешто повеќе, војниците многу нешта и не знаат и не разбираат од она што им е веќе познато на уште толку младите деца од нашето интелигентно и више општество. Морален разврат тука, веројатно, уште нема; цинизам, исто така, нема вистински, развратен, внатрешен — но цинизмот тука е надворешен, и тој кај нив не ретко се смета дури за нешто деликатно, фино, херојско и достојно за имитирање. Кога видоа дека „Алјошка Карамазов" штом ќе почне да се зборува „за тоа", брзо си ги затина ушите со прсти, неговите другари понекогаш нарочно ќе се собереа во група околу него, па, тргнувајќи му ги сосила рацете од ушите му извикуваа на обете уши гадни зборови, а тој се оттргнуваше, паѓаше на подот, легнуваше, се бранеше. И, притоа, не велејќи ни збор, не карајќи се, молкома поднесувајќи ја навредата. Најпосле го оставија на мир, веќе не го викаа „девојче". Дури се гледаа во него, во таа смисла, со сожалување. Инаку, во училиштето по учење беше меѓу најдобрите, но никогаш не беше обележан како прв.

Кога умре Ефим Петрович, Аљоша уште две години мина во губерниската гимназија. Неутешната сопруга на Ефим Петрович, речиси веднаш по неговата смрт отиде за подолго време во Италија со целото семејство, кое сето се состоеше од лица од женскиот пол, а Аљоша дојде во куќата на некакви две дами, некакви две далечни роднини на Ефим Петрович, кои тој порано никогаш не ги имаше видено, но под какви

услови тоа ни самиот не го знаеше. И тоа му беше карактеристична црта, и тоа во голема мера: никогаш не водеше грижа на чиј трошок живее. Во тоа беше полна спротивност на својот постар брат, Иван Фјодорович, кој страдаше првите две години на универзитетот хранејќи се со својот труд, и кој уште од раното детство горчливо почувствува дека живее на туѓ леб, кај добротвор. Но таа чудна црта во наравот на Алексеј, не можеше да се осуди премногу строго; затоа што секој што ќе го запознаеше барем малку, веднаш, при првото прашање што ќе се појавеше во врска со тоа, доаѓаше до убедување дека Алексеј е некаков душевно заостанат момчак, но кој, кога наеднаш би му дошол во рацете цел капитал, без колебање би го дал при првото побарување или за некакво добро дело или можеби просто на некој вешт авантурист. Општо речено, тој како воопшто да не знаеше за вредноста на парите, се разбира, не зборувајќи во буквалната смисла на зборот. Кога му даваа џепарец, кој тој самиот никогаш не го бараше, по цели недели не знаеше што да прави со него, или го трошеше така, што се ослободуваше од него за миг. Петар Александрович Миусов, многу чувствителен човек во поглед на пари и буржоаска чесност, подоцна кога добро го запозна Алексеја, го рече за него овој афоризам: „Ова е можеби единствениот човек на светот кој, ненадејно да го оставите сам и без пари на плоштадот на непознат град со милион жители, никако нема да пропадне, ниту да умре од глад и од студ, зашто веднаш ќе го нахранат, ќе го приберат, а ако не го приберат тој вчас сам ќе се снајде, и тоа нема да го чини никакви напори и никакви понижувања, а оној што ќе го згрижи нема да почувствува товар, туку напротив ќе ужива во тоа."

Гимназијата не ја заврши; му беше останала уште една година, кога наеднаш им соопшти на своите дами дека оди кај татка си, поради една работа, за која сега се сетил. Тие многу го жалеа, и речиси не сакаа да го пуштат. Патот чинеше многу малку, и дамите не му дозволија да си го заложи часовникот, подарок на до-

бротворното семејство пред заминување во странство, туку обилно го снабдија со пари, дури и со нова горна и долна облека. Тој, меѓутоа, им ги врати половината пари, изјавувајќи дека бездруго сака да патува со трета класа. Кога дојде во нашиот град, тој на првите прашања од родителот: „Зошто, всушност, повелал да дојде, кога уште не го завршил училиштето?“ — просто ништо не одговори ами, како што се раскажува, само бил необично замислен. Наскоро се покажа дека го бара гробот на мајка си. И самиот призна дека дошол само поради тоа. Но тешко може да се верува дека тоа беше единствената причина на неговото доаѓање. Најверојатно е дека тој тогаш ни самиот не знаел ниту пак некако би можел да објасни што се раздвижило наеднаш во неговата душа, и незадржливо го повлекло на некаков нов, непознат, но веќе неизбежен пат. Фјодор Павлович не можеше да му покаже каде ја закопал својата втора сопруга, затоа што никогаш не отишол на нејзиниот гроб, откако го закопаа сандакот; бидејќи тоа беше доста одамна, сосем заборави каде ја закопаа . . .

Патем да кажеме нешто за Фјодор Павлович. Тој долго време пред тоа не живееше во нашиот град. Едно три-четири години по смртта на втората жена, отиде на југ на Русија и најпосле се најде во Одеса, каде што мина неколку години. Веднаш, според неговите сопствени зборови, се запозна со многу „Евреи“, „Еврејки“, „Евреишта“ и „Евреј чиња“, а заврши со тоа што најпосле не само кај таканаречените туку и „кај вистинските Евреи беше приман“. Човек мора да помисли дека во тоа време сигурно и ја развил во себе посебно вештината да „прави“ и да трупа пари. А се врати повторно, по сè, во нашето гратче едно три години пред доаѓањето на Аљоша. Поранешните негови познати сметаа дека е многу остарен, иако тој уште не беше толку стар. Не се држеше поблагородно, туку некако подрско. Кај тој поранешен будала, се појави, на пример, бесрамната потреба сега другите да ги прави будали. А љубеше да прави оргии со жени не само како порано, туку дури и некако поодвратно. Набргу

во нашиот округ отвори неколку нови крчми. Се гледаше дека има можеби едно сто илјади, или само нешто помалку. Мнозина од градот и околијата веднаш се задолжија кај него, се разбира, под сигурен залог. Но во последно време, некако се олабави, почна да ја губи одмерноста, контролата над себе, падна дури во некаква лесномисленост, почнуваше едно а завршуваше друго. Некако се растргна, и сè почесто се пијанеше, и да не беше слугата Глигориј, кој во тоа време веќе и самиот беше прилично остарен, и бдееше над него како некаков воспитувач, Фјодор Павлович веројатно не ќе минеше без големи незгоди. Доаѓањето на Аљоша како да повлија врз него и во морален поглед: во тој човек, кој остаре предвреме, како да се разбуди нешто од она што беше одамна угаснато во неговата душа. „Знаеш ли ти", му велеше често на Аљоша, загледувајќи се во него — „дека ти личиш на неа, на икачката?" Така ја викаше својата покојна жена, мајка му на Аљоша. Гробот на „икачката" најпосле му го покажа на Аљоша слугата Григориј. Тој го одведе на нашите градски гробишта, и таму, во еден оддалечен агол, му покажа една железна, не скапа, но одржувана плоча, на која имаше и натпис со името, сталежот, годината на раѓањето и на смртта на покојницата, а долу беа вцртани некакви четири стиха од една старинска гробарска поезија, што обично се употребува на гробовите од средниот сталеж. За чудо, таа плоча беше дело на Григориј. Самиот тој ја подигна над гробот на кутрата „икачка", и тоа на своја сметка, бидејќи Фјодор Павлович, на кого веќе толку пати му здодеваше со напомени за тој гроб, отпатува најпосле во Одеса, одмавнувајќи со раката не само на гробовите туку и на своите спомени. На гробот на мајка си, Аљоша не покажа никаква посебна чувствителност, само сериозно и подробно го ислуша раскажувањето на Григориј за подигањето на плочата, постоја некое време со сведнатата глава, и си отиде, без да проговори ни збор. Од тоа време можеби цела една година не отиде на гробиштата. Но, тој настан, иако мал, влијаеше и тоа многу оригинално на Фјодор Павлович. Тој наеднаш

зеде илјада рубли и ги однесе во нашиот манастир за покој на душата на својата сопруга, но не на втората, мајка му на Аљоша, не на „икачката“, туку на првата Аделаида Ивановна, онаа што го тепаше. Вечерта тој се опи и ги навредуваше монасите пред Аљоша. Самиот тој не беше ни малку религиозен; можеби никогаш ни една свеќа од грош не запалил пред иконите. Чудни настапи, на ненадејни чувства и ненадејни мисли ги обземаат понекогаш таквите типови.

Јас веќе реков дека Фјодор Павлович многу се беше олабавил. Неговото лице во тоа време, јасно сведочеше за карактерот и суштината на целиот живот што го мина. Освен долгите и месести ќесиња под ситните очи, вечно безобразни, сомнежливи и подбивни, освен многуте длабоки брчки на малото, но дебелко лице, под неговата шилеста брада висеше голем подбрадок, месест и долг, како некакво ќесе, што му даваше некаков одвратно-сладострастен изглед. Додајте ја кон тоа уште сетилната, широка уста, со дебели усни, под кои се гледаа мали остатоци на испокршените црни, речиси, неизмиени заби. Секогаш се прскаше со плунка кога ќе почнеше да зборува. Впрочем, и самиот тој љубеше да прави шеги на сметка на своето лице, иако, речиси, со него беше задоволен. Посебно укажуваше на својот нос, не многу голем, но доста танок, со многу истакнат грб: „вистински римски“ — велеше — „заедно со подбрадокот — вистинска физиономија на стар римски патриций од времето на опаѓањето“. Изгледа со тоа се гордееше.

Набргу по пронаоѓањето на мајчиниот гроб, Аљоша наеднаш му рече дека сака да оди во манастир, и дека монасите се согласуваат да го примат за искушеник. Тој притоа објасни дека тоа е негова многу силна желба, и дека го моли него како татко, за свечена дозвола. Стариот веќе знаеше дека старецот Зосима, кој испоснички живееше во манастирскиот скит[1]), му остави на неговото „тивко момче“ посебен впечаток.

— Тој старец, се разбира, им е најчесен монах — рече тој, откако молчаливо и замислено го ислуша

[1]) Скит — испосничка ќелија во манастирот.

Аљоша, но речиси ни најмалку не се зачуди на неговата молба. — Хм... значи ете каде сакаш да одиш, тивко мое момче! — беше поднапиен, и наеднаш се насмевна со својата разлвечена пијана насмевка, што не беше лишена од подмолност и итрост. — Хм... а јас, гледаш, токму така и претчувствував, дека ти некако така ќе завршиш можеш ли да си го претставиш тоа? Ти си со намера за таму. Најпосле, оди, ги имаш твоите две илјадички, тоа ти е твое, а јас, ангеле мој, никогаш нема да те оставам, и сега ќе платам за тебе што треба, ако бараат. Но, ако не побараат, зошто да се наметнуваме, не е ли така? Зашто ти трошиш пари како канаринка, по две зрна неделно... Хм... знаеш ли, има еден манастир близу градот, и таму, на сите веќе им е познато, само „манастирски жени живеат", така ги викаат таму, едно триесет парчиња жени, ми се чини... Јас сум бил таму, и знаеш, интересно е, се разбира, на свој начин, поради разновидноста. Лошо е само дотолку што таму владее страшен русизам, Французинки никако нема, а би можело да ги има, имаат пари. Туку, штом ќе дознаат, ќе дојдат. А овде е добро, овде нема манастирски жени, а има едно двесте монаси. Чесно. Испосници. Признавам... Хм... Значи, ти сакаш кај монасите? А мене ми е жал за тебе, Аљоша, јас навистина, дали ќе ми веруваш, те засакав... Впрочем, ете погоден случај: ќе се помолиш и за нас грешниците, зашто премногу се изнагрешивме живеејќи овде. Јас секогаш мислам за тоа: кој ли ќе се помоли некогаш за мене? Дали постои на светов таков човек? Мило мое момче, во тој поглед јас сум ти страшно глупав, можеби не веруваш? Страшно. Гледаш ли; колку и да сум глупав, јас за тоа непрестајно мислам, не мислам често, се разбира, но сепак. Зашто невозможно е, мислам, ѓаволите да забораваат со куки да ме извлечат кон себе, кога ќе умрам. И тогаш си мислам: куки? А од каде нашле куки? Од што се направени? Од железо? А каде ги коваат? Секако таму имаат некаква фабрика! Зашто таму, во манастирот, монасите го сметаат за сигурно тоа дека во пеко-

лот, на пример, има таван. А јас, ете, готов сум да верувам дека постои пекол, но без таван. Така пеколот ми изгледа некако поделикатен, попросветен, тоест, на лутерански начин. А, всушност, не е ли сеедно, со таван или без таван? И, ете, во што се состои тоа проклето прашање? Ако нема таван, тогаш нема ни куки. Ако нема куки, тогаш сè е настрана. Значи, пак неверојатно: кој ќе ме повлече тогаш со кука, зашто ако не ме повлече никој, тогаш што ќе биде, каде е тогаш правдата на светов! Il faudrait les inventer[1]), тие куки, за мене особено, само за мене, зашто да знаеш ти Аљоша, каков бесрамник сум јас.

— Па таму нема куки — изговори Аљоша тивко и сериозно загледувајќи се во татка си.

— Да, да, само сенки од куки. Знам, знам. Како што еден Французин го опишуваше пеколот: „Jai vu l'ombre d'une socher, qui avec l'ombre d'une brosse frottait l'ombre d'une carrosse."[2]) Драги мој, од каде знаеш ти дека нема кука? Кога ќе поживееш кај калуѓерите, ќе пееш поинаку. А, впрочем, оди, дознај ја таму вистината, па дојди да ми кажеш; сепак полесно ќе биде да се оди на тој свет откога ќе научиш сигурно што има таму. А и повеќе ти прилега да бидеш кај монасите отколку кај мене, пијано старичиште, и со девојчишта... иако за тебе, како ни за ангел, ништо нема да се прилепи. Веројатно ни таму ништо нема да се прилепи за тебе ете зошто ти дозволувам зашто верувам во тоа. Тебе не ти го испила мозокот чавка. Ќе пламнеш и ќе се згаснеш, ќе се излекуваш, и ќе дојдеш назад. А јас ќе те чекам: зашто чувствувам дека ти си единствениот човек на земјава, што не ме осуди, мое мило момче, јас го чувствувам тоа, и не можам да не го чувствувам.

И дури и солзи му потекоа. Беше сентиментален. Беше лош и сентиментален.

---

[1]) „Би требало да се измислат" (фр.)

[2]) „Видов сенка на кука, која со сенка на четка чистеше сенка на кочија." (фр.)

V

Старци

Можеби некој од читателите ќе помисли дека моево момче беше болежливо, наклонето кон екстаза, скудно развиена природа, блед мечтател, спечен, исцрпен човек. Напротив, Аљоша во тоа време беше атамен, со црвени образи, со ведар поглед, деветнаесет годишен момчак, полн со здравје. Во тоа време тој беше и убав, виток, со среден раст, темно костенлив, со правилно, иако малку издолжено тркалесто лице, со светли темно сиви, широко развлечени очи, многу замислен, очигледно, многу спокоен. Можеби ќе рече некој: црвените образи не му пречат ни на фанатизмот, ни на мистицизмот. Но мене ми се чини дека Аљоша беше дури поголем реалист од кого и да било. О, се разбира во манастирот тој наполно веруваше во чуда, но, според мене, чудата никогаш не го збунуваат реалистот. Чудата не го доведуваат реалистот до верата. Вистинскиот реалист, ако не верува, секогаш ќе најде во себе сили и способност да не поверува ни во чудо, а ако чудото застане пред него како факт што не може да се тргне, тогаш тој побргу нема да им поверува на своите чувства, отколку што ќе го дозволи фактот. А ако и го дозволи, ќе го дозволи како природен факт, што досега не му бил познат. Кај реалистот верата не се раѓа од чудото, туку чудото од верата. Кога реалистот еднаш ќе поверува тој, токму поради својот реализам, мора да го допушти и чудото. Апостол Тома изјавил дека нема да поверува додека не види, а кога видел, рекол: „Господ мој, и бог мој!“ Дали чудото го натерало да поверува? Најверојатно не, туку поверувал само затоа што сакал да поверува, и што можеби веќе наполно верувал, во длабината на својата душа, дури и тогаш кога велел: „Нема да поверувам додека не видам!“

Можеби некој ќе рече дека Аљоша беше тап, неразвиен, дека не ја довршил школата и така натаму. Вистина е дека не ја доврши школата но да се рече

дека беше тап или глупав, би било голема неправда. Јас просто ќе го повторам она што го реков порано: тој стапи на тој пат само затоа што во тоа време единствено тој пат го придоби целиот и наеднаш му го покажа идеалниот излез за неговата душа, која од мракот бегаше кон светлината. Додајте уште дека тој беше донекаде момче на ова наше време, тоест чесен по својата природа, кое се стремеше кон вистината, ја бараше и веруваше во неа, а кога ќе повеќуваше, бараше веднаш во неа и да учествува со сета сила на својата душа, и кое бараше веднаш да направи некаков подвиг, со незадржливата желба за тој подвиг да жртвува сè, па и самиот живот. Иако, за жал, тие момчиња не сфаќаат дека во повеќето такви случаи да го жртвуваш својот живот, можеби е најлесна жртва, и дека, на пример, да жртвуваш пет-шест години од својата бујна младост за мачно и тешко учење, за науката, макар само за да ја зголемиш во себе десетпати силата за служење на вистината и на подвигот што си го засакал и што си решил да го извршиш, — таквата жртва секогаш, за повеќето од нив, е над нивните сили. Аљоша избра пат што им беше спротивен на сите, но со иста жед за што побрз подвиг. И откога размисли сериозно и длабоко се увери дека постојат бесмртност и бог, веднаш, сосем природно, си рече: „Сакам да живеам за бесмртноста, и не се согласувам со половичен компромис“. Исто така, ако заклучеше дека нема бесмртност и бог, тој во истиот момент ќе станеше атеист и социјалист (зашто социјализмот не е само работничко прашање на таканаречениот четврт сталеж, туку главно атеистичко прашање, прашање на современото отелотворување на атеизмот, прашање на Вавилонската кула, што се зида без бог, не за од земјата да се дојде до небото, туку за небото да се симне наземи). На Аљоша му се чинеше чудно и невозможно да живее како порано. Речено е: „Раздај сè, и дојди по мене, ако сакаш да бидеш совршен“. И Аљоша си рече: „Не можам јас, наместо „сè“ да дадам две рубли, а наместо „дојди по мене“, да одам само в црква на служба.“ Од спомените на неговото детство можеби се зачува нешто за нашиот манастир, каде што мајка

му можеби го водела на црковна служба. Можеби малку повлијале и косите зраци на сончевото заоѓање пред иконата, кон која го подавала мајка му икачката. Тогаш дојде кај нас замислен, можеби само за да види дали тука е сè или тука се само „двете рубли“, и — во манастирот го сретна старецот...

Тој старец, како што веќе соопштив горе, беше старецот Зосима; но сега овде би требало да се кажат неколку збора за тоа што се воопшто „старците“ во нашите манастири. Мене ми е жал што на тоа поле не се чувствувам доста стручен и сигурен. Но сепак ќе се обидам работата да ја изложам во неколку збора и површно. Пред сè, стручњаците тврдат дека старците и испосничкиот живот кај нас, по нашите руски манастири, се појавиле дури сосем неодамна, нема ни сто години, додека на сиот православен Исток, особено на Синај и во Света Гора, постојат повеќе од илјада години. Тврдат дека „старештвото“ постоело и кај нас во Русија во најстарите времиња или бездруго морало да постои, но поради руските несреќи, поради татарската наезда, внатрешните бунтови, и прекинот на поранешните врски со Исток, по паѓањето на Цариград, таа установа кај нас се заборавила и старците исчезнале. А одново ги вовел кон крајот на минатиот век еден од големите испосници (како што го викаат) Паисиј Величковски, и неговите ученици, но и до денеска, дури по речиси сто години, тие постојат само во малку манастири; дури и ги тераат, како некаква невидена новина во Русија. Старештвото особено напредуваше кај нас, во Русија, во една позната монашка пустина, во Козељска Оптина. Кога и кој го востановил и во нашиот манастир — не можам да кажам, но во него веќе беше во тек третата смена на старци, и старецот Зосима беше последниот од нив, но и тој веќе беше речиси на прагот од смртта, поради исцрпеноста и болеста, а не знаеја кој да го замени. За нашиот манастир тоа прашање беш важно, зашто нашиот манастир со ништо не беше особено познат до тоа време; во него немаше ни мошти на свети угодници, ни самопојавени чудотворни икони; немаше дури ни славни преданија, врзани за нашата историја, а немаше ни

историски подвизи и заслуги за татковината. Тој се издигна и се прослави по цела Русија особено поради старците; богомолци доаѓаа кај нас во групи, од цела Русија, од илјадници километри оддалечност, за да ги видат и слушнат тие наши старци. Но што е тоа старец? Старец тоа е оној што ја зема вашата душа и вашата волја во својата душа и во својата волја. Штом ќе си изберете старец, вие се откажувате од вашата волја, и му се предавате нему, во целосна послушност, со целосно самоотказување. Тоа искушение, таа страшна школа на животот оној што се предава ја прима доброволно со надеж дека по долгото искушение ќе се победи себеси, дека ќе завладее со себеси во толкава мера, што најпосле ќе може со послушност во текот на целиот живот, да постигне полна слобода, тоест слобода од себеси, да ја избегне судбината на оние што си го проживеале животот без да се најдат себеси во себе. Тоа откритие, тоест старештвото — не е теориско, туку на Исток е изведено од практиката, денеска веќе илјадагодишна. Обврските спрема старецот не се исто што и обичното „искушеништво", кое постоело отсекогаш и во нашите руски манастири. Овде се подразбира постојана исповед на сите испосници пред старецот и нераскинлива врска помеѓу оној што врзал и врзаниот. Се раскажува, на пример, дека некогаш, во најстарите времиња на христијанството, еден таков искушеник не исполнил некоја задача што му ја определил неговиот старец, си отишол откај него од манастирот и дошол во друга земја — од Сирија во Египет. Таму по долги и големи подвизи најпосле станал достоен да ги претрпи мачењата и маченичката смрт за верата. Но кога црквата го закопувала неговото тело почитувајќи го веќе како светител, тогаш наеднаш на извикот од ѓаконот: „Оглашени изидите!" — мртовечкиот сандак со телото на маченикот што лежел во него, се откинал од местото, и бил исфрлен од храмот, и така трипати. Најпосле дознале дека маченикот некогаш не ја исполнил заповедта, туку дека избегал од својот старец и, според тоа, без одобрување од старецот, гревовите не можеле да му бидат простени, ни покрај сите негови големи подвизи. А кога

повиканиот старец го ослободил од обврската, тогаш можел да се изврши неговиот закоп. Се разбира, ова е само древна приказна; но еве што се случи неодамна: еден од нашите современи монаси се спасуваше во Света Гора; наеднаш неговиот старец му заповедал да ја остави Света Гора, која тој ја беше засакал од длабината на душата како свето место, како тивко пристаниште и да оди најпрвин во Ерусалим, да им се поклони на светите места, а после да се врати назад во Русија на Север, во Сибир; „Таму ти е местото, а не овде.“ Вчудооидениот и со тага убиениот монах се јавил во Цариград кај вселенскиот патријарх и го замолил да го ослободи од обврската, но и вселенскиот владика му одговорил дека не само што тој, патријархот вселенски, не може да го ослободи, туку дека на целава земја нема ниту може да има таква власт што би можела да го ослободи од обврската што му ја определил старецот, освен власта на самиот старец што му заповедал. На тој начин, старештвото беше надарено со власт, во извесни случаи, безгранична и несфатлива. Ете зошто во голем број манастири кај нас старештвото отпрвин беше пречекано речиси со гонење. Меѓутоа, во народот старците веднаш почнаа високо да ги почитуваат. Кај старците од нашиот манастир, на пример, доаѓаа и прости и многу угледни луѓе, со тоа што, клекнувајќи пред нив, ги исповедаа своите сомневања, своите гревови, своите страдања, и молеа за совети и поука. Кога го видоа тоа, противниците на старците викаа, покрај другите обвинувања, дека тука самоволно и лесномислено се понижува тајната на црковната исповед, зашто, кога искушеникот или светскиот човек, непрекинато му ја исповеда својата душа на старецот, тоа не е тајна. Па, сепак установата на манастирските старци, се одржа и малку-помалку се одомаќи по руските манастири. Вистина, точно е и тоа, дека ова испитано и веќе илјадагодишно орудие за морална преродба на човекот од ропството кон слободата и кон моралното усовршување, може да се претвори во оружје со две острици, така што по некого може да го одведе на место во смире-

ност и целосно господарење над себеси, напротив, до најсатанска гордост, тоест до синџири, а не до слобода.

Старецот Зосима имаше шеесет и пет години, имаше спахиско потекло, некаде во најраната младост, бил во воена служба и служел во Кавказ како подофицер. Без сомневање го восхити Аљоша со некое посебно својство на својата душа. Аљоша живееше во ќелијата на старецот кој го засака многу и го прими кај себе. Треба да се каже дека Аљоша, живеејќи тогаш во манастир, уште не беше врзан со ништо, можеше да излегува каде што сака, дури и по цели денови. Иако носеше мантија, тоа го правеше доброволно — за да не се разликува од никого од манастирот. Се разбира, тоа нему и му се допаѓаше. Врз фантазијата на момчакот можеби влијаеше и моќта и славата што непрестајно го опкружуваше неговиот старец. За старецот Зосима мнозина велеа дека, пуштајќи ги кај себе толку години сите што му доаѓаа за да си го исповедаат срцето и што беа желни од него да слушнат совет и утешен збор, — толку многу исповеди, горчливо каење и признанија примил во својата душа што на крајот веќе стекнал толку префинета проникливост, што при првиот поглед на лицето од непознатиот што ќе му дојдел, можел да погоди: зошто е дојден, што му треба, и какви маки ја раскинуваат неговата совест, и го вчудовидувал, збунувал и речиси го плашел понекогаш дојдениот со тоа познавање на неговата тајна пред да проговори овој макар еден збор. Притоа, Аљоша речиси секогаш забележуваше дека скоро сите луѓе што првпат влегуваат кај старецот за да разговараат насамо со него, влегуваа со страв и немир, а излегуваа од кај него речиси секогаш светли и радосни — а најнамуртеното лице се претвораше во среќно. Врз Аљоша необично дејствуваше и тоа што старецот ни најмалку не беше строг. Напротив, речиси секогаш беше весел во однесувањето. Монасите за него велеа, дека тој особено му се приврзува со душата на оној што е погрешен, а тој што е најгрешен, него најмногу и ќе го засака. Меѓу монасите, до пред самиот крај на животот на старецот, имаше и луѓе што го мразеа, и кои му завидуваа но нив ги имаше сè помалку,

и тие молчеа иако меѓу нив имаше и неколку познати и важни лица во манастирот, како, на пример, еден од најстарите монаси, кој беше голем молчаливец и строг постач. Огромно мнозинство сепак беше на страната на старецот Зосима, а мнозина меѓу нив го сакаа од сè срце, пламено и искрено; некои му беа верни, речиси фанатички. Таквите отворено зборуваа, вистина не сосем гласно, дека тој е светец, дека за тоа нема никакво сомневање, и предвидувајќи го неговиот близок крај, очекуваа од умрениот веднаш и чуда и голема слава за манастирот. Во чудесната моќ на старецот безусловно веруваше и Аљоша, како што безусловно веруваше и во приказната за сандакот што летнал од црквата. Тој гледаше како мнозина од оние што доаѓаат со болни деца или со возрасни роднини и се молеа старецот да ги стави на нив рацете и да прочита над нив молитва, брзо се враќаа — понекогаш дури и утредента — и паѓајќи ничкум во солзи пред старецот, се благодареа за излекувањето на своите болни. Дали тоа навистина беше лекување, или само природно подобрување во текот на нивната болест, тоа прашање за Аљоша не се поставуваше, зашто тој веќе наполно веруваше во духовната моќ на својот учител, и славата на старецот беше како негов личен триумф. Особено му трепереше срцето и целиот некако блестеше кога старецот излегуваше пред групите богомолци од простиот народ кои го чекаа кај вратата на црквата и кои нарочно доаѓаа од цела Русија за да го видат старецот и да добијат од него благослов. Тие паѓаа пред него ничкум, плачеа, му ги бацуваа нозете, ја целиваа земјата на која стоеше, липаа, жените му ги подаваа своите деца, доведуваа кај него болни икачки. Старецот разговараше со нив, читаше над нив кратка молитва, ги благословуваше и ги пушташе. Во последно време, од настапот на болеста, тој понекогаш беше толку слаб, што одвај можеше да излезе од ќелијата, и богомолците го чекаа неговото излегување по неколку дена. За Аљоша не се поставуваше прашањето зошто го сакаат тие, зошто пред него паѓаат ничкум и плачат од милина штом ќе му го видат лицето. О, тој, одлично сфаќаше дека за смирената душа на рускиот прост човек измачена со работа и со

мака, и, што е најважно, со вечна неправда и вечен грев, како свој, така и светски, нема поголема потреба и утеха освен да најде свето место или светител, да падне пред него и да му се поклони: „Ако кај нас има грев, лаги и искушенија, сепак таму некаде на земјава, постои светител и повисок од нас; затоа во него е вистината, затоа тој ја знае вистината: значи таа не умира на земјава, па некогаш, значи, ќе дојде и кај нас, и ќе завладее на сева земја, како што е ветено.“ Знаеше Аљоша дека токму така чувствува, па дури и мисли народот, тој го разбираше тоа, но дека старецот е токму тој светител, тој чувар на божјата вистина во очите на народот — во тоа ни тој не се сомневаше ни најмалку, заедно со расплаканите селани, и нивните болни жени, што му ги подаваа на старецот своите деца. Убедувањето, пак, дека старецот, кога ќе почине, ќе му обезбеди необична слава на манастирот, владееше во душата на Аљоша можеби повеќе отколку кај некој друг во манастирот. Воопшто, во последно време некаков длабок, пламенен внатрешен восхит сè посилно се разгоруваше во неговото срце. Ни малку не го збунуваше што старецот сепак пред него стои како осамена појава: „сеедно, тој е светец, во неговото срце се крие тајната на преродбата на сите, онаа моќ што најпосле ќе воспостави правда на земјава, и сите ќе бидат свети, и ќе се сакаат еден со друг, и не ќе има веќе ни богати, ни сиромашни, ни такви што се дигаат, ни понижени, туку сите ќе бидат како божји деца, и ќе настапи вистинско Царство Христосово“. Ете за што мечтаеше срцето на Аљоша.

Изгледа дека на Аљоша најсилен впечаток му направи доаѓањето на неговите двајца браќа, кои дотогаш воопшто не ги познаваше. Со братот Дмитриј Фјодорович се здружи побрзо и поблизу, иако овој дојде подоцна, отколку со другиот (едноутробниот) свој брат Иван Фјодорович. Тој многу сакаше да го запознае својот брат Ивана; но, ете, овој веќе два месеца живееше тука, и макар што често се гледаа, воопшто не се зближија: Аљоша и самиот беше молчалив, и како да чекаше нешто, како да се срамеше од нешто, а брат му Иван, иако Аљоша отпрвин ги забележа на себе него-

вите продолжителни и љубопитни погледи, набргу престана и да мисли за него. Аљоша тоа го забележа со некаква збунетост. Тој мислеше дека таа рамнодушност на брат му доаѓа од разликата во годините, а особено во образованието. Но, мислеше и друго: толку малата љубопитност и наклоност спрема него, кај Ивана можеби доаѓаше и од нешто што на Аљоша му беше сосем непознато. Нему сè некако му се чинеше дека Иван е зафатен со нешто, со нешто внатрешно и важно, дека нагло се стреми кон некаква цел, можеби многу тешка, така што не му е до него, и дека, ете, тоа е единствената причина што гледа на Аљоша расеано. Аљоша размислуваше и за тоа: дали тука нема некаков презир спрема него, глупавичок искушеник, од страна на ученият атеист. Точно знаеше дека брат му е атеист. Поради тој презир, ако го имаше, тој не можеше да се најде навреден. Сепак со некаква нему несфатлива и немирна збунетост очекуваше брат му да посака да му се приближи. Братот Дмитриј Фјодорович се изразуваше за брата си Ивана со најдлабока почит, со некое посебно длабоко чувство. Од него Аљоша ги дозна сите подробности на тоа важно прашање што во последно време двајцата постари браќа ги беше врзало со необична и блиска врска. Одушевувањето на Дмитриј со брата си Ивана беше до толку покарактеристично, во очите на Аљоша, што братот Дмитриј, кога ќе се спореди со Ивана беше речиси сосем необразован; ставени еден до друг, тие, како личности и карактери претставуваа толку очигледна спротивност, што речиси беше невозможно да се измислат два човека помалку слични меѓу себе.

Притоа, ете, во тоа време се случи состанокот или, подобро речено, семејниот собир на сите членови на тоа нехармонично семејство во ќелијата на старецот, што необично влијаеше врз Аљоша. Поводот за тој собир всушност беше лажен. Несогласијата поради наследството и имотните сметки на Дмитриј Фјодорович со татко му, Фјодор Павлович, очигледно беа дојдени до крајните граници. Односите се заостријa и станаа неподносливи. Фјодор Павлович, речиси прв и, речиси, во шега ја нафрли мислата сите да се состанат во ќе-

лијата на стариот Зосима, па, иако нема да прибегнат кон неговото посредување, сепак некако попристојно да се спогодат, при кое чинот и личноста на старецот, би можело да влијаат сериозно и помирливо. Се разбира, Дмитриј Фјодорович, кој не беше дошол кај старецот никогаш, и кој дури никогаш не го имаше видено, веднаш помисли дека татко му сака да го уплаши со старецот, но бидејќи тој самиот себеси потајно се укоруваше поради многуте особено остри истапи во расправиите со татка си, во последно време, ја прими поканата. Притоа напомнувам, дека Дмитриј не живееше во куќата на татка си, како Иван Фјодорович, туку одвоено, на друг крај. Се случи така што Петар Александрович Миусов, кој во тоа време живееше меѓу нас, нарочно се фати за таа идеја на Фјодор Павлович. Либерал на четириесеттите и педесеттите години, слободен мислител и атеист, тој можеби од немање што да прави, а можеби и поради лесномислена забава, во таа работа зеде необично учество. Наеднаш посака да го види манастирот и „светецот". Бидејќи уште траеше неговата парница со манастирот и уште се одолжуваше спорот околу границите на неговиот имот, околу некакви права за сечење шума и за риболов во реката, и друго, тој побрза да го искористи тоа, под изговор и самиот да поразговара со игуменот надевајќи се дека можеби нивниот спор може да заврши некако спогодбено. Посетителот со толку убави намери, се разбира, можеше да биде примен во манастирот повнимателно и попресретливо отколку другите, што доаѓаа само од љубопитство. Поради сите тие околности, во манастирот донекаде можеа да влијаат врз болниот старец кој во последно време речиси воопшто не излегуваше од ќелијата и кој, поради болеста, ги одбиваше дури и обичните посетители. Сè заврши со тоа што старецот даде согласност и беше определен денот на доаѓањето. „Кој ме поставил мене да ги делам?" само толку му рече на Аљоша старецот со насмевка.

Кога дозна за состанокот, Аљоша многу се збуни. Ако некој од тие парничари и противници можеше сериозно да гледа на тој собир, без сомневање, тоа беше само братот Дмитриј. Сите други ќе дојдат заради ле-

сномислени и за старецот можеби навредливи цели — ете што предвидуваше Аљоша. Братот Иван и Миусов ќе дојдат од љубопитност, и тоа можеби од најгруба, а татко му можеби поради некаква лакрдијашка и глумечка сцена. О, иако молчеше Аљоша веќе доволно и длабоко го познаваше татка си. Повторувам, тоа момче никако не беше толку простодушно за какво што го сметаа сите. Со тешко чувство го очекуваше определениот ден. Без сомневање, тој беше загрижен во себе, во своето срце, сите тие семејни расправии некако да се завршат. Но, покрај сето тоа, негова најважна грижа беше за старецот, се плашеше за него, за неговиот углед, се плашеше од навреди, а особено од префинетите учтиви подбивања на Миусов, и од алузиите, одвисоко, на ученият Иван, така си го замислуваше сето тоа. Дури сакаше да ризикува, да му укаже на старецот, да му каже нешто за лицата што му доаѓаат, но се предомисли и замолчи. Само спроти определениот ден, му порача преку еден познат на брата си Дмитриј дека многу го сака и дека очекува од него да го исполни она што го ветил. Дмитриј се замисли, зашто никако не можеше да се сети што му ветил нему, па само со писмо му одговори, дека со сите сили ќе се воздржува „пред долноста“, и, иако длабоко го почитува старецот и својот брат Ивана, убеден е дека тука или нему му е приготвена некаква стапица, или сè е некаква недостојна комедија. „Но, и покрај сето тоа, побргу ќе си го гризнам јазикот отколку да не го удостојам со почит светиот маж кого ти толку го почитуваш“, го заврши Дмитриј писменцето. Аљоша од тоа не беше охрабрен многу.

ВТОРА КНИГА

НЕУМЕСЕН СОБИР

I

Дојдоа во манастирот

Се погоди прекрасен, топол и ведар ден. Беше крајот на август. Состанокот со старецот беше договорен веднаш по литургијата, приближно околу единаесет и пол часот. Но, нашите посетители не дојдоа на службата, туку се довезоа, токму кога луѓето почнаа да се разидуваат. Дојдоа во две коли; со првата елегантна, со два скапи коња, пристигна Петар Александрович Миусов со својот далечен роднина, многу млад човек, од едно дваесетина години, Петар Фомич Калганов. Тоа момче се готвеше да стапи на универзитет, а Миусов, кај кого живееше некое време, го убедуваше да појде со него во странство, во Цирих или во Јена, и таму да се запише на универзитет и да ги доврши студиите. Момчето уште не се беше решило. Беше замислено и некако расеано. Лицето му беше пријатно, беше темелно граден, со доста висока става. Погледот понекогаш му беше чудно здрвен; како сите расеани луѓе, тој понекогаш се пулеше во вас без да трепне и долго, меѓутоа, воопшто не ве гледаше. Беше молчалив и по малку невешт, но понекогаш — впрочем, само кога беше со некого насамо — наеднаш стануваше страшно разговорлив жив, насмеан, и се смееше којзнае зошто. Но неговото одушевување исто така, брзо и наеднаш се гаснеше како што брзо и наеднаш се раѓаше. Секогаш

беше убаво, дури и елегантно облечен; веќе имаше приличен имот, а очекуваше уште многу. Му беше пријател на Аљоша.

Во многу стара, расклацкана, но широка изнајмена кола, со два стари бели коњи, кои многу заостануваа зад колата на Миусов, се довезе Фјодор Павлович со својот син Иван Фјодорович. На Дмитриј Фјодорович уште спроти тој ден му беше соопштен и денот и часот на состанокот, но тој задоцни. Посетителите ја оставија колата крај оградата, во гостилницата, и влегоа низ манастирската капија пеш. Освен Фјодор Павлович, другите тројца речиси, никогаш немаа видено манастир, а Миусов можеби триесетина години не беше влезен ни в црква. Тој се загледуваше со некакво љубопитство, не без извесна наместена отпуштеност. Во неговиот посматрачки дух, освен црковните и економските згради инаку многу обични, ништо не наоѓаше во внатрешноста на манастирот. Излегуваа последните верници од црквата и со капите в раце се крстеа. Меѓу простиот свет имаше и лица од повисокото општество, две-три дами, еден многу стар генерал; сите тие живееја во манастирската гостилница. Просјаците веднаш се собраа околу нашите посетители, но никој ништо не им даде. Само Петруша Калганов, извади од ќесето десет копејки, и, набрзина и збунет, којзнае зошто, наеднаш ѝ ги тутна во раката на една жена, нагло изговарајќи: „поделете подеднакво". Никој од неговите сопатници не му забележа ништо, така што немаше причина да се збуни, но тој, откога го забележа тоа, се збуни уште повеќе.

Но, сепак беше чудно, би требало да ги пречекаат, дури можеби и со некакво посебно внимание; едниот штотуку неодамна му подари на манастирот илјада рубли, а другиот беше многу богат спахија и, така да се каже, еден од најобразованите луѓе, од кого сите тие, тука, донекаде зависеа поради риболовот во реката, поради обртот што можеа да го добие парницата. Па сепак, никој од официјалните лица не излезе да ги пречека. Миусов расеано гледаше на гробните плочи околу црквата, и веќе сакаше да каже дека роднините на тие покојници, сигурно многу плаќале за правото

своите покојници да ги закопуваат на такво „свето“ место, но замолчи: простата и либерална иронија, кај него веќе се претвораше речиси во гнев.

— По ѓаволите, кого да праша човек овде, во овој неред! Тоа би требало да го знаеме, зашто времето си минува — рече наеднаш како за себе.

Одненадеж им пристапи еден постар, прилично келав господин, во широко летно палто и со сладникави очи. Си ја подигна шапката и шиштејќи, им се претстави на сите заедно како тулски чифликчија Максимов. И, веднаш ја подели грижата на нашите патници.

— Старецот Зосима живее во манастирот, во наполно одвоена ќелија, едно четиристотини чекори од црквава, низ шумичкана, преку шумичкана . . .

— И јас знам дека кај него се оди низ шумичкана — му одговори Фјодор Павлович, но не го знаеме добро патот, одамна не сме дојдени.

— А, еве низ вратава, па право по шумичкана . . . преку шумичкана. Ајде, ако ви е по волја . . . и мене ми е . . . и јас ќе . . . еве ваму, одовде.

Минаа низ вратата и се упатија по шумата. Спахијата Максимов, човек од едно шеесет години, не одеше, туку речиси трчаше покрај нив, разгледувајќи ги со трескава, речиси невозможна љубопитност. Очите му беа некако ококорени.

— Видете, ние кај старецот одиме по своја работа — забележа строго Миусов; — ние, така да се каже, добивме аудиенција „кај тоа лице“, и затоа, иако сме ви благодарни за патот, ќе ве молиме да не влегувате заедно со нас . . .

— Јас бев, бев, веќе бев . . . Un chevalier parfait![1]) — чифликчијата пукна со прстите во воздухот.

— Кој ви е тој chevalier?[2]) — праша Миусов.

— Старецот, прекрасниот старец. Честа и славата на манастиров, Зосима. Тој е таков старец!

Неговиот сплеткан говор го прекина еден млад калуѓер, кој ги стигна патниците, во ќулавка, со низичок

---

[1]) Совршен витез (фр.)

[2]) Витез? (фр.)

раст, многу блед и исцрпен. Фјодор Павлович и Миусов застанаа. Калуѓерот многу учтиво, речиси доземи се поклони и рече:

— По вашата посета во скитот, отец Игумен сите вас господа, најпокорно ве моли да ручате кај него. Кај него се руча во еден часот, не подоцна. И вас исто така — се сврти тој кон Максимов.

— Тоа ќе го направам бездруго! — викна Фјодор Павлович, многу зарадуван од поканата — бездруго. И, знаете, сите ние дадовме збор дека овде ќе се однесуваме пристојно... А вие, Петар Александровиќ, дали ќе повелате и вие?

— Како не? Па да, зошто дојдов ваму, ако не за да ги видам сите овдешни обичаи. Мене ми е незгодно само тоа, што сум со вас, Фјодоре Павловичу...

— Да, само уште ни го нема Дмитриј Фјодорович.

— Камо среќа воопшто да не дојде. Вие мислите дека мене ми е пријатно сево ова ваше натегање, па уште и со вас згора на тоа? Значи, ќе дојдеме на ручек, заблагодарете му на отец-игуменот — се сврти Миусов кон калуѓерот.

— Не, јас морам да ве одведам до кај старецот — одговори монахот.

— А јас, штом е така, ќе одам кај отец-игуменот; јас значи, право кај отец-игуменот, зацрцори спахијата Максимов.

— Отец-игуменот сега е зафатен, но како што сакате — нерешително одговори монахот.

— Ужасно здодевен старец — забележи на глас Миусов кога Максимов потрча назад кон манастирот.

— На фон Зона прилега — рече наеднаш Фјодор Павлович .

— Вие ништо друго и не знаете. Зошто тој прилега на фон Зона,

— Сум му ја видел сликата. Ако и не прилега со цртите на лицето, тогаш со нешто необјасниво. Како да е, втор примерок на фон Зона. Јас секогаш го познавам тоа по физиономијата.

— Па можно е, вие ги знаете тие работи. Но еве што, Фјодоре Павлович. Вие пред малку повелавте да споменете дека дадовме збор да се владееме пристојно,

имајте го тоа на ум. Ви велам, воздржете се. А ако почнете да се правите будала, не сакам овде да ме стават во иста вреќа со вас... Гледате ли каков е овој човек — му се обрна Миусов на монахот, — јас просто се плашам да влезам со него кај чесни луѓе.

На бледите бескрвни усни, на малиот монах се покажа фина, нема насмевка, која не беше лишена од своевидна итрост, но тој ништо не одговори, и беше премногу јасно дека замолчил од чувството на сопствено достоинство. Миусов уште повеќе се намурти. „О, ѓавол да ги земе сите, ништо друго туку со векови изработена надворешност, а всушност шарлатанство и глупост!“ си помисли тој.

— А еве го и скитот. Тука сме! — викна Фјодор Павлович. Оградата и вратата се затворени.

И тој почна да се крсти преку целите гради пред светците насликани над вратата и од страните на вратата.

— Во туѓ манастир не се оди со свои правила — забележа тој. — Овде во скитов се спасуваат дваесет и пет светци, се гледаат еден со друг, и јадат зелка. И ниедна женска низ оваа врата нема да мине, ете што е особено важно. И тоа е навистина така. Само како што имам чуено, старецов прима и дами? — му се обрна тој наеднаш на калуѓерот.

— И сега има овде женски пол од простиот свет, ене ги онаму, лежат крај ѕидон, чекаат. А за вишите женски лица уредени се пак, онаму, надвор од манастирската ограда, две собички, ене оние прозорци, и старецот, таму влегува преку внатрешен премин, кога е здрав, тоест, надвор од оградата. Ете, и сега една госпоѓа, харковска спахика, госпоѓа Хохлакова, чека со својата дамлосана ќерка. Веројатно ветил дека ќе излезе кај нив, иако во последно време е толку ослабен, што и меѓу народот одвај се појавува.

— Значи сепак постои премин од скитот до госпоѓите. Немојте да помислите, свети оче, дека јас нешто, јас тоа само така. Во Света Гора, не знам дали сте го слушнале тоа, не само што не дозволуваат женски посети, туку жените воопшто не се допуштаат, ни-

какво суштество од женскиот род. Ни кокошка, ни ќурка, ни јуници . . .

— Фјодоре Павлович, јас ќе се вратам, и ќе ве оставам сам, а вас, кога ќе си одам, ќе ве земат за раце и ќе ве извадат надвор, тоа ви го велам однапред.

— А со што ви пречам јас, Петар Александрович? Погледајте — викна тој наеднаш, пречекорувајќи ја оградата на скитот, видете, во каква долина на ружите живеат тие!

Навистина, иако сега немаше ружи, имаше голем број ретки и прекрасни есенски цвеќиња, секаде каде што можеле да ги посадат. Очигледно ги одгледувала вешта рака. Цветните леи беа направени крај црковната порта и меѓу гробовите. Околу куќичката во која се наоѓаше ќелијата на старецот, дрвена приземна, со трем пред влезот, имаше исто така многу цвеќиња.

— А дали го имаше тоа за време на поранешниот старец, Варсонофиј? Тој, велат, не ја љубел убавината, го напаѓал и го тепал со палката дури и дамскиот пол, — забележа Фјодор Павлович, качувајќи се по скалите.

— Старецот Варсонофиј, навистина понекогаш изгледаше како јуродив, но се раскажуваат и многу глупости. А со палката никогаш никого нема тепано — одговори калуѓерот. — Сега пак, господа, причекајте малку, јас ќе ве пријавам.

— Фјодоре Павлович, последен пат ви велам, слушајте. Однесувајте се убаво, инаку јас ќе ви наплатам — стигна уште еднаш да промрмори Миусов.

— Сосем е несфатливо зошто сте во толку голема возбуда — подбивно забележи Фјодор Павлович — или можеби се плашите од вашите гревови? зашто, велат, тој по очите познавал кој со што доаѓа. И колку високо го цените нивното мислење, вие, таков парижлија и напреден господин, просто ме зачудивте. Да!

Миусов не стаса да одговори на тој сарказам, ги замолија да влезат. Тој влезе малку подналутен . . .

„Ех, сега однапред знам; лут сум, ќе почнам да се расправам . . . ќе почнам да се нервирам, — и себеси и идејата ќе ја понижам“ — му мина низ главата.

II

Стариот шут

Влегоа во собата речиси во исто време кога и старецот, кој излезе од својата собичка за спиење штом се појавија тие. Во ќелијата, уште пред нив, доаѓањето на старецот го очекуваа двајца скитски иеромонаси; едниот беше отецот библиотекар, а другиот отец Паисиј, болежлив човек, не толку стар, и како што се раскажуваше за него, многу учен. Освен тоа, чекаше, стоејќи во аголот, и за сето време остана, да стои, едно момче, навидум на дваесет и две години, во цивилно долго палто, семинарист и иден теолог, кого, поради нешто, го помагаа и манастирот и браќата. Имаше доста висок раст, лицето му беше свежо, со широки јаболчници, со паметни и внимателни ситни костенливи очи. Лицето му изразуваше полна учтивост, но пристојна, без забележливо умилкување. Гостите, што влегоа, тој дури и не ги поздрави со поклон, како лице што не е рамно со нив, туку напротив, потчинето и зависно.

Старецот Зосима влезе придружен од еден искушеник и од Аљоша. Иеромонасите станаа и го поздравија со најдлабок поклон, допирајќи ја земјата со прстите, потоа, откако примија од него благослов, му ја целиваа раката. Откако ги благослови, старецот на секого му одговори со таков поклон, допирајќи ја исто така земјата со прстите, па од секого од нив побара благослов и за себеси. Сета таа церемонија мина многу сериозно, никако не како некој секојдневен обред, туку речиси со некакво чувство. Но, на Миусов му се стори, дека сето тоа се прави намерно, заради впечаток. Тој стоеше пред своите другари, што влегоа со него. Би требало — тој за тоа и размислуваше синоќа, не обзирајќи се на никакви идеи, исклучиво од простата пристојност (штом овде веќе е таков обичајот), да се пристапи и да се прими благослов од старецот, барем да се прими благослов — ако веќе не му се целива раката. Но, кога го виде сега сето тоа кланање и целивање на двајцата иеромонаси, тој во еден миг ја измени одлуката: достоинствено и сериозно, доста ниско се

поклони на светски начин, и се доближи до столот. Исто така постапи и Фјодор Павлович, сосем како мајмун имитирајќи го Миусова. Иван Фјодорович, се поклони многу достоинствено и учтиво, но, исто така, во став мирно, а Калганов, толку се збуни што воопшто не се поклони. Старецот ја спушти раката која веќе беше дигната за да благослови, па откако им се поклони по вторпат, ги замоли сите да седнат. На Аљоша му надојде крв во образите: му беше срам. Се остварува неговите лоши претчувства.

Старецот седна на едно мало кожно канабе, од махагон, од многу стара изработка, а гостите, освен двајцата иеромонаси, ги седна, покрај спротивниот ѕид, сите четворица напоредно, на четири стола од махагон, обложени со црна многу излижана кожа. Иеромонасите седнаа отстрана, еден до вратата, друг до прозорецот. Семинаристот, Аљоша, и искушеникот и понатаму стоеја. Ќелијата беше доста мала, и со некаков старински изглед. Предметите и мебелот груби, бедни, и само најпотребното. Две саксии со цвеќиња на прозорецот а во аголот многу икони — едната од нив на Богородица, со огромни размери и сликана веројатно многу време пред црковниот раскол. Пред неа мижуркаше кандило. До неа две други икони во блескави ризи, потоа околу нив направени херувимчиња, порцулански јајца, католички крст од слонова коска, со Матер Долороса, што го гушка тој крст и неколку чудни гравири, дело на големите италијански уметници од минатите векови. Покрај тие убави и скапи гравирани слики, можеа да се видат неколку листови најпрости руски литографии на светци маченици, угодници и други, што се продаваат по една копејка на сите панаѓури. Имаше неколку литографски портрети на руски современи и поранешни архиереи, но тоа веќе по другите ѕидови. Миусов бегло мина со погледот по сета таа „канцеларштина“ и вниманието го сврти кон старецот. Тој го ценеше својот поглед, ја имаше таа слабост што можеше да му се прости, кога ќе се земе во обѕир, дека беше веќе на педесет години, време на животот, во кое паметниот, светски и обезбеден човек, секогаш почнува самиот себеси малку повеќе да се почитува, понекогаш и несакајќи.

Уште од првиот момент старецот не му се допадна. И навистина на лицето од старецот имаше нешто што на мнозина, освен на Миусов, не би им се допаднало. Тој беше низочок подведен човек, на многу слаби нозе, само на шеесет и пет години, но кој поради болеста изгледаше многу постар, барем за десет години. Сето лице, впрочем, многу испиено, му беше посипано со брчки, особено многу ги имаше околу очите. А очите малечкави, јасни, брзи и светкави — како две светли точки. Белузлавата косичка му беше зачувана само околу слепите очи, брадичката мала и ретка, клинеста, а усните, кои често се смешкаа — тенкички како две јаженца, носот не долг, но остар како на птица.

„Според сите знаци злобна и ситна, надуена душичка", му мина низ главата на Миусов. Воопшто тој беше многу незадоволен од себеси.

Отчукувањата на часовникот помогнаа да се почне разговорот. Евтиниот мал ѕиден часовник со тегови, со брзи удари отчука точно дванаесет.

— Погодно време — викна Фјодор Павлович — а мојот син Дмитриј Фјодорович уште го нема. Се извинувам поради него, свештен старецу! (Аљоша целиот се стопи од тоа „свештен старецу"). Јас, пак, секогаш сум многу точен, во минута, имајќи на ум дека точноста е учтивост на краловите.

— Но вие барем не сте крал — промрмори Миусов, не можејќи да се воздржи.

— Да, вистина е, не сум крал. И помислете само, Петар Александрович, јас и самиот го знаев тоа, богами! И, ете, секогаш ќе речам така нешто незгодно! Ваша преподобност — викна тој, со некаков моментален патос — вие навистина пред себе гледате шут. Како таков и ви се претставувам. Стара навика, за жал! И тоа што понекогаш дрдорам што не треба, тоа е дури намерно: ми прави задоволство да ги насмеам другите и да бидам пријатен, нели? Доаѓам јас така пред едно седум години во една паланка — таму имав некакви работички, зашто таму со некои трговчиња бев стапил во некаква компаниичка. Отидов кај исправникот, требаше нешто да го замолам, и да го поканам кај нас на ручек. Излегува исправникот, висок, полн, русокос и

намуртен човек — најопасен субјект во такви ситуации: боледува од црниот џигер. Јас право кај него, и, знаете ли, со вештина на светски човек му велам: „Господин исправнику, бидете, реков, наш, така да се каже, Направник?“ — „Како тоа, вели, Направник?“ — веднаш гледам, во првата половина на секундата, дека работата не е погодена; тој сериозен, упорен. „Јас — реков — сакав да се пошегувам, заради општа забава, зашто господин Направникот е наш познат руски капелник, а нам сега, заради слога во нашето претпријатие, токму и ни треба еден вид капелник“ . . . И, подробно, мислам, разјаснив, и споредив, нели? „Извинете“ — вели тој — „јас сум исправник, и не дозволувам од моето звање да се прават каламбури“. Се сврти и си отиде. Јас по него викам: „Да, да, вие сте исправник, а не Направник!“ — „Не, вели, кога веќе е речено, значи јас сум Направник“. И замислете, пропадна нашата работа! И сè кај мене е така, секогаш така. Јас бездруго си правам штета себеси со својата љубезност! Еднаш, пред многу години, ѝ велам на една личност, од големо влијание: „Вашата сопруга е деликатна жена“, тоест во поглед на честа, така да се каже со морални особини. А тој мене наеднаш на тоа: „А дали вие сте ја голичкале?“ Тогаш јас не се воздржав, туку помислив, де, реков, да се направам љубезен: „Да, реков, ја голичкав“, тогаш тој ме заголичка мене . . . Само, тоа беше одамна, така што веќе не ми е ни срам да го раскажувам . . . Ете, секогаш јас така, си правам штета.

— Вие и сега го правите тоа — промрмори Миусов со одвратност.

Старецот молкома ги гледаше и едниот и другиот.

— Навистина? Замислете си само, и тоа го знаев, Петар Александрович, и дури знаете ли, насетував што правам, штом почнав да зборувам, па, знаете ли, претчувствував и дека вие прв ќе ми забележите за тоа. Во моментите кога ќе видам дека шегата, ваша преподобност, не ми поаѓа по рака, обата образа ќе почнат да ми се лепат за долните непца, и ќе почувствувам некаков грч; тоа ми остана уште од младоста, кога живеев од милост кај благородниците како безделник, и на тој начин заработував леб за себе. Јас сум еден вистински

будала, од раѓањето — исто ваша преподобност, како јуродивите; не откажувам дека можеби во мене се наоѓа и нечист дух, впрочем, од помал калибар; некој малку поважен, би си избрал друг стан, само не вашиот, Петар Александрович, зашто ни вие не сте којзнае во каков стан. Но, затоа јас верувам во бога, верувам. Јас само во последно време почнав малку да се сомневам, затоа сега еве и седам и очекувам големи зборови. Јас, ваша преподобност, сум како филозофот Дидро. Дали ви е познато, најсветол оче, како Дидрофилозофот, дошол кај митрополитот Платон за време на царицата Екатерина. Влегува, па наеднаш: „Нема бог!“ При кое големиот светител го кренал прстот и одговорил: „Рече безумникот во своето срце: нема бог!“ А тој, така како што дошол, му се фрлил пред нозете. „Верувам, викнал тој, и го примам крштењето“. Па така, таму веднаш го крстиле. Кнегињата Дашкова му била кума, а Потемкин кум.

— Фјодоре Павлович, тоа е веќе неподносливо! Вие и самиот знаете дека лажете, и дека таа глупава анегдота, не е вистина, па зошто се подбивате, — проговори Миусов, со треперлив глас, зашто веќе никако не можеше да се воздржи.

— Целиот живот чувствував дека не е вистина! — викна Фјодор Павлович со занес. — И затоа господа, ќе ви ја кажам целата вистина. Голем старецу! Простете, јас последното, тоест тоа за крштењето на Дидро, го измислив сега, во овој момент, додека раскажував, а порано никогаш не ми дошло на ум. Го измислив заради пикантерија. И се подбивам, Петар Александрович, за да бидам помил. А, впрочем, понекогаш ни самиот не знам зошто. А колку до Дидро, она „рече безумникот“, веројатно дваесетпати сум го слушнал токму од овдешните спахии уште во младите години, кога живеев од нивниот леб, и од вашата тетка, Петар Александрович, од Мавра Фоминишна, меѓу другото, исто така, сум го слушал. Сите тие и до денешен ден се уверени дека безбожникот Дидро доаѓал кај митрополитот Платон за да расправа за бога...

Миусов стана, не само со загубена стрпливост, туку речиси како заборавен. Беше бесен и чувствуваше

дека е смешен поради тоа. И навистина, во ќелијата се случуваше нешто невозможно. Во истата таа ќелија, можеби веќе четириесет или педесет години, уште за време на поранешните старци, се собирале посетители, но секогаш со најдлабоко страхопочитување, не поинаку. Речиси сите што биле пуштени тука, влегувајќи во ќелијата сфаќале дека со тоа им се укажува голема милост. Мнозина паѓале на коленици и не станувале за сето време на посетата. Мнозина, дури „виши" лица, и дури од многу учените, па не само тоа, туку и некои слободни мислители, што доаѓале или од љубопитство или од некаква друга причина, влегувајќи во ќелијата со другите, или добивајќи состанок насамо, сметале дека им е прва должност сите до еден, да имаат најдлабока почит и деликатност за сето време на состанокот дотолку повеќе што овде не се даваа пари, туку само од едната страна имаше љубов и милост, а од другата — каење и желбата да се реши некакво тешко прашање на душата или тежок момент во животот на сопственото срце. Така што сега ваквото шегачење на Фјодор Павлович без почит спрема местото на кое се наоѓаше, ги збуни и ги зачуди присутните или барем некои меѓу нив. Впрочем, иеромонасите ни најмалку не го изменија својот израз, со сериозно внимание, гледаа што ќе каже старецот, но, речиси, се готвеа да станат, како Миусова, Аљоша беше готов да заплаче и стоеше со наведната глава. Најчудно му се чинеше тоа, што брат му, Иван Фјодорович во кого тој веруваше, и кој единствен имаше толкаво влијание врз таткото, што можеше да го задржи — седеше сосем неподвижно на својот стол, со сведнат поглед и очигледно со некаква љубопитност очекуваше како ќе заврши сето тоа, како да беше наполно туѓ човек. Во Ракитин (семинаристот кој на Аљоша, исто така, му беше познат и речиси близок, Аљоша не можеше ни да погледа: тој ги знаеше неговите мисли (иако ги знаеше само Аљоша, во целиот манастир).

— Простете ми... — рече Мијусов, обрнувајќи му се на старецот — што можеби и јас ви изгледам како соучесник во оваа недостојна шега. Моја грешка е што поверував дека таков човек како Фјодор Павло-

вич при посетата на толку почитувано лице, ќе сака да ја сфати својата должност . . . Не мислев дека ќе морам да се извинувам токму поради тоа што дојдов со него.

Петар Александрович не одговори и, сосем збунувајќи се веќе сакаше да си излезе од собата.

— Немојте да се вознемирувате, ве молам — стана наеднаш од своето место на своите слабички нозе, старецот и, откако го зеде за обете раце Петар Александрович, пак го седна во фотељата. Бидете мирен, ве молам. Јас посебно молам да бидете мој гостин — па откако му се поклони и се сврти, седна пак на своето мало канабе.

— Голем старецу, кажете: дали ве навредувам со мојата живост, или не? — викна наеднаш Фјодор Павлович, фаќајќи се со обете раце за потпирачот од фотељата и речиси готвејќи се да скокне од неа, според тоа каков ќе биде одговорот.

— И вас најубаво ве молам да не се вознемирувате, и да бидете слободен — му проговори старецот, со убедлив глас. — Не стеснувајте се, чувствувајте се сосем како во своја куќа. А, што е најважно, не срамете се толку од себеси, зашто сè произлегува од тоа.

— Сосем како дома? Тоест во природна состојба? О, тоа е многу, премногу, но, со трогнатост прифаќам! Туку, знаете ли, благословен отец — вие мојата природна состојба не предизвикувајќи ја, не ризикувајте . . . до природната состојба јас ни самиот нема да дојдам. Ви укажувам на тоа за да ве зачувам. Така, а другото сè уште е подложено на мракот на неизвесноста иако некои би сакале да ме намачкаат. Тоа го велам на ваша адреса, Петар Александрович, а вам, пресветло суштество, еве што: пред вас јас излевам восхит! Тој малку се придигна, и, кревајќи ги рацете рече: „Блажена да е утробата што те носела и боските што те хранеле. Боските особено". Вие пред малку со вашата забелешка „не плашете се толку од себеси, зашто сето излегува од тоа" — вие со таа забелешка сосем ме боцнавте и ме прочитавте внатре. Мене, секогаш така и ми се чини, дека кога влегувам меѓу луѓето, сум подал од сите, и дека сите ме сметаат за будала, па си

велам „ајде навистина и да глумам будала, не се плашам од вашето мислење, затоа што сите вие до еден сте поподли од мене!“ Ете, затоа и сум будала, од срам сум будала, голем старецу, од срам. Само поради недовербата правам истапи. Зашто ако сум уверен, дека кога влегувам некаде, сите ќе ме сметаат за мил и паметен човек, господи, колку добар човек би бил јас тогаш!... учителу! — наеднаш тој клекна на колени-ци — што да направам за да го добијам вечниот живот?

Дури и сега беше тешко да се определи дали прави шега или навистина беше толку трогнат.

Старецот го подигна погледот на него и со насмевка рече:

— Вие самиот многу добро знаете што треба да правите, имате доста ум, не предавајте му се на пијанството, и на невоздржливоста на говорот, не предавајте му се на развратот, а особено на обожавањето на парите, затворете ги вашите крчми — ако не можете сите, макар две-три. Што е најважно — не лажете.

— Тоест, вие тоа поради Дидро, нели?

— Не, не сосем поради Дидро. Најважно е, себеси да не се лажете. Оној што се лаже себеси, и ја слуша својата лага, тој доаѓа дотаму, што никаква вистина, ни во себе, ниту околу себе не забележува, значи доаѓа до непочитување и спрема себеси и спрема другите. А штом не почитува никого, тој тогаш и спрема другите е таков. А штом не почитува никого, тој престанува и да сака а за да може така да се забави и да се разоноди, им се предава на страстите и на другите наслади, и сосем доаѓа до скотство во своите пороци, а сето тоа од непрестајно лажење и на луѓето и себеси. Тој што се лаже себеси, полесно од кој и да било друг и ќе се најде навреден. Зашто да се најдеш навреден, понекогаш е многу пријатно, нели? Убаво знае човекот дека никој не го навредил,. туку дека си ја измислил навредата и си лажел заради убавина, самиот ја преувеличил, за да создаде некаква слика, се закачил за збор па од дрвото направил шума, — сето тоа го знае и самиот, па сепак прв се наоѓа навреден, се чувствува навреден до пријатност, до чувство на големо задоволство, а со тоа

во исто време доаѓа и до вистинско непријателство... Ама чекајте, седнете, ве молам убаво, зашто сите тие движења ви се лажни.

— Блажен човеку! Дајте ми го рачето да ви го бацам — потскокна Фјодор Павлович и брзо го цмокна старецот во слабичката рака. — Навистина, навистина пријатно е да се најдеш навреден. Тоа толку убаво го рековте, што такво нешто никогаш и не сум слушнал. Јас навистина, навистина, целиот свој живот, се наоѓав навреден до пријатност, заради естетика се наоѓав навреден, зашто не само што е пријатно, туку понекогаш дури е и убаво да бидеш навреден; — ете што заборавивте, голем старецу: убаво! Тоа ќе го забележам в тетратка. А лажев, лажев — просто целиот живот, секој ден и час. Навистина јас сум лажго, и татко сум на лажењето! Впрочем, речиси, не татко на лажењето, тука секогаш ме бунат книгите, но, да речеме, син на лажењето, доста ќе биде и тоа. Само... ангеле мој... она за Дидро понекогаш е можно! Од Дидро нема штета, а од понекој збор има штета. Навистина, голем старецу, веќе имав заборавено, а уште пред три години решив да се распрашам овде, поправо да дојдам ваму и посебно да се распрашам и да дознам: само не давајте му на Петар Александрович да ме прекинува. Еве што ќе ве прашам: вистина ли е, голем татко, тоа што во житијата на светците понекогаш се раскажува за некаков свет чудотворец, кого го мачеле за верата, па кога најпосле му ја пресекле главата, тој станал, ја кренал својата глава и „љубезно ја целиваше", и долго одел носејќи ја во рацете и „љубезно ја целиваше". Вистина ли е тоа, или не, чесни оци?

— Не, не е вистина — рече старецот.

— Ништо слично во сите житија на светците не постои. За кој светец, велите, дека го пишува тоа? — праша иеромонахот, отецот библиотекар.

— Ни самиот не знам за кого. Не знам и немам поим. Излаган сум, така ми кажувале. Сум слушал... а знаете ли кој ми го кажуваше тоа? Петар Александрович Миусов, овој што пред малку се налути поради Дидро. — Токму тој го кажуваше.

— Никогаш јас не сум ви го кажувал тоа, јас со вас никогаш и не зборувам.

— Вистина, мене не ми го раскажувавте, но го кажувавте во друштво каде што се наоѓав и јас. — Тоа беше пред четири години. Јас го споменав тоа зашто вие со таа смешна приказна ја поколебавте мојата вера, Петар Александар. Вие не го знаевте тоа, а јас се вратив дома со расколебана вера и од тоа време сè повеќе и повеќе се колебам. Да, Петар Александрови, вие бевте причина за големото паѓање! Сега веќе тоа не е Дидро.

Фјодор Павлович патетички фати да гестикулира иако веќе наполно им беше јасно на сите дека сега пак се преправа. Но Миусова тоа сепак многу го заболи.

— Какви будалштилаци! Сето тоа се лудости! — мрмореше. — Навистина, можеби сум зборувал некогаш, само не вам. Мене тоа некој ми го кажа. Во Париз го слушнав од еден Француз, дека божем, кај нас во црквата се чита тоа во Житијата на светците... Тоа е еден многу учен човек, што посебно ја проучувал статистиката на Русија... додека живеел во Русија. Самиот јас Житијата на светците не сум ги читал... а нема ни да ги читам... Впрочем, зарем малку работи се кажуваат за време на ручек?... Ние тогаш ручавме...

— Да, вие тогаш ручавте, а јас ја изгубив верата! — го подбуцнуваше Фјодор Павлович.

— Што ми е мене грижа за вашата вера! — викна сега Миусов, но наеднаш се воздржа, велејќи со презир: — Вие буквално сè ќе изгнасите до што ќе се допрете.

Старецот наеднаш стана:

— Простете, господа, што засега ве оставам, само за неколку минути — рече тој, обрнувајќи им се на гостите, — но ме чекаат некои што се дојдени пред вас. А вие, сепак, не лажете! — додаде тој, свртувајќи се кон Фјодор Павлович со весело лице.

И излезе од ќелијата. Аљоша и искушеникот се спуштија да го одведат по скалите. Аљоша се гушеше, со задоволство би си отишол, но и му е мило што старецот не е навреден и што е весел. Старецот се упати кон галеријата за да ги благослови тие што го очеку-

ваа. Но, Фјодор Павлович го задржа на вратата од ќелијата.

— Преблажен човеку! — викна тој чувствено — дозволете ми уште еднаш да ја бацам вашата рачичка. Не, со вас уште може да се зборува, може да се живее. Вие мислите дека јас секогаш сум толку глупав и дека се преправам во будала? Знајте, значи, дека за сево ова време јас намерно така се преправав, само за да ве испитам. Јас целото време само испитував: дали може да се живее со вас? Дали има место за мојата смиреност покрај вашата гордост? Ви давам пофалби: со вас може да се живее! А сега, молкнувам, ќе молчам цело време. Ќе седнам во фотељата и ќе молчам. Сега Петар Александрович, вам ви е редот до зборувате, вие сега останавте најважната личност . . . за десет минути.

III

Побожни селанки

Долу кај дрвената појата, доградена покрај надворешниот ѕид на оградата, овој пат се собраа само жени, дваесетина селанки. Ги известија дека старецот најпосле ќе излезе и тие се собраа, очекувајќи го. На тремот излегоа и спахијките Хохлакови, кои, исто така, го очекуваа старецот, но во одделението определено за посетителки од вишиот сталеж. Тие беа две: мајка и ќерка. Госпоѓа Хохлакова, мајката, богата и секогаш со вкус облечена дама, уште беше доста млада и со многу пријатен изглед, малку бледа, со многу живи и скоро сосем црни очи. Таа немаше повеќе од триесет и три години, а веќе пет години беше вдовица. Нејзиното четиринаесетгодишно девојче беше фатено во нозете. Кутрото девојче не можеше да оди веќе половина година, и го возеа во долга удобна фотеља на тркала. Тоа беше прекрасно лице, малку мршаво од болеста, но весело. Нешто ѓаволесто блестеше во нејзините темни големи очи со долги трепки. Мајка ѝ уште од пролетоска се готвеше да ја одведе во странство, но летоска задоцнија поради работите на имотот. Тие веќе речиси

една недела живеат во нашиов град, повеќе поради своите работи, отколку поради богомолците, но еднаш, пред едно три дена, веќе беа кај старецот. Сега ненадејно пак дојдоа, иако знаеја дека старецот веќе речиси никого не може да го прими, и упорно молеа за „среќа уште еднаш да го видат големиот исцелител". Очекувајќи го излегувањето на старецот, мајката седеше на стол, покрај количката на ќерка си, а на два чекора од неа, стоеше старец — монах, кој не беше од овој манастир, туку дошлак од едно оддалечено, северно, малку познато братство. Тој, исто така, сакаше да добие благослов од старецот. Но штом се појави на трем от, старецот тргна најпрвин кон народот. Луѓето почнаа да се туркаат накај тремот на трите скалила, што го спојуваа нискиот трем со полето. Старецот застана на горното скалило, го облече епитрафилот, и почна да ги благословува жените што се туркаа накај него. Довлекоа до него една икачка, за обете раце. Таа, само што го забележа старецот, наеднаш почна да ика, припискувајќи некако диво, и целата се затресе. Старецот ѝ ја покри главата со епитрафилот, и изрече над неа кратка молитва, а таа веднаш се стивна и се смири. Не знам како е денеска, но јас во своето детство често имав можност во селата и во манастирите да гледам и слушам такви икачки. Нив ги доведуваа в црква на служба, тие икаа, или лаеја како кучиња, така што ечеше црквата; но кога ги изнесуваа подароците, и кога нив ги доближуваа кон подароците, веднаш „бесот" престануваше и болните вчас за нёкое време се смируваа. Мене, како дете тоа многу ме изненадуваше и ме чудеше. Но тогаш на сите прашања, слушнав од некои спахии, а особено од своите учители дека сето тоа е преправање, само за да се извлечат од работа, и дека тоа секогаш може да се искорени со соодветна строгост, при кое заради потврда, се изнесуваа разни анегдоти. А после, со чудење, дознав од стручњаци — лекари, дека тука нема никакво преправање, дека тоа е страшна женска болест, и се чини, особено кај нас во Русија, сведочи за тешката положба на нашата селска жена, болест што потекнува од исцрпувачката работа,

премногу брзо по тешко, неправилно раѓање без медицинска помош; освен тоа, од безизлезна тага, од добиени удари, и друго, што по некои женски природи не можат да ги поднесат. А чудното и моментно излекување на бесната и вознемирена жена, излекување штом ќе ја приведат кај подароците, што ми го објаснуваа како преправање, и над сè волшебништво кое како да го наместуваа „клерикалците“ се случуваше веројатно по најприроден начин, и жените што ја вадеа болната кон подароците, а што е најважно, и самата болна жена, наполно веруваа како во утврдена вистина дека нечистиот дух, што завладеал во болната, не може да издржи штом болната ќе ја доведат до подароците и ќе ја наведнат пред нив. И затоа секогаш се случуваше (и мораше да се случува) во нервозната, а, се разбира, и душевно болната жена, некој потрес на целиот организам во моментот на нејзиното клањање пред подароците, потрес предизвикан со очекувањето на сигурно чудо, излекување, и со најполната вера дека тоа ќе се случи. И тоа се случуваше, макар само за еден момент. Па така се случи и сега, само што старецот ја покри болната со епитрафилот.

Голем број од жените што се туркаа за да дојдат до него, се облеваа со солзи на милина и восхит, што го предизвикуваше ефектот на моментот; други настојуваа да ги бацат макар деловите на неговата облека, некои, пак, тажеа. Тој сите ги благословуваше, а со некои разговараше. Икачката веќе ја знаеше, неа ја имаа доведено одблизу, од едно село, на само шест врсти од манастирот, а и порано му ја доведувале.

— Оваа е оддалеку! — покажа тој на една уште доста млада жена, но многу слаба и исцрпена, не подгорена, туку само поцрнета во лицето. Таа клечеше и со здрвен поглед гледаше во старецот. Во нејзиниот поглед имаше нешто избезумено.

— Оддалеку, оче, оддалеку! Триста врсти одовдека. Оддалеку, оче, оддалеку! — велеше жената растегнато, некако рамномерно нишкајќи со главата ваму-таму и држејќи си го лицето со рака. Зборуваше како да потпевнува.

Во народот има некаков нем и стрплив јад; тој се повлекува во себе и молчи. Но постои и јад што го скршува човекот: тој наеднаш избива со солзи, и од тој момент преминува во тажење. Тоа особено се случува кај жените. Но тој не е полесен од немиот јад. Тажењата олеснуваат ама, уште повеќе го трујат и го раскинуваат срцето. Таквиот јад не бара ни утеха, се храни со чувството на својата незаситливост. Тажењата тука се само потреба за постојано да се разјадува раната.

— Вие сте, чинам, граѓанка — продолжи старецот, загледувајќи се во неа љубопитно.

— Од град сне, отец ,од град. Селани сне, но граѓански, в град живејме. Дојдов кај тебе за да видам, отец. Сне слушале за тебе, баќушка, сне слушале. Синчето малечкаво си го закопав, дојдов да го молам господа. Сум била во три манастири, па ми рекоа: „Намини, Настасјушка и ваму", тоест кај вас, баќушка, кај вас. Дојдов, вчера ја слушав службата, а денес еве ме кај вас.

— А зошто тагуваш?

— Синчето си го жалам, баќушка, имаше три годинки, уште три месеца, па три годинки. Поради синчето се мачам, баќушка, поради синчето. Последното синче ми остана, четири имавне јас и Никитушка, но не ни стојат децата, не стојат, драги, не стојат. Три постари закопав, не ги ни жалев толку многу, а последниов што го закопав, не можам да го заборавам. Ете, токму како пред мене да стои, не се тргнува. Душава ми ја исуши. Ќе ги видам неговите алишта, кошулчето или чизмичките, па ќе залелекам. Ќе наместам тоа што останало по него, секое негово нешто, гледам и лелекам. Му велам на Никитушка, на мојот човек: пушти ме, господару, да одам кај богомолците. Тој е колар, не сне сиромаси, баќушка, не сне сиромаси, работиме, си печалиме, сè што ни треба си имаме, и коњи, и кола. Но чуму ни е сега сето имање? Почна да пие без мене мојот Никита, вистина е ова што ти го велам; а и порано: само ако се свртам некаде, тој веднаш попушта. А сега за него и не мислам. Еве три месеци како излегов од дома. Сè заборавив, сè заборавив и нејќам да се се-

ќавам; а и што ќе правам со него? Завршив со него, завршив, завршив со сè на светов. Не можам да ја гледам куќата, ниту имањето, и ништо не можам да гледам.

— Види, мајко — проговори старецот, — еднаш еден стар и голем светител видел во храмот иста ваква, како тебе расплакана мајка, и, исто така, по своето синче-единче што ѝ го зел господ. „А зарем не знаеш — ѝ рече светителот — колку смели се таквите деца пред престолот господов? И нема некој посмел од нив во царството небеско: „Господе, ти ни го подари животот, — му велат тие на бога — и штотуку го видовме ти ни го зеде назад“ — и толку смело бараат и молат што господ веднаш им дава анѓелски чин. Па затоа — рече светителот — и ти, жено, радувај се. И немој да плачеш, и твоето чедо сега кај господа живее меѓу неговите анѓели“. — Тоа ѝ го рече светителот на расплаканата жена, во старо време. А тој беше голем светител, и не можеше да ѝ каже невистина. Па, знај, значи, и ти, мајко, дека и твоето чедо сигурно сега стои пред господовиот престол, и се радува и се весели, и го моли бога за тебе. Па затоа ни ти не плачи, туку радувај се.

Жената го слушаше потпирајќи си ја со рака главата, но со спуштен поглед. Таа длабоко воздивна.

— Со тоа ме тешеше и мојот Никитушка, истите твои зборови ми ги кажуваше. Вели: „Зошто плачеш, неразумна, нашето синче сега сигурно кај господа пее песни заедно со анѓелите“. Тој мене ми го вели тоа, а и самиот плаче, гледам, плаче како мене. „Знам јас, реков, Никитушка, а каде ќе биде ако не кај господа бога, само овдека со нас, Никитушка, овдека, ете, го нема, како што седеше порано“. И да можам макар само еднаш да го погледам, и не би му се доближила, ниту би му рекла нешто, би се притаила во аголот, само еден единствен пат да го видам, да го слушнам како игра во дворот, како порано само што ќе дојде да викне со своето гласче: „Каде си, мамо?“ Само да можам да го слушнам како еднаш ќе мине по собичката со ноженцата, како со ноженцата прави цуп-цуп! — ете, така често, често, се сеќавам како трча накај мене, вика, и

се смее, само да му ги слушнам ноженцата, да ги слушнам и ќе ги познам! Но го нема, баќушка, го нема, и веќе никогаш нема да го слушнам! Еве го неговото појавче, а него, гледаш, го нема, и никогаш нема да го видам ниту да го слушнам . . . !

Таа извади од пазувите едно мало појавче од своето синче извезено со срма, но само што го погледна сета се затресе од горчлив плач, и ги покри со прсти очите, од кои наеднаш гргнаа солзи како дожд.

— А ова — проговори старецот — ова е древната „Рахила плаче по своите деца ,и не може да се утеши, зашто ги нема“, и таква е вашата мајчинска положба на земјава, така ви делиле. И немој ни да се тешиш, ниту треба да се тешиш, не теши се туку плачи, само, секогаш кога плачеш непрестајно сеќавај се дека твоето синче е едно од ангелите на господа; тоа оттаму те гледа, и се радува на твоите солзи, и на бога му ги покажува. И уште долго време ќе ти трае таа мајчинска тага, но најпосле ќе ти се претвори во чиста радост, и твоите горчливи солзи ќе бидат само солзи на тивка милина и срдечно исчистување, што спасува од гревовите. А твоето малечко ќе го спомнам во молитвите, како му беше името?

— Алексеј, Баќушка.

— Убаво име. Тоа според Алексеј Човек Господов ли е?

— Господов, Баќушка, господов, Алексеј Човек Господов!

— Колку прекрасен светител! Ќе го споменам, мајко, ќе го споменам, и твојата тага во молитвата ќе ја споменам, ќе го споменам и твојот сопруг, господ здравје да му даде. Само грев е што го оставаш. Оди кај твојот маж и чувај го. Оттаму твоето синче ќе забележи дека си го оставила неговиот татко, па поради вас ќе почне да плаче: зошто да го расипуваш неговото блаженство? Па тој е жив, жив, зашто душата живее вечно тој не е кај вас дома, но невидлив е меѓу вас, па како ќе ви дојде дома, кога ти велиш дека си ја замразила вашата куќа? Кај кого ќе дојде, кога вие двајцата, таткото и мајката, нема да бидете заедно?

Ете, ти сега го сонуваш и се мачиш, а тогаш тој ќе ти испраќа благи соништа. Оди кај мажот, мајко, уште денеска оди.

— Ќе одам, драги, по твоите зборови ќе одам. Ми го трогна срцево. Никитушка мој, Никитушка, ме чекаш, гулапче, чекаш! — Фати селанката да реди. А старецот веќе се сврти кон една многу стара жена, облечена не ациски, туку градски. По очите и се гледаше дека има некакво прашање, и дека дошла нешто да соопшти. Рече дека е подофицерска вдовица, не е од далеку од нашиот град. Има синче Васењка. Служи некаде во комесаријатот, но отишол во Сибир, во Иркутск. Оттаму пишал двапати, а еве сега веќе една година не испратил никакво писмо. Се распрашувала за него, но сега веќе не знае ни каде да праша.

— Тогаш-одамна ми рече Степанида Илинишна Бедрјагина, трговка, богата; вели: земи Прохоровна, па запиши го, вели, во црквата твојот син, за да му се споменува душата; однеси го во црквата, и спомени го за покој на душата. Вели, на неговата душа ќе ѝ биде тешко, па ќе ти напише писмо. И тоа е, вели, Степанида Илинишна, цела вистина, веќе многупати посведочена. Само, јас се колебам... Наша светлост, вистина ли е тоа, или не е, и дали ќе биде добро така?

— За тоа немој ни да мислиш. Срамота е и да прашаш. А како е можно живата душа, па уште родената мајка, да ја споменува за покој на душата. Тоа е голем грев, сличен на врацбините, и ти се простува само поради твоето незнаење. Туку подобро е да ѝ се помолиш на небеската царица, на нашата брза застапничка и помошничка, за неговото здравје, а тебе да ти го прости она што си го мислела погрешно. И, еве, уште што ќе ти речам Прохоровна: или тој самиот, твојот син, набргу ќе ти се врати назад, или сигурно писмо ќе ти испрати. Значи, да знаеш. Оди, и отсега биди спокојна. Твојот син е жив, ти велам.

— О, мил наш, нека ти плати господ, добротвору наш, молителу за сите нас, и за нашите гревови!

А старецот веќе забележа во групата две запалени, во него управени очи, на една исцрпена, навидум офтичава, иако уште млада селанка. Таа гледаше мол-

кома, нејзините очи молеа нешто, но како да се плашеше да се приближи.

— Што имаш ти, душо?

— Олесни ја мојава душа, мили — рече таа тивко и полека клекна и му се поклони до нозете. — Згрешив, оче драги, се плашам од мојот грев.

Старецот седна на подолното скалило, жената му се придружи, не станувајќи простум.

— Трета година како сум вдовица — почна таа со полушепот, сосем треперејќи. — Тешко ми беше со мажот, стар беше, страшно ме истепа. Лежеше болен; еднаш така го гледам, па си мислам, а ако оздрави, ако стане пак, што ќе правам тогаш? И тогаш ми дојде мислата . . .

— Чекај, рече старецот, и сосем го доближи увото до нејзините усни. Жената продолжи со тивок шепот, така што речиси ништо не можеше да се фати. Таа брзо заврши.

— Трета година?

— Трета година. Отпрвин не мислев за тоа, а сега почнав да боледувам, ме опфати тага.

— Од далеку ли си?

— Петстотини врсти одовде.

— Го кажа ли тоа при исповедањето?

— Го кажав, двапати го кажав.

— Те пуштија ли на причесна?

— Ме пуштија. Се плашам се плашам од умирачка.

— Од ништо не плаши се, и никогаш не плаши се, и не тагувај. Само каењето да не ти се изгуби — а господ сè ќе ти прости. Зашто ниту има, ниту може да постои на оваа земја таков грев што господ не би му го простил на искрениот покајник. Ниту е човекот кадар да направи толку голем грев за да ја исцрпи безграничната љубов на господа. Зарем може да има толку голем грев што да ја надмине љубовта на господа? Ти грижи се само за непрестајно покајување, а стравот сосем истерај го. Верувај дека господ те сака така како што го сакаш, ти и не помислуваш дека

макар и со својот грев и во твојот грев те сака. А поради еден покајник таму на небо многу се радуваат, повеќе отколку поради десет праведници, речено е одамна. Оди, значи, и не плаши се. Не лути им се на луѓето, од навредите не лути се. На покајникот прости му во срцето, ако те навредил, со него помири се навистина. Ако се каеш, тогаш сакаш, а ако сакаш, е тогаш си господова... Со љубовта сè се откупува, сè се спасува. Та кога јас, ист таков грешник како тебе, се зарадував поради твоето каење, и те пожалив, колку повеќе ќе се зарадува господ! Љубовта е толку непроценливо богатство што со неа не можеш да го купиш целиот свет, и не само своите, туку уште и туѓите гревови можеш да ги откупиш. Оди и не плаши се.

Тој ја прекрсти трипати, го симна од својот врат малото иконче и го стави врз неа. Таа молчејќи му се поклони доземи. Тој стана и весело погледа во една здрава жена со доенче во рацете.

— Од Вишегорје, мили.

— Сепак шест врсти одовде, си се намачила со детенцето. Што имаш ти?

— Дојдов тебе да те видам. Јас сум доаѓала кај тебе, зарем си заборавил? Слабо ти е паметењето штом веќе си ме заборавил. Таму кај нас рекоа дека си се разболел. Ајде, реков, баш ќе одам да го видам: и еве те видов. Кој вели дека си болен? Ти ќе живееш уште дваесет години, верувај ми, господ да ти помогне! Зарем малцина му се молат на господа за тебе, па зарем ти да боледуваш?

— Ти благодарам, мила, за сè.

— Но, штом сум веќе овде, имам една мала молба: еве ти шеесет копејки, подај ѝ ги, мили, на некоја што е посиромашна од мене. Дојдов ваму, па си мислам, подобро да дадам преку него, а тој ќе знае на која да ѝ ги даде.

— Фала, мила, фала, добра жено. Те сакам. Сигурно ќе го сторам тоа. А девојче ли е тоа што го држиш на рацете?

— Девојче, светлино, Лизавета.

— Нека ве благослови господ и двете. И тебе, и чедото, Лизавета. Ми го развесели срцево, мајко. Збогум, мили мои, збогум драги, љубезни.

Тој сите ги благослови и на сите длабоко им се поклони.

IV

Маловерна дама

Госпоѓата спахијка гледајќи ја сцената на разговорот со простиот свет и благословувањето, лееше тивки солзи и ги бришеше со шамиче. Тоа беше многу чувствителна светска дама, и со многу навистина добри склоности. Кога старецот најпосле се доближи до неа, таа го пресретна восхитено:

— Јас многу, многу доживеав, гледајќи ја таа мила и нежна сцена . . . — недозборува од возбуда. — О, јас разбирам зошто ве сака простиот народ, јас и самата го сакам народот, јас имам желба да го сакам, а и како човек да не го сака нашиот прекрасен народ, во својата величина простодушниот руски народ!

— Какво е здравјето на вашата ќерка? Пак ли сакавте да зборувате со мене?

— О, јас многу молев, ве заколнував, бев готова да клекнам, и да клечам и три дена пред вашите прозорци сè додека не ме пуштите внатре. Ние дојдовме кај вас, големиот исцелител, за да ви ја искажеме нашата восхитена благодарност. Та вие мојата Лиза ја излекувавте, ја излекувавте сосем а со што — со тоа што во четвртокот се помоливте за неа, и ги ставивте на неа вашите раце. Ние побрзавме да ги избацуваме тие раце, да ги излееме нашите чувства и нашата страхопочит!

— Како тоа сум ја излекувал? Па таа уште е во фотеља-количка?

— Но ноќните трески сосем престанаа, еве веќе два дена, од четвртокот — нервозно побрза дамата. — И не само тоа: нозете ѝ зајакнаа. Изутрина стана здрава, спиеше цела ноќ видете колку е црвена, колку ѝ блескаат очињата. Порано постојано плачеше, а сега

се смее, весела е, радосна. Денеска сакаше бездруго да ја кренеме на нозе, да стои, па цела минута престоја сама, без ничија помош. Се обложува со мене дека по две недели ќе игра кадрил. Јас го повикав овдешниот доктор Херценштубе; тој собра раменици и вели: се чудам, не знам што да мислам. Па како да не ви досадуваме, да не доаѓаме ваму, да не ви заблагодаруваме? Lise, ама заблагодари се, заблагодари се!

Милното, насмеано лице на Lise наеднаш како да стана сериозно таа се придигна во фотељата колку што можеше, па гледајќи во старецот си ги скрсти пред него рачичките, но не издржа и наеднаш се засмеа . . .

— Јас нему. нему! — покажа таа на Аљоша, детинесто лутејќи се себеси, што не издржала и што се засмеала. Тој што ќе го погледаше Аљоша, кој стоеше еден чекор зад старецот, ќе забележеше на неговото лице нагло црвенило што за миг му ги прелеа образите. Неговите очи блеснаа и се загледаа во земјата.

— Алексеј Фјодорович, таа има порака за вас . . . Како сте ми — продолжуваше мајката, обрнувајќи му се на Аљоша, и подавајќи му рака, во елегантна нараквица. Старецот се обврна и внимателно го погледна Аљоша. Овој се доближи до Лиза и некако чудно и невешто смешкајќи се ѝ подаде рака и нејзе. Lise стана сериозна.

— Катерина Ивановна, преку мене, еве, ви го испраќа ова — и му даде едно писменце. — Посебно ве моли да наминете кај неа, но што побрзо, што побрзо, и да не ја излажете, туку бездруго да дојдете.

— Таа мене ме моли да дојдам? Кај неа . . . А зошто? — се длабоко чудење промрмори Аљоша. Неговото лице наеднаш стана сосем загрижено.

— О, сето тоа е поради Дмитриј Фјодорович и . . . сите тие посебни настани, — набрзина објасни мајката. — Катарина Ивановна сега има донесено едно решение . . . но поради тоа и е потребно бездруго да се види со вас . . . зошто? Се разбира, јас не знам. Но таа ме молеше што побргу да дојдете. И вие тоа ќе го направите, секако ќе го направите, тоа го налага дури и христијанското чувство.

— Јас неа само еднаш сум ја видел — продолжи Алексеј, сè уште збунет.

— О, тоа е многу високо, недостижно суштество!... Дури и поради своите страдања... Замислете што има поднесено таа, што поднесува сега, и замислете уште што ја чека... сето тоа е страшно, страшно!

— Добро, ќе дојдам, — реши Аљоша, прелетувајќи со поглед по краткото и загадочно писменце, во кое немаше никакво објаснување, освен жешка молба да дојде.

— Ох, колку љубезно и прекрасно ќе биде тоа од вас, — викна Lise, одушевувајќи се наеднаш сета. — А јас ѝ реков на мама, воопшто нема да дојде, тој си ја спасува душата. Ох, колку прекрасен сте вие! Јас секогаш мислев дека сте вие прекрасен, и пријатно ми е тоа сега да ви го кажам!

— Lise! — убедливо проговори мајката, но во истиот момент се насмеа и самата.

— Вие и нас нè заборавивте, Алексеј Фјодорович, никако не сакате да дојдете кај нас, а, меѓутоа, Lise двапати ми зборуваше дека нејзе само со вас ѝ е добро. — Аљоша го дигна спуштениот поглед, пак поцрвени, и пак наеднаш со насмеа, не знаејќи ни самиот зошто. Впрочем, старецот веќе не го гледаше него. Стапи во разговор со дошлакот-монах, тој, како што веќе рековме, покрај фотељата на Lise го очекуваше доаѓањето на старецот. Очигледно тој беше од најпростите монаси, тоест, од нижиот сталеж со ограничен непоколеблив поглед на светот, но исполнет со вера и на свој начин упорен. Се претстави дека е од далечниот север, од Обдорск, од Свети Силвестер, откај еден сиромашен манастир со само девет монаси. Старецот го благослови, и го покани да намине кај него во ќелијата кога сака.

— Како се осмелувате да правите такви работи? — праша наеднаш монахот, строго и свечено покажувајќи на Lise. Тој, го имаше на ум нејзиното „исцелување“.

— За тоа, се разбира, уште е рано да се зборува. Олеснувањето уште не е целосно оздравување, а можело да настапи и од други причини. Но, ако и имало нешто, тогаш со ничија друга сила, освен со волјата господова. Сè е од бога. Посетете ме, оче, додаде тој, обрнувајќи му се на монахот — зашто јас не можам во секое време: болен сум, и знам дека деновите ми се избројани.

— О, не, не, бог нема да ве одземе од нас, вие ќе поживеете уште долго време, долго — викна мамичката. — А од што боледувате? Вие изгледате многу здрав, весел, среќен.

— Мене денеска ми е многу полесно но јас веќе знам, дека тоа е само за момент. Мојата болест сега точно си ја знам. А колку за тоа дека ви изгледам весел: никогаш и со ништо не би можеле толку да ме зарадувате, како со таа забелешка. Зашто луѓето се создадени за среќа, и тој што е наполно среќен, навистина е достоен да си каже себеси: „Јас ја исполнив обврската спрема бога на оваа земја“. Сите праведници, сите светци, сите свети маченици биле среќни.

— О, како зборувате, колку смели и возвишени зборови! — викна мамичката. — Ќе речете и како со нож да боцкате. Меѓутоа, среќата, среќата, каде е таа? Кој може за себе да рече дека е среќен? О, кога веќе бевте толку добар па нè пуштивте денеска уште еднаш да ве видиме, тогаш чујте го она што минатиот пат не ви го реков до крај, не смеев да кажам сè: од што страдам, и тоа многу одамна, одамна! Јас страдам, простете ми, јас страдам! . . . — И таа во некакво пламено живо чувство си ги склопи пред него рацете.

— А од што?

— Страдам од . . . недоверба . . .

— Не верувате во бога?

— О, не. Не, не смеам ни да помислам на тоа, но идниот живот — тоа е таква загатка! И никој, сосем никој не одговара на неа! Слушајте, вие сте исцелител, вие сте познавач на човечката душа; јас, се разбира, не смеам да сметам со тоа вие наполно да ми верувате, но ве уверувам во сè најсвето дека јас сега не

зборувам од лесномисленост, дека помислата за идниот задгробен живот ме вознемирува до мака, до ужас и страв . . . И не знам кому да му се обрнам, не смеев целиот живот . . . А, еве, сега се осмелувам да ви се обрнам вам . . . о, господи, за каква сега ќе ме сметате!

Таа плесна со рацете.

— Немојте да се вознемирувате поради моето мислење, — одговори старецот. — Јас наполно верувам во искреноста на вашиот душевен товар.

— О, колку сум ви благодарна! Гледате, јас си ги затворам очиве, и мислам: штом сите веруваат, од каде е тоа? А некои тврдат дека сето тоа се појавило отпрвин од страв, пред страшните појави на природата, и дека сето тоа го нема. Па што, си мислам, јас целиот век верував и кога ќе умрам, наеднаш нема ништо, и само „плевел ќе израсте на гробот", како што прочитав кај еден писател. Тоа е страшно! Со што, со што да си ја вратам верата? Впрочем, јас верував само кога бев малечко дете, механички, не мислејќи за ништо . . . Со што, со што да се докаже тоа? Сега, еве дојдов да клекнам пред вашите нозе, и да ве молам за тоа. Зашто, ако ја пропуштам и оваа прилика — во целиот живот веќе никој нема да ми одговори. Со што да се докаже, како да се уверам? О, тешко мене! Стојам, и околу себе гледам дека на сите им е сеедно, речиси на сите никој за тоа сега не се грижи, а самата јас тоа не можам да го сносувам. Тоа е убиствено, убиствено!

— Се разбира дека е убиствено. Но, тука не може да се докаже ништо а можно е да се убедиш.

— Како? Со што?

— Со искуството на дејствената љубов. Погрижете се да ги сакате вашите ближни навистина и неуморно. Според тоа, колку ќе успевате во љубовта, вие ќе се убедувате и за постоењето на бога, и за бесмртноста на вашата душа. А ако дојдете до целосен самопрегор во љубовта спрема ближниот, тогаш, без сомневање, ќе поверувате, и никакво сомневање не ќе може да влезе во вашата душа. Тоа е испитано, тоа е точно.

— Дејствена љубов? Ете, пак прашање, и тоа какво прашање, какво прашање! Гледате, јас многу го сакам човештвото, да, верувате ли, понекогаш мечтаам да оставам сè што имам, да ја оставам Lise, па да станам милосрдна сестра. Си ги затворам очиве, мислам и сонувам, и во тие моменти чувствувам во себе несовладлива сила. Никакви рани, никакви загноени живи рани не би можеле да ме уплашат. Јас би превиткувала и би бришела со своите раце би била болничарка кај тие страдалници, готова сум да ги бацувам тие рани.

— И тоа е веќе многу и убаво што вие во себе мечтаете за тоа, а не за нешто друго. Малку — по малку, и еднаш навистина несвесно ќе направите некое добро дело.

— Но дали би можела долго време да издржам во таков живот? — запалено и како во занес продолжуваше дамата. — Тоа е најважното прашање! Тоа е најмачното од сите мои прашања. Ги затворам очиве и се прашувам себеси: дали би издржала долго време на тој пат? Ако болниот, чии рани ги бришеш, не одговори веднаш со благодарност, туку, напротив, уште почне да те мачи со своите каприци, не ценејќи и не забележувајќи ја твојата човекољубива дејност, ако почне да вика по тебе, грубо да бара, дури и да ѝ се жали на некоја власт (што често се случува кај тешко болните) — тогаш што? Дали твојата љубов ќе потрае или нема да потрае? И еве — јас, замислете, со ужас решив: ако има нешто што би можело да ја разлади мојата дејствена љубов спрема човештвото веднаш, тогаш тоа единствено е неблагодарноста. Со еден збор, јас сум работничка за плата, јас веднаш ќе барам плата, тоест, пофалба за себе, и да ми се плати за љубовта со љубов. Инаку не сум во состојба да сакам никого!

Таа имаше напад на најискрено самоосудување, и, откако доврши со предизвикувачка решителност, погледна во старецот.

— Тоа е од збор до збор како што ми кажуваше, впрочем, веќе одамна, еден лекар — забележа старецот. — Тој човек веќе беше во години и, без сомне-

вање, паметен. Тој зборуваше, исто така, отворено, како вас, иако шегувајќи се, но шегувајќи се тажно; јас, вели, го сакам човештвото, но си се чудам себеси: колку што повеќе го сакам човештвото воопшто, до толку помалку сакам одделни луѓе, тоест секој засебно како поединец. Во своите мечтаења често – вели тој — сум доаѓал до чудни мисли дека му служам на човештвото, и јас можеби ќе одев и на крст за луѓето ако тоа од некаде се побараше — меѓутоа, ни еден ден не сум во состојба да поминам со никого во една соба, тоа го знам од искуство. Само што ќе се најде некој близу мене, неговата личност веќе го гуши моето самољубие и ја стеснува мојата слобода. За еден ден сум кадар да го замразам и најдобриот човек: еден затоа што долго јаде на ручек; друг затоа што има кивавица, и непрестајно се секне. Јас, вели, станувам непријател на луѓето штом ќе ме допрат макар и најмалку. Затоа секогаш се случуваше така колку повеќе ги мразев луѓето поединци, до толку попламена стануваше мојата љубов спрема човештвото воопшто.

— Па што да се прави? Што да се прави во таков случај? Тука мора да се падне во очај.

— Не, зашто доста е што тоа ве боли, што ве мачи. Направете што можете, и ќе ви се признае. Та вие веќе многу сте направиле штом сте можеле толку длабоко и искрено сама себеси да се запознаете? Но ако и сега со мене зборувавте толку искрено само за да добиете од мене пофалба за вашата искреност, тогаш, се разбира, до ништо нема да дојде во потфатите на дејствената љубов; така сè ќе остане само во вашата фантазија, и сиот живот ќе ви прелета како привидение. Тогаш, се разбира, ќе го заборавите и идниот живот, и сами по себе, најпосле, некако ќе се смирите.

— Вие ме здробивте! Сега, еве, во овој момент, додека говоревте, сфатив дека навистина ја очекував вашата пофалба за мојата искреност, кога ви раскажував за тоа дека не би можела да издржам неблагодарност. Вие ми покажавте која сум, вие ме фативте, и ме објаснивте!

— Сериозно ли ми зборувате? Е, по таквото ваше признание, верувам дека сте искрена и добра во срце-

то. Иако не постигнете среќа, вие секогаш паметете дека сте на добар пат, и потрудете се да не скршнете од него. А што е најважно, избегнувајте ја лагата, секоја лага, а особено лажењето себеси. Внимавајте на својата лага и загледувајте се во неа секој час, секој миг. А избегнувајте ја и гадливоста, — и спрема другите, и спрема себеси: она што вам во вас ви се чини гадно, се чисти веќе со самото тоа што сте го забележале во себе. Избегнувајте го и стравот, иако стравот е само последица на секоја лага. Никогаш не плашете се од вашата малодушност во постигањето на љубовта притоа немојте да се плашите ни од вашите лоши постапки. Жалам што не можам да ви речам ништо поутешно, зашто дејствената љубов, кога ќе се спореди со мечтателската е сурова и застрашувачка работа. Мечтателската љубов копнее по брз подвиг кој брзо се задоволува, и сака сите да ја гледаат. И навистина се оди дотаму што некој дури го жртвува и животот, само работата да не трае долго време, ами што побргу да се заврши, како на сцена, и сите да гледаат и да фалат. А дејствената љубов — тоа е работа и истрајност, а за некои таа можеби е цела наука. И однапред ви велам, во моментот кога со ужас ќе гледате, дека, и покрај сите ваши напори, не само што не сте се приближиле до целта, туку дека дури и сте се оддалечиле од неа, — во истиот момент, тоа ви го велам однапред, вие наеднаш ќе ја постигнете целта и јасно над себе ќе ја забележите чудотворната слика на господа, кој во сето време ве сакал и во сето време таинствено ве раководел. Простете што не можам да останам со вас подолго време, ме чекаат. Догледање.

Дамата плачеше.

– Lise, Lise, та благословете ја, благословете ја! — се тргна таа, наеднаш.

— А неа не вреди ни да ја сакаш. Видов колку немирна беше за сето време, — шегувајќи се рече старецот. — А зошто за сето време му се смеевте на Алексеј?

Lise и навистина сето време се забавуваше со тоа. Таа веќе одамна, уште последниот пат забележа дека

Аљоша се збунува пред неа трудејќи се да не ја гледа, и тоа страшно почна да ја забавува. Внимателно чекаше и го фаќаше неговиот поглед: Аљоша, не можејќи да го издржи нејзиниот поглед, упорно насочен кон него, малку по малку туку одеднаш несакајќи, повлечен од незадржлива сила, и самиот ја погледнуваше неа, а таа веднаш се насмевнуваше со победничка смеа гледајќи право во неговите очи. Аљоша тогаш уште повеќе се збунуваше и се јадосуваше. Најпосле сосем се сврти на друга страна, и се скри зад грбот на старецот. По неколку моменти, повторно влечен од истата незадржлива сила, се сврти за да види дали го гледа уште — и забележа дека Lise речиси сосем исколчена од фотељата, гледа во него отстрана и дури и со сета сила кога тој ќе ја погледне неа; а кога го фати неговиот поглед толку се засмеа што старецот дури не издржа:

— А зошто вие, небиднице, него толку го збунувате?

Лиза наеднаш, сосем неочекувано поцрвени, светна со очите, лицето и стана многу сериозно, и со пламени, негодувачки жалења почна да зборува брзо, нервозно.

— А зошто тој сè заборави? Тој мене, додека бев мала, ме носеше на раце, заедно игравме. Доаѓаше да ме учи да читам, го знаете ли вие тоа? Пред две години, кога се простуваше, велеше дека никогаш нема да ме заборави, дека сме вечни пријатели, вечни и засекогаш! А, ете, сега наеднаш почна да се плаши од мене, како божем ќе го изедам. Зошто не сака да ми пристапи, зошто не сака да разговараме? Зошто не сака да дојде кај нас? Освен ако вие не го пуштате: но ние знаеме дека тој оди секаде! Мене ми е незгодно да го викнам, требаше тој прв да се сети ако не ме заборавил. А, да, тој сега си ја спасува душата! Зошто сте му ја натнале онаа долга мантија? . . . Ако почне да трча, ќе падне . . .

И таа наеднаш, не можејќи да се воздржи, си го покри лицето со раце и се засмеа ужасно, незадржливо, со својата долга, нервозна, треперлива и нечујна смеа. Старецот ја ислуша смешкајќи се и со нежност

ја благослови; а таа, кога почна да му ја бацува раката, наеднаш ја доближи до своите очи и заплака:

— Немојте да ми се лутите, јас сум будала, не сум за ништо... И Аљоша можеби има право, многу право што не сака да дојде кај толку смешно суштество.

— Бездруго ќе го испратам, — рече старецот.

V

Ќе биде, ќе биде

Отсуството на старецот од ќелијата траеше едно дваесет и пет минути. Веќе беше минал дванаесет и пол, а Дмитриј Фјодорович, поради кого и се собраа, уште го немаше да дојде. Него како да го заборавија. И кога пак влезе во ќелијата, старецот ги затекна своите гости во најжив разговор. Во разговорот учествуоаа, пред сè, Иван Фјодорович, и двајца иеромонаси. Во разговорот се мешаше, и очигледно многу пламено, и Миусов, но ни тука немаше среќа: очигледно беше останал во заднина, и дури слабо му одговараа, така што таа нова околност само го зголеми неговото незадоволство, кое сè повеќе се собираше. Работата е во тоа што тој и порано веќе со Иван Фјодорович по малку се натпреваруваше во знаење, и не можеше да издржи ладнокрвно некаква небрежност на Ивана спрема него. „Досега стоев на висината на сè што е напредно во Европа, а нововo поколение просто нè игнорира", си мислеше во себе. Фјодор Павлович, кој даде збор дека ќе седне на стол и ќе молчи, навистина некое време молчеше, но со подбивна насмевка, го следеше својот сосед Петар Александрович и очигледно се радуваше на неговата лутина. Тој веќе одамна се готвеше да му плати за нешто, и сега не сакаше да ја пропушти таа можност. Најпосле не издржа, се наведна над рамото на соседот, и полугласно уште еднаш го гибна:

— А зошто пред малку не си отидовте по „љубезно целиваше", туку се согласивте да останете во

вакво непристојно друштво? Затоа што се сметавте понижен и навреден, па останавте заради реванш, да го покажете вашиот ум. И сега вие, нема да си одите додека не им го покажете вашиот ум.

— Вие пак почнувате? Напротив, веднаш ќе си одам.

— Подоцна, подоцна од сите вие ќе си одите! — го боцна уште еднаш Фјодор Павлович. Тоа беше речиси во моментот на враќањето на старецот.

Расправијата за момент стивна, но старецот, откога седна на поранешното место, ги погледна сите, како љубезно да ги поканува да продолжат. Аљоша кој го проучи речиси секој израз на неговото лице, јасно гледаше дека е многу уморен, и дека одвај се совладува. Во последно време од болеста му се случуваше од изнемоштеност да падне во несвест. И токму такво бледило, како пред несвест, се разлеваше и сега по неговото лице, усните му побледија. Но очигледно не сакаше да го растури собирот; изгледаше дека има некаква намера, — но каква? Аљоша внимателно посматраше.

— Разговараме за нивната многу интересна статија — рече иеромонахот, Јосиф библиотекарот, обрнувајќи му се на старецот, и покажувајќи кон Иван Фјодорович. — Тие изнесуваат многу ново, но идејата, се чини, е со две острици. По повод прашањето за црковно-општествениот суд, и за дострелот на неговото право тие му одговорија со статија во списание на едно духовно лице, кое напиша за тоа прашање цела книга . . .

— За жал, вашата статија не сум ја читал, но сум слушнал за неа — одговори старецот, внимателно и проникливо загледувајќи се во Иван Фјодорович.

— Тие стојат на многу интересно гледиште — продолжи отец-библиотекарот — како што се гледа, тие по прашањето за црковно-општествениот суд наполно го отфрлаат одвојувањето на црквата од државата.

— Тоа е интересно, но во која смисла? — го праша старецот Ивана Фјодорович.

Овој, најпосле, му одговори, но не од високоучтиво, како што се плашеше синоќа Аљоша, туку скромно и воздржано, со очигледна пресретливост, и, очигледно, без некаква задна мисла.

— Јас тргнувам од поставката дека тоа мешање на елементите, тоест на суштината на црквата и на државата засебно за мене, се разбира, ќе го има секогаш, иако тоа е невозможно и макар што никогаш не ќе може да се доведе не само во нормална туку ни во колку-толку хармонична состојба; затоа што во самата основа на работата лежи лага. Компромис на државата и црквата во таквите прашања, како, на пример, за судот, според моето мислење, во целосна и чиста суштина е невозможен. Духовното лице против кое пишував тврди дека црквата зазема точно и определено место во државата. А јас му одговорив дека, напротив, црквата треба сама во себе да ја содржи целата држава, а не да добие во неа само некое аголче и дека ако тоа денеска поради нешто е невозможно, тогаш, всушност, несомнено мора да биде поставено како непосредна и најважна цел на сиот натамошен развиток на христијанското општество.

— Наполно вистинито — решително и возбудено проговори отец Паисиј, молчалив и учен иеромонах.

— Најчисто ултрамонтанство! — викна Миусов, нестрпливо префрлувајќи нога преку нога.

— Ех, та кај нас нема ни планини! — викна отец Јосиф и обрнувајќи му се на старецот, продолжи: — тие одговараат, помеѓу другото, на следниве „основни и суштествени“ тврдења, од својот противник, духовно лице, имајте го тоа на ум. Прво: дека „ниеден општествен сојуз не може и не смее да си присвојува власт за да располага со граѓанските и политичките права на своите членови“. Второ, дека „кривичната и судско-граѓанската власт не смее да ѝ припаѓа на црквата, ниту таа може да се согласи со нејзината природа, и како божествена установа и како човечки сојуз заради религиозни цели“ и, најпосле, трето: дека „црквата не е царство на овој свет“ . . .

— Многу недостојна игра на зборови, за духовно лице! — не издржа и пак го прекина отец Паисиј. —

Јас ја читав книгата против која пишувавте вие — му се обрна тој на Иван Фјодорович, и ме зачудија зборовите од духовното лице дека „црквата не е царство на овој свет.“ Ако не е на овој свет, тогаш не може ни да ја има на земјава воопшто. Во светото Евангелие зборовите: „на овој свет“ не се употребени во таа смисла. Со таквите зборови не може да се прави игра. На шиот господ Исус Христос дојде за да создаде црква на земјава, царството небеско, се разбира, не е на овој свет, туку на небо, но во него не се влегува поинаку, ами и преку црквата, што е основана на земјава. И затоа светските каламбури во таа смисла се невозможни и недостојни. Црквата е навистина, царство, и определена е да царствува, и на крајот таа несомнено и мора да се појави како царство на сета земја — за кое имаме и ветување.

Тој наеднаш замолчи, како да сакаше да се воздржи. Иван Фјодорович го ислуша учтиво и со внимание и продолжи како пред тоа, со необично спокојство, со готовност и простодушност, обрнувајќи му се на старецот.

— Сета суштина на мојата статија, е во тоа што во древните времиња во првите три века на христијанството, христијанството на земјава било само црква. А кога римската безбожничка држава посака да стане христијанска, тогаш бездруго излезе така што таа, откако стана христијанска, всушност само ја вклучи во себе црквата, инаку и понатаму остана безбожничка држава како порано, во голем број свои функции. Всушност, без сомневање, така и мораше да се случи. Но во Рим како држава, премногу остана од безбожничката цивилизација и мудрост, на пример, дури и самите цели и темели на државата. А христосовата црква, откога стапи во државата сигурно не можеше да остапи во ништо од своите основи, од каменот врз кој стоеше, ниту можеше да се стреми кон нешто друго, освен кон своите цели, кои еднаш цврсто ѝ ги постави и ѝ ги покажа самиот господ, помеѓу другото: за да го претвори целиот свет, значи и сета стара безбожничка држава, во црква. На тој начин (гоест со оглед на иднината) не може црквата да си бара опре-

делено место во државата како секој друг „општествен сојуз“, или како „сојуз на луѓе заради религиозни цели“ (како што се изразуваше за црквата писателот против кој пишувам), туку, напротив, секоја земска држава би требало подоцна наполно да се претвори во црква и да стане не друго, туку црква, откако ќе ги отфрли своите цели што не се согласуваат со црквата. Сето тоа ни најмалку нема да ја понижи, нема да им ја одземе ни честа, ни славата на нејзините управувачи, туку само ќе ја премести од лажниот, уште безбожнички и погрешен пат, на правилен, и вистински кој единствено води кон вечните цели. Ете зошто мислењето на авторот на книгата „За основите на црковно-општествениот суд“ би било правилно само тогаш ако тој, истражувајќи и предлагајќи ги тие основи, гледа на нив како на привремен, за нашето грешно и несовршено време, неопходен компромис, и ништо друго. Но, штом составувачот на тие основи се осмелува да изјави дека основите што ги предлага сега, и од кои некои пред малку наброи отец Јосиф, — се непроменливи, стихиски и вечни, тој веќе оди против црквата и против нејзината света вечна и непоколеблива цел. Ете, тоа ви е целата моја статија, целата нејзина содржина.

— Тоест, во два збора — пак проговори отец Паисиј, нагласувајќи го секој збор — според некои теории, што се наполно узреани во нашиов деветнаесетти век, црквата треба да се преобрази во држава, како од понизок во повисок облик, за потоа да исчезне во државата, отстапувајќи ѝ место на науката, на духот на времето и на цивилизацијата. А ако не го сака тоа и ако се противи, во државата ѝ се определува само некој агол, и тоа под надзор, и така е секаде во нашето време, во современите европски земји. Но според руското сфаќање и верување, не би требало црквата да се претвори во држава од понизок во повисок тип, туку напротив, државата треба да заврши со тоа, да се удостои да стане само црква, и ништо друго. И тоа ќе биде, ќе биде!

— Признавам, вие сега донекаде ме охрабривте — се насмевна Миусов, пак префрлајќи нога преку нога. — Колку што разбирам јас, тоа значи остварување на некој идеал, бесконечно далечен, при второто доаѓање на Христос. Најпосле, како што сакате. Прекрасна утописка мечта за исчезнување на војниците, дипломатите, банките и друго. Дури нешто слично на социјализам. А јас веќе би помислил дека сето тоа е сериозно, и дека црквата **сега,** на пример, ќе суди за злосторствата, и дека ќе осудува на тепање и на робија, па дури можеби и на смртна казна.

— Во случај сега да постои само еден црковно-општествен суд, црквата ни сега не би испраќала на робија или на смртна казна. Злосторството и погледот на него тогаш би морале неминовно да се изменат, се разбира, малку по малку, не наеднаш и не веднаш, но сепак доста брзо . . . — изговори Иван Фјодорович спокојно и не трепнувајќи со окото.

— Сериозно ли го велите тоа? — внимателно го погледна Миусов.

— Ако сè стане црква, тогаш црквата ќе ги исклучува од својата средина злосторникот и непослушниот, а не ќе сече глави — продолжуваше Иван Фјодорович. — Ве прашувам, каде би отишол исклучениот? Тогаш тој би морал да си оди не само откај луѓето, како сега, туку и откај Христоса. Зашто тој со своето злосторство би се дигнал не само против луѓето, туку и против црквата на Христоса. Се разбира, и денеска тоа е така, во строга смисла, но сепак не е прокламирано, така што совеста на денешниот злосторник, често, многу често, прави со себе компромис: „Украдов, вели, но не одам против црквата, не сум му непријател на Христоса“ — ете што си вели денеска себеси секој злосторник со ред; но кога црквата ќе биде наместо државата ,тогаш ќе му биде тешко да го каже тоа, освен ако сака да ја откаже сета црква на целава земја велејќи: „Сите се лажат, сите отстапија, сите се лажна црква, само јас, убиец и крадач, сум — вистинска христијанска црква“. А тоа е многу тешко да си го кажеш себеси, тоа бара огромни услови, прилики што не доаѓаат често. Од друга страна, пак, зе-

мете го гледањето на самата црква на злосторството: зарем тоа не мора да се измени во однос на денешното, речиси безбожничко гледање и наместо механичкото сечење на заразениот дел — како што се прави денеска, заради обезбедување на општеството — да се преобрази и тоа наполно и не лажно, во идеја за преродба на човекот, за неговото воскреснување и спасување . . .

— Тоест, што е тоа? Сега пак не можам да сфатам — го прекина Миусов — пак некакво мечтаење. Нешто без облик и не може да се разбере, како тоа — да се исклучи? Какво исклучување? Јас мислам дека вие просто се шегувате со нас, Иване Фјодорович.

— Па, всушност, така е и денеска — проговори наеднаш старецот, и сите се свртија кон него — ако сега не беше црквата на Христоса, за злосторникот не ќе имаше никакви пречки во злосторството, па дури ни казна за него, тоест вистинска казна, не механичка, како што тие рекоа пред малку, која во повеќето случаи само го распалува срцето, туку вистинска казна, која е единствено вистинска, која единствено застрашува и смирува, а која се состои во гласот на сопствената совест.

— Како тоа, дозволете да слушнам? — праша Миусов, со најживо љубопитство.

— Еве како — почна старецот. — Сите тие осуди на робија, а порано уште и на тепање, никого не го поправаат а што е најважно, речиси ниеден злосторник и не го заплашуваат, и бројот на злосторниците не само што не се смилува, туку сè повеќе расте. Тоа морате да го признаете. Излегува дека општеството по тој начин ни најмалку не е зачувано, зашто, иако штетниот член на општеството, се пресечува механички, и се истерува далеку, за да не ни е пред очи, наместо него, веднаш се појавува друг злосторник, можеби и двајца други. Ако нешто го чува општеството, дури и во наше време, па дури и самиот злосторник го поправа и го преобразува во друг човек, тоа сепак го прави само законот на Христоса, што се изразува во гласот на сопствената совест. Дури откога ќе ја при-

знае својата вина како син на Христосовото општество, тоест на црквата, дури тогаш ја признава и својата вина пред општеството, тоест пред црквата. На тој начин, само пред црквата може и денешниот злосторник да си ја признае грешката, а не пред државата. И кога судот би му припаѓал на општеството како на црквата, тогаш општеството би знаело кого да го ослободи од исклучување и пак да го приближи кон себе. Сега пак, црквата, немајќи никаков вистински суд, а имајќи можност само морално да осудува, и самата се оддалечува од чувствителната казна над злосторникот. Таа не го исклучува него од својата средина, па и не го остава без татковска поука. И не само тоа, туку таа се грижи да зачува со злосторникот наполно христијанско општење. Му дозволува црковна служба, свети подароци, му дава милостиња, и се однесува спрема него повеќе како спрема заробеник отколку како спрема виновник. И што би било со злосторникот, о, господи, кога и христијанското општество, тоест, црквата, би го отфрлила, како што го отфрла и пресечува граѓанскиот закон? Што би било кога и црквата би го казнувала со своето исклучување, веднаш, и секојпат по казната на државниот закон? Поголемо очајување не би можело да има, барем за рускиот злосторник, зашто руските злосторници уште веруваат. Но, впрочем, којзнае: можеби тогаш би се случило нешто страшно — можеби би дошло до губење на верата, во очајното срце на злосторникот, а што тогаш? Но црквата, како нежна и милостива мајка, се откажува од вистинска казна, зашто виновникот и без нејзината казна премногу чувствително е казнет од државниот суд и мора барем некој да го пожали. А црквата се откажува главно затоа што само црковниот суд ја содржи во себе вистината, и поради тоа тој, суштествено и морално со никаков друг суд не може да стапи дури ни во привремен компромис. Тука не може да има никакво погодување. Злосторникот во странство, велат, ретко се кае, зашто дури и современите учења му ја зацврстуваат мислата дека неговото злосторство не е злосторство ,туку само бунт против силата што го угнетува неправилно. Опште-

ството сосем го пресечува од себе со сила, која над него триумфира механички, и тоа исклучување го проследува со омраза, (барем така велат за себе оние во Европа) — со омраза, полна рамнодушност спрема натамошната судбина над својот брат, и со заборав. На тој начин, сето тоа се случува без најмала милосрдност на црквата, зашто во многу случаи таму и нема црква, ами се останати само црковните луѓе и величествените црковни згради; самите цркви пак, таму веќе одамна се стремат кон премин од понизок вид, како црква, во повисок вид, како држава, за во неа наполно да исчезнат. Барем така е, ми се чини, во лутеранските земји, а во Рим уште пред илјада години наместо црквата прогласена е државата. И затоа таму злосторникот повеќе и не се чувствува како член на црквата и така одвоен тој живее во очај. А ако и се врати во општеството, тоа станува често со таква омраза што, така да се каже, општеството само од себе го отфрла. Со што ќе заврши тоа, можете да си замислите. Во голем број случаи, како да е и кај нас така но работата е и во тоа што освен установените судови, кај нас постои уште и црквата, која никогаш не ја губи врската со престапникот, како со мил и сè уште здрав свој син; покрај тоа постои, и се чува, макар само во мислите, и црковниот суд кој денеска навистина, не е активен, но сепак живее, за иднината, макар и во фантазијата, и кој и самиот злосторник, несомнено, го признава со инстинктот на својата душа. Вистина е и она што беше сега овде речено: ако навистина настапи судот на црквата, и тоа со сета своја сила, тоест ако сето општество се претвори во црква, тогаш не само што судот на црквата би влијаел врз поправањето на злосторниците, така како што денеска не влијае, туку, можеби, злосторствата навистина би се намалиле до неверојатно мал број. А и црквата, без сомневање, би го сфатила идниот злосторник и идниот злостор, во многу случаи, сосем поинаку отколку денеска, и би умеела да го врати одвоениот, да го спречи оној што има намера да изврши злосторство и да го преброди паднатиот. Вистина — се насмевна старецот — засега христијанското општество самото уште не е подгот-

вено, и стои на само седум праведници; но бидејќи нив сè уште ги има, тоа останува непоколебливо очекувајќи го своето целосно преобразување од општество како заедница, речиси паганска, во единствена вселенска владеачка црква. Ова нека биде, макар на крајот на вековите, бидејќи само така е судено, да се збидне! И не треба човек да се збунува со времињата и роковите, бидејќи тајната на времињата и роковите е во мудроста господова, во предвидувањето негово и во љубовта негова. И она што според сметањето човечко може да биде многу далечно, тоа, можеби, според господовата предопределеност веќе се наоѓа пред своето појавување, на прагот. А ова последново, нека биде, нека биде!

— Нека биде! Нека биде! — со страхопочит и строго потврди отец Паисиј.

— Чудно, во најголема мера чудно! — рече Миусов; и не толку со нервоза, колку со некакво потајно негодување.

— А што е тоа што ви изгледа толку чудно? — внимателно праша отец Јосиф.

— Ама, навистина, што е сево ова сега? — викна Миусов, како наеднаш да избувна од него. — На земјава се отфрла државата, а црквата се издига на степен на држава! Тоа веќе не е ни ултрамонтанство, тоа е архиултрамонтанство! Тоа не го сонувал ни папата Григориј Седми!

— Сосем обратно, повелавте да разберете! — строго проговори отец Паисиј. — Не се претвора црквата во држава, сфатете го тоа. Тоа е Рим, и неговата фантазија. Тоа е третото ѓаволско искушение! Туку напротив, државата се претвора во црква, таа се издига до црква и станува црква на целата земја. А тоа е сосем спротивно и на ултрамонтанството, и на Рим, и на вашето толкување, и не е ништо друго, туку голема мисија на православјето на земјава. Оваа ѕвезда ќе светне од Исток.

Миусов некако важно замолчи. Целата негова појава изразуваше необично достоинство. Гордо снисходлива насмевка се покажа на неговите усни. Аљоша следеше сè, со силно растреперено срце. Сиот тој разговор

го возбуди до дното на душата. Тој случајно го погледна Ракитина; овој стоеше неподвижно на своето поранешно место до вратата, внимателно слушајќи и гледајќи, иако со сведнат поглед. Но според живото руменило на неговите образи, Аљоша сфати дека и Ракитин е вознемирен, изгледа, не помалку од него; Аљоша знаеше зошто е тој вознемирен.

— Дозволете ми да ви раскажам една мала анегдота — господа — наеднаш проговори Миусов, убедливо и некако посебно достоинствено. — Во Париз, пред неколку години, набргу по декемврискиот преврат, еднаш, кога бев во посета кај едно многу важно лице, што тогаш беше на власт, кај него сретнав еден многу интересен господин. Тој тип не беше шпион, туку еден вид старешина на цел одред политички шпиони, — прилично важна служба од тој вид. Користејќи ја приликата, јас, од преголемо љубопитство, стапив во разговор со него; а бидејќи не беше примен како познат, туку како потчинет чиновник, што дошол со некаков реферат — тој, гледајќи како ме има мене неговиот старешина, ме удостои со извесна искреност, се разбира, само во извесна мера, тоест повеќе беше учтив, отколку искрен, и тоа онака како што знаат да бидат учтиви Французите, дотолку повеќе што во мене, гледаше странец. Но, јас многу добро го сфатив. Предмет на разговорот беа социјалистите-револуционери, кои тогаш, патем речено, и ги гонеа. Изоставајќи ја суштината на нашиот разговор, ќе споменам само една многу интересна забелешка, што на господинчето некако му се провлече: „Ние — рече тој — всушност, од сите тие социјалисти — анархисти, безбожници и револуционери, и не се плашиме којзнае колку; ние ги следиме и нивните патишта ни се познати. Но, има меѓу нив, иако не многу, неколку посебни луѓе: тоа се оние што веруваат во бога и што се христијани, а во исто време и социјалисти. Ете, од таквите се плашиме најмногу, тоа се страшни луѓе! Социјалистот-христијанин е пострашен од социјалистот безбожник.“ Тие зборови и тогаш ме изненадија, а сега, господа, меѓу вас, пак се сетив на нив.

— Тоест, вие тие зборови ги применувате на нас, и во нас гледате социјалисти? — отворено и без заобиколување праша отец Паисиј.

Но, пред да смисли одговор Петар Александрович се отвори вратата и влезе многу задоцнетиот Дмитриј Фјодорович. Него веќе, навистина, како да беа престанале да го чекаат, така што неговата ненадејна појава предизвика, во прв момент, дури и некакво чудење.

IV

Зошто живее таков човек

Дмитриј Фјодорович Карамазов, момчак на дваесет и осум години, со среден раст и пријатно лице, изгледаше многу постар. Беше добро развиен, и во него човек можеше да претпостави голема физичка сила, па сепак, на неговото лице, избиваше речиси нешто болежливо. Лицето му беше слабичко, образите пропаднати ,и нивната боја се прелеваше со некакво наметливо жолтило. Доста големите темни очи, малку издадени, гледаа, иако навидум со цврста упорност, сепак некако неопределено. И кога беше возбуден, па зборуваше налутено, неговиот поглед како сепак да не се потчинуваше на неговото расположение, и изразуваше нешто друго, што понекогаш ни најмалку не одговараше на тогашниот момент. — „Тешко може да се знае за што мисли тој?“, велеа понекогаш неговите соговорници. Други, кои во неговите очи гледаа нешто замислено, и намуртено, понекогаш наеднаш се изненадуваа од неговата ненадејна смеа, која, сведочеше за веселите и немирни мисли, што ги имаше токму тогаш кога гледаше така намуртено. Впрочем, извесен болежлив израз на неговото лице во овој миг можеше да биде разбирлив: Сите знаеја, или беа слушале, за необично немирниот бекриски живот, на кој му се предаваше токму во последно време овде кај нас, како што на сите им беше позната и необичната налутеност до која дојде во расправиите со татка си поради парите. По градот кружеа разни приказни за тоа. Вистина е, дека тој и по

природа беше раздразлив, „со пргав и неправилно насочен ум“, како што згодно се изрази за него нашиот мировен судија Семјон Иванович Качалников во едно друштво. Тој влезе беспрекорно и елегантно облечен, со закопчан реденгот, со црни нараквици, и со цилиндар во рацете. Како офицер, од скоро во оставка, носеше мустаки и засега ја бричеше брадата. Неговата темнокостенлива коса, беше кратко потсрижена, и зачешлана на слепоочниците некако напред. Чекореше решително, широко, војнички. За миг, се запре на прагот, и откога ги изгледа сите присутни, право се упати кон старецот, погодувајќи дека тој е домаќинот. Длабоко се поклони и го замоли за благослов. Старецот стана и го благослооии. Дмитриј Фјодорович со почит му ја целива раката, и со необична возбуда, речиси налутено, рече:

— Простете ни великодушно што моравте олку да ме чекате, но слугата Смердјаков, кого ми го испрати татко ми на моето прашање за времето на состанокот двапати ми одговори со најрешителен тон: дека состанокот ќе биде во еден часот. А сега, наеднаш дознавам...

— Не вознемирувајте се — го прекина старецот — не е важно, малку се задржавте, не е важно...

— Многу сум ви благодарен, не можев да очекувам ништо помало од вашата добрина.

Изговарајќи го тоа отсечно, Дмитриј Фјодорович уште еднаш се поклони, потоа ненадејно се сврти кон „татка си“, па и нему, исто така, учтиво и длабоко му се поклони. Се гледаше дека тој поклон го смислил однапред, и го смислил искрено, сметајќи дека му е должност со тоа да ја изрази својата почит и добрите намери. Фјодор Павлович, иако се збуни од изненадување, веднаш на свој начин се снајде: одговарајќи на поздравот од Дмитриј Фјодорович тој скокна од фотељата и самиот му се поклони на својот син, исто така длабоко. Неговото лице наеднаш стана важно и сериозно, што пак му даде сосем патосен израз. Потоа, поклонувајќи им се молкома со општ поклон на сите што беа во собата, Дмитриј Фјодорович се доближи до прозорецот со своите големи и решителни чекори, седна на

столот, што уште беше останат незафатен, до отец Паисиј, и подавајќи се напред, се подготви веднаш да го слуша продолжувањето на разговорот што го прекина тој.

Појавата на Дмитриј Фјодорович исполни не повеќе од две минути, и разговорот не можеше да не се обнови. Но овојпат на упорното и речиси налутено прашање од отец Паисиј, Петар Александрович не најде за потребно да одговори.

— Дозволете ми да не ја прифатам таа тема — проговори тој со некаква светска небрежност. — Таа тема, покрај тоа, е уште и потешка. Ене како ви се смее Иван Фјодорович: тој мора да има нешто на умот, и за овој случај интересно. Еве, прашајте го.

— Ништо особено, освен една мала забелешка — веднаш одговори Иван Фјодорович — за тоа дека, воопшто, европскиот либераризам, па дури и нашиот руски либерален дилетантизам ,често и веќе поодамна ги мешаат крајните резултати на социјализмот, со христијанските. Тој бесмислен заклучок се разбира, е карактеристична црта. Впрочем, социјализмот го мешаат со христијанството, не само либералите и дилетантите, туку, заедно со нив, во многу прилики, и жандармите, тоест странските, се разбира. Вашата париска приказничка е доста карактеристична, Петар Александрович.

— Воопшто, молам таа тема да се остави — повтори Петар Александрович — а наместо тоа, јас ќе ви раскажам, господа, друга анегдота, токму за Иван Фјодорович, многу интересна и карактеристична. Пред едно пет дена, не повеќе, во едно овдешно претежно женско друштво, тој во расправија свечено изјави: дека на сиов свет не постои ништо такво што би ги терало луѓето да ги љубат сличните на себеси; дека таков природен закон — човекот да го сака човештвото — воопшто не постои; и дека, ако постои, и ако до денеска постоело љубов на земјава, тоа не е од природниот закон, туку само оттаму што луѓето верувале во својата бесмртност. Иван Фјодорович притоа, во заграда, додаде дека во тоа и се состои природниот закон, така што кога на човештвото би му ја одзеле верата во бесмртноста, во него веднаш би се исушила не само љу-

бовта, туку и секоја жива сила да го продолжи животот на овој свет. И не само тоа, тогаш ништо не би било неморално, сè би било дозволено, дури и човекојадство. Но ни тоа уште не е сè; тој заврши со тврдењето дека за секој поединец, како, на пример, ние сега, што не верува ни во бога, ни во бесмртноста, моралниот закон на природата мора веднаш да се измени во целосна спротивност на поранешното, религиозното, и дека себичноста, која би дошла до злосторството, не само што мора да му се дозволи на човекот, туку и да му се признае како неопходен, најпаметен и — речиси — најблагороден излез од неговата положба. Според таквиот парадокс, можете да заклучите, господа ,и за сè друго што го изјавува, и што уште можеби има намера да изјави нашиот мил, ексцентричен и парадоксален Иван Фјодорович.

— Дозволете — неочекувано викна наеднаш Дмитриј Фјодорович — дали слушнав добро: „Злосторството не само што мора да се дозволи, туку дури мора и да се признае како најнеопходен и најпаметен излез од положбата на секој безбожник! Така е или не е така?

— Сосем така — рече отец Паисиј.

— Тоа ќе го запаметам.

Го рече тоа, Дмитриј Фјодорович ,и, исто така, ненадејно замолчи, како што ненадејно и се уфрли во разговорот. Сите го гледаа љубопитно.

— Зарем навистина мислите дека би се јавиле такви последици ако кај луѓето се исуши верата во бесмртноста на нивната душа? — го праша наеднаш старецот, Ивана Фјодорович.

— Да, тоа го тврдев. Нема добродетел ако нема бесмртност.

— Бидете блажен, ако верувате така, или сте веќе многу несреќен.

— Зошто несреќен? — се насмевна Иван Фјодорович.

— Затоа што вие, по сè изгледа, и самиот не верувате во бесмртноста на вашата душа, па дури ни во она што го напишавте за црквата и за црковното прашање.

— Можеби сте во право!... Но сепак, јас и не се шегував... — наеднаш чудно призна Иван Фјодорович, впрочем, нагло поцрвенувајќи.

— Не се шегувавте, тоа е вистина. Таа идеја уште не е решена во вашето срце, и го мачи. Но и маченикот љуби понекогаш да се забавува со својот очај и тоа речиси пак од очај. Така и вие сега од очај се забавувате — со статии по списанијата и светските расправи, не верувајќи ни самиот во вашата дијалектика, и со болка во срцето смеејќи ѝ се во себе... Во вас тоа прашање не е решено, и тоа е ваш голем душевен товар, зашто тој бездруго бара решение...

— А дали тоа во мене може да биде решено? Решено во потврдна смисла? — продолжи чудно да прашува Иван Фјодорович, сè уште гледајќи го старецот со некаква смеа што тешко можеше да се објасни.

— Ако не може да се реши во позитивна смисла, тогаш никогаш не ќе се реши ни во негативна, вие самиот го знаете тоа својство на вашето срце, и во тоа е сета негова мака. Но, благодарете му на творецот што ви дал возвишено срце, способно да се мачи со таква мака — „за возвишениот да мудруваш и возвишено да бараш, зашто нашиот престој е на небесата". Бог нека му даде решение на вашето срце уште на земјава, и нека ги благослови вашите патишта!

Старецот ја крена раката и како да сакаше тојчас да го прекрсти Ивана Фјодорович. Но овој наеднаш стана од столот, му пристапи, го прими неговиот благослов, и откако го бакна во раката, се врати молчејќи на своето место. Изгледаше решителен и сериозен. Таа постапка на Иван Фјодорович а и претходната, неочекуваниот разговор со старецот, некако сите ги изненади со својата загадочност, и молкнаа, а на лицето од Аљоша се покажа речиси страв. Миусов, пак, наеднаш ги собра рамениците, а Фјодор Павлович во истиот момент скокна од столот.

— Божествен и пресветол старецу! — викна тој покажувајќи на Ивана Фјодорович. — Тој е мој син, плот на мојата плот, најмила моја плот! Тој е мојот најпокорен, така да речам, Карл Мор; а овој син, што влезе пред малку, Дмитриј Фјодорович, и против кого

јас кај вас барам правда — тој е најнепокорниот Франц Мор, — и двајцата од „Разбојници“ од Шилер; а јас, јас во овој момент сум Regierender Graf von Moor[1])! Размислете и спасете! Потребни ми се не само молитви, туку и вашите пророштва.

— Зборувајте бе зизнасилување, и не започнувајте со навредување на вашите домашни — одговори старецот, со изнемоштен глас. Тој очигледно сè повеќе се заморуваше и забележливо ја губеше силата.

— Недостојна комедија, каква што претчувствував уште кога идев наваму! — викна Дмитриј Фјодорович со негодување, исто така скокнувајќи од местото. — Простете, преподобен татко, му се обрна тој на старецот, — јас сум необразован човек, не знам дури ни како да ве наречам, но вие сте излаган; вие бевте премногу добар кога ни дозволивте да се состанеме кај вас. На нашиот татко му е потребен само скандал, зашто — тоа веќе му оди во сметка. Тој секогаш има своја сметка. Но, јас сега изгледа исто така знам зошто . . .

— Сите, сите ме обвинуваат! — викаше од своја страна Фјодор Павлович; — Ете, и Петар Александрович ме обвинува. Ме обвинувавте, Петар Александрович, ме обвинувавте! — Се сврти тој наеднаш кон Миусов, иако овој не мислеше да го прекинува. — Ме обвинуваат дека парите од детево сум ги скрил во чизма, па сè сум прибрал; но дозволете, нели постои суд? Таму ќе ви се пресмета, Дмитриј Фјодорович, според вашите сопствени признаници, според писмата и сметките, колку сте имале, колку сте истрошиле, и уште колку ви остануваат! Зошто Петар Александрович избегнува да пресуди? Дмитриј Фјодорович не му е туѓ. Затоа што се сите против мене. А Дмитриј Фјодорович, на крајот на краиштата, уште ми е и должен, и тоа не малкуцка, туку неколку илјадарки, за кое јас ги имам сите документи. Целиов град ечи и татни од неговите оргии! А таму каде што служеше порано, таму плаќаше по илјада и по две за заведување на чесни девојчиња; тоа Дмитриј Фјодорович, нам ни е познато до најскриените подробности, и јас ќе докажам. Најсве-

[1]) Владеачки гроф фон Мор (герм.)

тол татко, дали сакате да поверувате: заблуди една најблагородна девојка, од добра куќа, со имот, ќерка на поранешниот старешина на својот храбар, заслужен полковник, кој имаше „Ана со мечови“[1]) на вратот, ја компромитира девојката барајќи ја за жена, сега таа е овде, сиромашка, негова свршеница, а тој, пред нејзините очи, оди кај една овдешна заводничка. И, покрај тоа што таа заводничка живеела, така да се каже, во граѓански брак со еден почитуван човек, има самостоен карактер, непристапна тврдина за сите, исто како и законита жена, зашто е чесна— да, свети татковци, таа е чесна! А Дмитриј Фјодорович сака тој град да го отвори со златен клуч, поради што сега мене ми се истресува, сака да ми земе пари, а веќе потрошил за таа заводничка илјадници, затоа и позајмува пари постојано, а, помеѓу другото, што мислите, од кого? Да кажам, или да не кажам, Митја?

— Молкнете! — викна Дмитриј Фјодорович. — Причекајте првин да излезам, за пред мене да не ја валкате најчесната девојка . . . Веќе самото тоа што се осмелувате еден збор да проговорите за неа, за неа е срамота . . . Не дозволувам!

Тој одвај дишеше од возбуда.

— Митја, Митја! — викна Фјодор Павлович сентиментално и како да ги придушува во себе солзите, а родителскиот благослов? А ако те проколнам, тогаш што ќе правиш?

— Бесрамник и лицемер! — се издра бесно Дмитриј Фјодорович.

— Така тој на татка си, на татка си! А што на другите? Господа, замислете само, има овде еден сиромашен, но чесен човек, бивш капетан, му се случи несреќа, отпуштен е од службата, но не јавно, не преку суд, ја зачува својата чест, оптоварен со многубројно семејство. А пред три недели нашиот Дмитриј Фјодорович го зграпчи за брада во крчмата, го извлече за таа брада на улица, и на улица пред целиот свет го истепа, а само затоа што тој човек ми е мене таен повереник во една моја работа.

---

[1]) Орден во царска Русија

— Сето тоа е лага! Однадвор вистина, а однатре лага! — од лутина целиот трепереше Дмитриј Фјодорович. — Татко! Јас не ги оправдувам моите постапки, да, пред целиот свет признавам: постапив како sвер со капетанот, и сега се каам, и се гнасам од себе, поради sверскиот гнев, но тој ваш капетан, ваш повереник, беше тргнат да оди кај госпоѓата, за која вие велите дека е заводничка, и почнал да ѝ нуди, во ваше име, таа да ги земе моите меници, кои се наоѓаат кај вас, па да ме тужи на суд, за врз основа на тие меници да ме уапсат ако премногу инсистирам кај вас поради имотните сметки. И вие сега ми префрлате дека имам слабост спрема таа госпоѓа, а самиот ја направивте да ме заведе! Па таа отворено, в очи го кажува тоа; таа самата ми го кажуваше тоа, смеејќи ви се! А в затвор сакате да ме ставите само затоа што сте љубоморен на мене поради неа, затоа што и самиот почнавте да ѝ додевате на таа жена со вашата љубов; мене и тоа ми е познато, и сето тоа токму таа самата ми го кажа, смеејќи се — слушајте — смеејќи ви се. Значи, ете ви, свети татковци, каков е тој човек, тој татко, што го прекорува развратниот син. Господа сведоци, простете ми поради мојата лутина, но јас претчувствував дека овој подмолен старец ве викнал ваму заради скандал, јас дојдов со намера да простам, ако тој подаде рака; да простам и да барам прошка, ве молам! Но, бидејќи тој сега не само што ме навреди мене, туку ја навреди и благородната девојка, чие име не смеам напразно да го изговорам, од страхопочит спрема неа — еве, се решив да ја обелоденам сета негова игра, овде пред сите, иако татко ми...

Не можеше понатаму да зборува. Очите му светкаа, одвај дишеше. Но и сите други беа возбудени. Сите освен старецот, вознемирено станаа од своите места. Татковците иеромонаси гледаа строго, но сепак ја чекаа одлуката на старецот. А овој седеше, сосем блед, но не од возбуда, не од немоќ на болен, молбена насмевка блестеше на неговите усни; одвреме навреме ја подигаше раката како да сака да ги задржи побеснетите, и, се разбира, доволно беше само едно негово движење, па да се прекине сцената; но тој самиот како да

очекуваше нешто, и внимателно се загледуваше, како да сака уште нешто да сфати, како нешто да не му е јасно. Најпосле, Петар Александрович Миусов, конечно се почувствува понижен, и осрамотен.

— За овој скандал сите сме виновни! — пламено рече тој. — Но јас не очекував такво нешто идејќи вам, иако знаев со кого имам работа... На тоа треба да му се стави крај во овој момент. Ваша преподобност, верувајте дека сиве подробности што се обелоденети овде, точно не ги знаев, не сакав да им верувам, и дека сега ги слушам првпат... Татко ми е љубоморен на синот, поради жената со лошо поведение, а ваму самиот со таа пачавра се договара да го фрли својот син в затвор... И, ете, во какво друштво ме натераа да дојдам ваму... Јас сум измамен, изјавувам пред сите дека сум измамен, не помалку од другите...

— Дмитриј Фјодорович — викна наеднаш со некаков туѓ глас Фјодор Павлович. — Само да не бевте мој син, во овој момент ќе ве предизвикав на двобој... Преку шамија, преку шамија! — доврши тој тупкајќи со обете нозе.

Кај старите лажговци, кои целиот живот глумеле, има моменти кога толку се соживуваат со својата улога, што навистина треперат и плачат од возбуда, и покрај тоа што токму во овој момент (или само еден миг подоцна) би можеле да си шепнат: „Та ти лажеш, стар бесрамнику, и сега си артист, и покрај сиот тој „свет“ гнев и „свет“ момент на гнев“?

Дмитриј Фјодорович страшно се налути и со неискажан презир го погледа својот татко.

— Јас мислев... јас мислев — некако тивко и воздржано почна тој — дека со ангелот на својата душа, со својата невеста, ќе дојдам во родниот крај за да го одгледувам на стари денови, а гледам само развратен блудник и најподал комедијант!

— На двобој! — завика пак старичиштето, губејќи го здивот и прскајќи при секој збор со плунката. — А вие, Петар Александрович Миусов, знаете, господине, дека можеби во сиот ваш род нема и немало почесна — чујте, почесна — жена од таа пачавра, како што се осмеливте да ја наречете пред малку. Па вие, Дмитриј

Фјодорович, вие поради таа „пачавра“ си ја оставивте свршеницата, значи, самиот пресудивте дека вашата свршеница не вреди ни колку ѓонот на нејзините чевли, ете, каква е таа пачавра.

— Срамота! — му се откина наеднаш на отец Јосиф.

— Срамота и срамота! — викна со своето детско гласче, треперејќи од возбуда и сиот поцрвенет, Калганов, кој за сето време молчеше.

— Зошто живее таквиот човек! — рикна подмолно Дмитриј Фјодорович, веќе речиси надвор од себеси од лутина, некако необично подигајќи си ги рамениците и од тоа, речиси подвиткувајќи се — навистина, кажете ми, дали може уште да му се дозволи да ја срамоти со себеси земјава! — и ги погледа сите, покажувајќи со рака кон стариот. Говореше полека и одмерено.

— Слушате ли, слушате ли, монаси, како зборува таткоубиецот! — му се нафрли Фјодор Павлович на отец Јосиф. — Ете ви го одговорот на вашето „срамота“! Што е срамота? Таа „пачавра“, таа „жена со лошо поведение“ можеби е посвета од вас, господа иеромонаси, што си ја спасувате душата. Таа можеби во младоста паднала упропастена од средината, но таа „многу сакала“, а на таа што многу сакала, и Христос ѝ простил . . .

— Христос не простил за таква љубов . . . — му се откина од нестрпливост на кроткиот отец Јосиф.

— Не за таква, за иста таква, монаси, за таква. Вие овде се храните со рипчиња, па мислите дека затоа сте праведници! Јадете рипчиња, по едно рипче на ден, па мислите дека ќе го купите бога со рипчиња!

— Невозможно, невозможно! — се слушаше во ќелијата од сите страни.

Но сцената, која веќе стана одвратна, се прекина најнеочекувано. Наеднаш старецот стана од своето место. Иако сиот надвор од себеси од страв за него и за сите, Аљоша успеа да го придржи за рака. Старецот зачекори накај Дмитриј Фјодорович, и кога дојде сосем до него, се спушти пред него на коленици. Аљоша отпрвин помисли дека паднал од изнемоштеност, но не беше така. Кога клекна, старецот длабоко му се покло-

ни на Дмитриј Фјодорович со прав, свесен поклон, и дури земјата ја допре со челото. Аљоша беше толку изненаден, што не стигна ни да го придржи старецот, кога стануваше. Слаба насмевка блестеше одвај забележливо на неговите усни.

— Простете! Простете сите! — му рече тој клањајќи им се на сите страни на своите гости.

Дмитриј Фјодорович, стоеше неколку моменти како вчудовиден: нему да му се клањаат до нозе. Што е тоа? Најпосле наеднаш викна: „О боже!“ — и покривајќи си го лицето со рацете ,истрча од собата. По него затрчаа во група и сите гости, така збунети дури и без да се простат и без да му се поклонат на домаќинот. Само иеромонасите му пристапија повторно за да добијат благослов.

— Зошто толку длабоко му се клања — да не е тоа некаков симбол? — се обиде да го обнови разговорот Фјодор Павлович, кој наеднаш некако се смири, не осмелувајќи се, впрочем, да му се обрне некому лично. Сите во тој момент излегуваат од скитската ограда.

— Јас за лудата куќа и за лудите луѓе не одговарам — огорчено одговори Миусов. — Но затоа се ослободувам од ваше друштво, Фјодоре Павлович, и верувајте дека тоа е засекогаш. Каде е монахот од пред малку?

А, „монахот“, тоест, тој што пред малку ги канеше на ручек кај игуменот, не дозволи да го чекаат. Веднаш ги пречека гостите, веднаш кога слегоа од тремот, од ќелијата на старецот, како да ги чекал целото време.

— Бидете толку добар, почитуван отец, испорачајте му го моето длабоко почитување на отец игуменот, и извинете ме, лично мене, Миусов, пред неговата висока преподобност затоа што поради ненадејните околности никако не можам да ја примам честа да присуствувам на неговата трпеза, и покрај сета своја искрена желба, — нервозно му рече на монахот Петар Александрович.

— А непредвидената околност — сум јас! — веднаш прифати Фјодор Павлович. — Слушајте, отец, Петар Александрович не сака да остане со мене, инаку

ќе дојдеше веднаш. Но, ќе дојдете, Петар Александрович, повелете кај отец Игуменот, и — ви пожелувам добар апетит! Знајте дека јас се отстранувам ,а не вие. Дома, дома, па ќе си ручам дома, чувствувам дека не би можел овде, Петар Александрович, мој прељубезен роднина.

— Јас не сум ви роднина, ниту сум ви бил некогаш, вие долен човеку!

— Тоа го реков нарочно, за да ве налутам, затоа што бегате од сродството, иако сепак сте ми роднина, како и да се извлекувате ,со книги ќе докажам; а по тебе, Иване Фјодорович, кога ќе затреба ќе испратам коњи; остани, ако сакаш и ти. Вам, пак, Петар Александрович, и пристојноста ви налага да го посетите отец игуменот; треба да се извините поради она што го направивме таму ние двајца . . .

— Ама навистина, ли си одите? Да не лажете?

— Петар Александрович, како би се осмелил по она што се случи! Се имав занесено, господи, занесено! А, освен тоа, уште бев и потресен! А и ми е срам! Господа, некој има срце, како Александар Македонски, а некој — како кученцето на Фиделка. Моето е како кај кученцето на Фиделка. Се исплашив! Зарем по онаа непромисленост уште да одам на ручек, да кркам сосови манастирски? Ми е срам, не можам, извинете!

„Ѓавол ќе знае, а ако излаже?“ — застана Миусов замислен, следејќи го со нерешителен поглед комедијантот, кој се оддалечуваше. Тој, пак, се сврти, па кога забележа дека го следи Петар Александрович, му испрати бакнеж со раката.

— Дали ќе дојдете кај игуменот? — нагло го праша Миусов Ивана Фјодорович.

— А зошто не? Освен тоа, јас сум посебно поканет од игуменот уште вчера.

— Но, за жал, јас навистина чувствувам дека речиси морам да одам на тој несреќен ручек — продолжи Миусов, сè уште со истата горчлива налутеност, и не обрнувајќи внимание на тоа дека калуѓерот слуша. — Треба макар таму да се извиниме, за она што го направивме овде, и да разјасниме, дека тоа не сме ние . . . Што мислите вие?

— Да, треба да се разјасни, дека тоа не сме ние. А, освен тоа, таму не ќе биде татко ми, забележа Иван Фјодорович.

— Токму работа уште и со татко ви! Проклет да е ручекот!

Па сепак сите отидоа. Калуѓерот молчеше и слушаше. По патот низ шумичката тој само еднаш забележа дека отец игуменот одамна веќе чека, и дека задоцниле повеќе од половина час. Никој ништо не му одговори. Миусов со омраза го погледна Ивана Фјодорович.

„Види, оди на ручек, како да не се случило ништо!“ си помисли тој. — „Дебел образ и — карамазовска совест.“

VII

Семинарист-кариерист

Аљоша го доведе својот старец во спалната и го седна на постелата. Тоа беше многу мало собиче, со најпотребниот мебел: кревет — тесен, железен, а на него ,наместо душек ,само колчишта. Во аголот кај иконите стоеше аналој[1]), и на него крст, и евангелие. Старецот се спушти на постелата наполно постанат, очите му блестеа, а дишеше многу тешко. Откога седна, внимателно и како да размислува нешто, го погледна Аљоша.

— Оди си, мили, оди си, мене ми е доволен и Порфириј а ти побрзај. Таму си потребен, оди кај отец игуменот, па послужи при ручекот.

— Благословете да останам овде — со молбен глас рече Аљоша.

— Таму си попотребен. Таму нема мир. Ќе ги послужиш, и ќе помогнеш. Ако се распалат бесовите, читај молитва. И знај, синко (старецот љубеше да го вика така) дека тебе и во иднина овде не ти е местото. За-

[1]) Стојка, пулт во православна црква

памети го ова, момче. Штом ќе ме удостои бог да се претставам — ти веднаш оди си од манастиров. Сосем оди си.

Аљоша се растрепери.

— Што ти е? Овде засега не ти е местото. Те благословувам за големо искушение во светот. Ти имаш уште многу да скиташ. Ти ќе мораш да се ожениш, ќе мораш. За се ќе мораш да помислиш, додека не се вратиш одново. А ќе има многу работа. Но во тебе не се сомневам, затоа и те испраќам. Христос нека е со тебе. Зачувај го и тој ќе те зачува тебе. Ќе видиш голема несреќа, и во таа несреќа ќе бидеш среќен. Еве ти завет: во неволјата побарај ја среќата. Работи, непрестајно работи. Отсега памети го мојот збор, зашто, иако уште ќе зборувам со тебе, не само деновите — туку и часовите ми се избројани.

На лицето од Аљоша пак се покажа силна возбуда. Аглите од неговите усни трепереа.

— Што ти е пак! — тивко се насмевна старецот. — Световните луѓе со солзи нека ги испраќаат своите покојници, а ние овде му се радуваме на отецот што си оди. Се радуваме и се молиме за него. Значи, остави ме. Треба да се молиме. Оди си и побрзај. Биди покрај браќа ти. Но, не само покрај едниот, туку покрај двајцата.

Старецот ја дигна раката да го благослови. Невозможно беше да се противи, иако Аљоша необично сакаше да остане. Сакаше уште да праша, и дури му се лизгаше на јазикот прашањето: „Што требаше да значи поклонот до земја пред братот Дмитриј?“ Но не се осмели да праша. Знаеше, дека старецот и самиот, без прашање, ќе му разјасни, ако беше можно. Но, значи, не сакаше. А тој поклон, многу го вчудовиди Аљоша; тој слепо веруваше дека тоа има некаква таинствена смисла. Таинствена, а можеби и страшна. Кога излезе надвор од оградата на скитот, за да стигне во манастирот на почетокот на ручекот кај игуменот (се разбира, само за да послужува на масата), нему наеднаш болно му се стегна срцето и застана: пред него како повторно да одекнаа зборовите на старецот, кој го претскажа својот толку близок крај. Тоа што го проречуваше ста-

рецот, и тоа со таква точност, мора, без сомневање, да се оствари, Аљоша слепо веруваше во тоа. Но, како ќе остане без него, како ќе може да не го гледа, да не го слуша? И каде ќе оди? Му вели да не плаче, и да си оди од манастирот, господи! Аљоша одамна не чувствуваше таква тага. Тој, отиде брзајќи по шумичката, што го одвојуваше скитот од манастирот, и, не можејќи дури да ги поднесува своите мисли, толку го притискаа, почна да ги гледа стогодишните борови од обете страни на шумската врвица. Растојанието не беше долго, едно петстотини чекори, не повеќе; во тоа време, овде обично никого не би можел да сретнеш, но наеднаш на првиот свиок од врвицата, го забележа Ракитина. Овој очекуваше некого.

— Да не ме чекаш мене? — го праша Аљоша кога стигна до него.

— Токму тебе — се насмевна Ракитин. — Брзаш кај отец игуменот. Знам, кај него има гозба. Таква гозба кај него немало откога го пречекуваше архиерерот и генерал Пахатов, се сеќаваш ли? Јас нема да бидам таму, а ти оди, послужувај ги со сосови. Туку кажи ми, Аљоша, едно: што значи она чудо? Ете, тоа сакав да те прашам!

— Кое чудо?

— Па, ете, поклонот доземи, пред својот брат Дмитриј, и уште како удри на подот со челото!

— Ти зборуваш за отец Зосима?

— Да, за отец Зосима.

— Со челото?

— А, неприлегано ли се изразив? Па добро, нека е неприлегано, тогаш, што значи тоа чудо?

— Јас не знам, Мишо, што значи.

— Јас знаев само дека тој нема да ти објасни. Се разбира, тука нема ништо таинствено, тоа е веројатно само обична благоглупост. Но таа мајсторија беше изведена намерно. Сега барем сите богомолци по градот ќе почнат да зборуваат и ќе разнесат по целата губернија: „Што ли значи тоа чудо?“ Според моето сфаќање старецот навистина има добра дарба да предвидува: однапред надуши криминал. Кај вас смрди.

— Каков криминал?

Ракитин очигледно сакаше нешто да каже.

— Тој криминал ќе биде во вашето семејство. А ќе се случи помеѓу твоите браќа и твојот богат татко. И, ете, отец Зосима удри со челото за секој иден случај, а после, ако биде нешто: „Ах, па тоа светиот старец однапред го кажа — го прорече“ — иако, какво пророштво има во тоа што удри со челото? Не, ќе се рече — тоа беше симбол, алегорија, и ѓавол ќе знае што! Ќе се разнесе глас, ќе се запомни: злосторството, ќе се рече, го насети злосторникот, го обележа. Кај јуродивите секогаш е така: пред меаната се крсти, а на црквата фрла камења. Така и твојот старец: праведникот со стап го тера надвор, а на убиецот му се клања доземи.

— Какво злосторство? Каков убиец? Што зборуваш?

Аљоша застана како здрвен, застана и Ракитин.

— Какво? Божем не знаеш? Се обложувам дека веќе и самиот си мислел за тоа. Навистина, тоа е интересно: слушај, Аљоша, ти секогаш ја кажуваш вистината, иако секогаш седиш на два стола: си размислувал ли за тоа или не, одговарај!

— Сум размислувал — тивко одговори Аљоша.

Се збуни дури и Ракитин.

— Ама што зборуваш! Па зарем и ти веќе си мислел? — викна тој.

— Јас... всушност не сум размислувал — промрмори тој, но кога, ете, ти, пред малку, почна толку чудно да раскажуваш за тоа, мене ми се стори дека и самиот сум мислел.

— Гледаш (и колку јасно го рече тоа), гледаш! Денеска, гледајќи го татка ти и брата ти Митенка, помисли на злосторство? Значи, јас не се лажам?

— Ама причекај, причекај! — вознемирено го прекина Аљоша; — од што го заклучуваш сето тоа?... Зошто тебе толку те интересира, првин тоа да ми го кажеш

— Две прашања посебни, но природни. Ќе ти одговорам на секое посебно. Од каде заклучувам? Јас, брате, тука ништо не ќе можев да заклучам, да не го

сфатев наеднаш денеска Дмитриј Фјодорович, брат ти, целиот, наеднаш и во моментот таков каков што е. Само по една црта го сфатив, наеднаш целиот. Кај тие многу чесни, но страсни луѓе има граници преку кои не смееш да минуваш. Инаку — инаку тие и сопствениот татко ќе го прободат со нож. А татенцето е пијан и невоздржлив развратник, никогаш и во ништо не знаел за мерка — ќе треперат обајцата, и згора на тоа, обајцата ќе се најдат в ендек . . .

— Не, Мишо, ако е само тоа, тогаш ме охрабри. Дотука нема да дојде.

— А зошто трепериш целиот? Знаеш ли ти што има тука? Нека е тој и чесен човек, тој Митенка (глупав е, но е чесен); но тој е сладострасник! Ете, тоа ти е неговата слика, и сета негова внатрешна суштина. Од татка си ја наследил подлата сладостраност. И јас, Аљоша, ти се чудам тебе: од каде ти да си толку девствен? Та и ти си Карамазов! А во вашето семејство сладострасноста е доведена до пламнување! Значи, тие тројца сладострасници се демнат еден со друг . . . со ножевите в чизми. Тројцата се судриле глава со глава, а ти си можеби четвртиот.

— Ти се лажеш во поглед на оваа жена. Дмитриј неа ја . . . ја презира, — некако потреперувајќи проговори Аљоша.

— Зарем Грушенка? Не, братче, не ја презира. Штом својата свршеница дури јавно ја замени со неа, значи не ја презира. Тука . . . тука има, брате, нешто што ти сега не ќе можеш да го разбереш. Човекот се заљубува во каква било убавина, во женското тело, или дури во еден дел од женското тело (тоа може да го сфати само сладострасникот), па за тоа ќе ги даде и сопствените деца; ќе го продаде и татка си, ќе ја продаде и мајка си, Русија и татковината; иако чесен, ќе оди и ќе украде; иако мирен — ќе заколе; иако верен — ќе изневери. Поетот на женските нозе, Пушкин, ножињата ги опеа во стихови; другите не ги опеваа, но не можат да погледаат во ножињата без да се растреперат. Но, не само ножињата . . . Тука, брате, не ти помага презирот; дури и да ја презира Грушенка. И ја презира, но не може да се оттргне.

— Тоа го разбирам — исфрли наеднаш Аљоша.

— Вистина? Па сериозно, се разбира дека сфаќаш, штом така наеднаш изјави дека разбираш — злорадо рече Ракитин. — Одненадеж тоа го исфрли, ти се откина. Дотолку поскапоцено ти е признанието; значи, веќе ти е позната темата, веќе си мислел за тоа, за сладострасноста! Ах, ти, девственику! Аљошка, ти си покорен, ти си светец, признавам, но и ти си покорен, а ваму, ѓаволот знае за што ли не си размислувал, ѓаволот знае што ли веќе не ти е познато! Девствен си, а веќе низ толкава длабочина си минал, — одамна те посматрам. Ти и самиот си Карамазов, ти си вистински Карамазов ,— значи, сепак нешто значи расата и природното одбирање. По татко сладострасник, по мајка јуродив. Што трепериш? Не ја кажувам ли вистината? Знаеш што, Грушенка ме молеше: „Доведи ми го него (тоест тебе) па ќе му ја симнам од него мантијата“. И да знаеш само колку ме молеше: „Доведи го, па доведи го!“ А јас си размислувам: со што си ѝ толку интересен? Но, знаеш, и таа, пак, ти е, необична жена!

— Поздрави ја, речи ѝ дека нема да дојдам — кисело се насмевна Аљоша. — Доврши го, Михаил, тоа што го почна, а јас после ќе ти ја кажам мојата мисла.

— Што има тука да се довршува, сè е јасно. Сè ти е, брате, стара песна. Штом и во тебе се крие сладострасник, што останува за твојот едноутробен брат Иван? Та и тој е Карамазов. Во тоа се состои сето ваше карамазовско прашање: сладострасници, лакомници и јуродиви! Брат ти Иван од шега пишува за тебе теолошки статии, поради некаква многу глупава непозната сметка, а ваму е атеист, и таа своја нискост и самиот ја признава. Ама брат ти, Иван, освен тоа, на братот Митја му ја одзема свршеницата, и таа цел, изгледа, ќе ја постигне. И тоа како: со согласност на самиот Митја, затоа што Митја самиот му ја отстапува својата свршеница, за да се ослободи од неа и што побргу да оди кај Грушенка. И сето тоа и покрај своето благородство и несебичност, обрни внимание на тоа. Ете, тие луѓе се најкобни! Ѓаволот ќе ве разбере по сето тоа; самиот е свесен за својата подлост, а самиот пропаѓа во подлост! Сега слушај понатаму. На Митја

сега му стои на патот стариот — татко ти. Зашто, тој ти е полуден по Грушенка, нему лиги му течат од устата штом ќе ја погледне. И само поради неа и го направи пред малку скандалот во ќелијата – само затоа што Миусов се осмели да ја нарече пачавра. Се има заљубено полошо од мачка. Порано таа само му помагаше во некои негови сомнителни и меански работи за пари, а сега наеднаш се сетил и ја забележал, се настрвил, ѝ здодева со понуди, се разбира, не чесни. И знај дека тие, татенцето и синчето, ќе се судрат на таа патека. А на Грушенка не ѝ е ни за едниот, ни за другиот, засега уште мрда и ги подбуцнува двајцата, мерка кој е покорисен зашто иако кај татенцето може да се дојде до убави пари, тој нема да се ожени со неа; а којзнае, најпосле може да стане и скржавец и да си го стегне ќесето. Во тој случај и Митенка има своја вредност; тој нема пари, но затоа способен е да се ожени. Да, кадар е да се ожени! Да ја напушти свршеницата, вонредната убавина, Катарина Ивановна, богата, од благороднички род и полковничка ќерка, и да се ожени со Грушенка, бивша љубовница на стариот трговец, развратното селаниште и градоначалник Самсонов. Од сето тоа навистина може да произлезе криминалистички случај. А брат ти Иван тоа и го чека, тука ќе му падне секирата в мед: и Катерина Ивановна ќе ја добие, по која копнее, а и ќе ги дигне нејзините шеесет илјади мираз. А за мал човек и голтар, како него, тоа е многу примамливо, за почеток. И запамети: не само што Митја нема да го навреди, туку ќе го задолжи додека е жив. Зашто сигурно знам дека Митенка уште во минатата недела, гласно викаше во крчмата, пијан со циганките, дека не бил достоен за својата свршеница Катерина, а брат ти Иван, бил достоен. А самата Катерина Ивановна, се разбира, таквиот заводник, каков што е Иван Фјодорович, најпосле сепак нема да го одбие; зашто таа и сега се колеба помеѓу нив двајца. И со што ве занесол тој Иван, па толку го обожавате? А тој на сите ви се смее: ми падна, вели тој, секирата в мед, и јадам слатко на ваша сметка.

— Од каде го знаеш сето тоа? Како можеш да зборуваш со таква сигурност? — го праша наеднаш Аљоша растегнато и намуртено.

— А зошто прашуваш и однапред се плашиш од мојот одговор? Значи, и самиот признаваш дека тоа што го реков е вистина.

— Ти не го сакаш Ивана. Иван нема да се полакоми по пари.

— Божем! А убавината на Катерина Ивановна? Тука не се само парите, иако и шеесетте илјади се примамлива работа.

— Иван е над тоа. Иван нема да се полакоми за илјадите. Иван не бара пари, тој не бара мираз. Тој можеби бара мака.

— А каква е таа фантазија? Ах, вие . . . благородници.

— Ех, Мишо, неговата душа е бурна. Умот му е заробен. Во него има голема и нерешена мисла. Тој е од оние на кои не им требаат милиони, туку им треба да го решат проблемот.

— Литературна кражба, Аљошка. Со други зборови, го рече она што го кажа и стариот твој. Гледај само каква загатка ви направи Иван! — со очигледна лутина викна Ракитин. Дури и во лицето се измени и усните му се искривија. — А загатката ви е глупава! Нема што да се решава. Само малку мрдни со главата, ќе сфатиш. Статијата му е смешна и бесмислена. А ја чу ли пред малку неговата глупава теорија: „Ако нема бесмртност на душата, тогаш нема ни добродетел, — значи, сè е дозволено“. (А дали се сеќаваш како викна тогаш брат ти Митенка: „Тоа ќе го запаметам!“ За подлеците, соблазнувачка теорија . . . јас, еве, прекорувам, тоа е глупаво . . . Не за подлеците, туку за школските фанфарони со нивната „неразрешлива длабина на мислата“. Фалбација, а сета суштина му е во ова: „Од една страна не е можно да не признаеш, а од друга — не е можно да порекнеш!“ Сета негова теорија е подлост! Човештвото ќе најде сили во себе, да живее за добродетелта, дури и не верувајќи во бесмртноста на душата! Ќе ја најде таа сила во љубовта спрема слободата, спрема еднаквоста, братството.“

Ракитин пламна, не можеше да се воздржи. Но наеднаш, како да се сети за нешто, застана.

— Но, доста! — се насмевна тој уште покисело отколку пред малку. — Што се смееш ти? Мислиш дека сум банален.

— Не, не помислив дека си банален. Ти си паметен, но... остави, јас тукутака се насмеав. Сега гледам дека и ти можеш да се налутиш, Мишо. Според твојата возбуда гледам дека ни ти не си рамнодушен спрема Катарина Ивановна; јас, брате, тоа го насетував одамна; затоа ти и не го сакаш брат ми Ивана. Ти си љубоморен на него!

— А дали сум љубоморен и на неговите пари? Додај го и тоа.

— Не, јас ништо нема да додадам за парите, нема да те навредувам.

— Ти верувам, кога велиш, но ѓавол да ве земе, и тебе и твојот брат Иван! Вие ниеден нема да разберете дека него човек и без Катарина Ивановна уште како може да не го сака. А зошто и да го сакам, по ѓаволите! И тој мене ме удостојува со прекор. Зошто да немам право јас него да го прекорам?

— Јас никогаш не сум слушнал да рече нешто за тебе — ни добро, ни лошо; тој воопшто не зборува за тебе.

— А јас слушнав дека завчера кај Катарина Ивановна ме прекорувал колку што можел, — ете колку се заинтересирал за мојата мала персона. И сега, брате, според тоа, кој е љубоморен, — не знам! Повелал да ја искаже мислата дека, ако не сум се определел за кариерата архимандрит во многу блиска иднина, и ако не сум решел да се закалуѓерам, тогаш бездруго, ќе сум одел во Петербург и ќе сум му пристапел на некое дебело списание — бездруго во одделот за книжевна критика, ќе сум пишувал едно десетина години, и на крајот на краиштата ќе сум го пренесел списанието на мое име. Потоа ќе сум го издавал и понатаму, и тоа бездруго со литерарен и атеистички правец, со социјалистички дух, дури малку со блесок на социјализам, но држејќи се претпазливо ,тоест, всушност поддржувајќи ги и вашите и нашите, фрлајќи им на будалите

прашина в очи. Крајот на мојата кариера, според толкувањето на брат ти, би бил во тоа што тонот на социјализмот немало да ми пречи парите од претплатата да ги вложувам на текушта сметка, и во погодни прилики да ги пуштам во циркулација, под раководство на некој Евреин, сè додека не сум изградел голема куќа во Петербург, со тоа што би се преселил во неа сосе редакција, а во другите катови, би пуштил кирации. Дури и местото на куќата го определил: кај новиот каменен мост преку Нева, што, велат, се проектира во Петербург, на аголот од Литејна и Виборшка . . .

— Ах, Мишо, изгледа, сè така и ќе се случи, дури до последниот збор! — викна наеднаш Аљоша, не можејќи да се воздржи и весело смеејќи се.

— И вие се впуштате во боцкање, Алексеј Фјодорович.

— Не, не, јас не се шегувам, извини. Јас имам нешто друго на умов. Но сепак, дозволи: кој ли можел тебе да ти соопштува такви подробности, и од кого си можел ти да чуеш за нив? Секако, не си можел да бидеш лично кај Катерина Ивановна кога зборувал за тебе.

— Јас не бев, но затоа беше Дмитриј Фјодорович и јас тоа го слушнав со свои уши од Дмитриј Фјодорович, тоест, ако сакаш да ти кажам право, не ми кажа тој ,ами сето тоа го наслушнував, се разбира, несакајќи, затоа што кај Грушенка, седев во нејзината соба, и не можев да излезам сè додека Дмитриј Фјодорович беше во другата соба.

— Ах, да, јас и заборавив дека таа ти е род . . .

— Роднина? Зарем Грушенка мене роднина? — викна наеднаш Ракитин, сиот поцрвенувајќи. — Ама да не си полудел, што ти е? Да не си се мрднал од умот.

— Зошто? Зарем не ти е род? Јас така слушнав.

— Каде си можел ти да го чуеш тоа? Не, вие, господа Карамазови изигрувате големо и прастаро благородништво, а ваму, татко ти трчаше како шут од куќа на куќа, за да руча, и од милост беше приман како редовен член на домашните кујни. Најпосле до-

бро, јас сум само попски син, и ништо пред вас благородниците, но немојте да ме навредувате толку весело и безобзирно. Јас имам и чест, Алексеју Фјодорович. Јас не можам да ѝ бидам роднина на Грушенка, јавна женска, молам да се разбере тоа!

Ракитин беше многу раздразнет.

— Извини, жити бога, не можев тоа да го очекувам, а после, каква јавна женска е таа? Зарем таа е... таква? — поцрвени наеднаш Аљоша. — Повторувам, така слушнав: дека ти е роднина. Ти често одиш кај неа, и самиот си ми кажувал дека немаш со неа љубовни орски... а јас, гледаш, никогаш не сум мислел, дека и ти така ја презираш. Зарем таа навистина го заслужила тоа?

— Ако и навистина ја посетувам, јас можам за тоа да имам свои причини, тоа нека ти е доста. А што се однесува до сродноста, неа побргу братчето твое, или татко ти ќе ја прикачат како роднина — за тебе, а не за мене. Е, сега стигнавме. Подобро оди во кујната. Ах, што е ова овде? Да не сме задоцниле? Та не можеле толку брзо да ручаат? Или, пак, Карамазови да не направиле некое чудо? Сигурно е така. Еве го и татко ти, и Иван Фјодорович по него. Тие, изгледа, побегнале откај игуменот. Ене го отец Исидор на скалине нешто мавта, веројатно се кара. Охо, ене го и Миусов, — и тој си оди со колата, ене го, гледаш, си оди! А, ене ти бега и спахијата Максимов. — Ама тука морало да има некаков скандал; значи и немало ручек! Да не го истепале игуменот? Или можеби некој ги истепал нив? Е, тоа би било многу добро!...

Ракитин не извикуваше напразно: навистина се случи, нечуен и неочекуван скандал. Сè се случи „според инспирацијата“.

VIII

Скандал

Кога Миусов и Иван Фјодорович веќе влегуваа кај игуменот, во дуќата на Петар Александрович, како искрено чесен и чувствителен човек, брзо се изврши

еден деликатен своевиден процес: му беше срам што се лути. Тој почувствува дека, всушност, требало во голема мера да не го почитува гнасниот Фјодор Павлович, дека не смеел да ја загуби ладнокрвноста во ќелијата на старецот, за да не се заборави, како што се случи. „Во секој случај монасите за ништо не се виновни", реши тој наеднаш во тремот на игуменот, „а ако и овде луѓето се чесни (овој отец Николај, игумен, исто така, изгледа, од благородничкиот сталеж), зошто да не бидам со нив пријатен, љубезен и учтив? . . . Нема да се карам, сè ќе одобрувам, ќе ги восхитам со љубезност и . . . и . . . ќе им докажам најпосле дека не сум како овој Езоп, овој шут, овој кловн, и дека сум вовлечен во незгода како нив".

Што се однесува, пак, до спорното сечење на шумата, и до спорниот риболов (тој ни самиот не знаеше каде е сето тоа), реши тоа конечно да им ги отстапи, еднаш засекогаш, уште денеска, дотолку повеќе што сето тоа имаше мала вредност — и сите свои тужби против манастирот да ги повлече.

Сите тие негови убави намери, уште посилно се потврдија, кога дојдоа во трпезаријата на игуменот. Тоест, игуменот и немаше трпезарија, затоа што, всушност, во целиот свој стан имаше само две соби, вистина многу пошироки и поудобни отколку тие од старецот. Но внатрешноста на собите ни кај него не се одликуваше со посебен конфор: мебелот беше обложен со кожа, од махагон, по старата мода на дваесеттите години, дури и подот беше небојадисан; но затоа сè блестеше од чистота, по прозорците имаше многу скапи цвеќиња; но главната раскош во тој момент, се разбира, ја претставуваше богато поставената маса, па и тоа, впрочем, како да се земе: прекривката беше чиста, садовите светеа; три вида прекрасно испечен леб, две шишиња вино; две шишиња прекрасна манастирска медовина, и голем стаклен бокал со манастирски квас, кој беше прочуен во околината. Ракија немаше ни малку. Ракитин после раскажуваше дека ручекот бил составен од пет јадења: чорба од кечига со пирошки со риба; потоа обарена риба, некако фино и посебно приготвена; потоа котлети од црвена риба, сла-

долед и компот, и, најпосле, овошно желе како бланманже. Сето тоа го намириса Ракитин, не издржувајќи и намерно sирнувајќи во кујната на игуменот, со која, исто така, имаше врски. Тој секаде имаше врски и секаде наоѓаше известувачи. Неговото срце беше немирно и завидливо. Беше наполно свесен за своите крупни способности, но нервозно ги преувеличуваше во својата вообразеност. Сигурно знаеше дека ќе стане еден вид јавен работник, но Аљоша, кој му беше многу приврзан, го мачеше, тоа што неговиот пријател Ракитин е нечесен а самиот не го чувствува тоа, напротив, знаејќи за себе, дека нема да украдѐ пари од масата, се сметаше себеси, без секакво сомневање, за човек со голема чесност. И тука ни Аљоша, ниту некој друг не можеше ништо да направи.

Ракитин, како безначајна личност, не можеше да биде поканет на ручек затоа беа поканети отец Јосиф и отец Паисиј, и со нив уште еден еиромонах. Тие веќе очекуваа во трпезаријата на игуменот кога влегоа Петар Александрович, Калганов и Иван Фјодорович. Настрана чекаше и спахијата Максимов. Отец игуменот, за да ги пречека гостите, излезе напред на средината на собата. Тој беше висок, сув, но сѐ уште силен старец, со црна коса, што беше почнала да побелува, со долго испосничко и достоинствено лице. Тој им се поклони на гостите молкома, но овој пат тие пристапија за да примат благослов. Миусов дури и се обиде да му целива рака, но игуменот некако навреме ја тргна раката, така што не дојде до тоа. Но затоа Иван Фјодорович и Калганов примија благослов, овој пат целосно, тоест со најпростодушно и народско бацување на раката.

— Ние мораме многу да ви се извиниме, ваша високопреподобност, почна Петар Александрович, љубезно насмевнувајќи се, но сепак со достоинствен тон. — Да се извиниме дека доаѓаме сами, без нашиот сопатник Фјодор Павлович, кого го поканивте. Тој беше принуден да се отстрани од вашата трпеза, и тоа не без причина. Во ќелијата на преподобниот отец Зосима, занесен од својата несреќна семејна расправија со сина си, рече неколку наполно неумесни збора... со

еден збор, наполно непристојни... за кое, како што изгледа (тој ги погледна иеромонасите), вашата високопреподобност веќе знае. Па затоа, откако сфати дека е виновен искрено се каеше, тој почувствува срам, и не можејќи да го совлада, ме замоли мене, и својот син Иван Фјодорович, пред вас да го искажеме неговото искрено жалење, покорност и каење... Со еден збор, тој сака и се надева дека сè ќе се поправи подоцна, а сега ве моли за благослов и да го заборавите тоа што се случи...

Миусов замолкна. Откако ги изговори последните зборови на својата тирада, тој остана наполно задоволен со себеси, во толкава мера што во душата немаше ни трага од скорешната лутина. Наполно и искрено пак го сакаше човештвото. Игуменот, го ислуша достоинствено, ја наведна малку својата глава и рече одговарајќи му:

— Од срце жалам, што нè остави. Можеби на нашата трпеза ќе нè засакаше, исто како и ние него. Повелете, господа, започнете.

Тој застана пред иконата, па гласно почна да чита молитва. Сите со почит си ги наведнаа главите, а Максимов посебно зачекори напред, склопувајќи ги пред себе рацете од посебна побожност.

И токму во тој момент Фјодор Павлович ја изведе својата главна точка. Треба да се каже дека тој навистина сакаше да си оди и дека навистина ја почувствува невозможноста, по своето срамно однесување во келијата на старецот, да оди кај игуменот на ручек, како да не било ништо. Не затоа што толку се срамеше и се обвинуваше себеси, можеби дури сосем обратно; но сепак чувствуваше дека е непристојно сега да оди на ручек. Но само што ја донесоа до скалите на гостилницата неговата разнишана кола, тој наеднаш, веќе качувајќи се во неа, застана. Му дојдоа на ум, неговите сопствени зборови: „Мене секогаш ми се чини, кога влегувам некаде, дека сум поголем подлец од сите и дека сите ме сметаат за будала — е па штом е така, ајде навистина да ви изиграм будала, затоа што вие сите до еден сте поглупави и поподли од мене.“ Сакаше на сите да им се одмаздува поради

своите сопствени расипаности. Наеднаш се сети како некогаш, многу одамна, еднаш го прашале: „Зошто вие толку го мразите тој и тој?“ А тој со својата бесрамност на шут одговорил: „Еве зошто: навистина, ништо не ми направил, но затоа пак јас нему му направив една одвратна пакост, и само што го направив тоа, во истиот миг и го замразив.“ Секавајќи се за тоа сега, тивко и злобно се насмевна во моментното размислување. Очите му блеснаа и дури усните му затреперија. „Па, сега, штом започна, треба да довршиш!“ — реши наеднаш. Неговото најскриено чувство во тој момент би можело да се изрази со овие зборови: „Сега веќе не си го враќаш угледот, туку ајде уште изнаплукај ги до бесрамност: не се срамам од вас, и крај!“ На кочијашот му нареди да го причека, и со брзи чекори се врати во манастирот, па право кај игуменот. Уште не знаеше сигурно што ќе направи, но знаеше дека веќе не владее со себеси, и дека — и при најмал повод, — во еден миг ќе дојде до крајните граници на некаква гадост — впрочем, само до гадост, а не до некакво злосторство или некаков истап, за кој може да се добие казна. Што се однесува до последното, секогаш умееше да се воздржува, и дури се чудеше во поглед на тоа во некои прилики. Во трпезаријата на игуменот се појави токму во моментот кога се доврши молитвата и кога сите тргнаа да седнат на мааста. Запирајќи се на прагот, тој го измери со поглед сето друштво и се засмеа со долга бесрамна, пакосна смеа, смело гледајќи им во очите на сите.

— Тие мислеа дека си отидов, а еве ме мене! — викна гласно така што сè ечеше.

Во еден момент сите ги свртија погледите во него и молчеа; наеднаш сите почувствуваа дека сега ќе се случи нешто одвратно, грдо, и сигурен скандал. Петар Александрович од најдобродушното расположение вчас мина во најбесно. Сè што беше згаснато и стивнато во неговото срце, наеднаш воскресна и се надигна.

— Не, јас не можам да го издржам ова! — викна тој — по никоја цена не можам и . . . никако не можам.

Крвта му јурна во главата. Тој се збрка, но веќе сега не држеше до убавината на стилот, ами си ја зграпчи шапката.

— Што е тоа што не може да издржи тој? — викна Фјодор Павлович, — „никако не може и по никоја цена не може?“ Ваша преподобност, да влегувам или не? Ме примате ли на масава?

— Повелете, од сè срце, одговори игуменот. — Господа! дали ќе смеам да си дозволам, — додаде тој, — да ве замолам од сè срце да ги оставите настрана вашите случајни расправии, па да седнете во љубов и роднинска слога, со молитва кон господа, на нашата смирена трпеза.

— Не, не, невозможно е! — викна Петар Александрович, како да не е токму.

— Е, ако не му е можно на Петар Александрович, тогаш и мене не ми е можно, и јас нема да останам. Јас затоа и тргнав. Отсега јас секаде ќе бидам со Петар Александрович, ако си одите вие, Петар Александрович, и јас ќе си одам, ако останете — и јас ќе останам. А со роднинската слога најжестоко го боцнавте, отец игумене: тој не сака да признае, дека ние сме роднини. Така ли е, фон Зоне. Ете — тука ви е и фон Зон. Здраво, фон Зон!

— Мене ли ми го велите тоа? — промрмори вчудовидениот спахија Максимов.

— Се разбира, тебе, — викна Фјодор Павлович. — Ами кому? Секако нема отец игуменот да биде фон Зон.

— Па ни јас не сум фон Зон, јас сум Максимов.

— Не, ти си фон Зон. Ваша преподобност, знаете ли вие кој е тој фон Зон? Имаше еден кривичен процес, него го убија во куќата на блудот — така, изгледа, се викаат кај вас таквите места — го убија и го ограбија, и макар што тој човек веќе беше во години, го заковаа во сандак, го затворија и го испратија од Петербург во Москва, во вагонот за багаж, под број. А кога го заковуваа, тогаш блудни танчарки пееја песни и дрнкаа на харфа, тоест на фортепијано. И, ете, тој ви е фон Зон. Тој воскресна од мртвите, така ли е, фон Зон?

— Ама што е тоа? Како тоа? — се слушнаа гласови во групата на иеромонасите.

— Да си одиме! — викна Петар Александрович, обрнувајќи му се на Калганов.

— Не, дозволете! — извика Фјодор Павлович, правејќи уште еден чекор во собата — дозволете ми и мене да довршам. Таму во ќелијата ме наклеветија дека непристојно сум се однесувал, особено затоа што го реков тоа за рипчињата. Петар Александрович Миусов, мој роднина, љуби во говорот да има plus de noblesse que de siucerité[1]) а јас напротив љубам во мојот говор да им plus de siucerite que de noblesse,[2]) и — плукам на noblesse-от![3]) Така ли е, фон Зон? Дозволете, отец игумене, иако сум шут, и ви се прикажувам како шут, јас сепак сум витез на честа, и сакам да го кажам тоа. Да, господа, јас сум витез на честа, а кај Петар Александрович само суетата е повредена, и ништо повеќе. Јас дојдов ваму можеби само за да видам и да кажам. Овде син ми Алексеј си ја спасува душата: јас сум му татко, јас се грижам за неговата судбина, и должен сум да се грижам. Досега слушав, и се преправав, и од аголот посматрав, а сега сакам да го изведам последниот чин на претставата. Зашто, како е кај нас? Кај нас, тоа што паѓа и лежи. Кај нас, тоа што еднаш паднало, нека лежи довек. Како да не! Јас сакам да станам. Отци свети, против вас негодувам. Исповедта е голема тајна, пред која чувствувам страхопочит и на која сум готов да ѝ се поклонам до земја. Кога таму, кај вас во ќелијата сите клекнуваат и гласно се исповедаат. Дозволено ли е гласното исповедање? Од светите отци е востановена исповедта на уво; дури тогаш вашата исповед ќе биде тајна, и тоа е тајна од памтивека. А вака, како што јас нему овде пред сите ќе му објаснам дека сум, на пример, тоа и тоа... па, тоест, тоа и тоа, разбирате ли? Зашто некогаш е непристојно и да се каже. Па тоа е скандал! Не, отци, човекот покрај вас, може да западне, во

---

[1]) Повеќе благородство од искреност — фр.
[2]) Повеќе искреност од благородство — фр.
[3]) Благородство — фр.

хлистовштина... Јас при прва можност ќе му пишам на синодот, а син ми ќе си го земам дома.

Овде нота бене. Фјодор Павлович нешто потслушнал; некогаш имало злонамерни интриги, што стигнале дури и до архиерејот (не само од нашиот манастир, туку и од другите каде што е востановено старештвото), дека светот, божем, премногу ги почитува старците, дури на штета на игуменскиот чин, и дека, покрај другото, старците, божем, ја злоупотребуваат тајната на исповедувањето, и така натаму. Грди обвинувања, кои во своето време отпаднаа сами од себе — и кај нас и секаде. Но глупавиот ѓавол, што го имаше зграпчено Фјодора Павлович и го носеше на неговите сопствени нерви некаде сè подалеку и подалеку, во срамна длабина, му го шепна тоа старо обвинување, од кое самиот Фјодор Павлович не разбираше ни збор. А не умеше правилно ни да се изрази, дотолку повеќе што овој пат во ќелијата на старецот ниту некој клечеше, ниту некој гласно се исповедаше, така што Фјодор Павлович ништо слично не можеше да види, па сега зборуваше само според она што го чул за порано, што којзнае како го запаметил. Но откога ја искажа својата глупост, тој почувствува дека бапнал грозна бесмислица, и наеднаш посака во истиот миг да им докаже на слушателите, а уште повеќе себеси, дека тоа што го кажал, никако не е бесмислица. Па иако многу добро знаеше дека со секој натамошен збор сè повеќе и погрдо ќе ја зголемува искажаната глупост — сепак веќе не можеше да се задржи, и летна главечки прудолу.

— Каква подлост! — викна Петар Александрович.

— Простете — рече наеднаш игуменот. — Одамна е речено: „И почна да зборува против мене многу работи, дури и некои гадни нешта. Јас, пак, кога го слушнав сето тоа, си велев во себе: ова е Исусов лек. Тој го испрати за да ја излекува празнината на мојата душа". И затоа ние покорно ви благодариме, скапоцен гостину.

И тој длабоко му се поклони на Фјодор Павлович.

— Е, е, е! лицемерство и стари фрази! И стари гестови! Стара лага и вообичаениот поклон доземи! Ги знаеме ние тие поклони! „Бакнежи во устата, и — меч во срцето", како во „Разбојници" од Шилер. Отци, не го љубам преправањето, туку ја сакам вистината. Но вистината не е во рипчињата, тоа веќе ви го кажав! Отци-монаси, зошто постите? Што очекувате за тоа како награда од небото? Па за таква награда и јас ќе почнам да постам! Не, свет монаху, ти биди чесен во животот, биди му корисен на општеството, не затворајќи се во манастирот на готов лебец и не очекувајќи награди таму горе — тоа ќе биде малку потешко. Гледате ли, отец игумене, и јас умеам добро да зборувам. Гледај само што не ти приготвиле овде! — се доближи до масата. — Стар портвајн, добра марка, медовина од браќата Елисееви — ете ти ги монасите! Ова не прилега на риба. Види, колку шишиња наредиле отците хе, хе, хе! А кој ви го набавил сево ова? Рускиот селанец, трудбеникот го носи ваму својот грош, заработен со мазолести раце, откинувајќи го од своето семејство и од државните потреби. Ама вие, свети отци, крвта му ја пиете на народот.

— Тоа веќе сосем е недостојно од ваша страна — рече отец Јосиф. Отец Паисиј упорно молчеше.

Миусов истрча од собата, а по него и Калганов.

— Значи, отци, си отидов и јас, по Петар Александрович. Повеќе нема да ви дојдам, дури и ако ме молите на колеици. Нема да дојдам. Ви испратив илјада рубли, па срцето пак ви зинало, хе, хе, хе! Не, не давам повеќе. Се одмаздувам за мојата изминатата младост, за сето мое понижување! — почна тој да чука со тупаница по масата исполнет од извештачено чувство. — Овој манастир многу значеше во мојот живот! Многу горчливи солзи сум пролеал поради него! Вие, жена ми, таа икачката ја подигнавте против мене. Вие ме проколнувавте на седум собори, ме разгласивте по околинава. Доста отци, денешниов век е либерален, век на параброди и железници. Ни илјада, ни сто рубли, ни сто копејќи, од мене ништо нема да добиете.

Пак нота бене. Никогаш ништо посебно не значел нашиот манастир во животот на Фјодор Павлович, и никакви горчливи солзи тој не леел за него. Но тој толку се занесе со своите лажни солзи што за малку и самиот ќе поверуваше во тоа; дури и се расплака од разнеженост; но во истиот миг почувствува дека треба да си ја сврти опашката назад. Игуменот, на неговата пакосна лага, ја наведна главата, и пак убедливо проговори:

— И речено е: „Внимателно и со радост претрпи ја срамотата што иде на тебе без твоја вина, и немој да се збуниш, или да го замразиш оној што те посрамува". Така и ќе направиме.

— Уф, уф, уф, вознепшчеваху — и друг галиматијас! Непшчувајте и понатаму, почитувани отци, а јас си одам! И син ми Алексеј го земам одовде со родителска власт, засекогаш. Иване Фјодорович, мој најпослушен сине, дозволете да ви наредам да тргнете по мене! Фон Зоне, зошто да останеш овде! Ајде, веднаш кај мене, в град! Кај мене ти е весело. Ако има најмногу една врста дотаму, а наместо зејтин ќе ти изнесам прасе со каша; ќе ручаме; ќе те послужам со коњак, потоа со ликер; ликер од малина . . . Еј, фон Зоне, не испуштај ја среќата од раце!

Тој излезе викајќи и гестикулирајќи. И токму во тој момент го виде Ракитин како излегува, и му го покажа на Аљоша.

— Алексеј! — му викна од далеку татко му, кога го забележа. — Уште денеска сосем пресели се кај мене донеси си го и душекот, и перницата ,и овде веќе да не остане ни трага од тебе!

Аљоша застана како здрвен, молчејќи и внимателно гледајќи ја сцената. Фјодор Павлович, меѓутоа, се качи во колата, а по него почна да се качува и Иван Фјодорович, молчејќи и намуртено, дури и не свртувајќи се накај Аљоша, за да се прости. Но тука се случи уште една комедијантска и речиси неверојатна сцена, што ја дополни оваа епизода. Наеднаш кај колата се создаде спахијата Максимов. Тој дотрча целиот зазбивтан, зашто се плашеше да не задоцни. Ракитин и Аљоша видоа како трчаше. Толку брзаше што

немајќи трпение веќе ја имаше подигнато ногата за да ја стави на стапалото за качување на кое уште стоеше левата нога на Иван Фјодорович, и откако, се фати за рачката се уфрли во колата.

— И јас, и јас ќе дојдам со вас! — викаше тој, потскокнувајќи и смеејќи се со ситна весела смеа, сиот блажен во лицето и готов на сè — земете ме и мене.

— Еве, нели ви велев — викна Фјодор Павлович восхитено — дека тој е фон Зон! Дека е тој вистински фон Зон, воскреснат од мртвите! Ама како се извлече оттаму? Што нафонзони таму и како можеше да се извлечеш од ручекот? Зашто за такво нешто треба да имаш дебел образ! И јас имам, но, брате, му се чудам на твојот! Седнувај, седнувај бргу! Пушти го, Вања, ќе биде повесело. Тој како било ќе приседне до нашите нозе. Ќе приседнеш ли, фон Зоне? Или да го ставиме отстрана со коларот? . . . Седнувај до коларот, фон Зоне.

Тогаш Иван Фјодорович кој веќе си беше седнал на местото, молчејќи и со сета сила наеднаш го тупна во градите Максимова, така што овој отиде настрана за цел сажен. А што не падна, тоа беше само случај.

— Терај! — налутено му викна на кочијашот Иван Фјодорович.

— Ама, што правиш ти? Што правиш? Зошто така? . . . — се нафрли Фјодор Павлович, но колата веќе тргна.

Иван Фјодорович не одговори.

— Ете, каков си! — продолжи Фјодор Павлович по кратко молчење, откосо гледајќи го својот син. — Самиот предложи да дојдеме во манастирот, самиот ме поттикнуваше, самиот го одобруваше тоа, па што се лутиш сега?

— Ама до кога ќе дрдорите, одморете се малку, барем сега — намуртено пресече Иван Фјодорович.

Фјодор Павлович, пак, замолчи едно две минути.

— Добро би било да има сега малку коњак — рече поучно.

Но Иван Фјодорович не одговори.

— Кога ќе дојдеме, и ти ќе се напиеш.

Иван Фјодорович сè уште молчеше.

Фјодор Павлович почека уште едно две минути.

— А Аљошка ќе го земам од манастирот, и покрај тоа што вам ќе ви биде непријатно, многу почитуван Карл фон Мор.

Иван Фјодорович со презир ги собра рамениците, и свртувајќи се на другата страна од татка си, фати да го гледа патот. Сè до нивната куќа не проговорија ни збор.

ТРЕТА КНИГА

СЛАДОСТРАСНИЦИ

I

Во собата за слуги

Куќата на Фјодор Павлович Карамазов не беше во центарот на градот, но не беше ни сосем на периферијата. Беше многу стара: приземна, со мансарда, бојадисана со сива боја, и со црвен лимен покрив. Впрочем, можеше да издржи уште многу долго време; беше широка и удобна. Во неа имаше многу разни собичиња, разни визбички, и некакви неочекувани скали. Во неа имаше и глувци, но Фјодор Павлович не им се лутеше многу: „Сепак не е толку здодевно навечер, кога ќе останеш сам“. А кај него навистина беше обичај слугите да спијат во одвоената зграда во дворот, а тој дома се затвораше сам, преку целата ноќ. Таа одвоена зграда се наоѓаше во дворот, беше широка и цврста; во неа Фјодор Павлович беше наредил да биде и кујната, иако една кујна имаше и во главната куќа; тој не ја љубеше кујнската миризба, така што јадењето му се носеше од дворот и лете и зиме. Воопшто, куќата беше направена за големо семејство, и во неа можеше да бидат сместени петпати повеќе и господа и слуги. Но во моментот кога се одигрува нашава приказна во куќата живееше само Фјодор Павлович со Иван Фјодорович, а во засебната куќа за послугата, само тројца слуги: старецот Григориј, бабата Марфа,

неговата жена и слугата Смердјаков, уште млад човек. Треба да се каже нешто повеќе за тие тројца слуги. За старецот Григориј Василевич Кутузов, ние, впрочем, веќе доста зборувавме. Тој беше тврд човек, кој упорно и право одеше кон својата цел, ако само таа цел, од некакви причини (често за чудо нелогични) се поставуваше пред него како непобитна вистина. Општо речено, тој беше чесен и совесен. — Жена му, Марфа Игнатјевна, и покрај тоа што во целиот живот, без поговор ѝ се покоруваше на волјата на својот маж, многу беше упорна во барањата, како, на пример, веднаш по олослободувањето на селаните, кога настојуваше да си одат од Карамазови во Москва, па таму да отворат некакво дуќанче (имаа малку парички), но тогаш Григориј еднаш засекогаш ѝ се спротивстави велејќи дека жена му зборува сенѐшто, „зашто секое женско е нечесно“, и дека тие не треба да си одат откај својот дотогашен господар, каков и да е тој. „затоа што тоа сега е нивна должност “.

— Разбираш ли ти што е тоа должност? — ѝ се обрна тој на Марфа Игнатјевна.

— Јас разбирам од должност, Григориј Василевич, но зошто сме ние должни да останеме овде, тука јас ништо не ти разбирам, — одговори решително Марфа Игнатјевна.

— Не мораш ни да разбереш, но ќе биде така. Отсега да молчиш.

Така и беше: тие не си отидоа, а Фјодор Павлович им определи плата, не многу голема, но им ја даваше. А Григориј, покрај тоа знаеше дека врз господарот има неоспорно влијание. Го чувствуваше тоа, а и беше така: итриот и тврдокорен шут, Фјодор Павлович човек со многу цврст карактер „во некои животни работи“, како што се изразуваше самиот — за чудо, беше сосем слаб во некои други „животни работи“. И само тој знаеше во какви, знаеше и се плашеше од многу нешта. Во некои животни околности требаше да биде на стреш, и притоа, беше тешко без верен човек, а Григориј му беше вонредно верен човек. Се случуваше Фјодор Павлович, во текот на својата кариера, многупати да биде тепан, и уште како тепан, но секо-

гаш го спасуваше Григориј, иако по тоа ќе му одржеше лекција. Самото тепање не го застрашуваше Фјодора Павлович: имаше и некои извонредни случаи, дури и многу заплеткани, кога Фјодор Павлович самиот не беше кадар да ја објасни онаа необична потреба за сигурен и близок човек, што ќе ја почувствуваше понекогаш моментално и несфатливо. Тоа беа речиси патолошки моменти: во најголема мера развратен, и во својата сладострасност често немилосрден, како некаква отровна бубачка, Фјодор Павлович наеднаш, понекогаш, во своите моменти на пијанство ќе почувствуваше духовен страв и морален потрес, кој, така да се каже, речиси физички одекнуваше во неговата душа: „Како душата да ми доаѓа в грло во таквите прилики", велеше понекогаш. И, ете, во такви моменти тој љубеше покрај него, во близина, иако не во исто соба, туку во дворната зграда, да се најде таков верен, цврст човек, ни од далеку не таков како него, не развратен, кој, иако ја гледаше сета таа разблудност и ги знаеше сите тајни, сепак, поради верноста, му допушташе сè, не се противеше, и што е важно — не го прекоруваше и со ништо не го застрашуваше, ни во овој живот, ни во идниот; а во случај на потреба, дури и би го бранел — од кого? Од некој непознат, но страшен и опасен. Работата беше токму во тоа: тука бездруго да биде некој д р у г човек, одамнешен пријател, па во мачен момент да може да го викне, макар само за да му погледне во лицето, или, да речеме, да размени со него неколку збора, сосем неважни; иако тој нема ништо против, ако не се лути, тогаш, некако му е полесно на срцето; а ако се лути, е, тогаш е потешко. Се случуваше (впрочем многу ретко) Фјодор Павлович да оди дури ноќе во дворната зграда, и да го разбуди Гргиорија за да дојде кај него за еден момент. Овој доаѓаше, а Фјодор Павлович започнуваше разговор за сосем безначајни работи, и потоа брзо го пушташе, понекогаш дури и со подбив и со шега, а самиот плукнувајќи, легнуваше да спие, па после заспиваше со сон на праведник. Нешто слично на тоа се случи со Фјодор Павлович и по доаѓањето на Аљоша. Аљоша го „пронижал неговото срце" со тоа што „живеел, сè

видел, и ништо не осудил". Па не само тоа, туку тој со себе донесе нешто нечуено: целосно отсуство на презир спрема него, старецот, па дури и секогашна љубезност и целосна природна простодушна верност спрема него, кој толку малку ја заслужуваше. Сето тоа за стариот разблудник и бессемејник беше вистинско изненадување, нешто сосем неочекувано за него, кој досега сакаше само „гнасотија". По доаѓањето на Аљоша, тој си призна во себе дека сфатил по нешто што дотогаш не можел да сфати.

Јас уште во почетокот спомнував, дека Григориј ја мразеше Аделаида Ивановна, првата сопруга на Фјодор Павлович и мајка на првиот негов син Дмитриј Фјодорович, и дека, напротив, ја штитеше неговата втора сопруга, икачката, Софија Ивановна, наспроти својот господар, и наспроти секого на кого ќе текнеше да изусти за неа лош или лесномислен збор. Кај него симпатијата спрема таа несреќна жена се беше претворила во нешто свето, така што тој и по дваесет години не би поднесол, од кого било, ни лош збор за неа, и веднаш би станал против навредувачот. По својата надворешност, Григориј беше дури ладен човек, достоинствен, ни малку не дрдорлив, неговите зборови беа одмерени и сериозни. Толку невозможно беше да се разјасни на прв поглед дали ја сака својата послушна, покорна жена, или не, меѓутоа, тој неа навистина ја сакаше, и таа, се разбира, го знаеше тоа. Таа Марфа Игнатјевна не само што не беше глупава жена, туку, можеби, беше и попаметна од својот маж, во секој случај, поразбрана од него, во животните прилики, а меѓутоа, таа му се потчинуваше без поговор уште од почетокот на нивниот брачен живот, и безусловно го почитуваше поради духовната надмоќност. Важно е дека обајцата, во целиот свој живот, необично малку зборуваа еден со друг, освен за најпотребните и тековните работи. Достоинствениот и важен Григориј секогаш сам ги смислуваше сите свои работи и грижи, така што Марфа Игнатјевна, еднаш засекогаш сфати дека нему нејзините совети ни малку не му се потребни. Таа чувствуваше дека нејзиниот маж го цени молчењето, и дека поради тоа ја смета за памет-

на. Никогаш не ја тепаше, освен еднаш, и тоа многу малку. Во првата година на бракот на Аделаида Ивановна со Фјодор Павлович, еднаш на село, селските девојки и жени, тогаш уште кметови, беа собрани во дворот на господарот, за да пеат и играат. Почнаа да ја пеат „Во ливадите", кога наеднаш Марфа Игнатјевна, тогаш уште млада жена, излезе пред орото и ја одигра „Руската" на посебен начин, не на селски како селанките, туку како што играла кога била слугинка кај богатите Миусови, во нивниот домашен спахиски театар, каде што артистите ги учеше да играат посебен учител за играње од Москва. Григориј виде како одигра жена му, и дома, по еден час, ја „поучи", повлекувајќи ја малку за косата. Со тоа и заврши тепаницата еднаш засекогаш, и веќе не се повтори, во целиот нивни живот, а и Марфа Игнатјевна тогаш се зарече дека веќе нема да игра.

Господ не им даде деца, имаа едно детенце, но и тоа умре. Григориј очигледно сакаше деца, тоа дури и не го криеше, тоест не се срамеше да го покажува тоа. Дмитрија Фјодорович го зеде кај себе како тригодишно детенце, кога побегна Аделаида Ивановна, и се намачи со него речиси една година. Тој самиот го чешлаше, дури самиот и го бањаше во корито. Потоа се намачи и со Ивана Фјодорович и со Аљоша, за што доби шлаканица; но за сето тоа веќе раскажав. Неговото сопствено детенце го зарадува само со надежта додека Марфа Игнатјевна уште беше бремена. А кога се роди, неговото срце се исполни со тага и страв. Работата е во тоа што детето се роди со шест прсти. Кога го виде тоа, Григориј беше толку разочаран, што не само молчеше до крштењето, туку уште нарочно одеше во градината за да молчи. Беше пролет, тој сите три дена копаше леи во градината, во овоштарникот. Третиот ден требаше да се крсти новороденчето; Григориј до тој час нешто имаше смислено. Кога влезе во куќата, каде што се беа собрале црковните служители и беа дојдени гости, па најпосле и самиот Фјодор Павлович, кој дојде лично како кум — Григориј наеднаш изјави дека детето „воопшто не би требало ни

да се крсти", — и тоа го изјави не гласно, не со многу зборови, туку одвај процеди збор по збор, и притоа само тапо, и здрвено гледаше во свештеникот.

— А зошто? — го праша свештеникот со весело чудење.

— Затоа што е . . . ламја . . . — промрмори Григориј.

— Каква ламја? Каква ламја?

Григориј молчеше некое време.

— Ете, се направила мешавина на природата . . . промрмори тој, многу и нејасно, но многу решително, и очигледно не сакајќи понатаму да објаснува.

Присутните се насмеаја и, се разбира, кутрото детенце го крстија. Григориј при крштењето искрено се молеше, но своето мислење за новороденчето не го измени. Впрочем, тој во ништо не пречеше; само цели две недели, колку што поживеа тоа болежливо детенце, тој речиси и не го погледна, дури не сакаше ни да го забележува, и, главно, не се задржуваше дома. А кога по две недели детето умре од млечен пришт, тој самиот го стави во сандаче, со длабока тага гледаше во него, и кога го затрупаа малото гропче, тој клекна и му се поклони на гробот до земи. Од тоа време, многу години ниеднаш не го спомена своето дете, а ни Марфа Игнатјевна никогаш пред него не го споменуваше своето дете; а кога ќе се случеше со некого да разговара за своето „детенце", тогаш зборуваше шепотејќи без обзир дали е тука Григориј Василевич. Според зборовите на Марфа Игнатјевна, Григориј по тоа гропче фати главно да се занимава со „божественото": ги читаше „Житијата на светците", повеќе молчејќи и сам, секојпат натакнувајќи ги своите големи сребрени тркалести очила. Ретко читаше на глас, освен за време на големите пости. Ја сакаше книгата на Јов, ја доби од некаде како препис на беседите и проповедите на „босоногиот отец наш Исак Сирин", ја читаше упорно, и многу години, речиси ништо не разбираше во неа, но токму затоа можеби најмногу ја ценеше и ја сакаше таа книга. Во последно време, почна

да ѝ обрнува внимание и да се задлабочува во хлистовштината, затоа што во соседството му се укажа можност, очигледно беше потресен, но, не сметаше дека е добро да мине во новата вера. Се разбира, читањето на светите книги ѝ даде на неговата физиономија уште поголема важност.

Тој можеби беше склон кон мистицизам. Во тоа време, како нарочно, појавата на свет на неговото синче со шест прсти и неговата смрт, се совпаѓаше со друг, многу чуден неочекуван и оригинален случај, што остави во неговата душа — како што еднаш подоцна сам се изрази — „печат". Така се случи што токму во оној ден кога го закопаа малиот со шест прсти, Марфа Игнатјевна, разбудувајќи се ноќе, како да чу плачење на новороденото дете. Таа се уплаши и го разбуди мажот. Овој слушна и забележа дека тоа повеќе прилега како некој да лелека, и „баш како да е жена". Стана, се облече; беше доста топла мајска ноќ. Откако излезе пред куќата, јасно сфати дека лелекањето доаѓа откај градината. Но градината ноќе се заклучуваше од дворот, и во неа не можеше да се влезе поинаку, освен од тој влез, зашто околу целата градина имаше цврст и висок плет. Кога се врати, Григориј запали фенер, го зеде клучот од градината, и не обрнувајќи внимание на хистеричниот страв од својата жена, која сè уште уверуваше дека слуша детски плач и дека сигурно плаче нејзиното синче дека ја вика — молкома отиде во градината. Тука сега јасно сфати дека лелекањето доаѓа од нивната домашна бања, што се наоѓаше во градината, недалеку од малата врата, и дека навистина лелека жена. Ја отвори бањата, и виде сцена пред која се вчудовиди. Градската јуродива, која талкаше по улиците, и која на целиот град му беше позната по името Лизавета Смрдлива, се довлечкала во нивната бања, и штотуку родила машко детенце. Детенцето лежеше крај неа, а таа умираше покрај детето. Ништо не зборуваше, зашто и не умееше да зборува. Но сето тоа би требало посебно да се објасни.

II

Лизавета Смрдлива

Тука имаше една посебна околност која длабоко го потресе Григорија, конечно утврдувајќи во него едно непријатно и одвратно поранешно сомневање. Лизавета Смрдлива имаше многу мал раст, „малу повисока од два аршина“, како што со нежност се сеќаваа за неа, по нејзината смрт голем број богомолки-старички од нашето гратче. Нејзиното дваесетгодишно лице, здраво, широко и црвено, беше наполно идиотско, а погледот на очите здрвен и непријатен, иако тивок. Одеше боса целиот свој живот, и лете и зиме, и само во кошула од коноп. Речиси црната коса, што ѝ беше необично густа, кадрава како на овен, ѝ стоеше на главата како некаков огромен калпак. Освен тоа, косата секогаш ѝ беше полна со кал, со прилепени лисја, иверки, струготини од дрво, затоа што секогаш спиеше на земја и кал. Татко ѝ беше бескуќник, пропаднат тип, болежливиот граѓанин Иља, кој многу пиеше и веќе одамна живееше како слуга кај некои имашливи домаќини, исто така, наши граѓани. Мајка ѝ на Лизавета одамна беше умрена. Секогаш болежлив и лут, Иља нечовечно ја тепаше Лизавета кога ќе дојдеше дома. Но таа ретко и доаѓаше, зашто живееше секаде по градот, како јуродиво божјо чедо. И газдите на Иља, самиот Иља, па дури и голем број добри луѓе од градот, повеќето трговци или трговки, не еднаш се обидуваа да ја облечат Лизавета малку попристојно отколку само во кошула; зиме секогаш ѝ навлекуваа кожуф, а нозете ѝ ги обуваа во чизми; но таа, обично, не противејќи се да ѝ го облечат сето тоа, заминуваше, па некаде, главно во портата на соборната црква, бездруго симнуваше сè од себе, сè што ѝ беше подарено — шамијата, здолништето, кожувот, чизмите — сè оставаше тука и си одеше боса и само по кошула, како порано. Еднаш се случи новиот губернатор на нашата губернија, прегледувајќи го на поминување нашето гратче да биде многу навреден во своите благо-

родни чувства кога ја забележа Лизавета. Па иако разбра дека тоа е „јуродива“ како што му објаснија, сепак напомна дека младата девојка, која скита само во кошулка, ја нарушува пристојноста, па затоа отсега тоа да не биде така. Но губернаторот си отиде, а Лизавета ја оставија како што си беше. Најпосле умре и татко ѝ, и таа поради тоа, на сите богомолни лица во градот им стана уште помила, како сираче. Всушност, неа речиси сите и ја сакаа; дури ни децата не ја гибаа ниту ја навредуваа, а нашите деца, особено училишните, се многу закачливи. Таа влегуваше во непознати куќи, и никој не ја тераше, напротив, секој ја прифаќаше љубезно, и ѝ даваше пара. Ќе ѝ дадат пара, таа ќе земе, веднаш ќе ја однесе и ќе ја стави во некаква кутија, в црква или в затвор. На пазар ќе ѝ дадат ѓеврек или пита, таа веднаш ѓеврекот или питата ќе му ги даде на првото дете што ќе го сретне; а некогаш ќе запре некоја наша најбогата госпоѓа, па ќе ѝ ги даде нејзе; госпоѓите тоа го примаа дури и со радост, самата пак, се хранеше само со црн леб и вода. Понекогаш ќе влезе во некој богат дуќан и ќе седне. Тука има скапи работи, тука има пари, но газдите од неа никогаш не се чуваа; знаеја: можеше ако сакаш пред неа да изнесеш илјадници и да ги заборавиш, таа нема да земе ни пара. В црква ретко наминуваше; спиеше или во црковната порта, или, преминувајќи преку чиј било плет, (кај нас има многу плетови наместо огради, дури и до денеска), ќе преноќеше во чија било градина. Дома, тоест во куќата на оние домаќини кај кои живееше нејзиниот покоен татко, обично доаѓаше еднаш неделно, а зиме доаѓаше и секој ден, но само ноќе; преноќеваше или во ходникот, или во шталата кај кравите. Ѝ се чудеа како го поднесува татквиот живот, но таа беше така научена; иако имаше низок раст, беше градена необично цврсто. Некои од нашите господа тврдеа дека сето тоа таа го прави само од гордост; но тоа немаше основа: таа не знаеше ни да зборува, ни збор, и само понекогаш мрдаше со јазикот и нешто мрмореше — каква гордост би можело да биде тоа. Еднаш (тоа беше поодамна), во една септемвриска ноќ, ведра и топла — месецот беше полн, сосем доцна

— едно пријатно друштво наши господа, се враќаше од веселба, едно пет-шест момчади, се враќаа од клубот во своите домови, по споредната улица. Од обете страни се протегаше плет зад кој се редеа градините на тамошните куќи; а улицата излегуваше на мост преку нашата смрдливо и долго мочуриште, кое кај нас понекогаш го викаат рекичка. Кај плетот, во коприви и плевел, нашето друштво виде како спие Лизавета. Пијаните господа застанаа над неа, гласно смеејќи се, и почнаа да се шегуваат со крајна непристојност. На едно господинче наеднаш му дојде во главата сосем екцентричното прашање за оваа невозможна сцена: „Дали може, рече тој, некој да ја смета ваквата sверка за женско, ете, на пример, сега, итн.“ Сите со горда одвратност решија дека тоа е невозможно. Но во таа група се најде и Фјодор Павлович и тој за миг излезе и реши: дека човек може на неа да гледа како на женско, уште како, и дека тука има дури нешто посебно, пикантно итн. Вистина, во тоа време тој кај нас веќе премногу изразито почнуваше да ја игра својата улога на шут, љубеше да истрчува и да ги развеселува господата, се разбира, со привидна еднаквост, но всушност како нивни целосен слуга. Тоа беше токму во она време кога од Петербург ја доби веста за смртта на неговата прва жена Аделаида Ивановна, и кога со црнина на шапката пијанчеше и правеше такви чуда што некои во градот, дури и најлошите пијаничишта, се грозеа гледајќи го. Веселата толпа, се разбира, се насмеа на тоа негово неочекувано мислење; еден од друштвото почна да го поттикнува Фјодора Павлович, но другите почнаа да плукаат од гадење, иако сè уште палави, и најпосле сите си заминаа по своите патишта. Подоцна Фјодор Павлович се колнеше дека тогаш заедно со другите си отишол и тој; можеби и било така, никој тоа не го знае со сигурност, ниту го знаел, но, по едно пет-шест месеци, сите во градот почнаа да зборуваат со искрено и необично негодување дека Елизавета е бремена; почнаа да распрашуваат и да истражуваат чиј грев е тоа, и кој е напаѓачот. И ,ете, тогаш се разнесе низ сиот град страшниот глас дека тој напаѓач е токму Фјодор Пав-

лович. Од каде излезе тој глас? Од групата пијани господа во тоа време во градот остана само еден учесник, па и тој беше во години, и почитуван статски советник, кој имаше семејство и возрасни ќерки, така што тој не би раскажувал, ниту пак би ширел, дури и кога би знаел нешто; другите учесници, пак, петмина, беа разотидени. Но јавното мнение го посочуваше токму Фјодор Павлович, и продолжуваше да го посочува него. Се разбира, тој не се ни лутеше којзнае колку; на разноразните трговчиња и на тукашните тој не им одговараше. Тогаш беше горд, и разговараше само во своето друштво на чиновници и благородници, кое толку многу го забавуваше.

И, ете, во тоа време Григориј енергично и со сета сила се зазеде за својот господар; и не само што го бранеше од тие оговарања, туку и се караше за него и се расправаше и мнозина разубеди. — „Таа самата, е расипана, и виновна", велеше тој вородостојно, „а напаѓачот не е никој друг туку „Карп со гвинтот" (така се викаше еден кај нас тогаш познат страшен робијаш, кој во тоа време беше побегнат од робија и се криеше во нашето гратче). Таа претпоставка се чинеше веројатна. На Карп се сеќаваа; и се сеќаваа дека тој особено во таа ноќ, некако пред есента, по градот талкал, и ограбил тројца. Но, сиот тој разговор и сите тие други разговори не само што не ја одвратија општата симпатија од таа кутра јуродива, туку сите уште повеќе почнаа да ја чуваат и да внимаваат на неа. Трговката Кондратјева имашлива вдовица, така ја дотера што уште кон крајот на април, ја доведе Лизавета кај себе, со тоа да не ја пушти додека не роди. Ја чуваа будно и внимателно, но сепак, и покрај сета будност, Лизавета, во последниот ден, вечерта, скришум побегнува од Кондратјева и се наоѓа во градината на Фјодор Павлович. Како можела таа во ваква состојба да мине преку високиот и цврст плет на градината — тоа остана како еден вид загатка. Едни верува дека ја „пренесле", други дека ја „пренесло". Најверојатно е дека сè се случи, вистина, многу заплеткано, по природен начин, и Лизавета, која знаеше да преминува преку плетовите во туѓите градини, за таму да ноќе-

ва, некако се искачила на плетот на Фјодор Павлович, а од него, и покрај опасноста од тоа, скокнала во градината, без обѕир на својата состојба. Григориј пстрча по Марфа Игнатјевна, и ја испрати кај Лизавета за да ѝ помогне, па потоа трчаница отиде по некоја стара бабица, тукашна, која за среќа живееше блиску. Детенцето го спасија, а Лизавета пред зори умре. Григориј го зеде новороденчето, го внесе дома, ѝ рече на жена си да седне и ѝ го стави на скут до самите гради: „Божјото дете-сираче на секого му е род, а мене и тебе посебно. Него не ни го испрати нашето синче, а детево е произлезено од ѓаволски син и од праведница. Храни го, и веќе не плачи.“ И така, Марфа Игнатјевна го одгледа детенцето. Го крстија и го нарекоа Павел, а според татка му, сите и самите, без упатство, пачнаа да го викаат Фјодорович. Фјодор Павлович на ништо не се противеше, и најде дека сето тоа е дури интересно, иако со сета сила и понатаму порекнуваше. Во градот остави добар впечаток тоа што тој го зеде оставеното дете. Подоцна, Фјодор Павлович на најденото му измисли и презиме: го нарече Смердјаков, според прекарот на мајка му, Лизавета Смрдлива. И, ете, од тој Смердјаков, настана вториот слуга на Фјодор Павлович. Тој во почетокот на овој наш расказ живееше во дворната зграда, заедно со старецот Григориј и старицата Марфа. А беше користен како готвач. Многу потребно би било да се каже нешто посебно и за него, но мене совеста не ми допушта долго време да му го свртувам вниманието на читателот на толку обични слуги, така што преминувам на својот расказ, надевајќи се дека за Смердјаков ќе дознаат од нашето натамошно раскажување.

III

Исповед на пламеното срце. Во стихови

Откога ја ислуша наредбата на татка си, што овој му ја довикна од колата, кога си заминуваше од манастирот, Аљоша остана некое време во големо не-

доумение. Не само што се скамени, нему такво нешто не му се случувало, напротив, тој и покрај сето свое неспокојство, веднаш отиде во кујната на игуменот, и дозна што лошо направил татко му. Потоа сепак тргна на пат, надевајќи се дека патем, до градот, ќе му појде некако по рака да ја реши загатката што го мачеше. Однапред велам: од татковото викање и наредба да се пресели дома, „со перницата и душекот", тој не се плашеше ни малку. Премногу добро сфати дека наредбата да се пресели, изговорена гласно, и со толку забележливо викање, беше речена, така да се каже, „во занес", дури заради убавина — како што неодамна, во нивниот град, еден граѓанин, на својот именден, пред гостите, кога се налутил што повеќе не му даваат ракија, наеднаш почнал да ги крши своите садови, да си ја кине облеката, и фустаните на жена си, да си го крши мебелот, и, најпосле, да ги крши прозорците на куќата, а сето тоа само заради убавина; ете, истото тоа му се случи и на татко му на Аљоша. Утредента, се разбира, пијаниот граѓанин, кога се истрезни, жалеше за скршените филџани и чинии. Аљоша знаеше дека и татко му сигурно пак ќе го пушти во манастирот; можеби ќе го пушти уште денеска. А беше и наполно убеден, дека татко му може да навреди секој друг, само не него. Аљоша беше убеден, дека него на целиот свет никој и никогаш не ќе посака да го навреди, и не само што не ќе посака, туку не ќе може. Тоа за него беше аксиом, утврден еднаш засекогаш, без размислување, и тој во таа смисла одеше напред без никакво колебање.

Но во тој момент во него се зачна некаков друг страв, од сосем поинаков вид, и дотолку помачен, што тој самиот не би можел да се определи; имено, стравот од жена, и тоа токму од Катерина Ивановна, која многу го молеше со скорешното писменце, предадено преку госпоѓа Хохлакова, да дојде кај неа поради нешто. Тоа барање, и потреба бездруго да дојде, наеднаш внесе некакво матно чувство во неговото срце, и тоа чувство сè повеќе, сè поболно и поболно го тиштеше, и покрај сите сцени и настани во манастирот, и сега кај игуменот, и другите, што се случија потоа. Не се

плашеше од тоа оти не знаеше за што ќе почне таа да зборува и што ќе ѝ одговори тој. Ниту пак воопшто се плашеше од жената во неа; жените, се разбира, тој малку ги познаваше, но сепак, во целиот свој живот, од најраното детство, па до манастирот, само со нив и живееше. Тој се плашеше токму од таа жена, името од Катарина Ивановна. Од неа се плашеше од времето кога ја виде првпат. А ја виде само еднаш или двапати, можеби и трипати, дури и размени со неа еднаш, случајно, неколку збора. Нејзиниот лик го пометеше, се сеќаваше на неа како на убава горда девојка, со силна волја да господари. Но него не го мачеше нејзината убавина, туку нешто друго, и токму таа необјаснивост на неговата бојазливост сега го зголемуваше во него тој страв. Намерите на таа девојка беа најблагородни; тој го знаеше тоа; таа настојуваше да го спаси брата му Дмитрија, кој пред неа веќе беше виновен, а кон тоа се стремеше само од великодушност. И, ете, и покрај сознанието за тоа, и покрај тоа што не можеше да не ја признае оправданоста на сите тие великодушни чувства, нему сепак кожата му се ежавеше колку што повеќе се приближуваше кон нејзината куќа.

Мислеше дека кај неа нема да го затекне својот брат Иван Фјодорович, кој нејзе ѝ беше многу близок: брат му Иван сега сигурно е со татка му. Дмитрија, пак, уште посигурно нема да го затекне кај неа, а насетуваше и зошто. Значи, нивниот разговор ќе го водат натаму. Многу сакаше пред тој судбоносен разговор да го види брата си Дмитрија и да оди трчаница до него. Без да му го покаже писмото, тој би можел со него да поразговара. Но брат му Дмитриј живееше далеку, и најверојатно сега немаше да биде дома. Подзапре малку, и најпосле се реши. Се прекрсти набрзина по навика, и воедно поради нешто се насмевна, и решително се упати кон својата страшна дама.

Нејзината куќа ја знаеше. Но ако сега тргне по Големата улица, потоа преку плоштадот и тн., ќе биде прилично далеку. Нашето мало гратче е многу расфрлено, и растојанијата во него се доста големи. А по-

крај тоа го чекаше и татко му; тој можеби не ја заборавил својата наредба, и би можел да се каприцира, па и затоа требаше да побрза, за да може да стигне и таму и таму. Поради сите тие причини, тој се реши да си го скрати патот, минувајќи зад куќите, а сите тие премини во гратчето тој ги познаваше како своите пет прсти. Да се мине зад куќите, тоа значеше да се оди сосем по беспаќа, покрај осамени огради, преминувајќи понекогаш дури преку туѓи плетови, обиколувајќи туѓи куќи, каде што, впрочем, секој го познаваше, и сите со него се поздравуваа. По тој пат на Големата улица можеше да излезе двапати побрзо. На едно место мораше да мине сосем близу до куќата на татко му, покрај соседната градина, што му припаѓаше на едно старо мало, сосем искривено куќиште со четири прозорци. Сопственичката на тоа куќиште беше, како што му беше познато на Аљоша, една наша граѓанка, старица фатена во нозете; таа живееше со ќерка си, бивша цивилизирана собарица во претстолнината, која до скоро живееше по генералските куќи, а сега, од пред една година, поради болеста на старицата, беше дојдена дома и се прчеше со помодни фустани. Старицата и ќерката, меѓутоа, беа западнати во страшна беда и, како сосетки, секој ден одеа во кујната на Фјодор Павлович по супа и леб. Марфа Игнатјевна им даваше на драго срце. Но ќерката, иако питаше супа, не продаде ни еден од своите фустани, а едниот од нив дури имаше предолга опашка. За тие работи Аљоша, се разбира, дозна случајно, од својот другар Ракитин, на кого просто сè му беше познато во нивната паланка, и откога дозна, веднаш и ги заборави. Но сега кога дојде до градината на сосетката, наеднаш се сети токму за опашката, брзо си ја крена наведнатата и замислена глава . . . и ненадејно доживеа најнеочекувана средба.

Зад плетот во соседната градина, качен на нешто и потпрен на градите стоеше брат му Дмитриј Фјодорович, кој со сета сила му даваше знаци со раце, го повикуваше кон себе, очигледно плашејќи се не само да викне, туку дури и да каже гласно некој збор да не го слушнат. Аљоша веднаш потрча кон плетот.

— Добро е што самиот се обрна, зашто за малку ќе те викнев — му прошепоти радосно и брзо Дмитриј Фјодорович. — Качувај се ваму! Брзо! Ах, колку убаво е што дојде. Јас токму за тебе мислев . . .

И на Аљоша му беше мило, само не знаеше како да мине преку плетот. Но Митја со цврста рака го прифати неговиот лакот, и му помогна да прескочи. Аљоша ја собра мантијата, и прескочи вешто, како некое босоного градско детиште.

— Е, сега уживај, ајде да одиме! — рече Митја, восхитено шепотејќи.

— А каде? — шепотеше и Аљоша, обрнувајќи се на сите страни и гледајќи дека се наоѓаат во наполно празна градина, во која немаше никого освен нив двајца. Градината беше мала, но куќичката на сопственичката сепак беше оддалечена не помалку од едно педесет чекори.

— Па овде нема никого зошто шепотиш?

— Зошто шепотам? Ах, по ѓаволите, викна наеднаш Дмитриј Фјодорович, сосем гласно — навистина, зошто шепотам? Ете, гледаш и самиот како наеднаш во природата може да се направи збрка. Јас сум овде скришум, и чувам тајна. Објаснувањето подоцна, но, знаејќи дека е тајна, јас наеднаш почнав и да зборувам тајно, и шепотам како будала, иако нема потреба. Да одиме! Ене онаму! Дотаму молчи. Сакам да те бацам!

Слава на вишниот во светот,
слава на вишниот во мене . . .

тоа си го повторував сега, пред твоето доаѓање, седејќи овде . . .

Градината беше голема, околу една десетина,[1]) или нешто повеќе, но во неа дрвја имаше посадено само наоколу, покрај сите четири плета, — јаболка, клен, липа, бреза. Срединатa на градината беше празна, како некое ливатче, на кое летно време се косеше по неколку пудови сено. Тоа градинче газдарицата напролет го издаваше под наем за неколку рубли. Тука имаше и леи

[1]) Стара руска земјишна мера = 1,29 ха

со зеленчук околу куќата, неодамна ископани. Дмитриј Фјодорович го водеше гостинот во аголот на градината, најоддалечен од куќата. Таму, наеднаш, меѓу густите липи и старите грмушки на рибизли, и бозел, калинки и јоргован, се појави нешто како урнатина на една многу старинска зелена сеница, поцрнета и искривена, со ѕидови од решетки, но со покрив под кој човек уште можеше да се засолни од дожд. Сеницата беше изградена којзнае од кога, како што се раскажува, пред едно педесет години. А ја изградил тогашниот сопственик на куќиштето, некојси Александар Карлович фон Шмит, потполковник во пензија. Веќе сè беше распаднато, подот изгниен, штиците се виткаа под нозете, дрвото мирисаше на влага. Во сеницата стоеше дрвена зелена маса, закопана вземи, а наоколу клупи, исто така, зелени, на кои уште можеше да се седи. На Аљоша веднаш му падна в очи одушевувањето на својот брат; но, едно влегување во сеницата, забележа на масата шише коњак и чашка.

— Ова е коњак! — се засмеа Митја. — И ти, веќе си мислиш „пак пијанчи“. Не верувај му на привидувањето.

Не верувај ѝ на масата пуста и лажлива,
Заборави ги своите сомневања . . . —

не пијанчам, туку само се „насладувам“ — како што вели твојана свиња Ракитин, кој ќе стане статски советник, и уште ќе вели се „насладувам“. Седни. Јас Аљошка сега би те зел тебе и би те притиснал на градиве, така што да те удавам, зашто на целиов свет, (сфати, сфати!) те сакам само тебе!

Последниве зборови тој ги изговори речиси во некаков занес.

— Само тебе, и уште една „подла“, во која се заљубив, па тука и пропаднав. Но да се заљубиш, не значи да сакаш. Човек може да се заљуби и мразејќи. Запамети! Засега уште зборувам весело! Седни еве овде, на масава, а јас ќе седнам до тебе, и ќе те гледам, и непрестајно ќе зборувам. Ти само ќе молчиш, а јас само ќе зборувам, зашто дојден е часот. Но, впрочем,

знаеш, мислам дека треба, навистина, да се зборува тивко, затоа што овде . . . овде . . . можат да изникнат сосем неочекувани уши. Сето тоа јас ти го објаснив, ти реков: следува продолжение. Зошто срцето ме влечеше кон тебе, зошто копнеев по тебе за сево ова време, и сега? (Има веќе пет дена како овде имам фрлено котва.) За ѐето ова време? Затоа што само тебе ќе ти кажам, затоа што така треба, затоа што си ми потребен, затоа што утре јас ќе паднам од облаците ,затоа што утре животот ќе заврши и ќе почне. Дали си почувствувал, дали си видел на сон како се паѓа одвисоко во бездна? Е, ете ти ,јас сега така летам, само не на сон. И не се плашам, и ти не плаши се. Тоест, се плашам, но слатко ми е. Тоест не ми е слатко, туку восхитувањето . . . Ех, по ѓаволите, сеедно, како и да е! силен дух, слаб дух, женски дух — како било! Ја славиме природата: гледаш колку сонце има овде, колку ведро е небото, сите лисја се зелени, сѐ уште е лето, четири часот попладне, тишина! Каде одеше ти?

— Одев кај татета, но првин сакав да наминам кај Катарина Ивановна.

— Кај неа и кај татета! Уф! Какво совпаѓање! А зошто те викав, зошто те сакав, копнеев по тебе, со сите витли на душата, дури и со ребрата? Токму за да те испратам кај татета од своја страна, а потоа и кај неа, кај Катарина Ивановна, за така да завршам и со неа, и со татета. Да испратам ангел. Јас би можел да испратам кого било, но мене ми е потребно да испратам ангел. А ете, ти самиот одиш и кај неа и кај татко ми.

— Па зарем навистина мене сакаше да ме испратиш? — му се откина на Аљоша, со израз на болка на лицето.

— Стој, ти го знаеше тоа. И гледам дека сѐ разбра наеднаш. Но молчи. Не жали и не плачи!

Дмитриј Фјодорович стана, се замисли и си го стави прстот на чело:

— Таа тебе самата те повикала, таа ти испратила писмо, или што и да е, па затоа си тргнал за кај неа, зашто, зарем би отишол инаку?

— Еве го писменцето — го извади од џебот Аљоша.

Митја брзо прелета со очите по него.

— И ти си тргнал зад куќиве! О, богови! Ви благодарам што го упативте зад куќиве, па пристигна кај мене, како златно рипче кај старото будалиште рибарот во приказната. Слушај, Аљоша, слушај, брате. Сега имам намера да ти кажам сè. Зашто барем некому морам да му кажам. На ангелот на небото веќе му кажав сè, но треба да му се каже и на ангелот на земјава. Ти си ангел на земјава. Ти ќе ислушаш, ти ќе размислиш, и ќе простиш . . . А мене тоа и ми треба, да ми прости некој виш. Слушај: кога две суштества наеднаш се откинуваат од сè што е земско и летаат кон необичното, или кога барем едното од нив, и, пред тоа, летнувајќи или пропаѓајќи, доаѓа кај другото па му вели: направи го тоа и тоа, нешто што никогаш и од никого не се моли, но што може да се моли пред умирање — зарем е можно тоа суштество да не го направи тоа . . . Ако е пријател, ако е брат?

— Јас ќе го направам тоа, но кажи што е, и кажи што побргу — рече Аљоша.

— Што побргу . . . Хм. Небрзај, Аљоша: ти брзаш и се вознемируоаш. Сега не мора да се брза. Сега светот тргна по нов пат. Ех, Аљоша, ми е жал што не се восхити! Но, впрочем, што му зборувам јас нему? Зарем ти да не се восхитуваш! Што зборувам јас, дрво, ниедно:

Благодарен нека е човекот!

Чиј е овој стих?

Аљоша реши да чека. Тој сфати дека сега сите негови работи навистина можеби се само овде. Митја за момент се замисли ,потпирајќи се со лактот на масата, и спуштајќи си ја главата на дланката. Обајцата замолчија.

— Љоша — рече Митја. — Само ти нема да се смееш! Јас би сакал да ја почнам . . . мојата исповед . . . со Шилеровата химна на радоста: An die Freude![1]) Но јас не знам германски, знам само дека е An die Freude!

[1]) Кон радоста — герм.

И немој да мислиш дека јас сега пијан дрдорам. Ни најмалку не сум пијан. Коњакот е коњак, но мене ми се потребни две шишиња за да се опијам —

И Силен со црвени образи
на магарето што се сопна —

а јас немам испиено ни четвртина шише, ниту пак сум Силен. Не сум Силен, но сум јак, затоа што засекогаш решив. Прости ми за играта со зборови, денеска ти мораш за многу работи да ми простиш, а не само за каламбурот. Немој да се вознемируваш, јас не одолжувам, јас зборувам за работата, и на неа ќе минам веднаш. Зошто постојано да развлекувам и да те мачам? Чекај, како беше...

Тој ја подигна главата, се замисли, и наеднаш восхитено започна:

Страшлив, гол и див, се криеше
Троглодит по карпите во пештери,
Скиташе номадот по полињата
и полињата ги пустошеше.
Грозен sвероловец со копје и стрели
Јуреше по шумите...
Тешко оној кого брановите
Ќе го исфрлат на негостољубивиот брег!

Од олимписките врвови
Слегува мајката Церера
По украдената Прозерпина:
Пред неа лежи див свет.
Таму никаде за божицата нема
Ни засолниште, ни пречек;
Ниту некаде храмови сведочат
За почитување на боговите.

Полски плодови и гроздови слатки
Не блестат на гозбите;
Само чадат остатоци од тела
На крвавите олтари.

И каде и да погледне
Со тажното око Церера —
Таа секаде го гледа човекот
Во длабоко понижување.

Лелек се откина наеднаш од градите на Митја, тој му ја зграпчи раката на Аљоша.

— Пријателе, пријателе, во понижување, во понижување и сега. На земјава човекот има страшно многу да трпи, има страшно многу неволи! Немој да мислиш дека јас сум само простак во офицерски чин, кој пие коњак и живее во разврат. Јас, брате, речиси само за тоа и мислам, за тој понижен човек, освен кога лажам. Дај боже сега да не лажам и да не се фалам себеси, зашто, јас мислам за човекот, зашто и самиот сум таков човек.

За да може човекот од нискост
Со душата да се подигне
Со древната мајка — земја
Нека стапи во вечен сојуз.

Но, еве, во што е работата: како да стапам во сојуз со земјата, засекогаш? Јас не ја љубам земјата, не ѝ ги цицам градите? Јас одам, а не знам дали сум паднал во смрдеа и во срамота, или во светлина, или во радост. Ете каде е неволјата, зашто сè на светов е загатка. И кога ми се случуваше да тонам во најдлабокиот срам на разврат, (а мене само тоа и ми се случуваше) секогаш ја читав песната за Церера и за човекот. А дали ме исправуваше таа? Никогаш! Затоа што јас сум Карамазов. Затоа што кога еднаш ќе летнам кон бездната, тогаш летам право, стрмоглаво, и со стапалата нагоре, и дури сум задоволен што паѓам токму во таква понижувачка положба, и тоа го сметам за нешто убаво. И, ете, токму во таа срамота, наеднаш започнувам химна. Да сум проклет, да сум низок и подлец, но и јас да го бацувам крајот на облеката во која се облекува мојот бог; да одам, во исто време, по ѓаволовата трага, но јас сум сепак и твој син, господи, и те сакам, и чувствувам радост, без која светот не може да стои ниту да постои.

Душата на божјата творба
Вечна радост ја пои,
Со тајната сила на движењето
Таа го загрева пехарот на животот;
Тревката ја измамила на светлина
Хаос развила во сонцето
И го разлеала во просторот
Кој дури и на ѕвездочатецот му е недостижен,

На благите гради на природата
Сè што дише се напојува со радост;
Сите суштества, сите народи
Таа ги влече со себе;
Нам ни дала пријатели во несреќа,
Гроздов сок, венци на харитките;
На инсектите — сладострасност...
Ангелот — стои пред бога.

Но доста стихови! Пролеав солзи, и сега пушти ме да се наплачам. Нека биде тоа глупост над која ќе се смеат сите, но ти нема да се смееш. Ете, твоите очи пламтат. Туку доста стихови. Сега сакам да ти кажам за „инсектите", за оние што ги надарил господ со сладострасност.

„На инсектите — сладострасност"

Брате, јас сум ти токму таков инсект; тоа е речено токму за мене. И сите ние, Карамазови, сме такви. И во тебе, ангелу, живее тој инсект, и во твојата крв предизвикува луњи. Тоа се луњи, зашто сладострасноста е луња, па и повеќе од луња! Убавината — е страшна и ужасна работа! Страшна затоа што не може да се опише, а не може да се опише затоа што господ поставил само загатки. Тука брегoвите се спојуваат. Тука сите противречности живеат заедно. Брате, јас сум многу необразован, но јас многу имам мислено за тоа. Страшно многу тајни! Премногу загатки го притискаат човекот наземи. Одгатнувај како што знаеш, и излегувај сув од водата. Убавина! А, освен тоа, не можам да поднесам што по некој, дури со срце повисок човек, и со

ум повисок, почнува со идеалот на мадоната, а завршува со содомскиот идеал! Уште пострашно е кога некој веќе со содомски идеал во душата, не се откажува ни од идеалот на мадоната, и од тоа му пламти срцето, и навистина му пламти, како и во младите непорочни години. Да, широк е човекот, дури и премногу е широк, јас би го стеснил! Тоа што на умот му изгледа како срамота, за срцето е само убавина. Зарем има убавина во Содома? Верувај дека во Содома убавината и се наоѓа за огромно мнозинство луѓе — дали си ја знаел таа тајна? Ужасно е тоа што убавината не само што е страшна, туку е и таинствено нешто. Тука ѓаволот се бори со бога, а бојно поле се човечките срца. Впрочем, секој зборува за тоа што го боли. Слушај, сега ќе минеме на работата.

IV

Исповед на пламеното срце. Во приказни.

Јас таму оргијав. Пред малку татко ми ми рече дека по неколку илјади сум плаќал за заведување девојки. Тоа е свињска измислица, и такво нешто никогаш немало, а тоа што го имало, „тоа“ не барало пари. Кај мене парата е споредно нешто, пламен на душата, украс. Сега таа е моја дама, а утре на нејзиното место ќе биде некаква улична девојка. И едната и другата ја веселам, фрлам цели раце пари, музика, викотници, врева, циганки. Ако и треба и нејзе ѝ давам, зашто земаат, земаат со одушевување, тоа мора да се признае, и задоволни се, и благодарни. Не љубеле млади госпоѓи, не сите, но се случувало, се случувало; но јас секогаш сум ги љубел сокаците, зафрлените и мрачни катчиња, подалеку од плоштадите — таму има авантури, таму има изненадувања, таму има злато во калта. Јас, брате, зборувам во алегории. Во нашиов град, навистина такви постапки немало, но имало морални. Но да си ти она што сум јас, тогаш ќе разбереш што значат тие. Сум го сакал развратот, сум го сакал и срамот на развратот. Сум ја сакал суровоста; па тогаш не сум

ли дрвеница, не сум ли лош инсект? Со еден збор — Карамазов! Еднаш целиот град приредуваше пикник. Тргнавме на седум тројки; во темница, зиме, во санки, почнав да стискам едно девојчинско раченце, што беше до мене, и го доведов до бакнеж тоа девојченце, чиновничка ќерка, сиромашна мила, кротка, покорна. Дозволи, многу ми дозволи во мракот. Си мислеше, кутрата, дека утредента јас ќе дојдам по неа и ќе ѝ ја побарам раката (зашто мене, што е најважно, ме сметаа за момче за женење); а јас потоа со неа не реков ни збор, пет месеци ни збор. Видов како ме следеа нејзините очички, од аголот на салата, кога се играше (кај нас само играат), гледав како во нив блестеше пламен — пламен на кротко негодување, таа игра ја забавуваше сладострасноста на инсектот што го хранев во себе. По пет месеци таа се омажи за еден чиновник и си замина... Лутејќи се, и уште непрестајно, можеби сакајќи ме. Тие сега живеат среќно. Имај на ум, дека никому не сум го кажал тоа, не сум ја посрамотил; јас, иако сум долен во разблудот, и сакам нискост, не сум нечесен. Ти црвенееш, твоите очи светнаа. Доста ти е тебе ваква кал. Но сето тоа сè уште е само онака, цвеќе од полдекоковските романи, иако грубиот инсект веќе растеше, веќе ми се развиваше во душата. Тоа ти е, брате, цел албум на спомени. Господ ним, на милите, нека им даде секакво добро! Кога прекинував не љубев да се карам. И никогаш не ги предавав, никогаш ниедна не сум посрамотил. Но, доста за тоа. Зарем мислиш дека те повикав само поради оваа гнасотија? Не, јас ќе ти раскажам малку поинтересна работа; но немој да се чудиш оти не се срамам, туку уште како да ми е дури и мило.

— Тоа го велиш, затоа што поцрвенив, — забележа наеднаш Аљоша. — Не поцрвенив од твоите зборови, ниту поради твоите постапки, туку затоа што јас сум ист како тебе.

— Ти ли? Малку претера.

— Не, не претерав — пламено проговори Аљоша. (Се гледаше дека таа мисла била во него веќе одамна). Сето тоа се едни и исти скали. Јас сум на најниските, а ти си горе, некаде на триесеттата. Јас така гледам на

таа работа, но од сето тоа е едно и исто, сосем еднакво. Кој газнал на најниското скалило, тој бездруго ќе се искачи и на највисокото.

— Значи, не треба да се газнува?

— Тој што може — нека не стапнува.

— А дали можеш ти?

— Изгледа не можам.

— Молчи, Аљоша, молчи, мили! — Би сакал рачичката да ти ја бацам, така од милина. Онаа небидничката, Грушенка, ги познава луѓето, таа еднаш ми рече дека кога-тогаш ќе те изеде! Молчам, молчам! Од гадостите, од полето наплуено од муви, да минеме на мојата трагедија. Пак на поле наплуено од муви, тоест, секакви нискости зашто работата е во тоа што, иако стариот излажа дека сум заведувал невини, сепак, навистина, во мојата трагедија го имало и тоа, но го имало само еднаш, а ни тоа не е извршено. Стариот, што ме прекоруваше мене, поради она што не било, за таа работа и не знае. Јас никогаш не сум зборувал, тебе првпат сега ќе ти ја раскажам; се разбира, не сметајќи го Ивана — Иван знае сè. Пред тебе одамна знае. Но Иван е гроб.

— Зарем Иван е гроб?

— Да.

Аљоша слушаше необично внимателно.

— Јас сум во оној линиски баталјон без заставник, иако речиси како под надзор, како некаков изгнаник, а тоа гратче ме прими многу убаво. Многу пари фрлав, мислеа дека сум богат — јас и самиот верував во тоа. Впрочем, веројатно сум им угодил и со нешто друго. Иако понекогаш и одмавнуваа со главите, тие навистина ме сакаа. На мојот потполковник — беше веќе старец, некако веднаш не му се допаднав. Ме измачуваше, но имав заштитник; а освен тоа и целиот град беше со мене, не можеше да ми здодее. Впрочем, јас бев виновен; намерно не му го укажував почитувањето што му припаѓаше. Бев горделив. Тој стар тврдоглавко, инаку добар човек, и најдобродушен домаќин, двапати беше оженет, но и двете жени му беа умрени. Едната, првата, беше од некаков прост род, и му остави ќер-

ка, исто така проста. Оваа уште во моето време беше девојка, од едно дваесет и четири години, живееше и кај татка, заедно со тетка си, сестра на нејзината покојна мајка. Тетка ѝ — нема простота, а посестрата постарата ќерка на потполковникот — борбена простота. Јас љубам кога се сеќавам на некого за да кажам за него убав збор: гулапче, јас никогаш не сум запознал поубав карактер на жена, од тој на девојката што ја викаа Агафја, замисли, Агафја Ивановна. А не беше ни грда, според рускиот вкус — висока, крупна, полничка, со прекрасни очи, лице, вистина, доста грубо. Не се мажеше, иако ја побараа двајца; ги одби, но расположението не го губеше. Се зближив со неа — не онака, не — тука беше чисто, тукутака, пријателски. Зашто јас често се зближував со жените сосем безгрешно, пријателски. Дрдорам со неа за такви тегобни нешта, бог да те чува! А таа само се смее. Многу жени, ја сакаат таа слобода, имај го на ум тоа, а таа покрај тоа беше и девојка, што пак мене посебно ме забавуваше. И еве уште што: неа човек никако не би можел да ја вика госпоѓица. Таа и тетка ѝ, живееја кај татка си, некако доброволно понижувајќи се себеси, не изедначувајќи се со другото друштво. Неа сите ја сакаа и на сите им беше потребна, зашто беше прекрасна кројачка: беше надарена, за услугите не бараше пари, работеше од љубов, но ако некој ѝ подареше нешто, не одбиваше. А потполковникот — остави се! Потполковникот беше една од првите личности во нашето место. Живееше на голема нога, го примаше целиот град — вечери — игранки. Кога дојдов јас, и стапив во баталјонот, низ гратчето почна да се зборува дека наскоро ќе не удостои со својата посета втората ќерка на потполковникот, убавица над убавиците, штотуку излезена од некој аристократски престолниски институт. Таа, втората ќерка — ете, таа ти е Катерина Ивановна; таа веќе е од втората жена на потполковникот. А таа втора жена, сега веќе покојна, беше од угледна, некаква голема, генералска куќа, иако, како што мене сосем сигурно ми е познато, на потполковникот, исто така, не му донесла никакви пари. Значи, имала роднини, и ништо повеќе; можеби некакви надежи, а во готово ни-

што. Меѓутоа, кога дојде институтката (на гости, не засекогаш), целото наше гратче како да се прероди; нашите најотмени дами — две генералици, една потполковничка, а и сите, сите по нив — веднаш се заинтересираа, почнаа да се грабаат по неа, почнаа да ја забавуваат, кралица на баловите, пикниците, приредија живи слики во корист на некакви гувернанти. Јас молчам, пијанчам; токму тогаш направив таков истап што се расчу низ целиот град. Гледам, таа еднаш ме мерка со погледот, тоа беше кај командантот на батеријата, но тогаш не ѝ пријдов: божем, не ми е до познанство. Ѝ пристапив дури подоцна, пак така на забава. Започнав разговор, а таа одвај да ме погледа; ги наместила усничките презриво; а, си помислив, чекај, ќе ти се одмаздам! Тогаш бев страшен грубијан. Во повеќето случаи, тоа го чувствував и самиот. А што е важно, го чувствував и тоа дека „Катјенка“ не е туку-така само наивна институтка, туку е лице со карактер, горда, и навистина морална, а во прв ред паметна и образована, додека јас го немам ни едното, ни другото. Ти мислиш дека сакав да ја побарам за жена. Никако, просто сакав да се одмаздам, затоа што јас сум таков јунак, а таа не ме ни забележува. А во меѓувреме, оргијање и џумбуш! Потполковникот најпосле ме стави в затвор три дена. А токму во тоа време татко ми ми испрати шест илјади. Бидејќи јас му испратив формално одречување од сè и сешто, тоест, ние, му велам, се намиривме, и повеќе ништо нема да барам. Тогаш ништо не сфаќав; јас, брате, до самото доаѓање ваму, и дури до овие последни денови, ништо не разбирав, за тие свои парични расправии со татко ми. Туку по ѓаволите тоа, за тоа после. А тогаш, кога ги добив тие шест илјади, наеднаш јас сигурно дознавам од едно писмо на еден пријател, за една многу интересна работа за мене, имено, дека со нашиот потполковник не се задоволни, дека се сомневаат оти кај него не е сè во најдобар ред, со еден збор дека неговите непријатели се готват да му сварат чорба. И навистина, еден ден му дојде началникот на дивизијата и го искара — дотука бидува. Потоа, по некое време, му наредија да поднесе оставка. Сега јас нема да ти раскажувам подробно,

како беше сето тоа; тој навистина имаше непријатели; но, во градот наеднаш оладеа спрема него па и спрема неговото семејство, одеднаш сите се оттргнаа од нив. И, ете, тогаш јас ја фрлив својата прва шега: ја среќавам Агафја Ивановна, со која отсекогаш бев во пријателски односи, па ѝ велам: „А на татко ви му недостигаат четири илјади и петстотини рубли државни пари“ „Ама што зборувате, вие, и зошто? Неодамна дојде генералот, и сите пари беа во касата“ . . . — „Тогаш беа, а сега не сè.“ — Таа страшно се уплаши: „Не плашете ме, ве молам; од кого сте го чуле тоа?“ — „Не плашете се, реков, никому нема да му кажам; вие знаете дека јас во таквите работи сум како гроб; но ,еве, што сакав сега да ви напомнам само, така да се каже „за секој случај“: кога ќе ги побараат од татка ти тие четири илјади и петстотини, а тој не ќе ги има, тогаш, наместо да дојде под суд, а после во своите стари денови да стане прост војник — вие подобро испратете ја кај мене скришум вашата институтка; мене токму сега ми испратија пари, и јас тие четири илјади ќе ѝ ги дадам а тајната ќе ја чувам како нешто свето“. — „Ах, каков подлец сте вие, ми вели, (токму така рече) — каков одвратен подлец сте вие! Ама како смеете!...“ Си отиде страшно налутена, а јас уште еднаш по неа викнав дека тајната ќе биде зачувана свето, и неотповикливо. Обете жени, тоест Агафја и тетка ѝ, ќе кажам однапред, во целиот случај останаа чисти како анѓели, а сестрата, горделивата Катја, навистина ја обожаваа; се понижуваа пред неа, ѝ беа собарици. Но, Агафја таа работа, тоест нашиот разговор, ете, така некако ѝ го соопштила. Тоа го дознав после, сè до најмала подробност. Не премолчала, а мене, се разбира, само тоа и ми требаше. Наеднаш доаѓа еден нов мајор, да го прими баталјонот. Го прима, стариот потполковник се разболува, не може да се мрдне, два дена седи дома, државните пари не ги предава. Нашиот доктор, Кравченко, уверува дека навистина бил болен. Но јас, еве ова точно го знаев, потајно и веќе одамна: дека таа сума, откако ќе прегледала контролата, секојпат потоа, и тоа веќе четири години едноподруго, исчезнувала за некое време. Неа потполковникот му ја позајму-

вал на еден многу сигурен човек, наш трговец, стариот вдовец, Трифонов, брадест, со златни очила. Овој одел на панаѓур, правел таму пазар каков што му требало, и веднаш на потполковникот му ги враќал сите пари, а заедно со нив донесувал од панаѓурот и подарок, а со подароците и интерес. Но овој пат — јас за сето тоа дознав сосем случајно, од едно момче, од пелтечавото синче на Трифонов, негов син наследник, најразвратно детиште, какво што светов досега не родил — тој пак, велам, Трифонов, враќајќи се од панаѓурот, ништо не вратил. Потполковникот — трчаница кај него. „Никогаш од вас ништо не сум добил, ниту сум можел да добијам“ — тоа бил одговорот. Значи, седи нашиот потполковник дома, главата си ја врзал со пешкир, а тие сите три му ставаат мраз на темето; кога, наеднаш, бапнува посилниот со книга и наредба: „Да се предадат државните пари, веднаш, без одлагање, за два часа“. Тој потпишува — потписот после јас го видов во книгата, станува, вели дека оди да ја облече униформата, потрчува во својата соба за спиење, ја зема својата ловечка двоцевка, ја наполнува, става војнички куршуми, ја слекува чизмата од десната нога, пушката ја свртува во градите, и почнува со ногата да го бара прекинувачот. Агафја го претчувствувала тоа, ги запаметила моите тогашни зборови, се скрила и навреме го издемнила: влегла во собата, јурнала на него, го зграпчила одзади, пушката пукнала горе во таванот; никого не го ранила; трчаница влегле и другите две, го зграпчиле, му ја зеле пушката, и го држат за рацете... Сето тоа после го дознав до ситница. А тогаш седев дома, беше квечерина, и само што сакав да излезам, бев се облекол, се исчешлав, ја намирисав шамијата, ја зедов капата, кога наеднаш се отвора вратата — и— пред мене, во мојот стан, Катарина Ивановна.

Се случуваат чудни работи: никој тогаш на улица не забележал дека таа влегла кај мене, така што тоа во градот остана просто незабележано. А јас живеев кај две чиновнички жени, две древни старици. Тие ме послужуваа, учтиви жени, ме слушаа во сè, и по моја наредба замолчија потоа, и двете како неми. Се разбира, јас веднаш сфатив сè. Таа влегува и гледа право

во мене; нејзините темни очи гледаа решително, дури дрско, но на усните и околу усните, гледам, трепери нерешителност.

— Сестра ми ми рече дека вие ќе дадете четири илјади и петстотини рубли ако дојдам по нив самата ... кај вас. Јас дојдов ... Дајте ги парите ... — Не издржа се засркна, се уплаши, ѝ се пресече гласот, а краиштата на усните и линиите околу усните ѝ затреперија ... Аљоша, слушаш ли ти, или спиеш?

— Митја, знам, дека ќе ми ја кажеш целата вистина — проговори возбудено Аљоша.

— Токму вистината ќе ти ја кажам. Ако ја сакаш целата вистина, тогаш еве како беше. Нема да се поштедам себеси. Првата мисла ми беше — Карамазовска. Еднаш, брате, ме касна отровен пајак, и од тоа прележав во треска две недели; значи, и сега наеднаш ме касна за срцево тој пајак, некаков лош инсект, разбираш ли? Јас ја измерив со поглед. Си ја видел ли? Таа ти е убавица! Но, тогаш не беше убава поради тоа. Во тој момент таа беше убава затоа што беше благородна, а јас бев подлец; таа беше голема поради својата великодушност и жртвата за татка си, а јас дрвеница. И, ете, од мене, дрвеница и подлец, таа с е т а зависи, сета, наполно сета — и со душата и со телото. Обележана да биде уништена. Ќе ти кажам право, таа мисла, мислата на отровен пајак, во таква мера ми го беше обзела срцето што за малку не се истопи од тешко мачење. Човек би рекол дека тука не би можело да има никаква борба, туку просто да се постапи како дрвеница, како лош и наопачен пајак, без никакво сожалување ... Не можев ни да дишам. Слушај, јас уште утредента ќе дојдев да молам за нејзината рака, за сето тоа, така да се каже да се заврши на најблагороден начин, и, значи, никој да не го дознае тоа, ниту да може да го дознае. Затоа што, вистина, јас сум човек, со ниски желби, но чесен. И, ете, тогаш, наеднаш, токму во тој момент, како некој да ми шепна во увото: ама една таква утре, кога ќе дојдеш да ѝ ја понудиш раката, нема ни да излезе пред тебе, туку ќе му нареди на лакејот да те истера од куќата. „Кажувај, ќе рече таа, по сиот град, не се плашам од тебе!“ Ја погледнав де-

војката, не ме излажа мојот внатрешен глас: така, се разбира, така и ќе биде. Мене за јака, па надвор, тоа може да се види уште по сегашниот нејзин израз на лицето. Во мене зовре лутината, посакав да постапам на најподал, свински, лихварски начин: да ја погледам со подбив, па тука, додека уште стои пред мене да ја збунам со интонацијата со каква што умее да каже само лихварот:

— Какви четири илјади! Ама јас само се шегував, за што зборувате вие? Госпоѓице, премногу лесномислено сте сметале. Едно две стотки, најпосле, со големо задоволство и на драго срце би дал, но четири илјади, тие пари, госпоѓице, не се даваат за таква лесномисленост. Само, залудно повелавте да се вознемирите.

Гледаш, јас, се разбира, сè ќе изгубев; таа ќе избегаше, но, за тоа ќе излезеше инфернално, одмазнички и ќе вредеше за сè друго. После цел живот, ќе се дерев од каење, но тогаш држев до тоа да ја изведам таа точка. Веруваш ли, никогаш тоа не ми се случувало, со никоја друга, со ниедна жена, во таков момент, во неа да гледам со омраза, — а, еве, жими овој крст: јас тогаш во неа гледав едно три или пет секунди со страшна омраза — со онаа омраза од која до љубовта, до најбезумната љубов — има само еден чекор! Се доближив до прозорецот, го прилепив своето чело до замрзнатото окно, и, се секавам дека мразот како оган ми го изгоре челото. Не ја задржав долго време, не плаши се! Се свртив, се приближив до масата, ја отворив фијоката и извадив петпроцентна обврзница од пет илјади што гласеше на доносителот (беше ставена во францускиот речник). Потоа ѝ ја покажав молкома, ја свиткав, ѝ ја дадов, ѝ ја отворив вратата во ходникот, и откако направив еден чекор назад, ѝ се поклонив длабоко, со полно почитување, со длабока искреност. — Верувај во ова што ти го кажувам! Таа сета затрепери, еден момент гледаше внимателно, страшно побледи, како крпа — и наеднаш, речиси без збор, не нагло, туку сета некако нежна, длабоко, тивко се наведна, и ми се поклони доземи, не институтски, туку руски. Потоа скокна и почна да трча. Кога истрча таа на мене ја имав сабјата; ја извлеков сабјата и сакав тука веднаш

да се заколам, зошто — не знам, тоа беше страшна глупост, се разбира, но веројатно од восхит. Разбираш ли ти дека човек понекогаш од восхит може да се убие, но јас не се заклав, туку само ја бакнав сабјата, и ја вратив пак во ножната — што, впрочем, можев и да не ти го спомнувам. И, како сега еве, раскажувајќи за тие борби, малку се разлигавив за да се пофалам себеси. Но, нека, нека биде и така, и ѓаволот нека ги носи сите шпиони на човечкото срце! Ете ти го целиот мој „настан" со Катерина Ивановна. Сега, значи, брат ми Иван знае за неа, и уште ти, — и никој повеќе.

Дмитриј Фјодорович стана, во возбудата направи чекор-два, извади шамиче, си ја избриша потта од челото, потоа пак седна, но не на местото каде што седеше порано, туку на друго, на спротивната клупа кај другиот ѕид, така што Аљоша мораше сосем да се сврти накај него.

IV

Исповед на пламеното срце. „Со нозете пругоре"

— Сега — рече Аљоша — првата половина од таа работа ја знам.

— Првата половина ја сфаќаш; тоа е драма, и таа се одигра таму. Втората половина е трагедија, и таа ќе се одигра овде.

— Од втората половина јас досега ништо не разбирам — рече Аљоша.

— А јас? Мислиш дека јас разбирам?

— Чекај, Дмитриј, тука има еден важен збор. Кажи ми: па ти си свршеник, свршеник ли си и сега?

— Свршеник не станав веднаш, туку три месеци по тоа. Утредента по тоа, јас си реков себеси, дека случајот е исцрпен и свршен, дека не ќе има продолжение. Да дојдам да ѝ ја понудам раката — ми изгледаше ниско. А и таа, од своја страна сите шест недели што ги мина кај нас во градот — со ниедно зборче не ми даде никаков знак за своето присуство. Освен, се разбира, во една прилика: утредента по една посета кај мене скришум влезе нивната собарица, и без да каже ни

збор, ми предаде плик. На пликот адреса: за тој и тој. Отворам — остатокот од обврзницата од пет илјади. Им требале само четири илјади и петстотини. И при наплатата на обврзницата од пет илјади загубата на курсот изнесувала, чинам, двесте шеесет рубли, не се сеќавам добро. И тоа само пари — ни писменце, ни зборче, ни објаснување. Во пликот барав некаков знак со молив, ништо! Тогаш почнав да пијам со своите преостанати пари, така што, најпосле, и новиот мајор мораше да ме опомене. А потполковникот државните пари ги врати среќно, и за чудо на сите, затоа што никој не се надеваше дека кај него ќе се најдат сите тие пари. Ги врати, па се разболе, па в постела, одлежа едно три недели, потоа наеднаш се појави воспаление на мозокот ,и по пет дена тој сврши. Го закопаа со офицерски почести, уште не му беше усвоена оставката. Катарина Ивановна, сестра ѝ и тетка ѝ, само што го закопаа татко ѝ, по едно десетина дена, си отидоа во Москва, и дури пред заминувањето оној ден кога ќе отпатуваа (јас не ги видов, ниту ги испратив) добивам мало пликче, сино, книженце како тантела, и на него само едно ретче со писалка: „Ќе ви пишам, чекајте. К.“ Тоа е сè.

Сега да ти разјаснам со два збора. Во Москва нивните околности се изменија со секавична брзина. Ненадејно, како во арапските приказни. Таа генералица, нејзината роднина, наеднаш ги губи своите најблиски наследнички, своите две најблиски братучетки — обете во иста недела умираат од сипаници, потресената старица, ѝ се израдува на Катја како на родена ќерка, како на ѕвезда спасителска: таа го свртува сето свое внимание на неа, веднаш го изменува тестаментот во нејзина корист; но тоа за во иднина, а засега, веднаш, в раце, — осумдесет илјади! „Еве ти, вели — мираз, прави со нив што сакаш“. Хистерична жена, подоцна во Москва ја посматрав. И тогаш наеднаш добивам по пошта четири илјади и петстотини рубли; се разбира, се збунив, и се зачудив како од небо паднат. По три дена доаѓа и ветеното писмо. Тоа и сега е кај мене, секогаш го носам со мене, и ќе умрам со него — сакаш да ти го покажам? Бездруго да го прочиташ; ми се нуди за же-

на, самата ми се нуди. „Ве молам, вели безумно, дури и ако не ме сакате, сеедно, само бидете мој маж. Не плашете се — јас во ништо нема да ве стеснувам, ќе ви бидам мебел, ќе ви бидам ќилим по кој одите... Сакам да ве љубам вечно, сакам да ве спасам од себеси...“ Аљоша, јас сум недостоен дури и да ги прераскажувам тие редови со своите подли зборови, и со својот подал тон, со својот секогаш подал тон, од кој никогаш не можев да се ослообдам. Тоа писмо ме боде, и до денешен ден! Зарем мене сега ми е лесно, зарем мене денеска ми е лесно? Јас, во тој момент напишав одговор (никако не можев да отпатувам во Москва). Го пишував со солзи; од едно вечно се срамам: во писмото ѝ спомнав дека таа сега е богата и со мираз, а јас само сиромашен груб човек — ги споменав парите! Тоа требаше да се затаи, но, ми се откачи од перото! Истовремено му напишав во Москва на Ивана, и во писмото му објаснив сè колку што се можеше, — писмото беше од шест табаци, и кај неа го испратив Ивана. Што гледаш, што ме посматраш? Е, па да, Иван се заљубил во неа, заљубен е и сега, го знам тоа, јас, според вашето светско сфаќање, направив глупост, но можеби сите единствено таа глупост ќе нè спаси. Уф! Ама зарем ти не гледаш колку го почитува колку го цени? Зарем може таа, кога ќе нè спореди двајцата, да сака ваков како мене, и уште по сето она што се случи?

— А јас сум уверен, дека таа сака таков каков што си ти, а не онаков каков што е тој.

— Таа ја сака својата добродетел, а не мене — му се откачи наеднаш и не саќајќи, но речиси налутено на Дмитриј Фјодорович. Тој се засмеа, но по малку очите му блеснаа, сиот поцрвени, и силно тресна со тупаница на масата.

— Ти се колнам, Аљоша. — Викна со страшен и искрен гнев против самиот себе — без обзир дали веруваш или не, но еве, жими бога, и жими господа Исуса Христоса, ти се колнам, иако сега се подбивав на нејзините високи чувства, сепак знам, дека јас сум милионпати поништожен духовно отколку таа, и дека тие нејзини најдобри чувства се искрени како на небески ангел! Токму во тоа и е трагедијата што јас го знам

тоа со сигурност. Не пречи ако човек по малку декламира! Зарем не декламирам? А јас сум искрен, искрен! Колку до Ивана, добро знам со какво проклетство сега мора да ја гледа природата, па уште и со својот ум! Зашто кому и на што му дава таа првенство? Дали на изродот, кој ни овде, кога веќе беше свршеник, и кога сите гледаа во него, не можеше да се воздржи од своите чуда и покорностите и тоа уште пред свршеницата. Пред свршеницата! И, ете, таа претпоставува таков каков што сум јас, а него го отфрла. А зошто? Затоа што девојката од благодарност сака да си го запусти животот и својата судбина? Бесмислица! Јас на Ивана во таа смисла никогаш не сум му рекол ништо. А ни Иван, се разбира, мене никогаш не ми проговорил за тоа ни збор, ни најмала напомена, но ќе реши судбината, и достојните ќе застанат на своето место, а недостојните ќе се скријат во сокачето засекогаш — во своето гнасно сокаче, во своето мило и себеси својствено сокаче, па таму, во кал и смрдеа, ќе пропаднат доброволно и со уживање. Малку повеќе дрдорам, зборовите ми станаа излижани, всушност, наврапито зборувам, но како што определив, така ќе биде. Јас ќе потонам во сокачето, а таа ќе појде за Ивана.

— Брате, чекај — пак со необична возбуда го прекина Аљоша. — Една работа сè уште не си ми разјаснил: па ти си свршеник! Значи, како ќе прекинеш ако таа, свршеницата, не сака?

— Јас сум формален и благословен свршеник, сè се одигра во Москва, по моето доаѓање, свечено со икони, какво што подобро не може да биде. Генералицата нè благослови, и — дали ќе веруваш? — дури ѝ честита на Катја: вели, ти си избрала добро, јас сосем го гледам. И веруваш ли, Иван не ѝ се допаднал, и не го поздравила. Во Москва јас многу разговарав со Катја, целиот ѝ се опишав, благородно, точно, искрено. Сè ислуша:

Имаше мила збунетост,
Имаше нежни зборови . . .

но, зборовите беа горди. Таа тогаш изнуди од мене големо ветување: дека ќе се поправам. Јас ветив, и еве . . .

— Што?

— И, еве, те викнав и те довлечкав ваму денеска, запамети го денешниов датум! — за да те испратам, ѝ тоа уште денеска, кај Катарина Ивановна, и...

— Што?

— Да ѝ кажеш дека кај неа веќе никогаш нема да дојдам; ми рече, кажи ѝ, да ве поздравам...

— Ама зарем е можно тоа?

— Па затоа и те испраќам тебе наместо себеси, зашто е невозможно; како би можел самиот јас да ѝ го кажам тоа.

— А каде ќе одиш ти?

— Во сокачето.

— Значи кај Грушенка? — тажно викна Аљошка, плеснувајќи со рацете. — Па зарем Ракитин ми ја кажа вистината? А јас, мислев дека ти таму само така одиш, па престана.

— Зарем свршеникот да си оди? Ама дали е можно тоа, па уште при таква свршеничка и пред целиот свет? Секако, и јас имам образ. Само што почнав да одам кај Грушенка веднаш престанав да бидам свршеник и чесен човек, јас го сфаќам тоа. Што ме гледаш? Јас, гледаш, најпрвин отидов да ја тепам. Дознав и сега знам со сигурност дека на Грушенка оној капетанот, татковиот поверител ѝ ја предал мојата меница за да бара наплата, за јас да се смирам и да се повлечам. Сакаа да ме уплашат. И затоа јас станав да ја тепам Грушенка. И порано така бегло ја видував. Таа не ме занесуваше. Знаев за старецот трговецот, тој сега уште е болен, лежи фатен, но сепак тој ѝ остави убава сумичка. И знаев дека Грушенка сака да спечали пари, да ги дава под лихва — видра, бештија без срце. Отидов да ја тепам, па останав кај неа. Удри гром, фати чума, се разболев, и болен сум и до денеска и знам дека е веќе сè свршено, дека никогаш ништо друго не ќе биде. Кругот на времето е таков. Така е тоа со мене. А тогаш наеднаш, како порачано, кај мене сиромавиот најдов три илјади. Одовде отидов со неа во Мокрое — тоест дваесет и пет врсти одовде — набавив таму Цигани, Циганки, шампањско, сите селани ги напив со шампањско, на сите жени и девојки — им ги фрлив

илјадарките. По три дена бев гол, но сокол. И можеби мислиш дека соколот нешто постигна? Ништо не ми покажа. Ти велам, пропаднав. Грушенка, бештија, има посебна линија — таа ѝ се гледа дури и на ножичката, дури и на малото прсте, на левата ножичка и се познава. Видов и бацував, и ништо повеќе — се колнам! Вели: „Ако сакаш ќе појдам, ќе појдам за тебе, зашто ти си сиромав. Речи дека нема да ме биеш, и дека ќе ми дозволиш да правам сè што ќе посакам, тогаш можеби, ќе појдам за тебе“, се смее. И сега се смее!

Дмитриј Фјодорович речиси со некаква лутина стана од местото, и наеднаш се врати како пијан. Очите му се закрвавија.

— И ти навистина сакаш да ја земеш за жена?

— Ако сака таа, веднаш; а ако не сака, и така ќе останам; во нејзината куќа ќе бидам слуга. Ти... ти, Аљоша... — запре тој наеднаш пред него, и зграпчувајќи го за рамениците почна силно да го тресе: — Ама знаеш ли ти, ти невино момче, дека сето тоа е бунцање, невозможно бунцање, зашто тука има трагедија! Знај, значи Алексеј, дека јас можам да бидам низок човек, со долни и пропаднати страсти, но крадец, џепчија, крадец по претсобјињата, Дмитриј Карамазов не може да биде никогаш. И да знаеш дека сега сум крадец, крадец што краде од џебовите и по претсобјињата. Токму некако кога тргнав за кај Грушенка за да ја натепам, тоа утро ме повика Катарина Ивановна, и тоа многу доверливо, така што сега никој не знае (зошто, не знам, изгледа дека така било потребно), ме моли да одам во губернискиот град и таму по пошта да ѝ испратам три илјади на Агафја Ивановна во Москва, а требало в град, за овде да не се знае. И, ете, со тие три илјади во џебот јас се најдов кај Грушенка, со нив отидовме во Мокрое. Потоа се правев дека божем сум бил в град, но поштенската расписка не ја покажав; реков дека парите ги испратив, дека расписката ќе ја однесам, и досега не ѝ ја однесов — заборавив. А сега, што мислиш, ти денеска ќе одиш кај неа па ќе ѝ речеш: „Ми рече да ве поздравам“; а таа тебе: „А парите?“ ти би можел да ѝ кажеш: „тоа е низок сладострасник, со незауздени чувства, подло суштество. Тој тогаш не ги испра-

тил вашите пари, туку ги потрошил, затоа што не можел да се воздржи, како ниско животно", но кон тоа би можел да додадеш: „но сепак тој не е крадец: еве ви ги вашите три илјади, тој ви ги враќа, испратете ѝ ги сама на Агафја Ивановна, а мене ми рече да ве поздравам". А сега таа наеднаш: „А каде се парите?"

— Митја, ти си несреќен, да! Но сепак, не толку колку што мислиш: не убивај се со очајување, не убивај се!

— Ти, секако, мислиш дека ќе се убијам ако не ги набавам тие три илјади, за да ги вратам? Во тоа и е работата што нема да се убијам. Не сум ни способен сега, можеби подоцна, а сега ќе одам кај Грушенка... Ништо од мене!

— А кај неа?

— Ќе ѝ бидам маж, ќе ја удостојам со звањето сопруг, а ако ѝ дојде љубовникот, ќе одам во другата соба. На нејзините пријатели ќе им ги чистам извалканите галоши, самоварот ќе го палам, ќе трчам каде што треба...

— Катарина Ивановна сè ќе сфати — свечено рече наеднаш Аљоша — ќе ја сфати сета длабина во сиот тој јад, и ќе се помири. Таа има висок ум, а нема поголема несреќа од својата, таа ќе сфати.

— Таа нема да се помири со тоа — горчливо се насмеа Митја. — Тука, брате, има нешто со кое ниедна жена не може да се помири. А знаеш ли што би било најдобро да се направи?

— Што?

— Да ѝ се вратат трите илјади.

— Но каде да ги најдеш? Слушај, јас имам две илјади, Иван исто така, ќе даде илјада, тоа се три, земи ги и врати ѝ ги.

— А кога ќе стигнат тие твои три илјади? Освен тоа, ти си уште неполнолетен, а треба бездруго, бездруго уште денеска да ѝ однесеш поздрав, со парите или без парите, затоа што понатаму јас не можам да одолжувам, сега работата е на таква точка. Утре веќе е доцна, доцна. Јас тебе ќе те испратам кај татко ми.

— Кај татета?

— Да, кај татета, пред неа. Па од него побарај три илјади.

— Ама, Митја, тој нема да даде.

— Како нема да даде? Знам дека нема да даде. Знаеш ли ти, Алексеј, што значи очај?

— Знам.

— Слушај: правно, тој мене ништо не ми е должен. Јас од него сум зел сè што сум имал, тоа го знам. Но морално тој ми е должен, така ли е? Зашто тој со мајчините дваесет и осум илјади започна и спечали сто илјади. Нека ми даде само три илјади од тие дваесет и осум, само три, па ќе ми ја извлече душата од пеколот, и тоа ќе му биде земено во обзир за многуте гревови! А јас со тие три илјади, ти давам свечен збор — ќе свршам, и тој никогаш веќе ништо нема да слушне за мене. Последен пат му давам можност да биде татко. Речи му дека самиот бог му ја испраќа таа моќ.

— Митја, тој воопшто нема да ти даде.

— Знам, дека нема да даде, совршено знам. Сега посебно. А не само тоа, еве, уште што знам: дури некни можеби дури вчера, тој првпат дозна с е р и о з н о (подвлечи го сериозно) дека Грушенка можеби навистина не се шегува и дека сака да влезе во брак со мене. Го знае тој карактер, тој ја знае таа мачка. Е, па тогаш, уште и пари да ми дава, уште и да ме потпомогне во таква ситуација, кога и самиот тој се заљубил во неа до лудило? Но ни тоа уште не е сè, уште повеќе можам да ти наведам: јас знам дека тој пред пет дена извадил три илјади рубли, ги разменил во стотки, ги спакувал во голем плик со пет печати, кој одозгора го врзал со црвена панделка накрсно. Гледаш, колку подробности знам! А на пликот стои напишано: „За мојот ангел Грушенка, ако посака да дојде". Тоа го скрил самиот, во тишина и потајно, никој не знае дека парите се кај него, освен слугата Смердјаков, во чија чесност тој верува како во себеси. Тој сега веќе трет или четврт ден ја чека Грушенка, се надева дека ќе дојде по пликот, ѝ порача, а таа му даде на знаење: „Можеби ќе дојдам". И сега, ако таа отиде кај

старецот, ќе можам ли да се оженам со неа? Сфаќаш ли, значи, зошто овде седам скришум, и, всушност, што демнам?

— Неа?

— Неа. Кај овие неранимајковци, кај овие газдарици, држи сопче под наем Фома. Фома е овдешен, наш некогаш војник. Тој и кај нив служи, ноќе им е чувар, а дење оди да фаќа тетреби, и од тоа живее. Ете, јас отседнав кај него; ни тој, ниту газдариците не ја знаат мојата тајна, тоест дека овде ја демнам.

— Само Смердјаков знае?

— Само тој. Тој и ќе ми јави ако таа дојде кај старецот.

— А тој ли ти раскажа за пликот?

— Тој. Најголема тајна. Дури ни Иван не знае за парите, за ништо. А старецот го испраќа Ивана во Чермашња, на два-три дена, да прошета: се јавил купувач за шумата, да ја исече за осум илјади, и сега старецот го моли Ивана: „Помогни ми, вели, оди ти“ — значи, на два на три дена. А тоа сака да го направи, за да може Грушенка да дојде додека Иван не е тука.

— Тој, значи, денеска ја чека Грушенка?

— Не, денеска таа нема да дојде, има знаци. Сигурно нема да дојде! — Викна наеднаш Митја. — Така мисли и Смердјаков. Татко ми сега пијанчи, седи на маса со братот Ивана. Оди, Алексеј, и замоли го да ги даде трите илјади...

— Митја мили, што ти е! — викна Аљоша, скокнувајќи од местото и загледувајќисе во избезумениот Дмитриј Фјодорович. Во еден момент тој мислеше дека овој е полуден.

— Што ти е? Јас не сум се мрднал — рече Дмитриј Фјодорович внимателно, и дури некако свечено гледајќи.

— Ете, те испраќам кај татета, и знам што велам: јас верувам во чудо.

— Во чудо?

— Во чудо на божјето провидение. На бога му е познато моето срце, тој го гледа сиот мој очај. Тој ја гледа сета таа слика, зарем ќе дозволи да се случи страшно нешто. Аљоша, јас верувам во чудо, оди!

— Одам. Кажи ми, дали ќе ме чекаш овде?

— Ќе те чекам, знам дека нема скоро да се вратиш, дека тоа не оди одеднаш, не паѓа од таванот. Тој сега е пијан. Ќе чекам и три часа. И четири, и пет, и шест, и седум, само знај, дека ти денеска, па макар и на полнок, ке одиш кај Катарина Ивановна, **со пари или без пари,** и ќе ѝ речеш: „Ми рече да ве поздравам.“ Јас сакам да ѝ ги кажеш тие зборови: „Ми рече да ве поздравам“.

— Митја! А што ќе правиш ако Грушенка наеднаш дојде денеска... Ако не денеска, утре или задутре?

— Грушенка? Да видам — ќе стрчнам во куќата, и ќе ја спречам...

— А ако...

— А ако биде, тогаш ќе убијам. Тоа нема да го преживеам.

— Кого ќе го убиеш?

— Старецот. Неа ќе ја убијам.

— Брате, што зборуваш!

— Па, јас не знам, не знам... Можеби нема да го убијам, а можеби и ќе го убијам. Се плашам дека тој наеднаш ќе ми стане омразен со своето лице токму во тој момент. Јас ја мразам неговата јаболчница, неговиот нос, неговите очи, неговиот бесрамен подбив. Се гадам од него. Ете, од тоа се плашам. И, ете, не ќе можам да се воздржам...

— Јас отидов, Митја. Верувам дека бог ќе нареди, како што е најдобро, за да не се случи нешто страшно.

— А јас ќе седам и ќе го очекувам чудото. Но, ако не се збидне, тогаш...

Аљоша замислен се упати кон татка си.

VI

Смердјаков

Аљоша навистина го затекна татка си уште на масата. Масата, според секојдневниот обичај, беше ставена во салата, иако во куќата имаше и вистинска

трпезарија. Салата беше најголема соба во куќата, уредена со некакви старински претензии. Мебелот старовремески, беше обложен со црвена излитена полусвила, меѓу прозорците огледала во раскошни рамки на старинска резбарија, кои, исто така, беа бели, и позлатени. На ѕидовите, обложени со бели тапети од хартија, кои на многу места веќе беа испокинати, се истакнуваа два големи портрета — на некаков Кинез, кој пред едно триесет години бил генерал — губернатор на овој крај, и на некаков архиереј, кој исто така одамна беше умрен. Во предниот агол на неколку икони, пред кои квечерина се палеше кандило . . . не толку од побожност, колку за да биде собата ноќе осветлена. Фјодор Павлович легнуваше доцна, околу тричетири часот изутрина; дотогаш обично непрестајно шеткаше по собата или седеше во фотељата и размислуваше. Тоа му беше вообичаено. Не ретко ноќеваше сосем сам во куќата, испраќајќи ги слугите во куќата во дворот, но повеќепати со него ноќе остануваше Смердјаков, кој спиеше во претсобјето на некаков сандак. Кога влезе Аљоша, ручекот беше довршен, но донесоа слатки и кафе. Фјодор Павлович љубеше по ручекот слатки со коњак. И Иван Фјодорович седеше на масата, и, исто така, пиеше кафе. Слугите, Григориј и Смердјаков, стоеја покрај масата. И господата и слугите, очигледно беа во необично весело расположение. Фјодор Павлович гласно се кикотеше и се смееше; Аљоша уште од ходникот ја слушна неговата пискава, уште отпорано толку позната смеа, и веднаш заклучи, по тонот на смеата, дека татко му ни оддалеку уште не е пијан, туку засега само блажен.

— Еве го него, еве го и него! — викна Фјодор Павлович, наеднаш страшно зарадуван поради Аљоша. — Придружи ни се, седни, кафенце — посно е, но е врело, и прекрасно! Коњак не ти нудам, ти си испосник; а ќе сакаш ли, ќе сакаш ли? Не, подобро да ти дадам ликер, посебен! — Смердјакове, оди онаму кај креденецон, на втората полица десно, еве ти ги клучевите, побрзо!

Аљоша фати да го одбива и ликерот.

— Сеедно, ќе биде донесен, ако не за тебе, тогаш за нас — врескаше Фјодор Павлович. — Но чекај, дали си ручан?

— Ручан сум — рече Аљоша, кој всушност, имаше изедено само парче леб и испиено чаша квас во кујната на игуменот. — Но топло кафе ќе се напијам, на драго срце.

— Мили мој! Јунаку! Тој ќе си пие кафенце. Дали да го потстоплиме? Ама не, и сега е врело. Кафе прекрасно, Смердјаковско. За кафе и за кифли Смердјаков ти е вистински мајстор. А исто така и за рибина чорба. Дојди некогаш на чорба, ама јави ми порано... Туку чекај, чекај, ама јас пред малку ти наредив денеска сосем да се преселиш сосе душек и сосе перница! Дали го довлечка душекот? Хе, хе, хе!...

— Не, не го донесов — се насмевна и Аљоша.

— А, се уплаши! Се уплаши пред малку, сепак, се уплаши? Ах, ти, соколе мој, па зарем тебе јас да те навредам! Слушај, Иване, не можам да гледам кога тој така гледа в очи, и се смее, не можам. Сета утроба почнува да ми се смее, го сакам! Аљошка, ајде да ти дадам родителски благослов.

Аљоша стана, меѓутоа, Фјодор Павлович се предомисли.

— Не, не! Само ќе те прекрстам, еве вака седни. Но, сега ќе имаш уживање, и токму на твоја тема. Ќе се насмееш. Ми проговори магарицата на Валаам, и како зборува, како зборува!

Излезе дека магарицата на Валаам е слугата Смердјаков. Уште млад човек, на околу дваесет и четири години, тој беше многу недружељубив и молчалив. Не оти беше див, или се стрмеше од нешто — не, тој напротив, по карактер беше надуен, и како сè да презираше. Ете, не може сосем да се заобиколи да не се кажат и за него макар два збора, и тоа токму сега. Го воспитаа Марфа Игнатјевна, и Григориј Василевич, но момченцето растеше „без најмала благодарност", како што се изразуваше за него Григориј; момченцето растеше дивјачки, и на сè гледаше „како од оцак". Во детството многу сакаше да беси мачки и после да ги зако-

пува со обред. За тоа тој се облекуваше во чаршав, кој му беше како одежда, и пееше и мавташе со нешто над мртвата мачка, како со кадилница. И сето тоа скришум, во најголема тајност. Еднаш Григориј го фати при таква забава и убаво го изнатепа. Момчето се повлече во аголот и намуртено гледаше оттаму речиси една недела.

„Тој изрод мене и тебе не нè сака", ѝ велеше Григориј на Марфа Игнатјевна. „А и никого не сака". „Зарем ти си човек" — му се обрнуваше тој право на Смердјакова — „Ти не си човек, ти се имаш родено во бањска влага, ете, кој си ти."

Смердјаков, како што се покажа подоцна, никогаш не можеше да му прости за тие зборови. Григориј го научи да чита и да пишува, а кога наполни дванаесет години, фати да го учи и во Светото писмо. Но работата веднаш заврши со ништо. Еднаш, уште на втората или на третата лекција, момчето наеднаш се насмеа:

— Што ти е? — го праша Григориј, страшно гледајќи се во него, под очилата.

— Ништо. Светлината господ ја создал првиот ден, а Сонцето, Месечината и ѕвездите четвртиот ден. Тогаш од каде доаѓала светлината првиот ден?

Григориј остана вчудовиден. Момчето подбивно гледаше во учителот. Во неговиот поглед имаше дури и нешто горделиво. Григориј не издржа. „Па еве, од каде!" викна тој и страшно го удри ученикот по лицето. Момчето го издржа ударот, без да одговори ни збор, па пак се повлече во аголот неколку дена. Се случи така што по една недела кај него првпат се појави падавица, која после не го оставаше целиот живот. Кога дозна за тоа, Фјодор Павлович како наеднаш да почна поинаку да го гледа детето. Порано, него го гледаше некако рамнодушно, иако никогаш не го караше, и кога ќе го сретнеше некаде, ќе му дадеше копејка. Кога беше добро расположен, од масата му испраќаше на детенцето по малку слатки. Но сега, кога дозна за болеста, фати сериозно да се грижи за него, викна лекар, почна да го лекува; излезе, меѓутоа, дека е невозможно да биде излекуван. Нападите доаѓаа

просечно по еднаш месечно, и во различно време. Нападите имаа и различна силина; некојпат беа лесни, другпат многу силни. Фјодор Павлович најстрого му забрани на Григорија телесно да го казнува момчето и почна да му дозволува на момчето да доаѓа кај него, горе. Освен тоа, забрани момчето што и да е засега да учи. Но еднаш, кога момчето имаше веќе петнаесетина години, Фјодор Павлович забележа дека тој се вртка околу орманот со книги и низ стаклото ги чита насловите. Фјодор Павлович имаше доста книги, преку сто томови, иако него никој не го имаше видено со книга. Тој веднаш му го даде клучот од орманот на Смердјаков. „Еве ти, па читај, ќе бидеш библиотекар; наместо да скиташ по дворот, подобро седи и читај. Еве прочитај ја оваа“ — и Фјодор Павлович му ги извади „Вечери на хуторот[1] кај Дикањка“.

Момчето прочита, но остана незадоволно, ниеднаш не се насмевна, напротив, го довршн читањето намуртено.

— Што е? Не е ли смешно? — го праша Фјодор Павлович.

Смердјаков молчеше.

— Одговарај, будала!

— Сè е невистинито напишано — процеди Смердјаков, смешкајќи се.

— Оди по ѓаволите, лакејска душо, чекај, еве ти ја „Општа историја“ од Смарагдов, тука сè е чиста вистина, читај го тоа.

Но Смердјаков не прочита од Смарагдов ни десет страници — му се стори здодевно. Па така, орманот со книги пак се затвори. Наскоро потоа, Марфа и Григориј му јавија на Фјодор Павлович дека кај Смердјаков малку по малку доаѓа да израз некаква страшна гадливост: седи на клупата, зема лажица, и сè некако мешка во супата, се наведнува, разгледува, нацрпува со лажицата, и ја врти накај светлината.

— Да не најде лебарка? — прашува Григориј.

— Или можеби мува? — забележува Марфа.

---

[1]) Спахиска населба, чифлик со згради за живеење.

Чистотното момче никогаш не одговараше, но и со лебот, и со месото, и со секое јадење се случуваше истото: само ќе го подигнеше парчето на вилушка накај светлината, ќе го разгледаше како на микроскоп, долго време решаваше, и наеднаш некако ќе се реше да го стави в уста. „Види го ти господинчето", мрмореше Григориј посматрајќи го. Кога Фјодор Павлович слушна за таа нова особина на Смердјаков, веднаш реши тој да биде готвач, и го испрати во Москва да учи. На учење тој помина неколку години и се врати со многу изменето лице. Некако необично остари, сосем несразмерно на своите години, лицето му се збрчка, му пожолти, стана како скопен. А во морален поглед се врати речиси ист каков што беше и пред да замине во Москва; исто така, беше недружељубив, и ничие друштво ни најмалку не му требаше. Тој и во Москва, како што кажуваа после, постојано молчел; самата Москва пак, многу малку го заинтересирала, така што во неа одвај нешто да дознал, ништо не му го привлекувало вниманието. Еднаш бил и на театар, но се вратил молчалив и незадоволен. Но, затоа од Москва ни дојде во убав костум, во чисто палто, и облека; многу грижливо самиот со четка си ја чистеше облеката, бездруго двапати на ден, а чевлите од телешка кожа, фодулски, многу сакаше да ги чисти со посебна англиска боја, така што блестеа како огледало. Беше извонреден готвач. Фјодор Павлович му определи плата и таа плата Смердјаков речиси целата ја трошеше за облека, помада, мириси, итн. Женскиот пол, пак, изгледа го презираше исто како и машкиот; со нив се држеше достоинствено, речиси непристапно. Фјодор Павлович почна да гледа во него и од другата страна. Работата е во тоа што нападите на неговата падавица се засилија, и во тие денови ручекот го готвеше Марфа Игнатјевна, што на Фјодор Павлович ни најмалку не му беше по волја.

— Зошто сега ти се зачестија нападите? — го гледаше тој откосо новиот готвач, загледувајќи му се во лицето. — Зошто не се ожениш со некоја, сакаш ли да те оженам?

Смердјаков на тие зборови само позеленуваше од мака, но не одговараше ништо. Фјодор Павлович пак, се повлекуваше, одмавнувајќи со раката. Што е најважно, тој еднаш засекогаш беше убеден во неговата чесност — во тоа дека Смердјаков ништо нема да земе, ништо нема да украде. Се случи еднаш Фјодор Павлович напиен, да испушти во дворот во калта три парички од по сто рубли, кои штотуку ги имаше применo, а тоа го забележа дури утредента. Само што скокна да ги бара по џебовите — наеднаш — веќе ги забележа сите три на масата. Од каде? Ги нашол Смердјаков, и ги беше донесол уште вчера. „Е, брате, такви каков што си ти, не сум видел" — пресече тогаш Фјодор Павлович и му подари десет рубли. Треба да се додаде дека не само што беше уверен во неговата чесност, туку поради нешто дури и го сакаше, иако Смердјанов и во него гледаше исто онака напоречки, како и во другите, и постојано молчеше. Ретко влапуваше во разговор. Ако тогаш некому му текнеше да се праша, што го интересува тоа момче, и за што мисли најмногу, навистина ќе му беше невозможно да одгатне, само со гледање. Меѓутоа, тој понекогаш дома, или во дворот, или на улица, застануваше, се замислуваше и стоеше така, по цели десетина минути. Ако го погледаше физиономист, ќе речеше дека тука нема ни размислување, ниту мисла, туку само некакво мисловно посматрање. Сликарот Крамској има една извонредна слика, што се вика „Мисловен посматрач". Насликана е во шума зимно време, и на шумскиот пат, во скината гуња и во опинци од лика, стои сосем сам, во најдлабока осаменост, загубен селанец, стои и како да се замислил но тој не мисли, туку нешто мисловно посматра. Ако го турнете, тој ќе затрепери, и ќе ве погледне како да се разбудил, без да разбере нешто. Вистина, тој веднаш ќе дојдеше на себе, а ако го прашавте, зошто стоел така, и за што размислувал, тој со сигурност не би се сетил за ништо, но затоа сигурно би го зачувал во себе впечатокот под кој се наоѓал за време на своето посматрање. Тие впечатоци му се скапоцени, и тој сигурно ги собира, незабележливо, и не знаејќи дека го прави тоа; а зошто и поради што, се разбира, исто така, не знае. Мо-

жеби, наеднаш, откога ќе насобере впечатоци во долга низа години, ќе напушти сѐ, и ќе замине за Ерусалим, да скита и да се спасува, можеби и селото ќе си го запали, а можеби ќе се случи и едното и другото во исто време. Такви мисловни посматрачи во народот има доста. И, ете, еден од таквите посматрачи најверојатно беше и Смердјаков, и сигурно и тој лакомо ги собираше своите впечатоци, ни самиот уште не знаејќи зошто.

VII

Контроверза

Но магарицата на Валаам наеднаш прозборува. Поводот беше необичен: Григориј, купувајќи изутрина во дуќанот на трговецот Кукјанов, слушна од него како некојси руски војник некаде далеку на граница, кај азијатите, откако паднал под ропство бил присилуван и заплашуван со страшна и блиска смрт, да се откаже од христијанството, и да го земе исламот — но тој не се согласил да си ја мени верата, и ги издржал маките, дозволил да му ја одерат кожата, и умрел славејќи и фалејќи го Христоса, за кој подвиг пишуваа весниците, што беа стигнати дента. Ете за тоа започна разговор на масата Григориј. Фјодор Павлович љубеше секогаш по ручекот кога го јадеше десертот малку да се насмее и поразговара, макар и со Григорија. А овој пат беше во лесно, живо расположение. Си пивна коњак и откако ја слушна соопштената вест, забележа дека војникот требало да го произведат веднаш за светец, а неговата одрана кожа да ја испратат во некој манастир: „Е, тогаш би нагрвалиле и луѓе и пари“. Григориј муртејќи се, виде дека Фјодор Павлович не е ни малку трогнат, туку, по својот секогашен обичај, почнува да ја скврнави верата. Смердјаков, кој стоеше до вратата наеднаш се насмевна. Смердјаков многу често и порано го пуштаа да стои крај масата, тоест пред крајот на ручекот. А откога дојде во нашиот град Иван Фјодорович, Смердјаков почна да доаѓа на ручек речиси секогаш.

— Што ти е тебе? — го праша Фјодор Павлович, забележувајќи го потсмевот и сфаќајќи, се разбира, дека се однесува на Григорија.

— А јас во врска со тоа, — наеднаш гласно и неочекувано проговори Смердјаков — ако подвигот на тој чист војник и бил многу голем, тогаш сепак, според моето сфаќање, никаков грев не би имало ни во тоа тој во таа ситуација и да се откажел од Христоса, примерно, од името, и од своето крштење, за со тоа да си го спаси животот за добри дела, со кои со време ќе плати за малодушноста.

— А зошто тоа не би било грев? Дрдориш, и затоа ќе одиш право во пеколот, и таму ќе те печат како јагнешко —прифати Фјодор Павлович.

Токму во тој миг влезе Аљоша. Фјодор Павлович, како што видовме, страшно се израдува поради Аљоша.

— На твоја тема, на твоја тема! — радосно се кикотеше тој, седнувајќи го Аљоша да слуша.

— Што се однесува до јагнешкото, тоа не е така; таму поради тоа нема ништо да биде, па и не треба да биде, ако биде сосем според правдата — одмерено забележа Смердјаков.

— Како тоа „сосем според правдата“? — викна уште повесело Фјодор Павлович, туркајќи го со коленото Аљоша.

— Тој е подлец, ете што е! — му се откина наеднаш на Григориј кој налутено го погледна Смердјакова право во очите.

— Колку до подлецот, почекајте, Григориј Васильевич — спокојно и воздржано го одби Смердјаков, — ами подобро размислете самиот: ако јас сум паднал под ропство кај мачителите на христијанскиот род, па ако тие бараат од мене да го проколнам господовото име, и да се откажам од светото крштење, јас за тоа сум ополномоштен со сопствениот разум, и тука не може да има никаков грев.

— Ама тоа веќе го рече, не туку дрдори, ами докажи! — Викаше Фјодор Павлович.

— Чорбар! — прошепоти Григориј со презир.

— Колку до чорбарот, исто така почекајте, туку, без подбив, размислете и самиот, Григориј Василевич,

зашто само што ќе им речам на мачителите: „Не, јас не сум христијанин, и го проколнувам својот вистински бог“, јас во тој миг со највисокиот суд на бога веднаш и специјално станувам анатемисан и проклет, и исклучен од светата црква, сосем како безбожник; и тоа не веднаш откако ќе го изговорам тоа, туку уште откако ќе помислам да го изговорам тоа — така што нема да мине ни четвртина секунда, а јас веќе ќе сум исклучен. Така ли е, Григориј Василевич?

Тој со очигледно задоволство му се обрнуваше на Григорија, одговарајќи всушност само на прашањата на Фјодор Павлович, и многу добро сфаќајќи го тоа, но намерно преправајќи се дека божем тие прашања му ги поставува Григориј.

— Иване! — викна наеднаш Фјодор Павлович — доближи ми се до увото, ова го има уредено за тебе, сака да го пофалиш. Пофали го.

Иван Фјодорович го ислуша сосем сериозно тоа восхитено соопштение на татка си.

— Стој, Смердјакове, помолчи за малку! — му викна пак Фјодор Павлович. — Иване, пак доближи се до мене.

Иван Фјодорович пак со најсериозен израз на лицето се наведна над него.

— Те сакам исто колку и Аљоша, немој да мислиш дека тебе не те сакам. Сакаш ли коњак?

— Дајте. „Но, ти добро имаш тргнато“ — внимателно го погледа татка си Иван Фјодорович. Смердјаков пак со необично љубопитство го гледаше сето тоа.

— Ти, проклетнику, ти си проколнат уште сега, — прсна наеднаш Григориј, — како смееш да судиш, подлецу, кога . . .

— Не подбивај се, Григориј, не подбивај се! — го прекина Фјодор Павлович.

— Почекајте, Григориј Василевич, макар само малку, и ислушајте ме понатаму, зашто јас уште немам завршено. Зашто во тој миг, кога господ ќе ме проколне, во тој највисок миг јас веќе станувам исто што и безбожник, и моето крштење се симнува од мене, дали е точно барем тоа?

— Заклучи, брате, што побргу, заклучи! — го тераше да побрза Фјодор Павлович, слатко цврцнувајќи од чашката.

— А штом не сум христијанин, тогаш, не сум ни ги излажал мачителите кога ме прашале: „Дали сум христијанин или не сум", зашто од мене веќе господ го симнал моето христијанство уште при мојата помисла, уште пред да им го изговорам мојот збор на мачителите. А кога веќе сум ослободен, тогаш по каков начин и по каква правда на овој свет ќе ми биде забележано мене како на христијанин за тоа дека сум се откажал од Христоса, кога веќе при самата помисла, уште пред откажувањето, сум лишен од крштењето? Штом веќе не сум христијанин, тогаш не можам ни да се откажам од Христоса, зашто тогаш немам од што да се откажам. Кој ќе му припише грев на поганиот Татар, Григориј Василевич, макар и на небо, што не се родил како христијанин, и кој ќе го казнува за тоа, кога се знае дека од еден вол не можеш да одереш две кожи. А и самиот господ седржител, дури и ако го повикува Татарот на одговорност, кога овој ќе умре, јас сметам дека ќе го казни со некаква најмала казна (зашто не е можно сосем да не го казни), земајќи во обзир дека тој сепак не е виновен, затоа што од погани родители дошол поган на светот. Секако не може господ сосила да го земе Татарот па и за него да рече дека бил Христијанин? Зашто тогаш тоа би значело дека и господ седржител ќе рече невистина. А зарем може господ седржител на небото и на земјата да изговори лага, макар само во еден збор?

Григориј остана вчудовиден, и го гледаше говорникот со ококорени очи. Иако не го разбираше добро тоа што се зборува сепак, наеднаш нешто сфати од тоа дрдорење, и застана како човек што наеднаш со челото удрил во ѕид. Фјодор Павлович ја испи чашката и се засркна во пискава смеа.

— Аљошка, Аљошка што велиш. Ах, ти, казуисту! Тој бил некаде кај езуитите, Иване! Ах, тие, езуити, смрдени, кој ли те научи на тоа! Само лажеш ти, казуисту, лажеш, лажеш, лажеш! Не плачи, Григориј, ние во овој миг ќе го строшиме во прав и пепел. Кажи

ми ти мене, магарице: дури и да си прав пред мачителите, ти самиот во себе сепак си се откажал од својата вера, и самиот велиш дека во истиот момент си бил анатемисан, проколнат; а кога веќе еднаш си анатемисан, тогаш за таа анатема во пеколот нема да те галат по главата. Што мислиш за тоа, мој прекрасен езуиту?

— Нема сомневање дека јас во себе се одреков, но ни тука нема никаков посебен грев; а ако и има грев-че, тогаш тоа е најобично.

— Како тоа најобично?

— Лажеш, пр-р-роклетнику! — зашиштн Григориј.

— Размислете самиот, Григориј Василевич — продолжуваше Смердјаков одмерено и достоинствено, чувствувајќи ја победата, и божем покажувајќи великодушност спрема уништениот противник — размислете и самиот, Григориј Василевич, та во Светото писмо е речено, дека ако имате само трошка вера, кога ќе ѝ речете на планината веднаш да се спушти в море, таа ќе се спушти ни малку не исчекувајќи, по првата ваша наредба. Па добро, Григориј Василевич, штом сум јас неверник, а вие толку верувате, за кое постојано ми се подбивате, обидете се да ѝ речете на планинава да се спушти не в море (зашто одовде до морето е далеку), туку макар и во нашата смрдлива рекичка, ене онаа што тече зад нашана градина, па и самиот ќе се уверите, во истиот момент, дека ништо нема да се спушти, туку сè ќе си остане во поранешниот вид и ред, без обзир колку ќе викате. А тоа значи дека ни вие, Григориј Василевич, не верувате како што треба, туку дека само другите ги излагате на потсмев без мерка. Пак, кога ќе се земе и тоа дека никој во нашето време — не само вие, туку просто никој, почнувајќи од највишите лица, па до последниот селанец — не ќе може да ја турне планината в море, освен можеби еден на сета земја, или можеби двајца, а и тие, веројатно, се спасуваат некаде таму во тајност, во египетската пустина, така што никако не можеш да ги најдеш — тогаш, што и е така, штом излегува дека сите други се без вера, зарем тогаш сите други, тоест населението од целава

земја, освен таму некакви двајца пустињаци — зарем сите господ ќе ги проколне, и зарем никому нема да му прости, при сето толкаво милосрдие? Јас се надевам, зашто ако некогаш и се посомневам, после ќе ми биде простено, откога ќе пролиеам покајнички солзи.

— Стој! — викна Фјодор Павлович на врвот од восхитувањето — ти, значи, сепак сметаш дека има двајца што можат да помрднуваат од место планини? Иване, направи рецка, запиши: тука се изрази вистински Русин!

— Вие сосем точно забележавте дека тоа е народна црта во верата — се согласи со него Иван Фјодорович со одобруваčка насмевка.

— Се согласуваш! Значи, така е, штом одобруваш! Вистина ли е, Аљоша? Дали руската вера е сосем таква?

— Не, кај Смердјаков никако нема руска вера — сериозно и решително проговори Аљоша.

— Јас не зборувам за неговата вера, туку за срцата, за двајцата пустињаци, само за таа цртичка — зашто тоа е руско, руско.

— Да, цртата е сосем руска — се насмевна Аљоша.

— Твојот збор, магариште, вреди златник, и ќе ти го испратам уште денеска; туку, впрочем, ти сепак дрдориш; знај, будала, дека сите ние овде не веруваме само поради лесномисленост, затоа што немаме кога: пред сè, работите нè совладале, а второ, бог ни дал малку време, определил само по дваесет и четири часа на ден, така што немаш ни кога да се наспиеш, а камоли уште и да се каеш. А ти, се откажа пред мачителите тогаш кога немаше за ништо друго да мислиш, освен за верата, и кога требаше особено да си ја покажеш верата! Јас мислам дека тоа некако така излегува.

— Излегува, се разбира дека излегува, но размислете и самиот, Григориј Василевич, оти тоа многу олеснува, дека излегува. Зашто ако јас верувам како што треба да се верува, тогаш навистина би било грешно ако за својата вера не издржам маки, а преминам во поганата мухамедова вера. Но тогаш до маки не би ни дошло, зашто во тој момент јас би требало само да ѝ

речам на оваа планина: помрдни се и смачкај го мачителот, и таа би се помрднала, и во тој миг би го пригмечила како мува; а јас би си отишол понатаму, како да не се случило ништо, пеејќи и славејќи го бога. А ако јас во таков момент сум го обидел сето тоа, и посебно сум ѝ викал на планината: смачкај ги мачителите, а таа не ги смачкала, тогаш, кажете, како да не се посомневам во тој момент, и уште во толку страшен претсмртен час во голем страв? Јас и без тоа веќе знам дека нема наполно да го достигнам небеското царство (зашто планината не се помрдна од мојот збор, значи на мојата вера таму не ѝ се верува многу, и не ме чека којзнае каква награда на другиот свет), па зошто, зогора на тоа, и без некаква корист би допуштил уште и да ми ја одерат кожата? Зашто, дури и до половина да ми ја одерат кожата од грбот, ни тогаш на мојот збор или викање планината не би се помрднала. А во таков момент не само што човекот може да го совлада сомневањето, туку тој од страв може и умот да си го изгуби, така што да му биде сосем невозможно и да мисли. Не знам зошто би бил виновен, ако си ја зачувам кожата штом не наоѓам ни корист ни награда, ни овде ни таму? И затоа многу очекувајќи ја милоста на бога, имам надеж, дека сосем ќе ми биде простено...

VIII

При чашка коњак

Спорот се доврши, но чудна работа, Фјодор Павлович, кој толку беше развеселен, пред крајот наеднаш се намурти. Се намурти и до капка испи чашка коњак, а тоа веќе беше прекумерна чашка.

— Ајде, чистете се, езуити ниедни, надвор! — им викна тој на слугите. — Марш, Смердјакове! Ветениот златник ќе ти го испратам денеска, а сега марш! Не плачи, Григориј, оди си кај Марфа, таа ќе те утеши, ќе те легне в кревет. Не му даваат гнасите на човека ни по ручекот мирно да си поседи — пресече тој мрзливо, кога слугите се оддалечија по неговата наредба.

— Сега Смердјаков за време на ручек секогаш се довлечкува ваму; ти си му интересен, со што ли си го придобил? — му рече тој на Иван Фјодорович.

— Со ништо — одговори овој — му текнало да ми искажува почит; тој е лакеј, и подлец. Впрочем, месо за првите редови кога ќе дојде времето.

— За првите?

— Ќе има други и подобри, но ќе има и такви. Први ќе бидат таквите, а по нив подобрите.

— А кога ќе настапи тоа време?

— Ќе пламне ракета, но можеби нема да догори. Народот таквите чорбари засега не ги слуша со задоволство.

— Да, да, братче, ете и таквата Валаамова магарица мисли, мисли, и ѓавол знае што не ќе измисли во себе.

— Ќе насобере мисли — се насмевна Иван.

— Гледаш, јас знам дека тој не ме трпи ни мене, како ни сите други, ни тебе, исто така, иако тебе ти се чини дека нему „му текнало да ти искажува почит". А на Аљошка му е уште полошо, Аљошка тој го презира. Но, тој нема да ти украде, ете ти; не е сплеткар, молчи, не го изнесува ѓубрето од куќи; а згора на тоа, уште пече убави пити, ѓавол да го земе, ако сакаме да зборуваме вистина — и, дали вреди да се зборува за него?

— Се разбира дека не вреди.

— А колку за тоа, што ќе измудрува тој во себе — рускиот селанец, општо речено, треба да се тепа. Јас секогаш сум го тврдел тоа. Нашиот селанец е неранимајко, не вреди да го жалиш, и добро е што понекогаш и сега ги тепаат. Русија е силна со брезата. Кога ќе се уништат шумите, ќе пропадне руската земја. Јас сум за умни луѓе. Престанавме да ги тепаме селаните зашто сме многу умни, а тие, самите и понатаму се тепаат. И добро прават. Со која мера се мери, со таа и ќе се измери, или како беше она, таму... со еден збор ќе се измери. А Русија е свинштина... Драги мој, кога би знаел ти, колку ја мразам Русија... тоест, не Русија, туку сите тие пороци...

а најпосле, и самата Русија. Tout cela c'est de la cochonerie.[1]) А знаеш ли што сакам? Ја сакам остроумноста.

— Вие пак испијте една чашка. Сега веќе би можело да ви биде доста.

— Почекај, сакам уште една, и уште една, па после ќе престанам. Не, чекај, ме прекина. Минувајќи низ Мокрое прашувам еден старец, а тој ми вели: „Ние, најпојќе дејките ги мааме по наредба и главно им дааме да ги маат момците. После момчакот таа што ја измаал, утре ја зема за жена, така што тоа е, вели, арно и за нашите дејки.“ Како ти се допаѓаат маркизите де Сад, а? Речи што сакаш, но остроумно е. Како би било и ние да се одвеземе таму, па да ги гледаме, а? Аљошка, ти поцрвени? Не срами се, мое чедо! Ми е жал што пред малку не останав за ручек кај игуменот, и не раскажав на монасите за девојките од Мокрое. Аљошка, немој да се лутиш што пред малку го навредив твојот игумен. Брате, просто сум бесен. Зашто, ако има бог, ако постои бог, се разбира, јас сум виновен, и ќе одговарам, а ако него воопшто го нема, тогаш нив, тие твои отци, би требало малку поинаку! Зашто тогаш малку ќе биде да им се пресечат главите до раменици, затоа што тие го спречуваат развитокот. Веруваш ли, Иване, дека тоа ме мачи во моите чувства. Не, ти не веруваш, ти го гледам тоа во очите. Ти му веруваш на светот, дека јас сум само шут. Аљоша, веруваш ли ти дека јас не сум само шут?

— Верувам, дека вие не сте само шут.

— И верувам дека ти веруваш и дека искрено е тоа што го зборуваш. А Иван не. Иван е горделив... Па сепак, јас би завршил со твојот манастир. Сета таа мистика би требало веднаш да се уништи по сета руска земја, еднаш засекогаш да се опаметат будалите. Ех, колку сребро и злато би стигнало во државната фабрика за пари.

— А зошто да се уништува? — рече Иван.

— Па вистината што побргу да светне, ете зошто!

— Ама ако таа вистина светне, вас најпрвин ќе ве ограбат, па после... ќе ве убијат.

---

[1]) Тоа е свинштина (фр.)

— Охо, богами имаш право. Ах, јас магаре — се тргна наеднаш Фјодор Павлович, лесно шлакнувајќи се по челото. — Е тогаш нека остане твојот манастир, Аљоша, штом е така. А ние, умните луѓе, ќе седиме во завет, и ќе си потпивнуваме коњаче. Знаеш ли, Иване, тоа мора да е така, посебно дотерано од самиот бог? Иване, зборувај: дали има бог или нема? Што е? Кажи ја вистината, сериозно зборувај! Зошто се смееш пак?

— Се смеам зашто пред малку самиот остроумно забележивте за верувањето на Смердјаков дека постојат двајца старци што можат да помрднуваат планини.

— Па личи ли тоа на вистина?

— Многу.

— Е, тогаш, значи, и јас сум вистински Русин, и јас имам руска црта; па и тебе, филозофе, исто така, може човек да те фати на твојата црта на тој начин. Сакаш ли да те фатам? Да се обложиме, дека утре ќе те фатам. А, сепак, кажувај, дали има бог, или нема? Само сериозно! Сега сериозно ми е потребно тоа?

— Не, нема бог.

— Аљошка, има ли бог?

— Има бог.

— Иване, а дали има бесмртност, каква било, макар мала, малечкава?

— Нема ни бесмртност.

— Никаква?

— Никаква.

— Тоест, апсолутна нула, или барем нешто? Можеби има какво било нешто? Секако не е сосем ништо!

— Апсолутна нула.

— Аљошка, дали има бесмртност?

— Има.

— А бог и бесмртност?

— И бог и бесмртност.

— Хм! поверојатно е дека има право Иван. Господи, само кога ќе се помисли колку вера внесол човекот, и колку сили истрошил напразно, за таа фантазија, и тоа веќе толку илјади години! Кој му се подбива така на човекот, Иване? Последен пат и тоа ре-

шително: дали има бог, или нема? Те прашувам последен пат!

— И последен пат, нема.

— А кој им се подбива на луѓето, Иване?

— Веројатно ѓаволот — се насмевна Иван.

— А дали има ѓавол?

— Не, нема ни ѓавол.

— Штета... Ѓавол да го земе, што би му направил сега јас на оној, што прв го измислил бога! Ама да го обесиш на горчлива јасика и тоа е малку.

— Немаше да ја има цевилизацијата, ако не го измислеа бога.

— Немаше да ја има? Без бога?

— Да. Ни коњак ќе немаше. Но, коњакот сепак ќе мораме да ви го одземеме.

— Чекај, чекај, чекај, гулапче, уште една чашка. Јас го навредив Аљоша. Ти не се лутиш, Алексеј? Мило мое Алексејче, Аљошка!

— Не, не се лутам. Јас ги знам вашите мисли. Срцето ви е подобро од главата.

— Зар моево срце е подобро од главата? Господи, и уште кој ми го зборува тоа? Иване, го сакаш ли ти Аљошка?

— Го сакам.

— Сакај го. (Фјодор Павлович пијалакот нагло го совладуваше). — Слушај, Аљоша, јас пред малку бев груб спрема твојот старец. Ама бев возбуден. Но, во тој старец има остроумност, што мислиш ти, Иване?

— Изгледа има.

— Има, има, il y a du Piron là-dedans[1]). Тој е езуит, тоест руски. Како во благородно суштество, во него врие притаено негодување затоа што мора да се преправа... да се прави светец.

— Па тој верува во бога.

— Ни трошка. Не знаеше ли ти? Тој на сите им го кажува тоа, тоест, не на сите, туку на сите умни луѓе што му доаѓаат. На губернаторот Шулц тој просто му откинал: credo[2]), но не знам во што.

---

[1]) Тука се чувствува Пирон (фр.)

[2]) Верувам (лат.)

— Навистина?

— Токму така. Но јас го почитувам. Во него има нешто мефистофелско, или поарно од „Херој на нашето време“ . . . Арбенин, или како се викаше . . . Тоест, гледаш ли, твојот старец е сладострасник, тој толку е полн со сладострасност, што јас и сега би се плашел за мојата ќерка, или за мојата жена, кога би отишле кај него да се исповедаат. Знаеш, кога ќе почне да зборува . . . Предминатата година ме покани на чај, со ликерче, (дамите му испраќаат ликер), па кога почна да опишува што било некогаш, за малку што не испопукавме . . . Особено, кога ја излекувал некоја фатена. „Кога не би ме болеле нозеве, јас, вели, би ви одиграл еден танц.“ А, што велите? „Доста манастирував, вели, во својот век“. Тој, му дигнал на трговецот Демиров шеесет илјади.

— Како, му ги украл?

— Оној му ги донесол како на добар човек: „Причувај ми ги, брате: утре ќе ми прават претрес“. А овој му ги причувал. „Ти, му вели, ѝ ги подари на црквата.“ Јас му велам: „Ти си подлец“. „Не, вели, не сум подлец, туку сум широк . . .“ Впрочем, тој не . . . Тоа беше друг. Јас го измешав со друг . . . Па и не забележувам. Но, еве, уште оваа чашка, па доста, однеси го шишево, Иване. Сешто издрдорив, зошто не ме запре, Иване . . . и зошто не ми кажа дека дрдорам?

— Знаев дека и самиот ќе престанете.

— Лажеш, ти од пакост спрема мене, од пакост. Ти ме презираш, дојде кај мене и во мојата куќа ме презираш.

— Па добро, ќе си одам; но вас ве совладува коњакот.

— Јас те молев, жити господа Христоса, да одиш во Чермашња, за ден-два, а ти не одиш.

— Утре ќе одам, штом толку настојуваш.

— Нема да одиш. Ти сакаш овде да ме демнеш, пакосна душо, затоа нејќеш да одиш.

Старецот не се успокои. Дојде до онаа точка на пијанството, кога некои пијани, дотогаш мирни, наеднаш се нервираат и сакаат да покажат кои се.

— Што ме гледаш? Какви ти се очите? Твоите очи ме гледаат и ми велат: „Муцко пијана"! Сомнежливи и полни со презир се твоите очи... Ти си дојден со некаква намера. Ене, Аљошка гледа и очите му светат. Аљоша не ме презира. Алексеј немој да го сакаш Ивана.

— Не лутете му се на брат ми! Престанете да го навредувате — наеднаш рече Аљоша енергично.

— Добро, добро. Уф, ме боли главата. Однеси го коњаков, Иване, ти велам по трет пат. — Тој се замисли и наеднаш широко и итро се насмеа.

— Не лути му се, Иване, на стариот никаквец — продолжи тој. — Знам дека не ме љубиш, но сепак немој да се лутиш. Мене човек нема ни зошто да ме сака. Ќе одиш во Чермашња, јас ќе ти дојдам, ќе ти донесам подарок. Таму ќе ти покажам една девојка, одамна сум ја забележал. Засега уште е боса. Не плаши се од босите, не презирај ги — бисерите!...

И тој, си ја баци својата рака.

— За мене — живна тој наеднаш сиот, како за момент да се истрезни штом дојде до својата сакана тема, — за мене... ех, деца! Дечиња, вие малечки прасенца — за мене... во текот на целиот мој живот, немало грда жена, такво е моето правило! Дали можете вие да го сфатите тоа? А од каде да сфатите: та вам уште млеко ви тече во жилите наместо крв, уште не се имате испилено! Според моето правило, во секоја жена можеш да најдеш нешто необично, ѓавол да го земе, интересно, што во никоја друга нема да го најдеш — само треба да умееш да наоѓаш, во тоа е сета работа! Тоа е дарба! За мене, никогаш немало грди жени; веќе самото тоа што е таа жена, веќе тоа е половина од сè... Туку, откаде можете да го разберете вие тоа! Дури и вјелфилките[1]) — па и кај нив понекогаш ќе најдеш нешто такво, што се чудиш на оние другите будали: како можеле да ѝ дозволат да остари а да не ја забележат досега! Босата и грдата треба првин и првин да ги зачудиш — така треба да се пристапи кон нив. А ти не го знаеше ли тоа? Треба да ја

[1]) Вјелфилки — од франц. veielle fille — стари девојки.

вчудовидиш и восхитиш, сета да ја пролазат морници, да се засрами: како можело во таква лигавка како неа да се заљуби таков господин. Навистина е прекрасно што секогаш има, и што секогаш и ќе има на светов, и прости и господа, па така секогаш ќе има и садомијки, а секогаш и нејзин господин, а за среќа во животот само тоа и треба! Чекај... слушај, Аљошка, јас твојата покојна мајка секогаш ја вчудовидував, само излегуваше некако поинаку. Никогаш не сум ја галел, туку само наеднаш, кога ќе настапи моментот — наеднаш пред неа просто целиот ќе се истопам, ползам на коленици, ножичките ѝ ги бакнувам, и секогаш ја доведувам — се сеќавам за тоа како сега — до некаков ситен насмев, звонлив, не силен, нервен, посебен. Таа го имаше само тоа. Знаев дека кај неа болеста секогаш почнува така, веднаш утредента почнува да ика како икачка, и таа мала насмевка не значеше никаков восхит, но сеедно, иако е лажливо, сепак е восхитување. Ете ти, што значи да умееш во сè да ја најдеш цртичката. Еднаш некој си Белјавскиј — еден овдешен убав човек и богаташ, ѝ се умилкуваше и фати да доаѓа кај мене дома и ми удри шлаканица и тоа пред неа. Кога таа, таа мирна овчичка — мислев ќе се измава за таа шлаканица — ми се фрли, па фати да вика: „ти, вели, сега си тепан, тепан, сега доби од него шлаканица! ти, вели, си ме продавал мене... Како смееше да те удри пред мене! Да не се осмелуваш да доаѓаш кај мене, никогаш! Веднаш оди, предизвикај го на двобој...“ Тогаш морав да ја однесам в манастир, за да се смири; светите отци ѝ прочитаа молитва. Ете, Аљоша, ти се колнам во господа, јас никогаш не сум ја навредувал мојата икачка. Освен само еднаш, уште во првата година; тогаш таа многу му се молеше на господа, особено внимаваше на Богородичните празници, и мене тогаш ме тераше од кај себе во мојот кабинет. А јас, си мислам, ајде, велам, да ѝ ја истерам од главата таа мистика! „Гледаш, реков, ја гледаш ли оваа твоја икона, еве, сега ќе ја тргнам од ѕидов: внимавај, ти неа ја сметаш за чудотворна, а јас, еве, сега и пред тебе, ќе плукнам на неа, и ништо поради тоа нема да ми се случи!...“ Кога го виде тоа,

господе, си мислам: сега ќе ме убие, а таа само скокна, плесна со рацете, потоа наеднаш со нив си го покри лицето, сета се затресе и падна на подот... Просто се струполи... Аљоша, Аљоша! Ама што ти е тебе, што ти е тебе!

Старецот скокна уплашено. Аљоша, од моментот кога старецот почна да зборува за неговата мајка, малку по малку почна да се менува во лицето. Тој поцрвени, очите му се вжештија, усните му затреперија. Пијаното старчиште прскаше околу себе со плунка, и ништо не забележуваше сè до моментот кога со Аљоша се случи нешто многу чудно: имено, кај него се повтори сосем истото што старецот токму тогаш го раскажуваше за „икачката". Аљоша наеднаш скокна од масата, исто така како што беше раскажано, како неговата мајка, плесна со рацете, потоа си го покри лицето, падна како заклан на столот и наеднаш сиот се затресе од хистеричен напад на ненадејни, потресни и нечујни солзи. Необичната сличност со мајка му посебно го вчудовиди старецот.

— Иване, Иване! Бргу дај му вода. Тоа е ќако неа, исто како неа, како тогаш мајка му! Прсни го со устата со вода, така ѝ правев јас нејзе. Ова е поради мајка му, поради неговата мајка... — му мрмореше тој на Ивана.

— Па, неговата мајка секако и мене ми била мајка, како зборувате вие? — се издра наеднаш Иван со незадржлив гневен презир .

Старецот затрепери од неговиот поглед кој блесна. Но тука се случи нешто многу чудно, вистина, само за еден миг: на старецот, веројатно, навистина му беше се извлекло од вид, дека мајка му на Аљоша му беше мајка и на Ивана...

— Како тоа, мајка ти!... — промрмори тој, не сфаќајќи. — За што зборуваш ти? За која мајка?... Па зар таа... оф, по ѓаволите! Па таа е и твоја! Оф, по ѓаволите! О, братче, ама ова ти е некакво помрачување како никогаш досега. Извини ме, а јас мислев, Иване... хе, хе, хе!

Тој стана. Долга, пијана, полубесмислена насмевка му го развлече лицето. Тука наеднаш, во ист момент се разнесе во ходникот страшна викотница и бучава. Се слушнаа избезумени извици, вратата ширум се отвори, и во салата втрча Дмитриј Фјодорович. Старецот летна накај Ивана преплашен.

— Ќе ме убие, ќе ме убие! Не давај ме, не давај! — викаше, грчевито фатен за скутот на палтото од Ивана.

IX

Сладострасник

Веднаш по Дмитриј Фјодорович во салата втрчаа Григориј и Смердјаков. Тие сè до пред малку во ходникот се бореле со него, не го пуштале (по наредба на самиот Фјодор Павлович, што им ја даде уште пред неколку дена). Користејќи го тоа што Дмитриј Фјодорович кога влезе во салата, за момент застана за да се обзрне, Григориј оптрча околу масата, ги затвори обете крила на спротивната врата од салата, што водеше во внатрешните соби, и застана пред затворената врата, раширувајќи ги обете раце, во облик на крст, и готов да го брани влезот, така да се каже, до последната капка крв. Кога го забележа тоа, Дмитриј Фјодорович не само што викна, туку дури како да писна и јурна накај Григориј.

— Таа, значи, е таму! Таа таму е скриена! Тргни се настрана, подлецу.

Тој го нападна Григориј, но овој го оттурна. Надвор од себеси од бес, Дмитриј замавна и со сета сила го удри Григорија. Старецот се струполи како заклан, а Дмитриј прескокнувајќи преку него, влезе во вратата. Смердјаков остана во салата на другиот крај, блед и растреперен, прилепувајќи се до Фјодор Павлович.

— Таа е овде! — викаше Дмитриј Фјодорович. — Јас пред малку ја видов како се упати кон куќава, само не можев да ја стигнам. Каде е таа? Каде е таа?

Несфатлив впечаток му направи на Фјодор Павлович извикот: „Таа е овде!“ Сиот страв го напушти.

— Држи, држи го! — завика тој, и јурна кон Дмитриј.

Григориј, во меѓувреме стана од подот, но уште беше надвор од себеси. Иван Фјодорович и Аљоша потрчаа по татко им. Во третата соба се слушна како наеднаш нешто падна на подот, се скрши и звечна: тоа беше голема стаклена ваза (не многу скапа) на мермерно столче што ја закачи Дмитриј Фјодорович, трчајќи покрај неа.

— Фати го! — викна старецот. — Помош!

Иван Фјодорович и Аљоша го стигнаа старецот и сосила го вратија во салонот.

— Зошто трчате по него! Тој навистина таму ќе се убие! – луто му викна на татко си Иван Фјодорович.

— Вањичка, Љошечка, таа, значи, е овде — Грушенка е овде; тој вели дека видел како протрчала...

Тој липаше. Овој пат не ја очекуваше Грушенка, и сега наеднаш гласот дека е таа овде за миг го избезуми. Сиот трепереше како да е полуден.

— Ама вие самиот видовте дека не е дојдена! — викаше Иван.

— А можеби од оној влез?

– Ама тој, другиот влез е заклучен а клучот е кај вас...

Дмитриј наеднаш пак се појави во салата. Тој, се разбира, другиот влез го најде заклучен, а клучот од затворениот влез навистина беше во џебот на Фјодор Павлович. Сите прозорци на сите соби, исто, така, беа затворени: одникаде, значи, Грушенка не можела да влезе, и одникаде не можела да излезе.

— Држи го! — писна Фјодор Павлович, штом повторно го забележа Дмитрија. — Тој таму во спалната ми ги има украдено парите!

И, оттргнувајќи се од Ивана, повторно летна кон Дмитриј. Но овој си ги крена обете раце и го зграпчи старецот за двата последни кичура од косата, што му беа уште останати над ушите, го затресе и бучно го

тресна наземи. И уште два или трипати го удри така легнат со петицата по лицето.

Старецот страшно залелека. Иван Фјодорович, иако не беше толку силен, како брат му Дмитриј, го опфати со рацете, и со сета сила го оттргна од старецот. И Аљоша со сета своја мала сила му помогна, опфаќајќи го брата си од отспреди.

— Будала, па ти го отепа! — викна Иван.

— Така и му треба! — рипна Дмитриј, гушејќи се. — А ако не сум го отепал, ќе дојдам повторно за да го отепам. Не ќе можете да го одбраните.

— Дмитриј! Веднаш оди си одовде надвор! — заповеднички му викна Аљоша.

— Алексеј! Кажи ми ти, само тебе ќе ти поверувам: беше ли таа сега овде, или не? Јас самиот ја видов како пред малку покрај плетот од сокачето се шмугна на оваа страна. Јас викнав, таа побегна . . .

— Ти се колнам, таа не беше овде, и овде воопшто никој не ја очекуваше.

— Но јас ја видов . . . Значи, таа . . . веднаш ќе дознам каде е . . . Збогум, Алексеј! На Езоп сега за парите ни збор, а веднаш оди кај Катерина Ивановна и бездруго речи ѝ: „Рече да ве поздравам, да ве поздравам! Токму така: да ве поздравам и да ви се поклонам!“ Опиши ѝ ја оваа сцена.

Во тој миг Иван и Григориј го дигнаа старецот и го сместија во фотељата. Лицето му беше раскрвавено но инаку беше при свест и жедно го слушаше викањето на Дмитрија. Нему сè уште му се чинеше дека Грушенка навистина е некаде во куќата. Заминувајќи Дмитриј Фјодорович го погледа со омраза.

— Не се каам поради твојата крв! — викна тој. — Чувај се, старецу, чувај си ги соништа, зашто и јас имам соништа! Те проколнувам и се откажувам од тебе сосем . . .

Тој истрча од собата.

— Таа е овде, таа сигурно е овде! Смердјаков, Смердјаков — сосем тивко кркореше старецот, со прстот повикувајќи го Смердјакова.

— Таа не е овде, не е, безумен старецу! — луто му викна Иван. — Ете, падна во несвест! Вода, пешкир! Мрдни, Смердјакове!

Смердјаков отрча по вода. Старецот најпосле го слекоа, го однесоа во неговата спална и го ставија на постелата. Главата му ја врзаа со влажен пешкир. Ослабнат од коњакот, од силната возбуда и од тепањето, тој веднаш, штом ја допре перницата, ги изврти очите и се занесе. Иван Фјодорович и Аљоша се вратија во салата. Смердјаков ги чистеше парчињата од скршената вазна, а Григориј стоеше до масата, намуртен и со наведнат поглед.

— Како би било и ти да си ја наквасиш главата и да легнеш в постела — му се обрна Аљоша на Григориј.

— Ние ќе внимаваме овде над него; брат ми многу силно те удри по главата.

— Тој се осмели да ме удри мене! — намуртено изговори Григориј, нагласувајќи го секој збор.

— Тој се осмели да го удри и татка си, не само тебе! — забележа Иван Фјодорович, искривувајќи си ја устата.

— Јас сум го бањал во корито... а тој се осмели на мене да крене рака! — повторуваше Григориј.

— По ѓаволите, да не го задржев, тој богами и ќе го убиеше. Зарем на Езоп му треба многу? — прошепоти Иван Фјодорович.

— Бог да чува! — викна Аљоша.

— А зошто „да чува“? — со истиот шепот продолжуваше Иван злобно искривувајќи го лицето. — Еден гад ќе изеде друг гад — и на двајцата така им треба.

Аљоша се растрепери.

— Јас, се разбира, нема да дозволам да се изврши убиство, како што не дозволив ни сега. Остани овде, Аљоша, јас ќе излезам да прошетам по дворот, фати да ме боли главата.

Аљоша отиде во спалната на татка си, и остана крај неговото зглавје, зад завесите, речиси еден час. Старецот наеднаш си ги отвори очите и долго време

молкома гледаше во Аљоша, очигледно сеќавајќи се и размислувајќи. Наеднаш некаква необична возбуда се покажа на неговото лице.

— Аљоша — шепотеше тој претпазливо — а каде е Иван?

— Во дворот, го боли главата. Тој нè чува.

— Подај ми го огледалцено, ене го онаму.

Аљоша му го даде малото тркалесто огледалце што се расклопуваше а кое стоеше на орманот. Старецот се погледна во него: носот доста му беше потечен, а на челото, над левата веѓа големка темноцрвена модринка.

— Што вели Иван? Аљоша мил, единствен сине мој; јас се плашам од Ивана, јас од Ивана се плашам повеќе отколку од оној. Само од тебе не се плашам . . .

— Не плашете се ни од Ивана, Иван се лути, но тој ќе ве одбрани.

— Аљоша, а оној? Отрча кај Грушенка! Мил ангелу, кажи ја вистината: дали овде пред малку беше Грушенка?

— Никој не ја виде. Тоа е измама, не беше овде!

— А Митја сака да се ожени со неа, да се ожени!

— Таа за него нема да појде.

— Нема да појде, нема да појде, нема да појде, нема да појде, никако нема да појде! . . . — радосно светна старецот, како никој ништо попријатно да не можеше да му каже во тој момент. Во таа радост тој ја зграпчи раката на Аљоша и цврсто ја доближи до срцето. Дури и солзи му светнаа во очите. — А иконче на господовата мајка, таа за која расправав пред малку, земи го кај тебе, однеси го со тебе. Ти дозволувам да се вратиш во манастирот . . . Пред малку се шегував. Не лути се. Ме боли главата, Аљоша . . . Љоша, ублажи ми го срцево, биди ми ангел, кажи ја вистината!

— Вие непрестајно за тоа; дали беше, или не беше? — тажно проговори Аљоша.

— Не, не, не, тебе ти верувам, туку еве што е: оди кај Грушенка самиот ти, или пак со неа некако најди се; испрашај ја што побргу, колку што може побргу,

погоди самиот со твоето око на кого му е наклонета — мене или нему? А? Што велиш? Можеш ли да го направиш тоа?

— Ако ја видам, ќе ја прашам — промрмори Аљоша збунето.

— Но таа тебе нема да ти каже — го прекина старецот. — Таа е стоглав ѓавол. Таа ќе почне да те бацува, и ќе ти рече дека сака да појде за тебе. Таа е лажга, таа е бесрамна, не, ти не смееш да одиш кај неа, не смееш.

— А не би ни било убаво, татко, никако не би било убаво. —

— Каде те испраќаше оној пред малку? Ти викаше: „Оди“ кога побегна?

— Ме праќаше кај Катарина Ивановна.

— По пари? Да бараш пари?

— Не, не, по пари.

— Тој нема пари, ни скршена пара. Слушај, Аљоша, јас ќе ја прележам оваа ноќ, па ќе размислам; а ти сега оди си. Можеби ќе ја сретнеш и неа... Само намини кај мене сигурно утре изутрина; сигурно. Утре имам да ти кажам еден збор; дали ќе наминеш?

— Ќе наминам.

— Ако дојде, направи се како да си дошол сам — божем во посета. Не кажувај му никому дека јас те викнав. На Ивана не кажувај му ни збор.

— Добро.

— Збогум, ангеле, пред малку ме бранеше, тоа никогаш нема да ти го заборавам. Утре јас ќе ти кажам еден збор... само треба да размислам.

— А како се чувствувате сега?

— Утре, утре ќе станам, и ќе одам, сосем здрав, сосем здрав, сосем здрав!...

Поминувајќи низ дворот, Аљоша го најде брата си Ивана на една клупа крај вратата: овој седеше и пишуваше нешто со молив во својот нотес. Аљоша му соопшти на Ивана дека старецот се разбудил и дека е дојден на себе, а дека него го пуштил да оди да преспие в манастир.

— Аљоша, јас многу би сакал да се состанам со тебе изутрина — љубезно проговори Иван, потстанувајќи малку од клупата, што за Аљоша беше сосем неочекувана љубезност.

— Утре јас ќе бидам кај Хохлакова — одговори Аљоша. — А можеби ќе бидам и кај Катарина Ивановна, ако сега не ја најдам дома...

— А сега, сепак, одиш кај Катарина Ивановна? За да ја „Поздравиш и да ѝ се поклониш“? — се насмевна наеднаш Иван.

Аљоша се збуни.

— Јас, мислам, сè сфатив од денешните извици, и по нешто од поранешните. Дмитриј сигурно те молел да одиш кај неа и да ѝ речеш, да тој... но... со еден збор — дека ја „поздравува“?

— Брате! Со што ќе заврши сета таа страшна работа помеѓу татета и Дмитрија? — викна Аљоша.

— Тешко е да се погоди тоа. Можеби и со ништо: ќе легне работата. Таа жена е sвер. Во секој случај, старецот треба да се држи дома, а Дмитриј да не се пушта во куќата.

— Брате, дозволи уште да те прашам: зарем навистина секој човек има право гледајќи ги другите луѓе да суди кој заслужува да живее, а кој не заслужува?

— Зошто тука да се меша пресудувањето според заслугата? Тоа прашање најчесто се решава во човечките срца, не врз основа на заслугите, туку од други причини, многу поприродни. А колку до правото, кој нема право да сака?

— Зарем смрт на друг?

— Па и смрт? Зошто да се лажеме себеси, кога сите луѓе тешко живеат, а веројатно и не можат поинаку да живеат. За ова прашуваш поради зборовите од пред малку: „Дека едниот гад ќе го изеде другиот!“ Дозволи овој пат и јас да те прашам тебе: сметаш ли ти дека и јас како Дмитриј, сум кадар да ја пролеам крвта на Езоп, да го убијам, а?

— Што зборуваш, Иване? Тоа никогаш не ми паднало на ум! Па јас ни Дмитриј не го сметам...

— Ти благодарам, макар и на тоа — се насмевна Иван. — Знај дека јас секогаш ќе го бранам. Но, во моите желби во оваа работа си оставам себеси целосна слобода. Догледање, до утре. Не осудувај ме, и не гледај ме како злосторник — додаде тој со насмевка.

Тие цврсто си ги стегнаа рацете, како никогаш дотогаш. Аљоша почувствува дека брат му прв зачекорил накај него и дека тоа го сторил поради нешто — бездруго со некаква намера.

X

Обете заедно

Аљоша излезе од татковата куќа скршен и потиштен, уште повеќе отколку кога доаѓаше кај татка си. И умот му беше како здробен и скршен, а воедно чувствуваше и како се плаши да го спои скршеното, и да ја најде општата смисла на сите мачни противречности што ги доживеа тој ден. Тоа се граничеше речиси со очај, какво нешто никогаш немало во срцето на Аљоша. Над сето тоа стоеше како некаква планина главното, судбоносно и нерешливо прашање: како ќе заврши работата помеѓу татка му и брат му Дмитриј со таа страшна жена? Сега веќе и самиот тој беше сведок. И самиот тука присуствуваше и ги виде еден до друг. Впрочем, несреќен, наполно и многу несреќен, можеше да биде само брат му Дмитриј: него го демнеше несомнена несреќа. Се најдоа и други луѓе, што ги засегнуваше тоа, и тоа можеби многу повеќе, отколку што можеше да му се чини на Аљоша. Излезе нешто сосем загадочно. Брат му Иван прв направи чекор, што толку одамна го сакаше Аљоша; но, ете, тој сега поради нешто чувствува дека го уплашил тој чекор на зближување. А жените? Чудно нешто: пред малку тој отиде кај Катарина Ивановна необично збунет, а сега не чувствуваше ништо од тоа; напротив, брзаше за кај неа, како да очекуваше дека таа нешто ќе му објасни. Меѓутоа, очигледно сега беше потешко

да ѝ ја соопшти пораката отколку порано: работата со трите илјади најпосле беше решена, брат му Дмитриј, откога почувствува дека е нечесен и без никаква надеж, се разбира, нема да се запре пред никакво паѓање. Освен тоа, уште му рече да ѝ ја раскаже на Катарина Ивановна и сцената што се одигра пред малку.

Веќе беше седум часот и се стемнуваше кога Аљоша влезе кај Катарина Ивановна, што живееше во една многу широка и удобна куќа во Големата улица. Аљоша знаеше дека таа тука живее со две тетки. Едната од нив, впрочем, ѝ беше тетка само на нејзината сестра Агафја Ивановна; тоа беше онаа нема личност во куќата на нејзиниот татко, што таму ја двореше заедно со сестрата кога таа им беше дојдена од девојчинскиот воспитен завод. Другата тетка пак беше отмена и достоинствена московска госпоѓа, иако од сиромашните. Се зборуваше дека тие две во сè ѝ се потчиниле на Катерина Ивановна ,и кај неа се наоѓале само од општествени обѕири. А Катерина Ивановна ѝ се потчинуваше само на својата добротворка, генералицата, што остана во Москва поради болест, и на која таа ѝ беше должна да ѝ испраќа секоја недела по две писма со подробни извештаи за себе.

Кога Аљоша влезе во претсобјето и ја замоли собарицата која му ја отвори вратата, да го пријави, во салата очигледно веќе се знаеше за неговото доаѓање (можеби го забележале низ прозорецот), но сепак Аљоша слушна некаков шум, се слушнаа нечии забрзани женски чекори, шушкање на фустани; истрчаа, можеби, две или три жени. На Аљоша му се стори чудно дека тој можеше да предизвика таква возбуда со своето доаѓање. Но сепак веднаш го воведоа во салата. Тоа беше голема соба, сета исполнета со елегантен мебел, ни оддалеку не малограѓански. Тука имаше многу канабиња и шевлонзи, каучи, големи и мали маси, имаше слики на ѕидовите, вазни, и лампи на масите, имаше многу цвеќиња, дури и аквариум, кај прозорецот. Поради квечерината, во собата беше малку темно. Аљоша забележи на канабето, на кое очигледно до пред малку некој седел, фрлена свилена наметка, а на масата, пред канабето, две испразнети фил-

џанчиња чоколада, бисквит, едно кристално чиниче со црно грозје и друго со бомбони. Некого го честеле. Аљоша се сети дека наишол на гости, и се намурти. Но во тој миг се дигна завесата и со брзи чекори влезе Катарина Ивановна, подавајќи му ги обете раце на Аљоша, со радосна, восхитувачка насмевка. Во истиот миг слугинката внесе и ги стави на масата две запалени свеќи.

— Фала му на бога, одвај еднаш и вие! Цел ден се молев на господа да дојдете! Седнете.

Убавината на Катарина Ивановна и порано го изненади Аљоша, кога брат му Дмитриј, пред едно три недели, го доведе кај неа првпат, за да го претстави и запознае, по сопствената извонредна желба на Катарина Ивановна. Но тогаш не дојде до некој разговор помеѓу нив. Сметајќи дека Аљоша многу е збунет, Катарина Ивановна просто го штедеше и за сето време тогаш разговараше со Дмитриј Фјодорович. Аљоша молчеше, но многу нешта добро слушна. Него го изненади властољубивоста, горделивата слобода, самоувереноста на оваа горда девојка. И сето тоа беше несомнено; Аљоша чувствуваше дека не претерува. Тој најде дека нејзините големи црни пламени очи се прекрасни, и дека многу добро му одговараат на нејзиното бледо, дури малку бледожолто долгнавесто лице. Но во тие очи, исто како и во обликот на прекрасните усни, имаше нешто во кое, се разбира, неговиот брат можеше многу да се заљуби, но кое можеби, не можеше многу да се сака. Тој речиси отворено ја искажа својата мисла пред Дмитриј, кога овој по посетата инсистираше молејќи го да не скрие каков впечаток стекнал кога ја видел неговата свршеница.

— Можеби ќе бидеш среќен со неа, но, можеби... неспокојно среќен.

— Да, да, брате, таквите останууваат исти, тие не се поведуваат по својата судбина. Ти, значи, мислиш дека јас нема вечно да ја сакам.

— Не, можеби и ќе ја сакаш вечно, но можеби нема со неа да бидеш вечно среќен...

Аљоша тогаш го искажа своето мислење, црвенејќи и лутејќи се себеси, што попуштајќи пред молбите

на братот, изрекол такви „глупави мисли". Затоа што и нему неговото мислење му се стори многу глупаво, штом го искажа. А и му беше срам толку решително да изразува мислење за жена. Поради тоа тој со поголема збунетост почувствува сега, при првиот поглед на Катарина Ивановна, која му истрча во пресрет, дека тогаш, можеби, многу се излагал. Овојпат на нејзиното лице блестеше природна простодушна добрина, отворена и топла искреност. Од сите поранешни „гордости и надмености", што тогаш многу го изненадија Аљоша, сега се забележуваше само смела, благородна енергија, и некаква ведра, силна вера за себеси. Аљоша сфати по првиот поглед, по првите зборови, дека сета трагичност на нејзината положба во однос на толку саканиот човек, за неа ни најмалку не е тајна, дека таа можеби веќе знае сè, сосем сè. Па сепак, и покрај сето тоа, нејзиното лице зрачеше толкава светлина, толкава вера за иднината. Аљоша наеднаш пред неа се почувствува сериозно и свесно виновен. Тој беше победен и одеднаш придобиен. Освен сето тоа, тој забележа од првите нејзини зборови, дека таа е во некаква силна возбуда, за неа можеби необична возбуда, што прилега на некакво восхитување.

— Јас ве чекав толку затоа што само од вас можам да ја дознам сета вистина — од никого друг.

— Јас дојдов... — промрмори Аљоша збунето — јас... тој ме испрати...

— А, тој ве испрати, па тоа и го очекував. Сега сè знам, сè! — викна Катерина Ивановна со очи што блеснаа наеднаш. — Чекајте, Алексеј Фјодорович, јас однапред ќе ви кажам зошто ве очекував толку. Гледате ли, јас можеби знам многу повеќе од вас; мене не ми требаат известувања од вас. Еве што ми е потребно од вас: мене ми е потребно да го знам вашиот сопствен, личен, последен впечаток за него; мене ми е потребно да ми раскажете во најнепосреден, во неразубавен, дури во груб, (о, колку што сакате груб) облик — како гледате вие во овој момент на него и на неговата положба, по својот денешен состанок со него? Тоа можеби ќе биде подобро отколку да се објаснувам со него, кој веќе нема да доаѓа кај мене. Дали сфативте што сакам од

вас? А сега, со што ве испрати кај мене (а јас и знаев дека ќе ве испрати!) — зборувајте просто, кажете го последниот збор!...

— Тој ми нареди да ве... поздравам, и дека повеќе никогаш нема да дојде... Но, да ве поздравам.

— Да ме поздравите? Токму така ли рече, токму така ли се изрази?

— Да.

— Набрзина, можеби случајно не можел да погоди друг збор, не го употребил оној збор што требало?

— Не, тој посебно рече да ви го кажам тој збор: „поздрав". Ме молеше трипати, да не заборавам да го кажам.

Катарина Ивановна пламна.

— Помогнете ми сега, Алексеј Фјодорович, токму сега ми е потребна вашата помош: јас ќе ви ја кажам мислата, а вие само одговорете на неа, дали е така како што мислм, или не е! Слушајте: ако тој рекол така патем да ме поздравите, не барајќи да го пренесете неговиот збор, не истакнувајќи го зборот, тогаш тоа би било сè. Тоа би било крај! Но, ако посебно сакал да го кажете тој збор, ако посебно ви наложувал да не заборавите да ми го испорачате тој поздрав — тогаш морал да биде возбуден, можеби надвор од себеси? Се решил, и се уплашил од својата одлука. Не си отиде од кај мене, со цврсти чекори, туку летна проудолу. Посебното истакнување на тие зборови може да значи само пркос.

— Така, така! — пламено потврди Аљоша — и мене сега ми се чини дека е така.

— А ако е така, тогаш уште не е пропаднат! Тој е само во очај, но јас уште можам да го спасам. Чекајте, дали тој ви зборуваше нешто за пари, за три илјади?

— Не само што зборуваше, туку тоа можеби најмногу го убиваше. Тој ми велеше дека сега е лишен од честа, и дека сега му е сеедно — запалено одговори Аљоша, чувствувајќи со сето свое срце, како неговото срце се исполнува со надеж, и дека можеби навистина има излез и спас за неговиот брат.

— Па зарем вие . . . знаете за тие пари? — додаде тој, и наеднаш прекина.

— Одамна знам — и знам со сигурност. Јас во Москва прашав телеграфски, и одамна знам дека парите не се применили. Тој парите не ги испратил, но јас молчев. Последните недели дознав дека му биле потребни уште пари . . . Јас во сето тоа имав само една цел: тој да знае кому да му се врати и кој му е најсигурен пријател. Не, тој не сака да верува дека јас сум му најсигурен пријател, не сакаше да ме запознае, тој во мене гледа само жена. Мене цела недела ме мачеше страшна грижа: како да уредам тој да се засрами пред мене дека ги потрошил трите илјади? Тоест, нека се срами пред сите, и пред себеси, но нека не се срами од мене. Зашто на бога тој му кажува сè, без да се срами. Зошто тој досега да не знае колку можам јас да поднесам за него? Зошто, зошто не сака да знае за мене, како смее да не знае по сè што се случи? Јас сакам да го спасам засекогаш. Нека ме заборави како своја свршеница! А, ете, тој се плаши пред мене за својата чест! Зошто Алексеју Фјодорович, не се плашел да ви се довери вам, зошто досега јас да не го заслужам истото тоа?

Последните зборови таа ги изговори со солзи; солзи ѝ бликнаа од очите.

— Јас морам да ви соопштам — рече Аљоша, исто така, со треперлив глас — што се случи сега помеѓу него и татко ми.

И — ја раскажа сета сцена, раскажа како бил испратен по пари, како тој влегол во куќата, го истепал татко си, и потоа особено и енергично уште еднаш му потврдил нему, на Аљоша, да оди, да ја „поздрави“ . . . — тој отиде кај онаа жена . . . — тивко додаде Аљоша.

— А зарем вие мислите дека јас таа жена не ќе можам да ја поднесам? Тој мисли дека јас нема да ја поднесам? Зашто тој за неа нема да се ожени — се насмеа таа наеднаш нервозно — зарем Карамазов може вечно да гори со таква страст? Тоа е страст, а не љубов. Тој нема да ја земе неа, затоа што таа нема да појде за него . . .

Пак, наеднаш, чудно се насмеа Катарина Ивановна.

— Тој можеби и ќе се ожени со неа — тажно проговори Аљоша, спуштајќи го погледот.

— Нема да ја земе, ви велам! Таа девојка — е ангел, го знаете ли вие тоа? Го знаете ли вие тоа? — викна наеднаш со необичен жар Катарина Ивановна. — Таа е најфантастичното од сите фантастични суштества! Јас знам колку е занесна, но знам и колку е добра, постојана и благородна. Зошто ме гледате така, Алексеј Фјодорович, вие можеби се чудите поради моите зборови, вие можеби не ми верувате? Аграфена Александровна, ангеле мој! — викна таа наеднаш кон некого, гледајќи во другата соба — дојдете кај нас, овој човек е мил, овде е Аљоша, тој ги знае сите работи, појавете се пред него.

— Јас само тоа и го чекав зад завесата, да ме викнете — се слушна нежен, донекаде дури и сладникав женски глас.

Се растргна завесата и... Грушенка смеејќи се и радувајќи се дојде до масата. Во Аљоша како нешто да се преврти. Неговиот поглед се закова за неа, не можеше да ги тргне очите од неа. Еве ја таа ужасна жена — „звер", како што пред половина час му се откина на брат му Ивана. Па, сепак, пред него стоеше, би рекол човек, навидум најобично и најпросто суштество — добра, мила жена, вистина убава, но толку слична на сите други убави, но „обични" жени! Вистина, таа беше убава, руска убавина, која мнозина толку страсно ја сакаат. Таа беше доста висока жена, но сепак малку пониска од Катарина Ивановна (оваа веќе имаше сосем висока става) — полна, со меки, речиси, нечујни движења на телото, кои небаре, исто така, беа разнежени, до некаква посебна сладникавост, како и гласот. Таа пристапи, не како Катарина Ивановна — со цврст, сигурен чекор, туку напротив, тивко. Нејзината нога, по подот никако не се слушаше. Меко се спушти во фотелјата, меко шушкајќи со својот раскошен, црн свилен фустан, и нежно покривајќи го својот бел како пена полн врат и широките раменици со скапоцен, црн, волнен шал.

Имаше дваесет и две години, и лицето ѝ ги искажуваше токму тие години. Многу бела во лицето, со многу бледо црвеникава сенка од руменило. Овалот на нејзиното лице беше некако премногу широк, а долната вилица малкуцка издадена. Горната усна танка, а долната, двојно пополна и како надуена. Но прекрасната, бујна, темно костенлива коса, црните веѓи како самур, и прекрасните сивосини очи, со долги трепки — бездруго би го натерале и најрамнодушниот и најрасеаниот човек, каде и да било, во група, на прошетка, во мешаница, наеднаш да застане пред ова лице и да го запамети за долго време. Аљоша остана вчудовиден од детскиот, простодушен израз на тоа лице. Таа гледаше како дете, се радуваше на нешто како дете. А и до масата се доближи „радувајќи се“ и небаре во овој миг нешто очекувајќи со најдетска нестрпливост и доверливо љубопитство. Нејзиниот поглед ја развеселуваше душата. Аљоша го почувствува тоа. На неа имаше уште нешто, за кое тој не би можел или не би умеел да биде свесен, зашто можеби му се прикажа несвесно, а тоа беше таа мекост, нежноста на телесните движења, таа мачкина нечујност на движењето. А покрај сето тоа, тоа беше силно, бујно тело. Под шалот се покажуваа широките полни раменици, високите, уште сосем младешки гради. Тоа тело можеби ветуваше облици на Венера Милоска, иако бездруго и сега донекаде во засилена сразмера — тоа се претчувствуваше. Познавачите на руската женска убавина би можеле непогрешливо да претскажат, гледајќи ја Грушенка, дека таа свежа уште младешка убавина, околу триесеттата година ќе ја изгуби хармонијата, дека ќе се олабави, околу очите и на челото многу бргу ќе се појават брчки, лицето ќе огруби, дури можеби и ќе поцрвени — со еден збор, тоа беше убивина на момент, преодна убавина, која толку често се среќава токму кај руската жена. Аљоша, се разбира, не мислеше за тоа, но, иако маѓепсан, тој со некакво непријатно чувство, и речиси жалејќи, се прашуваше себеси: зошто така го влечка говорот, и зошто не може да зборува природно? Очигледно таа го правеше тоа наоѓајќи некаква убавина во влечкањето и во зголеменото сладникаво потенцирање

на слоговите и звуковите. Се разбира, тоа беше само лоша навика, лош тон, што сведочеше за недоволното воспитување, за лошо усвоеното сфаќање за пристојноста од детството. Па, сепак, изговорот и интонацијата на зборовите му изгледаа на Аљоша како некаква речиси невозможна противречност на овој детски простодушен и радосен израз на лицето, на овој тивок, како на дете среќен блесок на очите! Катарина Ивановна веднаш ја седна на фотељата спроти Аљоша, и со восхит неколкупати ја баци во насмеаните уснички. Таа како да беше заљубена во неа.

— Ние две сега првпат се гледаме, Алексеј Фјодорович — проговори Катерина Ивановна, сета занесена; — Јас посакав да ја запознам, да ја видам, сакав да одам кај неа, но таа самата дојде, штом дозна за мојата желба. Со сигурност знаев дека јас и таа ќе решиме сè! Така ми претчувствуваше срцево... Мене ме молеа да се откажам од тој чекор, но претчувствував каков ќе биде крајот и не се излажав. Грушенка ми разјасни сè. Сите свои намери; таа, како добар ангел, се спушти ваму и донесе мир и радост...

— Не ме замразивте, мила, чесна госпоѓице — го завлечка говорот Грушенка, како да пее, сè уште со истиот оној мил, радосен насмев.

— Да не слушнам од вас веќе такви зборови, маѓепснице, волшебнице! Зарем вас да ве презирам! Еве, сега вашата долна усничка ќе ја бацам уште еднаш. Таа како да ви е малку отечена. Е, па еве, нека отече уште повеќе, и уште, и уште... Погледајте ја, како се смее, Алексеј Фјодорович, ти се радува срцето кога гледаш ваков ангел.

Аљоша црвенееше и го обземаше незабележлива треперливост.

— Галете ме, мила госпоѓице, а јас можеби воопшто не ја заслужувам вашата љубов.

— Не ја заслужуваш! Зарем таа да не го заслужува тоа! — викна Катерина Ивановна, пак со истата топлина; — Знајте, Алексеј Фјодорович, дека ние сме фантастична главичка, дека ние сме самоволно, гордо, прегордо срцуленце! Ние сме благородни, Алексеј Фјо-

дорович, ние сме великодушни, го знаете ли вие тоа? Ние сме само несреќни. Ние премногу брзо бевме готови да му принесеме секаква жртва можеби на недостоен или лесномислен човек. Имаше еднаш еден, исто така, офицер, па го засакавме, сè му жртвувавме, тоа беше одамна, пред едно пет години, а тој не заборави, и се ожени. Сега останал вдовец, ни пиша, — доаѓа ваму — и знајте дека ние само него, само него го сакаме досега, и сме го сакале целиот живот! Тој ќе дојде, и Грушенка пак ќе биде среќна; а сиве овие пет години таа беше несреќна. Но кој може нејзе да ѝ префрли, кој може да се пофали со нејзината наклоност. Само тој, фатениот старец, трговецот, — но тој побргу ни беше татко, ни беше пријател, заштитник. — Тој тогаш не најде во очај, во маки, оставени од оној кого ние толку го сакавме . . . Па таа тогаш сакаше да се удави, и старецот ја спаси, ја спаси!

— Премногу ме браните, мила госпоѓице, и премногу претерувате во сè, — пак завлечка Грушенка.

— Ве бранам? Зарем ние да браниме, па зарем смееме уште ние тука да браниме? Грушенка, ангеле, дајте ми го вашето раче; погледајте го ова полничко, мало, прекрасно раче, Алексеј Фјодорович; го гледате ли, тоа мене ми донесе среќа и ме воскресна, а, еве, јас сега ќе го бацам, и одозгора, и во дланката, еве, еве, и еве! — и таа трипати како во занес, ја баци навистина прекрасната, можеби премногу полничката рачичка на Грушенка. Оваа пак, подавајќи ѝ ја таа рачичка, со нервозен sвонлив, заносен смев ја посматраше „милата госпоѓица“, и очигледно ѝ беше пријатно дека ѝ ја бацува нејзината рачичка.

„Можеби веќе има премногу восхитување?“ — му мина на Аљоша низ главата. Тој поцрвени. Срцето му беше некако многу неспокојно.

— Вие, мила госпоѓице, нема да ме посрамите, што мојата рачичка така ја бацувавте пред Алексеј Фјодорович.

— Па зарем јас сакав со тоа да ве посрамам? — рече малку зачудено Катерина Ивановна, — ах, мила моја, колку лошо ме сфативте.

— А и вие можеби сосем погрешно ме сфаќате мене, мила госпоѓице; јас сум можеби многу полоша, отколку што ви изгледам вам. Јас во срцево сум лоша, јас сум ќудлива! Јас кутриот Дмитриј Фјодорович го освоив само на шега.

— Но, еве, вие сега и го спасувате. Вие дадовте збор. Вие ќе му го дотерате умот, вие ќе му откриете дека одамна веќе сакате друг, што сега ви ја нуди својата рака...

— Ах, не, јас не ви дадов таков збор. Сето тоа вие ми го зборувавте мене, а јас не дадов збор.

— Јас, значи, не сум ве разбрала како што треба — тивко и малкуцка побледнувајќи рече Катерина Ивановна. — Вие ветивте...

— Ах, не, ангеле госпоѓице, јас вам ништо не ви ветив — ја прекина Грушенка тивко и мирно, пак со ист весел и невин израз.

— Ете, сега се гледа, чесна госпоѓице, колку сум пред вас лоша и самоволна. Го правам тоа што ќе ми се присака. Пред малку можеби нешто и ветив, а сега, пак, еве, мислам: а што ќе правам, ако тој мене наеднаш пак ми се допадне, истиот Митја — зашто еднаш веќе многу ми се беше допаднал, речиси цел час ми се допаѓаше. И јас, ете, можеби уште сега ќе одам да му кажам од денеска да остане кај мене... Ете, колку сум непостојана.

— Пред малку велевте... сосем друго... — одвај прошепоти Катерина Ивановна.

— Ах, пред малку! А јас сум ви, по срцето, нежна, глупава. Само кога ќе помислам што истрпи тој поради мене! И ете, јас доаѓам дома, па одеднаш ми станува жал за него — што ќе правиме тогаш?

— Јас не се надевав...

— Ех, госпоѓице, колку сте вие добра и благородна во споредба со мене. Вие, мене, ваква будала, сега ќе престанете да ме сакате, поради мојата нарав. Дајте ми ја вашата мила рачичка, ангеле госпоѓице — нежно замоли таа, и како со некакво страхопочитување ја зеде раката на Катерина Ивановна. — Ете, гледате, јас сега ќе ја земам вашата рачичка, па исто така, како и вие мене, ќе ја бацувам. Вие ме бацивте трипати, а

би требало јас триста пати вас да ве избацам за тоа, за да ја намириме сметката. Па нека биде така, госпоѓице, а после како што ќе рече господ; јас можеби ќе ви бидам последната слугинка, и ќе посакам ропски да ве служам. Како што ќе рече господ. Нека биде така. Без секакви договори, и ветувања меѓу нас. Рачето, колку ви е мило рачето. Мила госпоѓице, убавице моја невидена!

Таа полека го допре тоа раче до своите усни, вистина, со чудна намера: „за да ги намири сметките“ — со бакнежи. Катарина Ивановна не си ја тргна раката: таа со несигурна надеж го ислуша последното, навистина чудно искажано ветување на Грушенка, дека „ропски“ ќе ѝ служи; таа ѝ гледаше во очите без да трепне: во нејзините очи, постојано гледаше, еден и ист простодушен, доверлив израз, иста ведра веселост... „Таа можеби, премногу е наивна!“ ѝ светна еден зрак на надеж во срцето на Катарина Ивановна. Грушенка, меѓутоа, како во некакво одушевување од „милата рачичка“, полека ја подигаше кон своите усни. Но, кај самите усни, наеднаш, ја задржа рачичката за два, за три мига, како да размислува за нешто.

— А знаете ли што, ангелска госпоѓице — го завлечка таа наеднаш, своето најнежно и најсладникаво гласче — знаете ли што: како би било јас вашата рака воопшто да не ја бацувам — ѝ се засмеа со ситна, многу весела смеа

— Како што сакате... Што ви е вам? — затрепери наеднаш Катарина Ивановна.

— Па така, нека ви остане како спомен дека вие мене раката ми ја бацивте, а јас вам не. — Нешто наеднаш ѝ блесна во очите. Таа страшно упорно гледаше во Катарина Ивановна.

— Безобразнице — рече наеднаш Катарина Ивановна, и небаре сфаќајќи нешто пак пламна, и скокна од место.

Полека стана и Грушенка.

— Јас сега ќе му раскажам и на Митја дека вие ми ја бацивте раката, а јас вам не. Господи, колку ќе се смее тој!

— Надвор, небиднице!

— Ах, срамота, госпоѓице, ах, каква срамота! Вам не ви прилега тоа, такви зборови, мила госпоѓице.

— Надвор, уличнице! — викна Катерина Ивановна. Секоја црта трепереше на нејзиното сосем осакатено лице.

— Ете, сега и уличница. Па вие како девојка на кавалерите за пари во темница им доаѓавте, им ја носевте вашата убавина за продавање, го знам јас тоа!

Катарина Ивановна викна и веќе се спушти по неа, но со сета сила ја задржа Аљоша.

— Ни чекор, ни збор! Не зборувајте, не одговарајте ништо, таа ќе си оди, веднаш ќе си оди!

Во тој момент, поради викањето, во собата дотрчаа обете роднини на Катарина Ивановна, дотрча и собарицата. Сите се спуштија кон неа.

— И ќе си одам — проговори Грушенка, земајќи си ја наметката од канабето. — Аљоша, мили мој, испрати ме!

— Одете си, одете си што побргу! — молежливо ги склопи пред неа своите раце Аљоша.

— Мили Аљоша, испрати ме! Па патем ќе ти кажам едно убаво — убаво зборче! Аљошенка, таа сцена ја изведов заради тебе. Испрати ме, глупаче, после ќе ти се допадне.

Аљоша се сврти, кршејќи си ги прстите. Грушенка, гласно смеејќи се, истрча од куќата.

Катарина Ивановна наеднаш доби напад. Таа лелекаше, не можеше да дише, се гушеше. Сите околу неа се растрчаа.

— Јас однапред ви велев — ѝ рече постарата сестра — ве задржував од тој чекор... Вие сте премногу брза... Зарем имаше смисла да се решиш на таков чекор! Вие не ги знаете тие пропаднати жени, а за оваа велат дека е полоша од сите... Не, вие сте премногу ќудлива!

— Таа е тигар! — викаше Катарина Ивановна. — Зошто ме задржавте, Алексеј Фјодорович, јас ќе ја измавав, ќе ја измавав.

Таа не беше во состојба да се воздржи пред Аљоша, а можеби и не сакаше да се воздржува.

— Неа треба со камшик, на губилиште, со џелат, пред целиот свет . . .

Аљоша отстапи пред вратата.

— Но, господи! — викна наеднаш Катарина Ивановна, плеснувајќи со рацете, — а тој! Зарем можеше да биде толку нечесен, толку нечовечен! Тој, значи, ѝ раскажал на таа пропадната жена, што се случи тогаш, во тој несреќен, вечно проклет, проклет ден! „Доаѓавте да ја продавате вашата убавина, мила госпоѓице"! Таа знае! Вашиот брат е подлец, Алексеј Фјодорович.

Аљоша сакаше нешто да каже, но не можеше да изусти ниеден збор. Срцето болно му се стегаше.

— Одете си, Алексеј Фјодорович! Мене ми е срам, мене ми е ужасно! Утре . . . на колена ве молам, дојдете утре. Немојте да ме осудите, простете, јас уште не знам што ќе направам со себеси.

Аљоша излезе на улица тетеравејќи се. И тој сакаше да плаче, како неа. Наеднаш го стигна слугинката.

— Госпоѓицата заборави да ви го предаде ова писменце од госпоѓата Хохлакова, стои кај неа уште од претпладнето.

Аљоша механички го прими малото црвеникаво пликче, и го пикна в џеб речиси несвесно.

XI

Уште еден изгубен углед

Од градот до манастирот немаше повеќе од една добра врста. Аљоша брзо го мина патот, што во тоа време беше сув. Веќе сосем беше стемнето, на триесет чекори не можеше да се распознаваат предметите. На половина пат раскрсница. На раскрсницата, од една осамена врба, се покажа некаква фигура. Само што стапи на раскрсницата, таа фигура скокна од местото, се нафрли на него и со избезумен глас викна:

— Парите или животот!

— Па тоа си ти, Митја! — се зачуди Аљоша, кој сепак силно се растрепери.

— Ха, ха, ха! Не ме очекуваше? Јас размислив каде да те пречекам! Пред нејзината куќа? Но, оттаму има три патишта, па би можел да те пропуштам. Па најпосле решив да те пречекам овде, зашто, си реков, овде секако мораш да минеш, — друг пат за манастирот нема. Но, кажи ја вистината, згази ме како лебарка, ама што ти е тебе?

— Ништо, брате... Така од страв. Ах, Дмитриј! Пред малку татковата крв (Аљоша заплака, тој одамна сакаше да заплаче, и сега наеднаш како нешто да му се откина во душата). — За малку што не го уби... Го проколни... А сега... Овде... правиш шеги... „Парите или животот...“

— Е, па што? Да не е непристојно? Не одговара ли на ситуацијата?

— Ама не... Јас така...

— Запри. Погледај ја ноќва: гледаш ли колку мрачна е ноќва, па облаци, и каков ветар се дигнал? Се скрив овде, под врбава, те чекав, и наеднаш си помислив (еве, ти се колнам!): а зошто уште да се маткам, зошто да чекам? Еве, тука ми е врбата, имам шамија, имам кошула, јаже за миг може да се врзе, тука се и прерамките, па — да не ѝ тежам веќе на земјава, да не ја срамотам со своето долно присуство! Кога — слушнувам идеш ти, — господе, како наеднаш нешто да ме осветли: та, ете, постои, реков, еден човек, кого и јас го сакам, и еве го, еве го тоа човече, милиот мој брат, кој го сакам, повеќе од секого на светов, кого единствено го сакам! И толку те имам засакано, толку во тој миг те засакав, што си помислив: да му се обесам на вратот? Но ми дојде глупава мисла: „Ајде да го развеселам, да го уплашам.“ Па така ти викнав, како будала: „Парите!“ Прости ми за будалштината — тоа е само лудост, а во душава и мене ми е доста... Најпосле, по ѓаволите, кажувај како е таму? Што рече таа? Строши ме, уништи ме, не штеди ме! Дали беше избезумена?

— Не, не е тоа . . . Таму се случи нешто сосем друго, Митја. Таму . . . јас пред малку таму ги најдов двете.

— Кои двете?

— Грушенка кај Катерина Ивановна.

Дмитриј Фјодорович, остана вчудовиден.

— Ама не е можно — викна тој — ти бладаш. Зарем Грушенка кај неа?

Аљоша раскажа за сè што му се случи од моментот кога дојде кај Катерина Ивановна. Тој раскажуваше десетина минути. Не би можело да се каже дека раскажувањето му беше течно и хармонично, но, изгледа соопштил јасно, сфаќајќи ги најглавните зборови, најглавните движења, и сликовито прикажувајќи ги, често само со една црта, своите сопствени чувства. Брат му Дмитриј го слушаше молчејќи, го гледаше вцашено, чудно здрвен, но на Аљоша му беше јасно дека тој веќе сè има сфатено, го има разбрано целиот случај. Лицето на Дмитриј, колку што напредуваше раскажувањето, стануваше сè помрачно, веќе речиси страшно. Тој си ги намурти веѓите, ги стисна забите, неговиот неподвижен поглед како да стана уште понеподвижен, поупорен, поужасен . . . И дотолку понеочекувано беше кога наеднаш со несфатлива брзина, вчас, негово лице, дотогаш гневно и свирепо, целото се измени, неговите стиснати усни се отворија, и Дмитриј Фјодорович наеднаш се засмеа со најискрена, најразвлечена смеа. Тој буквално се гушеше од смеа, долго време дури не можеше ни да зборува од смеа.

— И не ѝ ја баци раката! Убаво, не ѝ ја баци раката, и просто побегна! — викаше тој во некаков болен восхит! Во дрско восхитување, би можело, исто така, да се каже, дека тоа восхитување не беше многу природно. — Значи, таа викаше дека оваа е тигар. Ама тигар и е! Значи, треба да се носи на губилиште? Да, да, би требало, би требало, јас и самиот имам такво мислење дека треба, одамна треба! Гледаш ли, брате; макар и губилиште, но, пред тоа, треба да се оздрави. Ја сфаќам острицата на дрскоста, таа сета е тука, таа се изразила во тоа небацување на раката, инфернална жена! Таа е царица на сите инфернални жени, какви што

човек може само да замисли на светов! Своевидно воспитување! Таа, значи, со трчање отиде дома? Веднаш јас... Ах... ќе отрчам до неа! Аљошка, не обвинувај ме, зашто и јас признавам дека малку би ѝ било неа човек да ја удави...

— А Катарина Ивановна! — тажно викна Аљоша.

— И неа ја гледам сета, сосем и неа ја гледам, и ја гледам како некогаш! Тоа е цело откритие, четири страни на светот, тоест пет! Таков чекор! Тоа е истата онаа Катјенка, инстинтутката, која од великодушната идеја да го спаси татка си не се плашеше да дотрча кај слободен груб офицер, рескирајќи да биде страшно навредена! Но нашата гордост, но потребата да се рескира, но предизвикувањето на судбината, предизвикување до бесконечност! Ти велиш, тетка ѝ ја задржувала? Тетка ѝ, знаеш, и самата е самоволна, таа ѝ е родена сестра на московската генералица, таа уште повеќе го дигаше носот, но, нејзиниот маж го фатија како проневерил државни пари, па изгуби сè, и имотот и сè, и гордата сопруга одеднаш го спушти тонот и оттогаш веќе не се дигна. Таа ја задржуваше Катја, но оваа не ја послуша. „Јас сè можам да победам — вели — сè е под мојата власт; ако сакам и Грушенка ќе ја маѓепсам", — и— самата, значи, си веруваше, самата пред себе се правеше важна, па кој ѝ е виновен? Ти мислиш дека таа нарочно на Грушенка прва ѝ ја бацувала раката, поради некаква итра сплетка. Не, таа навистина се заљубила во Грушенка, тоест, не во Грушенка, туку пак во својата фантазија, во својата занесеност — затоа што е тоа м о ј а фантазија, — вели — м о е бладање! Гулапче мое, Аљоша, а како успеа ти од нив такви да се спасиш? Си ја крена мантијата и побегна? Ха, ха, ха!

— Брате, ти, веројатно, и не обрнуваш внимание на тоа, дека си ја навредил Катерина Ивановна, со тоа што си ѝ раскажал на Грушенка за тој ден, а таа веднаш пред очи ѝ фрли: „Вие, — вели — самата доаѓавте кај кавалери за кришум да ја продавате вашата убавина!" Брате, дали има поголема навреда од тоа? — Аљоша најмногу го мачеше мислата дека на брат му

како да му е мило понижувањето на Катарина Ивановна, а тоа, се разбира, не можеше да му биде.

— Уф! — наеднаш страшно се намурти Дмитриј Фјодорович и се тресна со дланката по челото. Тој дури сега сè сфати, иако Аљоша пред малку одеднаш сè раскажа, и навредата, и извикот на Катерина Ивановна: „Вашиот брат е подлец!“ Да, навистина, јас можеби навистина сум ѝ раскажал на Грушенка за оној „проклет ден“, како што вели Катја. Да, така е, и раскажав, се сеќавам! И тоа беше тогаш во Мокрое, а бев пијан, циганки пееја... Но јас тогаш липав, тогаш липав, и самиот, клечев и се молев пред ликот на Катја, и Грушенка го разбра тоа. Таа тогаш сè сфати, јас се сеќавам, таа и самата плачеше... Оф, по ѓаволите! А зар можело сега да биде поинаку? Тогаш плачеше, а сега! Сега „нож во срцето“! Така е кај жените.

Тој го наведна погледот и се замисли.

— Да, јас сум подлец! Несомнено подлец! — рече наеднаш со мрачен глас. — Сеедно, без обзир дали сум плачел или не, секако сум подлец! Речи таму дека го прифаќам тоа име, ако тоа може да ја утеши. Но, засега доста. Зошто да водиме празен разговор. Тука нема ништо пријатно. Ти по твојот пат, а јас по мојот. И не сакам веќе ни да се видиме, сè до некој последен момент. Збогум, Алексеј — тој цврсто му ја стисна раката на Аљоша, и, сè уште со наведнат поглед и не дигајќи ја главата, како да се откина од нешто, почна брзу да чекори кон градот. Аљоша гледаше по него, не верувајќи дека така наеднаш сосем си отиде.

— Стој, Алексеј, уште едно признание, само тебе! — се врати одненадеж Дмитриј Фјодорович. — Гледај во мене, добро гледај: гледаш ли, еве овде, еве овде, се подготвува страшна нискост (велејќи го тоа „еве овде“ Дмитриј Фјодорович се удираше со дланката по градите и тоа со толку чуден изглед како нискоста да лежеше и се чуваше токму тука, на неговите гради, или му висеше зашиена на вратот.) Ти веќе ме знаеш мене: јас сум подлец, признат подлец. Но знај дека што и да сум направил порано, сега, или отсега натаму — ништо, ништо по подлоста не може да се спореди со онаа нечесност што токму сега, токму во овој момент ја но-

сам еве овде на моиве гради, еве овде, овде; – со нечесноста што е во тек и што се врши и на која јас можам да ѝ се спротивставам и да ја спречам, можам да ја спречам, а можам и да ја извршам, запамети го тоа! И знај, значи, дека јас ќе ја извршам, а нема да ја спречам. Јас пред малку сè ти раскажав, а за тоа не ти раскажав, зашто дури и јас се срамам од тоа! Можам уште и да се воздржам; а воздржувајќи се, веднаш утре можам целата половина од загубената чест да ја вратам. Но нема да се воздржам, ќе ја извршам долната замисла, и, ете, ти биди однапред сведок дека јас уште однапред свесно ти го зборувам тоа! Гибел и мрак! Не вреди да се објаснува, ќе дознаеш кога ќе дојде време за тоа. Смрдливиот сокак и инфернална та жена! Збогум. Не моли се за мене, не заслужувам, а и не треба, воопшто не треба... Ни најмалку не ми треба тоа! По ѓаволите!...

И тој наеднаш се оддалечи, овојпат навистина. Аљоша тргна кон манастирот. „Како тоа: никогаш нема да го видам, што зборува тој?“ — се чудеше тој — „Не, уште утре бездруго ќе го видам и ќе го пронајдам, посебно ќе го пронајдам, — што ли зборува тој!...“

Тој го заобиколи манастирот и низ боровата шумичка отиде право во скитот, таму му ја отворија вратата, иако во таа доба веќе не пуштаа никого. Срцето му трепереше кога влезе во ќелијата на старецот: „Зошто, зошто излегуваше, зошто тој го испрати во светот? Овде е тишина, овде е свето, а таму е соблазнувањето, таму е мрак, во кој наеднаш ќе се изгубиш и ќе заскиташ“...

Во ќелијата беа искушеникот Порфириј и иеромонахот отец Паисиј, кој цел ден, секој час, доаѓаше да дознае нешто за здравјето на отец Зосима, на кого му стануваше сè полошо и полошо, како што со страв дозна Аљоша. Ни обичниот вечерен разговор со братијата овојпат не се одржа. Обично навечер, по службата секој ден пред спиење, манастирската братија се собираше во ќелијата на старецот, и секој наглас му ги исповедаше своите согрешенија во текот на денот, грешните мечтаења, мисли, искушенија, дури и меѓусебните

каранници, ако ги имаше. Некои се исповедаа клечејќи. Старецот ослободуваше, помилуваше, даваше упатства, наложуваше покајување, благословуваше и простуваше. И, ете, против тие братски „исповедувања“ стануваа противниците на старештвото, велејќи дека тоа е профанација на исповедта како света тајна, речиси богохулство, иако тоа беше нешто сосем друго. Пред епархиските власти нагласува дека таквите исповеди не само што не му служат на доброто, туку навистина и намерно наведуваат на грев и соблазнување. Наводно, на мнозина од братијата им било тешко да доаѓаат кај старецот, и доаѓале против волјата, затоа што доаѓале и другите, за да не ги сметале за горди и слободумни бунтовници. Се зборуваше дека некои од братијата, тргнувајќи за на вечерната исповед, меѓу себе се погодувале однапред: „Јас — велеле — ќе речам дека изутрината се налутив со тебе, а ти потврди“ — само за да имаат што да кажат, само за да го симнат од вратот и тоа. Аљоша знаеше дека понекогаш навистина и така се случуваше. Тој знаеше, исто така, дека меѓу братијата има такви кои многу се лутат што, по обичајот, дури и писмата од роднините што ги добиваа скитските монаси ги носеа најпрвин кај старецот за тој да ги отвори и прочита, пред примачот. Се претпоставуваше, се разбира, дека сето тоа треба да се врши слободно и искрено, од сè срце, во името на доброволната смиреност и спасоносната поука; но, всушност, како што можеше да се види, понекогаш тоа се случуваше и многу неискрено, напротив, извештачено и лажно. Но постарите и поискусните меѓу братијата остануваа на своето, образлагајќи дека „тој што влегол искрено меѓу видовите за да се спаси, за него сите тие искушенија и подвизи ќе бидат несомнено спасоносни, и ќе му донесат голема корист; а оние што ги сметаат за товар, па поради тоа негодуваат, тие, како да не се монаси, и само напразно дошле во манастирот, — ним, местото им е во светот. А од гревот и од ѓаволот не можеш да се зачуваш не само во светот, туку ни во храмот; значи, не треба да му се попушта на гревот“.

— Заслабнат е, го совладала сонливоста, — со шепот му соопшти на Аљоша отец Паисиј, благословувај-

ќи го. — Тешко можеш дури и да го разбудиш; но не треба ни да се буди. Се разбуди едно пет минути, молеше да ѝ се пренесе на братијата неговиот благослов, а братијата ја молеше да чита ноќни молитви за него. Утре има намера уште еднаш да се причести. Те споменуваше тебе, Алексеј, прашуваше дали си отишол. Му одговоривме дека си в град. „Затоа и го благословив: таму е неговото место, засега не му е овде“ — ете, што рече за тебе. Те споменуваше со љубов, со грижа. Сфаќаш ли со што си се удостоил? Само, зошто ти определил засега да бидеш некое време во светот? Тоа значи, тој предвидува нешто во твојата судбина! Сфати Алексеј, и ако се вратиш во светот тоа ќе значи искушение, што ти го наложува твојот старец, а не суетна лесномисленост и светска веселба . . .

Отец Паисиј излезе. Аљоша не се сомневаше во тоа дека старецот умира, иако можеше да живее и уште ден-два. Аљоша цврсто и пламено реши, и покрај ветувањето дека ќе се види со татка си, со Хохлакова, со брата си и со Катарина Ивановна, — утре никако да не излегува од манастирот, ами да остане покрај старецот до самото негово завршување. Во неговото срце пламна љубов, и тој горчливо се прекори себеси што можел макар и за момент таму во градот, да заборави кого оставил во манастирот на умирање, а кого го почитуваше повеќе од сите на светот. Тој отиде во собата каде што спиеше старецот, и му се поклони доземи на заспаниот. Тивко и неподвижно спиеше старецот, одвај дишејќи, рамномерно и речиси незабележливо. Лицето му беше спокојно.

Кога се врати во другата соба — во онаа во која изутрината старецот ги прими гостите, Аљоша, речиси, не слекувајќи се, и само со слечени чизми, легна на кожното, тврдо и тесно канабе, на кое спиеше секогаш, веќе одамна, секоја ноќ, донесувајќи си само перница. А душекот, за кој денеска му викаше татко му, тој одамна беше престанал да го става под себе. Само си ја свлекуваше мантијата, и со неа се покриваше наместо со јорган. Но пред спиење, тој наеднаш клекна и долго време се молеше. Во својата пламена молитва

тој не го молеше бога да му ја разјасни неговата збрканост, туку само посакуваше радосна милина, поранешната милина, што секогаш ја исполнуваше неговата душа по фалењето и славењето на бога, од кое обично и се состоеше сета негова молитва пред спиењето. Таа радост, што го обземаше, носеше со себе лесен и мирен сон. Молејќи се и сега, тој наеднаш, случајно, го нацбара во џебот црвеникавото, мало пликче, што му го предаде слугинката на Катарина Ивановна, кога излегуваше откај неа. Тој се збуни, но ја доврши молитвата. Потоа, по некое колебање, го отвори пликот. Напишаното се однесуваше на него, а под него стоеше потписот Lise, младата ќерка на госпоѓа Хохлакова, што изутрината, така му се смееше кај старецот.

„Алексеј Фјодорович — пишуваше таа — ви пишувам без да знае некој, ни мама, и знам колку не е убаво тоа. Но јас, веќе не можам да живеам ако не ви го кажам она што се роди во моето срце, а тоа никој освен нас двајца не треба да го знае, за некое време. Но, како да ви го кажам тоа што толку би сакала да ви го кажам? Велат, хартијата не црвенее; ве уверувам дека тоа не е вистина, и дека таа црвенее сосем исто како што црвенеам сега и јас сета. Мили Аљоша, јас ве сакам, ве сакам уште од детството, од Москва, кога ни оддалеку не бевте таков каков сега. И ве сакам за целиот живот. Јас ве избрав со моето срце за да се соединам со вас, а во староста заеднички да го завршиме животот. Се разбира, под услов да излезете од манастирот. Што се однесува до нашите години, ние ќе причекаме колку што бара законот. До тоа време јас сигурно ќе оздравам, ќе одам и ќе играм. За тоа не може да има никакво сомневање.

Гледате ли како го измислив сето тоа; само едно не можам да смислам: што ќе си помислите за мене кога ќе го прочитате ова. Непрестајно се смеам и се шегувам, и неодамна ве разлутив, но ве уверувам дека сега, пред да го земам перото, се помолив пред иконата на Богородица, а и сега се молам, и само што не плачам.

Мојата тајна е во вашите раце. Утре, кога ќе дојдете, не знам ни како ќе ве погледнам во очите; ах, Алексеј Фјодорович што ќе биде ако не можам пак да се воздржам, како будала, па да се засмеам, како денеска кога ве гледав? Вие ќе мислите дека јас сум лоша подбивачка, и нема да му поверувате на моето писмо. И затоа ве молам, мили мој, ако имате сожалување спре ма мене, кога ќе дојдете утре, немојте да ме гледате премногу право во очите, зашто јас, кога ќе се сретнам со вашиот поглед, можеби сигурно ќе се засмејам; а покрај сето тоа вие уште ќе бидете и во долг фустан... Уште сега сета се оладувам кога ќе помислам на тоа, па затоа, штом ќе влезете, вие извесно време воопшто не гледајте во мене, туку гледајте во мајка ми, или во прозорецот.

Еве, јас ви напишав љубовно писмо; боже мој, што направив! Аљоша, немојте да ме мразите, и ако сум направила нешто многу лошо, и ако сум ве растажила, извинете ме. Сега, тајната на мојот можеби засекогаш изгубен углед, е во вашите раце.

Јас денеска сигурно ќе плачам. Догледање, до ужасно видување.

„P. S. Но вие, Аљоша, бездруго, бездруго, бездруго дојдете."

Аљоша го прочита тоа со чудење, го прочита двапати, се замисли, па наеднаш тивко и слатко се засмеа. Тој и се растрепери, зашто таа смеа му се стори грешна. Но по еден момент пак се засмеа исто така тивко. и исто така среќно. Полека го смести писмото во пликот, се прекрсти и легна. Наеднаш се изгуби збркаността на неговата душа. „Господи, смилувај им се на сите, зачувај ги несреќните и немирните, и посоветувај ги. Патиштата се кај тебе; Со патиштата што ги познаваш спаси ги. Ти си љубов. Ти на сите ќе им испратиш радост!" — мрмореше Аљоша, крстејќи се и потонувајќи во мирен сон.

ВТОР ДЕЛ

Четврта книга

ПРЕНАПРЕГАЊЕ

I

Отец Ферапонт

Рано изутрината, уште пред да се раздени, Аљоша го разбудија. Старецот се разбуди и се почувствува многу слаб, иако посака од постелата да се префрли на фотељата. Беше сосем присебен; неговото лице, иако многу уморно, беше ведро, речиси радосно, а погледот весел, пријатен, благ. „Можеби нема да го преживеам денешниов ден", му рече тој на Аљоша. Потоа, посака да се исповеда и да се причести веднаш. Отсекогаш негов духовник беше отец Паисиј. Кога беа завршени обете тајни започна светото помазание. Се собраа иеромонасите, ќелијата малку — по малку се наполни со монаси од скитот. Во меѓувреме и сосем се раздени. Фатија да доаѓаат од манастирот. Кога беше завршена црковната служба, старецот посака да се прости со сите, и сите ги бацуваше. Ќелијата беше многу тесна, така што оние што беа порано дојдени излегуваа и им отстапуваа место на другите. Аљоша стоеше покрај старецот, кој, пак, се премести во фотељата. Тој зборуваше и поучуваше колку што можеше, неговиот глас, иако слаб, уште беше доста сигурен.

„Многу години ве учев, значи многу години зборував гласно, така што речиси ми стана навика да зборувам и зборувајќи да ве учам, во толкава мера што

речиси потешко би ми било да молчам отколку да зборувам, отци и мили браќа, дури и сега, и покрај мојата слабост“ — се пошегува тој, трогнато гледајќи во луѓето што се трупаа околу него. Аљоша подоцна се сеќаваше на по нешто од она што го рече старецот тогаш. Но, иако зборуваше јасно со доста сигурен глас, сепак говорот му беше прилично неповрзан. Зборуваше за многу работи, како да сакаше да каже сè, сè да искаже уште еднаш, пред смртниот час, од сè она што не го доискажал во животот и тоа не само заради поучување, туку како да сакаше да ја подели својата радост и восхит со сите и со секого, уште еднаш во животот да го излее своето срце . . .

„Сакајте се еден со друг, отци“, учеше старецот (колку што после се сеќаваше Аљоша). „Сакајте го божијот народ. Ние, не сме посвети од световниците затоа што сме дојдени овде, и сме затворени меѓу овие ѕидови, туку, напротив, секој што дошол ваму, со самото тоа што дошол ваму, бил свесен дека е полош од сите световни луѓе и од сите и од секого на земјава . . . И монахот колку што подолго живее во ѕидовите свои, дотолку подлабоко треба да го сфати тоа. Зашто, во противен случај, немало зошто да доаѓа ваму. А кога ќе дознае дека не само што е полош од сите световни луѓе, туку дека и пред сите луѓе е виновен за сè и за секого, за сите човечки, светски и поединечни гревови, дури тогаш ќе се постигне целта на нашето братство. Зашто знајте, мили мои, дека секој од вас поединечно несомнено е виновен за сè и за секого на земјава, не само поради општиот светски грев, туку и лично секој за сите луѓе и за секој човек на оваа земја. Ова сознание е круна на животот, не само на монасите, туку и на секој човек на земјава. Зашто монасите не се некои други луѓе, туку такви какви што би требало да бидат и сите луѓе на земјава. Дури тогаш би се растопило нашето срце во бескрајна вселенска незаситна љубов. Тогаш секој од вас ќе биде кадар да го придобие целиот свет со својата љубов и да ги измие сите светски гревови со своите солзи . . . Секој нека бдее над своето срце, секој непрестајно нека се исповедува себеси. Не плашете се од својот грев, дури и кога ќе

го спознаете — само нека има тука покајување, но со бога не правете спогодби. И пак ви велам — не бидете горделиви. Не бидете горделиви пред малите, не бидете горделиви ни пред големите. Не мразете ги ни оние што се откажуваат од вас, што ве срамотат, што ве хулат, и што ве клеветат. Не мразете ги ни атеистите, учителите на злото, материјалистите, ни лошите меѓу нив, а добрите поготово не, зашто и меѓу нив има многу добри, особено во наше врѐме. Споменувајте ги во молитвата: „Спаси ги господи сите за кои нема кој да се моли; спаси ги и оние што не сакаат да ти се молат.“ Па тука веднаш додајте: „Не ти се молам за ова поради тоа што сум горд, господи, зашто и самиот сум полош од сите и од сѐ . . .“ Сакајте го народот господов, не дозволувајте стадото да ви го одземаат дошлаци; зашто ако заспиете поради леност и гадлива горделивост, а најмногу поради користољубие, тогаш од сите страни ќе надојдат други и ќе го одземат од вас вашето стадо. Неуморно толкувајте му го на народот Евангелието . . . Не лакомете се за пари . . . Среброто и златото не сакајте ги, не држете ги . . . верувајте, и знамето држете го. Високо издигајте го“.

Впрочем, старецот зборуваше поиспрекинато отколку што е овде изложено, и како што после запиша Аљоша. Понекогаш сосем го прекинуваше зборувањето, собираше сили, губеше здив, но беше како во некаква восхитеност. Го слушаа подзинато, иако мнозина ги чудеа неговите зборови, и во нив гледаа нешто магливо . . . Подоцна се сетија за тие зборови. Кога Аљоша за малку излезе некаде од ќелијата, беше изненаден од општата возбуда и од очекувањето на братијата што се трупаше во ќелијата и пред него. Тоа очекување кај едни беше вознемирено, кај други свечено. Сите очекуваа да се случи нешто големо веднаш по умирањето на старецот. Тоа очекување од извесно гледиште беше речиси лесномислено, но дури и најстрогите старци подлегнаа на тоа. Најстрого беше лицето на старецот иеромонах Паисиј.

Аљоша се оддалечи од ќелијата само затоа што преку еден монах, таинствено го викна Ракитин, кој беше дојден од градот со чудно писмо за Аљоша од

госпоѓата Хохлакова. Таа му јавуваше на Аљоша една интересна вест, која дојде необично згодно. Работата се состоеше во тоа што вчера, меѓу побожните прости жени, што доаѓаа да му се поклонат на старецот и да добијат од него благослов, беше една старица од градот, Прохоровна, подофицерска вдовица. Таа го прашуваше старецот дали тој може да се помоли во црквата за душата на нејзиниот син Васенка, кој отишол на служба далеку во Сибир, во Иркутск, и од кого веќе цела година не добила никаков глас. Тогаш старецот му одговори строго, забранувајќи го тоа и велејќи дека таквиот спомен би прилегал на гатање. Но потоа, простувајќи ѝ поради незнаење, ја додаде, „како да гледа во книгата на иднината“ (така се изразуваше госпоѓата Хохлакова во своето писмо) и оваа утеха: „дека нејзиниот син Васја е несомнено жив, па дека или стариот ќе дојде кај неа наскоро, или ќе испрати писмо, а таа да си оди дома и да чека.“ „Па што мислите?“ — додаваше восхитено госпоѓата Хохлакова: „Пророштвото се исполни, и тоа од збор до збор, и дури и повеќе од тоа“. Само што се вратила дома, на старицата ѝ предале писмо од Сибир кое веќе ја чекало. Но тоа уште не е сè; во тоа писмо, пишано од пат, од Екатеринбург, Васја ѝ јавуваше на мајка си дека доаѓа во Русија, се враќа со еден чиновник, и дека се надева оти едно три недели по ова писмо „ќе ја прегрне својата мајка“. Госпоѓа Хохлакова упорно и пламено го молеше Аљоша веднаш да му го соопшти на игуменот и на сета братија „чудото на претскажувањето“ што се случи. „Тоа треба да го знаат сите, сите!“ извикуваше таа, завршувајќи го своето писмо. Нејзиното писмо беше напишано набрзина, нејзината возбуда беше изразена во секој ред на писмото, но Аљоша веќе немаше што да ѝ јавува на братијата, зашто сите веќе сè знаеја: Ракитин, кога го испратил по него монахот, замолил најучтиво да му соопшти и на неговата висока преподобност отец Паисиј, дека тој, Ракитин, има со него некаква работа, но од таква важност што ниеден момент не смее да одложи да му ја соопшти, а „за својата смелост до земја му се поклонува и го моли да му прости“. Бидејќи на отец Паисиј монахот му ја

соопшти молбата на Ракитин побргу отколку на Аљоша, на Аљоша кога дојде наместо, му остана само писмото, откако го прочита, да му го соопшти на отец Паисиј, во вид на некој документ. И, ете, тој строг и недоверлив човек, намуртено прочитувајќи ја вест за „чудото“, не можеше наполно да ја запре својата внатрешна возбуда. Очите му светнаа, устата му се насмеа достоинствено и важно.

— Ќе дочекаме ние од него и нешто повеќе! — како да му се откина од устата.

— Ќе дочекаме ние од него и нешто повеќе! — повторија од сите страни монасите, но отец Паисиј, повторно намуртувајќи се, ги замоли сите барем за некое време никому за ова гласно да не му кажуваат, „додека уште повеќе не се потврди, зашто кај световните луѓе има многу лесномисленост, а тој случај можел и природно да се одигра“ — додаде тој внимателно, како да си ја смири својата совест, но, всушност, ни самиот не верувајќи во својата ограда, кое многу добро го забележаа и тие што го слушнаа тоа. Се разбира, „чудото“ во тој момент му стана познато на целиот манастир, па дури и на голем број световни луѓе, што дојдоа во манастирот на литургија. Но, како најмногу од сите да беше изненаден со направеното чудо калуѓерот што дојде вчера „од свети Силвестер“, од едно мало Обдорско братство на Далечниот Север. Тој вчера, му се поклони на старецот, кога овој стоеше покрај госпоѓата Хохлакова, и укажувајќи на „излекуваната“ ќерка на таа дама, важно го праша старецот: „Како се осмелувате да правите такви дела?“

Работата е во тоа што калуѓерот сега беше во недоумица, и речиси не знаеше во што да верува. Тој уште синоќа го посети манастирскиот отец Ферапонт, во засебната ќелија зад пчеларникот, и беше изненаден со тој состанок што му остави извонреден, страшен впечаток. Старецот, отец Ферапонт, беше токму оној престарен монах, голем испосник и молчаливец, кого веќе го споменавме како противник на отец Зосима, и што е главно — на старештвото, кое тој го сметаше за штетна и лесномислена иновација. Тој противник беше многу опасен, и покрај тоа што, како заречен молча-

ливец, речиси со никого не зборуваше. А беше опасен, пред сè, поради тоа што мнозина од братијата наполно се согласуваа со него, а и од посетителите, световните луѓе, мнозина го почитуваа како голем праведник и испосник и покрај тоа што во него гледаа несомнен јуродив. Но, јуродивството и освојуваше и придобиваше. Отец Ферапонт никогаш не одеше кај старецот Зосима. Иако живееше во скитот, не му додеваа многу со скитските правила, затоа што се однесуваше како јуродив.

Имаше околу седумдесет и пет години, ако не и повеќе, а живееше зад скитскиот пчеларник во еден агол крај ѕидот, во стара, речиси веќе испокршена дрвена ќелија, што беше тука наместена уште во древни времиња, уште во минатите векови, за еден, пак голем испосник и молчаливец, отец Јон, што живееше до сто и петтата година, и за чии големи заслуги и до денешен ден во манастирот и во неговата околина кружеа многу мошне интересни приказни. Отец Ферапонт успеа и него најпосле да го сместат, пред едно седум години, во истата самечка ќелија, тоест проста куќичка која многу прилегаше на капела, зашто во неа имаше голем број подарени икони, со подарени кандила, кои вечно светкаа пред иконите, а отец Ферапонт како да беше поставен да ги чува и да ги пали. Тој јадеше, како што се зборуваше (а тоа беше и вистина), само по две фунти леб на три дена, не повеќе; му ги донесуваше, секои три дена, еден пчелар што живееше тука кај пчеларникот; но со пчеларот, што го послужуваше, отец Ферапонт, исто така, само ретко разговараше. Четири фунти леб, со неделната нафора што игуменот по литургијата секогаш му ја испраќаше на блаженият, тоа беше сета негова неделна храна. Водата во стомната му ја менуваа секој ден. Ретко се појавуваше на литургија. Поклониците што доаѓаа ваму, го гледаа понекогаш по цел ден како клечи молејќи се, не дигајќи се и не обрнувајќи се. А ако некој стапеше во разговор со него, беше краток, отсечен, чуден, речиси секогаш остар. Меѓутоа, иако ретко се случуваше и тој да се впушти во разговор со гостите, но тогаш главно изговараше само еден чуден збор, што

секогаш за посетителот беше голема загатка; и, не обрнувајќи се на никакви молби, ништо немаше да каже заради објаснување. Немаше свештенички чин; беше само прост монах. Се шириле многу чуден глас, впрочем, само меѓу најпростиот свет, дека отец Ферапонт општи со небеските духови и дека разговара само со нив, поради што молчи кога е со луѓе. Обдорскиот монах кога дојде до пчеларникот, според упатството на пчеларот, исто така намуртен и молчалив монах — отиде во аголот каде што беше ќелијата на отец Ферапонт. „Можеби ќе проговори како со дошлак, а можеби ништо нема да извлечеш од него“ — го предупреди пчеларот. Монахот се доближуваше, како што кажуваше после самиот, со најголем страв. Веќе беше доста доцна, отец Ферапонт седеше до вратата на ќелијата на ниска клупа, над него тивко шумолеше циновски стар брест. Дувкаше вечерно ветре. Обдорскиот монах се фрли ничкум пред блаженикот и го замоли да го благослови.

— Сакаш ли, монаху, и јас пред тебе да паднам ничкум — проговори отец Ферапонт. — Стани! — монахот стана.

— Благословувајќи биди благословен. Седни до мене. Од каде те донесе господ?

Стариот монах најмногу беше вчудовиден од тоа што отец Ферапонт и покрај своето несомнено и големо испосништво, иако беше толку стар, — навидум уште беше здрав старец, висок, не беше подведен, со свежо, иако суво но здраво лице. Во него, без сомневање, се беше зачувала уште и значителна физичка сила. Беше граден атлетски. И покрај сета своја голема старост тој уште не беше сосем белоглав. сè уште имаше густа, некогаш наполно црна коса и брада. Очите му беа сиви, светли, но необично издадени, што веднаш се забележуваше. Зборуваше силно нагласувајќи го О. Беше облечен во костенлива долга гуња од груб робијашки, како што се викаше порано, шајак и беше опашан со дебело јаже. Вратот и градите му беа разголени. Речиси сосем поцрнетата кошула од најдебело платно, што не се слекуваше по цели месеци, му sиркаше под гуњата. Се зборуваше дека под гуњата

носи на себе окови од триесет фунти. Беше облечен во стари речиси распаднати чевли на босите нозе.

— Од малото Обдорско братство, од свети Силвестер — смирено одговори новодојдениот монах, посматрајќи го искушеникот со своите итри, љубопитни очички, иако малку уплашени.

— Сум бил во твојот Силвестер. Сум престојувал таму. Па здрав ли ти е Силвестер?

Калуѓерот се збрка.

— Ех, будалести луѓе! А каков пост држите?

— Нашата трпеза по стариот скитски обичај е ваква: на велигденски пости, во понеделник, среда и петок трпеза не се поставува. Во вторниот и во четврток браќијата добива бел леб, варени суви овошшија со мед, морошка јагода или расол и качамак. Во сабота шчи, потоа чорба од грашок со резанци, каша — сè со зејтин. Во недела шчи, сува риба и каша. А во страсната недела, од понеделник, па сè до сабота вечерта, шест дена, леб и вода, и само зелје неварено, па и тоа што поумерено, а ако е можно, и не се јаде секој ден, како што е речено, и за првата седмица. А на секој Велипеток, ништо не се јаде; на Велисабота се пости до третиот час, а потоа се поткрепуваш со малку леб и малку вода, и испиваш една чаша вино. А на свети Величетврток, јадеме вариво без зејтин, пиеме вино, и друга сува храна. Затоа што Лаодикискиот собор за Величетврток вели вака: „зашто не е пристојно во четврток последната недела на големите пости да се допушти мрсење, па така и сите големи пости да се бесчестат.“ Ете, како е кај нас. Но што е тоа, кога ќе се спореди со вас, велики отецу, — додаде монахот охрабрен — зашто вие цела година, па и на Велигден, живеете само на леб и вода; а колку што кај нас се троши леб за два дена, вам ви е доста за цела недела. Навистина прекрасно е вашето толку големо воздржување.

— А печурки? — наеднаш го праша отец Ферапонт, изговарајќи го гласот ч некако дебело скоро како т.

— Какви печурки? — праша монахот зачудено.

— Да, да, јас ќе си заминам поради нивниот леб,

не чувствувајќи дека ми е потребен, ќе одам во шумата, па таму ќе се прехранам со печурки и со јагоди; но тие овде нема да го остават својот леб, што значи дека му се верни на ѓаволот. Сега ќе речат поганите дека не треба толку да се пости. Но, таквото нивно мислење е гордо и погано.

— Ох, навистина — воздивна монахот.

— А дали виде кај нив ѓаволи? — праша отец Ферапонт.

— Кај кого тоа — „кај нив“ — праша монахот со страв.

— Јас ланската година на Дуовден бев кај игуменот и оттогаш не сум отишол. Таму видов како на еден ѓавол му седи на градите, му се крие под мантијата, само рокчињата му зиркаат, на друг му зирка од џебот — очите му играат, се плаши од мене, кај трет влегол во утробата, во неговиот нечист мев, а некому просто му се обесил на вратот, му се фатил така и го носи, а не го гледа.

— А вие . . . го гледате? — праша калуѓерот.

— Ти велам дека го гледам ,сосем го гледам. Кога си одев откај игуменот, гледам — еден се скрил од мене зад врата, некако силен, од аршин и пол, или повисок, а опашката дебела, кафена, доста долга, а крајот од опашката му влегол во подотворената врата, а мене не ме мрзеше, па ја треснувам вратата, и му ја згмечувам опашката. Почнува да цимолка, да се оттргнува, а јас правам знак на крст трипати и го прекрстувам. И тој веднаш тука пцовисува, како згмечен пајак. Сега сигурно згнил таму во темното, смрди. а тие не го гледаат и не го чувствуваат. Веќе една година не одам таму. Само тебе како на странец ти го кажувам ова.

— Страшни се вашите зборови! А, голем и блажен отецу — сè повеќе и повеќе се ослообдуваше монахот — вистина ли е, за вас се слуша голем глас дури до најоддалечените краишта: дека вие непрестајно имате општење со светиот дух.

— Па ми слегува. И тоа се случува.

— А како ви слегува? Во каква форма?

— Како птица.

— Светиот дух во вид на гулаб?

— Тоа е Светиот дух, а ова е Светдух, Светдух е нешто друго, тој може да слезе тука како некаква друга птица: или како ластовичка, или како трнинче, а понекогаш и како сеница.

— А како го разликувате од сеницата?

— Зборува.

— А како зборува, на кој јазик?

— На човечки.

— А што ви зборува?

— Па, ете, токму денеска ми рече дека ќе ме посети еден будала, и дека ќе ме прашува сенешто. Инаку, многу сакаш да знаеш.

— Страшни се вашите зборови, преблажен и пресветол отецу, — ја нишкаше главата калуѓерот. Но на неговите уплашени очички се покажа и некаква недоверба.

— А дали го гледаш дрвово? — го праша отец Ферапонт по мало молчење.

— Го гледам, преблажен отецу.

— По твоему тоа е обична бреза, а по моему тоа е друга слика.

— А каква? — рече монахот по мало молчење и залудно очекување.

— Тоа се случува ноќе. Ги гледаш ли овие две гранки? Ноќе Христос ги подава кон мене своите раце, и со тие раце ме бара, јас тоа јасно го гледам и треперам. Страшно, о, страшно!

— А зошто да е страшно штом е тоа Христос?

— Па ќе ме зграпчи и ќе ме земе.

— Зарем жив?

— Па зарем не си слушал во духот и славата на Илија? Ќе ме зграпчи и ќе ме однесе...

Иако Обдорскиот монах по овој разговор се врати во ќелијата, што му беше определена, во доста голема недоумица, неговото срце, без сомневање, повеќе му беше наклонето на отец Ферапонт, отколку на отец Зосима. Обдорскиот монах, пред сè, беше за пост; а за толку големиот испосник, каков што е отец Ферапонт не би било необично „да гледа и чудеса". Вистина, неговите зборови како да беа бесмислени, но само бог знае што се крие, всушност, во нив, а кај божјите

луѓе-јуродиви може да има и малку поинакви зборови и постапки. Во згмечената ѓаволска опашка монахот беше готов од срце и со задоволство да поверува, и тоа не само во преносната, туку и во обичната смисла на зборот. Освен тоа, тој и порано, уште пред доаѓањето во манастирот, имаше големо предубедување против старештвото, кое досега го знаеше само по раскажувањето, а го сметаше, како и мнозина други, за штетна новина. Откако помина во манастирот еден ден, монахот забележа тајно мрморење кај некои лесномисленици од братијата, кои не го одобруваа старештвото. Покрај тоа, тој и по својата природа, беше монах што се вртка ваму-таму со големо љубопитство за сè. Ете зошто големата вест за новото „чудо", што го направи старецот Зосима, го фрли во необична недоумица. Аљоша подоцна се сеќаваше дека меѓу тие монаси што се туркаа околу старецот и неговата ќелија повеќепати се јавуваше и фигурата на љубопитниот обдорски гостин, што се врткаше секаде меѓу сите групички, и кој секаде прислушнуваше и распрашуваше. Но тогаш Аљоша му обрна малку внимание и дури после се сети за сè. А сега воопшто не му беше до тоа: старецот Зосима кој повторно почувствува замор и легна во постелата, и веќе ги склопуваше очите, одеднаш се сети за него, и побара да му дојде Аљоша. Аљоша веднаш дотрча. Покрај старецот тогаш беа само отец Паисиј, отец иеромонахот Јосиф и искушеникот Порфириј. Старецот ги подотвори малку уморните очи и загледувајќи се во Аљоша, наеднаш го запраша:

— Те чекаат ли тебе твоите, синко?

Аљоша се збуни.

— Да не си им нешто потребен? Да не си му ветил на некого вчера дека ќе дојдеш денеска?

— Му ветив на . . . татко ми . . . на браќата . . . и на други . . .

— Ете, гледаш. Бездруго оди си. Не тагувај. Знај дека нема да умрам без да го кажам пред тебе својот последен земски збор. Тебе ќе ти го кажам тој збор, синко, тебе ти го оставам како завет. Тебе, мили сине,

зашто ме сакаш. А засега оди кај оние на кои си им ветил.

Аљоша веднаш се поклони, иако му беше тешко да си оди. Но, ветувањето дека ќе го слушне последниот збор од старецот и, што е важно, дека тој збор како завет ќе му биде даден токму нему, на Аљоша, ја потресе неговата душа од восхит. Тој побрза да сврши сè во градот, па што побргу да се врати. Воедно и отец Паисиј му даде поука за попат, што нему му направи многу силен и неочекуван впечаток. Тоа беше тогаш кога веќе обајцата излегоа од ќелијата на старецот.

— Имај на ум непрестајно, момче, (така почна отец Паисиј право и без некаков увод), дека световната наука, обединета во голема сила, ги претресе, особено во текот на последниот век, сите небески работи што ни се оставени како завет во книгите на светителите; и по немилосрдна анализа меѓу научниците на овој свет, од сета поранешна маса не остана ништо. Но тие претресуваа дел по дел, а целината ја превидоа, и тоа со такво слепило што да се зачуди човек. А целината стои пред нивните очи непоколебливо како порано, и пеколната врата не можат да ја надвладеат. Зарем таа целина, не живееше деветнаесет векови, зарем таа живее и сега во движењата на поединечните души и во движењата на народните маси? Дури и во движењата на душите на тие што разурнале сè, во душите на атеистите, таа целина живее како порано непоколебливо. Зашто и тие што се одрекоа од христијанството, и кои стануваат против него, во својата суштина го зачуваа обликот на Христоса, па останаа такви, зашто до денеска ни нивната мудрост, ни пламните на нивните срца не беа кадри да создадат некој повисок образец за човекот и за неговото достоинство, како што беше образецот што многу одамна го покажа Христос. А колку и да имало обиди, излегувале само недооформени нешта, тоа посебно запамети го, момче, зашто твојот старец, на својот пресмртен час те определува за световен живот. Ти, сеќавајќи се на денешниот голем ден, можеби нема да ги заборавиш ни моите зборови, што ти ги изреков како срдечна поука, зашто си млад,

а во светот има тешки соблазнувања, а твоите сили се мали, за да ги издржиш. А сега оди си, сиромашко мој!

Го рече тоа отец Паисиј и го благослови. Излегувајќи од манастирот и размислувајќи за сите тие ненадејни зборови, Аљоша наеднаш сфати дека во тој досега спрема него строг и сериозен монах, добива нов неочекуван пријател и нов раководител, кој пламено го сака — токму како старецот Зосима пред умирање да му го оставил како аманет. „А можеби тие навистина така и се договориле“, си помисли Аљоша. А неочекуваното и учено разлагање што го слушна во овој час, токму тоа, а не некое друго, сведочеше само за пламеноста на срцето на отец Паисиј: тој брзаше што побргу да го вооружи младиот ум за борба со соблазнувањето, и да ја огради неговата млада душа со најсилната ограда што можеше да ја измисли.

II

Кај татка си

Најпрвин Аљоша отиде кај татка си. Приближувајќи се тој се сети дека синоќа татко му многу настојуваше тој во куќата да влезе некако скришум од брата му Ивана. „А зошто?“ — си помисли сега Аљоша. „Ако татко ми сака да ми каже нешто насамо, тајно, тогаш зошто да влегувам скришум? Сигурно тој вчера во возбудата сакаше да каже нешто друго, но не успеа“, — заклучи Аљоша. И покрај тоа, нему му беше многу мило кога Марфа Игнатјевна, што му ја отвори вратичката (Григориј беше болен и лежеше во куќата во дворот), му соопшти на неговото прашање дека Иван Фјодорович уште пред два часа излегол од дома.

— А татко ми?

— Станат е! Пие кафе— некако суво одговори Марфа Игнатјевна.

Аљоша влезе. Старецот седеше сам на маса, по влечки и стара наметка, а за да се занимава, прегледуваше некакви сметки, но без големо внимание. Беше

сосем сам во целата куќа. (Смердјаков беше отиден да купи што требаше за ручек). Меѓутоа, сметките не го интересираа; иако беше станал рано изутрината од постела, и си даваше кураж, изгледаше разочаран и слаб. Неговото чело, на кое во ноќта беа разлеани огромни модринки, беше врзано со црвена шамија. Носот, исто така, во текот на ноќта многу му беше отечен, и на него исто така беа појавени неколку мали модринки, кои на сето лице му даваа некаков посебно лут и остар израз. Старецот го знаеше тоа, така што сега нељубезно го погледна Аљоша кој влегуваше.

— Кафето е студено — викна тој остро — не те послужувам. И јас денеска живеам само со рибина чорба, и никого не го викам. Зошто си дојден?

— Сакав да видам какво е вашето здравје — проговори Аљоша.

— Да. А освен тоа, јас вчера и ти реков да дојдеш. Сето тоа се будалски работи. Само напразно повелаше да се вознемириш. Јас, впрочем, знаев дека веднаш ќе се довлечкаш . . .

Тоа тој го изговори најнељубезно. Во исто време стана од место и загрижено си го погледна во огледалото — (можеби педесетти пат од изутрината) својот нос. И почна убаво да ја наместува црвената шамија на челото.

— Подобро што е црвена, белата прилега на болница, забележи тенденциозно. — А како е таму кај тебе? Како е твојот старец?

— Многу му е лошо. Можеби ќе умре денеска — одговори Аљоша, но татко му дури и не слушна, а го заборави веднаш и своето прашање.

— Иван си отиде — рече тој наеднаш. — Тој на Митја со сета сила му ја грабнува свршеницата, ете затоа живеев овде — додаде пакосно и, искривувајќи ја устата, го погледна Аљоша.

— Самиот ли ви го кажал тоа? — го праша Аљоша.

— Да, и тоа одамна. Што мислиш — има едно три недели, како ми кажал! Секако не е дојден овде за да ме заколи потајно? Поради нешто е дојден.

— Ама што зборувате вие! Зошто зборувате така? — Многу се онерасположи Аљоша.

— Вистина, не бара пари, а од мене нема да добие ни скршена пара. Јас, премил мој Алексеју Фјодорович, имам намера да поживеам на овој свет колку што може повеќе, тоа да го знаете, и затоа мене ми е потребна секоја копејка; и колку што подолго ќе живеам, дотолку таа ќе ми биде попотребна — продолжуваше тој шеткајќи по собата од едниот до другиот крај, држејќи си ги рацете во џебовите на широкото маслосано домашно палто, од жолт летен материјал. — Засега сепак уште сум машко, имам само педесет и пет години, и сакам уште едно дваесет години да се сметам за машко; значи, ќе остарам, ќе станам поган, и тие тогаш нема да доаѓаат кај мене доброволно, па тогаш ќе ми бидат потребни моите парички. Затоа сега јас собирам сè повеќе и повеќе, само за мене, мил мој сине, Алексеју Фјодорович, тоа треба да го знаете, зашто јас докрај сакам ја проживеам во своето поганство — тоа да го знаете! Зашто, во поганството е послатко; сите гледаат накриво на поганството, а сите живеат така, само што сите кријат, а јас сум отворен. И, ете, поради таа моја простодушност, сите погани скокнаа врз мене. А во тој твој рај, Алексеју Фјодорович, јас, тоа да го знаеш, не сакам да одам, на чесен човек му е незгодно да дојде во тој твој рај, ако воопшто го има таму некаде. Според мене, си заспал и не си се разбудил, и нема ништо. После ако сакате споменувајте ме, а ако не сакате, нека ве земе ѓаволот. Таква е мојата филозофија. Вчера Иван добро зборуваше, иако сите бевме пијани. Иван е фалбација, и нема никаква ученост... А нема, всушност, ни некакво посебно образование: молчи и му се смешка на човека молчејќи — само со тоа се извлекува.

Аљоша го слушаше и молчеше.

— Зошто тој не зборува со мене? А ако и зборува, се подбива; подлец е твојот Иван! А со Грушенка веднаш ќе се оженам, само ако посака. Зашто кога човек има пари ,тогаш е доволно само да посака, Алексеју Фјодорович, па сè ќе биде. И, ете, Иван се плаши од тоа, и ме чува да не се оженам, и затоа го тера Митја

да се ожени со Грушенка; на тој начин мене сака да ме зачува од Грушенка (божем јас ќе му оставам нему некакви пари, ако не се оженам со Грушенка), а, од друга страна, ако Митја се ожени со Грушенка, тогаш Иван ќе ја земе неговата богата свршеница; ете каква е неговата сметка! Подлец е твојот Иван!

— Многу сте раздразнет. Сето тоа е поради она вчерашното; би трєбало малку да прилегнете — рече Аљоша.

— Ете, кога го велиш тоа ти — забележи старецот, токму како тоа првпат да му влегло во главата — јас тебе не ти се лутам, а на Ивана би му се налутил, ако ми го рече тоа. Само со тебе сум имал добри моменти, а инаку сум лош човек.

— Вие не сте лош човек, туку искривоколчен, — се насмевна Аљоша.

— Слушај, јас разбојникот Митја денеска сакав да го ставам в затвор, па и сега уште не знам за што ќе се определам. Се разбира, во денешното модерно врєме обично е татковците и мајките да се сметаат за предрасуда, но, секако, по законите, ни во наше време не е дозволено старите татковци да се тргаат за коси и да се маваат со петиците по муцката во нивната сопствена куќа, и уште да се фалиш дека ќе дојдеш да ги убиеш, — и сето тоа пред сведоци. Кога би сакал, би можел да го притегнам, и за она вчера, би можел веднаш да го ставам в затвор.

— Значи, нема да го тужите, нели?

— Иван ме разубеди. Јас немаше да му обрнам внимание на Ивана, знам една работа... — и наведнувајќи се над Аљоша, тој продолжи со доверлив полушепот:

— Ако јас него, никаквецот, го ставам в затвор, таа ќе чуе дека сум го затворил, и веднаш ќе отрча кај него. А ако чуе денеска дека тој мене, слаб старец, ме истепал, можеби и ќе го остави, па ќе дојде кај мене да ме посети. Ете, со каков карактер сме надарени — секогаш сме готови да го правиме спротивното. Јас сосем добро ја познавам неа... А не сакаш ли коњаче? Земи студено кафенце, па да ти турам во него четврт чашичка, тоа е добро заради вкус.

— Не, не треба, благодарам. Еве лепчево ќе го земам со мене, ако ми го дадете — рече Аљоша и ја зеде белата векничка од три копејки и си ја стави во џебот од мантијата. — А коњак не би требало да пиете ни вие — грижливо посоветува тој загледувајќи се во лицето на старецот.

— Имаш право, раздразнува а не успокојува. Само една чаша... Знаеш, јас од орманчето ќе...

Тој го отвори со клуч „орманчето", ја наполни чашката, ја испи, потоа орманчето го заклучи, а клучот пак си го стави во џебот.

— А сега доста. Од една чашка нема да пцовисам.

— Ете, сега станавте помек, — се насмевна Аљоша.

— Хм... Јас тебе те сакам и без коњак, а со подлите и јас сум подал. Ванька не сака да оди во Чермашња, — зошто? Му треба да ме шпионира: дали многу ќе ѝ дадам на Грушенка, ако дојде. Сите се подли! Јас Ивана никако не го признавам, не сакам да знам за него! И како излезе таков. Не прилега на нас! И божем јас навистина нешто ќе му оставам! Јас нема да оставам ни тестамент, тоа да го знаете сите! А Митја просто ќе го згазнам како бубачка. Лебарките ноќе со влечките ги газам — еве вака само ќе пукне кога ќе ја згазиш. Ќе пукне и твојот Митја. Твојот Митја, затоа што го сакаш. Ете, ти го сакаш, а јас не се плашам од тоа што го сакаш. А кога би го сакал Иван, јас би се плашел заради себе оти тој го сака. Но Иван не го сака никого, Иван не е наш човек; луѓето како Иван, тие, брате, не се наш свет, тие се прав што се подигнал... Ќе дувне ветар, и прашината ќе мине... Вчера ми текна една глупост: кога ти реков да дојдеш денеска сакав преку тебе да дознам за Митја, ако јас сега му избројам една илјадичка, или најпосле и две, дали тој, голтар и никаквец, ќе се согласи сосем да се изгуби одовде, за едно пет години, а уште подобро за триесет и пет, но без Грушенка — и сосем да се откаже од неа, а?

— Јас... јас ќе го прашам... — промрмори Аљоша. — Кога би му дале три илјади, тогаш, можеби...

— Сенешто! Немој ни да го прашаш, не треба. Се премислив. Вчера ми дојде в глава таква глупост. Ништо нема да му дадам, ни една трошка; парите ми се потребни мене! — почна да мавта со раката старецот. — Јас него и без тоа ќе го згмечам како лебарка. Ништо не велете му, зашто уште ќе се надева. А ни ти немаш никаква работа кај мене, оди си. Неговата свршеница, таа Катерина Ивановна, која толку грижливо ја криеше од мене цело време, дали таа ќе се мажи за него или не? Ти, веројатно, вчера си бил кај неа.

— Таа за ништо на светов нема да го остави.

— Ете, гледаш, нежните госпоѓици сакаат бекрии и подли луѓе! Трици се тие бледи госпоѓици; тие се нешто сосем друго... Ех, јас да ја имам неговата младост и тогашното мое лице (зашто јас бев поубав од него кога имав дваесет и осум години), и јас ќе победував како него. Тој е гад! А Грушенка сепак нема да ја добие, нема да ја добие... Ќе го претворам во кал...

Тој повторно збесни од последните зборови.

— Оди си и ти, немаш кај мене никаква работа денеска, — остро пресече тој.

Аљоша се доближи за да се прости и го бацн во рамото.

— Што ти е? — се зачуди малку старецот. — Пак ќе се видиме. Или можеби мислиш дека нема да се видиме?

— Бог да чува, јас само така, случајно.

— Па и јас ништо, и јас само така... — го гледаше старецот. — Слушај, слушај! — викна тој по него; — дојди што побрзо на рибина чорба, ќе ти сварам чорба, посебна, не како денешнава, бездруго дојди! Утре, слушаш ли, утре дојди.

И само што Аљоша излезе од вратата, тој пак дојде до орманчето и голтна уште половина чашка.

— Не сакам повеќе! — промрмори, а потоа се искашла го заклучи орманчето, пак си го стави клучот во џебот и влезе во спалната изнемоштен, па легна на постелата и за миг заспа.

III

Се замеша со учениците

„Фала му на бога што не ме праша за Грушенка“ – си помисли Аљоша, излегувајќи откај татка си, и упатувајќи се кон куќата на госпоѓа Хохлакова, — „инаку ќе морав уште да му раскажам за вчерашниот состанок со Грушенка“. Аљоша со болка почувствува дека борците во текот на ноќта собрале нови сили, а дека срцата во текот на денот пак им се скамениле: „Татко е раздразнет и лут, тој нешто има смислено, и сега стои на тоа; а што има Дмитриј? Во текот на ноќта се поткрепи, и сигурно и тој е раздразнет и лут, па, се разбира, и тој нешто има смислено... О, денеска бездруго треба да го најдам, по секоја цена“... Но на Аљоша не му беше судено многу да размислува; нему патем му се случи еден настан, кој вистина навидум не беше важен, но силно го вчудовиди. Само што го мина плоштадот и скршна во страничната уличка, за да излезе на улица Михајловска, паралелна со Големата, одвоена од неа само со еден ендек (целиот наш град е исшаран со ендеци), тој забележи долу пред мовчето една група ученици, сите дечиња од девет до дванаесет години — не повеќе. Тие си одеа дома, враќајќи се од училиште; едни со торби на плеќите, други со кожни торбички со ремени, префрлени преку рамо; едни просто во блузи, други во палтенца, а некои и во високи чизмички со набори, во кои особено љубат да парадираат малите деца што ги галат имашливите татковци. Целата група за нешто живо разговараше; очигледно се договараа за нешто. Аљоша никогаш не можеше рамнодушно да минува покрај деца; така беше и во Москва; па иако најмногу ги сакаше тригодишните дѣца, или околу тие години, сепак му се допаѓаа и ученичињата од десет, единаесет години. И затоа колку и да беше сега загрижен, сепак посака да им пристапи и да стапи со нив во разговор. Пристапувајќи им, тој се загледа во нивните црвени, живи лица, и наеднаш забележи дека секое дете држи во раката камен, а некои и по два. Од другата страна на

ендекот, на едно триесет чекори од оваа група стоеше едно момче, исто така, ученик, со торбичка на рамо, на изглед од едно десетина години, не повеќе или дури и помалку; блед, болежлив, со црни очички, што му светеа. Тој внимателно и испитувачки ја посматраше групата од шест ученичиња, очигледно негови другари, кои со него сега излегле од училиште, но со кои тој, очигледно беше скаран. Аљоша им пријде, и му рече на едно русокосо црвено дете во црна блуска ,загледувајќи го:

— Кога јас носев таква торбичка, како вашата, тогаш се носеше на левата страна; за да може лесно да се дофати со десната рака; а вам сега, торбичката ви е од десната страна, па не ви е згодно да вадите од неа.

Аљоша почна со таа практична забелешка, без каква и да е смислена итрост; впрочем, возрасен човек и не може поинаку да почнува, ако има желба да ја придобие довербата на децата, а особено на цела група деца. Треба да се почнува токму сериозно и деловно, така што да си со нив на еднаква нога; Аљоша тоа го сфати инстинктивно.

— Па тој е левичар — одговори веднаш другото момче, силно и здраво, на единаесетина години.

Другите пет дечиња ги свртија погледите кон Аљоша.

— Тој и камења фрла со левата — забележи третото момче.

Токму во тој момент во групата деца долета еден камен, малку го докачи детето левичар и падна некаде зад него, иако беше фрлен вешто и силно. А го имаше фрлено момчето од другата страна на ендекот.

— Удри го, фрлај по него, Смурове! — викнаа сите.

Но Смуров (левичарот) и без тоа не чекаше, и веднаш врати мило за драго; фрли камен по момчето преку ендекот, но без успех: каменот падна наземи. Момчето од другата страна на ендекот имаше полн џеб камења. Тоа се распознаваше од триесет чекори по надуените џебови на неговото палтенце.

— Тој вас, вас, намерно вас ве нишанеше. Зашто вие сте Карамазов, Карамазов! — викнаа дечињата, гласно смеејќи се. — Сега сите одеднаш на него — пали!

И шест камења наеднаш летнаа откај групата деца. Еден го погоди момчето по главата, и тоа падна, но веднаш скокна и разбеснето почна да ѝ одговара на групата со камења. Од обете страни, започна непрекината „престрелка“ — кај мнозина во групата исто така се најдоа приготвени камења во џебовите.

— Ама што правите вие! Зарем не ви е срам, господа! Шестмина на еден! Ама вие ќе го убиете! — викна Аљоша.

И скокна и застана пред камењата што летаа, за со своето тело да го заштити момчето од другата страна на ендекот. Тројца-четворица за момент се смирија.

— Тој започна прв! — викна момчето во црвена блуза, со раздразнет глас — тој е никаквец, тој некни во одделението го боцна со ноже Красоткина. Крв му потече. Само што Красоткин не сакаше да биде тужибаба! Треба да го истепаме . . .

— Ама зошто? Сигурно и вие него го закачате, —

— Ете, пак од него добивте камен во грбот. Тој ве познава — викнаа децата. — Тој сега сака да ве погоди вас, не нас. Ајде пак, сите на него. Внимавај да не промашиш, Смурове!

И пак започна борба, овојпат многу жестока. Момчето од другата страна на ендекот го погоди еден камен во градите; тоа врисна, заплака, и потрча по угорницата, на улица Михајловска. Во групата се развикаа: „Аха, се уплаши, побегна, пачавра ниедна“.

— Вие, Карамазове, уште не знаете каков небидник е тој! — повтори детето во блузата со светнати очиња, кое изгледаше најстаро.

— А каков е тој? — праша Аљоша. — Дали е тужибаба?

Децата се загледаа со некаков подбив.

— Одите ли вие во Михајловска? — продолжи истото дете. — Па, ете, пристигнете го . . . Ене, гледате ли, пак застана, чека и ве гледа вас.

— Вас ве гледа, вас ве гледа! — прифатија децата.

— Прашајте го тогаш ,дали љуби пачаври, онака парчосани. Слушајте, токму така да го прашате.

Се разнесе општа смеа. Аљоша ги гледаше нив, а тие него.

— Не одете, тој ќе ве удри! — викна Смуров, предупредувајќи го.

— Господе, јас нема да го прашам за парчосаните пачаври, затоа што вие всушност со тоа му се подбивате, но ќе дознам од него зошто го мразите толку...

— Прашајте го, прашајте го! — се насмевнаа дечињата. Аљоша мина преку мовчето, и тргна проугоре преку плотот, право кон замразеното момче.

— Внимавајте! — викаа по него, предупредувајќи го — тој нема да се уплаши од вас, тој наеднаш ќе ве боцне, и кога не ќе се надевате... исто како Красоткина.

Момчето го чекаше, без да се мрдне од местото. Кога му дојде сосем близу, Аљоша виде пред себе дете не постаро од девет години, слабичко и малечко, бледо, со долгнавесто лице, со големи темни очи, кои пакосно гледаа во него. Беше облечен во доста старо излитено палто, што му стоеше некако чудно зашто му беше многу кусо. Голите раце му стрчеа од ракавите. На десното колено од панталоните голема крпеница, а на врвот од десната чизма, каде што е палецот, голема дупка, очигледно дебело премачкана со мастило. Обете набрекнати џепчиња на неговото палтенце беа преполнети со камења. Аљоша застана пред него на два чекора, гледајќи го прашално. Момчето погодувајќи веднаш по очите на Аљоша дека овој нема да го бие, исто така, попушти, и дури прв проговори:

— Јас сум еден, а тие шестмина... Сепак сите ќе ги истепам — рече наеднаш светнувајќи со очите.

— Вас, веројатно, еден камен силно ве удри — забележи Аљоша.

— А јас Смурова го погодив во главата! — викна момчето.

— Оние онаму, ми рекоа дека вие ме познавате мене, и дека поради нешто сте фрлиле камен по мене? — праша Аљоша.

Момчето го погледна со прашален и уплашен поглед.

— Јас не ве познавам. А вие ме знаете? — испитуваше Аљоша.

— Оставете ме! — наеднаш викна налутено момчето, сепак не мрдајќи се од место, и пак од лутина светна со очињата, како сè уште да очекуваше нешто.

— Добро, ќе си одам — рече Аљоша — само јас не ве познавам вас, и не ве гибам. Оние ми кажаа со што ве задеваат, но јас нема да ве задевам, збогум!

— Монах во панталони со гајтан! — викна момчето, следејќи го Аљоша со истиот пакосен и предизвикувачки поглед и воедно заземајќи поза, за што сметаше дека Аљоша сега сигурно ќе се нафрли на него, но Аљоша се сврти, го погледна, и продолжи понатаму. Но, не направи ни три чекори, кога силно го удри во грбот најголемиот камен што момчето го имаше во џебот.

— Вие, значи, од зад грб? Тие, значи, не лажат, кога велат дека вие напаѓате подмолно? — се сврти пак Аљоша, но детето се настрви, и пак му фрли камен на Аљоша, и тоа сега право во лицето. Но Аљоша успеа навреме да го покрие лицето, па каменот го удри во лактот.

— Како не ви е срам! Што сум ви направил јас? — викна тој.

Момчето, молчејќи и пркосно очекуваше дека Аљоша сега сигурно ќе го нападне; но кога виде дека овој ни сега не го напаѓа, се разбесни како некакво ѕвере, јурна од местото и се нафрли на Аљоша; овој уште не стигна ни да се потртгне, а лошото дете, наведнувајќи се и зграпчувајќи ја со обете раце неговата лева рака, му го касна средниот прст. Силно го касна, и десетина секунди не го пушташе. Аљоша лелекна од болка и го исртгна прстот со сета сила. Момчето најпосле го пушти, и отскокна на поранешното растојание. Прстот беше многу каснат, до самиот нокт, длабоко, до коската; шурна крв. Аљоша го извади шамичето ,и цврсто ја завитка ранетата рака. Ја завиткуваше скоро цела минута. Момчето за сето тоа време стоеше и чекаше.

Најпосле Аљоша го крена кон него својот мирен поглед.

— Ех, добро — рече тој. — Гледате ли колку многу ме каснавте, и доста, нели? Но кажете ми што сум ви направил? — Момчето го погледа чудејќи се.

— Иако јас не ве познавам, и првпат ве гледам — исто така, мирно продолжи Аљоша — сепак не е можно да не сум ви направил ништо. — Та нема така да ме мачите без причина. Значи, што сум ви направил, и поради што сум виновен пред вас, кажете ми.

Наместо да одговори, детето наеднаш силна заплака до колку што го држеше гласот, и побегна откај Аљоша. Аљоша тргна полека по него, во улица Михајловска и уште долго време можеше да го гледа момчето како во далечината трча сè така брзо, не обрнувајќи се и веројатно непрестајно, исто така, гласно плачејќи. Аљоша реши, кога ќе има слободно време, да го пронајде и да ја разјасни загатката што многу го вчудовиди. Засега немаше време за тоа.

IV

Кај Хохлакова

Бргу стигна до куќата на госпоѓата Хохлакова, куќа од тули, нејзина сопствена, на кат, убава, една од најубавите куќи во нашето гратче. Госпоѓа Хохлакова живееше главно во друга губернија каде што имаше имот или во Москва, каде што имаше своја куќа, но имаше своја куќа и во нашето гратче, што ја наследи од дедовците и предедовците. Нејзиниот имот во нашата околија беше најголем од сите нејзини три други имоти. Меѓутоа, во нашата губернија доаѓаше многу ретко. Истрча пред Аљоша уште во претсобјето.

— Го добивте ли, го добивте ли писмото за новото чудо? — почна таа да зборува брзо и нервозно.

— Да, го добив.

— Дали го разгласивте, им го покажавте ли на сите? Старецот ѝ го врати синот на мајката.

— Тој денеска ќе умре, — рече Аљоша.

— Чув, знам. О, колку сакам да зборувам со вас! Со вас или со некој друг за сето тоа. Не, со вас, со вас! И колку ми е жал, што воопшто не можам да го видам! Целиот град е возбуден, сите се во очекување. Но сега... знаете ли дека кај нас во овој момент е Катарина Ивановна?

— Ах, тоа е навистина среќно! — извика Аљоша. — Ете, ќе се видам сега со неа кај вас, таа вчера ми рече секако да дојдам денеска кај неа.

— Јас сè знам, сè знам. Сè подробно слушнав што се случи вчера кај неа... И за сите тие страшни нешта со таа бестија. C'est trgique.[1]) Да сум јас на нејзино место — јас просто не знам што би направила да сум на нејзино место! — Но и вашиот брат, вашиот Дмитриј Фјодорович, каков е и тој — о, господи! Алексеј Фјодорович, јас просто сум сосем збунета, и замислете: таму сега седи вашиот брат, тоест оној не ужасниот, вчерашниот, туку другиот, Иван Фјодорович, седи со неа и разговара — разговорот им е свечен... И само кога би можеле да замислите што се случува сега меѓу нив — тоа е нешто страшно, тоа е, кога ви велам, пренапрегнување, тоа е ужасна приказна во која не е можно да поверуваш; двајцата се упропастуваат себеси, — не се знае зошто; и го знаат тоа, и уживаат во тоа. Јас ве очекував! Јас жедно ве очекував! А, што е важно, јас не можам да го поднесам тоа! Веднаш ќе ви раскажам сè. Ах, та јас и заборавив дека е тоа најважното; кажете ми, од каде кај Lise хистеричен напад. Само што слушна дека вие доаѓате, веднаш доби напад.

— Maman, па, всушност, вие сега имате хистерија, а не јас, — зацрцори наеднаш низ подотворената врата отстрана гласчето на Lise. Вратата беше сосем малку подотворена, а главчето напрегнато, точно онака како кога човек сака силно да се насмее, а со сета сила си ја совладува смеата. Аљоша веднаш ја забележи подотворената врата, а Lise, веројатно, го зиркаше од својата фотелја, но тој не можеше да го види тоа.

---

[1]) Тоа е потресно (Фр.)

— Не е ни чудо, Lise, не е ни чудо... од твоите каприци, и јас ќе добијам хистерија; впрочем, таа е многу болна, Алексеј Фјодорович, саноќ беше многу болна во оган, јачкаше. Одвај го дочекав утрото и Херценштубе. Тој вели дека ништо не може да разбере, и дека треба да се чека. Тој, Херценштубе, секогаш ќе дојде и ќе рече дека ништо не може да сфати. Штом вие се приближивте до куќава, таа викна и доби напад, и бараше да ја пренесат ваму, во нејзината стара соба...

— Мама, јас воопшто не знаев дека доаѓа, јас не сакав поради него да минам во оваа соба.

— Тоа веќе не е вистина, Lise; Јулија дотрча да ти каже дека доаѓа Алексеј Фјодорович: таа ти чуваше стража.

— Драга моја мамичке, тоа не е ни малку духовито од ваша страна. А ако сакате да се поправите и да кажете сега нешто умно, тогаш речете му, мила мамо, на почитуваниот господин Алексеј Фјодорович, што дојде сега, дека тој докажал оти не располага со остроумност со самото тоа што решил да дојде кај нас денеска, по она вчера, и покрај тоа шт му се смеат.

— Lise, ти премногу си дозволуваш, и јас те уверувам, дека најпосле ќе морам да се послужам со строги мерки. Кој му се смее нему? Велам, мене ми е толку мило што дојде, тој ми е потребен, неопходно потребен. Ох, Алексеј Фјодорович, јас сум многу несреќна.

— Ама што ви е вам, мамичке-гулабичке!

— Ах, тие твои каприци, Lise, непостојаноста, твојата болест, таа страшна ноќ во оган, и вечно тој ужасен Херценштубер и, што е важно: вечно и вечно! И, најпосле, сè, сè... И, најпосле, тоа чудо! О, колку ме стаписа, колку ме потресе тоа чудо, мил Алексеј Фјодорович! А сега, пак, онаму трагедијана во салонот, која не можам да ја издржам, не можам — однапред велам дека не можам. Можеби комедија, а не трагедија! Кажете ми дали старецот Зосима ќе живее до утре? О, господе мој, што станува со мене, секое утро ги затворам очиве и гледам дека сè е лудост, сè е лудост!

— Јас многу би ве молел — ја прекина наеднаш Аљоша — да ми дадете некаква чиста крпа за да си го врзам прстов. Многу си го повредив прстов, и сега силно ме боли.

Аљоша си го одвитка каснатиот прст. Шамичето беше многу натопено со крв. Госпоѓа Хохлакова викна и замижи.

— Господи, каква рана, тоа е страшно!

А Lise, штом низ подотворената врата го забележи прстот на Аљоша, веднаш ширум ја отвори вратата.

— Влезете, влезете кај мене, ваму, — настојчиво и заповеднички викна таа — и сега оставете ги глупостите! О, господи, па зошто стоевте и молчевте толку време? Можеше да му истече сета крв, мамо! Каде и како сте го направиле тоа? Пред сè вода, вода! Раната треба да се измие, да се стави во ладна вода, за да престане болката, и да се држи, постојано да се држи, побрзо, побрзо вода, мамо, чинијата. Ама побрзо! — доврши таа нервозно. Многу се беше уплашила; раната на Аљоша ја вчудовиди.

— Како би било да се викне Херценштубе? — рече госпоѓа Хохлакова.

— Мамо, вие ќе ме убиете. Вашиот Херценштубе ќе дојде, па ќе рече дека не може да разбере! Вода, вода! Мамо, живи бога, одете сама, речете ѝ на Јулија да побрза, таа се има пикнато таму некаде, и никогаш не умее брзо да дојде! Но што побрзо, мамо, инаку ќе умрам . . .

— Ама тоа не е ништо! — викна Аљоша, уплашен од нивниот страв.

Јулија дотрча со водата. Аљоша го стави прстот во водата.

— Мамо, живи бога, донесете шарпа, шарпа и од лутата матна вода, за пресечено, но, како се вика тоа! Ние имаме, имаме . . . Мамо, вие знаете каде е шишенцето, во вашата спална, во орманчето десно, таму е големото шише и шарпата . . .

— Веднаш ќе донесам сè, Lise, само не викај, и не вознемирувај се. Гледаш колку храбро ја поднесува својата несреќа Алексеј Фјодорович. А каде сте може-

ле вие толку страшно да се повредите, Алексеј Фјодорович.

Госпоѓа Хохлакова набрзина излезе. Lise само тоа и го чекаше.

— Пред сè, одговорете на прашањето — почна таа брзо да му зборува на Аљоша — каде повелавте така да се раните, а дури после со вас ќе зборувам за нешто сосем друго, па?

Аљоша, чувствувајќи инстинктивно дека за неа времето до враќањето на мајка ѝ е скапо, — ѝ раскажа набрзина, многу работи изоставајќи и скратувајќи, но сепак точно и јасно, за својот загадочен состанок со школските деца. Кога го ислуша Lise плесна со рацете:

— Ама, дали прилега, па уште и во таа облека, да се мешате со дечишта — налутено викна таа, како веќе да има некакво право над него — па тогаш вие и самиот сте дете, сосем мало дете, какво што само може да се биде! Туку, некако сепак распрашајте се за тоа лошо дете, и сè раскажете ми, зашто тука мора да има некаква тајна. А сега, најпрвин прашањето: можете ли вие, Алексеј Фјодорович, и покрај болката, да зборувате за безначајни работи, но да зборувате разумно?

— Можам сосем; а, после, јас веќе и не чувствувам болка.

— Затоа што прстот ви е во водата. Треба веднаш да се промени, зашто ќе се згрее. Јулија, веднаш донеси парче мраз од визбата, и друга чинија со вода. Е, сега си отиде, сега на работата; мил Алексеју Фјодорович, веднаш повелете да ми го вратите моето писмо што ви го испратив вчера, веднаш, зашто секој миг може да дојде мама, а јас не сакам . . .

— Писмото не е кај мене.

— Не е вистина, тоа е кај вас. Знаев дека така ќе одговорите. Тоа ви е во џебот. Многу се каев поради таа глупава шега цела ноќ! Вратете ми го писмото веднаш, дајте го ваму!

— Таму ми остана.

— Ама вие сега не можете да ме сметате за девојче, за мало — малечкаво девојче, по моето писмо со толку глупавата шега. Ве молам за прошка поради таа

глупава шега, но писмото бездруго донесете ми го, ако навистина не е тука кај вас — уште денеска донесете го, секако, секако!

— Денеска не е можно. затоа што ќе одам в манастир и нема да дојдам кај вас два-три дена, можеби и четири, зашто старецот Зосима...

— Четири дена, каква глупост! Слушајте, многу ли ми се смеевте?

— Ни малку не се смеев.

— Зошто?

— Затоа што наполно верував во сè.

— Вие ме навредувате!

— Ни најмалку. Штом го прочитав, веднаш помислив дека така ќе биде сè, зашто јас, откако ќе умре старецот Зосима, ќе морам да излезам од манастирот. Потоа ќе го продолжам учењето и ќе ги положам испитите, а кога ќе дојде времето пропишано со законот, ние ќе се земеме. Јас ќе ве сакам. Иако уште немав време да мислам, но, јас си помислив дека подобра жена од вас не ќе најдам; мене и старецот ми наложува да се оженам...

— Но јас сум улог, мене ме возат во фотелја! — се засмеа Лиза со руменилото што ѝ изби на образите.

— Јас ќе ве возам во фотељата, но сум уверен дека вие ќе оздравите за тоа време.

— Ама вие да не сте луд! — нервозно проговори Лиза; — од таква шега, наеднаш сте извеле таква лудост... А еве ја и мама, можеби добро дојде. Мамо, зошто вие секогаш задоцнувате, зошто се задржавте толку многу! Еве ја и Јулија носи мраз!

— Ах, Lise, не викај, гласно не викај. Мене веќе од тоа твое викање... што можам јас, кога ти самата некаде, на некое друго место си ја оставила шарпата... Барав, барав... мене дури ми се чини дека ти тоа намерно си го направила.

— Па, секако, не знаев дека тој ќе дојде со каснат прст, инаку можеби навистина намерно ќе го направев. Ангелу, мамо, вие почнувате да зборувате необично остроумни нешта.

— Можеби се остроумни, но каква возбуда, Lise, поради прстот на Алексеј Фјодорович — и сето тоа!

Ох, мил Алексеј Фјодорович, мене не ме убиваат подробностите, ниту таму некаков Херценштубе, туку сè заедно, сè во целост. Ете што не можам да издржам.

— Мамо, доста за Херценштубе — весело се смееше Лиза — дајте ја побрзо шарпата, мамо, и водата. Да, тоа се вика бурова вода, Алексеј Фјодорович, сега се сетив како се вика; тоа е одлична облога. Мамо, замислете само тој се тепал со детиштата на улица, и некое детиште го каснало; не е ли, значи, мал, и самиот мал, и дали може тој, мамо, по тоа, да се ожени, зашто тој, помислете си мамо, сака да се жени, мамо. Замислете го него оженет, е, не е ли тоа смешно, не е ли тоа страшно?

И Лиза непрестајно се смееше со својата нервозна ситна смеа, итро гледајќи во Аљоша.

— Ама како да се ожени, Lise, и откаде тоа, и тоа ти е сосем неумесно... А момчето можеби било и бесно.

— Ах — мама! зарем има и бесни деца?

— Зошто да нема, Lise? Ти, секако, мислиш дека јас реков глупост. Вашето момче го каснало бесно куче, тоа станало бесно дете, па сега ќе касне некого од својата околина. Колку убаво ви го намести завојот, Алексеј Фјодорович, јас никогаш не би умеела така. Чувствувате ли сега болка?

— Сега — многу малку.

— А се плашите ли од вода? — праша Лиза.

— Доста, Lise, можеби навистина многу брзоплето го реков тоа за бесното дете, а ти набрзина изведе заклучок. Катарина Ивановна штом слушна дека сте дојден, Алексеј Фјодорович, веднаш дотрча кај мене, таа веќе желно чека, желно чека.

— Ах, мамо! Одете вие сама таму, тој не може да дојде веднаш — тој има страшни болки.

— Ни најмалку, лесно можам да одам... — рече Аљоша.

— Како! Зарем си одите? Зарем вие така? Зарем вие така?

— Зошто? Кога ќе завршам таму, ќе се вратам, па ќе можеме да зборуваме колку што ви е драго. А јас многу би сакал што побрзо да ја видам Катарина Ива-

новна, зашто, во секој случај, сакам, што побргу денеска да се вратам в манастир.

— Мамо, земете го и брзо водете го. Алексеј Фјодорович, немојте да се трудите да доаѓате кај мене по Катарина Ивановна; одете си право во вашиот манастир, добар ви пат! А јас ќе спијам, цела ноќ не сум спиела.

— Ах, Lise, ти само се шегуваш. Но како би било навистина да заспиеш! — викна госпоѓа Хохлакова.

— Јас не знам, со што... јас ќе останам уште едно три минути, а најпосле ако сакате, и пет — промрмори Аљоша.

— И пет! Ама одведете го побрзо, мамо, тој е чудовиште!

— Lise, ти си луда. Да одиме, Алексеј Фјодорович, таа денеска е премногу чудна, се плашам дека и понатаму ја раздразнуваме. О, тешко е со нервозна жена, Алексеј Фјодорович. А, навистина, таа можеби посакала да спие покрај вас. Како можевте толку брзо да ѝ предизвикате дремка? Тоа е голема среќа!

— Ах, мамо, колку прекрасно почнавте да зборувате, ве бацувам, мамичке, за тоа.

— И јас тебе, исто така, Lise. Слушајте, Алексеј Фјодорович — рече госпоѓа Хохлакова таинствено и сериозно со брз шепот, одејќи си со Аљоша — јас нема ништо да ви сугерирам, ниту да ви ја дигнувам завесата, но вие ќе влезете, па и самиот ќе видите сè што се случува таму — тоа е ужас, тоа е најфантастична комедија. Таа го сака вашиот брат Иван Фјодорович, а се уверува себеси со сите сили дека го сака брат ви Дмитриј Фјодорович. Тоа е страшно. Јас ќе влезам заедно со вас, и, ако не ме истераат ќе останам до крајот.

V

Пренапрегнување во салонот

Во салонот разговорот веќе се довршуваше: Катарина Ивановна беше многу возбудена, иако изгледаше решителна. Во моментот кога влегоа Аљоша и госпоѓа Хохлакова, Иван Фјодорович стануваше да си оди. Ли-

цето му беше малку бледо, и Аљоша со неспокојство го погледна. Работата беше во тоа, што тука сега за Аљоша се разјаснуваше едно од неговите сомнежања, една немирна загатка, што го мачи од пред некое време. Уште пред еден месец него неколкупати и тоа од разни страни, го убедуваа дека брат му Иван ја сака Катарина Ивановна, и, што е важно, дека навистина има намера да му ја „преземе“ на Митја. До последно време, на Аљоша тоа му се чинеше невозможно, иако многу го вознемируваше. Тој ги сакаше обата брата, и се плашеше од таквото соперништво меѓу нив. Меѓутоа, Дмитриј Фјодорович отворено му изјави вчера дека дури се радува поради таквото соперништво на братот Ивана, и дека тоа нему, Дмитриј, многу ќе му помогне. А во кој поглед ќе му помогне? Да се ожени со Грушенка? Но таа работа Аљоша ја сметаше за очајничка, и крајна. Освен сето тоа, Аљоша сè до синоќа непоколебливо веруваше, дека Катарина Ивановна страсно и упорно го сака неговиот брат Дмитриј, — но во тоа веруваше до синоќа. И покрај тоа, нему некако секогаш му се чинеше дека таа не може да сака таков човек, каков што е Иван, ами дека го сака неговиот брат Дмитриј, и тоа токму таков каков што е, и покрај сета чудовишност на таквата љубов. Но вчера, во сцената со Грушенка, како наеднаш да му се пристори нешто друго. Зборот „напрегнување“ што токму сега го изговори госпоѓа Хохлакова, го натера речиси да се растрепери, зашто токму таа ноќ, разбудувајќи се скоро пред зорите, тој наеднаш, веројатно, одговарајќи на она што го видел во сонот, изговори: „Напрегнување“, „напрегнување“. А, цела ноќ ја сонуваше вчерашната сцена кај Катарина Ивановна. И сега, отвореното и упорно уверување на госпоѓа Хохлакова дека Катарина Ивановна го сака брат му Ивана, и дека само намерно, заради некаква игра, заради „напрегнување“, се лаже и се мачи себеси со божемна љубов спрема Дмитриј, наводно од некаква благодарност — го вчудовиди Аљоша: „А можеби голата вистина е во тие зборови!“ Но во тој случај, каква е положбата на братот Иван? Аљоша чувствуваше со некаков инстинкт, дека на таквата природа каква што е Катарина Ива-

новна би и било потребно да господари, а би можела да господари само со таков каков што е Дмитриј, а не со таков каков што е Иван. Зашто само Дмитриј (макар и по долго време) би можел, најпосле, да ѝ се покори „за своја среќа“ (што и му пожелуваше Аљоша), но Иван не; Иван не би можел да ѝ се покорѝ, ниту пак таа покорност би му донесла среќа. Таква претстава Аљоша си создаде за Ивана несакајќи. И, ете, сите тие колебања и мисли, му минаа и му светнаа во главата, во моментот кога влегуваше во салонот. Му светна уште една мисла, наеднаш и незадржливо: „А што ќе биде ако таа не сака ниеден од нив — ни овој, ни оној?“ Забележувам дека Аљоша просто се срамеше од таквите свои мисли и се прекоруваше себеси поради нив, кога, во последниот месец, понекогаш ќе му дојдеа во главата: „Не се разбирам од љубов и од жени, па како можам да изведувам такви заклучоци?“ — размислуваше тој, прекорувајќи се себеси, по секоја таква мисла или претпоставка. Меѓутоа, невозможно беше да не мисли. Тој инстинктивно сфаќаше дека сега, на пример, во судбината на двајцата браќа тоа соперништво е премногу важно прашање, од кое и премногу зависи. „Едниот гад ќе го изеде другиот“, — рече вчера братот Иван, зборувајќи налутен за татка си и за брата си Дмитриј. Значи, братот Дмитриј во неговите очи е гад, и можеби веќе одамна гад? Да не е тоа од времето кога братот Иван ја запозна Катарина Ивановна? Тие зборови, се разбира, на Ивана му се испуштија не сакајќи, но се дотолку поважни, што се испуштија несакајќи. Ако е така, тогаш каков е тој мир? Напротив, не се ли тоа нови поводи за омраза и непријателство во нивното семејство? А што е најважно, кого да го жали тој, Аљоша? И што да му пожела на секого од нив. Тој ги сака и двајцата, но што да му пожела на секого од нив меѓу таквите страшни противречности? Во таа збрка човек можеше сосем да се изгуби; а срцето на Аљоша не можеше да поднесува неизвесност, зашто природата на неговата љубов, секогаш беше дејствена. Тој не можеше пасивно да сака: штом ќе засакаше некого, во истиот момент се зафаќаше и да помага. А за тоа е потребно да се постави цел; со сигурност требаше да се

знае што е за секој од нив добро и потребно, за кога ќе се увери во точноста на целта, природно, на секого од нив и да му помогне. Но, наместо определена цел, сè беше чиста нејасност и збрка. „Пренапрегање“ — речено е сега! Но, што можеше тој да разбере, да речеме, и од „пренапрегањето“? Од сета таа збрка, ете, тој не разбра ни збор!

Кога го виде Аљоша, Катарина Ивановна брзо и радосно му рече на Иван Фјодорович, кој веќе беше станат од своето место за да си оди:

Уште еден момент! Останете уште еден момент. Сакам да го слушнам мислењето, еве, на овој човек, на кој му верувам со сето свое битие. Катарина Осиповна, не одете си ни вие, — додаде таа, обрнувајќи ѝ се на госпоѓа Хохлакова. Го седна Аљоша до себе, а Хохлакова, седна отспротива, до Иван Фјодорович.

— Овде сега се сите мои пријатели, сите што ги имам на светов, мили пријатели мои! — пламено почна таа, со глас во кој трепереа искрени страдалнички солзи, и срцето на Аљоша пак наеднаш се сврти кон неа. — Вие, Алексеј Фјодорович, вие вчера бевте сведок на оној ужас и видовте како ми беше. Вие тоа не го видовте, Иван Фјодорович. Тој го виде. Што си помисли за мене вчера, не знам, но знам едно, кога би се повторило истото и денеска, во овој момент, јас би покажала исти чувства, би рекла исти зборови, и би направила истити движења. Вие се сеќавате за моите движења, Алексеј Фјодорович, вие самиот ме задржавте одеднаш . . . (велејќи го тоа, таа поцрвени, а очите ѝ светнаа) Ви велам, Алексеј Фјодорович, дека не можам со ништо да се помирам. Слушајте, Алексеј Фјодорович, јас дури не знам дали го сакам н е г о сега. Тој пред мене стана б е д е н, а тоа е лош доказ за љубовта. Кога би го сакала, кога би го сакала и понатаму, можеби не би го жалела сега, туку напротив, би го мразела . . .

Нејзиниот глас затрепери, а солзите ѝ блескаа на трепките. Аљоша затрепери во себеси: „Оваа девојка е вистинољубива и искрена“, си помисли тој, — „и . . . и таа повеќе не го сака Дмитриј!“

— Така е! Така е! — викна госпоѓа Хохлакова.

— Почекајте, мила Катарина Осиповна, не го кажав главното, не кажав што решив оваа ноќ. Јас чувствувам дека моето решение можеби е ужасно — за мене, но претчувствувам дека веќе нема да го променам за ништо, за ништо, целиот свој живот, и така ќе остане. Мојот мил, мојот добар, мојот секогашен и великодушен советник и длабок познавач на срцето и единствен пријател што го имам на светов, Иван Фјодорович, сè ми одобрува и го фали моето решение... Тој го знае.

— Да, јас го одобрувам — изговори Иван Фјододович со тивок, но решителен глас.

— Но јас сакам и Аљоша (ах, Алексеј Фјодорович, простете ми што ви се обрнав просто со Аљоша) — јас сакам и Алексеј Фјодорович да каже сега, пред обата мои пријатели — дали имам или немам право? Јас имам инстинктивно претчувство дека, вие, Аљоша, брате мој мили (зашто вие сте мој нов брат) — рече таа пак восхитено, зграпчувајќи ја неговата студена рака со својата врела рака — јас претчувствувам дека вашето решение, вашето одобрување, и покрај сите мои маки, ќе ми даде спокојство, затоа што по вашите зборови ќе се стивнам и ќе се смирам — го претчувствувам тоа.

— Не знам за што ќе ме прашате — рече Аљоша со црвено лице — знам дека само ве сакам, и дека во овој момент вам ви пожелувам повеќе среќа отколку себеси!... Но јас воопшто не се разбирам од тие работи... — додаде тој наеднаш поради нешто набрзина.

— Од тие работи, Алексеј Фјодорович, од тие работи сега важно е — честа и должноста, и не знам уште што, но нешто повеќе, можеби повеќе и од самата должност. Мене срцето ми зборува за тоа незадржливо чувство и тоа ме влече незадржливо. Впрочем, сето тоа е во два збора, јас веќе решив: ако тој дури и се ожени со онаа... бестија (започна таа свечено), на која јас никогаш, никогаш не можам да ѝ простам, ј а с н е м а с е п а к д а г о о с т а в а м! Од овој час, јас никогаш, никогаш нема да го оставам! — изговори таа целата преисполнета со некаков блед, изнасилен восхит... — Тоест, немојте да мислите дека ќе се влечкам по него,

дека непрестајно ќе му излегувам пред очи, ќе го мачам — о, не; јас одам во друг град, каде што сакав, но целиот живот, целиот свој живот неуморно ќе го следам. А кога ќе стане несреќен со онаа, а тоа бездруго ќе се случи набргу, тогаш нека дојде кај мене, и во мене ќе најде пријател, сестра... Само сестра, се разбира, и тоа засекогаш така, но најпосле ќе се убеди дека таа сестра е навистина негова сестра која го сака и која му го жртвувала целиот живот. Јас ќе го постигнам тоа, јас ќе се трудам тој да ме запознае, најпосле, и сè да ми доверува, не срамејќи се! — викна таа како надвор од себеси. — Јас ќе бидам неговиот господ на кој тој ќе му се моли — и тој, најблаго речено, и ми го должи тоа поради своето предавство, и поради она што го поднесов за него вчера. И нека види, дека во текот на целиот свој живот, дека во целиот свој век ќе му останам верна нему или на својот еднаш даден збор, иако тој ме излажа и ме изневери. Јас... јас ќе се претворам во средство за неговата среќа (или како да го кажам тоа), во инструмент, во машина за неговата среќа, и тоа за целиот живот, за целиот живот, и тој да го гледа тоа отсега, па сè додека е жив! Ете, тоа е моето решение! Иван Фјодорович тоа ми го одобрува во голема мера.

Таа се гушеше. Можеби сакаше многу подостоенствено, повешто и поприродно да си ја изрази мислата; излезе премногу здржано, и премногу разгалено. Имаше многу младешка нестрпливост; многу нешта беа само одглас на вчерашната раздразнетост и на потребата да се покаже горда. И самата го почувствува тоа. Лицето некако наеднаш ѝ се намурти, изразот на нејзините очи стана непријатен. Аљоша го забележа сето тоа и во неговото срце се раздвижи сожалувањето. Притоа и брат му Иван додаде:

— Јас само ја искажав својата мисла — рече тој. — Кај секоја друга тоа би излегло мачно и изнасилено, а кај вас — не. Друга не би имала право, а вие имате. Не знам како да го образложам тоа, но гледам дека сте искрена во најголема мера, па затоа и сте во право...

— Но само во овој момент... А што има овој момент? Само вчерашната навреда... Ете, што значи овој момент! — не издржа госпоѓа Хохлакова, очигледно не

сакајќи да се меша, но не можејќи да се воздржи, таа наеднаш искажа многу точна мисла.

— Така е, така е — ја прекина Иван некако наеднаш и очигледно налутен дека го прекина во зборувањето — така е, но кај друга тој момент би бил само вчерашниот впечаток, и само впечаток, а со оглед на карактерот на Катарина Ивановна тој момент ќе ѝ се протегне на целиот нејзин живот. Тоа што за другите е само ветување, за неа е вечна, тешка, можеби жална, но неуморна должност. Таа ќе се храни со чувството на исполнета должност. Вашиот живот, Катарина Ивановна, отсега ќе мирува во маченичко посматрање на сопствените чувства, на сопствениот подвиг и на сопствената тага; но подоцна тоа страдање ќе се ублажи, и вашиот живот ќе се претвори во постојано посматрање на еднаш засекогаш исполнетата и горда замисла, навистина горда на свој начин, секако очајничка, но победена од вас; и свеста за тоа ќе ви создаде, најпосле, најцелосно задоволување и ќе ве помири со сите други . . .

Тој го рече тоа, очигледно, со некаква злоба, очигледно намерно, дури можеби и несакајќи да ја скрие својата намера, тоест дека тоа го зборува намерно и со подбив.

— О, господи, колку е погрешно сето тоа! — пак викна госпоѓа Хохлакова.

— Алексеју Фјодорович, кажете и вие, мене ми е многу потребно да знам што ќе ми речете вие! — викна Катарина Ивановна и ѝ затекоа солзи.

Аљоша стана од канабето.

— Тоа не е ништо, ништо! — продолжи таа плачејќи. — Тоа е од растројството од минатата ноќ, но покрај двајца такви пријатели, какви што сте вие и брат ви, јас уште се чувствувам силна . . . зашто знам, вие двајцата никогаш нема да ме оставите.

— За жал, јас утре можеби ќе морам да отпатувам во Москва, и да ве оставам за подолго време . . . И тоа, за жал, е неодложно . . . — рече наеднаш Иван Фјодорович.

— Утре, во Москва! — наеднаш го искриви своето лице Катарина Ивановна — Ах . . . Ах, господи, колку

е добро тоа! — викна таа со глас, што се измени во еден миг и наеднаш избришувајќи си ги солзите, така што од нив не остана ни трага. Во неа навистина за миг се изврши чудна промена, која необично го изненади Аљоша. Наместо навредената девојка, што до пред малку плачеше, раскината од своите чувства — наеднаш се појави жена што наполно владее со себеси, и која е дури необично задоволна со нешто, токму како да се зарадувала од нешто.

— О, не е среќата во тоа што ве губам, се разбира, дека не е — речиси како да сѐ поправаше таа, со отмена љубезна насмевка — таков пријател како вас, не може да го помисли тоа; јас, напротив, премногу сум несреќна што ќе се лишам од вас (наеднаш бурно се спушти накај Иван Фјодорович, и, зграпчувајќи му ги обете раце ,ги стегна со врело чувство), туку, еве, во што е среќата: што вие лично ќе можете во Москва да ѝ ја соопштите на тетка ми Агаша мојата положба, сета стравотија во која се наоѓам, наполно искрено пред Агаша, а највнимателно штедејќи ја мојата мила тетка. Вие не можете да си замислите колку бев несреќна вчера изутрина што не знаев како да им го напишам тоа страшно писмо . . . Зашто, тоа во писмо воопшто не можеше да се изрази . . . А сега ќе ми биде лесно да го напишам писмото, зашто вие лично ќе бидете таму кај нив и сѐ ќе им објасните. О, колку ми е мило! Но, мило ми е само поради тоа, верувајте ми. Инаку, вас лично никој и ништо не може да ве замени . . . А сега трчаница одам да го напишам писмото — довршн таа наеднаш, и веќе зачекори да излезе од собата.

— А Аљоша? А мислењето на Алексеј Фјодорович, кое бездруго сакавте да го чуете? — викна госпоѓа Хохлакова. Зајадлива и лута нота одекна во нејзините зборови.

— Не заборавив — наеднаш застана Катарина Ивановна — а зошто сте толку непријателски расположена спрема мене во овој момент, Катарина Осиповна? — рече таа со горчлив, пламен прекор. — Тоа што го реков — и го потврдувам. Мене ми е потребно неговото мислење, и не само тоа: мене ми треба неговото решение! Како што ќе рече тој, така и ќе биде — ете

во колкава мера жедно ги очекувам вашите зборови, Алексеј Фјодорович... но што станува со вас?

— Јас никогаш не сум мислел, јас не можам да си го замислам тоа! — викна наеднаш тажно Аљоша.

— Што, што?

— Тој патува за Москва, а вие викате дека ви е мило, вие тоа намерно го рековте! А потоа веднаш почнавте да објаснувате дека тоа не ви е мило, туку дека, напротив, уште и жалите што... губите пријател — но и тоа намерно го изведовте... како во театар, во комедија.

— Во театар? Што? Што е тоа? — викна Катарина Ивановна, длабоко вчудовидена, сета пламната и со намуртени веѓи.

— Како и да го уверувате него, дека жалите по него, како по пријател, сепак му велите в очи, дека сте среќна што си оди... — изговори Аљоша, веќе сосем тешко дишејќи. Тој стоеше крај масата и не сакаше да седне.

— Што велите вие, јас не сфаќам...

— Па јас ни самиот не знам... Наеднаш како нешто да ме надахна... Знам дека не е добро што го велам тоа, но јас сепак ќе кажам сè — продолжи Аљоша со ист треперлив и испрекинат глас — а надахнувањето се состои во тоа што вие брат ми Дмитриј можеби никако и не го сакате... уште од почетокот. А и Дмитриј можеби вас воопшто не ве сака... Уште од почетокот... Туку, само ве почитува... Јас, навистина, не знам како смеам да го кажам сега сево ова, но морам некому да му ја кажам вистината, затоа што овде никој не сака да ја кажува вистината.

— Каква вистина? — викна Катарина Ивановна, и нешто хистерично одекна во нејзиниот глас.

— Па, еве, каква — прошепоти Аљоша, како да пропаѓа во бездна — веднаш викнете го Дмитриј — јас ќе го најдам — нека дојде ваму, и нека ве земе за рака, потоа нека го земе за рака брат ми Ивана, и нека ги соедини вашите раце. Зашто вие го мачите Ивана само поради тоа што го сакате... а го мачите затоа

што Дмитриј го сакате сосила, не го сакате вистински, затоа што себеси така сте се уверили... — Аљоша прекина и замолчи.

— Вие.. вие... вие сте мал јуродив, ете што сте вие! — наеднаш пресече Катарина Ивановна, со побледено лице и со усни искривени од бес.

Иван Фјодорович наеднаш се засмеа и стана. Шапката му беше во рацете.

— Ти се лажеш, добар мој Аљоша, — рече тој со израз на лицето, каков што Аљоша дотогаш никогаш не видел на неговото лице, со израз на некаква младешка отвореност, и силна, незадржлива искреност; — никогаш Катарина Ивановна не ме сакала мене! Таа за сето време знаеше дека јас ја сакам неа, иако никогаш ни збор не сум ѝ рекол за мојата љубов — знаеше, но, не ме сакаше. Исто така ниеднаш не сум ѝ бил ни пријател, ни еден ден, на таа горда жена не ѝ било потребно моето пријателство. Таа ме држеше покрај себе заради непрекината одмазда. Таа ми се одмазди за сите навреди што непрестајно и секој момент ги поднесуваше за тоа време од Дмитриј, за навредите од нивниот прв состанок. Зашто нејзе уште првиот нивни состанок ѝ остана во срцето како навреда. Такво е нејзиното срце! За сето тоа време јас не правев ништо друго, туку само слушав за нејзината љубов спрема него. А сега си одам. Но, знајте Катерина Ивановна, дека вие навистина го сакате само него. И колку што тој повеќе ве навредува, дотолку повеќе и го сакате. Поради тоа сте пренапрегната. Вие го сакате токму таков каков што е, го сакате кога ве навредува. Ако се поправи, вие во истиот миг ќе го пренебрегнете и ќе престанете да го сакате. Вам тој ви е потребен, за непрестајно да го посматрате вашиот подвиг на верност и да му префрлате поради неговото неверство. И сето тоа поради вашата гордост. О, тука има многу потчинетост и понижување, но сето тоа е поради гордоста... Знам дека ова не би требало да ви го зборувам дека од моја страна би било подостоинствено просто да си заминам од кај вас, ни за вас не би било тоа толку навредливо. Но јас си одам далеку и никогаш нема да се вратам. Тоа е засекогаш... Не сакам да бидам до пре-

напрегнати, впрочем, веќе не знам ни да зборувам, сè кажав . . . Збогум, Катарина Ивановна, вие не можете да ми се лутите мене, зашто јас сум казнет стопати полошо од вас; казнет сум со самото тоа што веќе нема да ве видам никогаш. Збогум! Не ми треба вашата рака. Вие ме мачевте премногу свесно, за да можам во овој момент да ви простам. Ќе ви простам после, а сега не ми треба вашата рака.

– Den Dank, Dame begehr ich nicht[1]) – додаде тој со искривена насмевка, докажувајќи сосем неочекувано дека и тој може да го чита Шилера, така што да го знае напамет, во кое Аљоша порано не би верувал. Иван излезе од собата и без да се прости со домаќинката, госпоѓата Хохлакова. Аљоша плесна со рацете.

— Иване — викна тој по него, како изгубен — врати се, Иване! Не, не, тој сега воопшто нема да се врати! — викна Аљоша растажен — но јас сум, јас сум виновен, јас започнав! Иван зборуваше пакосно, грдо, неправично и злобно . . . Тој мора да се врати ваму! Ќе се врати, ќе се врати! — викаше Аљоша како поулавен . . .

Катарина Ивановна отиде во другата соба.

— Вие не направивте ништо лошо, вие постапивте прекрасно, како ангел. — брзо и восхитено прошепоти обрнувајќи му се на тажниот Аљоша госпоѓа Хохлакова. — Јас ќе ја употребам сета сила за да не си оди Иван Фјодорович.

Радост блестеше на нејзиното лице, што Аљоша многу го измачуваше. Но Катарина Ивановна се врати наеднаш. Во нејзините раце имаше две банкноти со бои на виножито.

— Имам голема молба за вас, Алексеј Фјодорович, — почна таа, обрнувајќи му се право на Аљоша, со навидум спокоен и одмерен глас, како ништо да не се случило пред малку. — Пред една недела — да, ми се чини, пред една недела — Дмитриј Фјодорович направи еден избрзан и неправичен чекор, многу грд. Тука има едно грдо место, една крчма. Во неа тој се најде со еден офицер во оставка, со капетанот кого татко ви

---

[1]) Мене не ми треба награда, госпоѓо (герм.)

го употребуваше за некакви свои работи. Налутувајќи му се поради нешто на тој капетан, Дмитриј Фјодорович го зграпчи за брадата, и во таква понижувачка состојба пред сите го извади на улица, и на улица долго време го влечеше, и, велат дека детето, син му на капетанот, ученик на овдешното училиште, уште дете, кога го видело тоа, постојано трчало покрај нив и гласно плачело, и се молело за татка си, трчало кај сите, ги молело да го заштитат, но сите само се смееле. Извинете, Алексеј Фјодорович, јас не можам без негодување да се сетам за таа н е г о в а срамна постапка... една од постапките на кои може да се реши само Дмитриј Фјодорович во својот бес... и во своите страсти! Јас не можам ни да го раскажам тоа, не сум во состојба... Не можам јасно да се изразам. Се распрашував за навредениот, и дознав дека е многу сиромашен човек. Неговото презиме е Снегирјов. Тој нешто згрешил во службата, го истерале, не умеам да ви го раскажам тоа, и сега тој со семејството, со несреќното семејство, со болни деца и со жена која изгледа дека е луда, западна во страшна сиромаштија. Тој веќе одамна е овде, во градов, нешто работи, беше некаде писар, а сега наеднаш остана без плата! Јас се сетив за вас... Тоест, јас си мислев — не знам, сè некако се бунам — гледате ли, сакам да ве замолам, Алексеј Фјодорович, добар мој Алексеј Фјодорович, да одите кај него, да најдете некаков изговор, да одите кај нив, тоест кај тој капетан — о, господи, колку се збунувам — па така деликатно, внимателно — онака како што само вие ќе знаете да го направите тоа (Аљоша наеднаш поцрвени) — да му ја дадете оваа помош, овие двесте рубли. Тој, со сигурност ќе ги прими... Тоест, да го наговорите да ги прими. Или не, како би го направиле тоа? Гледате ли, тоа не му е плата за да не се буни, за да не тужи (зашто, изгледа, сакал да тужи на суд, туку просто соучество, желба да му се помогне; од мене, од мене, свршеницата на Дмитриј Фјодорович а не од него. Со еден збор, вие ќе умеете... јас би отишла и сама, но вие ќе умеете подобро од мене. Тој живее во Езерска улица, во куќата на граѓанката Калмикова...

Живи бога, Алексеј Фјодорович, сторете ми го тоа, а сега . . . малку . . . се заморив. Догледање . . .

Таа набрзина се сврти и исчезна пак зад завесите, така што Аљоша немаше ни кога да проговори — а сакаше нешто да каже. Сакаше да моли за прошка, да се обвини себеси, да рече што било, зашто срцето му беше преполно, и никако не сакаше да излезе од собата без тоа. Но госпоѓа Хохлакова, го зграпчи за раката и го изведе. Во претсобјето го запре, како и пред малку.

— Таа е горда, се бори со себеси, но е добра, прекрасна, великодушна! — велеше госпоѓа Хохлакова речиси шепотејќи. — О, колку ја сакам, особено понекогаш, и колку ми е сега мило сè, мило сè! Мил Алексеј Фјодорович, вие и не знаевте за тоа; знајте, значи, дека сите, сите — јас, обете тетки — тој, сите, дури и Lise, еве, веќе цел месец само тоа го сакаме и за тоа го молиме бога, таа, да се разиде со вашиот љубимец Дмитриј Фјодорович, кој нејќе да знае за неа и ни најмалку не ја сака, и да појде за Иван Фјодорович, образован и млад човек, кој ја сака повеќе од сè на светов. Ние, тука ви склопивме цел заговор, и јас, можеби, само затоа не патувам . . .

— Но таа плачеше, пак е навредена! — викна Аљоша.

— Не верувајте им на женските солзи, Алексеј Фјодорович, јас сум секогаш против жените во таков случај, и сум на страната на мажите.

— Мамо, вие го расипувате и го запустувате — се слушна танкиот глас на Лиза од зад вратата.

— Не, јас сум причина за сè, јас сум многу виновен! — повторуваше неутешниот Аљоша во тежок настан на срам поради својот испад, од срам дури си го покриваше лицето со раце.

— Напротив, вие постапивте како анѓел, како анѓел, јас сум готова тоа да го повторам илјадапати.

— Мама, а зошто тој постапи како анѓел? — пак се слушна гласчето на Lise.

— Мене наеднаш ми текна, посматрајќи го сето тоа, — продолжуваше Аљоша, како да не ја слушна

Лиза — дека таа го сака Ивана; и, ете, ја реков таа глупост... и што ли ќе биде сега?!

—Но со кого, со кого? — викна Lise. — Мамо, вие сигурно сакате да ме уморите. Јас ве прашувам, а вие не ми одговарате.

Во тој момент влезе собарицата со трчање.

— На Катарина Ивановна ѝ е лошо... Тие плачат... Хистерија, треперат.

— Што е тоа? — викна Lise веќе со вознемирен глас. — Мамо, сега јас ќе добијам напад, а не таа!

— Lise, жити бога, не викој, и не убивај ме. Ти уште си во години, кога не смееш да знаеш сè што знаат возрасните; ќе дојдам кај тебе и ќе ти кажам сè, што може да ти се соопшти. О, господи! Еве, трчам, трчам... хистерија — тоа е добар знак. Алексеј Фјодорович, прекрасно е што добила напад на хистерија. Токму така и треба. Во таквиот случај, јас секогаш сум против жените, против сите тие хистерии и женски солзи. Јулија, трчај и речи ѝ дека летам. А самата е виновна што си отиде така Иван Фјодорович. Но тој нема да отпатува. Lise, жити бога не викај! Ах, да, не викаш ти, јас викам, прости ѝ на мајкати, но јас сум восхитена, восхитена, восхитена! А дали забележавте, Алексеј Фјодорович, пред малку колку младешки, младешки излезе Иван Фјодорович. — Кажа сè и си излезе! Јас мислев дека тој е учен човек, академик, а тој наеднаш толку пламено, искрено и младешки, неискусно и младешки, и тоа толку е прекрасно — прекрасно, како вас... и ја кажа германската песничка, токму како вас! Туку, јас трчам, трчам. Алексеј Фјодорович, побрзајте, со таа порака, и што побргу вратете се. Lise, да не ти е потребно нешто? Жити бога, не задржувај го Алексеј Фјодорович ни за момент, тој веднаш ќе се врати кај тебе.

Госпоѓа Хохлакова, најпосле, со трчање излезе. Аљоша, пред да се тргне, сакаше да ја отвори вратата на Собата од Lise.

— Никако — викна Lise — сега никако! Зборувајте така, од зад врата. А кога стигнавте вие меѓу анѓелите? Само тоа сакам да го знам.

— Поради страшна глупост, Lise! Збогум!

— Не смеете да си одите така! — викна Lise.

— Lise, имам голема мака, веднаш ќе се вратам, но имам голема, голема мака!

И трчаница излезе од собата.

VI

Пренапрегање во собата

Аљоша навистина имаше голема мака, таква каква што дотогаш ретко почувствувал. Тој отиде со трчање и направи глупост — и тоа во што: во љубовните чувства! „Што разбирам јас од тоа, што можам јас да сфатам од тие работи?“ — си повторуваше во себе, по стоти пат црвенејќи; — „Што се осрамотив, тоа уште не е ништо. срамот е само казна, што ја заслужив — но, несреќата е во тоа што јас сега, секако, ќе бидам причина за нови несреќи... А старецот ме испраќаше да помирам и да зближам! Така ли се зближува?“

Тука тој пак се сети како им ги составуваше рацете, и пак го обзеде срам. „Иако сето тоа го направив искрено, во иднина треба да бидам поумен“ — заврши, и дури си се насмевна на својот заклучок.

Пораката на Катарина Ивановна, беше за улица Езерска. А брат му Дмитриј живееше патем, недалеку од Езерска, во еден сокак; Аљоша реши секако да намине кај него, пред да оди кај капетанот, иако претчувствуваше дека нема да го најде брата си дома. Тој насетуваше дека Митја сега можеби нарочно ќе се скрие од него — но требаше да го најдѐ по секоја цена. Зашто времето си минуваше, а мислата за старецот што умираше, не го напушташе ни за миг, од оној час кога излезе од манастирот.

Во пораката на Катарина Ивановна, откри една околност, што, исто така, необично го заинтересира: кога Катарина Ивановна го спомна малото дете, ученичето, син му на капетанот, оној што, гласно плачејќи, трчал крај татка си, на Аљоша веднаш му текна дека тоа веќе сигурно е ученичето што му го касна прстот кога тој, Аљоша, го испитуваше со што го на-

вредил. Сега Аљоша речиси беше уверен во тоа не можејќи ни самиот да дознае зошто. На тој начин, занесен со споредни мисли, тој се разгали и реши да не „мисли" за „несреќата", што ја направи пред малку, да не се мачи со каење, туку да си ја врши работата, а после: што ќе биде, нека биде! При тие мисли, најпосле се охрабри. Во исто време, кога сврти во сокакот накај братот Дмитриј, и чувствувајќи глад, тој го извади од џебот векничето, што го зеде откај татка си, и го изеде патем. Тоа го поткрепи малку.

Дмитриј не беше дома. Газдите на куќиштето, стариот столар, син му и старицата, жена му — некако сомнежливо гледаа во Аљоша. „Веќе трет ден како не спие дома, можеби отпатувал некаде", одговори старецот, кога Аљоша почна да настојува со прашања. Аљоша сфати дека тој одговара според добиена инструкција; на неговото прашање: „Да не е кај Грушенка, да не се крие пак кај Фома" (Аљоша намерно се послужи со отвореност), сите домаќини дури со страв погледнаа во него. „Тие, значи, го сакаат, му одат по рака", си помисли Аљоша, „тоа е добро".

Најпосле во улицата Езерска ја најде куќата на граѓанката Калмикова, старо искривено куќиште, со само три прозорци кон улицата, со нечист двор, в средината на кој усамено стоеше крава. Од дворот се влегуваше во ходник; од левата страна на ходникот живееше старата газдарица со стара ќерка, и обете изгледаа глуви. На неговото прашање за капетанот, што го повтори неколкупати, едната од нив, најпосле, сфаќајќи дека се прашува за станарите, покажа со прстот кон ходникот, на вратата во собата за издавање.

Станот на капеатнот навистина беше само обична соба. Аљоша веќе ја фати со рака железната квака за да ја отвори вратата, кога наеднаш го изненади необична тишина зад вратата. Тој, меѓутоа, знаеше, според кажувањето на Катарина Ивановна, дека бившиот капетан е семеен човек: „Или сите спијат, или можеби слушнале дека сум дојден, па чекаат да отворам.

Подобро првин да чукнам“ — и тој зачука. Одговор се слушна, но не веднаш, туку можеби по десетина секунди.

— Кој е? — викна некој со силен и намерно лут глас.

Аљоша тогаш ја отвори вратата и го пречекори прагот. Тој се најде во соба, вистина доста широка, но преполна со луѓе, и пренатрупана со секакви домашни пљачки. Од левата страна, беше голема руска печка. Од печката до левиот прозорец, преку целата соба, беше распнато јаже, и на него обесени, разни партали. Од обете страни лево и десно, имаше по една постела, покриена со плетен покривач. На едната од нив, на левата, имаше наредено во куп четири басмени перници. А на другата постела, десно, се гледаше само една многу мала перница. Понатаму, во предниот агол, малечко местенце, преградено со завеса или со чаршав, кој, исто така, беше префрлен преку јаже, распнато пред аголот. Зад таа завеса, се гледаше постела, наместена на клупи, и еден стол доближан до неа. Простата, дрвена, четириаголна селска маса, беше оддалечена од предниот агол накај средното прозорче. Сите три прозорци, секој со по четири мали, зелени, извалкани окна — беа многу матни и сосем затворени, така што во собата беше многу задушно и одвај се гледаше. На масата лежеше тиган со остатоци од пржени јајца, покрај него начнато парче леб, освен тоа, еден полоканик со незначителни остатоци од земската утеха — само уште на дното. Покрај левиот кревет, на стол седеше една жена, што прилегаше на дама, облечена во басмен фустан. Имаше многу испиено лице, жолто; необично пропаднатите образи сведочеа на прв поглед за болната состојба во која се наоѓаше. Но наеднаш Аљоша го стаписа погледот на таа кутра дама — поглед необично зачуден и во исто време ужасно надуен. И сè додека дамата не проговори, и додека Аљоша се објаснуваше со домаќинот, таа сè така надмено и зачудено ги пренесуваше своите големи костенливи очи од еден говорник на друг. Покрај таа дама, до левото прозорче, стоеше млада девојка со доста грдо лице, со костенлива ретка коса,

сиромашки но многу чисто облечена. Таа го изгледа Аљоша гадливо, кога влезе. Од десната страна, исто така, покрај креветот, седеше уште една женска фигура. Тоа беше многу бедно суштество, исто така, млада девојка, на едно дваесет години, но грбава и фатена, со исушени нозе, како што после му кажаа на Аљоша. Патериците ѝ стоеја до неа во аголот, помеѓу креветот и ѕидот. Вонредно убавите и добри очи на таа кутра девојка, го погледаа Аљоша со некаква спокојна кроткост. На масата дојадувајќи ги пржените јајца, седеше господин на едно четириесетипет години, со среден раст, сув, слабо граден, костенлив, со црвеникава ретка брадичка, многу слична на распарана крпа-пачавра (таа споредба и особено зборот пачавра веднаш му се јавија во главата на Аљоша — тој после се сети). Очигледно токму тој господин, викна од зад вратата: „Кој е!“ зашто друг маж во собата немаше. А кога влезе Аљоша, тој како да се откина од клупата, на која седеше на маса, и брзо, бришејќи се со искинатиот пешкир, скокна кон Аљоша.

— Монахот пита за манастирот, погодил кај кого да дојде! — гласно проговори девојката, што стоеше во левиот агол.

Но господинот, што со трчање дојде накај Аљоша, наеднаш се сврти на петиците кон неа, и одговори со возбуден глас, некако испрекинато:

— Не, Варвара Николаевна, не е така, не погодивте! Дозволете да ве прашам од своја страна — се сврти пак тој кон Аљоша — што ве натерало да ја посетите... оваа дупка.

Аљоша внимателно се пулеше во него; тој сега првпат го гледаше овој човек. Имаше на него нешто несмасно, забрзано и раздразливо. Иако беше очигледно дека пиел пред тоа, не беше пијан. Неговото лице изразуваше некаква крајна дрскост, и, во исто време — чудна работа — очигледна страшливост. Прилегаше на човек што долго време се потчинувал и многу страдал, но кој наеднаш би скокнал и би посакал да се покаже кој е. Или, уште подобро, на човек кој многу би сакал да ве удри, но кој многу се плаши дека вие него ќе го удрите. Во неговиот говор и интонаци-

јата на доста остриот глас се насетуваше некаков јуродивски хумор, де зол де страшен, кој не можеше да го издржи тонот, и кој сè сечеше. Прашањето за „дупката" го постави речиси целиот треперејќи, со ококорени очи ,и дојден толку близу до Аљоша што овој и не сакајќи направи чекор назад. Тој господин беше облечен во темно, многу лошо дебело памучно палто, искрпено и сето извалкано. Панталоните на него имаа необично отворена боја, такви какви што одамна никој не носи, на коцки, од некаква многу тенка материја, долу истуткани и поради тоа многу подигнати, така што во нив изгледаше како мало дете што си ја надраснало облеката.

— Јас сум . . . Алексеј Карамазов . . . — рече Аљоша наместо да одговори.

— Одлично можам да сфатам — веднаш пресече господинот, давајќи да се разбере дека нему и така му е познато кој е тој. — А, пак, јас сум капетан Смегирјов, но сепак би сакал да знам, всушност, што ве натерало . . .

— Па јас така наминав. Би сакал, всушност, во свое име да ви кажам еден збор . . . само ако дозволите . . .

— Во тој случај, еве ви стол, повелете заземете место. Така се велеше во старинските комедии: „Повелете заземете место" . . . — и капетанот со брз гест зграпчи еден слободен стол, (прост, селски, дрвен, нетапетиран), и го стави речиси во средината на собата; потоа дофати еден друг ист таков стол за себе, седна спроти Аљоша, сосем до него, така што колениците скоро им се допираа.

— Николај Илич Смегирјов, бивш капетан на руската пешадија, вистина посрамотен со своите пороци, но сепак капетан. Побргу би требало да се каже: капетан Букваерсов а не Смегирјов, зашто јас дури од втората половина на животот, почнав да зборувам со Букваерсите. Буква-ер-с се стекнува при понижуваље.

— Тоа е вистина — се насмевна Аљоша — само дали тоа се стекнува несакајќи или намерно?

— Господ ми е сведок, несакајќи. Не сум зборувал целиот живот со Букваерсите но наеднаш паднав и се

замешав со Букваерсите. Тоа е дело на виша сила. Гледам дека се интересирате за современите прашања. Но со што можев јас да предизвикам толкава љубопитност кај вас, зашто живеам во услови невозможни за гостољубивост.

— Дојдов... по повод на онаа работа...

— По повод на онаа работа? — нестрпливо го прекина капетанот.

— По повод на вашиот состанок со мојот брат Дмитриј Фјодорович — невешто пресече Аљоша.

— А каков состанок? Да не е токму поради оној? Значи, во врска со пачаврата — се наведна тој наеднаш толку што овој пат навистина го удри со колениците Аљоша.

Неговите усни некако посебно се истанчија како конец.

— Каква е таа пачавра? — промрмори Аљоша.

— Тато, тој е дојден да ти се поплаче поради мене! — викна главчето на денешното момче што му беше веќе познато на Аљоша, од зад завесата во аголот. — Јас денеска му го каснав прстот.

Завесата се мрдна, и Аљоша, својот неодамнешен непријател, го виде во аголот од иконите, на постелката наместена на клупи и на стол. Момчето лежеше покриено со своето палтенце и со еден стар памучен јорган. Очигледно тој не беше здрав, и, судејќи по светнатите очи, имаше оган. Го гледаше Аљоша без страв, не како порано, ами како да си велеше „Сега сум, дома — сега не ми можеш ништо".

— Чиј прст си каснал? — скокна од столот капетанот. — Вас ли ви го каснал прстот?

— Да, мене. Изутрина, се тепаше на улица со камења со другите деца; тие шестмина фрлаа, а тој еден. Јас му пријдов, а тој и по мене фрли камен; потоа со еден ме погоди по главата. Го прашав што сум му направил. Тогаш тоа наеднаш се нафрли на мене, и силно ми го касна прстот; не знам зошто.

— Веднаш, ќе го истепам! Овој миг ќе го истепам! — веќе скокна од столот капетанот.

— Ама јас, ни најмалку не се плачам, јас само ви раскажав . . . Никако не сакам да го истепате! Тој сега, изгледа, е и болен . . .

— А зарем вие мислевте дека ќе го истепам? Дека јас Иљушечка ќе го земам и веднаш ќе го тепам пред вас, за да ве задоволам наполно? Веднаш ли го сакате тоа? — рече капетанот, — наеднаш свртувајќи се кон Аљоша така како да сака да се нафрли на него. — Ми е жал, господине, за вашето прсте: но ако сакате, пред да го истепам Иљушенка, јас овие мои четири прста сега веднаш, пред вашите очи, еве, со овој нож, ќе ги скастрам — за да ве задоволам правично. Секако доста ќе ви бидат четирите прста заради задоволување на жедта за одмазда — петтиот нема да го побарате?

Тој наеднаш застана, речиси задушувајќи се. На неговото лице секоја цртичка се движеше и се грчеше, а гледаше необично предизвикувачки. Беше надвор од себеси.

— Јас, изгледа, сега разбрав сè — тивко и тажно одговори Аљоша, седејќи и понатаму. — Значи, вашето синче е добро дете, тој го сака татка си, и ме нападна мене како брат на вашиот навредувач . . . Сега го сфаќам тоа, повтори тој, размислувајќи. Но брат ми Дмитриј Фјодорович се кае поради својата постапка, јас го знам тоа; и ако му се укаже можност да дојде кај вас, или уште подобро да се види со вас на истото место, тој пред сите ќе ве замоли за прошка . . . Ако вие посакате.

— Тоест, му ја искуби брадата и ме замоли за прошка . . . Значи, сè уреди и задоволи, така ли е?

— О, не, напротив. тој ќе направи сè, што ќе барате вие, и , како што ќе барате!

— Да речеме, ако јас сега ја замолам неговата светлост да клекне пред мене во истата крчма — „Престолнина“ — или на плоштадот, тој ќе клекне?

— Да, тој ќе клекне.

— Ме погодивте в срце. Ме расплакавте и ме погодивте в срце. Премногу сум наклонет да ја чувствувам великодушноста на брат ви. Дозволете да ви се претставам целосно: моето семејство, двете мои ќерки,

и мојот син, мојата рожба. Кога ќе умрам, кој ли ќе ги сака? А додека сум жив јас, кој ли ќе ме сака мене, поган, освен нив? Големо нешто уредил господ за секој човек од мојот вид. Зашто потребно е и човекот од мојот вид некој да може да го сака...

— Ах — тоа е наполно вистина! — викна Аљоша.

— Ама престанете веќе еднаш да правите комедија! Вие нас нè срамотите пред секој будала што ќе дојде! — викна неочекувано девојката крај прозорецот, обрнувајќи му се на татка си со гадлив и презрив израз.

— Почекајте малку, Варвара Николаевна, дозволете ми да го одржам правецот — ѝ рече татко ѝ, вистина со заповеднички тон, но гледајќи во неа со полно одобрување. — Таа ми е со таков карактер! — пак се сврти тој кон Аљоша.

— И ништо во целото семејство
тој не сакаше да благослови.

Тоест, би требало во женски род: таа не сакаше да благослови. А сега дозволете да ве претставам и на мојата сопруга: еве ја Арина Петровна, дама без нозе, на четириесет и три години, нозете ѝ одат, но слабо. Од простачко потекло. Арина Петровна разведрете го вашето лице: ова е Алексеј Фјодорович Карамазов. Станете, Алексеј Фјодорович — тој го зеде за рака со сила што можеше да се очекува од него, и наеднаш го дигна — ве претставувам на дамата, треба да станете. Тоа не е оној Карамазов, мамичке, што... хмм и така натаму... туку брат му, кој целиот блести од смирена добродетел. Дозволете, Арина Петровна, дозволете, мамичке, дозволете најпрвин да ви ја бацам раката.

И тој со почит и нежно ја бацн раката на жена си. Девојката крај прозорецот со негодување го сврти грбот при таа сцена; надмено-прашалниот израз на лицето на сопругата на капетанот, наеднаш се измени во необично љубезен.

— Добар ден, седнете, господин Черномазов — рече таа.

— Карамазов, мамо. Карамазов (ние сме од простите), — шепна тој повторно.

— Па, Карамазов, или како било, а јас секогаш Черномазов... Седнете, зошто ве стана? Дама без нозе, вели тој; нозете се тука, само се отечени, како бочви, а јас сум исушена. Порано бев уште како дебела, а сега како да имам голтнато игла...

— Ние сме од простите, од простите — дофрли уште еднаш капетанот...

— Тато, ах, тато! — проговори тогаш грбавата девојка, што досега молчеше на својот стол, и наеднаш си ги покри очите со шамијата.

— Клови! — налутено рече девојката крај прозорецот.

— Гледате како е кај нас — ги рашири рацете мајката, покажувајќи ги ќерките — како да врват облаци; а кога ќе минат облаците, пак ќе настапи нашата музика. Порано, кога бевме офицери, кај нас доаѓаа мнозина такви гости. Господине, јас тоа не го споредувам со оваа работа. Кој кого сака, нека сака. Тогаш дојде една калуѓерка, па вели: „Александар Александрович е човек со најблагородна душа. Настасја, вели, Петровна — таа му е родница на пеколот". „Не, ѝ одговарам јас, тоа зависи од тоа, кој кого го почитува, а ти си — мало смрдливо мочуриште". — А таа, вели: „Тебе треба да те држат во покорност". — „Ах, ти, ти, црна, реков, боцкало, зарем и ти некого ќе учиш!" — „Јас, вели таа, испуштам чист воздух, а ти нечист." — „А прашај ги, реков, сите господа офицери, дали во мене има нечист воздух, или некаков поинаков?" И така тоа од тоа време, ми стои во душава дека тогаш, седејќи еве овде како сега, видов како влезе истиот генерал, што дојде овде на Велигден: „Што е, му велам јас нему, ваше превасходство, дали благородната дама, може слободно да го испушти својот воздух?" — „Ама, одговори тој, вам би требало издишка или врата да ви се отвори, токму затоа што воздухот во вас не е свеж." И ете — сите така! А што им пречи мојот воздух? Од мртвите полошо смрди. „Јас, велам, не го расипувам вашиот воздух; ќе си најдам чевли и ќе си одам." Баќушки, гулапчиња, не прекорувајте ја сопствената мајка! Николај Илич, брате мој, ако јас не сум ти одела по волјата, тогаш

никој не ти одел по волјата; а сега сета радост ми е во тоа Иљушечка да ми дојде од училиште и да ме сака. Вчера ми донесе јаболко. Простете, баќушки, простете ѝ, гулапчиња на сопствената мајка, простете ми мене, самичкàта, што мојот воздух стана толку одвратен!

И кутрата наеднаш горчливо заплака, солзите ѝ бликнаа како дожд. Капетанот, скокум се најде кај неа.

— Мамичке, мамичке, гулапче, доста, доста! Не си ти сама. Ама сите те сакаат, сите те почитуваат! — и тој почна да ѝ ги бацува двете раце, и фати нежно да ја гали по лицето по дланките. Зеде салвета и почна да ѝ ги брише солзите од лицето. На Аљоша му се стори дека и на капетанот му избија солзи. — Е, дали видовте? Дали слушнавте? — наеднаш некако во лутина му се сврти тој на Аљоша, покажувајќи со рака кон кутрата слабоумна жена.

— Гледам, и слушам — промрмори Аљоша.

— Тато, тато! Па зар и со него... Остави го, тато! — викна наеднаш момчето, исправајќи се на својата постелка, и гледајќи го татка си со светнат поглед.

— Ама оставете ги веќе еднаш тие пальачовски работи, тие ваши глупави подбивања, што никогаш не водат кон ништо!... — веќе налутено викна, сè уште од истиот агол, Варвара Николаевна, и дури тупна со ногата.

— Овој пат сосем оправдано повелате толку многу да се лутите, Варвара Николаевна, и јас брзо ќе ве задоволам. А сега, ставете си ја капата на глава, Алексеј Фјодорович а јас ќе си го земам каскетот — и ајде да одиме. Треба да ви кажам едно сериозно зборче, но надвор од овие ѕидови. Ене, девојкана што седи, — таа е мојата ќерка, Нина Ѝиколаевна, заборавив да ви ја претставам — отелотворен анѓел... што се спуштил кај смртните... ако можете тоа да го сфатите.

— Просто целиот се тресе, како да добива грчеви — продолжуваше да негодува Варвара Николаевна.

— А, ене, онаа што тупа по подот со ножичките поради мене, и што пред малку ми префрли дека сум пальачо — таа, исто така, е отелотворен анѓел, — а и

имаше право што ме нарече така. Ајде, Алексеј Фјодорович, треба да се заврши . . .

И зграпчувајќи го за раката, тој го изведе Аљоша од собата право на улица.

VI

И на чист воздух

— Воздухот е чист, а во мојот храм ни најмалку не е свежо; и тоа во секоја смисла. Да одиме, господине, полека. Многу би сакал да ве заинтересирам.

— Јас и самиот имам со вас една важна работа — забележа Аљоша — само не знам како да почнам.

— Како да не знам оти имате работа со мене? Та без работа вие никогаш не би sирнале во мојата куќа. Или навистина дојдовте само за да се поплачете поради малиот? Тоа би било просто неверојатно. А колку за детето, таму не можев сè да ви објаснам, а овде сега ќе ви ја опишам сета сцена. Гледате ли, распаранава пачавра беше погуста пред една недела — ова го зборувам за мојава брадичка; зашто мојава брада учениците ја нарекоа распарана пачавра. Е, значи, ме влече вашето братче Дмитриј Фјодорович за брадата за ништо: побесни, тогаш така јас му дојдов под раката, ме извлечка од меаната надвор; токму тогаш децата се враќаа од училиште, а со нив и мојот Иљуша. Кога ме виде тој во таква положба, се спушти накај мене: — „Тато, вика — тато!“ — се фаќа за мене, ме прегрнува, сака да ме оттргне, му вика на мојот напаѓач: „Пуштете го, пуштете, тој ми е татко, татко, простете му!“ — токму така вика: „Простете“; со ракичките ја фати неговата рака, и така неговата рака ја бацува . . . Се сеќавам какво му беше лицето во тој момент, не заборавив и нема да заборавам! . . .

— Ви се колнам — викна Аљоша, — брат ми на најискрен, на најцелосен начин ќе ви го изрази своето каење, па макар и со клечење пред вас на истиот плоштад . . . јас ќе го натерам на тоа — инаку не ми е брат!

— Аха, значи, тоа е допрва во план. Не потекнува право од него, туку само од благородноста на вашето пламено срце. Веднаш требаше така да се каже. А кога е веќе така, дозволете ми и мене да ви дораскажам за високото рицарско и офицерско благородство на вашето брате, зашто тоа тогаш му дојде до израз. Кога престана да ме влече за „пачаврава", ми рече: „Ти си офицер, и јас сум офицер; ако можеш да најдеш секундант, чесен човек, испрати го — ќе ти дадам задоволување, иако си никаквец!" Ете што ми рече. Навистина, рицарски дух! Тогаш се оддалечивме со Иљуша, а семејната родословна слика засекогаш се запечати во душата на Иљуша. Не, како можеме да останеме благородници! Размислете и самиот, пред малку повелавте да бидете во мојот дворец — и што видовте таму? Три дами, едната без нозе, слабоумна, другата без нозе грбава, а третата со нозе и премногу умна, студентка, бега пак таму, би сакала да оди во Петербург за на брегoвите на Нева да ги брани руските жени. За Иљуша и не зборувам. Има само девет години, самиот е како прст, и ако умрам јас — што ќе стане со таа душа, само за тоа да ве прашам еднаш? А штом е така, тогаш, ако го предизвикам на двобој, и ако ме убие, тогаш, што ќе биде тогаш? Што ќе стане тогаш со сите нив? А уште полошо, ако не ме убие, туку само ако ме осакати: не можам да работам, а устата останува; тогаш кој ќе ја нахрани мојата уста, а кој ќе ги нахрани и сите други? Или Иљушка, наместо на училиште, да го испраќам секој ден на улица да пита? Значи, ете, што значи за мене да го повикам на двобој; тој збор е глупав и ништо повеќе.

— Тој ќе ве моли за прошка, тој пред целиот свет доземи ќе ви се поклони — викна пак Аљоша со пламнат поглед.

— Сакав да го тужам на суд — продолжи капетанот но отворете го нашиот зборник на закони: зарѐм многу задоволување би можел да добијам за личната навреда од својот навредувач? А тогаш одеднаш уште и Аграфена Александровна ме вика, и вели: „Да не си се решил! Ако го повикаш на суд, јас ќе уредам така што да види целиот свет дека те тепал поради

твојата измама, и тогаш тебе самиот ќе те повикаат на суд!“ А еден господ гледа од кого потекна измамата, и по чија наредба јас тука дејствував како ситна боранија — зарем не лично по нејзината, и по наредбата на Фјодор Павлович. „А освен тоа — додаде таа, — засекогаш ќе те истерам и никогаш кај мене веќе не ќе можеш да заработиш. И на мојот трговец ќе му речам (таа така го вика старецот: мојот трговец), па и тој ќе те истера.“ А јас тогаш помислив: ако ме истера уште и трговецот, што ќе правам, кај кого ќе заработувам? Зашто ми останаа уште тие двајца, бидејќи татко ви не само што престана да ми верува, поради една неважна причина, туку уште накупи некакви мои расписки, па сака да ме влече по судовите. Поради тоа јас се смирив, а мојата дупка ја видовте. А сега, дозволете да ве прашам: дали мојот Иљуша изутрина многу ви го гризна прстето? Во дворецот пред нив не можев да се решам да влегувам во таква подробност.

— Да, многу силно, и многу беше налутен. Тој мене како на Карамазов ми се одмаздуваше заради вас, сега тоа е јасно. Но дали сте виделе како се маваат со камења тој и неговите школски другари! Тоа е многу опасно; можат да го убијат; деца се, глупави се, каменот лета, може да му ја скрши главата.

— Па и го удрија — не по главата, туку по градите; над срцето денеска му се познава ударот на каменот, модринка; дојде дома и плаче, јачка, и, ете, сега е и болен.

— А дали знаете дека сите тој прв ги напаѓа, многу е налутен поради вас; велат дека едно дете, Красоткина, изутрина го боцнал со ноже во колкот . . .

— Слушнав и за тоа, опасно е: Красоткин е овдешен чиновник, поради тоа можеби ќе имам и непријатности.

— Јас би ве советувал — пламено продолжуваше Аљоша, — извесно време воопшто да не го пуштате на училиште, додека не се смири . . . и додека не му мине лутината . . .

— Лутина! — прифати капетанот — токму лутина, мало суштество а голема лутина. Вие не знаете сè за тоа. Дозволете ми посебно да го објаснам тој слу-

чај. Работата е во тоа што по настанот сите другари во училиштето почнале да го викаат распарана пачавра. Децата на училиште се немилосрдни: секое посебно — ангел божји, а заедно, особено на училиште, многу често се немилосрдни. Кога почнаа да го закачаат, во Иљуша се разбуди благороден дух. Некое обично дете, некој лош син — би се смирил, би се посрамил од татка си; а овој, за татка си би се нафрлил на сите! За татка си и за вистината, за правдата. Зашто, што ли нè издржа тој тогаш кога на брат ви, му ги бацуваше рацете, и му викаше: „Простете му на моето татенце, простете му на моето татенце" — тоа само еден бог го знае и јас. И, ете, така, нашите деца — тоест, не вашите, туку нашите, децата на презрените во благородни сиромаси, дознаваат за правдата и вистината на земјава уште во својата деветта година. Богатите се далеку од тоа; тие во текот на целиот свој век нема да чувствуваат таква длабина. а мојот Иљуша уште тогаш на плоштадот, кога ги бацуваше рацете, во тој момент ја дозна сета вистина! Во него влезе таа вистина, и го уби засекогаш — пламено и пак како надвор од себеси, изговори капетанот и притоа удри со десната тупаница на левата дланка, како да сакаше очигледно да покаже како го убива „вистината" неговиот Иљуша. — Тој ден имаше треска, цела ноќ бладаше. Целиот тој ден малку зборуваше со мене, само молчеше: но јас забележив: гледа, ме гледа од аголот, и само се врти кон прозорецот, и се прави како да ги учи лекциите, а јас гледам дека нему не му се лекциите во умот. Утредента јас грешник, од мака се напив, па слабо се сеќавам за нешто. Мама, исто така, тогаш почна да плаче — мамичка јас многу ја сакам — па од тага се налокав за последните пари. Господине, вие немојте да ме презирате, кај нас во Русија пијаните луѓе се најдобри. Најдобрите луѓе кај нас се и најпијани. Значи. лежам јас, за Иљуша во тој ден слабо се сеќавам, а тој ден изутрина децата во училиштето почнаа да му се подбиваат: „Распарана пачавра" му викаа — „татко ти за брадичето како добиче го влечеа, а ти до него трчаше и молеше за прошка". Третиот ден ко-

га дојде од училиште гледам сиот се изменил во лицето, побледил. Што ти е — реков. Молчи. Дома немаше смисла да разговараме за тоа, зашто мамичка и девојките, веднаш ќе земат учество — девојките покрај тоа, дознаа што се случи уште првиот ден. Варвара Николаевна фати да мрмори: „Шутови, паљачовци ниедни, вие не сте способни да направите нешто умно?“ — „Имаш право“ — реков — „Варвара Николаевна, може ли кај нас да има нешто умно?“ — па остана само на тоа. Кога се затемни, го изведов детето да прошетаме. Јас и тој, треба да знаете, и пред тоа секоја вечер, одевме на прошетка, по истиов пат, по кој сега одиме јас и вие — од нашата вратичка, па точно до оној големион камен, што на патон лежи како сираче крај плетон, и каде што почнуваат градските ниви: самотно и прекрасно место. Одиме јас и Иљуша, неговото раченце, во мојата рака, како обично; рачето му е ситно, прстињата танки, мраз, — зашто тој страда од градите. „Тато — вели — тато!“ — Што има — му велам јас, а гледам очичките му светат. — „Тато, како можеше тогаш оној, тато!“ — Па што да правам — реков — Иљуша? — Немој да се смируваш со него, ама немој. Учениците велат дека тој за тоа ти дал десет рубли!“ — Не, реков — Иљуша, јас од него никако не би примил сега пари. А детето сето затрепери, ја зграпчи мојата рака во своите рачички, и ја бацува. — „Тато — вели — тато, предизвикај го на двобој, на училиште ми се подбиваат дека си страшливец, и дека нема да го предизвикаш на двобој, ами дека од него ќе добиеш десет рубли.“ — Иљуша, јас не можам да го предизвикам на двобој, — одговарам — и накратко му го излагам сето она што во тој поглед сега ви го изложив вам. Тој ме ислуша: „Тато — вели — тато, сепак немој да се смируваш: јас ќе пораснам, па јас ќе го предизвикам на двобој и ќе го убијам!“ А очите му светкаат, и му горат. Но бидејќи јас сепак сум и татко, требаше да му се каже и збор на вистина: грев е, реков, да се убива, па макар и на двобој. — „Тато — вели — тато, јас ќе го соборам, кога ќе бидам голем, јас ќе му ја избијам сабјата од рацете, со својата сабја, ќе јуришам на него, ќе го кутнам, ќе замавнам на него со сабјата,

па ќе му речам: „Сега би можел да те убијам, но ти простувам, ете ти!“ — Гледате ли, гледате ли господине, каков протест се извршил во неговата главичка за овие два дена: тој и дење и ноќе размислува само за таа одмазда со сабјата, па сигурно и ноќта бладал за тоа. Но фати да доаѓа од училиште многу изнатепан; тоа го дознав завчера; И вие имате право, нема веќе да го испраќам во тоа училиште. Дознав дека самиот станува против целото одделение, дека сите ги предизвикува, се разлутил, срцето му се распалило — па многу се уплашив за него. Пак одиме на прошетка. — „Тато — ме прашува тој мене — тато, дали богатите се појаки од сите на светот?“ — Да, — реков — Иљуша, нема појаки на светов од богатите. „Тато — вели тој — јас ќе се збогатам, јас ќе се збогатам, јас ќе станам офицер, и сите ќе ги истепам, мене царот ќе ме награди, ќе дојдам ваму, и тогаш никој не ќе смее .. .“ Потоа помолчи, а усничките постојано му треперат. — „Тато, — вели — колку лош е нашиов град, тато!“ — Да, — реков — Иљушечка, не е најдобар нашиов град. — „Тато, да се преселиме во друг град, во подобар, каде што никој не нè познава.“ — Ќе се преселиме — реков — ќе се преселиме Иљуша, само да соберам пари. Се зарадував дека со тоа го одвоив од тешките мисли, па почнавме да мечтаеме: како ќе минеме во другиот град, како ќе купиме свое коњче за кола. „Мамичка, и сестричките ,ќе ги ставиме во колата и ќе ги покриеме, а ние ќе одиме покрај колата овде-онде — реков, и тебе ќе те качувам на колата, а јас ќе одам отстрана; велам, треба да се чува коњчето, не можеме сите да седнеме во колата — па ќе одиме така.“ Тој се израдува со тоа, — а најмногу дека ќе има свое коњче. Тоа веќе се знае: руското дете и се раѓа со коњче. Долго време така разговаравме, па си мислам: фала му на бога. го разонодив, го утешив. Тоа беше некнивечер, а синоќа, се покажа веќе нешто друго. Тој изутрината отиде на училиште, а се врати намуртен, многу намуртен. Вечерта го зедов за рака, го изведов на прошетка, молчи не зборува. Излезе некакво ветре, сонцето потемни, се почувствува есента, а веќе почна да се смрачува — одиме а и на двајцата ни е тешко. — „Значи, синко,

дали ќе одиме на пат ние двајца" — реков? — Си мислам божем, ќе го свртам кон вчерашниот разговор. Молчи, само прстињата во мојата рака му затреперија. Ех, си мислам, не чини, има нешто ново. Доаѓаме, еве како сега, до овој камен, седнав јас на тој камен, а по небото летаат балони, фрчат и шушкаат, има едно триесет балони. Зашто сега е сезона на балони. — „Гледаш — реков — Иљуша, би требало и ние да го пуштиме ланскиот балон. Јас ќе ти го поправам, каде ти е?" Малечкиот молчи, гледа во нешто друго, ми се свртил отстрана. Притоа дувна ветар, се дигна прашина... Тој наеднаш се фрли во мене, ми се обеси со рачичките на вратот и ме стегна. Знаете, кога се децата молчаливи и горди, долго време во себе го задушуваат плачењето, но ако наеднаш им наиде голема тага, тогаш солзите од нив избиваат одеднаш и не само што им затечуваат, туку им бликнуваат како поток. Со такви топли солзи ми го накваси сето лице. Горчливо заплака како во грч, се затресе, ме прегрнува и ме стиска кон себе, а јас седам на каменот, „Татенце — вика тој — татенце, мил мој татенце, колку те понижи!" — Тука јас горчливо заплакав, седиме и се тресеме од плач, прегрнати. „Татенце, — вели — татенце"! — „Иљуша — му велам јас — Иљушечка!" Тогаш никој не нè виде, не виде еден бог, сèкако тој, ќе ми го внесе тоа во службениот лист. Благодарете му на брат ви, Алексеј Фјодорович. Не, мојот малечок за ваше задоволство нема да го тепам.

Заврши како порано со зло и будалесто подбивање. Сепак Аљоша почувствува дека капетанот има доверба во него, и дека ако наместо него беше некој друг, со друг овој човек, немаше да сака да „разговара" така, ниту ќе му го довереше она што сега му го довери нему. Тоа го охрабри Аљоша на кого душата му трепереше од солзи.

— Ах, колку би сакал да се помирам со вашиот малечок! — викна тој. — Кога би го уредиле вие тоа...

— Да, да, — промрмори капетанот.

— Но сега не станува збор за тоа, не станува збор за тоа, слушајте — викаше Аљоша и понатаму — слушајте! Имам една порака за вас. Брат ми Дмитриј, ја

навреди и својата свршеница, најблагородна девојка, за која сте слушнале, секако. Јас имам право да ви кажам дека е таа навредена, дури морам така да сторам, затоа што таа, дознала за вашата навреда и разбрала подробно за вашата несреќна положба, па сега ... пред малку, ме замоли ... да ви ја донесам оваа поткрепа од неа ... Но само од неа, а не од Дмитриј, кој ја остави, никако не од него, ниту од мене, неговиот брат, ниту од кој и да е друг, туку од неа, само од неа! Таа ве моли да ја примите нејзината помош ... Вас двајцата ве навреди ист човек ... Таа се сети за вас дури тогаш кога од Дмитриј претрпи иста навреда (по силата на навредата) — како вас. Тоа значи, сестрата на братот му доаѓа на помош ... Таа посебно ме молеше да ве убедам да ги примите од неа овие двесте рубли, како од сестра, зашто знае дека сте во беда. За тоа никој ништо нема да дознае, никакви неправични сплетки не можат да изникнат ... Еве, двесте рубли, и, ви се колнам, — вие треба да ги примите, инаку ... инаку сите на светов би морале да си бидат непријатели еден на друг! Но, секако, на светов има и браќа ... Вие имате благородна душа ... Вие морате да го сфатите тоа, морате!

И Аљоша, му ги подаде двете нови шарени банкноти од по сто рубли. Тогаш стоеја токму кај големиот камен, кај плетот, и околу нив немаше никој. Парите, изгледа, му направија на капетанот страшен впечаток: тој затрепери, но отпрвин, веројатно, само од чудење: ништо слично тој не можеше да очекува, и никако не очекуваше таков крај. За помош, без обзир од кого е, и уште толку голема, тој не сонувал ни на сон. Ги зеде парите, и речиси цела минута не можеше да одговори, нешто сосем ново му помина преку лицето.

— Зарем тоа за мене, за мене? Ова се толку многу пари, двесте рубли! О, господи! Јас веќе четири години не сум видел толку пари — господи! И вели дека ми е сестра ... Ама дали е вистина, дали е вистина тоа?

— Се колнам дека сè што ви реков е вистина! — викна Аљоша.

Капетанот поцрвени.

– Слушајте, гулапче мое, слушајте, ако го примам тоа, нема ли да бидам подлец? Во вашите очи Алексеј Фјодорович, нема ли да бидам, нема ли да бидам подлец? Не, Алексеј Фјодорович, слушнете, слушнете — брзаше тој, допирајќи го Аљоша со обете раце — вие ме убедувате со тоа што нив ми ги испраќа „сестра“, а во душата, во себе — зарем нема да почувствувате презир спрема мене ако ги примам, а?

— Ама не, не! Ви се колнам во моето спасување дека нема! И никој нема да го дознае тоа, никогаш, освен нас: јас, вие и таа, и уште една дама, нејзин голем пријател . . .

— Каква дама? Слушајте, Алексеј Фјодорович, слушајте, зашто сега моментот е таков што треба да се слуша, зашто вие не можете да сфатите што можат да значат за мене овие двесте рубли — продолжуваше кутриот, додавајќи малку-по малку, во некакво збунето, речиси диво восхитување. Како да беше исфрлен од колосек, зборуваше необично брзо и забрзано, како да се плашеше дека нема да му биде дозволено да искаже сè. Освен што е тоа чесно добиено, од толку почитувана и света „сестра“, знаете ли вие дека јас сега можам да ја лекувам и мамичка и Ниночка — моето грбаво ангелче, мојата ќерка? Дојде доктор Херценштубе, поради добрината на своето срце, обете ги прегледуваше цел час: „Не разбирам, вели, ништо!“ — но сепак, минералната вода, што ја има во овдешната аптека (тој ѝ ја пропиша) без сомневање ќе ѝ користи, а и бањско лекување за нозете ѝ препорача. Минералната вода чини триесет копејки, а треба да се испијат можеби цели четириесет бокали. Го зедов рецептот и го ставив на полицата, под иконата, и таму и остана. А нареди Ниночка да ја бањаме во некаков раствор, во некаква врела вода, и тоа секој ден наутро и навечер, а како можеме кај нас да уредиме такво лекување, во нашиот „дворец“, без послуга, без помош, без садови и без вода? А Ниночка ни е сета ревматична, тоа уште не ви го кажав; ноќе ја жега сета десна страна, се мачи и, верувате ли, анѓелот божји, се совладува за да не нè вознемирува; не лелека за да не нè разбуди. А јадеме што било, што ќе се најде; таа пак го

зема најлошото парче, што може само на кучето да му се фрли; „Не вредам јас, ни колку тоа парче, од вас го земам, јас сум ви товар“. Ете што сака да каже нејзиниот анѓелски дух. Ние ја двориме ,а нејзе и е тешко поради тоа: „Не го заслужувам тоа, не го заслужувам, јас сум недостоен сакат човек, непотребна сум.“ А како не го заслужува, кога со сета своја анѓелска кроткост му се молеше на господа: без неа, без нејзиниот тивок и благ збор, кај нас дома би било пекол; дури и Варја — и неа ја ублажи. А Варвара Николаевна, исто така, немојте да ја осудувате, и таа е анѓел, и таа е навредена. Дојде кај нас летоска, а имаше шеснаесет рубли, ги заработи со давање часови, и ги остави за своето враќање за во септември, тоест со нив сега да се врати во Петербург. А ние ѝ ги зедовме парите, па ги потрошивме, и сега нема со што да се врати, ете како е. А не може ни инаку да се врати, зашто ни работи како роб, сме ја впрегнале како магаре, сме ѝ ставиле самар, сите не двори, нè крпи, го мие подот, чисти, ја сместува мамичка во постелата, а мамичка е ќудлива ,а мамичка е плачлива, а мамичка е луда . . . А сега за тие двесте рубли можам да земам слугинка, разбирате ли вие, Алексеј Фјодорович, можам да преземам лекување на моите мили, студентката ќе ја испратам во Петербург, ќе купам говедско, ќе воведам нова диета. Господи, па тоа е сон.

На Аљоша му беше извонредно мило што му причини толку среќа и што кутриот се согласи да биде усреќен.

— Стојте, Алексеј Фјодорович, стојте! — се фати капетанот сега за идејата што му изникна наеднаш, и пак забрза како надвор од себеси — ама дали знаете, дека сега јас и Иљушка, можеби навистина ќе ги оствариме нашите мечти: ќе купиме коњче и кола и тоа црно коњче, тој ме молеше бездруго да биде црно, па ќе тргнеме на пат, како што мечтаевме некни. Јас, во К-ска губернија имам еден познат адвокат, пријател од детството, па преку сигурен човек ми порачуваше: ако дојдам, во канцеларијата ќе ми даде путер со месо.

Којзнае, можеби и ќе даде... Тогаш би ја сместиле на колата мамичка, би ја качиле и Ниночка; Ильушичка ќе го ставам да биде колар, јас пеш, пеш, сите би ги одвлекол... Господи, кога би можел овде да наплатам само еден пропаднат долг, можеби би стигнале пари за сето тоа!

— Ќе биде, ќе биде — викна Аљоша — Катарина Ивановна ќе ви испрати уште, колку што сакате. И, дали знаете, и јас имам пари, земете колку што ви треба, како од брат, како од пријател, ќе ми вратите после... (вие ќе се збогатите, вие ќе се збогатите!). И, знаете ли, никогаш ништо подобро не можете да измислите, освен да се преселите во друга губернија! Во тоа е спасот за вас, а што е главно, за вашиот малечок, и, знаете, што побргу, пред зимата, пред мразовите, па оттаму да ми се јавите со писмо, и да останеме браќа... Не, тоа не е фантазија!

Аљоша веќе сакаше да го прегрне — толку беше задоволен. Но, кога го погледна, наеднаш запре: тој стоеше со истегнат врат, со напрчени усни, избезумен и со побледено лице, и ги местеше усните како нешто да изговора; немаше никакви гласови, а тој непрестајно нешто шепотеше со усните, тоа беше некако чудно.

— Што ви е! — затрепери наеднаш Аљоша.

— Алексеј Фјодорович... јас... вие... — мрмореше и пелтечеше капетанот, чудно, вцашено гледајќи во него со здрвен поглед и со изглед на човек, што решил да се фрли во бездни — и во исто време, небаре смешкајќи се — јас... вие... а како би било сега, да ви покажам, еден хокус-покус! — проговори тој наеднаш брзо и решително, без да запира во зборувањето.

— Каков хокус-покус?

— Така, еден мал хокус-покус. — Сè уште шепотеше капетанот. Устата му се искриви на левата страна, левото око му замижи; тој постојано гледаше во Аљоша, не спуштајќи ги очите од него, како да беше закован за него.

— Ама што ви е вам, каков хокус-покус? — викна Аљоша, сосем уплашен.

— Па еве, каков, видете! — викна капетанот.

И откако му ги покажа обете шарени банкноти, што цело време, во текот на целиот разговор, ги држеше заедно за аголот со палецот и показалецот од десната рака, тој наеднаш, речиси како разбеснет, ги зграпчи, ги стутка, и цврсто ги стегна во тупаницата од десната рака.

— Видовте ли, видовте ли! — викна тој пред Аљоша, блед и надвор од себеси, потоа наеднаш ја подигна нагоре тупаницата, и замавнувајќи колку што можеше силно, ги фрли обете стуткани банкноти наземи; — Видовте ли? — викна пак, покажувајќи на нив со прстот. — Ете ви!

И тогаш, ја дигна десната нога, целиот побеснет, се нафрли на нив и почна да ги гази со петицата, подвикнувајќи и гушејќи се притоа при секој удар со ногата.

— Еве ви ги вашите пари! Еве ви ги вашите пари! Еве ви ги вашите пари! Еве ви ги вашите пари! — најпосле отскокна назад, и се исправи пред Аљоша. Целиот негов изглед изразуваше неискажана гордост.

— Соопштете им на оние што ве испратиле дека и „распарана та пачавра", не ја продава својата чест! — викна тој, протегајќи ги рацете во воздухот. Потоа брзо се сврти, и почна да трча, но немаше истрчано ни пет чекори, кога наеднаш сосем се сврти и му мавна на Аљоша со рака. Потоа пак не претрча ни пет чекори, па се сврти уште еднаш, за последен пат, сега веќе без искривена насмевка на лицето — напротив тоа му трепереше од солзи. Плачејќи, пелтечејќи и липајќи, тој набрзина му викна:

— А што би му кажал на мојот малечок кога би ги примил од вас парите за нашата срамота? — и откако го изговори тоа, почна да бега, сега веќе не свртувајќи се.

Аљоша гледаше по него со неискажлива тага. О, тој сфаќаше дека оној до последниот момент не знаеше оти ќе ги стутка и ќе ги фрли банкнотите. Бегалецот веќе ниеднаш не се сврти, и Аљоша знаеше дека нема да се сврти. Не сакаше да оди по него, и да го вика. И знаеше зошто. А кога овој се изгуби од видот, Аљоша ги крена обете банкноти. Тие беа само многу стуткани, згмечени и згазени во песокот, но сосем здрави, и дури задушкаа како нови, кога ги разви и ги исправаше. Откако ги исправи, тој ги здипли, ги стави во џебот, и отиде кај Катарина Ивановна за да ја извести за успехот на својата задача.

ПЕТТА КНИГА

PRO И CONTRA

I

Свршувачка

Госпоѓа Хохлакова и сега прва го пречека Аљоша. Таа брзаше, се случи нешто крупно: хистеријата на Катарина Ивановна заврши со несвест, потоа настапи „Ужасна, страшна слабост: таа легна, ги вртеше очите, и почна да блада. Сега има оган, испративме по доктор Херценштубе ,испративме и по тетките. Тетките се веќе овде, а Херценштубе го нема. Сите седат во нејзината соба и чекаат. Не се знае што ќе биде, таа е без свест. А што ќе биде, ако е треска!"

Додека го кажуваше ова госпоѓа Хохлакова, изгледаше сериозно уплашена: „Тоа е веќе сериозно!" Додаваше кон секој збор, небаре сè што се случувало порано со Катарина Ивановна не било сериозно. Аљоша ја ислуша со тага во срцето. Почна да ѝ ги излага своите доживувања, но таа го прекина уште кај првите зборови: немаше време, го замоли да поседи кај Lise, и кај Lise да ја причека,

— Lise, најмил Алексеј Фјодорович, му прошепоти таа речиси во увото — Lise пред малку необично ме зачуди, но и ме зарадува, и затоа моето срце сè и простува. Претставете си, само што си отидовте вие, таа наеднаш искрено почна да се кае, што ви се подбиваше вчера и денеска. Но таа не се подбиваше, таа само се шегуваше. И толку сериозно се каеше, речиси до сол-

зи, така што се зачудив. Порано никогаш не се каела сериозно кога ми се смеела мене, туку секогаш во шега. А, знаете, мене постојано мене ми се подбива. А, ете, таа сега сериозно, сега таа многу го цени вашето мислење, Алексеј Фјодорович и ако можете, немојте да се навредите поради неа, и немојте да ѝ забележите. И јас секогаш ја штедам, затоа што таа е толку паметна, верувате ли? Пред малку ми рече дека вие сте биле другар на нејзиното детство, — „најсериозниот другар, на моето детство", — помислете си само, најсериозниот, а што сум јас, во тој поглед, таа има необично сериозни чувства и дури спомени, а што е најважно, тие реченици и зборови, сосем неочекувани зборови, не ги очекуваш, а тие, ете, така, ќе изникнат наеднаш. Неодамна, ете така, на пример, за борот: во градината, во нејзиното рано детство, имаше еден бор, можеби тој сега пак е таму, така што не треба да се зборува во минато време. Боровите не се луѓе, тие не се менуваат долго време, Алексеј Фјодорович. „Мамо — вели — јас за тој бор се сеќавам како во сон" — тоест — „бор, како во сон"[1]) — некако поинаку се изрази, тука има некаква збрка, бор е глупав бор, но тогаш таа ми наприкажа нешто толку оригинално, што јас никако не сум способна да ви го раскажам. А и заборавив. Па, догледање. Многу сум попречена, и по сè изгледа се мрднувам од умот. Ах, Алексеј Фјодорович, досега двапати сум се мрднувала, и сум лекувана. Одете кај Lise. Охрабрете ја, како што вие секогаш прекрасно знаете да го правите тоа. Lise — викна таа, приближувајќи се кон вратата, еве, ти го доведов Алексеј Фјодорович, кого многу го навреди, но тој ни најмалку не се лути, те уверувам, напротив, се чуди, како си можела и да помислиш такво нешто.

— Merci, maman![2]) Влезете, Алексеј Фјодорович.

Аљоша влезе. Lise гледаше некако збунето и наеднаш сета поцрвени. Очигледно таа се срамеше од нешто, па како што станува во таква ситуација, почна

---

[1]) Во оригиналот гласи: „сосну, как со сна — игра на зборови (заб. прев.)

[2]) Благодарам, мамо (франц.)

побргу-бргу да зборува за сосем неважни работи, небаре само тие неважни работи и ја интересираа во тој момент.

— Мама пред малку ми раскажа, Алексеј Фјодорович, за целиот случај околу тие двесте рубли, и за наредбата што сте ја добиле... За тој кутар офицер... Ми го раскажа целиот тој ужасен случај, како бил нанесен офицерот, и, знаете ли, иако мама раскажува многу збркано... сè прескокнува... јас слушав и плачев. Што е, како е, дали ги предадовте парите, и што станува сега со тој кутар човек?...

— Работата е во тоа што не ги предадов; тоа ви е цела приказна! — одговори Аљоша, како да е најмногу загрижен со тоа што не ги предал парите; меѓутоа, Lise многу добро забележи, дека и тој гледа настрана, дека и тој очигледно се труди да зборува за нешто неважно. Аљоша седна на масата, и почна да раскажува, но уште при првите зборови, сосем престана да се стеснува, и, всушност, ја одушеви Lise. Тој зборуваше под влијание на силно чувство и на неодамнешниот необичен впечаток, и успеа сè да раскаже убаво и целосно. И порано, уште во Москва, уште во детството на Lise, љубеше да доаѓа кај неа, и да ѝ раскажува де за нешто што му се случило, некогаш, де за нешто што читал или се сеќаваше за нешто што доживеал во детството. Понекогаш заедно мечтаеја и составуваа цели приказни, повеќето весели и смешни. И сега речиси се пренесоа во некогашното московското време, пред две години, Lise беше необично трогната од неговото раскажување. На Аљоша му дојде по рака со пламено чувство да ѝ го опише ликот на „Иљушенка". А кога ја доврши сцената со сите подробности, како несреќниот човек ги газеше парите, Lise плесна со рацете, и викна со незадржливо чувство:

— Значи не сте му ги предале парите? И така, значи, сте го пуштиле да избега! Господи, па зошто не сте потрчале по него и не сте го стигнале?

— Не, Lise, подобро е што не трчав — рече Аљоша, стана од масата, и загрижено прошета по собата.

— Како подобро? Зошто подобро? Сега тие се без леб, и ќе пропаднат!

— Нема да пропаднат, зашто тие двесте рубли сепак нема да ги заобиколат. Тој, секако, ќе ги земе утре. Утре сигурно ќе ги прими — рече Аљоша, чекорејќи замислен. — Гледате ли, Lise, — продолжуваше тој, запирајќи се наеднаш пред неа, — тука направив една грешка, но и таа грешка се сврти кон добро.

— Каква грешка, и зошто кон добро?

— Па, еве, зошто. Тој човек е страшлив, и со слаба волја. Тој е многу измачен, а е мошне добар. Јас, еве, сега постојано мислам, зошто тој се најде толку навреден, па ги згази парите, зашто ве уверувам, до последниот момент не знаеше дека ќе ги згази. И, гледате ли, мене ми се чини дека за многу работи му беше криво... а не можеше ни да биде поинаку во неговата положба... Пред сè, му беше криво, што пред мене, премногу се зарадува, поради парите, и пред мене тоа не го криеше. Да се зарадуваше, но не многу, и тоа да не го покажеше, да се правеше како да не ги сака, како другите, примајќи ги парите, да се тегавеше — е, тогаш би можел да поднесе, и да ги прими, а вака, многу искрено се израдува, а токму тоа навредува. Ах, Lise, тој е искрен и добар човек, во тоа е сета неволја во таквите прилики! Неговиот глас, додека зборуваше, беше многу слаб, и немоќен, и зборуваше така бргу-бргу, и постојано некако се смешкаше, дури и можеби плачеше... Богами плачеше, толку беше восхитен... И зборуваше за своите ќерки... и за тоа како во друг град ќе добие место. И само што ја излеа сета душа, наеднаш се засрами затоа што ми ја покажа сета своја душа. Затоа веднаш ме замрази. Тој е еден од многу срамежливите сиромаси. А што е најважно, му беше криво што премногу брзо ме прифати како свој пријател, и брзо ми се предаде; пред тоа, ми се нафрлуваше, ме плашеше, а сега, само што ги забележа парите, почна да ме прегрнува. Зашто тој ме прегрнуваше, постојано ме допираше со рацете. И, ете, во таа положба мораше да го почувствува сето тоа понижување, а јас токму тогаш направив грешка, многу важна. Наеднаш му реков: ако му недостигаат пари за селење во друг град, ќе му бидат дадени уште, и дека дури и јас самиот ќе му дадам од моите пари, колку што сака. Ете,

тоа наеднаш го вчудовиди. Зошто дојдов да му помагам? Знаете, Lise, многу е тешко за навредениот човек, кога сите ќе почнат да го гледаат како добротвор и... Јас го слушнав тоа, мене тоа ми го кажуваше старецот. Не знам како да го искажам тоа, но самиот тоа често сум го гледал. Ете, и јас се чувствувам така. Но најважно е, што тој, иако до последниот момент не знаеше дека ќе ги згази парите, сепак го претчувствуваше тоа, сигурно и неговото восхитување беше толку големо, зашто го претчувствуваше тоа... И сега, иако сето тоа е толку грдо, сепак е добро. Јас дури мислам најдобро и подобро не можеше ни да биде...

— Зошто, зошто не можело да биде подобро? — викна Lise, гледајќи го Аљоша со големо чудење.

— Lise затоа што да не ги згазеше, ами да ги земеше парите, кога ќе дојдеше дома, по еден час, можеби ќе заплачеше поради своето понижување; ете, што ќе се случеше сигурно. Ќе заплачеше, па можеби утредента ќе дојдеше кај мене уште пред зори, ќе ми ги фрлеше банкнотите и ќе ги изгазеше како пред малку. А вака си отиде многу горд, и триумфирајќи, иако знае дека „се упропастил". И според тоа, сега нема ништо полесно од тоа да биде натеран да ги прими тие двесте рубли уште утре, зашто својата чест си ја докажа, парите ги фрли, ги изгази... Само не можеше да знае, кога ги газеше, дека утредента ќе му ги донесам пак. Меѓутоа, тие пари му се многу потребни. Иако е сега горд, тој уште денеска ќе мисли за тоа без каква помош останал. Тој ноќеска уште повеќе ќе мисли за тоа, и ќе сонува за тоа, а изутрина веројатно ќе биде готов да потрча кон мене, и да моли да му простам, а тогаш јас пак ќе се појавам: „Ете, ќе му речам, вие сте горд човек, вие го докажавте тоа, а сега земете, и простете ми". И тогаш ќе ги прими!

Аљоша со некој занес изговори: „И тогаш ќе ги прими!" Lise заплеска со рачињата.

— Ах, навистина, ах, јас тоа наеднаш го сфатив! Ах, Аљоша, од каде го знаете сето тоа? Толку млад, а веќе знае што има во душата... Јас никогаш не би се сетила за тоа...

— А што е најважно, тој трєба сега да биде уверен дека со сите нас е на еднаква нога, иако прима пари од нас — продолжи во своето одушевување Аљоша — и не само на еднаква нога, туку на уште повисока нога од нас...

— „На повисока нога!" — прекрасно, Алексеј Фјодорович. Ах, зборувајте, само зборувајте!

— Тоест, јас не се изразив добро... она за повисока нога... Но, сеедно, зашто...

— Ах, ништо, ништо, се разбира тоа не е ништо! Простете, Аљоша, мили... Знаете ли, јас досега не ве почитував многу... тоест, ве почитував, но на еднаква нога, а сега ќе ве почитувам на повисока... Мили, не лутете се, што се правам духовита, — продолжи таа веднаш возбудено. — Јас сум смешна, и недоволно возрасна, но вие, вие!... Слушајте, Алексеј Фјодорович, да не има тука, во сето наше размислување, тоест ваше... не, подобро наше... да не има тука некаков презир спрема него, спрема тој кутар човек... во тоа што ние сега така ја претресуваме неговата душа, како од некоја висина, а? Во тоа што сега ние сосем сигурно заклучуваме дека тој ќе ги прими парите, а?

— Не, Lise, нема презир — решително одговори Аљоша, како да бил веќе подготвен за тоа прашање — јас и самиот размислувам за тоа, идејќи наваму. Размислете, од каде би бил тој презир, кога и ние самите сме такви како него, кога сите се такви како него. Зашто и сите сме такви, не сме подобри. А и кога би биле подобри, сепак би биле такви, исти на негово место... Јас не знам како ви е вам, Lise, но мислам дека јас имам многу ситна душа, а неговата не е ситна, напротив многу деликатна... Не, Lise, нема тука никаков презир спрема него! Знаете, Lise, мојот старец еднаш рече: луѓето треба да се гледаат како деца, а некои од нив како болните во болниците...

— Ах, Алексеј Фјодорович, ах гулапче, ајде да ги гледаме луѓето како болните.

— Можеме, Lise, јас сум за тоа, само не сум сосем подготвен; јас понекогаш сум многу нестрплив, а другпат, пак, не ми гледаат очите. Кај вас веќе е поинаку.

— Ах, не верувам! Алексеј Фјодорович, колку сум среќна!

— Колку е убаво што велите така, Lise.

— Алексеј Фјодорович, чудно, вие сте добар, но некогаш сте ситничар... Меѓутоа, кога ќе погледаш, ни најмалку не сте ситничар. Одете, видете од врата, отворете ја полека и погледајте дали мамичка прислушнува, — рече наеднаш Лиза со некаков нервозен забрзан шепот.

Аљоша отиде, ја подотвори вратата и ѝ рече дека никој не прислушнува.

— Дојдете ваму, Алексеј Фјодорович — продолжи Лиза, црвенејќи сè повеќе и повеќе — дајте ми ја вашата рака, ете, така. Слушајте, јас морам да ви направам едно големо признание. Вчерашното писмо не го напишав на шега, туку сериозно...

И таа си ги покри очите. Се гледаше дека ѝ е многу срам да го признае тоа. Па наеднаш ја зеде неговата рака, и ја бацн трипати.

— Ах, Lise, па тоа е прекрасно! — радосно викна Аљоша. — И јас бев наполно уверен дека сте го напишале сериозно.

— Уверен, што мислите, — наеднаш таа ја потргна настрана неговата рака, но сепак не испуштајќи ја од својата рака, страшно црвенејќи и смеејќи се со ситна, среќна насмевка, — јас му ја бацив раката, а тој вели „прекрасно".

Но, неоправдано му префрлаше. Аљоша, навистина, исто така, беше збунет.

— Јас би сакал секогаш да ви се допаѓам, Lise, но не знам како да го направам тоа — одвај промрмори Аљоша, исто така црвенејќи.

— Аљоша, драги, вие сте ладен и дрзок. Глејте, ве молам! Повела да ме избере за сопруга, и сега е мирен! Тој веќе беше уверен, дека писмото сум го напишала сериозно, глеј го ти него! Па тоа е дрскост — да знаете!

— Па зарем има нешто лошо во тоа, што бев уверен? — се засмеа наеднаш Аљоша.

— Ах, Аљоша, напротив, тоа е многу добро! — нежно и сета среќна го погледна Lise.

Аљоша сè уште стоеше оставајќи ја својата рака во нејзината. Наеднаш се наведна и ја бацн Лиза токму во устенцето.

— Што е тоа? Што ви е! — викна Лиза. Аљоша сосем се збуни.

— Извинете, ако згрешив... Јас можеби многу глупаво... вие рековте дека сум ладен, а јас, ете, станав и ве бацив... Но сега гледам дека излегло глупаво...

Лиза се засмеа и си го покри лицето со раце.

— Па уште и во таа облека! — ѝ се откина низ смеата.

Но наеднаш престана да се смее, и сета стана сериозна, речиси строга.

— Да, Аљоша, уште ќе причекаме со бацувањата, зашто ние уште не умееме да го правиме тоа, и има да чекаме уште многу долго време, – заклучи таа наеднаш. — Подобро кажете, зошто ме земате мене ваква будала, болна, вие толку паметен, толку духовит, со таква дарба за забележување? Ах, Аљоша, јас сум ужасно среќна, затоа што воопшто не ве заслужувам.

— Ме заслужувате, Lise. Деновиве јас сосем ќе излезам од манастирот. Кога ќе излезам во светот, треба да се оженам, го знам тоа. Така ми рече и т о ј. Па која подобра од вас би можел да земам... и кој би ме зел мене, ако не вие? Јас веќе размислував за тоа. Пред сè, вие ме познавате уште од детството, а второ, вие имате многу особини што јас воопшто ги немам. Вие имате повесела душа од мене; вие што е најважно, сте поневина од мене, а јас веќе се имам допрено до многу нешта... Ах, вие не знаете, и јас сум Карамазов. Не е важно дека вие се смеете и се шегувате, па и со мене, напротив, смејте се и шегувајте се, јас љубам така... Но вие се смеете како мало девојче, а во себе мислите како маченица...

— Како маченица? Како тоа?

— Да, Lise, ете, пред малку, вашето прашање: да не има кај нас некаков презир спрема несреќниот човек, затоа што така му ја делкаме душата, тоа е маченичко прашање... Гледате, јас не умеам да го искажам тоа, но, оној кај кого се јавуваат такви праша-

ња, тој и самиот е способен да страда. Седејќи во количката, вие и досега сте морале да размислувате за многу нешта.

— Аљоша, дајте ми ја вашата рака! Зошто ми ја тргате? — проговори Lise со некакво слабо од среќа прималено гласче. — Слушајте, Аљоша, што ќе облечете, кога ќе излезете од манастир, каква облека? Не смејте се, не лутете се, тоа е многу, многу важно за мене.

— За облеката, Lise, уште не сум мислел, но ќе облечам таква, каква што ќе сакате вие.

— Јас сакам да имате темно-сино кадифено палто, бел пикетски елек, и влакнеста, сива, мека шапка... Кажете ми, дали пред малку навистина поверувавте оти не ве сакам, кога се откажав од вчерашното писмо?

— Не, не поверував.

— О, неподнослив човеку, непоправлив!

— Гледате ли, јас знаев дека вие мене... секако ме сакате, но се направив дека врувам оти не ме сакате, за така да ви биде... позгодно.

— Уште полошо од тоа! И полошо и подобро од сè! Аљоша, јас ужасно ве сакам, јас пред малку, пред вашето доаѓање гатав: ќе побарам, реков, да ми го даде вчерашното писмо, па ако го извади спокојно и ми го даде (како што и може да се очекува од него) — тоа, значи, дека не ме сака ни најмалку, ништо не чувствува, туку просто е глупаво и недостојно детиште, а јас сум пропадната. Но вие сте го оставиле писмото во ќелијата, и тоа ме охрабри: дали писмото го оставивте во ќелијата затоа што очекувавте дека јас ќе ви го барам назад, па за да не морате да ми го дадете? Така ли е? Така е, нели?

— Ох, Lise, не е сосем така, зашто писмото и сега е кај мене, а и пред малку беше, еве, во овој џеб, еве го.

Аљоша го извади писмото смеејќи се, и ѝ го покажа оддалеку.

— Само нема да ви го дадам. Гледајте го од моиве раце!

— Што? Па, значи, вие пред малку ме излагавте! Зарем монах да лаже?

— Па да, излажав — се смееше и Аљоша. — Излажав за да не ви го враќам писмото. Тоа ми е многу драго, додаде тој возбудено, и пак поцрвенувајќи, — тоа е сега засекогаш и јас никогаш никому нема да му го дадам.

Лиза го гледаше восхитено.

— Аљоша — зазборува таа пак — видете на врата, дали прислушнува мама?

— Добро, Лиза, ќе видам, само, зарем не би било подобро да не гледаме, а? Зошто да се сомневаме дека вашата мајка е способна за таква нискост?

— Каква нискост? За каква нискост? Зарем тоа што го прислушнува разговорот на својата ќерка, па тоа е нејзино право, а не нискост! — пламна Lise. — Бидете уверен, Алексеј Фјодорович, кога ќе бидам мајка, и кога ќе имам ќерка како мене, јас бездруго ќе прислушнувам.

— Навистина, Lise? Па тоа не е убаво.

— Ах, господи, па каква е таа нискост? Кога таа би прислушнувала некаков обичен, светски разговор, тоа би било ниско, но овде, нејзината сопствена ќерка е затворена со млад човек... Слушајте, Аљоша, јас и вас ќе ве шпионирам кога ќе се венчаме, а знајте го и ова: дека ќе ги отворам и ќе ги читам сите ваши писма... Тоа знајте го однапред...

— Та, се разбира, ако е така... — мрмореше Аљоша — само, тоа не е убаво...

— Ах, каков презир! Аљоша, мил мој, немојте да се караме уште на првиот чекор, подобро да ви ја кажам вистината: се разбира, дека е многу лошо, да се прислушнува, и, се разбира, дека јас немам право, туку дека имате право вие, но сепак јас ќе прислушнувам.

— Можете слободно. Во ништо такво мене нема да ме фатите! — се засмеа Аљоша.

— Аљоша, а дали вие ќе ми се потчинувате мене? И тоа однапред треба да се реши.

— На драго срце — Lise, и бездруго, само не во најважното. Ако не се согласувате во она што е најважно, јас ќе правам, како што ми наложува должноста.

— Така и треба, знајте, значи, дека јас сум готова не само да ви се потчинувам во најглавното, туку и во сè ќе ви попуштам, и уште сега ви се заколнувам за тоа — во сè, и за цел живот — викна Lise пламено — и ќе се чувствувам среќна. Среќна! Па не само тоа, ви се колнам, дека никогаш нема да ве следам, ниеднаш и никогаш, ниедно ваше писмо нема да прочитам, затоа што вие имате право, а јас немам. Иако ужасно ќе сакам да прислушнувам, јас го знам тоа, сепак нема да го правам тоа, затоа што вие сметате оти тоа не е убаво. Вие сега сте како — од небо... Слушајте, Алексеј Фјодорович, зошто сте толку тажен, сево ова време, и вчера и денеска; јас знам дека вие имате грижи, неприлики, но јас гледам, освен тоа, дека имате уште и некаква посебна тага — можеби потајна, нели?

— Да, Lise, имам и потајна тага — таговно проговори Аљоша. - - Гледам дека ме сакате штом го погодивте тоа.

— А каква ви е таа тага? Поради што? Можете ли да ми кажете? — Lise со страв во молбата.

— После ќе ви кажам, Лисе... после... — се збуни Аљоша. — Можеби нема да разберете сега. А сега, ни самиот не би умеел да ви кажам.

— Знам, и дека ве мачат браќа ви, па и татко ви.

— Да, и браќата — проговори Аљоша, речиси замислен.

— Јас, него сакам вашиот брат, Иван Фјодорович, Аљоша, — наеднаш забележи Лиза.

Аљоша таа забелешка ја прими со извесно чудење ,но ѝ обрна внимание.

— Браќата се упропастуваат себеси, — продолжи тој — а и татко ми, исто така. Со себе, ги упропастуваат и другите. Тоа е „земска карамазовска сила", каква што овој пат се изрази отец Паисиј — стихиска, незауздана, сурова... И не знам — дали духот божји стои над таа сила. Знам само дека и јас сум Карамазов... Дали сум монах? Монах? Дали сум монах, Lise? Вие како да рековте овој момент дека сум монах?

— Да, реков.

— А јас, можеби, не верувам ни во бога.

— Зарем вие не верувате? Ама што ви е вам? — тихо и внимателно проговори Лиза.

Аљоша не одговори на тоа. Во тие премногу ненадејни негови зборови, имаше нешто премногу таинствено и премногу лично, што можеби и нему му беше нејасно, но нешто што го мачеше несомнено.

— И сега, покрај сè, мојот пријател си оди, првиот човек на светот ја остави земјата. Кога би знаеле вие, кога би знаеле, Lise, колку сум душевно врзан за тој човек! И, ете, сега ќе останам сам... Кај вас ќе дојдам, Lise... отсега ќе бидеме заедно...

— Да, заедно, заедно! Отсега, секогаш заедно, целиот живот! Слушајте, бацете ме, јас ви дозволувам.

Аљоша ја баци.

— А сега одете си, нека биде со вас Христос! (и таа го прекрсти). Побрзо одете кај н е г о, додека уште е жив. Јас гледам дека свирепо ве задржав. Ќе му се молам денеска на бога за него и за вас. Аљоша, ние ќе бидеме среќни! Дали ќе бидеме среќни, дали ќе бидеме?

— Ми се чини дека ќе бидеме, Лиза.

Излегувајќи од кај Лиза, Аљоша не сметаше дека е потребно да оди кај госпоѓа Хохлакова, и не простувајќи се со неа, излезе од куќата. Но само што ја отвори вратата, и се најде на скалите, којзнае како пред него се создаде госпоѓа Хохлакова. Веќе по првите нејзини зборови Аљоша се сети дека таа тука го чекала намерно.

— Алексеј Фјодорович, тоа е ужасно. Тоа се детски лудости, и сето тоа е сенешто. Се надевам дека нема да ви падне на ум да вообразувате... глупости, глупости и глупости! — му се нафрли таа.

— Само не велете ѝ го тоа, — рече Аљоша — зашто ќе се вознемири, а тоа сега за неа е штетно.

— Слушам умен збор од разумно момче. Дали треба вака да сфатам: дека вие се согласивте со неа само затоа што не сакавте од сожалување спрема нејзината болна состојба да ја разлутите со вашето несогласување?

— О, не. Никако, не! Јас сосем сериозно зборував со неа — цврсто изјави Аљоша.

— Тука не е возможна сериозност, не може ни да се замисли; пред сè, јас веќе никако нема да ве примам, а второ, ќе отпатувам и ќе ја одведам неа, знајте го тоа.

— Ама зошто? — рече Аљоша — тоа е уште толку далеку, ќе треба да чека можеби една годинаипол.

— Ах, Алексеј Фјодорович, се разбира, тоа е вистина, и за таа годинаипол, вие со неа илјадапати ќе се скарате и ќе се разидете. Но јас сум толку несреќна, толку несреќна! Тие работи се ситници, но мене тоа ме уби. Сега јас сум како Фамусов во последната сцена, вие сте Чацкиј, а таа е Софија, и претставете си, јас нарочно дојдов ваму, на скаливе, за да ве сретнам. Сè слушнав, одвај издржав... Ете, значи, каде е објаснувањето на стравотиите пелата овая ноќ и на сите тие нервози! На ќерката љубов, а на мајката смрт. Просто да легнам в гроб... А сега друго и најважно: какво е тоа писмо што ви го напишала, покажете ми го веднаш, веднаш!

— Не, тоа не е потребно, Кажете ми какво е здравјето на Катарина Ивановна, мене многу ми е потребно да го знам тоа.

— Уште блада, уште не дошла на себе; тука се нејзините тетки, и само фучат и надмени се спрема мене, а Херценштубе дојде и толку се уплаши што не знаев што да правам со него и со што да го спасувам — веќе сакав да испратам по лекар. Го одведоа во мојата кола. И наеднаш, како врв на сето тоа, вие со писмото. Вистина, сето тоа ќе биде дури по годинаипол. Живи сè големо и свето, живи старецот што умира, покажете ми го писмото, Алексеј Фјодорович, мене, на мајката! Ако сакате, држете го со прстите, јас ќе го читам од вашите раце.

— Не, нема да ви го покаажм, Катарина Осиповна, дури и да дозволи таа, нема да ви го покажам. Јас ќе дојдам утре, и, ако сакате, со вас ќе разговарам за многу работи, а сега — збогум!

И Аљоша истрча по скалите на улица.

II

Смердјаков со гитарата

А и немаше време. Нему му текна нешто уште кога се простуваше со Lise. Тоа беше: како на највешт начин сега да го фати својот брат Дмитриј, кој очигледно се криеше од него. Веќе беше доста доцна, веќе беше минат два часот по пладне. Со сето свое битие, Аљоша сакаше да оди во манастирот кај својот „велик“ што умираше, но потребата да го види брата си Дмитрија ги победи сите: во главата на Аљоша секој миг јакнеше убедувањето за неминовната, ужасна катастрофа што може да се случи секој час. Всушност, во што се состоеше таа катастрофа, и што сакаше тој во овој миг да му каже на својот брат, можеби ни самиот не знаеше определено да каже. „Мојот добротвор нека умре без мене, но барем нема да се прекорувам себеси целиот век дека сум можел нешто да спасам а не сум спасил, дека сум минал покрај, сум брзал за дома. Постапувајќи така, ќе постапам според неговиот голем збор . . .“

Планот на Аљоша се состоеше во тоа да го фати брата си Дмитриј одненадеж, и тоа вака: да се префрли, како вчера, преку плетот, да влезе во градината, и да заземе пусија во сеницата. „Ако го нема таму — си мислеше Аљоша, — тогаш, не јавувајќи му се ни на Фома, ни на газдарицата, ќе се скрие и ќе чека во сеницата макар и до стемнување. Ако Дмитриј, како порано, го демне доаѓањето на Грушенка, тогаш многу лесно може и да дојде во сеницата“ . . . Впрочем, Аљоша не размислуваше многу за подробностите на својот план, но реши да го изврши, па дури и ако не стигне денеска во манастирот.

Се сè случи без пречки: тој мина преку плетот, речиси на истото место како вчера, и скришум се провлече во сеницата. Не сакаше да го забелеажт. И газдарицата, и Фома (ако е тука) би можеле да бидат на страната на брат му, и да ги слушаат неговите наредби, значи, или Аљоша да не се пушти во градината, или братот навреме да го известат оти го бараат и пра-

шуваат каде е. Во сеницата немаше никого. Аљоша седна на своето вчерашно место и почна да чека. Тој ја разгледуваше сеницата. Поради нешто му се стори многу постара одошто вчера. Овојпат му се стори многу грда. Впрочем, денот беше ведар како вчера. На зелената маса имаше останато еден мал круг од вчерашната чашка со коњак, која веројатно се имаше прелеано. Како секогаш за време на здодевното очекување, во главата му доаѓаа празни мисли без врска: на пример, зошто тој, влегувајќи сега ваму, седна токму на она место на кое седна вчера, и зошто не на друго место? Најпосле го обзеде некаква голема тага поради неизвесноста што го вознемируваше. Но тој не седеше ни четврт час кога наеднаш, некаде многу блиску, слушна акорд на гитара. Некој седеше или токму во овој момент седна, на едно дваесет чекори од него, воопшто не подалеку, некаде зад грмушките. На Аљоша наеднаш му светна низ главата мислата дека вчера, кога си одеше откај брата си, од сеницата, забележа, или моментно му се јави пред очите, меѓу грмушките, од левата страна кај плетот, некаква градинарска, зелена, сниска стара клупичка. На неа веројатно и сега седеа гости. Но кои? Еден машки глас наеднаш испеа една строфа сладникаво, извештачено високо, придружувајќи се со гитара:

Со непобедлива сила
сврзан сум со милата.
Господи помилуј нѐ
Мене и неа!
Мене и неа!
Мене и неа!

Гласот запре. Лакејски тенор и лакејско извивање во пеењето. Друг, сега веќе женски глас, рече љубезно и скоро со страв, но со некакво галење:

— Зошто ве нема толку долго време кај нас, Павел Фјодорович, зошто непрестајно нѐ презирате?

— Ништо — одговори машкиот глас, вистина учтиво, но, пред сѐ, со упорно и решително достоинство.

Се гледаше дека главниот збор го имаше машкото, а жената му се умилкуваше.

„Машкото — веројатно е Смердјаков“ — си помисли Аљоша — „барем судејќи по гласот, а дамата — таа најверојатно е ќерката на газдарицата што е дојдена од Москва, носи фустан со шлеп, и доаѓа по супа кај Марфа Игнатјевна...“

— Јас ужасно го сакам секој стих ако е убаво составен — продолжуваше женскиот глас. — А зошто не продолжите?

Гласот повторно запеа:

Царска круна права
саканата да е здрава.
Господи поми-и-луј нѐ
Неа и Мене!
Неа и Мене!
Неа и Мене!

— Минатиот пат беше поубаво — забележи женскиот глас. — Порано пеевте за круната: „Мојата миличка да е здрава“. Така излегуваше понежно, денеска веројатно сте заборавиле.

— Стиховите се глупости, — пресече Смердјаков.

— Ах, не, јас многу сакам стихови.

— Штом е стих, тоа е вистинска глупост. Размислете и сама: веќе никој на светов не зборува во стихови. Кога би почнале да зборуваме во стихови, па макар тоа да е и по наредба на власта, зарем би можеле многу да се искажеме? Не, Марја Кондратјевна. Стиховите не се ништо умно.

— Колку умен сте вие, колку се разбирате од сѐ! — сѐ повеќе се умилкуваше женскиот глас.

— Јас би можел и повеќе, јас и повеќе би знаел да не е мојата судбина од моето рано детство. Јас на двобој со пиштол би го убил оној што би ми рекол дека сум подлец затоа што произлегувам од Смрдливата и сум без татко. А во Москва тоа ми го пикаа под нос: одовде преку Григориј Василевич се има пренесено тоа. Григориј Василевич ми префрли дека јас се бунам против моето раѓање. „Ти, вели, ѝ ја раскина утробата на мајка ми“. Па добро утробата, но јас би се согласил да ме убиеја уште во утробата на мајка ми, само никогаш да не се појавував на светов. На пазар се збо-

руваше, а и мајка ви, поради својата голема неделикатност, исто така ми раскажуваше дека мојата родителка имала колтун[1]) на главата, а била висока само два аршина и малкуцка повеќе. А зошто малкуцка, кога може да се каже просто малку повеќе, како што вели целиот свет. Но сакаше да каже трогателно, а тоа е така да се каже, селанска трогателност, обични селански чувства. Може ли рускиот селанец, да има чувства како образованиот човек? Поради својата необразованост, тој не може да има никакво чувство. Уште од самото детство, кога ќе го слушнев понекогаш тоа „малкуцка" ми идеше да нападнам со нож. Сета Русија ја мразам, Марја Кондратјевна!

— Кога би биле воен академец, или младо гусарче не би зборувале така, ами би ја ваделе сабјата и би ја бранеле сета Русија.

— Јас не само што не сакам да бидам гусарче, Марја Кондратјевна, туку сакам, напротив, уништување на сите војници.

— А кога ќе дојде непријателот, тогаш кој ќе нè брани?

— Ама тоа не е потребно. Во дванаесеттата година имаше голема наезда на Русија императорот Наполеон француски први, татко на денешниот, и камо среќа да нè покореа токму тие Французи, умна нација би покорила многу глупава, а би ја присоединила кон себе. Сосем поинаков ред би имало.

— Па зар тие таму се подобри од нашите? Богами, јас по некој наш фодул не би дала ни за три млади Англичани! — нежно проговори Марја Кондратјевна, веројатно следејќи ги во исто време своите зборови со наивен женски поглед.

— Кој како што обожава.

— А вие и самиот како да сте странец, како некаков благороден странец, велам, а ми е срам.

— Ако сакате да знаете, во развратот и тамошните и нашите — се слични. И едните и другите се неранимајковци, разликата е само во тоа што оној тамошниот оди во лачени чизми, а нашиот никаквец во

[1]) Гнојно заболување на косата.

својата голотија смрди, и ништо лошо не наоѓа во тоа. Рускиот народ треба да се мава, како што правилно вчера рече Фјодор Павлович, иако тој е нетокму, како и сите негови деца.

— Па, Ивана Фјодоровича — тоа го рековте и самиот, — вие многу го почитувате.

— А тие за мене се изразија, дека сум смрдлив слуга. Тие сметаат дека јас можам да се побунам, но тука се лажат, само да имав јас во џебот извесна сума, одамна немаше да бидам овде. Дмитриј Фјодорович е полош од кој и да е слуга, и со однесувањето, и со умот, а и со својата сиромаштија, и ништо не знае да работи, а напротив сите го почитуваат. Јас сум, да речеме, само „чорбар", но јас, ако имам среќа, во Москва можам да отворам кафе-ресторан на Петровка. Зашто јас готвам специјални јадења ,а во Москва никој освен странците, не може да служи специјални јадења. Дмитриј Фјодорович е голтар, а нека го повика на двобој најпрвиот грофовски син, и тој ќе му излезе, а по што е тој подобар од мене? По тоа што е извонредно поглупав од мене. Колку пари има растурено без никаква потреба.

— На двобој мора да е убаво — забележи наеднаш Марја Кондратјевна.

— А зошто?

— Па така, страшно и храбро, особено кога младите офицерчиња со пиштоли во рацете пукаат еден на друг поради некоја. Просто сликичка. Ах, кога и девојките би ги пуштале да гледаат ,јас ужасно би сакала да видам такво нешто.

— Добро е кога нишани самиот, но кога го нишанат него во муцката, тогаш тоа е најглупаво чувство. Би побегнале од тоа место, Марја Кондратјевна.

— А дали би побегнале вие?

Но Смердјаков не ја удостои со одговор. По моментното молчење, пак се разнесе акорд, и фалсетот почна да ја пее последната строфа:

Колку да се трудев,
Сега да си одам,
И да имам живо-о-от

Сладок в голем град!
Јас нема да жалам,
Никогаш да жалам,
Дури не мислам воопшто да жалам!

Тука се случи нешто неочекувано: Аљоша наеднаш кивна; тие на клупата веднаш замолчија. Аљоша стана, и отиде накај нив. Тоа навистина беше Смердјаков, облечен како конте, со помада на лицето, со исколмувана коса, во лачени чевли. Гитарата лежеше на клупата. А дамата беше Марја Кондратјевна, ќерката на газдарицата; фустанот на неа отворено син, со шлеп од два аршина; девојката уште беше млада, и немаше да биде грда, но имаше прекумерно тркалесто и многу дамчесто лице.

— Дали ќе се врати наскоро брат ми Дмитриј? — рече Аљоша, колку што можеше поспокојно.

Смердјаков полека стана од клупата, стана и Марја Кондратјевна.

— Од каде би можел јас да бидам известен за Дмитриј Фјодорович; друга работа би било кога би служел кај него како чувар! — одговори Смердјаков тивко, јасно и небрежно.

— Па јас само просто прашав, дали знаете — објасни Аљоша.

– Ништо не знам за нивниот престој, а, всушност, и не сакам да знам.

— А брат ми посебно ми рече дека токму вие го известувате за сè што се случува во куќата, и дека сте му ветиле оти ќе му јавите ако дојде Аграфена Александровна.

Смердјаков го префрли на Аљоша погледот полека, и рамнодушно.

— А како повелавте овој пат да влезете кога вратата веќе цел час е затворена со резе? — праша тој, внимателно гледајќи во Аљоша.

— Дојдов од улицата преку плетот, право во сенипата. Се надевам, вие ќе ме извините поради тоа — ѝ се обрна тој на Марја Кондратјевна, мене ми беше потребно што побргу да го најдам брат ми.

— Ах, како би можеле ние да ви се налутиме! — завлече Марја Кондратјевна, на која ѝ ласкаше што Аљоша ѝ се извинува. — И Дмитриј Фјодорович често на ист начин доаѓа во сеницата; ние и не знаеме, а тој веќе седи во сеницата.

— Јас сега толку го барам, и толку би сакал да се најдам со него, или од вас да дознам, каде се наоѓа сега. Верувајте ми дека тоа е поради една за него многу важна работа.

— Тие не нè известуваат — рече умилкувајќи се Марја Кондратјевна.

— Иако овде доаѓам само поради познанството — почна повторно Смердјаков, — но тие и овде нечовечно ме измачуваа со постојано прашување за господинот: и можам ли нешто друго да им соопштам освен тоа како се тие, кој доаѓа кај нив и кој си оди од кај нив. Двапати дури и со смрт ми се заканија.

— Како тоа со смрт? — се зачуди Аљоша.

— Па зарем тоа нешто значи за нив, со нивниот карактер, што и самиот вчера повелавте да го видите. Велат, ако ја пропуштам Аграфена Александровна, и таа овде прекоќи — ми, велат, прв ти нема да бидеш жив. Многу, се плашам од нив, и кога не би се плашел од нешто полошо, би требало да му јавам на општинскиот суд. Еден бог знае што можат тие да произведат.

— Некои му рекол: „Во толчник ќе ве истолчам" — додаде Марја Кондратјевна.

— Е, штом рекол во толчник, тогаш можеби е само разговор... — забележи Аљоша. — Кога би можел да го најдам сега, јас би му рекол нешто и за тоа...

— Ене само што можам да ви соопштам — како наеднаш да' се присети Смердјаков. — Јас ваму доаѓам, заради секогашното соседско познанство, а и како да не доаѓам? А од друга страна, Иван Фјодорович изутрината, штом се раздени, ме испратија кај нив во станот, во нивната улица Езерска, без писмо, ами усно да му порачам на Дмитриј Фјодорович бездруго да дојдат во овдешната гостилница, на пазарче, за да ручаат заедно. Јас отидов, но Дмитрија Фјодорович, не

го затекнав во нивниот стан, а веќе беше осум часот. „Тука беше — ми велат — но сега нема ни трага од него“ — со тие зборови ми соопштија нивните газди. Како меѓу нив да постои обостран заговор. Можеби тој во овој момент седи во таа гостилница со братот Иван Фјодорович, зашто Иван Фјодорович не дојдов дома на ручек, а Фјодор Павлович, ручва пред еден час, и сега легнал да се одморат. Но најпокорно ве молам, за мене, и за тоа што ви го соопштив, да не кажувате ништо, зашто тие ќе ме убијат за ништо.

— Брат ми Иван го викал Дмитрија денеска во гостилницата? — брзо препраша Альоша.

— Токму така.

— Во гостилницата „Престолнина“, на пазарче?

— Токму во неа.

— Тоа е многу можно! — викна Альоша, силно возбуден. — Ви благодарам, Смердјакове, таа вест е важна, веднаш одам таму.

— Немојте да ме предадете, — изговори по него Смердјаков.

— О, не, во гостилницата ќе влезам божем случајно, бидете мирен.

— Па не одете таму, јас ќе ви го отворам вратичето — викна Марја Кондратјевна.

— Не, одовде е поблиску, пак ќе се префрлам преку плетот.

Таа вест многу го потресе Альоша. Тој се упати во гостилницата. Беше незгодно да влезе во облеката во која се наоѓаше, но да праша за Иван на скалите, и да ги предизвика, тоа беше можно. Но само што се приближи до гостилницата, наеднаш се отвори еден прозорец ,и брат му Иван, оттука му викна:

— Альоша, можеш ли да влезеш таму кај мене? Ќе ми искажеш голема љубов.

— На драго срце, само да не е незгодно во оваа облека.

— Па јас сум, токму како нарочно, во посебна соба, мина низ тремот, јас ќе те подземам . . .

По една минута Альоша седеше до брата си. Иван беше сам и ручаше.

III

Браќата се запознаваат

Но Иван не беше во засебна соба. Тоа беше само место крај прозорецот, оградено со параван, но сепак другите не моежа да ги гледаат оние што седеа зад параванот. Таа соба беше веднаш до влезот, со бифе крај ѕидот отстрана. Тука секој момент поминуваа келнери. Од гости имаше само едно старче, пензиониран офицер, кој во аголот пиеше чај. Сета вообичаена гостилничарска трчаница беше во другите соби, се слушаше повикување на келнери, отворање на пивски шишиња, чукање на билијарските топки, ѕунење на вергл. Аљоша знаеше дека во таа гостилница Иван немаше дојдено речиси никогаш, и дека воопшто не беше љубител на гостилници; значи, овде се најде — си помисли тој — само за да се состане по пораката со братот Дмитриј. Меѓутоа, брат му Дмитрија го немаше.

— Ќе ти порачам рибина чорба, или нешто друго, секако не живееш само од чај? — викна Иван, очигледно многу задоволен, што го издемнил Аљоша. Тој веќе го имаше довршено ручекот и пиеше чај.

— Дај чорба, а после дај ми чај, гладен сум — весело проговори Аљоша.

— А слатко од вишни? Има овде. Се сеќаваш ли, како мал, кај Поленов, колку сакаше слатко од вишни?

— Зарем ти уште се сеќаваш? Дај и слатко, јас и сега го сакам.

Иван ѕвони за да дојде келнерот и порача чорба, чај и слатко.

— Јас не се сеќавам, Аљоша; се сеќавам за тебе, до твојата единаесетта година, тогаш јас имав петнаесет, петнаесет и единаесет, — тоа е таква разлика што браќата во тие години никогаш не стануваат другари. Не знам дури ни дали сум те сакал; кога отидов во Москва, првите години воопшто не се сеќавав за тебе. После, кога дојде во Москва, изгледа, се видовме еднаш некаде. А овде, еве, живеам четврти месец, и

сè до денеска јас и ти, нè ѓме прозборувале ни збор. Утре си одам, и си мислев пред малку, овде седејќи: како би можел да се најдам со него, да се простиме, а ти токму наиде.

— А многу ли сакаше да се видиш со мене?

— Многу. Сакам да се запознам со тебе еднаш засекогаш. А и тебе да те запознам со мене. И со тоа да се простиме. Според мене, најдобро е да се запознаваш пред разделба. Видов како ме гледаше сиве овие три месеца; во твоите очи, имаше некакво непрестајно очекување, а јас не го сакам токму тоа, затоа и не ти пристапив. Но на крајот се научив да те почитувам: ова, човече реков, стои цврсто. Обрни внимание, Аљоша, иако се смеам, сега зборувам сериозно. Ти цврсто стоиш, нели? Јас таквите, цврстите, ги сакам, без обѕир на што стојат, и макар што се такви, мали момчиња, каков што си ти. Твојот исчекувачки поглед, најпосле ни најмалку не ми беше непријатен: напротив, најпосле, го засакав твојот исчекувачки поглед. Ти мене, изгледа, ме сакаш поради нешто, Аљоша.

— Те сакам, Иване! Брат ми Дмитриј вели за тебе: Иван е гроб! Јас велам за тебе: Иван е загатка. Ти и сега за мене си загатка, но веќе нешто разбрав кај тебе, и тоа од изутрина.

— А што е тоа? — се засмеа Иван.

— Нема ли да се налутиш? — се засмеа и Аљоша.

— Па?

— Па, ете, тоа, дека ти си исто такво момче како и сите други момчиња од дваесет и три години, толку млад ерген, свежо и добро момче — дури и непораснато момче! Секако, не те навредив многу?

— Напротив, дури ме изненади со точноста! — весело и пламено викна Иван. — Дали веруваш дека јас, по нашиот неодамнешен состанок кај неа, мислев само за тоа, за таа своја дваесетитригодишна непораснатост, а ти сега тоа наеднаш го погоди сосем точно, и токму со тоа и почна. Ете, овде седев, и знаеш ли што зборував со себеси: кога не би верувал во животот, кога би се разочарал во поглед на саканата жена, кога би ја изгубил верата во редот на нештата, кога напротив би се уверил, тоест, дека сè е проклѐт и ѓаволски хаос,

кога би ме строшиле сите стравотии на човечкото разочарување — јас сепак би имал волја да живеам; и така сум се прилепил за тој пехар, што нема да се откинам од него, додека не го испијам докрај! Впрочем, кога ќе имам триесет, сигурно ќе го фрлам пехарот, дури и ако не сум го испил докрај, и ќе заминам — не знам каде. Но, до својата триесетта година, тоа го знам со сигурност, мојата младост ќе победи сè — секое разочарување, секоја одвратност спрема животот. Многупати сум се прашувал: дали постои на светов таков очај, што да може да ја победи во мене таа страстна, па можеби и недостојна жед за живот, и заклучив дека божем, нема ништо такво; тоест, до триесетите години; а после, нема веќе ни самиот да сакам, така ми се чини. Таа жед за живот, некои туберкулозни лигуши-моралисти, го наречуваат често низок, особено поетите. Таа црта донекаде е Карамазовска, тоа е вистина. Таа жед за живот по секоја цена сигурно постои и во тебе, но зошто да е ниска? На нашава планета има уште многу центрипеталии сили, Аљоша. Ми се сака да живеам и живеам, па макар и против логиката. Дури и да не верувам во редот на нештата на овој свет, мене ми се мили лепливите листенца напролет, што почнуваат да се развиваат; мило ми е синото небо; мил ми е по некој човек, кого понекогаш — дали ќе ми веруваш — и самиот не знам зошто, ќе го засакам; мило ми е по некое големо и благородно човечко дело, во кое можеби веќе одамна сум престанал да верувам, но сепак по старата навика, во срцето го почитувам. Еве ти ја чорбата — ти ја донесоа, јади — нека ти е наздравје! Чорбата е прекрасна, овде добро готват. Јас сакам да одам во Европа, Аљоша, и ќе заминам; но гледаш ли, јас знам, дека ќе одам само на едни гробишта, но на најмилите гробишта, ете! Таму лежат мили покојници, секој камен над нив раскажува за пламенот на изминатиот живот, за страсната вера во своето дело, во својата вистина, во својата борба, и во својата наука — така што јас, тоа го знам однапред, ќе паднам наземи и ќе го бацувам секој камен, и ќе плачам над него — но воедно од сесрце сум убеден дека сето тоа, одамна се само гробишта и ништо по-

веќе. И нема да плачам од очај, туку просто затоа што ќе бидам среќен поради пролеаните солзи. Ќе се занесам со мојата сопствена трогнатост.. Ете, ги љубам лепливите пролетни лисја и синото небо! тоа не е разум, тоа не е логика, тоа е утроба, сакам одовде — од дното на битието, ја сакам мојата прва млада сила... Сфаќаш ли ти нешто од оваа моја бесмислица, Алошка? — наеднаш се засмеа Иван.

— Премногу добро сфаќам, Иване; сакаш да љубиш со утробата и од дното на душата — тоа го рече прекрасно, и мене ми е многу мило дека љубиш да живееш — викна Алоша. — Јас мислам дека сите, пред сè на светот, треба да го засакаат животот.

— Да го засакаат животот — повеќе отколку неговата смисла?

— Бездруго така. Да го засакам пред логиката, како што велиш ти, бездруго пред логиката, дури тогаш ќе му ја сфатам и смислата. Ете, тоа јас веќе одамна го нaсирам. Ти, ја сврши половината своја работа, Иване; ти сакаш да живееш. Сега треба да се погрижиш за втората половина, и спасен си.

— Ти ме спасуваш, а јас, можеби, и не пропаѓам! А во што се состои таа твоја втора половина?

— Во тоа, што треба да се воскреснат своите мртовци, што можеби никогаш и не се умрени. Но дај ми го чајот. Многу ми е мило што разговараме, Иване.

— Гледам, ти си некако надахнат. Јас многу сакам вакви professions de foi,[1]) еве, од вакви... искушеници. Алексеј, ти си цврст човек. Вистина ли е дека сакаш да излезеш од манастирот?

— Вистина е. Мојот старец ме испраќа во светот.

— Ќе се видиме пак, значи, во светот, ќе се сретнеме до триесеттата година, кога ќе почнам да ја одвојувам устата од пехарот. Ете, нашиот татко не сака да се одвои од својот пехар до седумдесеттата година, дури мечтае и до осумдесеттата, самиот велеше така, кај него тоа е премногу сериозно, иако е шут. Потонал во разврат и цврсто стои зад тоа... иако, вистина, по триесеттите години и нема човек во што друго да по-

[1]) исповедувања на верата (фр.)

тоне, освен во тоа... Но до седумдесет, тоа е ниско, подобро до триесет: човекот може да зачува „сенка на благородство“ залажувајќи се себеси. Си го видел ли денеска Дмитрија?

— Не, не сум го видел, но го видов Смердјакова

И Аљоша, му раскажа на брата си, на брза рака и подробно за својата средба со Смердјаков. Иван наеднаш почна многу загрижено да слуша, а за понешто дури и препраша.

— Само ме молеше да не му кажуваме на братот Дмитриј за тоа што го кажуваше за него — додаде Аљоша.

Иван се намурти и се замисли.

— За Смердјакова ли се налути? — праша Аљоша.

— Да, за него. Туку, по ѓаволите, а навистина сакав да се видам со Дмитриј, но сега не треба... — рече Иван без задоволство.

— А навистина ли толку брзо си одиш, брате.

— Да.

— А што ќе стане со Дмитрија и со татета? Со што ќе завршат работите меѓу нив? — вознемирено проговори Аљоша.

— Ти тоа па тоа! Што ми е грижа мене? Јас не сум му чувар на брат ми Дмитриј, така де! — наврапито рече Иван, но наеднаш некако горчливо се насмевна.

— Каиновиот одговор на бога за убиениот брат, нели? Можеби тоа го мислиш сега? Ама, по ѓаволите, секако нема да останам кај нив, за да им бидам чувар? Си ги завршив работите, па си одам. Да не мислиш дека сум љубоморен на Дмитрија, дека сиве овие три месеца сум му ја преземал убавицата Катарина Ивановна? Ех, по ѓаволите, јас си имав свои работи. Работите ги завршив, па сега си одам. Пред малку ги завршив работите, ти беше сведок.

— Она, кај Катарина Ивановна?

— Да, кај неа, и наеднаш расчистив. А што да правам? Што ми е мене грижа за Дмитриј? Дмитриј нема никаква врска со тоа. Јас имав мои сопствени работи со Катарина Ивановна. Ти и самиот знаеш, напротив, дека Дмитриј се однесуваше така како да има

заговор спрема мене. Јас ни најмалку не го молев, туку тој неа свечено ми ја предаде, и ме благослови. Навистина, смешно! Не, Аљоша, не, кога би знаел ти колку лесно се чувствувам сега! Седев, еве овде, и ручав, и дали ми веруваш, веќе сакав да порачам шампањско, да го прославам мојот прв час на слобода. Пхи, скоро половина година — и наеднаш, со еден потег, сè симнав од себе. Но, дали вчера можев и да насетам дека, кога сака, човек тоа може да го сврши без мака!

— За твојата љубов ли зборуваш, Иване?

— Љубов, ако сакаш, да. Сè имав заљубено во госпоѓицата, во институтката, се мачев со неа, и таа ме мачеше мене. Лебдев над неа... И наеднаш сè летна. Она пред малку го зборував надахнато, а кога излегов, почнав да се смеам — ми веруваш ли во тоа? Да, јас зборувам буквално.

— Ти и сега го велиш тоа, така, весело — забележа Аљоша, загледувајќи се во неговото лице, кое навистина наеднаш се разведри.

— Па од каде можев да знам, дека воопшто не ја сакам! Хе, хе! И, ете, излезе дека не ја сакам. А колку ми се допаѓаше! Колку ми се допаѓаше до пред малку, кога го држев говорот. Или, знаеш ли, и сега страшно ми се допаѓа — меѓутоа, толку е лесно да се оди од кај неа! Ти мислиш дека се фалам.

— Не! Само можеби тоа и не било љубов.

— Аљоша, — се засмеа Иван — не впуштај се во расправи за љубовта! Тоа не ти прилега тебе. Сети се само за твојот скорешен истап! Јас заборавив да те бацам за тоа... А да знаеш само колку ме мачеше! Навистина, тоа беа маки и страдања. Ох, таа знаеше дека ја сакам! А и таа ме сакаше мене а не Дмитрија — весело уверуваше Иван. — Дмитриј, — тоа е само мачење. Сè што ѝ зборував денеска — е чиста вистина, но, во тоа најважна работа е што нејзе можеби ѝ требаат петнаесет или дваесет години, за да се досети дека воопшто не го сака Дмитрија, туку дека ме сака само мене, што ме мачи! Впрочем, таа никогаш нема да се сети, и покрај сите денешни лекции. Најпосле, и подобро: станав и си отидов засекогаш. Навистина, што прави таа сега? Што стана таму откога си отидов јас?

Аљоша му раскажа за настапот на хистерија, и рече дека таа, веројатно, е надвор од себеси, и блада.

— А, не лаже ли Хохлакова?

— Веројатно не лаже.

— Во тоа треба да се увериме. Впрочем, никој никогаш не умрел од хистерија. А, најпосле, и ако е хистерија, господ ѝ испратил хистерија на жената, затоа што ја сака. Јас веќе нема да одам таму. Зошто да се наметнувам!

— Но ти денеска ѝ рече дека таа тебе никогаш не те сакала.

— Тоа го реков намерно. Аљошка, да порачам шампањско, па да се напиеме по некоја за мојата слобода. Ах, да знаеш, колку ми е мило!

— Не, брате, подобро да не пиеме — рече Аљоша — освен тоа, јас сум и некако тажен.

— Да, ти си одамна тажен, јас одамна го гледам тоа.

— Ти, значи, навистина ќе заминеш утре изутрина?

— Изутрина? Не реков изутрина . . . Впрочем, можеби и изутрина. Ми веруваш ли, овде ручав денеска само за да не ручам со старецот, толку одвратен ми стана. Веќе само поради него одамна би си отишол. А зошто ти толку се вознемируваш дека си одам? Ние имаме уште којзнае колку време до заминувањето. Цела вечност, бесмртност!

— Па штом патуваш утре, каква е таа вечност?

— А што не интересира мене и тебе? — се засмеа Иван. — Зашто ние сепак ќе имаме време да разговараме за нашата работа поради која дојдовме ваму. Зошто ме гледаш така со чудење? Одговарај: зошто се состанавме овде? Да зборуваме за љубовта спрема Катарина Ивановна. За старецот и за Дмитриј? За Европа. За кобната положба на Русија? За царот Наполеон? Нели заради тоа?

— Не, не заради тоа.

— Значи, сфаќаш зошто. Оние другите имаат едно, а нам, на непораснатите, ни останува друго — нам, пред сè ни е потребно да ги решиме вечните прашања, тоа е нашата грижа. Сета млада Русија сега расправа само за вековечните прашања. И тоа токму

сега, кога старците сите одеднаш се нафрлиле да се занимаваат со практични прашања. Зошто ти, сиве овие три месеца, ме гледаше така, со исчекување? За да ме прашаш: „Како веруваш, или можеби воопшто не веруваш?“ — ете, на што се сведуваат вашите тримесечни погледи, Алексеј Фјодорович, не е ли така?

— Па, речиси така е — се насмевна Аљоша. — Брате, да не ми се потсмеваш сега?

— Зарем јас да се смеам? Како би можел јас да го разжалостам своето батенце што во мене гледаше три месеци со такво исчекување? Аљоша, погледни право: и јас сум во сè исто такво мало момче како тебе, само што не сум искушеник. Зашто што прават до денеска руските момчиња? Тоест некои? Ете, на пример, овдешната смрдлива гостилница, а тие се состанале, седнале во аголот. Целиот живот не знаеле еден за друг, а кога ќе излезат од гостилницата, пак четириесет години нема да знаат еден за друг, па што мислиш, за што ќе расправаат тие, штом ќе грабнат таков момент во гостилницата? Само за световни прашања: дали има бог, дали има бесмртност? а оние што не веруваат во бога, е, тие почнуваат да зборуваат за социјализмот и за анархизмот, за преобразбата на целото човештво на нов начин, а тоа ти е ист ѓавол, сите тие прашања се исти само од друг крај. И множество, множество најоригинални руски момчиња, не прават ништо друго, туку расправаат за вековечните прашања. Не е ли така?

— Да, за вистинските Руси прашањата: дали има бог и дали има бесмртност, или како што велиш ти, прашањата од другиот крај, се разбира, се првите и најдиректни прашања, а така и треба — рече Аљоша, сè уште со истата тивка и испитувачка насмевка загледувајќи се во брата си.

— Еве што, Аљоша: понекогаш ни малку не е умно да бидеш Русин, но не може ни да се замисли нешто поглупаво од она со кое сега се занимаваат руските момчиња. Но, едно руско момче, Аљоша, јас многу го сакам.

— Колку убаво го изведе тоа! — наеднаш се засмеа Аљоша.

– Па, значи, кажувај, со што да почнеме, заповедај! Со бога ли? Дали постои бог, ли?

— Со што сакаш со тоа почни, макар и со „од другиот крај". Зашто, вчера кај татко ми изјави дека нема бог, — Аљоша го погледна брата си, испитувачки.

— Вчера на ручек кај старецот, јас намерно тебе те докачав со тоа, и видов како ти пламнаа очињата. Но сега ни најмалку не се противам пак да разговарам со тебе и тоа многу сериозно. Сакам да се зближам со тебе, Аљоша, зашто јас немам пријатели, сакам да се обидам. Е па, замисли си, можеби и јас го прифаќам бога — се насмевна Иван — не се надеваше, нели?

— Да, се разбира, само ако не се шегуваш и сега.

— Да се шегувам? Вчера кај старецот рекоа дека се шегувам. Гледаш ли, драги мој, дека во осумнаесеттиот век, имало еден стар грешник кој рекол: ако нема бог, треба да го измислиме, s'il n'existait pas Dieu il faudrait l'inventer. И навистина човекот го измисли бога. Но тоа не е необичното, ниту е чудно што господ навистина постои, туку е чудно што таквата мисла — мислата за неопходноста од бог — би можела да залута во главата на толку диво и лошо животно какво што е човекот, таа е толку света, толку трогателна, толку премудра, и толку му служи на чест на човекот. Колку до мене, јас одамна сум решил да не мислам за тоа, дали човекот го создал бога, или бог човека. Се разбира, нема да ги претресувам во тој поглед сите современи аксиоми, на руските момчиња, кои сите до еден, се изведени од европските хипотези; зашто, тоа што е таму хипотеза, кај руското момче, веднаш е аксиом; и тоа не само кај руските момчиња, туку дури и кај нивните професори, зашто и руските професори кај нас многу често се исти како руските момчиња. Затоа, значи, ги заобиколував сите хипотези. А сега, каква задача имаме јас и ти? Нашата задача е во тоа, што побрзо да си ја објаснам сета суштина, тоест, каков човек сум јас, во што верувам, и во што се надевам — така ли е? Нели? И затоа ти изјавувам дека го прифаќам бога непосредно и просто. Меѓутоа, еве што треба да се забележи: ако господ

постои и ако тој навистина ја создал земјава, тогаш, како што ни е наполно познато, тој ја создал неа според геометријата на Евклид, а човековиот ум го создал само со претставата за три димензии на просторот. Меѓутоа, имало, а има дури и сега, геометри и филозофи, дури и најистакнати, кои се сомневаат, оти сета вселена, или уште пошироко, дека сето битие било создадено само според геометријата на Евклид, и се осмелуваат да фантазираат дека две паралелни линии, кои според Евклид, воопшто не можат да се сретнат на земјава, можеби се состануваат некаде во бесконечноста. Драги мој, јас заклучив вака: штом не можам ни тоа да го сфатам, тогаш како да го сфатам бога? Скромно признавам, дека немам никакви способности за решавање на такви прашања, јас имам евклидовски, земски ум, и затоа не е наше да решаваме за она што не е од овој свет. И тебе те советувам никогаш да не мислиш за тоа, пријателе Аљоша, а пред сè, да не мислиш за бога: дали го има, или го нема. Сите тие прашања, му се сосем несвојствени на умот, создаден со поимот само на трите димензии. Значи, јас, го прифаќам бога на драго срце, и не само тоа: ја прифаќам и премудроста и неговата цел, кои ни се наполно непознати; верувам во редот, во смислата на животот, верувам во вечната хармонија, во која наводно ќе се слееме сите, верувам во „зборот", кон кој се стреми сета вселена и кој „беше од бога" и кој самиот е бог, и друго, и така натаму во бесконечност. Во врска со тоа луѓето имаат искажано многу зборови. Значи изгледа дека веќе сум на добар пат — нели? Но замисли си сега, јас, во крајна линија, да не го прифаќам овој божји свет, знам дека постои, но никако не го признавам. Тоа не значи дека не го прифаќам бога, сфати го тоа, туку не го прифаќам светов што го создал тој, не го прифаќам. нити можам да се согласам да го прифатам. Да објаснам; убеден сум, како дете, дека сите страдања ќе оздрават и ќе минат, дека целата непријатна комика на човечките противречности ќе исчезне, како бедна фатаморгана, како гнасна измислица, на немоќниот и ситниот, како атом, човеков евклидовски ум; дека, најпосле, во вселенското

финале, во моментот на вечната хармонија, ќе се случи и ќе се појави нешто толку скапоцено, што ќе го има доста за сите срца, за задоволување на сите негодувања, за откупување на сите човечки злосторства, за сета крв што ја пролеале тие . . . Ќе го има доволно не само за да се прости, туку и да се оправда сè што им се случило на луѓето — нека, нека се збидне сето тоа и нека се појави, но јас не го прифаќам тоа, ниту сакам да го прифатам. Дури и ако се сретнат човекот и паралелните линии, и дури ако самиот го видам тоа: ќе го видам и ќе речам дека се сретнале, но сепак нема да го прифатам. Ете, тоа е мојата суштина. Аљоша, тоа е мојата теза. Ова ти го изнесов сериозно. Намерно го започнав разговорот вака глупаво, но го доведов до исповед, затоа што само таа ти е потребна. Тебе не ти требаше тоа за бога, туку ти беше потребно да дознаеш со што живее твојот сакан брат. И јас ти кажав.

Иван ја заврши својата долга тирада со некаква посебна, неочекувана возбуда.

— А зошто започна „вака глупаво“? — праша Аљоша, замислено гледајќи во него.

— Ама, пред сè, макар само поради русизмот: руските разговори за таа теза се водат така што поглупаво не може да се водат. А второ, колку поглупаво, толку поблиску до работата. Колку поглупаво, толку појасно. Глупоста е кратка и не е досетлива, а умот мрда и се крие. Умот е подлец, а глупоста е искрена и чесна. Јас работата ја терав до очај, и колку поглупаво ја изнесов, толку поповолно е за мене.

— Ќе ми објасниш ли зошто „не го прифаќаш овој свет“ — рече Аљоша.

— Па се разбира дека ќе ти објаснам, не е тајна, тоа и ми беше целта. Братче мое, јас не сакам да те расипам, ниту да те поместам од твоето упориште — со тебе можеби сакам да се излекувам себеси, — се насмеа наеднаш Иван, како сосем мало, кротко момче. Никогаш досега Аљоша не видел на него таква насмевка.

IV

Бунт

— Морам нешто да ти признам — почна Иван — никогаш не можев да сфатам како може човек да ги сака своите ближни. Токму ближните, според моето сфаќање, не е можно да се сакаат, туку можеби само далечните. Јас имам читано некогаш некаде за „Јован Милостивиот" (еден светец), како тој, кога му дошол гладен и измрзнат дошлак, па го молел да го згрее, легнал заедно со него в постела, го прегрнал и фатил да му дише во загноената уста, која смрдела поради некаква страшна болест. Убеден сум дека тоа го правел со внатрешно мачење, со лажна изнасиленост, поради љубовта што му ја наложувала должноста, и поради покорноста што си ја наметнал себеси. За да можеме да го засакаме човека, потребно е тој да се скрие, а штом ќе го покаже своето лице, — љубовта си оди.

— За тоа не еднаш зборуваше и старецот Зосима — забележи Аљоша — и тој велеше дека лицето на човека на мнозина, во љубовта уште неискусни луѓе, често им пречи да сакаат. Но има и многу љубов во човештвото, и речиси слична на Христосовата љубов, јас го знам тоа, Иване...

— Јас уште не го знам тоа, ниту можам да го сфатам, а и безбројно множество луѓе исто така. Зашто прашањето е: дали тоа потекнува од лошите особини на луѓето, или просто оттука што им е таква природата. Според моето сфаќање, Христосовата љубов спрема луѓето, на земјава е своевидно невозможно чудо. Вистина ,тој бил бог. Но ние не сме богови! Јас, да речеме, на пример, можам длабоко да страдам, друг никогаш не може да дознае во колкава мера јас страдам, затоа што тој е друг а не јас; освен тоа, човек ретко ќе се согласи да признае друг за страдалник (како тоа да е некаков чин). А зошто не се согласува да признае, што мислиш? На пример, затоа што од мене се шири лош здив, што имам глупаво лице, затоа што некогаш сум му згазнал на ногата. Освен тоа, има страдање и

страдање. Ниските прашања, оние што ме понижуваат, гладот, на пример, — тоа уште и ќе го дозволи кај мене мојот добротвор, но штом е страдањето повозвишено, на пример, за идејата — не, тоа можеби само ретко ќе го допушти, затоа што, на пример, ќе ми се испули па наедваш ќе види дека јас воопшто немам такво лице какво што, според неговата фантазија, би требало да има човек што страда за таква и таква идеја. И тогаш ме лишува од своите добри дела, и дури не поради лошо срце, питачите, особено благородните питачи, никогаш не би требало лично да се покажуваат, туку да питаат преку весниците. Апстрактно уште и може да се сака ближниот, па дури понекогаш и оддалеку, но одблизу, речиси, никогаш. Кога сè би било како на сцена, како во балет каде што питачите, излегуваат во свилени партали и испокинати тантели и молат за помош грациозно играјќи, тогаш човек уште и може да ги гледа со уживање. Да ги гледа со уживање, но пак да не ги сака! Туку, доста за тоа! Мене ми беше потребно само да те доведам на твоето гледиште, јас сакав да зборувам за страдањето, за човештвото воопшто, но подобро да се задржиме само на страдањата на децата. Тоа десетнати ќе ја намали силата на моите аргументи, но подобро за децата. Дотолку понезгодно за мене, се разбира. Но, прво и прво, децата може да ги сакаш и одблизу, дури и гнасни, дури и со грдо лице (мене, впрочем, ми се чини дека децата никогаш немаат грди лица). Второ, за големите нема да зборувам и затоа што кај нив, освен што се одвратни, и не ја заслужуваат љубовта, постои и одмазда: тие „го изедоа јаболкото", го запознаа доброто и злото, и станаа „како богови". И го јадат и сега. А дечињата ништо не изеле, и засега уште не се виновни за ништо. Љубиш ли ти дечиња, Аљоша? Знам дека љубиш, и затоа ќе ти е јасно зошто само за нив сакам да зборувам. Тие на земјава многу страдаат, се разбира поради татковците, затоа што се казнети поради своите татковци, кои го изеле јаболкото, — но тоа е размислување од другиот свет, него не може да го сфати срцето на човекот овде наземи. Зашто, како може невинот да страда за друг, па уште толку невин! Мо-

жеш да ми се чудиш, Аљоша, но јас многу ги сакам дечињата. И обрни внимание на ова: суровите луѓе, страсните, сетилните, карамазовските, понекогаш многу ги сакаат децата. Децата, додека се деца, до седум години, на пример, многу се разликуваат од луѓето: како да се сосем други суштества, и со поинаква природа. Познавав еден разбојник на робија: му се случуваше во неговата кариера, кога убиваше цели семејства во куќите, во кои се вовлекуваше ноќе заради пљачкосување, да заколе и по неколку деца. Но, во затворот, за чудо, тој ги љубеше. Низ затворскиот прозорец, непрестајно ги гледаше децата што си играа во затворскиот двор. Имаше научено едно мало дете да се приближува до неговиот прозорец, и тоа многу се беше спријателило со него... Ти не знаеш зошто го зборувам сево ова, Аљоша? Малку ме боли главата, и тажен сум.

— Ти зборуваш со чуден израз — забележа Аљоша, вознемирено — како да си избезумен.

— Патем, неодамна ми кажуваше еден Бугарин во Москва, продолжи Иван Фјодорович, небаре не слушајќи го брата си — како таму кај нив, во Бугарија, Турците и Черкезите прават злосторства на сите страни, плашејќи се од тоа дека сите Словени ќе се дигнат против нив — тоест, колат, силуваат жени и деца, со клинци им ги коваат на уапсените ушите за оградата, и ги остават така до зори, а изутрината ги обесуваат, и така натаму, сето човек не може ни да го замисли. Навистина, понекогаш се споменува „sверската" суровост на човекот, но тоа е страшно неправично и навредливо за sверот: sверот никогаш не може да биде толку свиреп како човекот, толку мајсторски, толку уметнички свиреп. Тигарот просто гризе, парчосува, и само тоа го знае. Нему не би му дошло на ум да ги заковува луѓето за ушите со клинци, дури и кога би можел да го направи тоа. Турците, помеѓу другото, со сладострасност ги мачеле и децата, почнувајќи од тоа што со ножеви ја расечувале мајчината утроба, па извадените кревки дечиња ги фрлале нагоре и ги пречекувале на бајотнет пред очите на мајката. Тоа — пред очите на мајката — токму и им било главното

уживање. Еве ти, меѓутоа, една сликичка, што ме заинтересува многу. Замисли си: доенче на рацете на преплашената мајка и наоколу Турци што дошле. Меѓу нив се разврзува весела игра, тие го галат детенцето, се лигаваат за да го насмеат, во тоа успеваат, детето се насмевнува. Во тој миг Турчинот нишани во детето со пиштол на една педа растојание од неговото лице. Детето радосно се смее, ги протега рачичките за да го дофати пиштолот, и наеднаш, артистот го пушта прекинувачот право во лицето на детето, и му ја парчосува главичката . . . уметнички, нели! Навистина, велат дека Турците многу сакале слатки нешта.

— Брате, зошто го кажуваш ова?

— Јас мислам, ако не постои ѓавол, а има потреба да биде создаден, тогаш човекот ќе го создаде според својот лик.

— Во тој случај, исто како бога.

— Чудно, колку умееш да ги свртуваш зборовите, како што вели Полониј во „Хамлет", — се засмеа Иван. — Ти ме фати на збор. Добро, мило ми е, но, прекрасен ли е тој твој бог. ако човекот го создал според својот лик. Сега прашуваше зошто го кажувам ова: гледаш, јас сум љубител и собирач на некои факти, и веруваш ли, запишувам и собирам од весниците од каде било раскажувања, еден вид анегдоти, и веќе имам убава збирка. И Турците, се разбира, се влезени во таа збирка. Но тие се странци. Имам и домашни работички, па и подобри од Турците. Знаеш, кај нас повеќе игра стапот, повеќе тепањето и камшикот, и тоа е национално; кај нас не можат ни да се замислат уши заковани со клинци. Ние сепак сме Европејци, но стап и камшик, тоа е нешто наше, и тоа не може никој да ни го одземе. Во странство сега како да не тепаат повеќе; веројатно обичаите им станале поблагородни, или уредиле такви закони според кои човек човека не смее да тепа, но тоа го надоместиле со нешто друго, пак со нешто чисто национално, како кај нас, и толку национално што кај нас тоа е речиси невозможно, иако, впрочем, божем, и кај нас, се сака да се накалеми, особено од времето на верското движење, во нашето више општество. Јас имам една прекрасна книшка, превод

од француски, за тоа како во Женева, тука неодамна, само едно пет години, погубиле некој си злосторник и убиец, Ричард, ми се чини, момче на дваесет и три години, кое се покаало и ѝ се вратило на христијанската вера на самото губилиште. Тој Ричард бил нечиј вонбрачен син, но уште како дете од шест години него родителите им го п о д а р и л е на некакви планински швајцарски овчари, а овие го одгледале за да го употребат за работа. Кај нив растело детето како диво sвере, овчарите не го научиле на ништо; напротив, веќе осум години го испраќале да го чува стадото, по дожд и зимно време, речиси без облека и речиси не хранејќи го. И, се разбира, правејќи така, никој од нив не се замислил, ниту се каел; напротив, мислеле дека постапуваат правилно, зашто Ричард им бил подарен како предмет, дури не сметале оти е потребно ни да го хранат. Самиот Ричард тврди дека во тоа време, како блудниот син во Евангелието, многу сакал да јаде макар и од трицитe што им биле давани на свињите што ги одгледувале за продажба, но дури ни тоа не му го дозволувале, и го тепале штом ќе крадел од свињите. И така тој го минал сето свое детство, и својата младост, сè додека не пораснал, и додека закрепнат, не отишол да краде. Тој дивјак, почнал да заработува пари како надничар во Женева. Што ќе заработел ќе испиел; живеел како нечовек, и завршил така што убил некој старец и го ограбил. Го фатиле, го суделе и го осудиле на смрт. Зашто таму, кај нив, нема сентименталности. И сега, во затворот, околу него се собрале фактори и членови на разни Христосови братства, добротворни дами и други. Во затворот го научиле да чита и да пишува. Почнале да му го разјаснуваат Евангелието, го советувале, убедувале, настојувале, го делкале, притискале и тој, најпосле. свечено си го признал злосторството. Тој самиот му напишал на судот дека е нечовек, но дека најпосле се удостоил и него господ да го просвети, и да му ја испрати својата благодет. Во Женева се возбудило сè, сета добротворна и побожна Женева. Сè што било повисоко и поблагородно дошло кај него во затворот. Ричарда го бацуваат ,го прегрнуваат: „Ти си наш брат, врз тебе

се спушти божјата благодет!“ А Ричард само плачел од милина: „Да, врз мене се спушти благодет. Порано, во целото свое детство и младост, бев среќен ако добиев свинска храна, а сега врз мене се спушти благодет — умирам со името на господа!“ „Да, да, Ричарде, умри со името на господа, ти пролеа крв и треба да умреш со името на господа. Дури и да не си виновен, оти порано не знаеше за господа, кога им завидуваше на свињите за нивната храна и кога те тепаа, што им ја крадеше храната на свињите (ти правеше многу лошо дело, зашто не е дозволено да се краде) — но ти пролеа крв, и мораш да умреш“. Доаѓа последниот ден. Омалодушениот Ричард, плаче, и само секој миг повторува: „Ова е најдобриот од моите денови: јас одам кај господа!“ — „Да — викаат факторите, судиите и добротворните дами — тоа ти е најсреќниот ден, зашто одиш кај господа!“ — И сето тоа се движи кон губилиштето, веднаш по срамотната кола во која го возат Ричарда. Еве ги, пристигдуваат до губилиштето: „Умри, брате наш — му викаат на Ричард — умри со името на господа, зашто и врз тебе се спушти благодетот!“ И, опсипан со братски бакнежи, братот Ричард го одвлекле на губилиште, го наместиле на гилотината, и братски му ја пресекле главата, зашто и врз него се спуштил благодетот. Да, тоа е карактеристично. Таа книшка на руски ја превеле некакви добротвори Руси, од вишето општество, наклонети кон лутиранството, и бесплатно ја испратиле, заедно со весници и други изданија, заради просветување на рускиот народ. Настанот со Рачард е дотолку интересен, што е национален. Кај нас, навистина, е грдо да му се пресече главата на братот само затоа што ни станал брат, и што врз него се спуштил божјиот благодет, но, повторувам, ние имаме нешто свое, кое, верувам не е полошо. Кај на историско. непосредно и најблиско уживање да се мачи другиот со тепање. Накрасов има една песна за тоа како рускиот селанец го мава коњот со камшикот по очите — „по кротките очи“. Кој не го видел тоа — тоа е русизам. Тој опишува како немоќниот коњ, премногу натоварен, заглибил во кал со колата и не можел да се извлече.

Селанецот се настрвил и го мава, го тепа дотаму што веќе не знае што прави: во настап на бес, го удира коњот страшно, безброј пати: „Иако немаш сили, влечи, пцовисај, но влечи!“ Маската се напрега, а тој почнува да ја мава, незаштитена, по насолзените „кротки очи“. Надвор од себеси, коњот тргнува и извлекува, и продолжува понатаму целиот растреперен, не дишејќи, некако накриво, речиси потскокнувајќи, неприродно и срамно — кај Некрасова тоа е ужасно. Но тоа е само коњ, коњите и самиот бог ги создал за тепање. Така ни го објасниле тоа Татарите, и за спомен ни подариле камшик. Но, и луѓе може да се тепаат. И, ете, интелигентен, образован господин и неговата госпоѓа ја маваа тсвојата ќеркичка, детенце од седум години, со брезова прачка — сето тоа подробно го запишав. Татенце уште е задоволен што прачките се со журчиња: „ќе биде пожестоко“ вели тој, и почнува „да ја жега“ својата родена ќерка. Јас знам со сигурност, има и такви што тепаат, кои со секој удар се распалуваат до сладострасност, со секој удар повеќе и повеќе, сè попрогресивно. Маваат една минута, маваат пет минути, маваат десет минути, понатаму, повеќе, почесто, пожестоко. Детето пишти, најпосле не може да пишти, не може да дише: „Тато, тато, татенце, татенце!“ Работата по некаков ѓаволски, незгоден случај доаѓа до суд. Наоѓаат адвокат. Рускиот народ одамна вели за адвокатот: „Албакат[1]) — изнајмена совест“. Адвокатот се развикува заштитувајќи го својот клиент. „Работата е, вели, проста, семејна и обична: татко-то ја истепал својата ќеркичка, и, ете, за срамота на сегашницата, дојде до суд!“ Убедените поротници се повлекуваат во својата соба и таткото го ослободуваат од обвинувањето. Публиката рика од задоволство, што го ослободиле мачителот. — Е — ех, што не бев јас тамуј јас ќе дадев предлог да се основа стипендија во чест на мачителите... Прекрасни сликички. Но за децата имам и поубави работнички; многу, многу такви имам собрано за руските деца, Аљоша. Едно девојченце, мало, петгодишно, го замразиле таткото и мај-

[1]) Народни изговор за адвокат.

ката, „многу почитувани луѓе, чиновници, образовани и воспитани“. Гледаш, јас уште еднаш решително тврдам дека голем број луѓе имаат посебна особина — страст за мачење на децата, но само на децата. Спрема сите други субјекти на човечкиот род, истите тие мачители се држат дури благонаклоно и просто, како образовани и хумани европски луѓе, но многу сакаат да ги мачат децата, само во таа смисла и ги сакаат децата. Токму незаштитеноста на тие суштества ги соблазнува мачителите, анѓелската доверливост на детето, кое нема што да прави и кое нема кај кого да оди, ете, токму тоа ја распалува поганата крв на мачителот. Се разбира, во секој човек се крие звер — звер на лутината, ѕвер на сладострасното распалување од писокот на мачената жртва; незауздан звер пуштен од синџер, звер на во разврат здобиени болести, звер на костоболка, болен црн џигер и друго. Таа кутра петгодишна девојка образованите родители ја мачеа на сите можни начини. Ја тепаа, ја маваа со стап, ја маваа со нозе, не знаејќи ни самите зошто — сето тело ѝ го претворија во модринки; најпосле дојдоа до највисоката префинетост: на студот, на мразот, ја затвораа ноќе во нужникот, затоа што не сакала ноќе да стане за понадвор (како да може петгодишното дете што спие со анѓелски цврст сон, во тие години да се научи да станува за понадвор!) и затоа лицето ѝ го мачкаа со нејзиниот измет, и ја тераа да го јаде тој измет, и тоа ја тераше мајка ѝ! И мајка ѝ можеше да спие додека во ноќта се слушаа лелеците на кутрото детенце, затворено во тоа погано место! Сфаќаш ли ти: мало суштество, кое уште не умее ни да сфати што се прави со него, на тоа одвратно место, во темница и на студ, се мава самото со своите малечки дланки по измачените гради, му се моли со своите крвави, невини, кротки солзички на „дедо боже“ за да го одбрани тој — ја разбираш ли таа бесмислица, пријателе, мој, и брате мој, искушеник мој божји и смирен, разбираш ли зошто е потребна и создадена таа бесмислица! Без неа, велат, не би можел човек да опстане на овој свет, зашто не би го запознал доброто и злото. Ама зошто да се запознае тоа ѓаволско добро и зло, штом чини

толку? Та не знам колкав свет на сознанија не вреди колку солзичките на детенцето кон „дедо боже"! Јас не зборувам за страдањата на големите: тие го изеле јаболкото, и нека ги земе ѓаволот и слободно сите нека ги земе ѓаволот, но овие, овие! Само те мачат, Аљошка, ти како да не си при себеси. Ќе престанам, ако сакаш.

— Ништо, и јас сакам да се мачам — промрмори Аљоша.

— Уште една, само уште една сликичка, и тоа само поради интересноста, зашто е многу карактеристична, и, што е главно, сега скоро ја прочитав во еден зборник на наши старини, во „Архив" ли, во „Старини" ли или каде беше – треба да се види, заборавив каде ја прочитав. Тоа било најцрното време на кметството, уште во почетокот, на овој век, и да живее ослободителот на народот! Тогаш, во почетокот на векот си бил еден генерал со големи врски, и многу богат спахија, но од таквите (вистина, и тогаш, изгледа, веќе не ги имале многу) кои, повлекувајќи се во пензија, по државната служба, речиси биле уверени дека го заслужиле правото на живот и на смрт на своите кметови. Тогаш имало такви. Значи, ете, живее генералот на својот имот од две илјади души, се прави важен, на својот посед посиромашните соседи ги смета за арамолепци и свои шутови. Кучкарник со стотици кучиња, и со речиси стотина кучкари — сите во мундири, сите на коњи. Кога еден ден, едно момче меѓу неговите слуги, мало момче на само осум години, фрлило некако во играта камен, и му ја повредило ногата на саканиот генералов 'рт. „А зошто куца мојот најмил 'рт?" — му соопштуваат дека, велат, ене, момчето фрлило по него со камен, и му ја повредило ногата. „А, ти ли си тој!" — го измерува генералот — „Фатете го!" Го фатиле, го зеле од мајка му, цела ноќ го задржале в затвор. Изутрината, само што се разденило, тргнал генералот во полна парада на лов, јавнат на коњ, околу него помошниците, кучињата, кучкарите, ловците, сите на коњи. Наоколу собрани слугите, заради поука, а пред сите мајката на малиот виновник. Го вадат момчето од затвор. Намуртен, студен,

магловит есенски ден, вонреден за лов. Генералот наредува да го слечат детето; детенцето го слекуваат огулголо. Тоа трепери, избезумено од страв, не смее да пушти глас . . . „Терај го!“ — командува генералот, „Трчај, трчај“, му викаат кучкарите. Детето трча . . . „Држи го!“ Се дере генералот, и го напишкува на него целото стадо ловечки кучиња. Пред очите на мајката кучињата го бркаат детето и го раскинуваат на парчиња . . . После, генералот, веројатно, го ставиле под туторство. А и што да му правиш? Да го стрелаш? Заради задоволување на моралното чувство да го стрелаш? Кажувај, Аљошка.

— Да се стрела! — тивко вели Аљоша, подигајќи го својот поглед кон брата си со некаква бледа искривена насмевка на лицето.

— Браво! — викна Иван во некаков восхит — што и ти го кажа тоа, тогаш . . . ех, калуѓеру мој! значи, таков лош дух седи во твоето срценце, Аљошка Карамазов!

— Јас реков бесмислица, но . . .

— Тоа е она што е но . . . — викаше Иван. — Знај, искушенику, дека бесмислиците премногу и се потребни на земјата. Светот стои на бесмислици, и да ги нема нив, на светов можеби не би имало ништо. Јас знам што знам!

— Што знаеш ти?

— Ништо не разбирам — продолжи Иван како да блада, — сега и не сакам ништо да разберам. Сакам да останам на фактот. Одамна сум решил да не сфаќам. Кога сакам нешто да разберам, веднаш ќе го изневерам фактот, а јас сум решил да си останам на фактот.

— Зошто ме искушуваш? — викна Аљоша пренапрегнат. — Дали ќе ми кажеш веќе еднаш.

— Се разбира дека ќе ти кажам, јас и одев кон тоа да ти кажам. Ти си ми мил, не сакам да те отстапам, ниту ќе те отстапам на твојот Зосима.

Иван замолчи за момент, лицето наеднаш му стана тажно.

— Слушај ме: ги зедов само од дечињата, за да биде што поочигледно, за другите човечки солзи, со

кои е натопена човечката земја, од кората до центарот, не велам ни збор, не велам ни збор, нарочно ја стеснив својата тема. Јас сум дрвеница, и признавам со понижување дека воопшто не можам да сфатам зошто е сè така. Значи, луѓето самите се виновни: ним им беше даден рај, а тие посакаа слобода, и го украдоа огнот од небото, знаејќи дека ќе станат несреќни, значи, не треба да бидат сожалувани. О, според мојот кутар, земски, евклидовски ум, знам само дека тоа страдање постои, дека нема виновници, дека сè произлегува едно од друго непосредно и просто, дека сè тече и се урамнотежува — но тоа е само евклидовска збрка; јас го знам тоа, но, ете, не можам да се согласам да живеам според неа! Што имам јас од тоа оти нема виновник, оти го знам тоа, — мене ми треба одмазда, зашто инаку ќе се уништам себеси. И тоа одмазда не некаде и некогаш во бесконечноста, туку уште овде на земјава, и самиот јас да ја видам. Јас верувам, и сакам самиот да видам; ако во тоа време бидам мртов, нека ме воскреснат, зашто ако сè се заврши без мене, за мене тоа ќе биде премногу голема навреда. Секако, јас не страдав за со моите злосторства и страдања некому да му ја наѓубрам идната хармонија. Сакам со своите очи да видам како еленчето ќе легне покрај лавот, и како закланите ќе станат и ќе се прегрнат со своите убијци. Сакам да бидам тука кога сите наеднаш ќе дознаат зошто било така. Врз таа желба се засновани сите религии на земјава, а јас верувам. Меѓутоа, тука се децата, и тогаш што ќе правам со нив? Тоа е прашање што не можам да го решам. Стоти пат повторувам: има мошне многу прашања, а јас ги наведов само децата, затоа што тука е јасно како ден она што мене ми е потребно да го кажам. Слушај, ако сите мараат да страдаат за со страдањето да ја платат вечната хармонија, тогаш што бараат тука децата, кажи ми, те молам. Сосем несфатливо е зошто и тие морале да платат и зошто да ја плаќаат хармонијата со страдање? Поради што и тие дошле во материјалот, и со себеси ја наѓубруваат за некого идната хармонија? Солидарност во гревот меѓу луѓето, — сфаќам; солидарност во одмаздата — и тоа го сфаќам, но секако не

солидарност во гревот со дечињата, а ако вистината е во тоа дека и тие се солидарни со своите татковци, во сите злосторства на татковците, тогаш, се разбира, таа вистина, не е од овој свет, и мене ми е несфатлива. Некој шегаџија можеби ќе рече дека детето и така ќе се нагреши, кога ќе порасне, но ете, тоа уште не е порастнато, а сепак кучињата осумгодишното дете го раскинале. О, Аљоша, јас не го кудам бога! Сфаќам каков потрес на вселената ќе биде тоа, кога сè на небото и под земјата ќе се слее во еден глас на пофалба, и сè што живее и што живеело некогаш ќе викне: „Ти имаш право, господи, зашто се покажаа твоите патишта!“ Кога мајката, ќе се прегрне со мачителот чии кучиња го раскинаа нејзиниот син, а сите тројца во солзи ќе викнат: „Во право си, господи!“ — се разбира, тогаш ќе настане врв на познавањето, и сè ќе се објасни. Но, ете, тука и е закачката: токму тоа јас не можам да го прифатам. И додека сум на земјава, брзам да ги преземам своите мерки. Гледаш ли, Аљоша, можеби навистина ќе се случи така што јас ако поживеам до тој момент, или ако воскреснам за да го видам, и јас, најпосле, ќе викнам со сите гледајќи ја мајката што се прегрнала со мачителот на своето дете: „Имаш право, господи! Но јас не сакам да викам тогаш. Сè додека имам време, брзам да се оградам, и затоа наполно се откажувам од таа највисока хармонија. Таа не вреди ни колку една солзичка, ни само на тоа едно, измачено дете, што се мавало со рачињата по градите и му се молело на „дедо боже“ во своето смрдливо дувло! Не вреди, зашто неговите солзички останаа неоткупени. Тие мора да бидат откупени, инаку не може да има хармонија. Но со што, со што ќе ги откупиш? Можно ли е тоа? Зарем со тоа што тие ќе бидат одмаздени? Но зошто ми е таа одмазда, зошто ми е пеколот за мачителот, што може тука да поправи пеколот, кога тие веќе се намачени? И каква е таа хармонија, штом е тука и пеколот: јас сакам да простам и сакам да прегрнам, јас не сакам повеќе воопшто да се страда! И ако детските страдања отидоа за пополнување на сумата на страдањата, што беше неопходна за да се плати вистината, тогаш однапред тврд-

дам дека таа вистина е премногу скапа. И, најпосле, не сакам мајката да се прегрнува со мачителот чии кучиња го раскинале нејзиниот син. Таа не смее нему да му прости! Ако сака, нека му простува за себе, нека му простува за мачителот за своето неизмерно мајчинско страдање! но таа нема право да прости за мачењето на своето раскинато дете, дури и ако за тоа му прости на мачителот самото дете! А штом е така, штом тие не смеат да простат, каде е тогаш хармонијата? Дали во целиот свет, постои суштество што би можело и што би имало право да прости? Јас не сакам хармонија, не сакам од љубов спрема човештвото. Подобро да останам со неодмаздените човечки страдања. Подобро да останам со моето неодмаздено страдање и со моето незадоволено негодување, па макар и да немам право. Премногу скапо ја плаќаме таа хармонија, нашиот џеб не е во состојба толку да плати за влезницата. И затоа јас брзам да ја вратам мојата влезница. Ако сум чесен човек, јас сум должен да ја вратам што побргу. Тоа и го правам. Не дека не го прифаќам бога, Аљоша, туку само му ја враќам назад влезницата со најголемо почитување.

— Тоа е бунт! — проговори Аљоша тивко и со спуштен поглед.

— Бунт? Јас не би сакал од тебе таков збор — рече Иван длабоко возбуден. — Може ли да се живее од бунт, а јас сакам да живеам. Речи ми самиот, искрено, те повикувам, одговарај: замисли си дека ти самиот ја изградата на човечката судбина, со намера, најпосле, да ги усреќиш луѓето, најпосле да им дадеш мир и спокојство, но за тоа мораш до смрт да измачиш само едно единствено малечко суштество, токму како детенцето што се тупало со дланчињата во градите, — и врз неговите неодмаздени солзички да ја засноваш таа зграда. — Дали би се согласил да бидеш архитект под тие услови, кажи, но не лажи!

— Не, не би се согласил — тивко проговори Аљоша.

— И дали можеш да ја дозволиш идејата дека луѓето за кои градиш ќе ја примаат својата среќа заснована врз невината крв на малото измачено дете, и

дека кога ќе ја примат, ќе останат среќни засекогаш?

— Не, не можам да ја дозволам. Брате, — проговори Аљоша, и очите му блеснаа, — ти пред малку рече: Дали постои на светов суштество што би можело и би имало право да прости? Па тоа суштество постои, и тоа може да прости сè, сè и на секого, и за с и т е, затоа што самото тоа ја даде својата невина крв за сите и за секого. Ти, го заборави него, а токму врз него и се зида зградата, и нему и ќе му се викне: „Имаш право, господи, зашто се отворија твоите патишта".

— А, тој е „единствениот безгрешен" и неговата крв! Не, не го заборавив, туку, напротив, за сето време се чудев зошто толку долго време не го споменуваш, зашто обично сите ваши, во расправите, го истакнуваат пред сè. Знаеш, Аљоша, немој да се смееш, еднаш јас составив поема, пред некоја година. Ако можеш да изгубиш со мене уште десетина минути, јас би ти ја раскажал.

— Ти си напишал поема?

— О, не, не напишав! — се засмеа Иван — никогаш во животов не сум составил два стиха. Туку таа поема ја измислив и ја запаметив. Со одушевување ја измислив. Ти ќе бидеш мојот прв читател, тоест слушател. И навистина, зошто авторот да изгуби макар еден единствен слушател? — се насмевна Иван. — Значи, да ти ја раскажам?

— Јас љубопитно те слушам — рече Аљоша.

— Мојата поема се вика „Големиот инквизитор" — тоа е бесмислена работа, но сакам да ти ја раскажам.

V

Големиот инквизитор

— Ете, и овде не може без предговор — тоест без литературен предговор, пхи! — се насмеа Иван, — а каков писател сум јас! Гледај, моето дејство се одигрува во шеснаесетти век, а тогаш — впрочем, ти би требало да го знаеш тоа уште од училиште — тогаш

имаше обичај во поетските дела да се доведуваат наземи, небеските сили. За Данте и да не зборувам. Во Франција судските писари, а, исто така, и монасите по манастирите, даваа цели претстави, во кои ја изведуваа на сцената Мадоната, ангели, светци, Христоса, па и самиот Бог. Тогаш сè беше многу простодушно. Во „Notre Dam de Paris“[1]), кај Виктор Иго, во чест на раѓањето на францускиот престолонаследник во Париз, за време на Луј XI, во зградата на општината се дава поучна и бесплатна претстава за народот, со наслов: „Le bon jugement de la tres saente et gracieuse Vierge Marie“[2]) каде што се појавува лично таа, и го изговара својот bon jugement[3]). Кај нас во Москва, во старо време, пред Петар, исто така, овде-онде се изведуваа речиси исти такви театарски претстави, особено од Стариот завет; но покрај тие театарски претстави, по целиот свет кружеа голем број приказни и „стихови“, во кои, според потребите, земаа учество светци, ангели, и сите небески сили. Кај нас по манастирите се занимаваа со преводи, со препишување, дури и со составување на такви поеми, уште — за време на татарската наезда. Има, на пример, една мала манастирска поема (се разбира, преведена од грчки): „Одењето на Богородица по маките“, со слики и со смелост која не е под Данте. Богородица го посетува пеколот, а, „по маките“ ја води Архангел Михаил. Таа ги гледа грешниците и нивните мачења. Таму, помеѓу другото, има еден необичен вид интересни грешници во пламено езеро: тие што толку потонале во езерото, што веќе не можат да испливаат „нив веќе и бог ги заборава“ — израз со необична длабина и сила. И, ете, вчудовидената и расплакана божја мајка, паѓа пред престолот божји и моли милост за сите што се во пеколот, за сите што ги видела таму, без разлика. Нејзиниот разговор со бога е извонредно интересен. Таа моли, таа не се тргa настрана, а кога господ ѝ ги посочува издупчените раце и нозе на нејзиниот син и ја прашува:

---

[1]) катедралата на Богородица во Париз (фр.)

[2]) милосрден суд на пресветата и семилостива дева Марија (фр.)

[3]) милосрден суд (фр.)

како да им простам на неговите мачители, — таа им наредува на сите светци, на сите маченици, на сите анѓели и арханѓели да паднат на колеици заедно со неа и да молат прошка за сите, без разлика. Завршува со тоа што измолува од бога да престанат мачењата секоја година од Велипеток до Дуовден, а грешниците од пеколот тука веднаш му се заблагодаруваат на бога и му велат: „Имаше право, господи, што судеше така". И мојата поема ќе беше таква да се појавеше во тоа време. Кај мене на сцена се јавува тој; вистина, тој во поемата ништо не зборува, само се јавува и си заминува. Петнаесет векови се минати од времето кога тој даде ветување дека ќе дојде во своето царство, петнаесет векови како напиша неговиот пророк: „Наскоро ќе дојдам". „Тој ден и час, не го знае дури ни синот, само мојот небески татко", како што рече тој самиот уште на земјава. А човештвото го чека со поранешна вера и со поранешна трогнатост. О, дури со уште поголема вера, зашто веќе минаа петнаесет векови, од времето кога за човекот престана гаранциите од нѐбото:

Верувај му на она што ти го вели срцето
Нема знаци ни гаранции од небото.

Значи — само верата во она што го кажува срцето! Вистина, тогаш имало и многу чуда. Имало светци, што на чуден начин ги лекувале болните; на по некои праведници, како што велат нивните животописи, им слегувала небеската царица. Но ѓаволот не спие, и во човештвото се појавува сомневање во вистинитоста на тие чуда. Токму во тоа време на север, во Германија, се појавува страшна нова ерес. Огромна ѕвезда „слична на кандило" (тоест на црква), „падна врз изворите на водите и тие станаа горчливи". Тие ереси почнаа богохулно да ги порекнуваат чудата. Но дотолку попламено веруваат оние што останаа верни. Солзите на човештвото, се подигаат кон него како порано, го чекаат, го љубат, веруваат во него, копнеат да страдаат и да умрат за него, како порано . . . И гледај, толку векови човештвото се молеше со вера и жар: „Господи, јави ни се", толку векови му се обрнуваше нему, што тој, во своето неизмерно сожалување, посака да

им слезе на оние што го молеа. Тој слегуваше, тој дотогаш посетуваше некои праведници, маченици и свети испосници уште на земјава, како што е запишано во нивните „житија“. Кај нас Тјутчев, кој длабоко веруваше во вистинитоста на своите зборови, објави:

Подведен од тежината на крстот,
сета тебе родна земјо,
те обиколи во ропски облик
царот небески, благословувајќи те.

Дека бездруго беше така — ќе ти покажам. И гледај, тој посака да се појави во народот макар за еден момент — во народот кој се мачеше, кој страдаше, кој беше смрдливо грешен, но кој детски го сакаше. Кај мене, дејството се одигрува во Шпанија, во Севиља, во најстрашното време на инквизицијата, кога заради слава божја, во земјата секој ден гореа клади и кога

во прекрасни аутодафеа
ги изгоруваа еретиците.

О, се разбира, тоа не беше она слегување со кое тој ќе се јави, според своето ветување, на крајот на времињата, во сета небеска слава, и кое ќе биде ненадејно, „како молња што ќе секне од исток до запад“. Не, тој посака за еден момент да си ги посети своите деца, и тоа токму онаму каде што тогаш пламтеа кладите. По своето неизмерно милосрдие, тој уште еднаш доаѓа меѓу луѓето во истиот човечки лик во кој одел меѓу луѓето триесет и три години, пред петнаесет векови. Слегува на „врелите улици“, од јужниот град, во кој спроти тој ден, во „Прекрасно аутодафе“, во присуство на кралот, дворот, витезите, кардиналите и прекрасните дворски дами, пред многубројното население на цела Севиља — кардиналот, големиот инквизитор, изгоре речиси сто еретици ad majorem gloriam Dei[1]) тој се појави тивко, незабележано, но — чудно — сите веднаш го познаа. Тоа би можело да биде едно од најубавите места на мојата поема — тоест, зошто го познаа веднаш сите. Народот со незадржлива сила, лета кон него, го опкружува, се собира околу него во толпи,

[1]) Кон вашата божја слава (лат.)

го следи. Тој молкома мирува меѓу нив со тивка насмевка на бесконечна сомилост. Сонцето на љубовта гори во неговото срце, зраците на Светлината, Просветеноста, и на Силата му извираат од очите, и, разлевајќи се врз луѓето, ги растреперуваат нивните срца со љубов што му ја враќаат. Тој ги шири накај нив рацете, ги благословува, и од допирот со нив, дури и само со неговата облека, излегува лековита сила. Во еден миг, од толпата викнува еден старец, слеп уште од детството: „Господи, излекувај ме, за да те видам и јас!“ И види, како да паѓа некаква лушпа од неговите очи, и слепиот гледа. Народот плаче и ја бацува земјата по која тој чекори. Децата фрлаат цвеќиња пред него, пеат и му викаат: „Осана!“ „Тоа е тој, токму тој!“ — повторуваат сите — „Мора да биде тој, никој друг, освен тој“. Тој застанува во портата на Севилската катедрала, токму во моментот кога во храмот со плачење внесуваат отворен детски мртовечки сандак; во него лежи седумгодишно девојче, ќерка-единаче на некој важен граѓанин. Мртвото дете, сето е во цвеќиња. „Тој ќе го воскресне твоето дете“, ѝ викаат од толпата на расплаканата мајка. Патерот на катедралата, што излегува пред детскиот сандак, гледа во недоумица и си ги мурти веѓите. Но, ете, се разнесува молбениот извик на мајката на умреното дете. Таа се фрла пред неговите нозе: „Ако си тоа ти, воскресни го моето дете!“ — викнува таа, протегајќи ги кон него рацете. Закопната церемонија застанува, сандачето го спуштаат наземи, до неговите нозе. Тој гледа со сожалување, а неговата уста, уште еднаш изговара: „Талифа куми“ — „и стана девојката“. Девојчето се исправи во сандакот, седна, гледа околу себе смешкајќи се со своите восхитени отворени очиња. Во раце држи китка бели рози со кои лежеше во ковчегот. Народот е збунет, извици, плачење; и, гледај, токму во тој момент, наеднаш, минува покрај катедралата по плоштадот самиот кардинал, големиот инквизитор. Тој е речиси деведесетгодишен старец, висок и прав, со испиено лице, со пропаднати очи, но од кои уште избива блесок, како огнени искри. О, сега не е во своите раскошни кардиналски облеки во кои блестеше вчера

пред народот, кога ги изгоруваа непријателите на римската вера — не, во овој миг тој е само во својата стара, груба монашка мантија. По него, на извесно растојание, одат неговите мрачни помошници и слуги, и „светата“ стража. Тој се запира пред толпата и гледа оддалеку. Виде сè, виде како го спуштија сандачето пред неговите нозе, виде како воскресна девојчето, и неговото лице се намурти. Ги мурти белузлавите густи веѓи а неговиот поглед блести од злокобен оган. Го исправа прстот, им заповеда на стражарите да го фатат. И гледај, толкава е неговата моќ, и народот веќе толку е научен, покорен и бојажливо послушен, што толпите тојчас се растргнуваат пред стражарите, а овие, во гробната тишина, што настапи наеднаш, ги ставаат рацете на него и го одведуваат. Луѓето, за миг, се уште така како еден човек, ги наведнуваат главите доземи, пред старецот инквизитор; овој молкома го благословува народот, и оди понатаму. Стражата го доведува заробеникот во тесен и мрачен затвор со сводови, во една древна зграда на светиот суд, и го затвора во неа. Поминува еден ден, настапува темна, врела и мртва севилска ноќ. Воздухот „мириса на дафино и на лимон“. Во длабокиот мрак наеднаш се отвора железната затворска врата, и старецот, големиот инквизитор со светилка во раката, влегува полека во затворот. Тој е сам, вратата зад него веднаш се заклучува. Застанува до влезот, и цела една или две минути се загледува во неговото лице. Најпосле, тивко пристапува, ја остава светилката на масата, и му вели:

— Ти ли си? Ти? — но не добивајќи одговор, брзо додава: — Не одговарај, молчи! А и што би можел да речеш? Премногу добро знам, што ќе кажеш. Па ти и немаш право да додадеш нешто кон она што си го кажал порано. Зошто дојде сега за да ни пречиш? Зашто ти си дојден за да ни пречиш, тоа го знаеш и самиот. А знаеш ли што ќе биде утре? Јас не знам кој си ти, ниту сакам да знам: дали си ти, или само неговата слика, но утре ќе те осудам, и ќе те изгорам на клада, како најлош еретик, а истиов народ што денеска ти ги бацуваше нозете веќе утре само на еден знак од мојата рака, ќе се спушти да ги прибира гламјите околу

твојата клада, го знаеш ли тоа? Но, ти можеби и не знаеш — додаде тој, во длабоко размислување, ни за момент не симнувајќи го погледот од својот заробеник.

— Јас не сфаќам сосем, Иване, што е тоа? — се насмевна Аљоша, кој целото време слушаше молчејќи. — Дали е тоа некаква безгранична фантазија, или некаква грешка на старецот, некое невозможно qui pro quo[1])?

— Па, земи го ако сакаш и последното — се засмеа Иван — ако веќе така те разгалил современиот реализам, па не можеш да издржиш ништо фантастично — сакаш qui pro quo, нека биде и така. Вистина — пак се насмеа тој — старецот има деведесет години, и тој одамна можеше да се мрдне од умот од својата идеја. А заробеникот можеше да го зачуди со својата надворешност. Најпосле, тоа можеше да биде просто еден занес, привидение на деведесетгодишниот старец пред умирачката, уште распален од вчерашното аутодафе на стотиците еретици. Но зарем мене и тебе не ни е сеедно, дали е qui pro quo, или безгранична фантазија. Работата е само во тоа што на старецот му е потребно да се изговори, што, најпосле, му се дава можност да даде изговор за сите свои деведесет години, сега да зборува гласно за она за кое молчел цели деведесет години.

— А заробеникот исто така молчи? Гледа во него и не вели ни збор?

— Па така и треба да биде, во секој случај — пак се насмеа Иван. — И самиот старец му забележува дека нема ни право да додава нешто кон она што е речено порано. Ако сакаш, во тоа и е најосновната црта на римското католиштво — барем според моето мислење: „сè си му предал на папата, вели, значи, сега сè е во папата, и ти просто можеш и да не ни доаѓаш, или барем не пречи ни предвреме". Во таа смисла не само што зборуваа, туку дури и пишуваа, барем езуитите. Тоа го читав во нивните богословни книги. „Имаш ли ти право да ни објавиш макар една од тајните на светот, од кој си дошол?" — го прашува мојот

[1]) „Едно наместо друго", збрка, недоразбирање (лат.)

старец и самиот одговара во негово име: „Не, немаш право, за да не додаваш кон она што си го кажал порано, и да не им ја одземаш слободата на луѓето, која толку ја бранеше додека беше на земјава. Сè што ќе прогласиш одново, ќе биде напад врз слободата на верата на луѓето, зашто ќе се јави како чудо, а слободата на нивната вера, тебе ти е поскапоцена од сè — уште тогаш, пред илјадаипетстотини години. Зарем ти тогаш не зборуваше често: „Сакам да ве направам слободни". Но, ете ти, сега ги виде тие „слободни" луѓе — додава одеднаш старецот, со замислена насмевка. — „Да, таа работа нас скапо ни се фати, — продолжува тој, строго гледајќи во него, — но, најпосле, ние го довршивме тоа дело, во твое име. Петнаесет векови се мачевме со таа слобода, но сега тоа е довршено, и довршено е цврсто. Ти не веруваш дека е довршено цврсто? Ме гледаш кротко и не ме удостојуваш дури ни со негодување? Но знај дека сега, и токму сега, тие луѓе се повеќе уверени дека се наполно слободни, а, всушност, самите тие ни ја донесоа својата слобода, и покорно ја положија пред нашите нозе. Тоа е наше дело, а тоа ли го сакаше ти — дали таква слобода?"

— Јас пак не разбирам — го прекина Аљоша — дали тој иронизира, дали се смее?

— Никако! Тој нарочно си припишува заслуга себеси и на своите што најпосле ја совладале слободата, а тоа го направиле за да ги усреќат луѓето. „Зашто дури сега (тоест ,тој, се разбира, зборува за инквизицијата) стана можно првпат да се помисли за човечката среќа. Човекот беше создаден како бунтовник, а можат ли да бидат среќни бунтовниците? Тебе те предупредуваа — му вели тој нему — ти не беше без предупредувања и упатства, но ти не ги послуша предупредувањата ,ти го отфрли единствениот пат по кој беше можно да се направат луѓето среќни. Но, за среќа, кога си заминуваше, ти работата ни ја предаде нам, Ти вети, ти утврди со свој збор, ти ни даде право да врзуваме и да одврзуваме, и, се разбира, сега веќе не можеш ни да помислиш да ни го одземеш тоа право. Зошто дојде сега за да ни пречиш?"

— А што значи: „не беше без предупредување и упатства“? — праша Аљоша.

— Па во тоа, имено, се состои главното што сака да го искаже старецот.

„Страшниот и умрен дух, духот на самоуништувањето и небидието — продолжува старецот — големиот дух зборуваше со тебе во пустината, а нам ни е речено во книгите дека тој тебе наводно те „искушувал“. Така ли беше? И можеше ли да се каже нешто повистинито од она што ти го кажа тој во трите прашања, и што ти ги отфрли, а што во книгите е наречено „искушенија“? Меѓутоа, ако некогаш на земјава се случило вистинско, громогласно чудо, тогаш тоа беше на тој ден, на денот на тие три искушенија. Токму во појавата на тие три прашања и се состоеше чудото. Кога би било можно да се помисли, само за проба и за пример, дека тие три прашања на страшниот дух се изгубени без трага во книгите, и дека треба да бидат одново воспоставени, одново измислени и составени, пак да бидат внесени во книгите, па поради тоа да бидат собрани сите земски мудреци — управници, првосвештеници, учени, филозофи, поети и да им биде дадена задачата: мислете, составете три прашања, кои не само што ќе одговараат на големината на настанот, туку, освен тоа, само во три збора. во три човечки реченици, ќе ја изразуваат и сета идна историја на светот, и на човештвото — што мислиш дали сета земска премудрост, кога би била собрана на едно место, би можела да измисли нешто по силата и длабината, слично на оние три прашања, што ти ги постави тогаш моќниот и мудриот дух во пустината. Веќе само по тие прашања, по чудесноста на нивната појава, може да се разбере дека имаш работа не со обичен човечки ум, туку со вечен и апсолутен. Зашто во тие три прашања, како да е собрано во една целост и претскажана сета подоцнежна историја на човештвото, и дадени трите облици во кои ќе се спојат сите неразрешливи историски противречности на човечката природа на целава земја. Тогаш тоа уште не можеше така да се види, зашто иднината беше непозната, но сега, кога минаа петнаесет векови, ние гледаме дека во тие

три прашања, во толкава мера е погодено и претскажано сè и тоа толку се покажа вистинито, што веќе ништо не може да им се додаде ниту да им се одземе.

Значи, заклучи самиот, кој имаше право: ти или оној што те прашуваше тогаш. Сети се на првото прашање. Иако не буквално, неговата смисла е оваа: „Ти сакаш да одиш во светот, и одиш со голи раце, со некакво ветување за слобода, кое луѓето во својата пропаст и во својата вродена разузданост, не можат да ја сфатат, и од кое тие се плашат — зашто ништо и никогаш не било за човекот и човечкото општество понеподносливо од слободата! А ги гледаш ли камењава во оваа гола и врела пустина? Претвори ги во лебови, и по тебе ќе потрча човештвото, како стадо, благодарно и послушно, иако вечно плашејќи се дека ќе ја повлечеш својата рака од нив и дека ќе исчезнат тие твои лебови. Но ти не сакаше да го лишиш човекот од слободата, и го одби предлогот, зашто каква ќе биде таа слобода — заклучи ти — ако послушноста биде купена со лебови? Ти одговори дека човекот не живее само од леб. А знаеш ли дека во името на истиот тој земски леб ќе се дигне против тебе земскиот дух, и ќе се судри со тебе, и ќе те победи, и сите ќе појдат со него, викајќи: „Тој што прилега на оној свер, ни го даде огнот од небото!“ Знаеш ли дека ќе минат векови, и дека човештвото ќе прогласи со устата на својата премудрост и науката, дека нема злосторство, а тоа значи дека нема ни грев, туку има само — гладни. „Нахрани ги па тогаш ќе можеш да бараш од нив добродетел!“ — Ете што ќе биде напишано на знамето што ќе се подигне против тебе, и со кое ќе се разурне твојот храм. На местото на твојот храм, ќе се подигне нова зграда, пак ќе се подигне страшна Вавилонска кула и макар што ни таа нема да се доврши, како некогашната, ти, сепак би можел да ја избегнеш таа нова кула, и да ги скратиш човечките страдања за илјада години — зашто тие и така ќе дојдат кај нас, откако илјада години ќе се намачат со својата кула! Тогаш тие пак ќе нè пронајдат под земја, во катакомбите, каде што ќе се криеме (зашто пак ќе бидеме гонети и мачени), ќе нè најдат и ќе завикаат: „Нахранете нè,

зашто оние што ни ветија оган од небото, не ни дадоа“ И тогаш ќе ја досидаме нивната кула, зашто ќе ја изгради оној што ќе ги нахрани, а ќе ги нахраниме само ние во твоето име, и ќе ги излажеме дека е во твое име. О, никогаш, тие никогаш нема да се нахранат себеси без нас! Никаква наука нема да им даде леб сè додека се слободни, ами ќе се заврши со тоа што ќе ја донесат својата слобода пред нашите нозе, па ќе ни речат: „Нахранете нè, па потоа макар и поробете нè!“ Најпосле и самите ќе сфатат дека не може ни да се замисли слобода и леб на земјава да има доволно за сите во исто време, зашто никогаш, никогаш тие не ќе бидат способни да го поделат меѓу себе! А ќе се уверат и во тоа: дека не можат никогаш да бидат слободни, затоа што се слаби, порочни, ништожни, и бунтовници. Ти, им вети небески лєб, но, ти повторувам пак, дали може тој, во очите на слабото, вечно порочното и вечно неблагородно човечко племе, да се спореди со земскиот? И, ако по тебе, во името на небескиот леб, тргнат десетици илјади, што ќе биде со милионите и со десетиците милиони суштества што не ќе бидат способни да го презрат земскиот леб заради небескиот? Или тебе ти се мили само десетиците илјади големи и силни, а другите, како морски песок многубројните милиони слаби, но кои тебе те сакаат, треба да послужат само како материјал за големите и силните? Не, нам ни се мили и слабите. Тие се порочни и бунтовници, но, на крајот на краиштата, токму тие ќе станат послушни. Тие ќе ни се восхитуваат нам, и ќе нè сметаат нас за богови, затоа што сме им застанале на чело, и што сме се согласиле да ја поднесуваме слободата, од која тие се уплашиле, па да владееме со нив, — најпосле толку страшно ќе им биде да бидат слободни. Но ние ќе им речеме дека сме ти послушни тебе и дека владееме во твое име. Ние пак ќе ги излажеме, зашто тебе веќе нема да ти дозволиме да дојдеш кај нас. Во таа измама и ќе се состои нашето страдање, зашто ќе мораме да лажеме, ете што значеше првото прашање во пустината, и ете што отфрли ти во името на слободата што ја стави над сè. Меѓутоа, во тоа прашање беше содржана големата тај-

на на овој свет. Да ги примеше „лебовите“, ти ќе ја задоволеше општата и вечна човечка грижа, како на одделното битие, така и на целото човештво, а таа е: „на кого да му се потчини“. Нема понепрекината и помачна грижа за човекот, отколку, кога ќе остане слободен, што побргу да го најде оној на кого ќе му се потчини. Но човек бара да му се потчини на оној што е веќе неоспорен, толку неоспорен што со него сите луѓе наеднаш би се согласиле и би му се потчиниле. Зашто грижата на тие бедни суштества не се состои само во тоа, да се пронајде она на кое ќе му се потчинам јас, или некој друг, туку да се најде такво нешто на кое ќе му поверуваат и ќе му се потчинат сите бездруго с и т е з а е д н о. Ете, таа потреба од з а е д н и ч к о потчинување и е најглавното мачење на секој човек лично, како и на целото човештво, од почетокот на вековите. Поради сеопштото потчинување луѓето се уништувале еден со друг со меч. Тие создавале богови и се повикувале едни со други: „Оставете ги вашите богови и дојдете да им се поклоните на нашите, инаку смрт и вам и на вашите богови!“ И така ќе биде до крајот на светот, дури и кога ќе исчезнат боговите од светот: сеедно ќе им се потчинат на идолите. Ти ја знаеш, ти не можеше да не ја знаеш таа основна тајна на човечката природа, но ти отфрли едно апсолутно знаме, што ти се нудеше за да ги натераш сите да ти се потчинат без поговор — знамето на земскиот леб, а го отфрли во името на слободата и небескиот леб. И види што направи понатаму. И пак сè во името на слободата! Ти велам, човекот нема помачна грижа од таа да го најде оној на кого што побрзо би можел да му го предаде дарот на слободата, со кој се раѓа тоа несреќно суштество. Но, со слободата на луѓето овладува само оној што ќе ја смири нивната совест. Со лебот ти се даваше неоспорно знаме: ќе го дадеш лебот, и човекот ќе ти се потчини, зашто нема ништо понеоспорно од лебот; но, ако, во исто време, некој завладее со неговата совест независно од тебе — о, тогаш тој ќе го фрли дури и твојот леб, и ќе тргне по оној што ја придобил неговата совест. Ти имаше право во тоа. Зашто тајната на човечкото суштество

не е само во тоа: да живее, туку и во тоа: зошто да живее. Без определена претстава за тоа: зошто да живее, човекот нема да се согласи да живее, и побргу ќе се уништи себеси, отколку што ќе остане на земјава, па дури и кога би имало околу него само лебови. Тоа е така, но како излезе: наместо да ја завладееш човечката слобода, ти уште им ја зголеми! Или заборави дека спокојството, дури и смртта на човека му е помила отколку слободниот избор во запознавањето на доброто и злото? За човекот нема ништо попримамливо од слободата на неговата совест, но и нема ништо помачно од тоа. И, потоа, наместо цврсти основи за смирување на човековата совест еднаш засекогаш, ти избра сè што е необично, неизвесно и неопределено, избра сè што е над човечката сила, и затоа со луѓето постапи како воопшто да не ги сакаш, и кој го направи сето тоа: оној што дојде за да го жртвува и својот живот за нив! Наместо да ја завладееш човечката слобода, ти уште повеќе ја зголеми, и со нејзините маки за секогаш го оптовари човековото царство. Ти ја посака човековата слободна љубов, за да тргне слободно по тебе, занесен и пленет од тебе. Наместо цврстиот древен закон, човекот сега требаше со слободно срце да определува самиот што е добро и што е зло, имајќи го како раководство само твојот лик пред себе — но зарем не си помисли дека тој, најпосле, ќе го отфрли и ќе го оспори дури и твојот лик и твојата вистина, ако го притисне толку страшен товар, како што е слободата на изборот? Луѓето, најпосле, ќе викнат дека вистината не е во тебе, зашто би било невозможно да бидат оставени во поголема забуна и мака, од онаа во која ги остави ти ,оставајќи им толку грижи и неразрешливи задачи. На тој начин, ти самиот го постави темелот за разурнувањето на твоето царство, и за тоа веќе не обвинувај никој друг. Меѓутоа, тоа ли ти се предлагаше? Има три сили, единствени три сили на земјава, што можеа засекогаш да ја соберат и да ја пленат совеста на тие немоќни бунтовници, за нивната среќа — тие сили се: чудото, тајната и авторитетот. Ти, го отфрли и едното, и другото и третото, и самиот даде пример за тоа. Кога страшниот и премудар дух

те одведе на врвот на храмот и ти рече: „Ако сакаш да дознаеш дали си му син на бога, фрли се долу, зашто за него е речено: дека ќе го прифатат анѓелите и ќе го понесат, и нема да падне ниту да се повреди, па тогаш ќе дознаеш дали си господов син, и ќе докажеш каква е твојата вера во татко ти“ ти го ислуша, го отфрли предлогот, и не подлегна, ниту се фрли долу. О, се разбира, постапи гордо и прекрасно, како бог; но луѓето, тоа слабо бунтовничко племе — дали се и тие богови? О, ти тогаш разбра дека ако направиш само еден чекор, само едно движење да се фрлиш долу, во тој час би го искушувал господа, и би ја изгубил во него сета вера и би се разбил на земјата за чие спасување си дојден, и би се зарадувал мудриот дух што те искушуваше. Но, повторувам, колку има такви како тебе? И зарем ти навистина можеше да си помислиш, барем во еден момент, дека и луѓето ќе бидат способни да поднесат такво искушение? Зарем човечката природа е создадена така што да го отфрли чудото, и во толку страшните животни моменти, и во моментите на своите најстрашни, основни и мачни душевни прашања, да остане само со слободниот избор на срцето? О, ти знаеше дека твојот подвиг ќе се зачува во книгите, дека ќе стигне до длабините на времето и до последните земски граници, и се надеваше дека одејќи по тебе, и човекот ќе остане со бога, немајќи потреба од чуда. Но ти не знаеше дека човекот, штом ќе го отфрли чудото, веднаш ќе го отфрли и бога, зашто човекот не го бара толку бога, колку чудото. Па бидејќи човекот не е способен да остане без чудото, тој ќе си изнасоздаде нови чуда, свои сопствени чуда, и ќе му се поклони на суеверното чудо, на бапските маѓии, макар и стопати да биде бунтовник, еретик и безбожник. Ти не слезе од крстот кога ти викаа, подбивајќи се и предизвикувајќи те: „Слези од крстот, па ќе поверуваме дека си ти“. Не слезе, зашто не сакаше да го заробиш човекот со чудо, копнееше по слободна вера, а не по чудо. Копнееше по слободна љубов, а не по ропски восхитувања на заробениците пред силата што еднаш засекогаш ги вцашува. Па и тука за луѓето судеше премногу високо, зашто, се разбира, тие

се робови, иако се создадени како бунтовници. Обрни се и суди, ете минаа петнаесет векови оди погледај ги: кого си издигнал до себе? Ти се колнам, човекот е создаден послаб и подолен отколку што мислеше ти за него! Дали тој може да го изврши она што можеш ти? Со толкавото почитување како да престана да сочувствуваш со него, зашто премногу бараше од него — и тоа кој, оној, што човекот го сакаше повеќе од себеси! Да го почитуваше помалку, ти помалку и ќе бараше од него, а тоа ќе беше поблиску и до љубовта, зашто неговиот товар ќе беше полесен. Тој е слаб и долен. Што од тоа оти тој сега на сите страни се бунтува против нашата власт, и се гордее со тоа дека се бунтува? Тоа е гордост на дете и на ученичe. Тоа се мали деца што се разбунтувале во одделението и го истерале учителот. Но ќе му дојде крајот и на детското одушевување, и нив тоа скапо ќе ги чини. Тие ќе ги урнат храмовите и ќе ја залеат земјата со крв. Но, најпосле ќе се сетат дека се немоќни бунтовници, кои не можат да го издржат ни сопствениот бунт. Обливајќи се со глупави солзи, тие најпосле ќе признаат дека оној што ги создал како бунтовници, без сомневање се подбивал со нив. Тие тоа ќе го кажат во очај, и тоа што ќе го кажат, ќе биде богохулство, од кое тие ќе станат уште понесреќни, зашто човечката природа не може да го поднесе богохулството, и, на крајот на краиштата, самите себеси ќе си одмаздат за него. Значи, немир, забуна и несреќа — тоа е денешната судбина на луѓето, бидејќи ти толку страдаше за нивната слобода! Твојот голем пророк во визиите и во легендите вели дека ги видел сите ученици на првото воскреснување, и дека ги имало по дванаесет илјади од секое колено. Но ако ги имало толку, тие како да не се луѓе, туку богови. Тие го издржале и го истрпиле твојот крст, тие истрпиле десетици години глад, и голотија во пустината, хранејќи се со скакулци и корени, и се разбира, ти сега со гордост можеш да ги посочиш тие деца на слободата, на слободната љубов, тие слободни и величествени нивни жртви во твое име. Но имај на ум, дека нив ги имало само неколку илјади, и тоа богови — а другите? Што се виновни другите сла-

би луѓе дека не можеле да издржат исто како силните? Што е виновна слабата душа оти не е способна да прими толку страшни подароци? И зарем ти навистина дојде само кај избраните и заради избраните? Ако е така, тука е тајната, што ние не можеме да ја разбереме. А ако е тајна, тогаш и ние имавме право да ја проповедаме тајната и да ги учиме луѓето: дека не е важно слободното решавање на нивните срца, ниту љубовта, туку тајната на која тие мораат слепо да ѝ се потчинуваат, дури и против својата совест. Така и направивме. Го исправивме твојот подвиг, и го засновавме на чудото, тајната и авторитетот. И луѓето се зарадуваа дека повторно ги поведоа како стадо, и дека најпосле, од нивните срца е симната страшната дарба што им донесе толку маки. Дали бевме во право, учејќи и правејќи така, кажи? Зарем не го сакавме човештвото кога толку смирено ја признавме неговата немоќ, кога со љубов го олеснивме неговиот товар, и кога ѝ дозволивме на неговата немоќна природа макар и да греши само по наше одобрување? И зошто дојде сега за да ни пречиш? И зошто така молкома и така продорно гледаш во мене со твоите кротки очи? Налути се, јас не ја сакам твојата љубов зашто не те сакам ни тебе! И што имам да кријам од тебе? Зарем не знам со кого зборувам? Она што имам да ти го кажам, сè ти е веќе познато, тоа го читам во твоите очи. И зарем јас ќе ја скријам од тебе нашата тајна? Можеби ти и сакаш да ја чуеш од мојата уста, тогаш слушни ја: ние не сме со тебе, туку со него; тоа е нашата тајна! Ние веќе одамна не сме со тебе, туку со него, веќе осум векови. Токму пред осум векови го зедовме ние од него она што го отфрли ти со негодување, последниот подарок што ти го нудеше тој покажувајќи ти ги сите земски царства: ние го зедовме од него Рим, и кесаровиот меч, и самите себеси се прогласивме за земски царови, за единствени царови, иако сè досега не сме успеале да го доведеме нашето дело до целосен завршеток. Но кој е виновен? Тоа дело, о, и сега е во почеток, но е почнато. Уште многу време ќе се чека за неговото завршување, и земјата ќе страда уште многу, но ние ќе ја постигнеме

нашата цел, и ќе бидеме кесари, и тогаш ќе мислиме за сеопштата човечка среќа. А ти можеше уште тогаш да го земеш кесарскиот меч. Зошто го отфрли тој последен подарок? Да го примеше третиот совет на силниот дух, ти ќе исполнеше сè што човеков бара на земјава, тоест: на кого да му се потчини, на кого да му ја предаде својата совест, и на кој начин, најпосле, сите луѓе да се обединат во неоспорен општ и еднодушен мравјалник, зашто потребата од светско обединување е третата и последна мака на луѓето. Човештвото отсекогаш во целост се стремело да си го уреди животот бездруго сесветски. Имало многу големи народи со голема историја, но колку што тие народи биле повиши толку биле и понесреќни, зашто повеќе од другите ја чувствувале потребата од сеопшто обединување на луѓето. Големите завојувачи, Тимурите и Џинкисканите, пролетаа низ земјава како виор стремејќи се да ја освојат вселената, но и тие, иако несвесно ја изразуваа потребата на човештвото за вселенско и сеопшто обединување. Да го примеше овој совет и кесарскиот плашт, ти ќе основаше светско царство, и ќе овозможеше светски мир. Зашто кој може да владее со луѓето ако не оние што владеат со нивната совест, и во чии раце се нивните лебови! Ние го зедовме кесарскиот меч а штом го зедовме, се разбира, те отфрливме тебе, и тргнавме по н е г о. О, ќе минат уште векови на лутање и незаузданост на слободниот ум, на човечката наука и човекојадството — зашто штом почнаа да ја градат својата Вавилонска кула, веднаш ќе завршат со човекојадство. Но тогаш ќе доползи до нас sверот и ќе ни ги лиже нозете и ќе ги искапи со крвавите солзи од своите очи. А ние ќе го јавнеме sверот ,и ќе го дигнеме пехарот, а на него ќе биде напишано: „Тајна!“ И тогаш, и само тогаш за луѓето ќе настапи царството на мирот и среќата. Ти се гордееш со своите избраници. Но ти имаш само избрани, а ние ќе ги задоволиме сите. А дали е и така: колку ли од нив, од тие твои избраници — од силните што би можеле да станат избраници — се уморија очекувајќи те тебе, па ги пренесоа, и уште ќе ги пренесуваат силите на својот дух и жарот на твоето срце на некоја

друга нива, и ќе заврши со тоа што токму против тебе ќе го подигнат своето с л о б о д н о знаме. Но ти самиот го подигна тоа знаме. Кај нас, пак, сите ќе бидат среќни и веќе нема да прават бунт, ниту пак да се уништуваат еден со друг на сите страни, како во твојата слобода. О, ние ќе ги убедиме дека ќе станат слободни дури тогаш, кога ќе се откажат од својата слобода заради нас, и кога ќе ни се покорат нам. И дали тогаш ќе имаме право, или ќе лажеме? Тие самите ќе се уверат дека имаме право, зашто ќе се сетат до какви страшни моменти на ропство и забуни доведуваше твојата слобода. Слободата, слободниот ум и науката, ќе ги одведат во таква прашина и ќе ги стават во такви чуда и неразрешливи тајни, што некои од нив, непокорни и свирепи, ќе се уништат самите себеси; други непокорни но слаби, ќе се уништуваат едни со други; а третите, што ќе останат, немоќни и несреќни, ќе доползат до нашите нозе и ќе почнат молбено да ни викаат: „Да, вие имавте право, само вие владеевте со неговата тајна, и ние ви се враќаме вам — спасете нè од самите нас“. Добивајќи од нас леб, тие, се разбира, јасно ќе видат дека ние нивните лебови, заработени со нивните раце, ги земаме од нив, за пак да им ги разделиме ним, без никакво чудо; ќе сфатат дека ние камењата ги претвораме во лебови, но, повеќе отколку поради за самиот леб, ќе се радуваат оти го добиваат од нашите раце! Зашто премногу добро ќе се сеќаваат дека порано, без нас, лебовите што ги заработуваа тие, се претвораа во нивните раце во камења; а кога се вратија кај нас, тогаш камењата во нивните раце се претворија во лебови. И премногу, и премногу тие ќе оценат што значи: да се потчиниш еднаш засекогаш! И додека луѓето не го сфатат тоа, ќе бидат несреќни! Кој го потпомогна најмногу тоа недоразбирање, кажи? Кој го раздвои стадото и го растури по непознати патишта? Но стадото пак ќе се собере и пак ќе се покори, и тоа еднаш засекогаш. Тогаш ние ќе им дадеме тивка, смирена среќа, среќа на слабичките суштества, какви што се и создадени. О, ние, најпосле, ќе ги увериме да не бидат горделиви затоа што ги издигна ти, и со тоа ги научи да бидат горделиви. Ќе им докажеме

дека се слаби, дека се само бедни деца, но дека детската среќа е послатка од секоја друга. Тие ќе станат страшливи и ќе почнат да гледаат во нив и да се припиваат до нас од страв, како птичките кон својата мајка. Тие ќе се восхитуваат и ќе се вдашуваат гледајќи нè, и ќе се гордеат дека ние сме толку силни и толку умни што можевме да го смириме немирното стадо од илјада милиони. Тие, слабичките, ќе треперат од нашиот гнев, нивните умови ќе се уплашат, очите ќе им се наполнат со солзи како на деца и жени — но, исто така, лесно, кога ќе им дадеме знак, ќе преминуваат кон веселба и смеа, кон светла радост и среќна детска песничка. Да, ќе ги натераме да работат. Но, во часовите кога ќе се ослободиме од работа ние ќе им уредиме живот како детска игра, со детски песни, со хор, со невини игри. О, ние ќе им дозволиме и да грешат. Тие се слаби и немоќни, и тие ќе нè сакаат како деца, затоа што ќе им дозволиме да грешат. А ние ќе им речеме дека секој грев ќе биде откупен ако биде направен со наша дозвола; а им дозволуваме да грешат затоа што ги сакаме, а казната за тие гревови, најпосле, ќе ја земеме врз себе. И ќе ја земеме врз себе, а тие ќе нè почитуваат како добротвори што пред бога ги зеле врз себе нивните гревови. И од нас не ќе имаат никакви тајни. Ние ќе им дозволуваме, или ќе им забрануваме, да живеат со своите жени и љубовници, да имаат или да немаат деца — сето тоа ќе зависи од нивната послушност — и тие ќе се потчинуваат на драго срце и со радост. Најтешките тајни на нивната совест — сè, сето тоа ќе се изнесуваат пред нас, а ние ќе решаваме за сè, и тие ќе му поверуваат на нашето решение со радост, зашто тоа ќе ги спаси од големата грижа и од страшните сегашни маки на личното и слободно решавање. И сите ќе бидат среќни, сите милиони суштества, освен стотици илјади нивни управувачи. Зашто само ние, ние што ја чуваме тајната, само ние ќе бидеме несреќни. Ќе постојат илјадници милиони среќни дечиња, и стотици илјади страдалници што го зеле врз себе проклетството за запознавање на доброто и злото. Тие ќе умираат тивко, тивко ќе се гаснат во твоето име, и зад гробот ќе наоѓаат само

смрт. Но ние ќе ја зачуваме тајната, и заради нивната среќа ќе ги лажеме со небеската и вечна награда. Зашто, и кога би имало нешто на оној свет, тогаш тоа, се разбира, не би било за такви какви што се тие. Се зборува и се претскажува дека ти ќе дојдеш и ќе нè победиш одново, дека ќе дојдеш со своите избраници, со своите горди и силни; и ние ќе речеме дека тие се спасиле само себеси, а ние сме спасиле сè. Велат дека осрамотена ќе биде блудницата, која седи на sверот, и ја држи во своите раце т а ј н а т а; дека слабите повторно ќе се бунтуваат, дека ќе ја раскинат нејзината наметка и ќе го разголат нејзиното „гадно" тело. Но тогаш ќе станам јас, и ќе ти ги покажам илјадниците милиони срекни дечиња, што не знаеле за грев. И ние сме ги зеле врз себе нивните гревови, заради нивната среќа, ние ќе застанеме пред тебе и ќе речеме: „Суди ни, ако можеш и ако смееш." Знај дека јас не се плашам од тебе! Знај дека и јас бев во пустината, дека и јас се хранев со скакулци и корени, дека и јас ја благословував слободата со која ти ги благословуваше луѓето; и јас се приготвував да се наредам меѓу твоите избраници, меѓу силните и цврстите, со копнеж „да го исполнам бројот". Но се тргнав и не сакав да му служам на безумството. Се вратив и му се придружив на редот на оние што го **поправија твојот подвиг.** Си отидов откај гордите, и се вратив кај смирените, заради среќата на тие смирени. Ова што ти го кажувам тебе, ќе се збидне, и нашето царство ќе се создаде. Ти повторувам, утре веќе ќе го забележиш послушното стадо, кое на првиот знак од мојата рака, ќе се спушти да ги собира гламјите околу кладата на која ќе те изгорам затоа што дојде да ни пречиш. Зашто ако постои некој што повеќе од сите ја заслужил нашата клада, тоа си ти! Утре ќе те изгорам. „Dixi"[1]).

Иван застана. Тој се беше загреал од зборување, и зборуваше со занес, а кога заврши, наеднаш се насмевна.

Аљоша, кој целото време го слушаше молкома, и кој пред крајот, необично возбуден повеќепати се оби-

[1]) Реков (лат.)

дуваше да го прекине зборувањето на брата си, но очигледно се воздржуваше, сега проговори како да се откинал од местото.

— Ама... тоа е бесмислица! — викна тој црвенејќи. — Твојата поема е пофалба на Исуса, а не негово кудење... како што сакаш ти. Кој ќе ти поверува во тоа за слободата? Зарем така, зарем така треба таа да се разбере? Така ли ја сфаќа неа православјето? Тоа е Рим, но не е ни сиот Рим, не е вистина, — тоа се најлошите во католиштвото, инквизиторите, езуитите!... А никако не може да постои толку фантастично лице какво што е твојот инквизитор! Какви се тие човечки гревови што ги зеле врз себе? Какви се тие носители на тајната, што примиле врз себе некакво проклетство заради човечката среќа? Кој ги видел нив? Ние ги знаеме езуитите, за нив се зборува лошо, но дали се тие такви, како што си ги опишал ти? Воопшто не се такви... Тие се просто римска војска за идното светско земско царство на чело со император, римски првосвештеник... Тоа е нивниот идеал, но без никакви тајни и возвишена тага... Најпроста желба за власт, за земско гнасно благо за господарење... Нешто како идно кметство, со тоа што тие ќе станат спахии... ете, тоа им е сè. Тие можеби и не веруваат во господа. Твојот инквизитор што страда — тоа е само фантазија.

— Ама чекај, чекај — се смееше Иван — многу се разлути. Фантазија, велиш ти — па добро! Се разбира, фантазија. Но сепак, дозволи: зарем ти навистина мислиш дека сето тоа католичко движење во последните векови е навистина само чиста желба за власт, единствено заради нечисти богатства? А да не те учел така твојот отец Паисиј?

— Не, не, напротив, отец Паисиј еднаш велеше нешто слично... Но, се разбира, не така, воопшто не така! — се надоврза наеднаш Аљоша.

— Сепак тоа е скапоцен податок, и покрај твоето: „воопшто не така". Јас тебе сега те прашувам: зошто твоите езуити и инквизитори би се собирале само заради годните материјални богатства? Зошто меѓу нив не би можело да се најде ни еден страдалник кого го

мачи голема тага и што го сака човештвото? Гледај: замисли си дека се нашол барем еден помеѓу сите тие што сакаат само материјални и гнасни богатства — макар само еден таков како мојот старец инквизитор, кој и самиот јадел корени во пустината, лудувал, победувајќи го телото, за да се направи себеси слободен и совршен, но кој, меѓутоа, во целиот свој век го сакал човештвото ,а кој сепак наеднаш открил и сфатил дека не е никакво големо морално блаженство да постигнеш совршенство на својата волја, за да се увериш во исто време дека милиони други божји суштества останале создадени за подбив, и дека тие никогаш не ќе бидат во состојба да излезат накрај со својата слобода; дека од бедните бунтовници никогаш нема да станат великани што би ја довршиле кулата; и дека големиот идеалист не мечтаел за својата хармонија поради таквите гуски. Откога го сфаќа сето тоа, тој се враќа и им се придружува... на умните луѓе. Зарем тоа не можело да се случи?

— На кого му се придружил, на какви умни луѓе? — речиси запалено викна Аљоша. — Кај нив не постои ни еден таков ум, тие немаат никаква тајни... Освен можеби безбожноста — тоа им е сета тајна. Твојот инквизитор не верува во господа, и тоа е сета негова тајна!

— Па дури и да е така! Најпосле ти текна. И навистина е така, навистина само во тоа е и сета тајна. Но зарем тоа не е страдање, дури и за човек како него, кој целиот свој живот го жртвувал за подвиг во пустината, и не се излекувал од љубовта спрема човештвото? На залезот на својот живот тој јасно се убедува дека само советите на големиот страшен дух би можеле колку-толку да обезбедат поднослив поредок за слабичките бунтовници, тие „недовршени суштества, што се создадени речиси како за проба, и за подбив“ И гледај, откога се увѐрува во тоа, тој сфаќа дека треба да оди по упатството на мудриот дух, на страшниот дух на смртта и уништувањето; а за тоа треба да се прими лагата и измамата, и свесно да се водат луѓето кон смрт и пропаст, и притоа да се лажат во текот на целиот пат, за да не забележат некако каде

ги водат, за тие кутри слепци макар патем да се чувствуваат среќни. И, имај го на ум уште ова: измама во името на оној во чиј идеал толку страсно верувал старецот целиот свој век! Не е ли тоа несреќа? кога би можело да се најде макар еден таков на чело на целата таа војска „што копнее по власт само поради гнасните богатства“ — зарем не е доста макар еден таков, за да излезе трагедија? Па не само тоа, доста е еден таков, што стои на чело, за да се најде најпосле вистинската раководна идеја за целото римско дело, со сите негови армии и езуити, вишата идеја на тоа дело. Јас отворено ти велам дека цврсто верувам оти тој единствен човек никогаш не им недостигал на оние што стоеле на чело на движењето. Којзнае, можеби и меѓу римските првосвештеници имало такви поединци. Којзнае, можеби тој проклет старец, што толку упорно и толку на свој начин го сакал човештвото, постои и сега во облик на цел ред голем број такви старци, и тоа никако не случајно, туку постои како спогодба, како таен сојуз, што е образуван одамна за да ја чува тајната, за да се зачува таа од несреќните и немоќните луѓе, со цел да ги направи среќни. Тоа бездруго постои, а и треба да биде така. Мене ми се чини дека масоните во својата основа имаат нешто слично на таа тајна, и дека католиците ги мразат толку масоните, зашто во нив гледаат конкуренти, гледаат распарчување на единството на идејата, иако треба да има едно стадо, и еден пастир. Впрочем, бранејќи ја својата мисла, јас прилегам на писател што не ја издржал твојата критика. Доста за тоа.

— Да не си и ти масон? — му се откина наеднаш на Аљоша. — Ти не веруваш во бога! — додаде тој, сега веќе необично тажно. Нему, освен тоа, му се стори дека брат му го гледа со подбив. — Па со што завршува твојата поема? — праша наеднаш, гледајќи вземи. — Или веќе е можеби завршена? —

— Сакав да ја завршам вака: кога замолкнал инквизиторот некое време чекал да слушне што ќе му одговори заробеникот. Му било тешко поради неговото молчење. Тој видел дека заробеникот цело време го слуша, проникливо и тивко гледајќи му во очите,

и очигледно не сакајќи да му одговори ништо. Старецот би сакал овој да му каже нешто, па макар и нешто горчливо, страшно. Но тој наеднаш, молчејќи, му се приближува на старецот и тивко го бацува во неговата бескрвна деведесетгодишна уста. И тоа е целиот одговор. Старецот затреперува, нешто се помрднува на краиштата од неговите усни, тој оди кон вратата, ја отвора и му вели: „Оди си, и не доаѓај повеќе... воопшто не доаѓај... никогаш, никогаш!“ И го пушта „во темните градски улички“. Заробеникот си оди.

— А старецот?

— Бакнежот му жежи во срцето, но тој останува на својата поранешна идеја.

— А и ти заедно со него, и ти? — тажно викна Аљоша.

Иван се засмеа.

— Ама тоа е лудост, Аљоша, тоа е само бесмислена поема на еден бесмислен студент, кој никогаш не напишал ни два стиха. Зошто го земаш толку сериозно тоа? Да не мислиш дека јас сега ќе одам право таму, кај езуитите, за да стапам во редот на луѓето што го исправаат неговиот подвиг? О, господи, што ме интересува мене тоа! Јас ти реков: да можам само да се довлечкам до триесет години, а после пехарот ќе го треснам одземи!

— А лепливите ливчиња, а драгите гробови, а синото небо, а саканата жена! Како ќе живееше, со што ќе ги сакаш? — тажно подвикна Аљоша. — Можно ли е сето тоа со таков пекол во градите и во главата? Да, ти навистина одиш да им се придружиш... а ако не, ќе се убиеш себеси, нема да издржиш!

— Постои една таква сила што може да издржи сè — проговори Иван, сега веќе со студена насмевка.

— Каква е таа сила?

— Карамазовска... Силата на Карамазовската нискост.

— Тоа значи да потонеш во разврат, да ја задушиш душата во срам, нели, нели?

— Па и тоа... само до триесет години можеби и ќе го избегнам тоа, а после...

— Ама како ќе го избегнеш? Со што ќе го избегнеш? Тоа е невозможно со твоите мисли.

— Пак на карамазовски начин.

— Така ли, — „сè е дозволено“ нели? Се е дозволено, така ли, така ли?

Иван се намурти и наеднаш некако чудно побледи.

— А, ти се фати за вчерашниот збор од кој Мисусов се најде толку навреден... и кој толку наивно му се откина на братот Дмитриј? — се насмевна тој кисело.

— Па нека е така — „сè е дозволено“, штом е веќе изговорен зборот, не се откажувам. А ни редакцијата на Митјенка не е лоша.

Аљоша го гледаше молчејќи.

— Брате, јас пред заминување, мислев дека во сиов свет те имам барем тебе — рече Иван со неочекуван восхит — а сега гледам дека ни во твоето срце нема место за мене, мил мој испоснику! Од формулата „сè е дозволено“ јас не се откажувам; е па што, дали ти ќе се откажеш од мене поради тоа, дали?

Аљоша стана му пријде и молчејќи тивко го бацн во устата.

— Литературна кражба! — викна Иван преминувајќи наеднаш во некакво восхитување. — Тоа го украле од мојата поема! Но, благодарам! Стани, Аљоша, ајде да си одиме, време е.

Тие излегоа, но се задржаа кај влезот на гостилницата.

— Еве што, Аљоша, — проговори Иван со решителен глас. — Ако навистина успеам да уживам во лепливите ливчиња, јас ќе ги сакам само сеќавајќи се на тебе. Само ако знам дека ти си некаде тука, нема да ја изгубам волјата за живот. Доста ли ти е тоа? Ако сакаш, тоа земи го и како изјава на љубов. А сега: ти вдесно, јас влево — и навистина, слушаш ли, доста! Тоест, ако утре не отпатувам (но, сигурно ќе отпатувам), и ако пак се состанеме некако, со мене ни збор за тие прашања! Многу те молам. Посебно те молам исто така да не почнуваш веќе со мене разговор ни за братот Дмитриј — додаде тој наеднаш зајадливо — сè е исцрпено, за сè доста зборувавме, така ли е? Јас, пак, од своја страна, за тоа. исто така, тебе ќе ти ветам едно: кога околу триесеттите години, ќе посакам да го

„треснам пехарот одземи“, каде и да се наоѓаш, ќе дојдам кај тебе, за да поразговарам со тебе уште еднаш... дури и од Америка, да го знаеш тоа. Посебно ќе дојдам. Многу интересно ќе биде и тебе да те видам во тоа време, каков ќе бидеш тогаш. Гледаш, доста свечено ветување. Туку навистина, ние сега се простуваме можеби за едно седум. па и десетина години. Е, сега, оди кај твојот Pater Seraphicus, зашто тој умира; а ако умре без тебе, уште можеш и да ми се налутиш, дека те задржав. Догледање! Бацi ме уште еднаш, ете така, и оди си...

Иван наеднаш се сврти и си замина по својот пат, не обрнувајќи се веќе. Тоа личеше на она кога вчера си отиде од кај Аљоша брат му Дмитриј, иако тоа вчера беше изведено на сосем друг начин. Тоа чудно забележување му мина како стрела во умот на Аљоша — тажен и загрижен во тој момент. Тој малку подзапре, и гледаше во брата си. Некако забележа дека брат му Иван оди како да се тетерави, и дека десното рамо, кога се гледа одназад, како да му е пониско од левото. Порано никогаш не го забележал тоа. Па наеднаш и тој се заврти и се упати кон манастирот речиси трчајќи. Веќе добро се стемнуваше, и нему му беше речиси страшно; во него растеше нешто ново, што не би можел да си го објасни. Како вчера пак излезе ветер, и стогодишните борови зашумеа тегобно околу него кога влезе во скитскиот шумјак. Речиси трчаше. „Pater Seraphicus“ — тоа име го зел однекаде, од каде“? — му светна на Аљоша во главата. — „Иване, кутри Иване — кога ли ќе те видам пак... Еве го и скитот, господи! Да, да, еве го Pater Seraphicus, тој ќе ме спаси... од него, и засекогаш!“

После, неколку пати во својот живот, тој со големо чудење се сеќаваше за тоа како можеше, кога се раздели со Ивана, сосем да заборави за брата си Дмитриј, кога само до пред неколку часа, имаше намера бездруго да го пронајде, и да не си оди додека не го стори тоа, па дури и да не се врати во манастирот ноќта.

VI

Засега уште многу нејасно

А Иван Фјодорович, кога се раздели со Аљоша, отиде дома, во куќата на Фјодор Павлович. Но, чудна работа, него наеднаш го опфати некаква тага, која, со секој чекор, колку што се приближуваше кон куќата, стануваше сè поголема. И не беше чудна само тагата, туку и тоа што Иван Фјодорович никако не можеше да определи во што се состоеше таа тага. Нему и порано му се случуваше да тагува, и не беше чудно што му дошла тага во таков момент, кога утре — откако наеднаш прекина со сè што го привлече ваму — се готвеше пак наеднаш да скршне настрана, и да стапи на нов, наполно непознат пат, пак сосем усамен како порано, многу верувајќи, но ни самиот не знаејќи во што, и многу, и премногу очекувајќи од животот, но и самиот не умеејќи ништо да определи ни во однос на надежите, ни во однос на своите желби. Сепак, во тој момент, иако во неговата душа имаше тежок копнеж по новото и непознатото, него не го мачеше тоа. „Да не е во прашање одвратноста спрема родителскиот дом?" — си помисли тој. — „Веројатно е тоа; многу ми стана одвратен; иако денеска за последен пат ќе го минам тој гаден праг, сепак ми е одвратно..." Ама не, не е тоа. А да не е поради разделбата со Аљоша и поради разговорот со него: „Толку години молчев со целиот свет, и никого не сум го удостоил да разговара со мене, па сега наеднаш наприкажав толку глупости". Навистина, тоа би можело да биде младешка тага на младата неискусност и на младата суета; тага поради тоа што не си знаел убаво да се изразиш, па уште и со таков суштество, какво што е Аљоша, на кого во своето срце многу полагаше. Се разбира, го имаше и тоа, тоест, таква тага; несомнено мораше да ја има; но ни тоа не е она вистинското — уште не е она вистинското. „Тага — дека ми е веќе мачно, а не сум способен да определам што сакам. Подобро да не мислаш..."

Иван Фјодорович се обиде „да не мисли", но ни од тоа не му олесни. Што е важно, таа, неговата тага, со

тоа му стана непријатна, и со тоа го раздразнуваше, зашто имаше некаков случаен, наполно надворешен вид; тоа се чувствуваше. Некаде стоеше, и сè беше испречило некакво суштество или предмет, како кога понекогаш нешто ти шртчи пред окото, па долго време, во некаква работа или во пламенен разговор, не го забележуваш; меѓутоа, ти си раздразнет и речиси се мачиш, и одвај еднаш ќе сеќаваш да го тргнеш настрана тој непотребен предмет, често многу ништожен и смешен, нешто заборавено да се стави на своето место, шамиче што паднало на подот, книга што не е оставена во шкафот и друго ,и друго. Најпосле, Иван Фјодорович во многу лоша и раздразнета состојба, пристигна до родителскиот дом, и наеднаш, приближно на петнаесет чекори од дворната врата, откако погледна во вратата, в миг се сети што го мачеше и вознемируваше толку.

На клупата крај вратата, седеше и се освежуваше на вечерниот воздух слугата Смердјаков, а Иван Фјодорович едно што го виде сфати дека и во неговата душа седеше слугата Смердјаков и дека, ете, токму тој човек не може да го поднесе неговата душа. Наеднаш сè му се расветли и му стана јасно. До пред малку, по раскажувањето на Аљоша за неговиот состанок со Смердјаков, нешто мрачно и одвратно како наеднаш да му се забуца во срцето и во него истовремено предизвика, омраза како одговор. Потоа, во разговорот, тој за некое време го заборави Смердјакова, но овој сепак му остана во душата, и дури откако Иван Фјодорович се раздели од Аљоша и тргна за дома, заборавеното сеќавање пак почна да излегува на површина. „Ама зарем навистина тој ништожен никаквец може во толкава мера да ве вознемирува!“ си помисли тој со незадржлива лутина.

Работата е во тоа што Иван Фјодорович навистина го имаше замразено тој човек во последно време, а особено во последните денови. И самиот започна да ја забележува омразата спрема тоа суштество, која стануваше сè поголема. Можеби процесот на омразата беше толку заострен затоа што отпрвин, кога дојде кај нас Иван Фјодорович, беше нешто сосем друго. Тогаш Иван

Фјодорович почувствува спрема Смердјаков некакво посебно сочувство, најде дека тој е многу оригинален. Самиот беше свикнал да разговара со него, но секогаш го чудеше извесна збунетост или, подобро речено, немирот на неговиот ум, и не сфаќаше што би можело толку постојано и незадржливо да го вознемирува „тој посматрач". Тие разговараа за филозофски прашања, дури и за тоа: зошто светнала светлоста во првиот ден, кога Сонцето, Месечината и ѕвездите, биле создадени дури четвртиот ден, и како треба да се разбере тоа. Но Иван Фјодорович набргу се увери дека работата не е во Сонцето, Месечината и ѕвездите, дека Сонцето, Месечината и ѕвездите, навистина, се многу интересни работи, но дека за Смердјаков се сосем споредни и дека нему му треба нешто сосем друго. Како и да е, кај Смердјаков почна да се покажува и да се развива безгранична самољубивост, и притоа навредена. На Иван Фјодорович тоа ни малку не му се допадна. Така и започна неговата одвратност. Подоцна во куќата настанаа нѐзгоди, се појави Грушенка, започнаа скандали со братот Дмитриј, се појавија разни тешкотии. Тој и Смердјаков разговараа и за тоа; но, иако Смердјаков за тоа секогаш разговараше со голема возбуда, сепак не можеше да се дознае што сака тука самиот. Човек би можел да се чуди поради нелогичноста и нередот на некои негови желби, што не сакајќи избиваа на површината, и беа еднакво нејасни. Смердјаков непрестајно испитуваше, поставуваше нѐкакви заобиколни, очигледно посебни измислени прашања, но зошто — тоа не го објаснуваше, и обично, во најзагорештениот момент на своите сопствени прашања, наеднаш замолчуваше, или минуваше на нешто сосем друго. Но, главното што Ивана Фјодорович, најпосле го разлути и го исполни со одвратност, беше извесната одвратна и посебна фамилијарност што Смердјаков фати силно да ја изразува спрема него, и тоа, сѐ повеќе и повеќе. Не да речеш дека си дозволуваше да биде неучтив, напротив, секогаш зборуваше необично учтиво, но сепак, работата така се сврти што Смердјаков очигледно којзнае зошто почна да смета дека тој во нешто е речиси солидарен со Иван Фјодорович: секогаш зборуваше со

таков тон, како меѓу нив двајца да има веќе нешто здоговорено и божем потајно, нешто некогаш од обете страни изговорено, познато само ним двајца, а за кое, другите смртни, што лазат околу нив, немаат ни поим. Но Иван Фјодорович и тогаш долго време не ја сфаќаше таа вистинска причина на својата сè поголема одвратност, и, најпосле, дури во последно време, му појде по рака да се сети во што е работата. Со гадливост и лутина сакаше да мине молчејќи низ дворната вратичка и не гледајќи во Смердјаков, но Смердјаков стана од клупата, и веќе по тоа едно движење на Иван Фјодорович за миг му текна дека овој сака со него да разговара за нешто посебно. Иван Фјодорович погледна во него и запре, и тоа што застана така наеднаш, а не продолжи понатаму, како што сакаше до пред еден момент, тоа толку го налути што целиот се тресеше. Со лутина и одвратност го гледаше скопенички испиеното лице на Смердјаков, со грижливо исчешлани бакенбарди и со мала нагоре кренатa локна на косата на темето. Левото, мижуркаво око му трепкаше и се смешкаше, како да сакаше да каже: „Што си одиш, нема да минеш; зарем не гледаш дека ние двајца, како умни луѓе, имаме за што да разговараме". Иван Фјодорович затрепери.

„Тргни се, никаквецу! Јас не сум твое друштво, будала!" — веќе му бѐше на врвот од јазикот, но за најголемо негово чудо, од јазикот му се лизна нешто сосем друго:

— Што прави татко ми? Спие или е разбуден? — тивко и смирено проговори тој, така што и самиот се изненади; и наеднаш, пак сосем неочекувано, седна на клупата .Во еден миг, му стана речиси страшно, после се сети на тоа. Смердјаков стоеше пред него, со рацете зад грбот, и гледаше со некаква самоувереност, речиси строго.

— Уште се одмараат — одговори тој полека. („Тој си вели, прв проговори, а не јас") — Ви се чудам, господине, додаде тој, откако помолчи малку, тегавејќи се, со спуштен поглед, протегајќи ја малку напред десната нога и мрдајќи со врвот од лачениот чевел.

— А зошто ми се чудиш? — рече Иван Фјодорович отсечно и жекаво, совладувајќи се со сета сила; и наеднаш со одвратност сфати дека чувствува најголемо љубопитство, и дека воопшто нема да си оди одовде, додека не го задоволи.

— Господине, зошто вие не одите во Чермашња? — наеднаш го погледна Смердјаков и фамилијарно се насмевна. („А зошто се насмевнав, тоа и самиот треба да го знаеш, ако си умен човек" — како да велеше неговото мало лево око со кое имаше замижано).

— А зошто да одам во Чермашња? — се зачуди Иван Фјодорович.

Смердјаков пак замолчи.

— Па самиот Фјодор Павлович, толкупати ве молеше — рече тој полека, и не очекувајќи многу од својот одговор — како да вели: само да се ослободам, наведувам каква и да било причина, само колку нешто да кажам.

— По ѓаволите, зборувај појасно, што сакаш! — викна најпосле Иван Фјодорович налутено, преминувајќи од смиреност кон грубост.

Смердјаков ја приближи десната нога до левата, уште повеќе се исправи, но и понатаму гледаше со истото спокојство и со истата насмевка.

— Нема ништо суштествено . . . јас само така, колку . . .

Пак настапи молчење. Така молчеа речиси една минута. Иван Фјодорович знаеше дека треба сега да стане и да се налути, но Смердјаков стоеше пред него, и како да очекуваше: „Баш да видам, дали ќе се налутиш?" Така барем му се стори на Иван Фјодорович. Најпосле, тој се размрда за да стане. Смердјаков како да најде погоден момент.

— Иване Фјодорович, мојата положба е страшна, просто не знам како да си помогнам — рече наеднаш решително, нагласувајќи го секој слог, а при последниот збор воздивна.

Иван Фјодорович пак седна.

— И двајцата се споулавени, и двајцата се подетинети — продолжи Смердјаков. — Јас зборувам за вашиот родител и за брат ви Дмитриј Фјодорович.

Ете, тие, Фјодор Павлович, сега ќе станат и веднаш ќе почнат да ми додеваат, и тоа постојано: „Што, не е ли дојдена? Зошто не е дојдена?“ така сè до полноќ, па и по полноќ. А ако Аграфена Александровна не дојде, (затоа што таа, изгледа, воопшто никогаш и не мисли да дојде), тие изутрина пак ќе се нафрлат на мене: „Зошто не дојде? Поради што не дојде? Кога ќе дојде?“ — како да сум им јас виновен за сето тоа. Од друга страна, пак — таква ви е работата, — штом ќе се стемни, па и порано, вашиот брат, ќе се појави овде некаде во соседството со пушка в раце: „Внимавај, вели, никаквецу и чкембару: ако не ја забележиш навреме, и ако не ми јавиш дека дошла — прво тебе ќе те убијам!“ А штом ќе се раздени, тие, исто како Фјодор Павлович ќе почнат да ме ставаат на тешки маки: де, „зошто не дошла?“ де „дали скоро ќе се појави?“ — значи и пред нив излегувам виновник, затоа што не дошла нивната госпоѓа. И така секој ден и секој час и двајцата се лутат сè пожестоко, и понекогаш ми доаѓа од страв да си го одземам животот. Господине, јас не очекувам никакво добро од нив.

— А зошто си се замешал? Зошто си ги пренесував гласовите за Дмитриј Фјодорович? — налутено проговори Иван Фјодорович.

— А како да не се замешам? Па јас и не се мешам воопшто, ако сакате да знаете сосем точно. Јас уште од почетокот непрестајно молчев. Зашто не смеев да им се противам; тие самите ме определија да им бидам слуга — Личард да им бидам. Друго ништо не знаат од тоа време освен едно: „Ќе те убијам никаквецу, ако ја пропуштиш!“ Јас сметам со сигурност, господине, дека утре ќе ми се појави долготрајна падавица.

— Каква е таа долготрајна падавица?

— Долготраен напад, необично долг. Трае неколку часа, па и ден-два. Еднаш тоа ми траеше три дена, кога паднав од таванот. Ќе престане да ме мачи, па ќе почне пак; и сите три дена не можев да се соземам Фјодор Павлович испрати по Херценштубе, овдешниот лекар и тој ми редеше мраз на темето, и употреби уште еден лек... за малку ќе умрев.

— Па, велат, дека падавицата не може да се предвиди, дека, да речеме, ќе се случи во тој и тој час. Како можеш ти да речеш дека ќе ти дојде утре? — го праша Иван Фјодорович.

— Имате право кога велите дека не може однапред да се знае.

— Освен тоа, ти тогаш си паднал од таванот.

— Јас секој ден се качувам на таванот, и утре можам да паднам од таванот. А ако не од таванот, јас ќе паднам во визбата, зашто по потреба секој ден одам и во визбата.

Иван Фјодорович се загледа во него продолжително.

— Ти нешто многу ми завиткуваш, и јас не можам да те разберам — проговори тој тивко, но некако страшно. — Сакаш сигурно да се направиш болен од падавица три дена? Нели?

Смердјаков, кој гледаше во земјата и кој пак го мрдаше врвот на десниот чевел, си ја врати десната нога наместо, а наместо неа ја извади напред левата, ја дигна главата, и насмевнувајќи се рече:

— Кога би можел јас такво нешто, тоест да се преправам, што на вешт човек не му е ни тешко да направи, би имал полно право тоа средство да го употребам заради спасување на мојот живот од смрт; зашто ако Аграфена Александровна дојде кај нивниот родител тогаш кога лежам од болеста тие не можат да му префрлат на болен човек: „Зошто не си јавил“. Ќе им е срам.

— Ех, по ѓаволите! — наеднаш пламна Иван Фјодорович со лице искривено од лутина. — Зошто толку се плашиш за својот живот! Сите тие заканувања на брат ми Дмитриј се само непромислени зборови и ништо повеќе. Тој нема да те убие тебе; ќе убие, но нема тебе.

— Ќе убијат, како мува, но првин мене. А од нешто друго уште повеќе се плашам: да не ме сметаат за нивни соучесник ако направи некакво чудо со својот родител.

— А зошто да те сметаат за соучесник?

— Затоа што јас им ги соопштив знаците како голема тајна.

— Какви знаци? На кого си му соопштил? Ѓавол, да те земе, зборувај појасно.

— Морам сè да признам — со педантно спокојство се тегавеше Смердјаков — дека јас и Фјодор Павлович имаме една тајна. Тие, како што и самиот повелате да знаете, (ако повелате да знаете), веќе неколку дена, штом ќе дојде ноќта, па дури и вечерта, тие веднаш се заклучуваат однатре. Вие во последно време, почнавте секогаш рано да се враќате горе во вашата соба а вчера воопшто и не излеговте, па затоа можеби и не знаете колку грижливо тие почнаа да се заклучуваат ноќе. Дури и кога би дошол самиот Григориј Васильевич, тие и нему би му отвориле само ако по гласот се уверат дека е тој. Но Григориј Василевич не доаѓа, сега во собите служам само јас — така самите наредија од оној момент кога тука ја започнаа својата намера со Аграфена Александровна. А сега, ноќе по нивна наредба, и јас се оддалечувам и спијам во дворната куќа, при кое до полноќ не спијам, ами дежурам, стануван и обиколувам околу куќата чекајќи кога ќе дојде Аграфена Александровна, зашто тие еве веќе неколку дена ја чекаат неа, токму како полудени. И вака размислуваат: „Таа, вели, се плаши од него, тоест од Дмитриј Фјодорович (него го викаат Митја), па затоа ќе дојде преку дворот доцна навечер; а ти, вели, внимавај на неа, сè до полноќ, па и подоцна. А ако дојде, трчаница тропни ми со рака на вратата, или на прозорецот од градината. Првите двапати побавно, вака: еден-два, а потоа веднаш трипати побрзо: чук, чук, чук. И тогаш, вели, веднаш ќе сфатам дека е дојдена таа, и полека ќе ти ја отворам вратата.“ А друг знак ми соопштија за случај ако излезе нешто вонредно: најпрвин двапати потивко — чук, чук, а после, откако ќе причекам малку, уште еднаш многу силно. Така тие ќе сфатат дека се случило нешто ненадејно, и дека мене ми е многу потребно да ги видам, па и тогаш ќе ми отворат а јас ќе влезам и ќе им јавам. Тоа е за случај ако Аграфена Александровна не дојде сама, туку ако испрати некого за да јави нешто. Освен тоа, би можел

да наиде и Дмитриј Фјодорович, па и за него да јавам, дека е близу. Тие многу се плашат од Дмитриј Фјодорович, така, ако дојде Аграфена Александровна, па тој и таа би се заклучиле, а во тој миг некаде близу се појави Дмитриј Фјодорович — тогаш, бездруго, пак да ги известам, со три тропнувања така што првиот знак со пет удари значи: „Аграфена Александровна е дојдена“, а вториот знак од три удари — „Многу е важно“. Самите неколку пати со пример ми покажуваа и ми разјаснуваа. А бидејќи во целава вселена за тие знаци знаеме само ние двајца, тие, без секакво сомневање и воопшто не прашувајќи кој е (зашто многу се плашат гласно да прашаат кој е) — ќе отклучат. Но ете, тие знаци сега му се познати и на Дмитриј Фјодоровиќ!

— А од каде му се познати? Ти ли му ги кажа? Како си смеел да му ги кажеш?

— Затоа што се плашев. Како смеев да молчам? Дмитриј Фјодорович секој ден настојуваше: „Ти ме лажеш, ти нешто криеш од мене? Јас ќе ти ги скршам двете нозе!“ И ете тогаш им ги соопштив тајните знаци за да ја сфатат мојата покорност, и со тоа да се уверат дека не ги лажам, ами дека им соопштувам сè.

— Ако мислиш дека тој ќе ги користи тие знаци, и дека ќе сака да влезе, немој да го пушташ.

— Но, ако јас имам напад на падавица тогаш како да не ги пуштам, ако воопшто смеам да се осмелам да не ги пуштам, знаејќи колку се страшни.

— Ех, по ѓаволите! А зошто си толку уверен дека ќе ти дојде падавицата, ѓавол да те земе? Ти со мене изгледа правиш шега?

— Како тоа со вас си правам шега кога мене не ми е до тоа, кога сум толку заплашен? Претчувствувам дека ќе ми дојде падавицата — имам такво претчувство; просто од самиот страв дека ќе ми дојде.

— По ѓаволите! Ако ти лежиш, стража ќе чува Григориј. Однапред кажи му на Григорија, тој нема да го пушти.

— На Григориј Василевич за тие знаци без наредба на господинот, не смеам воопшто да му кажам. А колку за тоа дека Григориј Василевич ќе ги слушне

нив и нема да ги пушти — тие токму денеска се разболеа од вчерашното чудо, а Марфа Игнатјевна решиле утре да ги лекува. Така се договорија пред малку. А тоа нивно лекување е многу интересно: Марфа Игнатјевна знае некаква ракија, и секогаш ја имаат јака, со некаква трева; тие знаат некој рецепт, и со тој таен лек, го лекуваат Григорија Василевич едно трипати во годината, кога ќе му се здрви половината; тоа му се случува, тогаш тој е како фатен, едно трипати во годината. Тогаш го зема пешкирот го натопува во таа ракија, и целиот грб го трие половина час, додека не се исуши, додека сосем не поцрвени и не отече, а потоа она што ќе остане во шишенцето, му го даваат да го испие со некаква молитва, но не сето, затоа што еден мал дел од таа ретка прилика оставаат за себе, па исто така се напиваат. И бидејќи тие двајца, да ви кажам, воопшто не пијат, веднаш се одвртуваат и долго време цврсто спијат; а кога ќе се разбудат, Григориј Василевич речиси секогаш потоа, е здрав, а Марфа Игнатјевна кога ќе се разбуди, секогаш потоа ја боли главата. И ете, значи, ако утре Марфа Игнатјевна ја изврши таа своја намера, тогаш, тешко ќе можат тие нешто да чујат и не ќе го спречат Дмитриј Фјодорович. Тие ќе спијат.

— Каква бесмислица! Сето тоа да излезе наеднаш како порачано: и кај тебе падавица, и тие двајца бесвесни! — викна Иван Фјодорович.

— Ама, да не ја редиш ти сам работата во тој правец! — му се откина наеднаш, и страшно си ги собра веѓите.

— Како би можел јас така да ја наредам... А и што да наредувам, кога сè зависи само од Дмитриј Фјодорович, и само од нивните мисли... Ако тие сакаат нешто да направат — ќе направат; ако не сакаат, тогаш секако нема јас посебно да ги доведам за да ги втурнам кај родителот?

— А зошто би дошол тој кај татка си, па уште скришум, ако Аграфена Александровна, како што велиш ти самиот, нема воопшто да дојде? — продолжи Иван Фјодорович побледувајќи од лутина. — И самиот го велиш тоа, а јас, откако сум овде, уверен сум дека

старецот само фантазира, и дека бестијата нема да дојде кај него. Тогаш зошто да упадне Дмитриј кај старецот, ако таа нема да дојде? Кажувај! Сакам да ги знам твоите мисли!

— Па вие самите повелате да знаете зошто ќе дојдат тие, зошто ви се тука моите мисли? Тие ќе дојдат од бес, или поради својата сомнежливост; и во моментот на мојата болест тие ќе се посомневаат и поради нестрпливост, ќе влезат во собите да бараат, како вчера: дали дошла таа некако скришум од нив. Ним и тоа им е наполно познато: дека Фјодор Павлович има подготвено еден голем плик, и во него запечатено три илјади, со три печати, и сè подврзано со лентичка и напишано со неговата сопствена рака: „На мојот ангел, Грушенка, ако посака да дојде", а потоа, по едно три дена, под тоа допишаа „И на пиленцето". Е, ете тоа е сомнителното!

— Сенешто! — викна Иван Фјодорович, речиси надвор од себеси.

— Дмитриј нема да дојде за да грабнува пари и притоа уште да го убие татка си. Тој вчера можеше да го убие поради Грушенка, како збеснет будала; но нема да дојде да плачкосува!

— Ним сега многу им се потребни пари, потребни во најголема мера, Иване Фјодорович. Вие не знаете колку им се потребни, објасни Смердјаков необично спокојно и многу јасно. — Освен тоа, тие трите илјади ги сметаат како свои сопствени, така ми рекоа самите: „Мене, вели, родителот ми останува должен токму уште три илјади". А покрај сето тоа, сфатете, Иван Фјодорович, и една чиста вистина: зашто сигурно е така, мора да се каже, дека Аграфена Александровна, само ако пофте, бездруго ќе го натера да се ожени со неа, тоест со самиот господин, Фјодор Павлович, само ако посака, а таа можеби навистина ќе сака. Зашто, јас ете велам дека нема да дојде, а таа можеби ќе сака и нешто повеќе, тоест да стане госпоѓа. Јас знам, дека нивниот трговец Самсонов нејзе, и со најголема отвореност ѝ велеше дека таа работа би била многу умна, и при тоа се смееја. А ни самите тие не се ни малку глупави. За нив не е да појдат за голтар каков што е Дмитриј Фјо-

дорович. Е, па сега, кога ќе го земете тоа во обѕир, размислете и сами, Иван Фјодорович, тогаш ни на Дмитриј Фјодорович, ни вам, ниту пак на вашиот брат Алексеј Фјодорович, нема да ви остане ништо по смртта на родителот, ни една рубла, зашто Аграфена Александровна ќе појде за него само ако ѝ препише сè на нејзино име, сè — сиот капитал што ќе се најде ако се пренесе на неа. А ако умре вашиот родител сега, додека уште го нема сето тоа, тогаш секој од вас, веднаш ќе добие сигурно по четириесет илјади; дури и Дмитриј Фјодорович, кого тие толку го мразат, зашто тие немаат напишано тестамент... Сето тоа одлично му е познато на Дмитриј Фјодорович.

Нешто како да му се искриви и му затрепери на лицето на Иван Фјодорович. Тој наеднаш поцрвени.

— Зошто тогаш ти — наеднаш тој го прекина Смердјакова — по сето тоа ме советуваш да одам во Чермашња? Што сакаше да кажеш со тоа? Јас да си одам, а кај вас, сешто може да се случи!

Иван Фјодорович, одвај дишеше.

— Сосем точно! — тивко и јасно проговори Смердјаков, внимателно следејќи го со погледот Ивана Фјодорович.

— Како тоа сосем точно? — праша Иван Фјодорович, одвај совладувајќи се и страшно светкајќи со очите.

— Јас го реков тоа, зашто ми е жал за вас. Да сум на вашето место, веднаш би оставил сè... Во такви услови, не би останувал понатаму... — одговори Смердјаков најотворено, гледајќи како му светкаат очите на Иван Фјодорович.

И двајцата некое време молчеа.

— Изгледа, ти си голем идиот, и, веќе, се разбира... страшен никаквец! — наеднаш стана од клупата Иван Фјодорович. Потоа веќе сакаше да мине низ вратичето, но наеднаш застана, и се сврти кон Смердјаков. Се случи нешто чудно: Иван Фјодорович одненадеж, како во некакви грчеви, си ја гризна усната ги стисна тупаниците и — само што не му се нафрли на Смердјакова. Овој го забележа тоа во истиот момент, затрепери и се повлече со телото назад. Но мо-

ментот мина среќно за Смердјакова, и Иван Фјодорович, молчејќи, и како во некаква недоумица, отиде кон вратичето.

— Јас утре заминувам за Москва, ако сакаш да знаеш — утре рано изутрината — тоа ти е сè! — налутено, полека и гласно проговори тој, чудејќи се после самиот: зошто тогаш му требало да му го кажува тоа на Смердјаков.

— Тоа би било најдобро — прифати овој, токму како да го чекаше само тоа — незгодно е само што во Москва, вас можат со телеграф да ве вознемират одовде, ако во случај дојде до такво нешто.

Иван Фјодорович пак запре и пак брзо се сврти кон Смердјаков. А и со овој како да се случи нешто. Наеднаш исчезнаа сета негова фамилијарност и небрежност; неговото лице изразуваше необично внимание и очекување, но веќе уплашено и понизно: „Дали имаш уште нешто да кажеш — дали ќе додадеш уште нешто?“ — просто тоа можеше да се прочита во неговиот внимателен поглед, кој речиси се впи во Иван Фјодорович.

— А од Чермашња мислиш не би ме извикале... ако се случи такво нешто? — викна Иван Фјодорович, поради нешто наеднаш страшно подигајќи го гласот.

— Па и во Чермашња ќе ве... вознемират... — промрмори Смердјаков, речиси со шепот. Како да беше збунет, но и понатаму внимателно гледајќи го Ивана Фјодоровича, право во очите.

— Само, Москва е подалеку, а Чермашња поблизу, ти секако го жалиш патниот трошок, штом толку настојуваш за Чермашња. Или можеби, ме жалиш дека ќе морам многу да заобиколувам?

— Сосем точно... — промрмори Смердјаков со глас кој веќе беше пресечен, гнасно смешкајќи се и пак грчевито готов да отскокне назад, навреме.

Но, Иван Фјодорович, за големо изненадување на Смердјаков, наеднаш се засмеа, и брзо мина низ вратичето, смеејќи се и понатаму.

Ако некој го видеше неговото лице, сигурно ќе заклучеше дека неговата насмевка не потекнуваше од

веселба. Ни самиот за ништо на светов не би можел да објасни што му се случи тогаш. Се движеше и чекореше како во грчеви.

VII

„Интересен е разговорот со умен човек"

А и зборуваше така. Кога наиде на Фјодор Павлович во салата, едно влегување, тој наеднаш му викна, мавнувајќи му со рацете: „Јас ќе одам горе, во мојата соба, не идам кај вас, догледање", и продолжи, трудејќи се дури и да не го погледне татка си. Многу е можно старецот да му беше премногу омразен во тој момент, но толку безобзирното изразување на непријателско чувство беше изненадување дури и за Фјодор Павлович. А старецот очигледно сакаше што побргу да му соопшти нешто; поради тоа посебно беше излезен во салата да го пречека; но, кога ја слушна таквата љубезност, тој се запре, и молчејќи и со подбивен израз го проследи со очите својот син на скалите, сè до мезанинот, додека овој не му се изгуби од видот.

— Што му е? — веднаш го праша тој Смердјакова, кој влезе по Ивана.

— Се лутат поради нешто — кој знае! — промрмори овој, извлекувајќи се.

— Ѓавол да го земе! Нека се лути. Донеси го самоварот, па брзо чисти се одовде! Веднаш! Има ли нешто ново?

Тука започнаа истите прашања поради кои Смердјаков пред малку му се плачеше на Иван Фјодорович, тоест сето она во врска со очекуваната посетителка, па затоа тие прашања овде ќе ги изоставиме. По половина час, куќата беше заклучена, и мрднатото старичиште шеткаше по собите, во возбудено очекување секој момент да се слушнат петте договорени удари, одвреме-навреме зиркајќи низ мрачните прозорци, но не можејќи низ нив да види ништо друго, освен темницата.

Веќе беше многу доцна. Иван Фјодорович воопшто не спиеше ами размислуваше. Ноќта легна доцна, околу два часот. Но ние сега нема да го прикажуваме текот на неговите мисли, а и не е дојдено времето за да навлеземе во таа душа: и на таа душа ќе ѝ дојде редот. А и кога би се обиделе да соопштиме нешто, многу тешко би било да се направи тоа, зашто тоа и не беа мисли, туку нешто многу неопределено, и што е најважно, и премногу возбудено. Тој и самиот чувствуваше дека ги има загубено сите конци. А го мачеа и разни чудни речиси сосем неочекувани желби, на пример: веќе по полноќ тој наеднаш упорно и незадржливо посака да слезе долу, да ја отклучи вратата да оди во дворната куќа, да го измава Смердјакова, но ако го прашате зошто, тој воопшто не би можел да ви изнесе точно ни една причина, освен можеби тоа дека слугата му станал многу омразен како најлош злосторник, што воопшто може да се најде на светот. Од друга страна, неговата душа ноќта ја обземаше некаков необјаслив и понижувачки страв, од кој тој — го чувствуваше тоа — како да ја губеше дури и физичката сила. Го болеше и му се вртеше главата. Нешто омразено му ја притискаше душата, како да се готвеше некому да му се одмазди. Го мразеше дури и Аљоша, сеќавајќи се за скорешниот разговор со него, на моменти многу се мразеше и себеси. Катарина Ивановна речиси ја заборави и не мислеше на неа, и после многу се чудеше поради тоа, дотолку повеќе што добро се сеќаваше дека уште вчера изутрината, кога се фалеше кај Катарина Ивановна дека утре ќе замине за Москва — веднаш во својата душа ќе си шепнеше: „Какви глупости, нема да си одиш, ниту ќе биде толку лесно да се оттргнеш, како што се фалиш. Сеќавајќи се на таа ноќ многу подоцна, Иван Фјодорович со посебна одвратност си спомнуваше: како наеднаш ќе станеше од канабето, и полека, како страшно да се плаши да не го видат, ја отвораше вратата, излегуваше на скалите и наслушнуваше кон долу, кон долните соби, како таму долу Фјодор Павлович се движи и чекори; ќе слушаше долго, до пет минути, со некакво чудно љубопитство, со притаен здив, и со тупкање на срцето. А

зошто го правеше сето тоа, зошто наслушнуваше — се разбира, не знаеше ни самиот. Таа „постапка“ после, целиот живот ја наречуваше „гадна“, и целиот живот во длабината на својата душа ја сметаше — за најподла во текот на целиот свој век. Спрема Фјодор Павлович во тие моменти не чувствуваше никаква омраза, туку само поради нешто беше страшно љубопитен: како оди тој таму долу, што ли прави, на пример, таму во својата соба, и претпоставуваше и замислуваше, како старецот сега таму долу сигурно sирка низ темните прозорци, наеднаш застанува сред соба и чека, чека — дали ќе тропне некој. Иван Фјодорович поради тоа едно двапати излегуваше на скалите. Кога сè се стивна, и кога веќе си легна и Фјодор Павлович, ќе имаше околу два часот, легна и Иван Фјодорович, со цврста желба да заспие што побрзо, бидејќи се чувствуваше многу измачен. И навистина, тој наеднаш заспа цврсто и спиеше без соништа, но се разбуди рано околу седум часот, кога веќе беше разденето .Ги отвори очите, и се зачуди, наеднаш почувствува во себе прилив на некаква необична енергија, брзо скокна и набрзина се облече, потоа го извлече куферот и без двоумење почна да се пакува. Долната облека, токму како порачано вчера изутрина сега ја доби од перачката. Иван Фјодорович дури се насмевна при помислата дека излегло сè така згодно и дека нема никакви пречки за неговото ненајдено заминување. А заминувањето навистина беше ненадејно. Иако Иван Фјодорович вчера ѝ зборуваше (на Катарина Ивановна, на Аљоша и после на Смердјаков) дека утре ќе отпатува, сепак, синоќа кога легна да спие, тој многу добро се сеќаваше дека во тој момент воопшто не мислел на заминување, барем не мислел дека утредента кога ќе се разбуди првиот чекор ќе му биде што побрзо да си го приготви куферот. Најпосле, куферот и торбата се готови; беше околу девет часот кога Марфа Игнатјевна се качи кај него со обичното секојдневно прашање: „Каде ќе повелате денеска да пиете чај, овде кај вас, или ќе слезете долу?“ Иван Фјодорович слезе долу, изгледаше речиси весел, иако во него, во зборовите и движењето, имаше нешто растресено и забрзано. Љубезно се поздрави со татка си, и

посебно го праша за здравјето ,а не дочекувајќи, впрочем, татко му да си го доврши одговорот, наеднаш изјави дека по еден час си заминува за Москва, сосем, и моли да му испратат по кола. Старецот го ислуша тоа соопштение без ни најмало чудење, сосема непристојно заборавајќи барем малку да пожали поради заминувањето на синот, а наместо тоа, тој наеднаш се растрча, сеќавајќи се токму во тој момент за некоја многу потребна своја работа.

— Ах, те молам, ете, каков си! Не ми кажа вчера . . . Но сеедно, можеме да уредиме и сега. За љубов моја, роден мој, наврати во Чермашња, од станицата Воловја имаш само малку лево да скршнеш, само можеби едно дванаесетина врстички, и ти си во Чермашња.

— Ама, ве молам, не можам; до железницата има осумдесет врсти, а возот од станицата тргнува за Москва во седум навечер, — значи токму да стигнам навреме.

— Ќе стигнеш утре или задутре, а денеска наврати во Чермашња. Нема многу да те чини за да го смириш родителот. Да немав овде работа, досега самиот ќе отрчав дотаму, зашто таму работата е итна и извонредна; а овде . . . јас не е време за тоа . . . таму, знаеш, таа моја шумичка е во две делници, во Бегичево и во Ѓачкино, надвор од атарот. Маслови, старецот и син му, трговци, ми даваат само осум илјади за да ја исечат шумата ,а лани дојде еден купувач и ми даваше дваесет илјади, но не е овдешен — ете во што е работата! На овдешните сега не може ни да им се продаде нешто . . . Стариот Маслов и син му лежат на стотици илјади и се пазарат: колку ќе ти дадат, мораш толку да земеш; од овдешните никој не смее со нив да се токми. Илинскиот поп минатиот четврток ми пиша дека дошол Горсткин, исто така трговец, јас го познавам, и за наша среќа тој не е овдешен, туку од Погребов, па значи, не се плаши од Маслови, зашто не е овдешен. „Единаесет илјади, вели, ќе ти дадам за шумата“ — слушаш ли? А ќе се задржи овде, пишува попот само уште една недела. Па, ете, да одиш, и да направиш пазар со него . . .

— Па пишете му на попот, и тој ќе се договори.

— Ама не го разбира тоа попот, — во тоа е работата. Попот ништо не гледа. Златен човек, можам сега веднаш да му доверам дваесет илјади на чување без потврда, ама ништо не гледа; како да не е човек — чавка ќе го излаже. А учен човек, замисли си! Тој Горсткин, навидум е селанец, во син елек, но по карактер е страшен подлец; во тоа е нашата заедничка неволја; тој лаже и тука е тешкотијата. Понекогаш толку лаже што се чудиш зошто му е тоа. Пред минатата година ме излажа дека жена му умрела и дека повторно се оженил, а немаше ништо точно во тоа, замисли си: жена му никогаш не умрела, и секој трет ден, го тепа. И сега, драги, треба да се дознае: дали лаже или зборува вистина дека сака да ја купи шумата, и да даде единаесет илјади.

— Па ни јас тука не можам ништо да направам, зашто ни јас не умеам да гледам.

— Стој, почекај, ти си добар, затоа јас ќе ти ги соопштам сите негови особини; со него работам одамна. Види ваму: нему треба да му гледаш во брадата, тој има црвеникава, гадна, ретка брадичка. Ако му трепери брадичката, а тој зборува и се лути, значи: добро е. Тоа што го кажува е вистина. Ќе се сврши работата; ако ја мазни брадата со левата рака, па се смешшка, е, тогаш, значи: лаже, сака да те префрли. Никогаш не гледај му во очите, по очите не можеш ништо да разбереш — матна вода, лажливец — гледај го во брадата. Јас ќе ти дадам писменце, а ти покажи му го. Тој е Горсткин, но не е Горсткин,[1]) туку Љагавиј; ама ти не вели му Љагавиј, ќе се најде навреден. Кога ќе се спогодиш со него, и ќе видиш дека е во ред, веднаш пиши ми ваму. Напиши само „не лаже“ а јас ќе сфатам. Држи се на тие единаесет илјади, можеш да попуштиш една илјадичка, повеќе не попуштај. Замисли си: осум и единаесет — три илјади разлика. Тие три илјади како да сум ги нашол на пат; прашање е кога ќе најдам друг купувач, а парите ми се многу потреб-

---

[1]) од горст = грст

[2]) ловечко куче, птичар

ни. Кога ќе ми јавиш дека е сериозно, тогаш и јас ќе дотрчам таму и ќе свршам сè; некако ќе најдам време. А вака — зошто да јурам таму ако попот сето само го измислил? Е, ќе одиш ли?

— Ама немам кога, поштеди ме.

— За љубов на татка си, нема да ти го заборавам тоа! Без срце сте сите вие, ете тоа ти е! Што е за тебе еден ден или два! Каде ќе одиш сега? Во Венеција? Венеција нема да ти пропадне за два дена. Јас ќе го испратев Аљошка, но што знае Аљошка за такви работи? Тебе те праќам зашто си умен човек; зарем не гледам јас! Ти не тргуваш со дрва, ама имаш око. Главно да се види: дали човекот зборува сериозно или не. Ти велам, само гледај го во брадата: ако му игра брадичката, сериозно е.

— Ама вие мене само во таа проклета Чермашња ме туркате? — викна Иван Фјодорович, зајадливо насмевнувајќи се. Фјодор Павлович не ја забележа таа зајадливост, или не сакаше да ја забележи, а веднаш ја прифати насмевката.

— Значи одиш, одиш? Веднаш ќе ти приготвам писменце.

— Не знам дали ќе одам, не знам, патем ќе решам.

— А зошто патем, реши се веднаш. Гулапче, реши се! Ако се спогодиш, напиши ми два реда, предај му ги на попот, тој за миг ќе ми го испрати писменцето. А после нема веќе да те задржувам, оди си во Венеција. Назад, до станицата Воловја, попот ќе те одведе со своја кола...

Старецот беше просто восхитен. Го напиша писменцето испрати по кола, донесоа закуска, коњак. Кога на старецот ќе му беше нешто мило, тој обично почнуваше да им се предава на чувствата, но овој пат како да се воздржуваше. За Дмитриј Фјодорович, на пример, не проговори ни едно зборче. А разделбата ни најмалку не го трогна. Дури како да не знаеше за што да зборува; Иван Фјодорович, многу убаво го забележи тоа; „Значи, многу сум му здодеал" — си помисли. Испраќајќи го синот, веќе на скалите старецот како малку да се растревожи и се обиде да се бакне со него. Но, Иван Фјодорович набрзина му ја подаде раката,

очигледно избегнувајќи го бакнежот. Старецот веднаш сфати и наеднаш се воздржа.

— Е, среќно, среќно! — повторуваше тој по скалите. — Секако ќе дојдеш уште некогаш во животот? Е па, дојди, секогаш си ми добредојден. Христос нека те чува!

Иван Фјодорович се качи во тарантасот.

— Збогум, Иване, немој многу да ми се лутиш! — му викна татко му за последен пат.

Излегоа да го испратат сите домашни: Смердјаков, Марфа и Григориј. Иван Фјодорович на сите им подари по десет рубли. Кога веќе седна во тарантасот, Смердјаков се спушти да го поправи ќилимот.

— Гледаш... Одам во Чермашња... — пак како вчера, само од себе му се лизна од јазикот, па уште и со некаква нервозна насмевка.

Подоцна долго се сеќаваше за тоа.

— Сега, значи, точно велат луѓето: интересен е разговорот со умен човек, — со сигурен глас одговори Смердјаков, погледнувајќи го важно Ивана Фјодоровича.

Тарантасот тргна и летна. На патникот во душата му беше матно, но тој желно ги гледаше полињата наоколу, ритчињата, дрвјата, јатото гуски, што леташе високо над нив, по ведрото небо. И наеднаш му стана многу добро. Се обиде да врзе разговор со коларот, и многу го заинтересира нешто од она што му одговори селанецот; но по еден момент сфати дека се минало покрај него, и дека, всушност, тој не разбрал ништо од она што го одговори селанецот. Тој замолчи; добро е и така; воздухот чист, свеж, студен, небото јасно. Во еден миг во неговото сеќавање, се појавија ликовите на Аљоша и на Катарина Ивановна; но тој тивко се насмевна, тивко дувна на милите привиденија, и тие исчезнаа. „Ќе дојде и нивното време“ — си помисли тој. До станицата пристигнаа брзо, ги сменија коњите, и појурија во Воловја. „Што сакаше да каже со тоа: интересен е разговорот со умен човек?“ — наеднаш речиси му запре здивот. „А зошто пак јас му реков дека одам во Чермашња?“ Пристигнаа во станицата Воловја. Иван Фјодорович излезе од тарантасот, колари-

те го опколија. Се погодуваа за да го одвезат во Чермашња, дванаесет врсти по селски пат. Тој заповеда да се впрегне. Влезе во поштенската станица, се обрна на сите страни, ја погледна жената на станичниот надзорник, пак излезе на скалите.

— Нема да одам во Чермашња. Момци, нема ли да задоцнам за седум часот за на железница?

— Токму ќе стигнеме. Дали да впрегнуваме?

— Впрегнувај веднаш. Ќе оди ли некој од вас утре в град?

— Како да не, еве Митриј ќе оди.

— Дали ти, Митриј, ќе сакаш да ми направиш една услуга? Намини кај татко ми, Фјодор Павлович Карамазов, и речи му дека не сум отишол во Чермашња. Можеш ли?

— Зошто да не наминам — ќе наминеме; Фјодора Павловича, многу одамна го познаваме.

— И еве ти за чај, зашто тој сигурно нема да ти даде — весело се засмеа Иван Фјодорович.

— И навистина нема да даде! — се засмеа и Митриј. — Благодарам, господару, сигурно ќе свршиме работа . . .

Во седум часот вечерта Иван Фјодорович влезе во вагонот, и појури кон Москва. „Збогум сè што било, свршено е со поранешниот свет засекогаш, и отсега нека се изгуби без трага и без глас! Кон нов свет, кон нови места, — и без обрнување!"

Но наместо восхит, наеднаш душата му ја исполни таков мрак, а во срцето почна да го притиска таква тага, каква што дотогаш никогаш не чувствувал. Сета таа ноќ ја мина размислувајќи; вагонот леташе; дури на разденување, веќе влегувајќи во Москва, тој наеднаш како да се разбуди.

— Јас сум подлец! — прошепоти тој во себе.

Фјодор Павлович, откако го испрати синот, остана многу задоволен. Цели два часа се чувствуваше речиси среќен и си потпивнуваше коњак, кога во куќата наеднаш се случи една многу незгодна и многу непријатна околност за сите, која за миг го фрли во голема забуна Фјодора Павлович. Смердјаков отиде по нешто во визбата, и падна од дворните скалила. За среќа во

дворот во тоа време се погоди Марфа Игнатјевна па слушна навреме. Не го виде паѓањето, но го слушна извикот, посебен извик, чуден, кој таа одамна го познаваше — извик на епилептичар кој паѓа при настап на болеста. Дали тој напад му се случи во моментот кога слегуваше по скалите, така што се разбира, веднаш мораше да се истркала долу во несвест, или, напротив, нападот на познатиот епилептичар Смердјаков му дошол поради паѓањето и потресот — тоа не беше можно да се разбере, но веќе го најдоа на дното во визбата, во грчеви и целиот растреперен, како се прпелка со пења на усните. Отпрвин се мислеше дека морал нешто да скрши, рака или нога, и дека се сопнал; меѓутоа, сепак „го зачувал господ", како што се изрази Марфа Игнатјевна: не се случи ништо такво, туку само бѐше тежок да се подигне и да се изнесе на божја светлина. Но, ги замолија соседите да им помогнат па некако и тоа го свршија. При сета таа работа се најде и Фјодор Павлович па и тој им помогна, очигледно, исплашен и збунет. Меѓутоа, болниот не доаѓаше на себе: нападите вистина за некое време престануваа, но пак се повторуваа; сите заклучија дека ќе се случи она од лани, кога пак така одненадеж падна од таванот. Се сетија дека тогаш на темето му редеа мраз. Најдоа мраз во визбата, и Марфа Игнатјевна направи што трѐбаше, а Фјодор Павлович во квечерината испрати по докторот Херценштубе кој веднаш дојде. Го прегледа болниот грижливо (тој беше најпедантен и највнимателен лекар во целата губернија, во напреднати години и за почит достоен старец), тој заклучи дека нападот е необичен, и дека може да биде опасен, дека тој засега уште не сфаќа сѐ, но дека утре изутрина, ако не помогнат лековите што ги даде сега, ќе реши да пропише други. Болниот го ставија в постела во куќата во дворот, во една соба до станот, на Григорија и Марфа Игнатјевна. После Фјодора Павлович цел ден го следеа несреќа по несреќа: ручекот го зготви Марфа Игнатјевна, и супата, кога ќе се спореди со готвењето на Смердјаков беше „како од трици", а кокошката беше толку препечена што не можеше да се џвака. На тие горчливи, иако оправдани

прекори од господинот Марфа Игнатјевна одговори: дека кокошката и така била многу стара, и дека таа, Марфа, нема учено готварски занает. Во квечерината се појави и друга неволја: на Фјодор Павлович му соопштија дека Григориј, на кого од завчера не му е добро, сосем легнал в постела: „му се здрвила половината". Фјодор Павлович го заврши чајот колку што можеше побрзо, и се затвори самиот во куќата. Беше во многу немирно исчекување. Работата е во тоа што токму таа вечер речиси со сигурност го очекуваше доаѓањето на Грушенка; уште рано изутрината Смердјаков речиси тврдеше дека „тие со сигурност ветија оти ќе дојдат". Срцето на растревожениот старец му тупкаше немирно; шеткаше по своите празни соби и наслушнуваше. Требаше многу да биде претпазлив: можеше да ја демне Дмитриј Фјодорович; затоа, штом таа ќе тропне на прозорецот (Смердјаков уште завчера го убеди Фјодора Павлович дека ѝ кажал каде и како да чукне), треба што побрзо да ѝ ја отвори вратата, и воопшто да не ја задржува ни еден момент напразно во ходникот, за да не се случи, бог да чува, да се уплаши и да побегне. Фјодор Павлович беше загрижен; но никогаш неговото срце не пливало во послатка надеж: та можеше речиси со сигурност да се каже дека овојпат бездруго ќе дојде!...

Шеста книга

РУСКИОТ МОНАХ

I

Старецот Зосима и неговите гости

Аљоша со немир и болка во срцето влезе во ќелијата на старецот и застана речиси вчудовиден: наместо да умира, или да е во несвест, како што со страв очекуваше дека ќе го затекне, тој го виде старецот како седи во фотелјата, со лице, навистина, испиено од слабост, но бодар и весел, опкружен со гости, со кои водеше тивок и ведар разговор. Впрочем, тој стана од постелата само четврт час пред доаѓањето на Аљоша; гостите порано се беа собрале во неговата ќелија и чекаа тој да се разбуди, врз основа на сигурното уверување на отец Паисиј дека „учителот ќе стане бездруго за уште еднаш да поразговара со оние што му се мили на неговото срце, како што рече самиот и како што самиот вети изутрината. А во тоа ветување, па и во секој збор на старецот што умираше, отец Паисиј, веруваше цврсто, во толкава мера, што кога ќе го видеше сосем без свест и дури без здив, а го имаше неговото ветување, дека уште еднаш ќе стане и ќе се прости со него — тој не ѝ веруваше ни на самата смрт, туку очекуваше болниот да се врати во животот и да го исполни ветеното. А изутрина, старецот Зосима сосем сигурно му рече, приготвувајќи се да заспие: „Нема да умрам пред да се насладам уште еднаш со бе-

седа со сите вас, љубимци на моето срце, и пред да ги видам вашите мили лица, и пред вас да ја излеам мојата душа уште еднаш.“ Тие што се собраа на таа, веројатно последна беседа на старецот, беа најверни негови пријатели многу години. Беа четворица: иеромонасите отец Јосиф и отец Паисиј, иеромонахот отец Михаил, старешина на скитот, не толку стар човек, не многу учен, од просто потекло, но со цврст дух, кој непоколебливо и просто веруваше, навидум строг, но со длабока топлина во своето срце, но кој очигледно ја криеше таа своја топлина, некако дури и срамејќи се од неа. Четвртиот гостин беше веќе сосем постар, попрост монах, по потекло од многу сиромашен селанец, братот Анфим, речиси полуписмен, молчалив и тивок, кој ретко некогаш разговараше со некого, најмирен меѓу мирните, и кој прилегаше на човек засекогаш уплашен од нешто големо и страшно, нешто за кое беше слаб неговиот ум. Тој страшлив човек старецот Зосима многу го сакаше и во целиот свој живот спрема него се однесуваше со необична почит, иако можеби со никого, во целиот свој век, немаше проговорено помалку зборови, отколку со него, иако некогаш многу години поминал патувајќи со него. по сета света Русија. Тоа беше многу одамна, уште пред едно четириесет години, кога старецот Зосима првпат го започна својот монашки подвиг во еден сиромашен, малку познат костромски манастир, и кога, наскоро потоа, му се придружи отец Анфим, на неговото патување заради собирање прилози за нивниот мал сиромашен костромски манастир.

Сите, и домаќинот и гостите, се сместија во другата многу тесна соба на старецот, во која му се наоѓаше постелата, како што беше речено порано, така што тие четворица (освен Порфириј, искушеникот кој стоеше простум) одвај некако се сместија околу фотељата на столовите што им беа донесени од првата соба. Веќе почна да се стемнува; собата ја осветлуваа кандила и восочните свеќи пред иконите. Кога го виде Аљоша, кој беше збунет при влегувањето и се запре на вратата, старецот радосно се насмевна и му ја подаде раката:

— Здраво, тивок, здраво, мил мој, дојде и ти. Знаев дека ќе дојдеш.

Аљоша му пристапи, се наведна пред него доземи и заплака. Нешто се отргнуваше од неговото срце, душата му трепереше, сакаше да зајачка.

— Што ти е, почекај со поплаките — се насмевна старецот, ставајќи ја својата десна рака врз неговата глава — еве гледаш, јас седам и разговарам, и можеби ќе поживеам уште дваесетина години, како што ми пожела добрата, мила жена, од Вишегорје, со девојченцето Лизавета на раце. Сети се, господи, и за мајката и за девојченцето Лизавета! (тој се прекрсти) Порфириј, го однесе ли нејзиниот подарок каде што ти реков?

Се сети за вчерашните шеесет копејќи, што му ги врачи таа весела поклоничка за да ѝ се дадат на „онаа што е посиромашна од мене". Таквите жртви се принесуваат како епитимија што се врши доброволно и бездруго од парите заработени со своја мака. Старецот го испрати Порфирија уште синоќа кај една неодамна изгорена наша граѓанка, вдовица со деца, која по пожарот беше почнала да пита. Порфириј побрза да соопшти дека работата веќе е свршена и дека ги дал како што му било заповедано „од непозната добротворка".

— Стани, мил мој, — продолжи старецот да му зборува на Аљоша — да те погледам. Беше ли кај твоите и го виде ли брат ти?

На Аљоша му се стори чудно зошто старецот прашува толку решително и точно само за едниот од неговите браќа — а за кого? Значи, поради тој брат, можеби и го испрати да оди, и вчера, и денеска.

— Го видов едниот од браќата — одговори Аљоша.

— Јас мислам на оној вчерашниот, постариот, на кого вчера му се поклонив доземи.

— Него го видов вчера, а денеска воопшто не можев да го најдам, — рече Аљоша. —

— Побрзај да го најдеш, утре пак, оди и побрзај, остави сè, па побрзај. Можеби уште ќе успееш да спречиш нешто страшно. Јас вчера се поклонив пред неговото големо идно страдање.

Тој наеднаш замолчи и како да се замисли. Зборовите му беа необични. Отец Јосиф, сведок на вчерашното клањање на старецот доземи, се погледна со отец Паисиј. Аљоша не издржа:

— Отецу и учителу, — проговори тој со необична возбуда. — Премногу нејасни се вашите зборови... какво страдање го очекува него?

— Не биди љубопитен. Вчера ми се пристори нешто страшно... како неговиот поглед вчера да ја изрази сета негова судбина. Имаше таков поглед... што наеднаш ми се вцаши срцето од она што го подготвува тој човек. Еднаш или двапати во животот сум видел кај некои луѓе ист таков израз на лицето... кој како да ја изразуваше сета судбина на тие луѓе, и, леле, нивната судбина се збидна. Те испратив кај него, Алексеј, зашто мислев дека ќе му помогне твојот братски лик. Но, сè е од господа, па и сите наши судбини. „Ако пченичното зрно, што ќе падне наземи, не умре, тогаш останува само, ако пак умре ќе роди многу плод". Запомни го тоа. А тебе, Алексеј, многупати во животот во мислите те благословував поради твојот лик, да го знаеш тоа — рече старецот со тивка насмевка. За тебе јас мислам вака: ќе излезеш од овие ѕидови, а во светот ќе останеш како монах. Ќе имаш многу противници, но ќе те сакаат и твоите непријатели. Многу несреќи ќе ти донесе животот — но ќе бидеш и среќен поради нив, и животот ќе го благословиш, и другите ќе ги натераш да го благословат — што е најважно од сè. Ете ти, каков си ти. Отци и мои учители — се сврти тој кон своите гости, трогнато смеејќи се — досега никогаш не сум зборувал, дури ни нему — зошто ликот на овој момчак и е толку мил на мојава душа. Дури сега ќе кажам: неговиот лик ми беше како некакво сеќавање и пророштво. Во изгревот на моите денови уште како мало дете, имав еден поголем брат, кој умре како момче, пред моите очи, на само седумнаесет години. Подоцна, минувајќи низ животот, јас постепено се уверив дека тој мој брат во мојата судбина бил како некое упатство и предопределеност одозгора, зашто ако тој не се јавеше во мојот живот, ако него воопшто го немаше, — јас може-

би никогаш немаше да го примам монашкиот чин, ниту ќе стапев на овој скапоцен пат. Таа прва појава беше уште во моето детство, а еве, веќе на залезот на мојот пат, јасно ми се јавува како нејзино повторување. Чудно е тоа, отци и учители, што Алексеј — иако не личи многу на брат ми, само донекаде — ми изгледаше толку сличен на него духовно, што многупати го сметав токму за тоа момче, за мојот брат, кој ми дошол на крајот од мојот пат таинствено, за да ме потсети и упати на нешто, така што се чудев и поради таквата своја чудна фантазија. Го слушаш ли ти ова Порфириј, се сврти тој кон искушеникот, што го послужуваше. — Многупати на твоето лице сум видел нешто како огорчување затоа што Алексеја го сакам повеќе отколку тебе. Ете, сега знаеш зошто било така; но јас те сакам и тебе, тоа треба да го знаеш, и многупати ми било тешко дека ти е жал. А вам, мили гости, да ви раскажам за тоа момче, за мојот брат, зашто во мојов живот немало поскапоцена појава, попророчка и потрогателна. Милина го исполнува моево срце, и јас го гледам целиот свој живот во овој момент како целиот да го преживувам одново...

Овде морам да забележам дека последниот разговор на старецот со гостите што го посетија во последниот ден од неговиот живот, е зачуван делумно запишан. Го запишал Алексеј Фјодорович Карамазов, некое време по смртта на старецот, според сеќавањето. Но дали тоа е сосем точниот тогашен говор, или тој во своите белешки има додадено по нешто и од поранешните разговори, со својот учител, тоа веќе не можам точно да го кажам. Освен тоа, целиот говор на старецот, во таа белешка тече безпрекинување, како да го излагал својот живот во вид на расказ, обрнувајќи им се на своите пријатели, додека, несомнено, според подоцнежното раскажување, всушност, тоа било малку поинаку, зашто таа вечер се водел општ разговор и, макаршто гостите не го прекинувале домаќинот, сепак и тие зборувале, се мешале во разговорот, дури и можеби и самите кажувале и раскажувале по нешто.

Освен тоа, раскажувањето воопшто не можело да тече толку непрекинато, зашто старецот одвреме навреме го губел здивот, го губел гласот, дури и легнувал в постела, за да се одмори, иако не заспивал, ниту пак гостите ги напуштале своите места. Еднаш или двапати разговорот се прекинувал со читање на Евенгелието; читал отец Паисиј. Важно е и тоа дека никој од нив не мислел оти старецот ќе умре истата ноќ, дотолку повеќе што во последната ноќ од животот тој, по длабок сон, наеднаш како да нашол во себе нова сила, што го држела за време на цѐлиот тој долг разговор со пријателите. Тоа било како последна возбуда што во него одржувала неверојатна живост, но само за кратко време, зашто неговиот живот се пресекол наеднаш... Но за тоа после. А сега напомнувам дека сметам оти е подобро да се ограничам само на приказната на старецот според ракописот на Алексеј Фјодорович Карамазов, не изнесувајќи ги сите подробности од разговорот, се разбира — повторувам — многу нешта Аљоша има земено и од поранешните беседи и ги има составено заедно.

II

Од житието на кај бога преминатиот иеросхимонах старец Зосима, составено според неговите сопствени зборови, од Алексеј Фјодорович Карамазов

Биографски податоци

а) За момчето, братот на старецот Зосима

Мили отци и учители, јас се родив во една далечна северна губернија, во градот В., од татко благородник, но од не голем род, и со мал чин. Тој почина кога имав само две години, и јас воопшто не го паметам. На мајка ми ѝ остави малечкава дрвена куќа, и малку пари, не многу, но доволно за да живее со децата без недостиг. А бевме двајца на мајка: јас — Зиновиј, — и

мојот поголем брат, Маркел. Тој беше постар од мене едно осум години, палав и раздразлив, но добар; не беше подбивач, а беше чудно молчалив, особено дома, со мене, со мајка ми и со момчињата. Во гимназијата учеше добро, но со своите другари не се зближуваше, иако не се ни караше, барем така го запамети мајка ми. На едно половина година пред својата смрт, кога веќе имаше наполнето седумнаесет години, се намлади да оди кај еден усамен човек во нашиот град, кој беше како некаков политички прогнаник истеран од Москва во нашиот град поради слободоумност. Изгнаникот беше многу учен човек, истакнат филозоф на универзитет. Тој некако го засака Маркела и фати да го прима. Момчето седеше кај него по цели ноќи, и така целата зима, додека изгнаникот не го повикаа назад на државна служба во Петербург, по негова сопствена молба, зашто имаше заштитници. Настапија големите пости, а Маркел не сака да пости, се кара, и се смее на постењето: „Сето тоа се измислици, вели тој, и нема никаков бог"; многу ја уплаши и мајка ми, и нашата послуга, а и мене така мал, зашто иако тогаш имав само девет години, кога ги слушнав тие зборови, и јас многу се уплашив. Нашата послуга беше составена од кметови, четворица на број, сите купени на имотот на еден наш познат спахија. Уште се сеќавам како од нив четворицата мајка ми ја продаде готвачката Афимја, куца и постара, за шеесет рубли во асигнации, а на нејзино место зеде слободна. И, ете, во шестата недела на постите на брат ми наеднаш му се слоши; тој секогаш беше болежлив, го болеа градите, беше слабо граден и наклонет кон офтика; имаше височок раст, но беше слабикав, и со многу пријатен лик. Дали настина, или нешто друго — но дојде лекарот и бргу ѝ шепна на мајка ми, дека офтиката нагло се развива и дека брат ми нема да ја дочека пролетта. Мајка ми фати да плаче, почна многу внимателно да го моли брат ми (за да не го уплаши) да пости и да се причести со светите божји тајни, зашто тогаш уште можеше да стои на нозе. Кога го слушна тоа, тој се налути и се нафрли на храмот божји, но се замисли: одеднаш сфати дека е опасно болен, и дека

родителката го моли, додека уште има сили, да пости и да се причести. Впрочем, и самиот знаеше дека одамна не е здрав, и уште пред една година тој ладнокрвно ни рече еднаш на маса: „Нема да живеам уште многу, можеби ни една година нема да преживеам“, и ете како да претскажа. Поминаа едно три дена и настапи страсната недела. Тогаш брат ми од вторникот изутрината почна да пости. „Мајко, ова го правам од љубов спрема вас, за да ве зарадувам и да ве смирам“, ѝ рече тој. Мајка ми се расплака од радост, а и од жалост: „Сигурно му е близу крајот, штом наеднаш така се измени.“ Но брат ми не можеше долго време да оди в црква, легна в постела, така што го исповедаа и го причестуваа дома. Настапија светли денови, јасни, мирисливи — таа година Велигден се паѓаше доцна. Се сеќавам: по цела ноќ кашла, лошо спие, а наутро секогаш се облекува и се обидува да седне во меката фотелја. Така и сум го запомнил: седи, онака тивок, се смешка; болен е, но ликот му е весел, радосен. Целиот душевно се измени — толку убава промена започна во него наеднаш! Во собата кај него влезе старата одгледувачка: „Дозволи, мили, да ти запалам кандило пред иконата“. Порано тој не го дозволуваше тоа, дури го гаснеше. — „Запали, мила, запали, изрод бев што не ви дозволував порано. Палејќи го кандилото ти му се молиш на бога, а јас се молам уживајќи во тебе. Значи, му се молиме на еден бог“. Тие зборови ми се сторија чудни; мајка ми оди во својата соба, па непрестајно плаче; само кога влегува во неговата соба си ги брише очите и си го прави лицето весело: „Мајко, не плачи, драга — ќе ѝ рече тој — уште многу има да живеам, уште многу да се радувам со вас, животот е весел, радосен!“ — „Ах, мили, каква ти е таа радост кога цела ноќ гориш во оган, и кашлаш така што градите ти се кинат.“ „Мамо, — ѝ одговора тој — не плачи, животот е рај, и сите ние сме во рајот, но ние не сакаме да знаеме за тоа, а кога би сакале да дознаеме, веднаш утре на целиот свет, би настапил рај.“ Сите се чудеа поради неговите зборови, толку чудно и толку сигурно го зборуваше тоа; сите чувствуваа некаква милина и плачеа. Доаѓаа кај нас познати. „Драги мои

— им вели тој — мили мои, со што сум заслужил да ме сакате; зошто ме сакате ваков ,и колку не сум го знаел и не сум го ценел тоа порано!“ Штом ќе влезеше некој од послугата тој ќе речеше: „Мили мои, зошто вие ме служите мене? И дали јас заслужувам да ме служите? Ех, да се смилува господ и да ме остави во живот, и јас би ве служел, зашто сите треба едни на други да си служат“. Мајка ми, слушајќи го тоа, ја нишкаше главата: „Мил мој, ти така зборуваш од слабост!“ — „Мајко, моја радост — вели тој — не е можно да нема и господари и слуги. Но и јас нека им бидам слуга на моите слуги, таков какви што ми се тие мене. И уште да ти кажам, мајко, дека секој од нас е виновен пред сите и за сè ,а јас најмногу.“ Мајка ми тука дури и се намевна, плаче и се смешка: „Ах“, — вели таа, — „со што си ти пред сите најмногу виновен? Има убијци, разбојници, а што си можел ти толку да згрешиш, за себеси да се обвинуваш повеќе од сите?“ — „Мајчичке, храно моја“ — ѝ вели тој (тој тогаш почна да изговара такви нежни, неочекувани зборови) — „храно моја, радост моја, знај дека навистина секој човек пред сите и за сè е виновен. Не знам како да ти го растолкувам тоа, но чувствувам дека е така; и тоа ме мачи. Како живеевме порано, се лутевме и ништо не знаевме?“ Така се будеше и стануваше од спиење секој ден сè повеќе и повеќе чувствувајќи некаква возбуденост, радувајќи се и целиот растреперен од љубов. Дојде еднаш лекарот, стариот Германец Ајзеншмит. „Како ви се гледа, докторе? Ќе поживеам ли уште некој ден на овој свет?“ — се шегува тој со лекарот. — „Не само еден ден, туку уште многу денови ќе поживеете“, — му одговара лекарот. — „Вие ќе живеете уште месеци и години“. -- „Ама какви години, какви месеци!“ — викна притоа брат ми. — „Зошто да ги броиме деновите, кога и еден ден му е достатен на човека за да ја запознае сета среќа. Мили мои, зошто се караме, се фалиме еден пред друг, си ги пометиме еден на друг навредите: најдобро да одиме во градината, па да шетаме, и да се забавуваме, да се сакаме еден со друг, и да се фалиме и да се бацуваме, и да го благословуваме нашиов живот“. „Син ви нема

да живее уште многу — ѝ рече лекарот на мајка ми кога го испраќаше по скалите — од болеста тој паѓа во лудило". Прозорците на неговата соба гледаа кон градината, а во градината правеа сенки стари дрвја; на дрвјата развиле пролетни пупки, долетале раните птички, се развревиле, му пеат покрај прозорците. Гледајќи во нѝв и уживајќи, тој наеднаш почна и да моли за прошка. „Птички божји, птички радосни, простете ми и вие, зашто и пред вас сум грешен". Никој од нас не можеше да го сфати тоа тогаш, а тој плаче од радост: „Да — вели — таква божја слава имаше околу мене: птички, дрвја, ливади, небо, само јас живеев во срамота, јас се обесчестив, таа убавина и слава воопшто не ја забележав". „Многу гревови земаш врз себе" — плаче мајка ми. „Мајчичка, радост моја, јас плачам од радост, а не од жал; јас самиот сакам да сум виновен пред нив, само не можам да ти растолкувам, зашто не знам како да ги сакам. Нека сум им грешен на сите, но затоа сите ѝ ќе ми простат, и, ете ти го рајот! Зарем сега јас не сум во рајот?"

И имаше уште многу работи, за кои тешко можеш да се сетиш и да ги запишеш. Се сеќавам, еднаш влегов кај него сам, кога немаше никој кај него. Беше квечерина, сонцето заоѓаше и сета соба се осветлила од неговиот кос зрак. Кога ме забележа ме повика кај себе; јас му пристапив; тој со обете раце ми ги фаќа рамениците, со љубов ми гледа во лицето ништо не зборува. Само некое време гледа во мене: „Па, вели, сега оди си, играј си, живеј и за мене!" Тогаш јас излегов и отидов да си играм. А после многупати во животот со солзи во очите се сеќавав оти ми рече да живеам и за него. Зборуваше тој уште многу прекрасни и преубави зборови ,иако тие тогаш за нас беа неразбирливи. Умре три недели по Велигден, сосем присебен; и покрај тоа што веќе престана да зборува, сепак не се измени до својот последен момент: гледаше радосно, во очите веселост, нѐ бараше со погледот, ни се смешкаше, не викаше. Во градот многу се зборуваше за неговото умирање. Тогаш сето тоа мене ме потресе, но не премногу, иако многу плачев кога го закопуваа.

Бев млад, дете, но во срцево ми остана неизбришливо, ми се притаи чувството. Во свое време, сето тоа требаше да воскресне, и да се одгласи. Така и се случи.

б) За Светото писмо во животот на отец Зосима

Останав сам со мајка ми. Наскоро добрите познаници почнаа да ја советуваат: „ви остана" — ѝ велеа — „само еден син; не сте сиромаси, имате пари, зошто вашиот син не го испратите во Петербург, зашто ако остане овде можеби нема да најде среќа во животот". Па така ја наговорија мајка ми да ме одведе во Петербург, во кадетската школа за после да стапам во царската гарда. Мајка ми многу време се колебаше: како да се раздели со последниот син, но сепак се реши; со големо плачење, но сакаше да ме усреќи. Ме одведе во Петербург ,и ме запиша; оттогаш веќе никогаш не ја видов, зашто по три години умре; сите три години тагуваше по нас двајца и се плашеше за мене. Од родителската куќа носам само скапоцени спомени, зашто човек нема поскапоцени спомени од оние од првото детство во родителската куќа, и тоа е речиси секогаш така кога во семејството има барем малку љубов и слога. И од најлошото семејство може да се зачуваат убави спомени само ако твојата душа е способна да го бара она што е скапоцено. Во домашни спомени јас ги бројам и спомените за библиските приказни што во родителската куќа, уште како дете многу љубев да ги запознам. Тогаш имав една книга, свети приказни, со прекрасни сликички, со наслов: „Сто четири свети приказни од Стариот и од Новиот завет" — од неа се учев и да читам. Таа и сега ја чувам на полицава, ја чувам како скапоцен спомен. Но и пред да научам да читам, се сеќавам како првпат доживеав некакво духовно надахнување, уште кога имав осум години. Мајка ми ме одведе (не се сеќавам, каде беше тогаш брат ми) во господовиот храм на литургија, во понеделникот на страсната недела. Денот беше ведар, и јас, сеќавајќи се за тоа, небаре пак гледам како се извива темјанот од кадилниците, па тивко се искачу-

ва нагоре; а одозгора, во кубето, низ тесно прозорче паѓаат врз нас во црквата божјите зраци; и небаре дигајќи се накај нив, во бранови, темјанот како да се топи во нив. Гледав возбудено и првпат од раѓањето, во душата првпат така свесно го примив семето на првите божји зборови. Во средината на храмот излезе едно момче со голема книга, толку голема што тогаш ми се чинеше дека одвај ја носи, ја стави на аналој, ја отвори и почна да ја чита; јас тогаш првпат нешто разбрав, првпат во животот разбрав што се чита во господовиот храм. Во земјата Ун имаше некаков праведен и побожен човек и имаше толку богатства, толку камили, толку овци и магарици, и децата му беа весели, а тој многу ги сакаше, му се молеше на бога за нив: можеби згрешиле и веселејќи се. И, ете, пред бога излегува ѓаволот, заедно со божјите синови, па му кажува на господа дека ја обиколил сета земја, и дека бил дури и под земја. „А дали го виде мојот слуга Јов"? — праша господ. И, господ му се пофали на ѓаволот, укажувајќи му на својот голем свет слуга. А ѓаволот се насмевна на господовите зборови: „Предај ми го мене, па ќе видиш како ќе се разбунтува твојот слуга и ќе го проколне твоето име". И бог му го предаде на ѓаволот својот праведник, кого толку го сакаше, и ѓаволот ги сотре неговите деца, и неговите добици, и го растури неговото богатство, сè наеднаш, како со божји гром; Јов ги раскина своите одежди и ги фрли наземи, и почна да вика: „Гол сум излегол од мајчината утроба, гол ќе се вратам во земјата, господ дал, господ зел. Нека е благословено името на господа ,отсега па до века!" Отци и учители, не замерувајте ми за моиве солзи — зашто сето мое детство како да се јавува повторно пред мене, — па сега дишам како што дишев тогаш со своите осумгодишни гради, и, како тогаш, чувствувам чудење, и збунетост и радост. И камилите тогаш толку ја беа исполниле мојата фантазија, и сатаната кој така разговара со господа, и господ кој својот слуга ѝ го предаде на гибелта и неговиот слуга кој вели: „Нека е благословено твоето име, иако ме казнуваш" — а потоа тивко, и слатко пеење во храмот: „Нека се исправи молитвата

твоја", а пак темјан од кадилницата на свештеникот, и молитва на коленици! Од тоа време, — дури и вчера ја зедов пак — и не можам да ја читам таа пресвета приказна без солзи. Но, колку големо, тајно, и недофатливо има тука. Потоа, ги слушав зборовите на подбивачите и хулителите, зборови горделиви: „Како можеше господ да го даде најмилиот меѓу своите светци за со него да си игра ѓаволот, да му ги одземе децата, и самиот него да го казни со болест и со рани, така што со камчиња да си го чисти гнојот од раните. И зошто? Само за да се пофали пред сатаната: „Да видиш што може да истрпи мојот светец заради мене!" Величината е во тоа што тука има тајна — што тука преодниот земски облик се допира со вечната вистина. Пред земската вистина се врши дејството на вечната вистина. Тука творецот, како и во првите денови на создавањето, завршувајќи го секој ден со пофалба: „Добро е ова што сум го создал", го гледа Јова и се фали со своето суштество. А Јов, славејќи го господа, не му служи само нему, туку ќе му послужи и на целото негово создание од колено на колено, и во веки веков, зашто бил предопределен за тоа. Господи, каква е таа книга и какви се тие поуки! Каква книга е тоа Свето писмо, какво чудо и каква сила му е дадена на човекот со неа! Точна слика на светот и на човекот и на човечките карактери; и сè е именувано и посочено за вечни времиња. И колку разрешени и откриени тајни: бог одново го издига на нозе Јова, пак му дава богатство, пак минуваат многу години, и, ете, тој има нови деца, други, и тој ги љуби нив — господи: „Како може тој, би рекол човек, да ги засака новите деца, кога ги нема поранешните, кога ги изгуби. Сеќавајќи се на нив, зарем може да биде наполно среќен со овие деца, без обѕир колку му се мили?" Може, може: старата тага со помош на големата тајна на човечкиот живот постепено преминува во тивка трогателна радост; наместо младата, зовриена крв, настапува кротка, ведра старост: го благословувам секојдневното раѓање на сонцето, и моето срце му пее како порано; но веќе повеќе го сакам неговото зајдување, неговите долги коси зраци, а со нив и тивките кротки, трогателни

спомени, драгите ликови од целиот свој долг и благословен живот — а над сето тоа е божјата правда, која нѐ прави нежни, која нѐ смирува, која ни простува сѐ! Мојот живот завршува, јас го знам и го чувствувам тоа, но со секој преостанат ден, чувствувам како мојот земски живот се допира со новиот, бесконечниот, непознатиот живот, но кој, еве, веќе е речиси тука, пред кој возбудено трепери мојата душа, блести мојот ум, и радосно плаче моето срце... Пријатели и учители, не еднаш сум слушал, а сега во последно време се слуша и повеќе, како кај нас, господовите свештеници, а најмногу селските, со солзи на сите страни се поплачуваат дека им била мала платата и дека биле понижени, и отворено изјавуваат, дури и во печатот самиот читав, — дека не можеле на народот да му го толкуваат Светото писмо, зашто им била мала платата; а што доаѓаат лутеранци, и еретици и почнуваат да го придобиваат стадото, нека го придобијат, велат, зашто, мала ни е платата. Господи, си мислам јас, бог нека им даде нешто повеќе од таа за нив толку скапоцена плата (зашто и нивната поплака е оправдана), но, навистина велам, ако е некој виновен за тоа, половина вина носиме и самите! Зашто, дури и да немаат време, дури и да е вистина тоа што го велат дека сето време им мине во работа и во вршење на обреди, но, секако, тоа не е сето време, секако и тие имаат макар еден слободен час во неделата за да се сетат и за господа. А и нема работа цела година! Нека соберат кај себе еднаш во неделата, во вечерен час, отпрвин макар само дечиња — кога ќе слушнат татковците, и тие ќе почнат да доаѓаат. И за таа работа не треба да се sидаат палати; тие просто дома нека ги примаат; немој да се плашиш, нема да ти ја извалкаат куќата, па ги собираш само за еден час! Отвори им ја книгата и читај им ја без премудри зборови, и без горделивост и издигање над нив, милно и кротко, радосен дека им читаш, и дека тие слушаат и разбираат, читајќи со љубов по некојпат задржи се и објасни по некој збор што не го разбира простиот човек, не е потребно да се грижиш: сѐ ќе сфати, сѐ ќе разбере православното срце! Прочитај им за Аврам и

за Сара, за Исак и Ребека, за тоа како Јаков отишол во Либан, и се борел на сон со господа и рекол: „Страшно е ова место“ — па така ќе го освоиш благочестивиот ум на простиот човек. Прочитај им, особено на децата, како браќата го продале како роб сопствениот брат, милото момче Јосиф, толкувач на соништа и голем пророк, а на татко им после му рекле дека неговиот син го раскинал звер, покажувајќи му ги неговите раскрвавени облеки. Прочитај им како после браќата дошле по жито во Египет, а Јосиф, веќе голем човек до царот, кого тие не го познале, ги мачел, ги обвинил и го задржал братот Венијамин, и правејќи го сето тоа од љубов: „Ве сакам, и затоа што ве сакам ве мачам“. Зашто целиот свој живот се сеќавал, како го продале на трговците, таму некаде на врелата пустина, покрај бунар, и како тој, кршејќи си ги рацете, плачел и ги молел браќата да не го продаваат како роб во туѓа земја; и, ете, кога ги видел по толку години, пак ги засакал бескрајно, но ги мачел зашто ги љубел. Најпосле се оддалечил од нив, зашто не можел да ги издржи маките на своето срце, се фрлил на постела и плачел. Потоа си ги избришал солзите, и излегол со светнато лице и ведар, и им открил: „Браќа, јас сум Јосиф, вашиот брат!“ Прочитај им го понатаму она како се зарадувал старецот Јаков, кога дознал дека уште е живо неговото мило чедо, па како тргнал во Египет, го оставил неговиот роден крај, и умрел во туѓ свет, и за вечни времиња како завет го изрекол својот најголем збор што таинствено живеел во неговото кротко и бојажливо срце во целиот живот: дека од неговиот род, од Јуда, ќе излезе големата надеж на светот, неговиот помирител и спасител! Отци и учители, простете и не лутете се, што како мало дете раскажувам за она што вие го знаете веќе одамна, и за кое вие мене би можеле да ме поучите стопати повешто и поубаво. Ова го зборувам само од восхит; и простете ми за моиве солзи, зашто оваа книга ја сакам! Нека заплаче и тој, господовиот свештеник, па ќе види дека во одговор на тоа ќе затреперат срцата на слушателите. Потребно е само мало семе, малечко, нека го фрли во душата на простиот човек ,и тоа нема да умре, ќе живее во неговата

душа целиот век, ќе се крие во него, во мракот, во смрдеата на неговите гревови, како светла точка, како големо предупредување. И не треба, не треба многу да се толкува и да се учи, тој сè ќе разбере. Да не мислите дека простиот човек нема да разбере! Обидете се, читајте му ја понатаму историјата, трогателна и милна, за прекрасната Есфира и гордата Вастија; или чудната приказна за пророкот Јон, во утробата на китот. Не заборавете ги ни господовите приказни особено по Евангелието од Лука (така правев јас); а после, од делата на апостолите претворањето на Савел (тоа бездруго, бездруго!), и најпосле, од Животот на светците, барем само житието на божјиот човек Алексеј и големата од големите, радосната страдалничка, боговидната и христоносна мајка Марија Египќанка — па ќе му го трогнете срцето со тие прости приказни, и тоа само по еден час неделно, без обзир на тоа што ви е мала платата, — само по едно сатче. Та оној што прави така, ќе сфати дека нашиот народ е милостив и благодарен, ќе му заблагодари стократно; сеќавајќи се за трудот на иерејот и за неговите милни зборови, ќе му помогне на нива доброволно, ќе му помогне и во неговиот дом, и ќе му искаже поголема почит отколку порано — па така и ќе му се зголеми платата. Тоа е толку едноставна работа, што понекогаш се плашам и да ја изговорам, зашто ќе ми се смеат, а, всушност, колку е вистинита таа. Тој што не верува во бога, тој не верува ни во народот божји. Тој што верува во народот божји, тој ќе ја види и неговата светиња, иако дотогаш воопшто не верувал во неа. Само народот и неговата идна духовна сила ќе ги преобразат нашите атеисти, што се одвоиле од својата родна земја. А што е зборот на Христоса без примерот? Народот пропаѓа без господовиот збор, зашто неговата душа е жедна за зборови, и за разновидни прекрасни сознанија. Кога бев млад, тоа беше одамна, оттогаш секако има четириесетина години, со отец Анфим шетав по цела Русија, собирајќи прилози за манастирот; еднаш преноќивме на брегот на една голема пловна река, со рибарите, а со нас седна и едно скромно момче, селанец — на околу осумнаесет години; — тој брзаше да стигне во сво-

ето место за да може утредента да влече на јаже трговска гемија. Гледам јас, се загледува тој пред себе, занесено и ведро. Ноќта е светла, тивка, топла, јулска, реката широка, од неа се дига пара; не разладува, плеснува по некое рипче, птичките замолкнале, сè е тивко, прекрасно, сè му се моли на бога. Не спиеме само ние двајца, јас и тоа момче, па се впуштаме во разговор за убавината на овој господов свет ,и за неговата голема тајна. Секоја тревка, секоја бубачка, мравка, златна пчелка, сите тие, многу чудно, си го знаат својот пат, иако немаат ум; сведочат за тајната божја, непрестајно ја извршуваат самите; гледам јас, му пламна срцето на милото момче. Ми кажуваше дека ја сака шумата, шумските птички; бил ловец на питци, го знаел секој нивни свиреж, умеел да ја подлаже секоја птичка: јас, вели, не познавам ништо подобро од шумата; всушност сè е убаво. „Вистина — му одговарам јас — сè е убаво и прекрасно, зашто сè е вистина. Види го — му велам — ене коњон: големо животно, блиско на човекот; или волон, кој за човекот работи и го храни, подведениот и замислен вол, види ги нивните ликови, каква кроткост, каква верност спрема човекот, кој немилосрдно ги тепа, каква незлобност, каква доверба и каква убавина во нивните ликови! Трогателно е да се знае тоа: дека во нив нема никаков грев, зашто сè е совршено, сè е безгрешно освен човекот, и Христос со нив е побргу отколку со нас!“ — „Па, прашува момчето — зарем и со нив е Христос?“ — „А како би можело да биде поинаку — му велам јас нему — зашто станува збор за сè што е создадено, секое суштество, секое ливче се стреми кон зборот, пее славејќи го бога, плаче за Христоса, не знаејќи ни самиот за тоа, вршејќи го тоа како тајна на својот безгрешен живот. Ене, му реков — во шумата лута страшната мечка, ужасна и свирепа, па сепак за тоа ни малку не е виновна“. И му раскажав како некоја мечка еднаш дошла кај еден голем светител, кој си ја спасувал душата во шумата, во една мала ќелија; и светителот се возбудил, без страв излегол пред неа, и ѝ дал парче леб: „Оди си — ѝ рекол — Христос нека биде со тебе!“ И, свирепиот звер заминал послу-

шно и кротко, без да му направи некакво зло. Момчето го трогна тоа што мечката си заминала без да направи зло, и што Христос е и со неа. — „Ах — рече — тој колку е убаво тоа, колку е убаво и чудесно сè што е господово!“ Седи, се замислил тивко и слатко. Гледам дека сфати. И заспа до мене со лесен, безгрешен сон. Господи, благослови ја младоста! Се помолив за него пред да легнам да спијам. Господи, испрати им мир и светлина на твоите луѓе.

в) Спомени од времето на детството и младоста на старецот Зосима, додека уште бил во светот — Двобој

Во Петербург во кадетската школа, останав долго време, речиси осум години, и новото воспитување задуши голем број впечатоци од моето детство, иако ништо немав заборавено. Наместо тоа, примив толку нови навики, дури и мислење, што се претворив речиси во диво, сурово и несредено суштество. Блесок на учитвост и големосветско однесување стекнав заедно со францускиот јазик, но војниците што нè послужуваа во школата, сите ги сметаа за добиток, па и јас. И можеби јас повеќе отколку сите други, зашто сè примав полесно од своите другари. Кога ја довршивме школата, како офицери бевме готови да ја пролееме нашата крв за навредената чест, за нашиот полк, а речиси никој од нас не знаеше што е вистинска чест, а да знаев јас, прв ќе ја исмеев. Со пијанчењето, разузданоста и лесниот живот, речиси се гордеевме. Нема да речам дека бевме лоши; сите тие млади луѓе беа добри, но се однесуваа лошо, а најлошо од сите — јас. Главно е дека во рацете ми се најде готовина, па така почнав да живеам за свое задоволство со сета моја младешка бујност, незауздано; Запловив „со сите едра“. Но еве што е чудното: тогаш јас читав книги, и дури со големо задоволство; само Библијата, во тоа време, речиси никогаш не ја отворив, но никогаш не се разделував од неа, туку секогаш ја носев со себе: навистина таа книга ја чував без да знам за тоа „за денот и часот, за ме-

сецот и годината". Отслужив така едно четири години, и најпосле се најдов во градот К., каде што тогаш престојуваше нашиот полк. Во градот имав разновидно, многубројно и весело, гостољубиво и богато друштво, а секаде ме пречекуваа убаво, зашто по природа бев весел, а покрај тоа се знаеше дека не сум сиромав, што во светот значи доста. И ете, тогаш се случи една околност што послужи како почеток на сè. Мене ми се допадна една млада и убава девојка, умна и чесна, со примерен карактер, благородна, ќерка на почитувани родители. Тие беа угледни луѓе, имаа богатство, влијание и моќ, ме пречекуваа љубезно и срдечно. Ми се стори дека девојката ми е искрено наклонета, па и моето срце пламна од таа фантазија. Подоцна сфатив, ми стана сосем јасно, дека јас неа можеби и не сум ја сакал многу, туку само сум го почитувал нејзиниот ум и возвишениот карактер, а и не можеше да биде поинаку. Себичноста не ми дозволи во тоа време да ја побарам нејзината рака: ми се стори тешко и страшно да се одвојам од соблазнувањата на развратниот момчешки и слободен живот во толку младите години, до толку повеќе што имав пари. Но сепак, по нешто ѝ дадов да разбере. За секој случај, за некое време го одложив решителниот чекор. А тогаш, ненадејно ме преместија во друг округ, за два месеца. По два месеца се враќам, и слушам дека девојката се мажила за еден богат спахија, во близина на градот, вистина, постар од мене, но уште млад, што имаше врски во престолнината и во најдоброто друштво, кое јас го немав, многу љубезен, а згора на тоа и образован човек, а јас воопшто немав образование. Толку бев вчудовиден од тој неочекуван случај, што дури и умот ми се помати. А најважната работа се состоеше во тоа што младиот спахија како што дознав тогаш, одамна бил нејзин свршеник, и што јас многупати го гледав во нивната куќа, но не забележував ништо, заслепен од своите предности. И, ете, тоа ме навреди најмногу: како тоа речиси сите да знаат, а само јас ништо да не знам? Наеднаш почувствував неподнослив бес. Црвенејќи од срам, почнав да се сеќавам како многупати речиси ѝ изјавував љубов, а таа не ме прекинуваше, ниту ме

предупреди, значи: ми се подбиваше — заклучив јас. Подоцна, се разбира, дознав и открив дека таа ни најмалку не се подбивала, туку, напротив, таквите разговори ги прекинувала со шега и почнувала разговор за друго; — но тогаш не можев да го сфатам тоа и во мене пламна одмазда. Се сеќавам, со чудење, колку тешка и одвратна до крајност ми беше мене таа моја одмазда и лутина; имав мека нарав па не можев долго време на никого да му останам лут; и поради тоа, просто вештачки се распалував себеси; најпосле станав гаден и неподнослив. Начекав еден момент, во големо друштво и успеав „соперникот" да го навредам поради некоја сосем неважна работа — се насмеав на едно негово мислење, за еден тогашен важен настан — тоа беше во дваесет и шестата година — му се насмеав духовито и вешто, како што се зборуваше. Потоа го натерав да објаснува, и при тоа објаснување се однесував толку грубо што мораше да го прими мојот предизвик, и покрај огромната разлика меѓу нас, зашто јас бев и помлад од него, и од незначителен род, и со мал чин. Подоцна дознав со сигурност дека тој предизвикувањето го примил и од љубомора спрема мене: и потајно бил малку љубоморен спрема мене, поради својата жена, тогаш уште свршеница; а сега, си помислил, ако дознае дека бил навреден од мене, а не се решил да ме предизвика на двобој, таа поради тоа и не сакајќи ќе почне да го презира, и ќе се расколеба нејзината љубов. Набрзо најдов секундант, еден другар, поручник од нашиот полк. Иако тогаш двобоите ги гонеа немилосрдно, тие беа дури и како некаква мода меѓу офицерите, — толку силно растат и се закоренуваат понекогаш дивите предрасуди. Беше крајот на јуни, а нашата средба определена за утредента, надвор од градот, во седум часот изутрината. Тогаш ми се случи навистина нешто речиси кобно. Вечерта кога се вратив дома, разбеснет и разуздан, му се налутив на мојот посилни Афанасиј, и со сета сила го удрив двапати по лицето, така што го раскрвавив. Тој кај мене служеше одамна ,и се случуваше и порано да го удрам, но никогаш толку sверски и немилосрдно. Дали ми верувате, мили мои, оттогаш минаа четириесет и една го-

дина, а и денеска на тоа се сеќавам со срам и мака. Легнав да спијам и преспав едно три часа: станав — веќе се разденува. Станав, не сакав повеќе да спијам, се доближив до прозорецот, го отворив, прозорецот гледаше кон градината — гледам, се раѓа сонцето, топло, прекрасно, и се слуша пеењето на птиците. Зошто во душава чувствувам нешто срамно и ниско? — си помислив. — Да не е поради тоа што одам да пролевам крв? Не, мислам, не ќе е од тоа. А да не е од тоа што се плашам од смртта, што се плашам дека ќе бидам убиен? Не, не е ни тоа, воопшто не е тоа . . . И наеднаш се сетив во што е работата: во тоа што синоќа го истепав Афанасиј! И наеднаш сè ми излезе пред очите, како да се повтори сè: тој стои пред мене, а јас замавнувам па го удирам право во лицето; тој ги држи рацете во став мирно, ја исправил главата како во строј, ги ококорил очите и трепери при секој удар, не смее да ја крене раката за да се брани. Дотаму е доведен човекот, и тоа човек тепа човек! Какво злосторство! Како остра игла да ми ја избоцка душата. Стоев како ошумоглавен, а сонцето свети, ливчињата се радуваат, блестат, а птичките, птичките му пеат пофалби на бога . . . Со обете раце си го покрив лицето, паднав врз постелата и фатив горчливо да плачам. Тогаш се сетив за брат ми Маркел и за зборовите што им ги кажуваше на слугите пред смртта: „Мили мои, драги мои, зошто ме служите, зошто ме сакате ,и дали заслужувам некој да ме служи?“ — „Да, дали заслужувам?“ — ми мина наеднаш низ главата. И навистина, со што заслужувам јас да ме служи друг човек, човек ист како мене — слика и прилика божја? Првпат во животот тоа прашање ми се впи во главата. „Мајчичке, храно моја, навистина секој човек на сите и за сè им е виновен, само што луѓето не знаат, а кога би дознале — веднаш би настапил рај!“ Господи, секако тоа не е невистина, плачам јас и си мислам: „Јас можеби навистина сум повиновен од сите за сè, и полош сум од сите луѓе на светот!“ И наеднаш ми излезе пред очи сета вистина, во сиот свој блесок: што сакам да направам? Одам да убијам човек добар, умен, благороден, кој воопшто не ми е виновен; а жена му со тоа засекогаш ќе ја лишам

од среќата, ќе ја измачам и ќе ја убијам. Лежев на постелата ничкум, со лице во перницата, па не забележав како мина времето. Наеднаш, влегува мојот другар поручник, дошол по мене, со пиштол. „А — вели тој — добро е што си станал, време е, да одиме". — Јас се размрдав, сосем се збунив, но сепак излеговме за да се качиме во колата. „Почекај ме овде, — реков — морам да се вратам за малку, го заборавив портофелот". И трчаница се вратив во станот право во собичката кај Афанасиј: „Афанасиј — му реков — вчера јас те ударив двапати по лицето, прости ми". Тој целиот затрепрери, како да се уплаши ,ме гледа — а јас сфаќам дека тоа е малку, па наеднаш, онака како што бев, во мундур и со еполети, се фрлам наземи пред неговите нозе, со челото доземи: „Прости ми!" — му реков. Сега целиот се здрви: „Ваше благородство, баќушка, господине, зошто така... Зарем заслужувам..." — па наеднаш се расплака, како пред малку јас, со двете раце си го покри лицето, се сврти кон прозорецот и целиот се тресе од солзи; а јас истрчав кај другарот, влегов во колата и му викнав: „Терај!" — „Го гледаш ли победникот — викам — ене го пред тебе!" Полн со одушевување се смеев, по цел пат зборував, зборував, и не се сеќавам што сум зборувал. Гледа тој во мене: „Е, брате, богами херој си, гледам нема да го посрамотиш офицерскиот мундир". Така, се довезовме на здоговореното место, а тие веќе таму нè чекаат. Нè разделија, дванаесет чекори еден од друг; оној ќе пука прв, — јас стојам весел право пред него, лицето в лице, ни со око не трепнувам, со љубов гледам во него, знам што ќе направам. Пукна тој, куршумот само малку ми го гребна образот, и ми го зачеша увото. „Фала богу, — викам — не убивте човек!" — Го зграпчувам својот пиштол, се свртувам, го зафучарувам во воздухот нагоре, и го фрлам во шумата: „Добар пат!" викам. Потоа се свртувам кон противникот: „Почитуван господине — велам — простете ми, јас сум глупав човек, штом по своја вина ве навредив и ве натерав да пукате во мене. Јас сум десетина пати полош од вас, а можеби и повеќе. Соопштете ѝ го тоа на личноста што ја почитувате повеќе од сè на светот". Само што го ре-

ков тоа, сите тројца почнаа да викаат. „Ве молам, — вели мојот противник, — дури и се налути — ако не сакате да се тепате, зошто ме вознемирувавте“. — „Вчера, — му велам јас нему, уште бев глупав, а денеска ми дојде умот“ — одговарам весело. „За вчерашното ви верувам — вели тој — но за денешното тешко би можело да се поверува“. „Браво! — викам јас, дури и со раце заплескав. — И во тоа се согласувам со вас, сум заслужил!“ — „Дали сакате да пукате, почитуван господине, или не сакате?“ — „Не сакам — одговарам јас — а вие, ако сакате, пукајте уште еднаш, подобро би било за вас да не пукате“. Се развревија и секундантите, особено мојот: „Каков е тој начин, да се посрамотува полкот, да се стои на бариерата и да се моли за прошка: само да го знаев тоа!“ Тогаш јас застанав пред сите нив, но повеќе не се смеев: „Мои господа — велам — зарем навистина во денешно време е чудно да се наиде на човек што би се покаал поради својата глупост и јавно би си ја признал вината?“ — „Но не на бариерата“ — вика пак мојот секундант. „Токму тоа е она — им одговарам јас — тоа и е чудото. Зашто требаше да признам дека сум виновен, уште кога дојдовме ваму, уште пред да истрелаат тие, и да не бидат натерани на голем и смртен грев; но ние, реков, толку лошо си го имаме уредено животот на овој свет, што мене ми е речиси невозможно да постапам така, зашто дури откога го издржав нивниот истрел, на дванаесет чекори, дури сега моите зборови, можат да значат нешто за нив. А да го кажев ова, пред истрелот, кога дојдовме ваму, вие просто ќе речевте: страшливец, се исплаши од пиштолот, и не вреди да биде слушан. — Господа, викнав наеднаш од сè срце — погледајте околу себе во овие божји подароци: ведро небо, чист воздух, нежна тревка, птички, природа прекрасна и безгрешна, а ние, само ние сме безбожни и глупави и не гледаме дека животот е рај, а треба само да посакаме да сфатиме, па рајот веднаш ќе настапи, во сета своја убавина, и ние ќе се прегрнеме и ќе заплачеме . . .“ Сакав уште да продолжам, но не можев, одвај дишев, ми беше толку слатко, се чувствував многу младешки, а во срцето таква среќа

каква што никогаш во својот живот не сум чувствувала. „Сето тоа е умно и побожно — вели мојот противник — и без сомневање, вие сте оригинален човек", „Смејте се, — му се смеам јас нему — но после и самите ќе го фалите тоа". — „Па јас сум сам — вели тој — еве, веднаш сум готов да пофалам, повелете, јас ќе ви подадам рака, зашто вие, изгледа, навистина сте искрен човек". — „Не, велам, сега не треба, туку после, кога ќе станам подобар и ќе ја заслужам вашата почит. Тогаш да ми подадете рака, и добро ќе направите". Се вративме дома. Мојот секундант, по цел пат пцуе, а јас го бацувам. Веднаш сето тоа го слушнаа моите другари, се собраа да ми судат истиот ден: „Го посрамоти офицерскиот мундир — ми велат, нека поднесе оставка". Се јавија и бранители. — „Па тој — велат — сепак го издржа истрелот на противникот." — „Да, но се уплаши од другите куршуми, и на бариерата молеше за прошка". — „Ама да се исплашеше од истрелот, ќе пукнеше од пиштолот, пред да моли за прошка, а тој пиштолот полн го фрли во шумата, не, тука има нешто друго, оригинално". Слушам јас, весело ги посматрам. „Драги мои — им велам — пријатели и другари, не грижете се за мојата оставка, зашто тоа веќе го сторив. Ја поднесов изутрина уште во канцеларијата, а кога ќе ја добијам оставката, веднаш ќе одам во манастир, затоа и ја поднесувам оставката". Само што го реков тоа, гласно се насмеаја сите до еден: „Па зошто не кажа веднаш! Е, сега се е јасно — на монах не можеме да му судиме", се смеат, не престануваат, но не смеат подбивачки, туку некако топло, весело; сите наеднаш ме засакаа, дури и оние што ме обвинуваа најжестоко. И после, целиот тој месец, додека не ми беше одобрена оставката, речиси на раце ме носеа: „Еј, ти, монаху!" ми велеа. И секој ми кажува по некој љубезен збор; почнаа да ме озборуваат, па дури и да ме жалат. „Ама што правиш ти со себеси" — „Не, — велат други — тој е храбар, тој го издржа истрелот, а можеше да пукне од својот пиштол; но ноќта му се сонило, дека треба да стане калуѓер, ете затоа". Речиси истото се случи и во градското друштво. Порано не ме забележуваа којзнае колку, само љубез-

но ме примаа, а сега наеднаш сите почнаа да се натпреваруваат кој побргу ќе се запознае со мене, и фатија да ме канат; ми се смеат, а ваму ме сакаат. Овде забележувам: иако тогаш сите гласно зборуваа за нашиот двобој, претпоставените ја замачкаа работата, зашто мојот противник беше близок роднина на нашиот генерал, а бидејќи работата заврши бєз крв, и речиси како шега, а и јас поднесов оставка, целата работа навистина и ја свртија на шега. И тогаш јас почнав гласно и без страв да зборувам, не обзирајќи се на нивната смеа, зашто таа смеа не беше злобна, туку добра. А разговорите се водеа главно навечер, во женско друштво, на повеќето жени им се допаѓаше да слушаат, па и машките ги тераа да ме слушаат. „Ама како е можно јас да сум виновен за сè — секој ми се смее в очи — ете, зарєм можам јас, на пример, да бидам виновен поради вас?“ — „А од каде ќе дознаете вие — им одговарам јас ним — кога целиот свет веќе одамна тргнал по поинаков пат ,и кога вистинската лага ја примаме за вистина, па и од други луѓе бараме таква лага. Ете, јас еднаш во животот постапив искрено, и што се случи? За сè излегов јас како некаков будала: иако ме засакавте, вие — реков — сепак ми се смеете“ — „Па, како да не ве сакаме таков?“ — ми се смее на глас домаќинката, а кај неа имаше голємо друштво. Наеднаш, гледам, се крева помеѓу госпоѓите најмладата поради која тогаш и го викнав на двобој човекот, и која некогаш си ја замислував како свршеничка; не ни забележав дека и таа е дојдена на седенката. Стана, ми пристапи, ми подаде рака: „Дозволете ми, вели, да ви кажам, дека јас прва не ви се смеам, туку, напротив, со солзи ви заблагодарувам, и ви го искажувам моето почитување за вашата тогашна постапка“. Тогаш ми пристапи и нејзиниот маж, а потоа, наеднаш и сите се собраа околу мене, само што не ме бацуваа. Радост ми го исполни срцето, а тогаш најмногу ми падна в очи еден господин, веќе постар човек, кој, исто така, ми пристапи, и кого порано, вистина, го знаев на име, но со него никогаш не се имав запознато, и до таа вечер со него дури немав ни зборувано.

г) Таинствен гостин

Тој господин веќе одамна беше на служба во нашиот град; имаше многу угледно место, беше човек почитуван од сите, богат, прочуен поради своите дела, имаше подарено многу пари за домот за старци и старици и за домот за сирачиња, и, освен тоа, добрите дела ги правеше тајно, без излишно разговарање, за кое се дозна подоцна, по неговата смрт. Имаше педесетина години и изгледаше речиси строго; беше молчалив; беше оженет само десетина години, со уште млада жена, од која имаше три мали деца. Утредента вечерта ти седам јас дома, кога наеднаш се отвора вратата и влегува истиот тој господин. Морам да забележам дека тогаш веќе не живеев во поранешниот стан. Штом поднесов оставка, минав во друг стан, кај една стара жена, чиновничка вдовица; нејзината послуга ме служеше и мене зашто во тој стан минав само затоа што Афанасиј истиот ден кога се вратив назад од двобојот, го испратив назад во четата: ми беше срам да му погледам в очи по мојата посебна постапка спрема него, — толку е склон светскиот човек да се срами од по некоја од своите најправични постапки.

„Ве слушам со големо интересирање во разни куќи — ми вели господинот, што дојде кај мене — и најпосле, сакав да се запознам со вас лично, да разговарам со вас, што поподробно. Дали ќе сакате, почитуван господине, да ми ја искажете таа голема љубов?“ — „Можам, велам, со најголемо задоволство, и тоа ќе го сметам за особена чест“ — му велам нему, а ваму речиси бев уплашен, толку ме изненади отпрвин. Зашто, иако ме слушаа и беа љубопитни, никој не ми имаше пристапено со толку сериозен и строг внатрешен израз. А овој дојде уште и во мојот стан. Седна. „Гледам во вас — продолжува тој — голема сила на карактер, зашто не се исплашивте да ѝ послужите на вистината во момент кога ризикувавте за љубов на вашата вистина да доживеете општ презир“ – „Вие, можеби, претерано ме фалите“ – велам јас. „Не, не е претерано — ми одговара тој — верувајте дека е многу потешко да се направи таква постапка отколку што

мислите вие. Мене токму тоа ме вчудовиди, — продолжува тој — и поради тоа дојдов кај вас. Опишете ми, ако не ви е одвратно моето толку непријатно љубопитство, што чувствувавте, всушност, во моментот кога на двобојот решивте да молите за прошка — ако се сеќавате, се разбира. Моето прашање не сметајте го за лесномислено. Напротив поставувајќи ви такво прашање, јас имам тајна цел, која ќе ви ја објаснам подоцна, ако му биде угодно на бога да нè зближи."

За сето време додека го зборуваше тоа, го гледав право во очите, и наеднаш спрема него почувствував голема доверба, а, освен тоа ,и необично љубопитство и од своја страна, зашто ми стана јасно дека тој во душата има некаква своја посебна тајна.

„Прашувате што чувствував, всушност, во моментот кога мојот противник го молев за прошка — одговарам јас — подобро е, мислам, од почеток да ви кажам сè што не сум им каажл на други, — и му раскажав сè што ми се случи со Афанасиј, и како му се поклонив доземи. Од тоа можете да видите и самиот — завршив јас — дека мене за време на двобојот веќе ми беше полесно, зашто работата ја започнав уште дома; а штом веќе зачекорив по тој пат, сè друго не само што не одеше тешко, но дури одеше радосно и весело". Ме ислуша тој, гледа некако убаво во мене: „Сето тоа, вели, е необично интересно, јас почесто ќе доаѓам кај вас". И оттогаш фати да доаѓа кај мене, речиси секоја вечер. И ние, ќе се спријателевме многу, ако сакаше да ми каже нешто и за себе. Но, за себе тој не зборуваше речиси ништо, само за мене се распрашуваше. И покрај сето тоа, јас го засакав многу, и наполно му ги доверив сите мои чувства; зашто, си мислам: зошто ми се неговите тајни, и без тоа гледам дека човекот е праведен. Освен тоа, толку сериозен човек, и толку постар од мене, а доаѓа кај мене, кај момче, не се стеснува од мене. И многу корисни работи научив од него, зашто беше човек со висок ум. „Дека животот е рај — ми рече тој мене наеднаш — јас така веќе мислам одамна", па потоа наеднаш пак додаде: „Јас само за тоа и мислам". Ме гледа тој и се смешка. „Јас сум повеќе убеден од вас, во тоа, вели, а после ќе дознаете зошто.

„Го слушам тоа, и си мислам во себе: „Најверојатно сака нешто да ми довери". „Рајот — вели тој — е скриен во секој од нас, ете, тој сега се крие и во мене, и само ако посакам, тој од утре веќе за мене навистина и ќе настапи, и тоа за целиот мој живот". Гледам: зборува возбудено и таинствено се пули во мене, како да ме прашува нешто. „А затоа, продолжува тој — дека секој човек е виновен за другите и за сè што се случува на светов, освен за своите гревови, за тоа сосем правилно сте заклучиле, и чудно е како сте можеле наеднаш толку целосно да ја опфатите таа мисла. Точно е навистина дека кога луѓето ќе ја сфатат таа мисла, тогаш за нив ќе настапи царството небеско, и тоа не во фантазијата, туку во самиот живот". — „А кога ќе се случи тоа — викнав јас со тага — и дали воопшто некогаш ќе се случи! Да не е тоа само фантазија?" — „Па, ете, вие самиот веќе не верувате — вели тој — проповедате, а самиот не верувате. Знајте, значи, дека таа, како што велите вие, фантазија, без сомневање ќе се збидне, во тоа верувајте, но не сега, зашто секое збивање има свој закон. Таа работа е душевна, психолошка. За да се уреди светот на нов начин, потребно е луѓето, самите душевно да зачекорат по друг пат, сè додека ти навистина не му станеш на секого брат, не може да настапи братство. Луѓето никогаш врз основа на науката и користа нема меѓу себе да ги поделат правично и своите права. Непрестајно на секого ќе му биде малку, и секој непрестајно ќе мрмори, луѓето ќе си завидуваат и ќе се уништуваат еден со друг. Вие прашувате кога ќе се збидне тоа. Тоа ќе се збидне, но пред тоа ќе мора да заврши периодот на човечката **осаменост**". — „Каква е таа осаменост?" — го прашувам јас. „Па, ете, таква каква што денеска владее секаде, особено во нашиот век, но сета уште не е завршена, и уште не ѝ дошол рокот. Денеска, секој се стреми кон тоа уште повеќе да ја издвои својата личност; сака во себе да ја почувствува полноста на животот! меѓутоа, од сите негови напори, наместо полност на животот, излегува само целосно самоубиство; зашто, наместо наполно да си го определат своето битие, тие паѓаат во полна осаменост. Во наше време си-

те се имаат поделено на единки. Секој се повлекува во своето дувло, секој се оддалечува од другиот, се крие, и крие сè што има, и завршува со тоа што самиот се одбива од луѓето и луѓето ги одбива од себе. Осамениот ќе купи богатство и си мисли: колку ли сум сега моќен, и колку сум осигурен, а безумникот не знае дека колку што повеќе собира, со тоа повеќе тоне во самоубиствена немоќ, зашто навикнал да се надева во себеси, и како единка се одделил од целоста; ја навикнал својата душа, да не верува во човечката помош, во луѓето и во човештвото, и само се плаши дека ќе му пропаднат парите и правата со кои се здобил. Човечкиот ум сега секаде подбивно почнува да не сфаќа дека вистинското обезбедување не се состои во личноста, во издвојувањето на нејзините напори, туку во општата човечка заедница. Но бездруго ќе ѝ дојде крајот и на таа страшна осаменост, и сите ќе разберат наеднаш колку неприродно се одвоиле еден од друг. Тогаш, ќе настапи таков дух на времето, и луѓето ќе се чудат како толку долго останувале во темница и не ја гледале светлината. Тогаш ќе се појави и знакот на човечкиот Син на небото... Но дотогаш сепак треба да се чува знамето, и одвреме-навреме човек мора, макар и поединечно, да покажува пример и да ја води душата од осаменоста накај големото дело на братското општење, па макар и во вид на јуродив. Тоа е потребно за да не умре големата мисла".

Ете, во толку пламени и одушевени разговори ни минуваа ноќите, една по друга. Јас го напуштив сето друштво и многу поретко фатив да одам на посета, а притоа, почнав да излегувам и од модата. Ова не го зборувам како осуда, зашто во друштвото и понатаму ме сакаа и љубезно се однесуваа спрема мене; а мора да се признае дека владееше мода и тоа не мала. А на мојот таинствен посетител најпосле почнав да гледам одушевено. Зашто, освен што уживав во неговиот ум, почнав да претчувствувам дека тој носи во себе некаква замисла и дека, веројатно, се подготвува за некаков голем подвиг. Нему, можеби, му се допаднав со тоа што не покажував дека сум љубопитен во поглед на неговата тајна и не го распрашував, ни отворено, ни

оддалеку. Но, најпосле, забележав дека него како да почна да го мачи желбата да ми соопшти нешто. Тоа почна да станува многу забележливо приближно на еден месец по неговата прва посета. „Знаете ли — ме праша тој наеднаш — дека во градот многу се интересираат за нас двајца, и се чудат зошто толку често доаѓам кај вас; но, остави ги, наскоро сè ќе се објасни". Понекогаш наеднаш го обземаше некаква необична возбуда, и тој во таквите случаи, речиси секогаш стануваше и си одеше. Другпат, некако проникливо и долго гледа во мене, и јас си мислам: „Сега ќе ми каже нешто", но тој наеднаш прекинува и почнува да зборува за нешто познато и обично. И често почна да се плаче на главоболие. Еднаш, сосем неочекувано, откако долго и пламено зборуваше, гледам, наеднаш некако пребледи, лицето му се искриви, гледа во мене здрвено.

— Што ви е вам — му велам јас — да не ви е лошо?

А пред малку се жалеше дека го боли главата.

— Знаете . . . јас . . . јас . . . имам убиено човек.

Го рече тоа, па се смешка, а станал блед како крпа. Зошто ли се смешка? — оваа мисла наеднаш ме стрелна во срцето, пред да можам нешто да разберам. И јас пребледив.

— Што велите? — викам јас.

— Гледате ли — ми одговори тој, сè уште блед и насмевнат. — Колку скапо ме чинеше додека ви го кажав првиот збор. Сега ви го кажав, и, како да зачекорив по вистинскиот пат. Ќе продолжам.

Долго време не му верував, и не му поверував наеднаш, ами по три дена, кога ми раскажа подробно. Го сметав за луд, но најпосле се убедив со преголема тага и чудење. Тој пред четиринаесет години, беше извршил едно големо и страшно злосторство над една богата госпоѓа, млада и убава личност, спахијка, вдовица, која во нашиот град имаше сопствена куќа во која живееше кога ќе дојдеше во градот. Кога почувствувал спрема неа голема љубов ѝ изјавил дека ја сака и почнал да ја убедува да се омажи за него. Но таа, своето срце веќе му го подарила на друг, на некој си уг-

леден офицер со висок чин, кој во тоа време бил во војна, но кого таа го очекувала наскоро да се врати. Значи, таа го одбила неговиот предлог, и го замолила човекот отсега да не ја посетува. Престанал да оди кај неа. Но знаејќи го распоредот на нејзината куќа, тој ти се вовлекол ноќе кај неа, низ градината преку покривот, ризикувајќи со огромна дрскост да биде фатен. Но како што често се случува, злосторството што се врши со преголема дрскост успева побргу отколку другото. Низ таванскиот отвор на куќата тој по скалите се спуштил долу, кај собите за живеење, знаејќи дека вратата до скалите, небрежните слуги понекогаш не ја заклучуваат. И овој пат, се надеваше на таа небрежност и погодил. Се провлекол до собите за живеење, а потоа по мракот влегол во нејзината спална соба, во која горело кандило. Како нарочно, обете нејзини собарици, скришум, без прашање, биле отидени на нечиј именден во истата улица кај соседите. Другите слуги и слугинки спиеле во собите за слуги и во кујната, на долниот кат. Кога ја забележил како спие, во него пламнала страста, а потоа срцето му го исполнил одмазнички љубоморен бес, и како избезумен, како пијан, ѝ се доближил ѝ и го забуцал ножот право во срцето, така што таа не пуштила ни глас. Потоа со пеколна и злосторничка пресметаност уредил така што сомневање да падне на слугите, не му било гадно да го земе нејзиниот портофел, да го отвори нејзиниот орман со клучевите што ги измолкнал од под нејзината перница, да земе од орманот некои работи, токму така како што би направил некаков прост слуга, тоест, ги оставил вредносните хартии, ги зел само парите, зел неколку покрупни златни предмети, но десетпати поскапоценките а помали работи не ги зел. Си зел и нешто за себе за спомен, но за тоа после. Откако го извршил тоа ужасно дело, тој се вратил назад по истиот пат. И утредента, кога била дадена тревога, на никого не му текнало да се посомнева во вистинскиот злосторник! Но, за неговата љубов спрема неа никој ништо и не знаел, зашто тој секогаш имал молчелива и недружељубива нарав та немал пријател на кој би му ја доверил својата душа. Го сметале просто за познат на

убиената, дури и не толку близок, зашто во последните две недели воопшто не ја посетувал. Сомневањето веднаш паднало на нејзиниот кмет, слугата Петар, сите околности се наредиле што да го зацврстат тоа сомневање, зашто слугата знаел, а покојната не криела, дека има намера да го даде во војска како регрут што била должна да го одвои од своите селани, зашто бил сам, а згора на тоа и имал лошо поведение. Светот слушал како тој, налутен, пијан, во крчмата се заканува дека ќе ја убие. А ден-два пред нејзината смрт избегал од кај неа и живеел некаде во градот, на непознати места. Утредента по убиството го нашле на патот, на излезот од градот, мртов пијан, со нож во џебот, и со раскрвавена десна рака. Тој тврдел дека крв му течела од носот, но не му поверувале. А слугинките признале дека биле на веселбата и дека влезната врата останала незаклучена сè до нивното враќање. Покрај тоа, се нашле уште многу такви слични докази, врз основа на кои невиниот слуга бил уапсен. Го ставиле в затвор и почнале да го судат. Но, по една недела уапсениот се разболел од туберкулоза и умрел во болницата. Со тоа работата завршила; ја предале на божјата волја, и сите, и судиите, и власта ,и целото граѓанство, останале убедени дека злосторството не го има извршено никој друг ами умрениот слуга. А потоа почнала казната.

Таинствениот гостин, сега веќе мој пријател, ми се довери дека отпрвин дури не го ни мачела совеста. Долго време се измачувал, но не поради тоа, туку жалејќи дека ја убил саканата жена, дека веќе ја нема, дека, убивајќи ја неа, ја убил својата љубов, иако огнот на страста останал во неговата крв. За невино пролеаната крв, за убиството на човек, тој тогаш речиси и не мислел. Мислата за тоа дека неговата жртва можела да му стане жена на друг му изгледала невозможна, и затоа долго време искрено бил убеден оти поинаку не можел да постапи. — Отпрвин малку го мачело тоа дека е уапсен слугата, но брзата болест, а после и смртта на затвореникот го смириле, зашто тој умрел, секако (си размислувал тој тогаш) не поради затворот или од страв, туку од настинката и од болес-

та што ја добил токму додека се наоѓал во бегство, кога мртов пијан цела ноќ прележал на влажна земја. Украдените предмети, пак, и парите не го вознемирувале многу, зашто (си размислувал понатаму) кражбата не е направена од користољубивост, туку само за да се насочи сомневањето во друг правец. Вредноста на она што го имал украдено била незначителна, и тој набргу сета таа сума, и уште многу поголема, ја подарил на Домот за старци и изнемоштени, што бил основан тогаш во нашиот град. Тоа го направил нарочно за да си ја смири совеста во поглед на кражбата и што е важно, за некое време, па дури и за подолго време, навистина се смирил — така ми кажуваше самиот. Тогаш многу ѝ се посветил на службата, само барал некаква работа полна со тешкотии и со голема одговорност, што му исполнила едно две години. Па бидејќи имал силен карактер, наскоро го заборавил она што се случило; а и кога ќе се сетел за тоа, се трудел да ги оттргне мислите од него. Почнал да прави добри дела, основал многу работи, и му подарил на нашиот град. За него се знаело и во престолнините, во Москва и во Петербург, бил избран за член на тамошните добротворни друштва. Но, најпосле, сепак почнале да му доаѓаат некакви тешки мисли што не можел да ги издржи. Тогаш му се допаднала една убава и умна девојка и набргу се оженил со неа, мечтаејќи со женачката да ја растера својата осаменичка тага и, стапувајќи на нов пат и вршејќи ја уредно својата должност спрема жената и децата, сосем да се ослободи од старите спомени. Меѓутоа, уште во првите месеци на бракот, почнала да го вознемирува непрекинато мислата: „Еве, женава ме сака, а што ќе биде ако дознае?“ Кога останала бремена со првото дете, му кажала за тоа, а тој наеднаш се збунил: „Јас давам живот, а ваму одземам живот“. Дошле децата: „Како смеам јас да ги сакам, да ги учам и воспитувам, како ќе им зборувам за добродетелта, кога сум пролеал крв!“ Растеле децата прекрасни, сакал да ги помилува: „А јас не можам да ги гледам нивните невини, ведри лица, не сум достоен за тоа“. Најпосле започнала грозно и горчливо да му се привидува крвта на убиената жртва, нај-

зиниот погубен млад живот — крвта што барала одмазда. Тој почнал да сонува страшни сништа. Но бидејќи имал тврдо срце, долго време го поднесувал тоа мачење. „Сето тоа ќе го откупам со моето тајно измачување“. Но и таа надеж била залудна: сè повеќе и повеќе страдањето се зголемувало. Во општеството почнале да го почитуваат поради добротворната дејност, иако сите се плашеле од неговата строга и намуртена нарав; а нему, колку што повеќе го почитувале, му станувало сè понеподносливо. Не признавал дека веќе помислувал и на самоубиство. Наместо тоа, почнала да му се јавува друга мисла: — мисла што отпрвин ја сметал за невозможна и безумна, но која најпосле толку му се прилепила за срцето што не можел да ја откорне. Си мислел: да стане, да излезе пред светот, да објави пред сите дека убил човек. Едно три години живеел со таква мисла; таа непрестајно му се прикажувала во разни видови. Најпосле поверувал со сето свое срце дека кога ќе го признае своето злосторство, несомнено ќе си ја излекува душата, и дека ќе се смири засекогаш. Но, откога поверувал во тоа, тој почувствувал ужас во срцето: како да го изврши тоа? И, ете, тогаш стана случајот со мојот двобој. „Кога видов што направивте вие, јас се решив“. Јас гледам во него.

— Па зарем — викнав плеснувајќи со рацете — зарем толку неважен случај, можел да предизвика кај вас таква решителност?

— Мојата решителност се раѓаше три години — ми одговори тој — а вашиот случај само ѝ даде поттик. Кога ја видов вашата постапка, си префрлив себеси, а вам ви завидував — ми рече пак намуртено.

— Па вам нема ни да ви поверуваат, — забележав јас — минати се четиринаесет години.

— Имам докази, и тоа сериозни, ќе ги изнесам.

Тогаш јас се расплакав, и го бацив во челото.

— Само едно кажете, само едно — ми рече тој (божем од мене зависеше во тој момент сè): — Жената, децата! Жена ми можеби ќе умре од жалост, а децата, ако не го загубат благородништвото и имотот, сепак ќе останат деца на робијаш, засекогаш. А спомен, каков спомен во срцата ќе им оставам за себе!

Јас молчам.

— И да се разделам од нив, да ги останам засекогаш? Значи, засекогаш, засекогаш!

Седам јас, и тивко си шепотам молитва. Најпосле станав, ми стана страшно.

— Што? — ме гледа тој.

— Одете — му реков — кажете им на луѓето. Сè ќе минè, ќе остане само вистината. Децата ќе сфатат кога ќе пораснат, колку великодушност имало во вашата голема решителност.

Тогаш тој си отиде од кај мене, како навистина да беше решен. Но потоа повеќе од две недели пак доаѓаше кај мене секоја вечер, непрестајно се подготвуваше, никако не можеше да се реши. Ми го измачи срцето. По некојпат ќе дојде решен, и зборува целиот радосен:

— Знам дека ќе настапи рај за мене, веднаш ќе настапи, штом ќе признам. Четиринаесет години бев во пеколот. Сакам да страдам. Ќе го примам страдањето и ќе почнам да живеам. Со неправдата можеш да го минеш светот, но не можеш да се вратиш назад. Вака, не само својот ближни, туку ни своите деца не смеам да ги сакам. Господи, веројатно ќе сфатат моите деца колку тешко страдав, и нема да ме осудат! Господ не е во силата, туку во вистината.

— Сите ќе ја сфатат вашата голема постапка — велам јас — ако не сега веднаш, ќе сфатат после, зашто сте ѝ отслужиле на вистината, на вишата вистина, неземската . . .

И си отиде речиси утешен. Утредента пак дојде налутен, блед, зборува зајадливо.

— Секојпат кога доаѓам кај вас, вие ме гледате љубопитно: „Уште не признал јавно.“ Но почекајте, не презирајте ме премногу. Зашто не е толку лесно да се направи тоа како што ви се чини вам. Јас можеби воопшто нема да го сторам тоа, а вие, секако, нема да отидете да ме кажете, нели?

Јас не само што се плашев да го посматрам со неразумно љубопитство, туку воопшто се плашев да го гледам. Толку се имав измачено, што речиси бев раз-

болен, и душата ми беше полна солзи. Ми беше така што веќе ноќе не можев да спијам.

— Еве, сега, — продолжува тој — идам откај жена ми. Знаете ли вие што е тоа жена? Дечињата, кога тргнував за ваму, викнаа по мене: „Догледање, тато, вратете се што побргу, за да ни го читате „Детскиот весник!“ Не, вие не го сфаќате тоа! Човек не станува поумен од туѓата несреќа.

Му светнаа очите, усните почнаа да му треперат. Наеднаш тресна со тупаницата на масата, толку силно што предметите на неа потскокнаа — а инаку мек и благ човек — тоа му се случи првпат.

— Ама, после, потребно ли е тоа — викна тој — дали е потребно? Зашто никој не беше осуден, никој не отиде на робија поради мене, слугата умре од болест. А за пролеаната крв јас сум казнет со своите маки. А нема ни да ми се верува, нема да им биде поверувано на никакви мои докази. Треба ли да се признае злосторството, дали треба? За пролеаната крв, се согласувам да се мачам цел живот, само да не ги убијам жената и децата. Дали е право да ги запустувам заедно со мене? Дали ние не се лажеме? Каде е тука правдата? И дали таа правда, ќе ја дознаат луѓето, дали ќе ја оценат, дали ќе ја почитуваат?

„Господи! — си мислам во себе — за почитта од луѓето мисли во ваков момент!“ И толку ми беше жал тогаш, што можеби ќе се согласев да ја поделам со него судбината само за да му олеснам. Гледам, тој е како избезумен. Јас се вцашив, сфатив не само со умот, туку со живата душа колку го чини него таа решителност.

— Решавајте, значи, за мојата судбина! — викна тој пак.

— Одете и признајте — прошепотив јас. Глас не можев да пуштам, но прошепотив решително. Го зедов од намаса Евангелието, рускиот превод, му ја покажав од Јована глава XII, стих 24.

— „Навистина, навистина ви велам: ако зрното пченично што ќе падне на земја не умре, тогаш останува само; но ако умре ќе даде многу плод“. Тој стих го имав прочитано веднаш пред неговото доаѓање.

Го прочита и тој. —

— Вистина — рече, но се насмевна горчливо. — Да, во тие книги — рече тој по мала пауза — човек може да најде страшни нешта. Лесно е да му ги ставаш некому под нос, и кој го напишал тоа, зарем луѓе?

— Светиот дух ги напишал — велам.

— Лесно ви е да велите така. — Се насмевна тој пак, но веќе речиси со омраза.

Јас пак ја зедов книгата, ја отворив на друго место и му го покажав „Кон Евреите", глава X, стих 31. Тој прочита:

„Страшно е да паднеш во рацете на живиот бог."

Прочита и ја фрли книгата. Дури и се стресе целиот.

— Нема што — вели тој — сте нашле страшен стих. Стана од столот. — Е, вели — збогум, можеби веќе нема ни да дојдам... Ќе се видиме во рајот. Значи, има веќе четиринаесет години како сум „паднал во рацете на живиот бог" — значи, така се наречуваат тие четиринаесет години. Утре ќе ги замолам тие раце да ме пуштат.

Јас веќе сакав да го прегрнам и да го бацам, — но не смеев. — Лицето му беше избезумено и гледаше мрачно. Излезе. „Господи!" — си помислив, — „каде отиде човекот!" И веднаш паднав на коленишти пред иконата и со солзи ѝ се помолив за него на пресвета Богородица, брзата застапничка и помошничка. Мина речиси половина час како клечев во солзи и во молитва, а веќе беше длабока ноќ, околу дванаесет. Гледам наеднаш, вратата се отвора, и ете го него пак. Се вчудовидив.

— Каде бевте — го прашувам.

— Јас — вели тој — јас, изгледа, нешто заборавив... шамиче, веројатно... но, сеедно, дури и ако не сум заборавил ништо, дозволете да седнам...

Седна на столот. Јас стојам над него. „Седнете, вели, и вие." Седнав. Преседевме така едно две минути, ме гледа мене со напрегнат поглед и наеднаш се насмевнува, тоа го запаметив; потоа стана, цврсто ме прегрна и ме баци.

— Запамети — вели — кога ти дојдов по вторпат. Слушаш, запамети го тоа!

Првпат ми рече „ти“. И си отиде. „Утре ќе каже“ — си помислив.

Така и се случи. А вечерта, јас и не знаев дека утредента му е роденден. Последните денови не излегував никаде, и затоа тоа не можев да го дознам од никого. На тој ден кај него секоја година се собираше големо друштво, целиот град. И, ете, по ручекот, тој излегува во средината, во рацете држи хартија — официјална пријава за власта. А бидејќи власта беше тука, веднаш тука ја прочита пријавата гласно, пред целиот собир, и во неа полн опис на злосторството со сите детали. „Како изрод се исфрлам себеси од човечката заедница, бог така ми соопшти“ — ја заврши тој изјавата. — „Сакам да страдам!“ — Притоа извади и стави на масата сè со што мислеше да го докаже своето злосторство, и што го чувал четиринаесет години. Два златни предмета на убиената, што ги украл сметајќи дека со тоа ќе го скршне сомневањето од себе, нејзиниот медаљон и крст, што ѝ ги симнал од вратот, во медаљонот — слика на нејзиниот свршеник; нејзиниот нотес, и, најпосле, две писма: писмото на нејзиниот свршеник со вест дека доаѓа наскоро, и нејзиниот одговор на тоа писмо, што го започнала, но не го довршила, го оставила на масата, за да го испрати по пошта утредента. Ги зел обете писма — зошто? Зошто ли после ги чувал четиринаесет години, наместо да ги уништи, како докази. И што се случи: сите многу се зачудија и се уплашија, и никој не сакаше да верува, иако сите го слушаа со необично љубопитство, но како болен човек. А по неколку дена во сите куќи беше решено и пресудено дека кутриот полудел. Властите и судот не можеа да не го земат предметот во постапка, но и тие се збунија: иако изнесените предмети и писмата ги натераа на размислување, решија: дека дури и ако документите се покажат точни, конечната осуда сепак не би можела да биде изречена само врз основа на тие документи.А и сите тие работи, тој можел да ги има од неа и само како нејзин познат во кого имала доверба. После разбрав дека припадноста

на предметите подоцна е посведочена од мнозина познати и роднини на убиената и дека во тоа немало сомневање. Но сепак, на ова дело, сепак не му беше судено да се заврши. По едно пет дена се дозна дека кутриот се разболел, и дека се смета оти нема да остане жив. Од каква болест се разболел — не можам да кажам; се зборуваше дека се разболел од срце, но се дозна дека лекарскиот конзилиум, со заземање на неговата сопруга, ја испитал и неговата душевна состојба и дека донесол заклучок оти лудилото е веќе тука. Јас, ништо не кажав за тоа иако настојуваа да ме испитуваат, но кога побарав да го посетам, долго време не ме пуштаа кај него, а најмногу неговата сопруга: „Вие — вели таа — го мрднавте од умот; тој и порано беше намуртен, но последните години сите забележуваа кај него, необична возбуда и чудни постапки; потоа наидовте и вие, па го запустивте: вие го натерав-те да чита, и тој не излегуваше од кај вас цел месец" И не само сопругата ,туку и сите во градот се нафрлија на мене и ме обвинија: „Вие сте виновен за сè" — ми велат. Јас молчам, и мило ми е во душава, зашто гледав несомнена милост божја, спрема оној што се беше дигнал против себеси, и се беше казнил. А не можев да поверувам в онеговото лудило. Најпосле ме пуштија и мене кај него, бидејќи и самиот упорно го барав тоа, — за да се прости со мене. Влегов кај него и веднаш сфатив дека му се избројани не само деновите, туку и часовите. Слаб, жолт, рацете му треперат, тешко дише, но гледа целиот среќен и радосен.

— Се исполни! — ми рече. — Одамна копнеам да те видам — зошто не дојде?

Јас не му кажав дека не ме пуштаа.

— Бог се сожали над мене и ме вика кај себе. Знам дека умирам, но чувствувам радост и мир, првпат по толку години. Одеднаш почувствував во душава рај, штом го сторив она што беше потребно. Сега веќе смеам да си ги сакам децата и да ги бацувам. Не ми верувааа, и никој не поверува — ни жена ми, ниту моите судии; ни децата никогаш нема да поверуваат. Во тоа гледам милост божја спрема моите деца. Ќе умрам, а моето име за нив ќе остане неизвалкано. А

сега го чувствувам бога, срцево ми се радува како во рај . . . Си ја извршив должноста . . .

Не може да зборува, губи здив, пламено ми ја стиска раката, пламено гледа во мене. Но не разговаравме долго време. Влезе неговата сопруга. Но тој сепак стигна да ми дошепне:

— А се сеќаваш ли кога ти дојдов ноќта по втор пат? Ти реков да го запаметиш тоа! Знаеш ли зошто дојдов тогаш? Дојдов за да те убијам!

Јас целиот затреперив.

— Тогаш излегов од кај тебе во мракот, скитав по улиците, се борев со себеси, и наеднаш толку те замразив, што срцето одвај ми издржа. „Сега — си мислев — само тој ме врза, и тој е мојот судија. Веќе не можам да се откажам од мојата утрешна казна, зашто тој знае сè.“ И не да речеш се плашев дека ќе ме пријавиш. (За тоа не си ни помислив), туку си велам: „Како ќе го погледам в очи ако не се пријавам на суд?“ Дури и далеку да си — ти си жив; неиздржлива беше помислата дека си жив, сè знаеш, и ме осудуваш. Те замразив како ти да си причина за сè, и виновен за сè. Тогаш се вратив кај тебе, се сеќавам, на масата лежеше кама. Седнав, па и тебе те замолив да седнеш, и размислував цела минута. Да те убиев, јас ќе морав да загинам поради тоа убиство, дури и ако не го признаев поранешното злосторство; но за тоа воопшто не размислував, ниту сакав да мислам, во тој момент. Само тебе те мразев, и со сета сила сакав да ти се одмаздам за сè. Но, мојот господ го победи ѓаволот во моето срце. Знај, значи, дека никогаш не си бил поблиску до смртта.

По една недела тој умре. Неговото мртво тело до гробот го испрати целиот град. Протата одржа трогателен говор. Жалеа поради страшната болест што го прекратила неговиот живот. Но целиот град стана против мене, кога го закопаа, не сакаа веќе никаде да ме примаат. Вистина, некои, — отпрвин малцина, а потоа сè повеќе и повеќе --- почнаа да веруваат во вистинитоста на неговите искази и мнозина почнаа да ме посетуваат и да ме прашуваат со големо интересирање и радост: зашто човекот го сака паѓањето на праведни-

кот и неговата срамота. Но јас молчев, и набргу си заминав од градот, а по пет месеци, господ бог ме удостои да зачекорам по овој сигурен и прекрасен пат па го благословував за мене невидливиот прст што толку очигледно ми го посочи овој пат. А многустрадалниот раб божји Михаил секојдневно го споменувам во молитвите и до денешен ден.

III

Од беседите и поуките на старецот Зосима

д) Нешто за рускиот монах и за неговото можно значење.

Отци и учители, што е тоа монах? Во просветениот свет тој збор денеска го изговараат веќе со подбив, а некои и како погрден збор. И колку понатаму, толку полошо. Вистина, ох, вистина, и во монаштвото има многу арамолепци, такви што му угодуваат на телото, властољупци и дрски скитници. Нив и ги покажуваат образованите световни луѓе: „Вие сте, мрзливи и непотребни членови на општеството, велат, живеете од туѓ труд, бесрамни питачи!“ Меѓутоа, колку многу монаси има смирени и кротки, страдни за осаменост и за пламена молитва во тишина. Тоа помалку се покажува, нив воопшто не ги спомнуваат; а колку ли би се зачудиле кога би им каажл дека од тие кротки и страдни за осамена молитва, можеби еднаш ќе дојде спасот на руската земја. Зашто тие навистина се подготвени во тишина, „за денот и часот, за месецот и годината“. Ликот на Христоста засега го чуваат во осаменост, прекрасен и нерасипан, во чистотата на божјата вистина, каков што е, од најдревните отци, апостоли и маченици ,и кога ќе затреба, тие ќе ѝ го објават на расколебаната световничка вистина. Таа мисла е голема. Ѕвездата ќе светне на исток.

Така мислам за монахот ,и лажно ли е тоа, горделиво ли е? Погледајте ги световните луѓе и целиот

свет што се издига над божјиот народ — зарем во него не е расипан ликот божји и неговата вистина? Тие ја имаат науката, а во науката е само она што им е подложено на сетилата. А духовниот свет, повисоката половина на човечкото битие е отфрлена воопшто со некаков триумф, дури со омраза. Светот ја прогласил слободата, особено во последно време; а што гледаме во таа нивна слобода: само ропство и само убиство! Зашто светот вели: „Бидејќи ти, човеку, имаш потреби, треба да ги задоволуваш, зашто имаш исти права, како и најпознатите и најбогатите луѓе. Не плаши се да ги задоволуваш своите потреби, туку уште и множи ги!“ — Ете, тоа е денешното световно учење. И во тоа тие ја гледаат слободата. А што произлегува од тоа право за множење на потребите? Кај богатите осаменост и духовно самоубиство, а кај сиромасите завист и убиство, зашто правата им се дадени, но средствата да ги задоволат потребите уште не им се покажани. Уверуваат дека светот, колку понатаму толку повеќе се обединува и се собира во братска заедница со тоа што се скратуваат растојанијата, што низ воздухот се пренесуваат мислите. Леле, не верувајте во таквото човечко обединување! Сфаќајќи ја слободата како множење ,и брзо задоволување на потребите, луѓето ја расипуваат својата природа, зашто во себе создаваат многу бесмислени и глупави желби, навики и секакви измислици. Живеат само заради меѓусебна завист, заради угодување на телото и горделивост. Да имаш ручеци, приеми, кола, чинови и робови-слуги — тоа денеска се смета за толку неопходна потреба што поради тоа се жртвува и самиот живот, честа, па дури и човекољубието, само за да се задоволи таа потреба; дури и се убиваат, ако не можат да ја задоволат. Кај оние што не се богати, го гледаме истото, а сиромашните незадоволувањето на потребите и зависта засега ги задушуваат со пијанство. Но наскоро, наместо со вино, ќе се опиваат со крв — кон тоа ги водат. Ве прашувам вас: слободен ли е таквиот човек? Познавав еден „борец за идеја“, кој самиот ни раскажа: кога во затворот го лишиле од тутунот, тој со тоа бил толку разочаран, што за малку не отишол да ја предаде сво-

јата „идеја“, само за да дојде до тутун. И таквиот уште смее да каже: „Одам да се борам за човештвото“. Каде може да оди таквиот, и за што е тој способен. Единствено можеби за некаков избрзан чин, а нема многу да издржи. И тогаш не е чудо, што наместо во слобода паднавме во ропство, а наместо во службата на братољубието и човечкото обединување, напротив паднавме во **подвоеност** и осаменост, како што ми зборуваше, кога бев млад, мојот таинствен гостин и учител. И затоа, во светот сè повеќе и повеќе се губи мислата за служење на човештвото, за братството и човечката заедница; и навистина таа мисла се пречекува дури и со подбив, зашто како ќе се откаже од своите навики, каде ќе оди тој заробеник, штом толку навикнал да ги задоволува своите безбројни потреби, кои ги измислил самиот? Тој е осамен, и што го интересира целоста. Луѓето се дојдени дотаму што имаат насобрано многу предмети, а имаат малку радост. Друго нешто е монашкиот пат. Светските луѓе ѝ се подбиваат на монашката послушност, дури и на постењето и на молитвата; меѓутоа, само во нив е патот кон слободата, кон вистинската слобода: јас ги отфрлам прекумерните и излишни потреби; својата самољубива и добра волја ја зауздувам и ја тепам со послушност, и со тоа со помошта на бога, постигнувам слобода на духот, а со неа и духовна радост! Значи, кој од нив е поспособен да ја издигне големата мисла и да тргне да ѝ служи — дали осамениот богаташ, или овој што е **ослободен** од тиранството на предметите и навиките? На монахот му префрлаат поради неговата осаменост: „Ти си се повлекол во осаменост, за да си ја спасиш душата во манастирските ѕидови, а си го заборавил братското служење на човештвото.“ Но, да видиме кој ќе му служи подобро на братољубието! Ние не сме осамени, туку осамени се тие, но тие тоа не го гледаат. А од нашите редови од памтивека излегувале народни дејци, па зошто не би можело тоа да биде и сега? Истите смирени и кротки испосници и молчаливци пак ќе станат и ќе тргнат кон големото дело. Народот ќе ја спаси Русија. А рускиот манастир од искони бил со народот. Ако е народот осамен, осамени

сме и ние. Народот верува како нас, а деецот што не верува, кај нас во Русија, не може да направи ништо, дури и ако има искрено срце и генијален ум. Запомнете го тоа. Народот ќе го пречека атеистот и ќе го надвие, и тогаш православна Русија ќе стане единствена. Значи, чувајте го народот и неговото срце. Воспитувајте го во тишина. Таква е вашата монашка задача, зашто овој народ е богоносец.

ѓ) Нешто за господата и за слугите, и за тоа дали е можно господата и слугите заемно да станат браќа по дух

Господи, никој не порекнува, и народот е грешен. А пламенот на распаѓањето очигледно расте секој час, и, иде одозгора. И во народот настапува подвојување: во неговата средина започнуваат да се јавуваат лихвари и злојасни луѓе; трговецот, веќе сè повеќе и повеќе сака почести, се стреми да се покаже како образован, иако всушност нема ни малку образование, па поради тоа гнасно ги пренебрегнува старинските обичаи, па дури и се срами од верата на своите татковци. Оди кај кнезовите, а ни тие не се ништо друго, туку расипани селани. Народот скапува од пијанство, и веќе не може да се ослободи од него. А колку свирепост има спрема семејството, жената, па дури и спрема децата, само од пијанство. Сум гледал по фабриките и десетгодишни деца, слаби, испиени, подведени, веќе развратни. Загушливата работилница, чукањето на машините, работата од утро до мрак, развратни зборови и вино, вино — тоа ли ѝ треба на душата на уште толку младото дете? Нему му е потребно сонце, детски игри, и секаде светол пример, и барем капка љубов спрема него. За да го нема веќе тоа, монаси, за да го нема веќе мачењето на децата, станете и проповедајте го ова што побргу, што побргу! Туку, бог ќе ја спаси Русија, зашто иако е развратен, и не може да се откаже од смрдливиот грев, простиот човек сепак знае дека неговиот смрдлив грев е проколнат од бога, и дека постапува лошо кога греши. Така што нашиот народ

уште неуморно верува во правдата. Го признава господа покорно плаче. А не е така кај вишите. Одејќи по науката, тие сакаат да живеат праведно единствено со помошта на својот ум, но без Христоса, како некогаш, и веќе прогласија дека нема злосторство, дека веќе нема грев. Та, според нивното сфаќање, и така е: зашто штом нема бог, каде е злосторството? Во Европа народот станува против богатите со сила, и народните водачи секаде го водат во крв и го учат дека неговиот гнев е праведен. Но, „проклет е нивниот грев, зашто е свиреп". А Русија ќе ја спаси господ, како што ја спасувал веќе многупати. Од народот, ќе излезе спасувањето, од верата и од неговата смиреност ... Отци и учители, чувајте ја народната вера, зашто ова не е фантазија: мене целиот живот кај нашиот голем народ ме изненадуваше неговото достоинство — покорно и вистинито, самиот видов, самиот можам да посведочам — видов и се восхитував; видов, и покрај сета смрдеа на гревовите и бедниот изглед на нашиот народ. Тој нема ропски дух, дури ни по двовековното ропство. Тој е слободен, по својот изглед и однесување, но не навредува никого. А не е ни одмаздлив, ни завидлив. „Ти си угледен, ти си богат, ти си умен и надарен — па добро, бог нека те благослови. Те почитувам, но знам, дека и јас сум човек. Со тоа што те почитувам без завист, со тоа го искажувам моето човечко достоинство пред тебе". Навистина, дури и ако не велат така (зашто уште не знаат да се искажат така), така **постапуваат**, јас го видов тоа, јас го искусив тоа, и верувате ли: колку што е посиромашен и подолен нашиот руски човек, дотолку повеќе кај него се забележува таквата прекрасна вистина, зашто повеќето богати селани — лихварите и арамолепците — веќе се расипани; а многу, многу од тоа е последица на нашата небрежност и на нашето невнимание. Но бог ќе ги спаси своите луѓе, зашто Русија е голема по својата смиреност. Јас сакам да ја видам, и речиси веќе јасно ја гледам нашата иднина, зашто ќе се случи така што и нашиот најрасипан богаташ ќе сврши со тоа што ќе се засрами од своето богатство пред сиромашниот, а сиромашниот, гледајќи ја таа негова сми-

реност, ќе сфати и ќе му попушти, со радост и топлина ќе одговори на неговиот благороден срам. Верувајте дека така ќе заврши, кон тоа оди. Еднаквоста е само во човечкото духовно достоинство, и тоа ќе биде сфатено само кај нас. Додека има браќа, ќе има и братство, а без братство, никогаш не ќе можат да го поделат она што го имаат. Да го чуваме ликот на Христоса, па тој ќе блесне како скапоцен дијамант пред целиот свет... Нека биде така, нека биде така!

Отци и учители, еднаш ми се случи една трогателна работа. Патувајќи, во губернискиот град К. наидов на мојот некогаш посилни Афанасиј; а од моментот кога се разделивме веќе беа поминати осум години. Ненадејно ме забележи на пазар, ме позна, ми притрча, и, господи, колку се израдува — летна кон мене: „Роден мој господине, вие ли сте? Ама дали е можно да ве гледам вас?“ Ме одведе кај него дома. Излегол од војската, се оженил, и добил две деца. Со својата жена живеел од ситна трговија на пазарот. Собата му е сиромашка, но чиста, весела. Ме седна, ми свари чај, испрати по жена си, како да сум му приредил некаков празник што сум дошол во неговата куќа. Ми ги доведе дечињата: „Благословете ги, отец!“ „Зарем јас да ги благословам?“ — му одговарам јас — „Јас сум прост, и смирен монах, ќе му се помолам на бога за нив, а за тебе Афанасиј Павлович, секогаш, секој ден, од оној ден, му се молам на бога, зашто — реков — поради тебе се случи сè“. Па тоа му го објаснив како што умеев. И што ти е човекот — ме гледа и никако не може да си замисли дека сум јас, неговиот поранешен господин офицер, сега пред него во таков облик и во таква облека; дури и заплака. „А зошто плачеш — му велам — ти, незаборавен човеку? Подобро развесели си го срцето поради мене, мил мој, зашто мојот пат е радосен и светол“. Тој не зборуваше многу, туку само воздивнуваше, трогнат, ми нишнуваше со главата. „А каде ви е имотот“ — прашува? Му одговарам: „Му го дадов на манастирот, а живееме во заедница“. По чајот, јас фатив да се простувам од нив; кога тој наеднаш ми извади половина рубља — подарок за манастирот, а друга половина рубља, гле-

дам, ми тутка в рака набрзина: „Тоа — вели — за вас, патник, намерник, можеби ќе ви затреба, отец.“ Ја примив неговата половина рубља, се поклонив и пред него и пред неговата жена, и си отидов радосен, па си мислам патем: „Ете, сега ние двајцата — и тој дома, и јас вака одејќи — воздивнуваме и радосно се смешкаме со весели срца, нишкајќи ги главите и секавајќи се како господ ни дал да се видиме.“ Оттогаш воопшто не го видов. Јас нему му бев господар, а тој мене слуга, а сега, кога се избацивме со полно љубов, во духовна милина, меѓу нас се изврши големо човечко спојување, многу размислував за тоа, а сега си мислам вака: па зарем толку му е недостапно на умот, дека такво големо и простодушно спојување во свое време и секаде ќе се изврши меѓу нашите Руси? Верувам дека тоа ќе се збидне и дека тоа време е близу.

А за слугите ќе го додадам ова: јас порано, како момчак, многу им се лутев на слугите — де „готвачката донесла на маса премногу врело јадење“, де „посилниот не го исчистил добро костумот“. Но тогаш наеднаш ми светна мислата на мојот мил брат, што ја чув од него во детството: „Дали јас воопшто заслужувам друг да ме служи и зошто да го измачувам поради неговата сиромаштија и простота?“ И тогаш се зачудив колку доцна му се јавуваат на нашиот ум најпростите, очигледни и јасни мисли. Без слуга не е можно во светов, но уреди така што кај тебе твојот слуга да биде уште послободен духовно, отколку кога не би бил слуга. И зошто јас да не можам да му бидам слуга на мојот слуга, па уште и така што тој да го види тоа, и тоа без секаква гордост од моја страна, а без недоверба од негова. Зошто мојот слуга не би ми бил мене како роднина, така што најпосле да го примам во моето семејство и да се радувам поради тоа! Тоа и сега е многу лесно остварливо; но ќе послужи како основа за идното прекрасно единство на луѓето, кога човекот не ќе бара за себе слуги, и не ќе сака да ги претвора во слуги сличните на себеси, како денеска, туку напротив со сета сила ќе сака самиот да им стане слуга на сите, според Евангелието. И фантазија ли е тоа дека човекот, најпосле, ќе наоѓа радост само

во подвизите на просветувањето и милосрдноста, а не во грубите уживања, како денеска, — во претераното јадење, во блуд, горделивост, фалбаџиство, и завидливото издигање на еден над друг? Цврсто верувам, дека не е, и дека тоа време е близу. Се смеат и прашуваат: кога ќе настапи тоа време, и дали има изгледи тоа да настапи? А јас мислам, дека ние ќе го извршиме тоа големо дело со Христоса. Зашто, колку идеи имало на земјава во историјата на човештвото, што десет години пред тоа не можеле ни да се замислат, а кои се јавувале наеднаш кога ќе им дојдел таинствениот рок, и нашиот народ ќе блесне во светот, и целиот свет ќе рече: „Каменот што го отфрлиле ѕидарите, стана камен-темелник". А подбивачите би требало да ги прашаме: ако е ова наша фантазија, кога ли ќе ја изградите вие вашата зграда и кога ли ќе го уредите вашиот живот правично, само со помошта на вашиот ум, без Христоса? И макар што тврдат дека тие одат кон спојување, навистина, во тоа веруваат само најпростодушните од нив, така што треба дури да се чудиме поради таа простодушност. Навистина, тие имаат побујна фантазија од нас! Тие мислат да го уредат животот правично, но отфрлајќи го Христоса, ќе свршат со тоа што ќе го залеат светот со крв, зашто крвта предизвикува крв, а оној што ќе извлече меч, тој и ќе загине од меч. И да не е ветувањето на Христоса, тие просто би се истребиле еден со друг, до последните два човека на земјава. Но тие два последни човека во својата гордост не би знаеле да се зачуваат еден со друг, така што последниот би го уништил претпоследниот, а потоа и себеси. И навистина би се случило така да не е ветувањето на Христоста дека тоа ќе престане поради кротките и смирените. Уште додека бев во офицерскиот мундир, по мојот двобој, во друштвото почнав да зборувам за слугите, и се сеќавам како ми се чудеа: „Што, велеа, зарем да го седнеме слугата на канабето, и да го послужуваме со чај?" А јас тогаш им одговорив: „А зошто и ние да не постапиме така понекогаш". Тогаш сите се насмеаја. Нивното прашање беше лесномислено, а мојот одговор нејасен, но мислам дека во него имаше некаква вистина.

е) За молитвата, за љубовта и за допирот со оние светови

Момче, не заборавај ја молитвата. Секојпат во твојата молитва, ако е искрена, блеснува ново чувство, а во него и нова мисла што порано не си ја знаел, и која повторно ќе те охрабри, и ќе сфатиш дека молитвата е восхитување. А запамети уште: секој ден, кога ќе можеш, повторувај си во себеси: „Господи, смилувај се над сите, што се излезени денеска пред тебе". Зашто, секој час, и секој миг, илјадници луѓе го оставаат својот живот на оваа земја, и нивните души доаѓаат пред господа — а колкумина од нив се разделиле со земјата осамени, на никого непознати, во тага и жалост, зашто никој нема да жали за нив, и зашто никој не ќе знае за нив дека живееле. И, ете, можеби од другиот крај на земјата, ќе се издигне твојата молитва кон господа за успокојување на неговата душа, иако ти него воопшто не го познаваш, ниту тој тебе. Колку ќе биде трогната неговата душа, што застанала со страв пред господа, кога ќе почувствува во тој час дека и за него некој се молел, дека на земјата останало човечко суштество што го сакало и него. А и бог помилостиво ќе ве гледа двајцата, зашто ако ги толку си го жалел оној, колку ли ќе го жали тој, бескрајно помилосрден и поблаг од тебе. И ќе му прости заради тебе.

Браќа, не плашете се од човечките гревови, сакајте го човекот, и во неговиот грев, зашто таа слика на божествената љубов е врв на љубовта на земјава. Сакајте ги сите божји суштества, и целоста и секое зрно песок. Секое ливче, секој божји зрак сакајте го. Сакајте ги животните, сакајте ги растенијата, сакајте го секое нешто. Ако го сакаш секое нешто — и тајната божја ќе ја сфатиш во нештата. А штом ќе ја сфатиш еднаш, после ти неуморно ќе ја запознаваш сè понатаму и повеќе, секојдневно. И, најпосле, ќе го засакаш целиот свет, со целосна вселенска љубов. Сакајте ги животните, нив бог им дал никулец на мислата и непоматена радост. Немојте да им ја нарушувате, не мачете ги, не одземајте им ја радоста, не противете ѝ се

на мислата господова. Човеќу, не издигај се над животните: тие се безгрешни, а ти, со оглед на величината, само ја гнасиш земјата со својата појава на неа, твоја гнојна трага оставаш по себе — леле, речиси секој од нас! — Особено сакајте ги децата, зашто тие се безгрешни како анѓели, и живеат за да нѐ радуваат нас, заради чистење на нашите срца, како некаков патоказ за нас. Тешко оној што ќе му направи лошо на детето. Мене, отец Анфим ме учеше да ги сакам децата: Тој мил и молчалив човек, на нашите патувања за грошевите што ни ги подаваа луѓето купуваше и им делеше колачиња и сладолед. Тој не можеше да мине покрај дечиња без возбуда: таков човек беше тој.

Има такви мисли пред кои, застануваш во недоумица, особено гледајќи го човечкиот грев, па ќе се прашаш: „Дали треба да се победува со сила или со покорна љубов?“ Секогаш решавај вака: „Ќе победам со покорна љубов“. Ако така се решиш еднаш засекогаш, ќе можеш да го покориш целиот свет. Покорната љубов е страшна сила, најсилна од сите, нема друга како неа. Секој ден и час, секој момент, внимавај на себеси, за да ти биде ликот благороден. Ете, си минал покрај мало дете, си бил лут, со лош збор, со зајадлива душа: и можеби не си го забележал детето, но тоа те видело тебе, и твојот лик, грд, и зол, можеби останал во неговото незаштитено срце. Ти не го знаеш тоа. Меѓутоа, можеби веќе со тоа си фрлил лошо семе во неговата душа, а тоа семе можеби и ќе из'рти, а само поради тоа што не си се воздржал пред детето, зашто во себе не си одгледал внимателна и дејствена љубов. Браќа, љубовта е учителка; но треба да знаеш да ја здобиеш, зашто таа тешко се здобива, скапо се плаќа, со долготрајна работа и полека, зашто, не треба да се сака случајно и за еден момент, туку засекогаш. Случајно може секој да засака, ќе засака и злосторникот. Момчето, брат ми мој, за прошка ги молеше птиците: тоа изгледа речиси бесмислено, но вистина е, зашто сѐ е како океан, сѐ тече и сѐ се допира: ако допреш на едно место, се одгласува на другиот крај од светот. Нека е и безумство да ги молиш птиците за прошка, но и на птиците ќе им биде полесно, и на децата, и на

секое животно околу тебе, ако ти бидеш подобар отколку што си сега — барем за трошка. Сѐ е како океан, ви велам. Тогаш мачен од вселенската љубов и на птиците би почнал да им се молиш како во некаква восхитеност — би ги молел и тие да ги простат твоите гревови. Цени го восхитот, без обѕир колку бесмислено им изгледа на луѓето тоа.

Пријатели мои, молете го бога за радост. Бидете радосни како деца, како птичките небески. И во вашето дејствување нека не ве буни човечкиот грев, не плашете се дека тој ќе го затре вашето дело, и дека нема да му дозволи да се изврши. Не велете: „Силен е гревот, силна е безбожноста, силна е лошата средина, а ние сме осамени и немоќни, ќе нѐ сотре лошата средина, и нема да даде да се изврши доброто дело". Бегајте настрана, деца ,од таа малодушност. Единствено тука е спасот, земи и направи се себеси одговорен за сиот човечки грев. А, пријателе, тоа е така; зашто штом себеси искрено ќе се направиш одговорен за сѐ и за секого, тојчас, ќе сфатиш дека, всушност, така и е, и дека ти и си виновен за сѐ и за секого. А префрлајќи ја својата мрзливост и својата немоќ врз луѓето, ќе завршиш со тоа што ќе се припоиш кон сатанската гордост, и ќе се побуниш против бога. А за сатанската гордост, мислам вака: нам на земјава ни е тешко да ја сфатиме, и поради тоа многу е лесно да паднеме во грешка па да се припоиме кон неа, а притоа уште да мислиме дека работиме и нешто убаво, и големо. И многу нешта од најсилните чувства и побуди на нашата природа, ние на земјава засега не можеме да сфатиме, но ти немој да се соблазнуваш со тоа, и не помислувај дека тоа може да ти послужи како оправдување во нешто; зашто вечниот судија ќе ти суди за она што си можел да го направиш, а не за она што не си можел; самиот ќе се увериш во тоа, зашто тогаш сѐ ќе сфатиш правилно и веќе нема да порекнуваш. На земјава ние навистина како да талкаме; и да не е пред нас скапоцениот лик на Христоса, ние би пропаднале и сосем би заскитале како човечкиот род пред потопот. На земјава има многу нешта што ни се скриени, но во замена за тоа, подарено ни е тајното скри-

ено чувствување на нашата жива врска со другиот свет, со горниот и вишиот свет; никулците на нашите мисли и чувства не се овде, туку во другите светови. И, ете, зошто филозофите велат дека суштината на работите не може да се спознае на земјава. Господ зел сѐме од другите светови, и го посеал на оваа земја, и ја обработил својата градина, па изникнало сѐ што можело да изникне, а тоа што пораснало живее и е живо само со чувствувањето на својот допир со таинствените светови; ако тоа чувствување во тебе слабее и исчезнува, тогаш умира и она што израснало во тебе. Тогаш спрема животот ќе станеш рамнодушен, па дури и ќе го замразиш. Јас така мислам.

ж) Дали човек може да биде судија на сличните на себеси? — за верата докрај

Особено имај на ум, дека никому не можеш да му бидеш судија. Зашто на земјава никој не може да му биде судија на злосторникот пред да сфати тој судија дека и тој е ист таков злосторник како оној што стои пред него, и дека имено тој е можеби најмногу виновен за злосторството на оној што стои пред него. Кога ќе го сфати тоа, тогаш тој ќе може да стане и судија. Колку и да изгледа безумно, тоа е вистинито. Зашто ако јас бидам праведен, можеби, ќе го нема ни злосторникот што стои пред мене. Зашто ако смогнеш да го примиш врз себе злосторството на оној што стои пред тебе и кого го суди твоето срце, прими го веднаш и страдај наместо него — а него пушти го без укор. Дури и самиот закон ако те постави за негов судија, ти, колку што ќе ти биде можно, и тогаш постапи во тој дух, зашто обвинетиот ќе си оди, и полошо ќе се осуди себеси, отколку што ќе го осуди твојот суд. Ако пак не го трогне твојот братски бакнеж, и си замине смеејќи ти се, нека не те соблазни ни тоа, значи, уште не дошол неговиот час, но ќе дојде во свое време; а ако не дојде, сеедно: ако не дојде тој, наместо него, друг ќе дојде до спознание, и ќе истрада, и ќе се осуди, и ќе се обвини себеси, и правдата ќе биде за-

доволена. Верувај му на овој, несомнено верувај му, зашто токму во тоа и лежи сета надеж и сето верување на светителите.

Дејствувај неуморно. Ако навечер, кога легнуваш да спиеш се сетиш: „Не завршив што требаше", тогаш стани и сврши ја работата. Ако околу тебе има злобни и нечувствителни луѓе, и не сакаат да те слушаат, тогаш клекни пред нив и замоли ги да ти простат, зашто навистина и ти си виновен за тоа, што не сакаат да те слушаат. А ако веќе не можеш да зборуваш со разлутените, тогаш служи им молчејќи и понизно, никогаш не губејќи надеж. А ако те остават сите, и ако те истераат со сила тогаш, штом ќе останеш сам, падни ничкум и бацувај ја земјата, натопи ја со твоите солзи, и земјата ќе даде плод од твоите солзи, иако не те видел и не те слушнал никој во осаменоста. Верувај докрај, дури и ако се случи сите на земјава да скршнат, а само ти да останеш верен: и тогаш принеси жртва и фали го бога само ти, ти што си останал. А ако се сретнете двајца такви — ете ти веќе цел свет, свет на жива љубов. Прегрнете се еден со друг, во милина, фалете го господа. Зашто макар само во вас двајца, но неговата вистина е исполнета.

Ако згрешиш самиот и смртно ти е жал поради твоите гревови, или поради некаков твој ненадеен грев, радувај се поради друг праведник, радувај се што кога веќе си згрешил ти, тој останал праведен и не згрешил.

Ако човечкото злосторство те збуни до негодување, и несовладлива жалост, така што да посакаш и да им се одмаздиш на злосторниците — од тоа чувство најмногу да се плашиш, веднаш оди и побарај за себе маки, така како да си ти виновен за тоа човечко злосторство. Прифати ги маките и истрпи ги, твоето срце ќе се смири, и ќе сфатиш дека и самиот си виновен, зашто си можел да им светиш на злосторниците како единствено безгрешен, а не си им светел. Да си светел, ти со твојата светлина и на другите би им го осветлил патот, така што оној што го извршил злосторството, можеби немало да го изврши при твојата светлина. Па дури и ако светиш, а гледаш дека луѓето не се спа-

суваат ни од твојата светлина, остани цврст и немој да се посомневаш во силата на небєската светлина; верувај, ако не се спасиле сега, ќе се спасат после. А ако не се спасат ни после, тогаш ќе се спасат нивните синови, зашто нема да умре твојата светлина, дури и ако умреш ти. Праведникот си оди, а неговата светлина останува. И, се спасуваат секогаш по смртта на оној што ги спасува. Човечкиот род не ги прима своите пророци и ги измачува, но луѓето ги сакаат своите маченици и ги почитуваат оние што ги ставиле на маки. Работиш за заедницата, работиш за иднината. Никогаш не барај награда, зашто и без тоа имаш голєма награда на земјава — твојата духовна радост, што ја чувствува само праведник. Не плаши се ни од познатите, ни од силните, туку биди премудар и секогаш благороден. Знај за мера, знај за време, научи се на тоа. А кога ќе останеш сам, моли се. Љуби да паѓаш наземи и да ја бацуваш земјата. Бацувај ја земјата неуморно, и незаситно сакај ја, сите сакај ги, секого, барај го тоа восхитување и занес. Натопи ја земјата со солзи на радост и сакај ги тие свои солзи. И не срами се од тој занес, цени го, зашто тоа е голем подарок од бога, кој не им се дава на мнозина, туку само на избраните.

з) За пеколот и пеколниот оган, мистичко размислување

Отци и учители, размислувам „Што е пеколот?“ Доаѓам до овој заклучок: „Страдање поради тоа што веќе не може да се сака“. Еднаш, во бесконечното битие, што не може да се измери ни со време ни со простор, на некое духовно суштество, кога се појавило на земјава, му била дадена способност да си каже себеси „Јас постојам и јас сакам“. Еднаш, само еднаш, му бил даден момент на дејствена и жива љубов, и поради тоа му бил даден земски живот, а со него време и рокови, и што се случило: срекното суштество го отфрлило тој непреценлив подарок, не го оценило, не

го засакало, го погледало подбивно, и останало рамнодушно. И кога таков си отишол од земјава, го видел крилото на Аврама и разговарал со Аврама, како што ни е кажано во приказната за богаташот и за Лазар, и го видел рајот и можел да оди кон господа и се измачувал, токму со тоа што до господа отишол без љубов, и дошол во допир со оние што го сакале, а тој не ја прифаќал нивната љубов. Тогаш видел јасно и самиот си рекол: „Сега имам знаење, но колку и да сакам силно, во мојата љубов, не може да има никаков подвиг, ниту некаква пожртвуваност, зашто земскиот живот е довршен, и нема да дојде Аврам барем со капка жива вода тоест повторно да ми го подари поранешниот, дејствениот земски живот да ми го олади сегашниот пламен на жедта за духовна љубов, што ја презрев на земјава: нема веќе живот, ниту ќе има веќе време! Исто сега би бил готов и животот да си го дадам за друг, сега веќе не е можно, зашто помина животот што можеше да ѝ се принесе како жртва на љубовта, и сега има бездна меѓу тој живот и ова битие“. Се зборува за материјален пеколен пламен; не ја испитувам оваа тајна, се плашам, но мислам дека и кога би постоел материјален пламен, навистина би можеле поради него да се радуваат, зашто, така мислам јас, во материјалното мачење, барем за момент би можеле да ја забораваат духовната мака, која е пострашна од него. А невозможно е да им се одземе духовната мака, зашто тоа мачење не е надворешно, туку внатрешно. А и кога би можело да им се одземе, мислам дека би станале уште понесреќни. Зашто, ако праведниците од рајот, гледајќи ги нивните маки, им простат и ги повикаат кај себе, во својата безгранична љубов, со тоа уште повеќе ќе ги зголемат нивните маки, бидејќи уште посилно би го разбудиле во нив пламенот за одговорна, дејствена и благородна љубов, која веќе е невозможна. Со страв во своето срце јас, меѓутоа, мислам, дека токму свеста за таа невозможност најпосле би им послужила како олеснување, зашто примајќи ја љубовта на праведните а не можејќи да вратат со љубов, тие во таа проклетост, и во дејството на таа смиреност, би нашле најпосле некаков

облик на онаа дејствена љубов што ја пренебрегнале на земјата, и некакво дејство слично на неа... Жалам, браќа и мои пријатели, што не умеам ова да го кажам јасно. Но тешко оние што самите се уништиле на земјава, тешко на самоубијците! Мислам дека никој не може да биде понесреќен од нив. Грев е, ќе ни се каже, за таквите да му се молиме на бога, и црквата нив навидум ги отфрла, но јас мислам, дека тајно во нашата душа би можело да му се помолиме на бога и за нив. Па Христос нема да се лути поради љубовта. За такви јас во себе се молев целиот живот, тоа ви го исповедувам, отци и учители, а и сега се молам, секој ден.

О, има такви што во пеколот отишле горди и свирепи, и покрај сето неоспорно знаење, и покрај тоа што ја гледаат непобитната вистина; има страшни, што сосем му се предале на сатаната и на неговиот горд дух. За нив пеколот е нешто доброволно и незаситно: тие се доброволни маченици. Зашто тие самите се проколнале, проколнувајќи го господа и животот... Тие се хранат, со својата злобна гордост, како кога гладниот во пустината ќе почне да си ја цица крвта од сопственото тело. Но, вечно незаситни, тие ја отфрлаат и прошката, го проколнуваат бога, што ги вика. Без омраза, не може да го гледаат живиот бог, и бараат да нема жив бог, бог да се уништи себеси, и своето постоење. Тие ќе горат вечно во огнот на својот гнев, копнејќи по смрт и небидие. Но, нема да добијат смрт...

Тука завршува ракописот на Алексеј Фјодорович Карамазов. Повторувам: ракописот не е цел и е фрагментарен. Биографските податоци, на пример, ја опфаќаат само првата младост на старецот. А од неговите поуки и мисли како некаква целост е составено она што очигледно го кажувал во разни времиња, и по разни поводи. А сето она што го зборувал старецот, токму во последните часови на животот не е приведено буквално, туку е даден само поим за духот и карактерот и на таа беседа, ако се спореди со она што е приведено во ракописот на Алексеј Фјодорович од поранешните поуки. А смртта на старецот дојде нависе

тина сосем неочекувано. Иако сите што беа собрани кај него во последната вечер, наполно сфатија дека неговата смрт е близу, сепак не беше можно да си замислат дека таа ќе настапи толку ненадејно; напротив, неговите пријатели, како што и напоменав погоре, гледајќи го ноќта речиси свеж и разговорлив, беа дури уверени дека неговото здравје е видно подобрено, иако само за кратко време. Пет минути пред смртта, како што кажуваа после со чудење, уште ништо не можело да се предвиди. Тој наеднаш почувствувал некаква многу силна болка во градите, побледил, и силно ја притиснал раката на срцето. Тогаш сите станале од своите места и се спуштиле кон него; а тој, иако му било многу тешко, сè уште гледајќи во нив со насмевка, полека се спуштил од фотељата на подот и клекнал, потоа се наведнал ничкум — со лицето кон земјата, ги раширил рацете и како во некаква радосна восхитеност, бакнувајќи ја земјата и молејќи се (како што проповедаше) тивко и радосно му ја предал душата на бога. Гласот за неговата смрт веднаш се разнесе по скитот и дојде до манастирот. Оние што беа најблиску до умрениот, и оние на кои тоа им беше должност според чинот, зедоа, по стариот обред, да го подготвуваат неговото тело, а сета братија се собра во соборната црква. Уште пред разденување, како што се раскажуваше после, веста за починатиот дојде и до градот. Пред зори, речиси целиот град зборуваше за тој настан и множество граѓани се упатија во манастирот. Но за тоа ќе зборуваме во идната книга; а сега само однапред ќе напомнеме дека не помина ни еден ден по ова, а се случи нешто толку неочекувано, и според впечатокот што го остави во средината на манастирот и во градот, толку чудно, вознемирувачко и збунувачко, што во нашиот град и до денеска, по толку години, се чува најжив спомен на тој за мнозина многу возбудлив ден.